**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**За издавачот**
д-р Зоран Тодоровски

**Рецензенти**
проф. д-р Виолета Ачкоска
д-р Љубица Јанчевска

**Уредник**
Аполон Гилевски

**Корица**
Кочо Фиданоски

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# МАКЕДОНИЈА
## ВО АРХИВОТ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО
## (1943 - 1953)

**Избор, вовед и редакција**
д-р Новица Вељановски

**Скопје, 2012**

**СОДРЖИНА**

ВОВЕД........................................................................................ 7
СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ........................................... 53
ДОКУМЕНТИ.......................................................................65
РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА............................... 549
РЕГИСТАР НА ГЕИГРАФСКИ ПОИМИ…………….560

# ВОВЕД

Архивот на Јосип Броз - Тито или како што официјално се нарекува Архив на претседателот на Републиката од неодамна е отворен и ставен на користење на научната јавност. Со право научните работници го очекуваа тој момент зашто станува збор за човекот кој ја создаде неодамна распаднатата СФР Југославија и ја управуваше безмалку 40 години. Една од причините што тоа е направено дури од пред некоја година е, секако, и потребата од историската дистанца од неговата смрт (1980 година). Но не треба да се заборави дека и обработката на архивските материјали е бавна и макотрпна работа, која не може да се сработи наеднаш за да може непречено да му се стави на располагање на истражувачот.

Нашата научна љубопитност нè гонеше да оствариме увид во документите на овој Архив. Тоа ни овозможи да потврдиме, но и да измениме некои од нашите истражувачки резултати за НОД и повоениот период. Првичните наши истражувања остварени последниве 2 - 3 години не беа доволни за да можеме да оствариме целосен увид, но беа доволни да направиме избор на неколку најзначајни документи кои на македонската јавност сè уште не ѝ се познати.

Уште на почетокот ќе напоменеме дека станува збор за мошне значајни документи бидејќи тие, создавани во Кабинетот на претседателот на Југославија и не само низ таа функција, фрлаат светлина на многубројните проблеми што ја потресувале државата. Тука се мисли на многубројните проблеми во партијата, во меѓународните односи, во односите меѓу републиките и федерацијата, меѓу самите републики и покарини и редица други прашања. За македонската држава како нов балкански субјект тие се од посебно значење зашто станува збор за етаб-

лирање на првата држава на македонскиот народ во југословенската федерација или, да се изразиме фигуративно, за нејзиното „проодување“ и за преживувањето на нејзините детски болести.

Под наша опсервација се опфатени 69 документи од периодот 1943 - 1953 година и презентирани се по хронолошки ред. Всушност, тоа е најзначајниот период од историјата на Р Македонија по Втората светска војна, односно периодот на нејзиното конституирање и функционирање како нова држава на Балканот, а во рамките на југословенската федерација. Затоа ги избравме оние документи што ги потврдуваат напорите за конституирање на македонската држава и државност но и документи од кои може да се види отпорот во југословенскиот врв како и во соседните земји против создавањето на Македонија како посебна држава односно како нов балкански субјект. Во оваа смисла е и нашиот натамошен осврт на историските димензии и контроверзите на овие историски настани.

Учествувајќи во Втората светска војна на страната на антифашистичката коалиција, Југославија, односно и Македонија во нејзините рамки, од војната излегоа со мошне поволна меѓународна положба. Тоа, сепак, не значи дека Југославија лесно дојде до таквата позиција. И таа мина трнлив пат до своето меѓународно признавање. Условено од испреплетеноста на меѓународните интереси во Југославија и од настојувањето на големите сили да дојдат до поповолни позиции и влијанија во неа, консолидирањето на меѓународната положба на Југославија беше проследено со многу тешкотии и спротивставености.

Титова Југославија, всушност, почна да се создава уште во 1941 година, односно со распадот на кралската Југославија. Раководството на КПЈ во таа кризна година се определи да не се растура Југославија, туку ослободителната војна да се води за создавање нова, како што се прокламираше, „поправедна” Југославија. Со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ од 29 ноември 1943 година, се поставија основите на нова Југославија.

Но, конституирањето на новата југословенска држава во војната не значеше и конечна победа врз фашизмот. Тоа не значеше и цврста гаранција за нејзино опстојување. Прогласу-

вањето на нова Југославија на Второто заседание на АВНОЈ, колку што имаше вистински конститутивен карактер, имаше и големо психолошко значење за стекнување престиж во меѓународните односи, како и внатрешнополитички ефект за нејзиното опстојување. Затоа, на Второто заседание на АВНОЈ, беа преземени сериозни чекори за натамошниот развој на ослободителната војна и за создавање услови за конечна победа над окупаторот, односно победа врз фашизмот што беше надвиснат над Европа.

Кога е во прашање Македонија треба да се има предвид и Прворо заседание на АВНОЈ, за кое исто така има доста контроверзи. За време на одржувањето на ова заседание 26 и 27 ноември 1942 г. во Бихаќ кога се прогласени неговите основни документи (Резолуцијата за создавање на АВНОЈ, Резолуцијата за организацијата на АВНОЈ и Прогласот до југословенските народи) НОБ во Македонија се одвиваше со големи тешкотии. Тоа беше една од причините што на него не присуствуваше делегација од Македонија, но веројатно треба да се побараат и други. Но, сметаме дека не постоеја политички причини во смисла на тоа дека на Македонија не е сметано како на конститутивен елемент на федерацијата. Во досегашните историски истражувања е утврдено дека поради потребата од брзото свикување на АВНОЈ поканите за седницата не се праќани по некој однапред утврден ред, или пак според некој претходно подготвен список на оние што треба да бидат поканети. Поканите Тито лично им ги пратил на одделни лица што се нашле во реонот на Бихаќ, за кои тој сметал дека можат да присуствуваат. Сè уште не постоел некаков „национален клуч“, па затоа на седницата се нашле луѓе со различна национална припадност и без усогласеност на националниот состав. Бројот на повиканите бил во очигледна несразмерност со бројот на населението на идните републики. Биле изоставени цели региони како на пример Словенија, Македонија, Космет, Војводина. Сметаме дека Титовата преокупираност по секоја цена да се основа АВНОЈ, била главната причина за конфузијата околу свикувањето на АВНОЈ, а не постоењето на некаков Титов став Македонија да не биде конститутивен елемент на Југословенската федерација.

Некои од неговото опкружување, веројатно имале такви идеи, но тие идеи не биле јавно пласирани.

Кај Тито постоеле дилеми за изгледот на федерацијата, но сепак инсистирал одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ да биде што побргу. За тоа постоеле повеќе причини. Меѓу другото Второто заседание било исфорсирано поради односот на кралската влада на Кралството Југославија во Лондон и на кралот, кои не сакале да ги признаат придобивките на НОБ во Југославија. Тие во јуни 1943 објавиле декларација со која го признале само постоењето на трите нации, т.е. Србите, Хрватите и Словенците. Таму Македонија е третирана како составен дел на Србија, а Македонците како Срби. Иако признатите нации на Второто заседание на АВНОЈ му изјавуваа верност на „југословенското национално единство", сите тие истакнуваа некои свои посебни барања. Од страна на Србите беше барано обединување на сите Срби вклучувајќи го и делот на Вардарска бановина, односно Македонија. Претставниците на Хрватска бараа формирање на посебна држава Хрватска во границите од 1939 година утврдени како бановински граници. Тито брзаше со цел овие одделни барања да не ја нарушат неговата основна идеја за формирање федеративна држава и покрај тоа што се бараше таа повторно да се конституира како унитарна држава со трите признати нации. Со намера да ги осуети плановите на владата во бегство и на кралот на Тито му се брзаше да се одржи Второто заседание на АВНОЈ поради избор на Националниот комитет за ослободување на Југославија како нова југославенска влада или како што сам пишуваше „поради донесување значајни одлуки".

Тито образложил дека иницијативата дадена на почетокот на ноември 1943 година за свикување на Второто заседание на АВНОЈ и за основање на НКОЈ како прва влада на нова Југославија, била меѓународно предусловена. Тој наложил со телеграма таа иницијатива да им се упати на Србија, Црна Гора, Санџак, Војводина, Хрватска, Словенија и Македонија. Останува нејасно зошто во таа иницијатива ја нема Босна и Херцеговина, која на Второто заседание сепак стана федерална единица на нова Југославија. Исто така Косово и Метохија во првобит-

ните размислувања воопшто не се споменува, но подоцна беше утврдена најпрво како авономна област а подоцна и покраина во составот на Србија. Тоа потврдува дека Тито на почетокот немал сосема јасна концепција кои федерални единици треба да ја сочинуваат федеративна Југославија, кои треба да се прогласат за автономни области односно покраини во составот на тие федерални единици, така што допуштил тоа прашање да се решава попатно и во зависност од влијанието на одделни негови соработници од некои региони на тогашна Југославија.

Факт е дека спомнатата иницијатива, поради досега непознати причини, не била примена во Македонија, односно во Главниот штаб на НОВ и ПОМ или во ЦК на КПМ, кој веќе бил формиран во март 1943 г. Поради тоа во Македонија неретко се поставуваше прашањето дали таа иницијатива воопшто ѝ била пратена на Македонија. Во македонската историографија недобивањето на таквата Титова иницијатива е толкувано на разни начини, па до тоа дека намерно од страна на Тито не е допуштено иницијативата да ѝ се прати на Македонија со цел таа да се изостави како конститутивен елемент на југословенската федерација. Се разбира дека тоа било неприфатливо. Но, дали со непраќањето на иницијативата на терен во Македонија е направен намерен или ненамерен прекин на врската, сè уште треба да се истражува. Во оваа смисла не е разјаснето и прашањето зошто Тито одбил кон крајот на 1943 година, односно по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944 г.), да прифати во НКОЈ некој претставник од Македонија. Нему за член на НКОЈ од Македонија од страна на Светозар Вукмановиќ - Темпо, инаку Титов делегат во Македонија и човек од негова доверба, во 1943 г. му бил предлаган Методија Андонов - Ченто, кој подоцна бил избран за претседател на АСНОМ. Тој факт донекаде е толкуван како Титова опструкција кон македонскиот кадар наводно поради незабележително учество на Македонија во НОД. Се шпекулирало и со тоа дека немал добра комуникација со Ченто уште од приемот на македонската делегација на Вис во јуни 1944 и наводно Чентовиот „тврд“ став за решавање на македонското национално прашање, односно прашањето на обединувањето на македонскиот народ со

деловите во Грција и во Бугарија (Егејска и Пиринска Македонија).

Со оглед на сите околности околу свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ, тешко е да се утврди кога почнало праќањето на соопштенијата за неговото одржување. Како што веќе е спомнато, иницијативата на Тито датира од 5 ноември 1943 година. Досега не е пронајден документ од којшто би можело да се види дали македонската делегација е поканета или не е. Постои можност таа и да не е повикана или пак да е повикана, но да не ја добила поканата. Така се можни претпоставки, макар што постојат и такви дека некои од раководните луѓе, делегатот или други, ја задржале и не ја доставиле до оние што би требало да ја достават до македонската делегација. Бидејќи тоа се само претпоставки, засега сè уште е најточно да се констатира дека недостатокот од покана до Македонците не можел да се случи од политички причини од страна на Тито, или поточно, тоа не било сторено намерно со цел Македонија да не биде конститутивен елемент на југословенската федерација. Постоечката документација укажува на тоа дека Тито сериозно сметал на Македонија како членка на Југословенската федерација, иако некои кругови во самиот југословенски врв не биле расположени за таквата идеја. Треба да се има предвид дека и делегацијата на Србија не отпатувала на заседанието туку таа била претставена од страна на одделни лица од ослободителната војска. Во нив случајно се нашле двајца претставници од Војводина, а Космет исто така не бил застапен.

На двегодишнината од Второто заседание на АВНОЈ, со што се симболизираше и неговото значење, односно на 29 ноември 1945 година, се состана Уставотворното собрание на Југославија. Истата ја прогласи Федеративна Народна Република Југославија, за што донесе и посебна декларација. На тој начин монархијата и, конечно, поранешниот систем на државното уредување, беа укинати. Кралот и кралската династија по подолго време беа лишени од наследните права што дотогаш им припаѓаа. Формално, Југославија беше прогласена за „сојузна држава од републикански вид и заедница на рамноправни народи, кои слободно ја изразија својата волја да живеат слободно и

рамноправно и да останат обединети во Југославија". За да се прикаже и некаква „западна" демократија, оставка на функцијата претседател на Привремената влада на ДФЈ, следниот ден, поднесе нејзиниот претседател Јосип Броз - Тито. Се разбира ниту тој, ниту пак кој и да било очекуваше таа да биде прифатена. Привремената влада продолжи да функционира сега како Влада на ФНРЈ. Конечно беше напуштено двојството во власта кога во бегалство постоеше поранешната југословенска влада, а со државата де факто управуваше владата на Јосип Броз - Тито. Всушност, прекин на континуитетот во органите на власта не е направен, зашто по две години на АВНОЈ-ска Југославија продолжи да функционира ДФ Југославија. Продолжи битката за своевидно менување на сопственичките односи и етаблирањето на Комунистичката партија како водечка идејна и раководна сила, со што не се согласија претставниците на кралската влада како на пример Милан Грол, кој имаше забелешки во однос на македонското прашање.

Иако тоа формално беше така, сепак во меѓународните односи беше тешко да се прифатат промените што настануваа во Југославија. Тоа и нејзе ѝ создаваше одредени тешкотии во меѓународната комуникација со соседните и со други земји. Имено, прашањето за меѓународното признавање на АВНОЈ и на Националниот комитет за ослободување на Југославија беше присутно веднаш по одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ во 1943 година. За ова прашање беше расправано на највисоките органи уште на 3 декември 1943 година, набрзо по Второто заседание на АВНОЈ. Југословенското раководство или поточно раководството на ослободителната антифашистичка војна во Југославија, беше свесно дека сè уште е рано да се мисли на меѓународно признавање. Тоа го посакуваа, но беше тешко остварливо. Во јавното мислење на САД и Велика Британија имаше извесно расположение за да се признаат југословенските промени бидејќи веќе беше јасно дека таа се бори против фашизмот, но овие земји одржуваа дипломатски односи со бегалската влада на крал Петар II, а потајно се надеваа дека сепак нема да дојде до промени во системот на државното уредување, односно до „советизација" на Југославија.

Но и Тито, свесен за улогата на големите сили, особено на западните, ја прифати „играта" што тие му ја наметнаа со претседателот на кралската влада д-р Иван Шубашиќ. Така дојде до потпишувањето спогодба меѓу Тито и Шубашиќ, со која кралската влада се согласи да прифати некои придобивки од НОВ на Југославија, да се продолжи борбата против фашизмот, со услов во новата влада да се најдат и некои луѓе од поранешниот состав, коишто не беа компромитирани во текот на дотогашната борба. Спогодбата не ги реши дилемите и не го отстрани присутниот дуализам на двете влади, односно на НКОЈ и кралската влада. Притоа и недовербата беше очигледна. НКОЈ беше признат како легитимен претставник, а бегалската влада продолжи да функционира. Од друга страна и во ослободителното движење, поради недоволна информираност или поради други причини, тешко се прифаќаше соработката со бегалската влада. Постоеше збунетост и поради необјавувањето на Спогодбата Тито - Шубашиќ. Бидејќи нејзиното реализирање одеше тешко, таа беше допрецизирана, некои работи беа доразјаснети, а потоа беше потпишана нова спогодба. Беше договорено да постои Кралско намесништво, а во составот на новата влада да влезат членови на НКОЈ и членови на владата на Шубашиќ, што подоцна и се случи.

Врз база на решенијата од Второто заседание на АВНОЈ за конституирање на Југославија врз федеративни принципи, сите највисоки земски собранија на федералните единици требаше да донесат решенија за конституирање на нивната државност. Истовремено тие се конституираа како највисоки органи на власта. Но, има некои специфичности во оформувањето на овие органи на власта. Особено, треба да се укаже на историското значење на македонското антифашистичко собрание. Имено, за разлика од Словенија, каде што словенечкиот НОО се претвори во словенечко народно собрание, како и на Србија, каде што Главниот НОО на Србија се претвори во Антифашистичко собрание на Србија, во Македонија претходно не постоеше таков орган. Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), чии делегати се избираа во текот на борбата, на 2 август 1944 година во Прохор Пчињски,

со донесените документи го прогласи создавањето на македонската држава. Истовремено АСНОМ се прогласи за највисоко законодавно и извршно народно претставничко тело на Македонија. Според тоа, АСНОМ имаше многу поголемо значење за Македонија и македонската државност отколу што тоа беа заседанијата на другите републики, кои и пред тоа имаа сопствена државност, независно во каква форма и со каков систем на државно уредување.

Првото заседание на АСНОМ, како чин на конституирање нова држава на Балканот, имаше одглас и предизвика разновидни реакции, главно позитивни и кај другите балкански земји но и кај големите сили. Тој беше оценуван како праведен чин во борбата на еден народ да создаде сопствена држава, да го користи своето право на самоопределување.

Својот континуитет на законодавна и извршна дејност АСНОМ го продолжи и со одржувањето на следните две седници, односно Второто и Третото заседание. Особено значајно беше Второто заседание на кое присуствуваа претставници од сите три дела од Македонија и од Бугарија, кои го поздравија одржувањето на АСНОМ и создавањето на македонската држава.

Сепак, треба да се нагласи дека не само во Бугарија туку и некои кругови од југословенската федерација не беа задоволни со новите процеси во Македонија, па нив ги оценуваа како „автономистички“ струења насочени, наводно кон „отцепување“ од југословенската федерација и евентуално приклучување кон Бугарија. Беше искажан непотребен страв од евентуално присоединување кон НР Бугарија, што немаше никаква основа. Ова особено се однесуваше на претседателот на АСНОМ Методија Антонов - Ченто, кој никогаш не искажал такви настојувања за кои беше обвинуван.

По Второто заседание на АСНОМ, во Президиумот на АСНОМ, без правна основа, по барање на федерацијата, беше формиран посебен орган наречен Работно тело при Президиумот на АСНОМ, кој со својот состав и со ингеренциите што ги презеде врз себе, ја стесни улогата на Президиумот на АСНОМ како законодавен и извршен орган на македонската држава. Всушност, формирањето на Работното тело, речиси по налог

на федерацијата, без да има некое посебно расположение а и потреба за тоа, значеше отстапување од изворните решенија на АСНОМ, кои на македонската држава ѝ овозможуваа извесно самостојно настапување во меѓународните односи и организирање на сопствена одбрана. Набргу следуваа промени со централизирањето на армијата и стапувањето на македонската војска во неа, со што се изврши натамошно ограничување на македонскиот државен субјективитет.

На Третото заседание на АСНОМ, тоа се трансформира во Народно собрание. Неговото одржување, главно беше наложено од потребата да се донесат одлуки за усогласување на органите на државната власт во Македонија со оние во југословенската федерација. Ова заседание во својата работа беше карактеристично и по нешто друго. На него беше избрана првата Влада на НРМ, а АСНОМ се трансформира во Народно собрание на Македонија. Сепак, тие, во основа, беа формални усогласувања. Битно е што се пристапи кон нов курс, а тоа беше насочување на Македонија како и на другите членки на југословенската федерација, кон административно-централистичко управување во федерацијата, што значеше одлучување од еден центар. Тоа извираше речиси од секој збор од рефератот што на ова заседание го поднесе Лазар Колишевски, претседател на Работното тело и кандидат за претседател на првата македонска влада. На остра критика беа изложени наводните „сепаратистички" тенденции и појави како и принципиелното „спротивставување" на ригидното федеративно уредување во Југославија. На остра критика беа изложени и оние струи, кои наводно, се спротивставуваа на политиката за поголема помош на Македонија од југословенската заедница за ослободување на другите делови, а во услови кога и самата не беше доослободена. Ова особено се однесува на нејзините западни делови, каде што непречено се движеа разни проалбански и профашистички банди поддржувани од некои големоалбански сепаратисти.

Погледот во Титовиот архив укажува на живата заинтересираност на југословенскиот политички врв за она што се случувало во соседните земји. Особено под силна опсервација била Албанија поради албанското национално малцинство во

Србија и во Македонија и Бугарија поради македонското национално малцинство во неа. Исто како и во Југославија, завршувањето на Втората светска војна било проследено со одредени тешкотии и за Албанија. Тие биле од внатрешен, но и од меѓународен карактер.

Проблемот, пред сè, бил во тоа што за време на војната во Албанија се развило антифашистичко ослободително движење, чии резултати биле насочени кон ослободување и создавање нов тип на држава со комунистичко уредување. Од друга страна за време на војната Албанија како држава соработувала со фашистичките сили, па имало и илузии дека албанскиот народ ги остварил своите националноослободителни цели со Втората светска војна. Југославија, со цел да ја задржи под контрола и самата Албанија, вложувала напори и средства да ѝ помогне на Албанија, пред сè, гледајќи во неа соседна комунистичка држава под своја контрола. Сепак, добрите или пријателските односи како што вообичано се нарекувале во двете земји, не траеле долго. За кратко време се претвориле во непријателски односи, кои останале такви сè до падот на комунистичкиот режим во Албанија, а и потоа. За Албанија долго време бил присутен проблемот за меѓународното признавање на Албанија, па во таа смисла не е за потценување и помошта што ѝ била дадена од ФНР Југославија. Албанското народноослободително движење го раководела КП на Албанија основана 1941 година, со помош на кадар од Југославија, но тоа не било добро примено од западните сојузници поради нивната позната аверзија кон комунистичкото уредување. Биле направени обиди да се вратат некои албански националисти, кои би го промениле текот на настаните, па била формирана и организацијата Бали комбтар. Затоа Комунистичката партија на Албанија паднала под закрилата на КПЈ. Оттука и совпаѓањето на некои настани во Југославија во однос на конституирањето на новата власт во Албанија, забраната да се врати албанскиот крал Ахмет Зогу, или судирот со балистите биле неопходни поради самиот факт што и таму комунистите се бореле да ја освојат власта.

Проблемите со признавањето на Албанија во извесна смисла оправдано се поврзувале со Југославија, која била сме-

тана за најголемиот експонент на интересите на Советскиот Сојуз на Балканот. Но, факт е дека поради овие или оние причини на Албанија ѝ се нанесувала неправда со нејзиното непризнавање. На Потсдамската конференција Албанија не била предмет на одделно разгледување. Тоа имало тендециозен карактер со цел, ако е можно, со таков притисок да се предизвикаат евентуални промени во неа. Најпосле, СССР прв еднострано ја признал Албанија без да поставува некакви посебни услови. Дури потоа следувало признавање од страна најголемите сојузници во Втората светска војна - САД и Велика Британија.

Точно е тоа дека секретарот на ЦК на КПА Енвер Хоџа не го воодушевувала позицијата на Југославија спрема Албанија. Се плашел од поагресивната експанзија на Југославија во Албанија и од постепеното губење на нејзината независност. Меѓутоа, меѓународната положба на Албанија и особено во пресрет на Париската мировна конференција во 1946 година, му налагала да се потпре на СССР и на Југославија. Правел обиди да покаже и некаков цврст став за независноста на Албанија, а за пример на другите кои создавале фракција во односите го исклучил од партијата Мехмед Шеху, началник на Генералштабот на албанската армија. Сепак, поради блискоста на односите се создавало антијугословенско расположение и се чекал поволен момент за раскинување на тие односи со неа. Тоа се случило во 1948 година кога била објавена Резолуцијата на Информбирото. На 1 јули 1948 година, Владата на НР Албанија на Владата на ФНР Југославија ѝ пратила вербална нота со која ги откажала сите договори, конвенции и протоколи, меѓу кои и договорот за пријателство од 8 јули 1946 година. Образложението било дека Југославија не ги исполнува потпишаните документи и дека имала хегемонистички антиалбански тенденции.

Карактеристично е тоа што во Албанија сосема малку се афирмирала државноста на македонскиот народ и постои видлива свртеност кон албанско-југословенските односи и особено кон прашањето на Косово и западниот дел на Македонија. Кога било во прашање Косово, албанската опозиција и особено националистичко-профашистичките кругови често се конфрон-

тирале со Владата за тоа каква треба да биде иднината на Косово и териториите на Македонија на кои живееле Албанци. Енвер Хоџа, преку официјалниот орган „Башкими” полемизирал со опозицијата изнесувајќи ги своите видувања во него. Сметал дека оваа парола ја прокламирале италијанските фашисти со цел да го излажат албанскиот народ да остане под нивна власт и да внесат раздор кај него.

Споменатото тогаш било официјален став на КП на Албанија и на Владата на Албанија. Меѓутоа, по појавата на Резолуцијата на ИБ, Албанија била првата или една од првите што ги прекинале односите со Југославија, а битно се изменил и однност спрема Македонија и Косово. Албанија влезе во блокот на „народната демократија” предводена од СССР. Од страна на Албанија, не само Југославија туку и Македонија била посочена како „виновник” за лошите југословенско-албански односи. Албанското раководство одговорило на обвинувањата од ЦК на КПМ од 1 јули 1948 година дека не ги поттикнува „албанските шовинистички елементи во Космет и во Македонија против ФНР Југославија”, туку тоа го смета за неаргументирано.

Обвинувања доаѓале и од југословенската и од македонската страна, па односите биле толку заладени што не можело да се говори за меѓународни односи. Факт е дека потпирајќи се на СССР и Сталин и Енвер Хоџа се надевал дека ќе ја добие потребната помош за остварување на идеалот „да создаде обединета албанска земја со социјалистички систем”. Овој идеал го подвлекувал сѐ до неговата смрт. За време на своето владеење ја довел Албанија во тотална меѓународна изолација.

Несомнено албанското население во Југославија, односно на Косово, Македонија и во Црна Гора, било причината поради која Албанија била обвинувана за „патерналистички однос”, а обратно Југославија за суспензија на правата на Албанците во неа. Албанското малцинство во Југославија за првпат своето незадоволство го искажало во демонстрациите на Косово во 1945 година, кога била воведена и воена управа. Поларизацијата била присутна и незадоволството на Албанците се демонстрирало уште неколкупати во следните години.

Југословенскиот врв и особено дипоматските служби внимателно ја следеле состојбата и во Бугарија. Со воспоставувањето на власта на Отечествениот фронт, во Бугарија се преземени низа активности за нејзино организирање и програмско насочување. Во таа смисла, претседателот на Министерскиот совет Кимон Георгиев, ја изложи програмата на Владата, што истовремено значеше програма на Отечествениот фронт. Во неа беа поставени мошне широки програмски определби за натамошниот развој на Бугарија. Се заговараа значајни уставни промени во насока на проширувањето на правата и слободите на граѓаните, распуштање на XXV народно собрание кое функционираше за време на царска Бугарија, изведување слободни избори, промена на сопственичките односи и слично. Особено се инсистираше на одземање на имотот по пат на конфискација на имотот на „народните непријатели" и други мерки што во основа значеа поместување на државно-политичкиот систем на Бугарија од дотогашниот систем на капиталистичко-сопственички кон државно-сопственички односи. Се разбира, програмската платформа на Владата на ОФ Бугарија содржеше низа согледувања за стопанската политика, социјалната сфера, просветно-културната преобразба на земјата и слично. Нормално, како што на времето пишувал Воин Божинов, „особено важна и тешка задача за извршување беше да се организира управувањето на државата", што „претпоставуваше да се урне старата буржоаска државна машина, којашто не беше целосно разбиена на 9 септември, и да се замени со нова". За остварување на таа „особено важна" задача БКП требаше да биде „'рбетниот столб".

Во овој период централно прашање, сепак, не беше она што е спомнато, затоа што за внатрешнополитичките односи прилично брзо и прилично успешно се организира со државно-политичката, па и полициската структура, која успешно ги контролираше сите внатрешни текови. Секако, најзначајно прашање беше подобрувањето на рамнотежата на надворешно-политичката позиција на Бугарија. За таа цел, Министерскиот совет определи четири најзначајни пунктови за дејствување на планот на надворешната политика. Подобрувањето на надво-

решнополитичките позиции на Бугарија ѝ наложи раскинување со прогерманската ориентација што ја водеше царот Борис III и неговите следбеници уште пред почетокот на Втората светска војна. Таа мораше да се ориентира кон соработка со Советскиот Сојуз, што во официјалните документи го прокламира како „срдечно пријателство". Со западните земји и посебно со САД, Бугарија се ориентира на „пријателски" односи, а не случајно прокламира „најтесни пријателски врски" со Југославија. Имено, Југославија како антифашистичка земја уживаше голем углед во светот и Бугарија очекуваше преку подобрувањето и подигнувањето на односите на ниво на „пријателски" земји, дека ќе може поуспешно да отфрли дел од својот негативен "багаж" натоварен со нејзиното учество на страната на фашистичката оска во текот на Втората светска војна. Тоа беше основната причина што се декларира како земја, која се залага за конечно решавање на македонското прашање со давањето право на „македонското население", како што го нарекуваше македонскиот народ, на самоопределување. Подоцна ќе стане многу појасно што сѐ се подразбираше под тоа „самоопределување", кое ќе стане камен на сопнување во југословенско-бугарските односи.

Сепак, самото организирање на Отечествениот фронт, со вклучувањето на повеќе политички партии, имаше извесно значење бидејќи се добиваше првичен впечаток за востановување на политичка демократија. Од друга страна вклучувањето на политичките партии, односно на БЗНС, БРСДП и „Звено" во ОФ, покрај БРП (к), како што со право тврди д-р Љубомир Огњанов, „во голема мера ги ограничи нивните автономни политички иницијативи и ќе доведе до постепено наметнување на хегемонијата на Комунистичката партија во формираната политичка коалиција", а не само во самата коалиција, туку и пошироко. Оваа партија, се разбира со видливата помош од СССР и неговото партиско раководство нагло се намножи. Тоа ја јакнеше позицијата на комунистите, а од друга страна придонесуваше да се поддржува курсот на некритичкиот растеж, па често во нејзините редови се влегуваше поради остварување на опортунистички цели, без да се има јасна идеолошка определба за

неа. Зголемувањето на бројот на нејзините членови го овозможуваше и организираната пропагандна работа на формираното Политбиро на Партијата во текот на септември 1944 година. Преку своите оддели, особено преку агитациско-пропагандниот, Политбирото ја дозираше работата на државната власт, се наложуваше во работата на партиите што го сочинуваа ОФ, а не беа поштедени од контрола и месните комитети во внатрешноста на земјата. Спротивно на декларираните принципи за целосно остварување на програмата на ОФ, користејќи ги околностите што ѝ одеа на рака по 9 септември 1944 г., сè повеќе се чувствуваше како „повикана" да биде и над другите политички партии и државните органи. Постепено, со намера да се пресмета со „ненародните" елементи заостанати од претходниот режим, таа гледаше антикомунистичко расположение и во редовите на коалиционите партнери вклучени во Отечествениот фронт. Затоа и не беше случајно настојувањето на БРП (к) да се донесе Декларацијата од 10 јануари 1945 година, која наводно, имаше за цел да ја прикаже состојбата во земјата и да укаже на наредните задачи. Од самата формулација во неа дека „ОФ не е привремена политичка комбинација", произлегува дека во редовите на таа комбинација нешто не беше во ред. Навистина, беше поставена примамлива задача- „ликвидирање на тешкото наследство оставено од минатите фашистички режими и изградба на нова, слободна, демократска и силна Бугарија", но за нејзината реализација имаше голема резервираност, независно од тоа што сите четири ОФ партии се обврзаа „да го посветат целото внимание и да ги вложат сите сили за извршување на таа задача". Во таа насока беше извршеното проширување на раководното тело на ОФ, во кое влегоа 16 члена, односно по четири од секоја коалициона партија. На паритетна основа беше организиран и Секретаријатот на НК на Отечествениот фронт што имаше за цел да ја покаже „рамноправноста" на политичките партии вклучени во него.

Меѓународната положба на Бугарија во периодот на трансформирањето на власта ѝ налагаше и некои отстапки, односно примена на импровизирани решенија. Целта беше пред меѓународната јавност, а особено пред западните сојузици, да се при-

каже и некаков партиски „плурализам", односно подготвеност за компромис во составот на органите на државната власт. Иако на комунистичкиот идеолог Георги Димитров му беше совршено јасно што треба да се направи за јакнење на позициите на БРП (к) во едно од своите први обраќања до ЦК на БРП (к), по 9 септември 1944 година, меѓу другото, нагласи: „Не смееме да се сомневаме во тоа дека најважниот услов кај нас (се мисли на Бугарија - б. а.) е засилувањето на самиот Отечествен фронт како единствен, моќен општествено-политички фактор во нашата земја, како борбен сојуз на вистинските национални, народно-демократски, политички и општествени сили..." Таквите заложби очигледно беа неспојливи со настојувањето да се зачува Регентскиот совет, неспојливи со распуштањето на XXV народно собрание и нераспишувањето избори за ново собрание, како и со поставувањето раководни лица во полициската структура, главно од редовите на БРП (к). Кога кон ова ќе се додаде и податокот дека во Бугарија беше објавен прогон на сите лица кои за време на претходната царска Бугарија заземале високи функции во државната власт, како непосредна опасност од „враќање на фашизмот", беше видливо дека е присутна конфузија, која водеше кон јакнење на нов, сега комунистички терор.

Мешањето на Партијата беше присутно и во работата на судовите по делата што се водеа против „народните непријатели", односно што ги пресудуваше „народниот суд". Во сето тоа имаше доза на политичка пресметка со намера да се уништи секаква идна опозиција и да се обезбеди еднопартиско владеење. БРП (к) беше главниот организатор и носител на активностите во спроведувањето на армиските чистки, а на раководните места во армијата се поставуваа нејзините членови и активисти, поранешни политички емигранти во Советскиот Сојуз и слично.

Дел од стратегијата на Министерскиот совет за надминување на меѓународната изолација, а делумно и поради практични причини, беше донесувањето на Уредбата (Постановление бр. IV) што на предлог од министерот на војската генералот Дамјан Велчев, го усвои Советот. Според него требаше да бидат ослободени од судско гонење воените лица кои изразија желба да се вклучат во борбата против фашистичка Германија. Меѓу-

тоа, на ваквата уредба се спротивстави ЦК на БРП (к), со образложение дека тоа им противречи на програмата на Отечествениот фронт и на новата меѓународна положба. Подоцна, барем според она што се случуваше во Македонија за време на завршните операции за нејзиното ослободување, се покажа дека таа беше во право, бидејќи тие воени кадри тешко се приспособуваа на новонастанатата ситуација и пресвртот што се случи на фронтот. Според некои автори, бојкотирањето и барањето да се измени уредбата имаше за цел да се покаже силата на комунистите, да им се нанесе удар на антикомунистичките струи, што би значело и постепено пристапување кон неминовното расцепување на Отечественот фронт. Под притисокот на БРП (к), Министерскиот совет уредбата ја прогласува за непостоечка, па комунистите излегуваат како победници пред бугарската јавност. Овој спор, всушност, значеше подобрување на политичките позиции што се јавуваа во повремените спорови, особено во однос на клучните позиции на армијата.

Како што претходната власт на Царството Бугарија за зачувувањето на царскиот режим го донесе злогласниот Закон за заштита на државата, така и новата "народнодемократска" власт не остана подолу донесувајќи го Наредба-законот за заштита на народната власт. Мотивот на истиот, формално, беше борба против фашистичката идеологија, но во основа беше заштита на државно-политичкиот режим, зашто во периодот кога овој Наредба-закон беше гласан, деновите на фашизмот речиси беа изброени. Поинаку не можат да се правдаат исклучително строгите санкции, од строг доживотен затвор па до казната смрт за одредени не многу битни престапи.

Речиси нормално беше да се очекува јакнењето на позициите на БРП (к) во редовите на Отечественит фронт да предизвика внатрешнополитички реакции и превирања во другите политички партии (БСНС, „Звено", и БРСДП). За разлика од нив, БРП (к) уште повеќе се консолидира. На крајот од февруари 1945 година, таа го одржа својот проширен пленум, кога донесе нов статут на Партијата избра нов Централен комитет, а неговиот политички односно прв секретар Трајчо Костов истапи со нови тези за јакнење на Отечествениот фронт на Бугари-

ја. Во таа функција беше одржан и Првиот конгрес на ОФ, на кој исто така беше избран нов Национален комитет. На паритетна основа во него влегоа по четворица претставници од сите негови членки иако беше очигледно дека растеше внатрешното ривалство меѓу нив. Тоа особено беше изразено во борбата на тесното раководство (Политбирото) на ЦК на БРП (к) против некои претставници на БЗНС (Никола Петков). Истиот на 12 јуни е ослободен од должноста политички секретар на БЗНС. До раскол доаѓа и во редовите на БРСДП. Националниот комитет на ОФ не беше во состојба тоа да го спречи, туку заедно со Министерскиот совет прифаќаат цврста ориентација кон изградување на тоталитарен политички систем како идна определба на бугарското општество. Тоа ќе доведе до натамошна криза во редовите на владејачките партии коалицирани во ОФ на Бугарија.

Одредени „пукнатини" во рамките на Отечествениот фронт беа присутни набргу по неговото формирање и првите политички акции што ги презеде во текот на 1944 и 1945 година. Засилувањето на политичката опозиција го предизвикаа непосредните подготовки за првите парламентарни избори по победата на комунизмот на 9 септември 1944 година. Требаше да се избира наредното (XXVI) Народно собрание на Бугарија. Уставот, односно Трновската конституција на Бугарија, не беше изменет, ниту пак суспендиран, но со одделните законодавни акти се пропишуваа поинакви правила. Таков беше случајот и со изборите, кои со неколку поинакви решенија од уставните, беа закажани за 26 август 1945 година. Незадоволни од изборната кампања, опозиционите групи се определуваат да излезат со посебна листа. Тие бараат одлагање на изборите и којат безуспешни планови за нивно добивање. Лидерот на БЗНС Никола Петков, пред да биде сменет, и уште некои претставници на опозиционите групи, бараа меѓународна контрола, па нивното писмо пратено до претседателот на Владата и регентите предизвика вистинска бура. Петков изрази сомнеж во регуларноста на изборите. Тој беше во право особено со тврдењето дека не се доволни само декларации туку „избирачите сами да бидат убедени дека изборите ќе бидат навистина слободни и дека нема да имаат никакви непријатности, ако го изјават своето

право на глас". Поради таквото несогласување во Министерскиот совет, беше приморан да си поднесе оставка. Околу овие први избори во Бугарија дојде до извесна конфронтација меѓу западните сојузници и СССР за начинот на нивната контрола, односно дали неа да ја има или не. Извесна криза настанува и во Владата, затоа што министрите, претставници на БЗНС и БРСДП најавија, а подоцна и ја реализираа оставката поради неодлагањето на изборите. По недоразбирањата, влијанието на некои надворешни фактори, како и согласноста на Сојузната контролна комисија, до одлагање на изборите всушност и дојде. Владата направи чекор што мораше да го направи.

Секако, некои партии, а особено БРП (к), не беа задоволни од одлагањето на изборите. Навистина, таа формално се согласуваше со создавањето опозициони партии кои би имале антифашистичка основа и се согласи да се состави заедничката отечественофронтовска листа. За ваквото решение беше согласен и НК на ОФ, односно раководството на другите ОФ партии. Поради таквата клима Министерскиот совет ги легализира опозиционите партии. Меѓутоа, иако формално се согласуваа со постоењето на опозициони партии, БРП (к) и НК на ОФ, со резерва гледаат на нив. Тие дури работеа на тоа да се создаде расколот во БЗНС. За тоа дека се засилуваше тотализирањето на политичкиот систем, освен во опозиционите редови, такво уверување беше присутно и во написите на странскиот печат. Тој сè почесто пишуваше за диктатурата на една партија, БРП (к), што всушност не беше далеку од вистината. Создавањето минимална опозиција не можеше да се смета за создавање реални претпоставки за воведување повеќепартиски систем во државата. Според некои автори, создавањето на опозицијата не е резултат на погледите на БРП (к) и на ОФ за демократски живот, туку тоа е направено под притисок на големите (западни) сили, а во согласност со потребите за подобрување на меѓународната положба на Бугарија.

Со измените и дополнувањата извршени во Наредба-законот за изборите на пратеници во Обичното народно собрание им се даде можност на сите регистрирани политички партии да истакнат свои кандидати, со што всушност беа повлечени некои

поранешни ограничувања. Изборите беа закажани за 18 ноември 1945 г., па од 14 септември до терминот за избори беше оставен простор за предизборна кампања.

Политичката предизборна борба, сепак, се водеше во нерамноправни услови, диктирани од подредената политичката положба на опозицијата. Отечествениот фронт и посебно БРП (к), претставуваше и се однесуваше надмено како "победничка" сила. Таа со разни притисоци успеваше да се наложи и предизборната кампања да ја води во своја полза. Во оваа смисла, не беше случајно непосредно пред изборите (4. XI. 1945 г.) и враќањето од емиграција на Георги Димитров, првиот човек на БРП (к). Со својот авторитет, внимателно подготвуваните политички говори и другите активности, тој придонесе да се зајакне позицијата на партијата со која раководеше. Во прилог на левите сили им одеше и објавувањето на Законот со кој беше прогласена воена состојба во Бугарија, а кој важеше од 18 септември 1944 година.

Меѓутоа, опозиционите лидери, проценувајќи ги своите позиции на претстојните избори, не можеа да сторат ништо друго освен да бараат повторно одлагање на изборите. Тие проценуваа и јавно изјавуваа дека, доколку истите бидат одржани на закажаниот датум (18. XI. 1945), ќе бидат нерегуларни. Во обраќањето до Претседателот на Министерскиот совет, тие изнесуваа редица неправилности, а нивната поента беше дека одлагањето на изборите треба да придонесе „да му се даде можност на бугарскиот народ во едни, навистина слободни избори, да ја изрази својата волја". Притоа, тие (Никола Петков, Коста Лулчев и проф. Петко Стојанов) мошне отворено и остро укажуваа и на историската одговорност на владејачките партии доколку изборите бидат одржани во закажаниот термин. Нормално, нивните барања имаа поддршка од западните земји, особено од САД, кои го условуваа воспоставувањето на дипломатски односи со Бугарија со регуларни и слободни избори. Но покрај сè, тие се одржаа на објавениот термин, бидејќи тоа беше во прилог на БРП (к).

Резултатите од изборите за народни пратеници реализирани на 18 ноември, во основа беа очекувани. Според нив, 88,14

отсто беа за претставниците на Отечествениот фронт. Опозицијата, како и западните земји (САД и В. Британија), не беа задоволни, додека за СССР тие беа законски и демократски. Речиси сите избрани 276 пратеници на XXVI ОНС на Бугарија беа припадници на ОФ. За претседател на ОНС беше избран Васил Коларов, инаку член на Политбирото БРП (к), додека за потпретседатели беа избрани Георги Трајков (БСНС) и Петар Попзлатев („Звено“). Охрабрена од изборните резултати, БРП (к) го засили притисокот врз опозицијата. Таа иронично ѝ понуди на истата, односно на “петковско-лулчевската опозиција”, како што ја нарекуваше во своите материјали, или да најде начин за враќање во ОФ или пак да остане “на позициите на странско орудие” во Бугарија што беше мошне тешко обвинување за неа. Тој притисок и обвинувања продолжија на IX проширен пленум на ЦК на БРП (к) од 12 декември 1945 г., кога се анализирани резултатите од изборите и е утврдувана политичката платформа за дејствувањето на БРП (к).

Иако мандатот на новоизбраното XXVI ОНС од нецела година беше релативно краток, Народното собрание донесе редица нови законодавни акти со кои изврши битни промени во општествено-економските, а посебно во сопственичките односи. Но не само тоа. Поради пратеничкиот состав, тоа сè почесто се јавуваше и како политички фактор, иако се јавуваат и одредени дисонантни изјави во однос на неговата политичка позиција. Предупредувањата на опозицијата за опасноста од нова диктатура, за кршењето на Уставот, за наметнувањето на диктат од една партија, не се земани под внимание бидејќи курсот кон еднопартиско дејствување беше јасно дефиниран и доста напреднат. Затоа и ќе уследат нови несогласувања меѓу СССР и САД во однос на вклучувањето во Владата на претставници од опозицијата. Таквите недоразбирања дури беа предмет на разговор меѓу министрите за надворешни работи на СССР, САД и Велика Британија (16 - 25. XII. 1945 г.), кога беше постигнат договор за вклучување на опозицијата во Владата, познат како Московско решение. Веројатно како резултат на надворешниот притисок и особено со поставените услови за признавање на новата бугарска влада, владата на Кимон Георгиев поднесе остав-

ка. Целта беше да му биде доверен нов мандат по извршените избори, а со намера во новата влада да се вклучат и претставници на опозицијата. Сепак, преговорите се одвиваат мошне тешко. Опозиционите лидери (Никола Петков и К. Лулчев), поставуваа, за тие услови, необјективни барања за нивното учество во Владата, а ОФ беше охрабрен од Сталиновото инсистирање веќе конечно да се прекинат „кокетирањата” со опозицијата во Бугарија.

Така и во новата влада на Отечествениот фронт, предводена од Кимон Георгиев, не беа вклучени претставници на опозицијата. Напротив, започна уште поголема хајка против нејзините лидери. Опозицијата од страна на ОФ, а посебно од БРП (к), беше сметана како „реакција” насочена кон уривање на државно-политичкиот систем во Бугарија. Сепак, новата влада во извесна смисла се почувствува како исплашена од опозиционите собири и дејствувањето на опозиционите лидери, па затоа, непосредно пред објавувањето на нејзиниот состав, Трајчо Костов се обиде да ги информира обласните комитети за оставката на Владата и потребата од „народно” спротивставување на опозицијата. Всушност се работеше на тоа да се даде „образложена” информација за „вистинската природа на недоразбирањата”.

Поради засилување на борбата против опозицијата, следуваа и неколкуте судски процеси што се одвиваа речиси целата 1946 година. Меѓу нив, се вбројува и оној против 22 претставници на ВМРО Михајловисти, кои наводно не биле судени поради тероризам туку поради настојувањето Пиринска Македонија да не се присоедини кон Вардарска Македонија. Меѓутоа, од образложението на обвинителниот акт и употребените квалификации во него, таквото нешто треба да се прими со резерва.

Промените што се извршија во државно-политичкиот систем на Бугарија со формирањето на Отечествениот фронт, во кој водечка улога имаше БРП (к), понатаму промените во општествено-економските, посебно на сопственичките односи, беа неспојливи со натамошното постоење на монархијата. Сè понагласено се поставуваше прашањето: монархија или република. Неочекувано и во однос на ова прашање дојде до тешко поларизирање на политичките сили. Имено, во Уставот на

Бугарија (Трновската конституција), таа беше дефинирана како наследна монархија со народно претставништво. Поставувањето на прашањето за референдум и изјаснувањето за истото излегуваше од рамките на самиот устав. Беше нужно најнапред да се измени уставот, на што имаше право само Великото народно собрание, па потоа да се расправа за другите прашања. Уставот не беше суспендиран, иако во практичната примена често беше дезавуиран. Тоа ѝ беше познато на бугарската опозиција, која инсистираше на неговата примена, а ОФ партии на неговото заобиколување. Вториве сметаа дека Трновската конституција е надживеана работа и дека таа се претвора во сопирачка за промените што се случија на 9 септември 1944 година. Но, со оглед на тоа што тие можеа да реализираат организирана кампања, предноста беше на нивна страна. Така, на 8 септември 1946 година, кога беше извршено гласањето, 95,63 отсто од гласовите беа за република. Со укинувањето на монархијата, укинато е и регентството, а се формира Претседателство на Републиката како привремен орган.

По референдумот и активностите за укинувањето на монархијата, следната позначајна политичка активност беа изборите за Великото народно собрание, закажани за 27 октомври 1946 година, како и активностите за донесување нов устав. Националниот комитет на ОФ партии заклучи да се излезе со заедничка политичка платформа и со единствени листи, но најсилната од нив БРП (к), по своја линија, настојуваше да оствари поголема супремација, иако беше договорено да нема интерпартиски напади меѓу одделните партии. Тоа, главно го правеше преку зачестените инструкции од врвот до партиската структура инсталирана на теренот. НК на ОФ го одобри и проектот за нов устав, кој всушност беше комбинација од поранешниот и новите сознанија, па немаше ни јасна политичка визија. Подготовките за избори за БНС, како и истакнувањето на проектот за нов устав, повторно ја разгоре политичката борба меѓу владејачките партии и опозицијата. БРП (к) поведе мошне успешна изборна стратегија што резултираше со забележлив успех и тежок и неочекуван удар за другите партии на ОФ коалиција. Тоа во голема мера ги олади односите меѓу партиите вклучени

во Отечствениот фронт. Од друга страна тоа ги засили позициите на БРП (к), што му овозможи на Георги Димитров во статијата „Поуките од изборите за Великото народно собрание", да истапи прилично надмено во презентирањето на идните задачи како и во конечната пресметка со опозицијата. Но, повеќе од тоа, тој имаше цел да добие мандат за состав на нова влада, покрај претседателската функција во ЦК на БРП (к). Сепак, Димитров не го искористи до крај правото да формира влада само од комунисти. Со вклучувањето и на другите партии од ОФ, потврди дека сè уште имаше причини за тактизирање во односите со опозицијата.

Тактички и прагматички тонови беа присутни и во програмската декларација што ја поднесе Претседателот на Министерскиот совет Георги Димитров на 28 ноември 1946 пред новоизбраното Велико народно собрание на Бугарија. Централно место му беше дадено на потпишувањето на мировниот договор со Бугарија што беше едно од клучните прашања за надминување на нејзината меѓународна изолација како земја којашто во текот на Втората светска војна беше на страната на фашистичката коалиција. Но, не беа запоставени и внатрешнополитичките и стопанските проблеми. Завршувањето на повеќедневната дебата, беше заклучено со намерата да се заостри, односно зајакне односот и политиката против опозиционите сили за кои се сметаше дека го поткопуваат бугарското општество.

За опозицијата, нормално, не беше прифатлива таквата декларација, па нејзините претставници се спротивставуваа главно на внатрешнополитичките, стопанските и културните определби во неа. Во основа ги поддржаа одредниците за водење на надворешната политика, но Отечествениот фронт го сметаат за надживеана работа, изјавувајќи дека тој „се претворил во параван за еднопартиското управување" во Бугарија, што во основа не беше неточно. Декларацијата на опозиционите групи, издадена по повод онаа на новата влада раководена од Георги Димитров, поаѓаше од основните претпоставки да се прекине со примената на вонредното законодавство и прогоните од политички причини, а наместо тоа Бугарија да се претвори во правна држава со демократски норми на уредување. Секако,

тоа беше период кога митот за Димитров беше во подем, зашто тој заземаше четири клучни функции коишто му овозможуваа голема популарност.

Бидејќи основната задача на Великото народно собрание беше подготвувањето на новиот устав на Бугарија, за таа цел беше формираната комисија од 55 члена. Комисијата немаше тешка задача затоа што за основа го зеде проектот предложен од Националниот комитет на ОФ. Така, на 20 јуни 1947 година, Великото народно собрание на бурна седница го усвои предложениот проект на ОФ, додека проектот на опозиционот БЗНС - блок Никола Петков и формално не беше поставен на гласање.

Донесувањето на новиот устав, односно прв устав на нова „демократска" Бугарија, ја зголеми препотентноста на ОФ партии, а особено на БРП (к). Неретко, пратениците на овие партии дискусиите на опозиционите пратеници ги игнорираа со извикувања и упатување на погрдни зборови, честопати нарекувајќи ги „фашистички агенти". Сè почести беа барањата за изолирање и разобличување на опозицијата и барање за нејзино тотално уништување. Зачестија и заканите за нивно исфрлање од Парламентот и, што беше мошне чудно, таквите закани идеа и од претседателот на Министерскиот совет и претседател на ЦК на БРП (к) Георги Димитров, човек кој требаше Бугарија да ја смести во земјите на „народната демократија". Ако пред тоа кај него имаше политичко тактизирање, потпишувањето на мировниот договор меѓу силите победнички во Втората светска војна придонесе за поагресивен настап во пресметката со опозиционите партии и поединци. Овој акт Владата го оценуваше како остварување на значајна политичка победа. Тоа се одрази и во градењето на нејзиниот став во односите со Југославија и воопшто односот кон македонското национално прашање.

Признавањето на Владата на НР Бугарија од страна на Велика Британија на 11 февруари 1947 година и промената на односот на Соединетите Американски Држави, кои градеа поинаква стратегија во Југоисточна Европа, исто така, беа причина за натамошна политичка ескалација во борбата против опозицијата. САД наоѓаа свој интерес во Грција и Турција, таму ги

насочуваат своите активности од „Трумановата доктрина", а Бугарија постепено ја препуштаа на СССР, што го куражеше владејачкиот комунистички режим во пресметката со опозицијата. Беше обвинет главниот носител на опозицијата Никола Петков, наводно, дека имал намера "со вооружена сила да изврши државен удар против народната власт". Тоа беше истакнато како причина поради која се бараше одземање на неговиот пратенички мандат. Но, не само тоа, туку во салата на Народното собрание, покрај одземањето на пратеничкиот мандат, Петков беше притворен. За неговата „антидржавна" активност, се изјасни и Георги Димитров, кој го обвини за „подготвување државен удар" против власта во Бугарија. Потоа беше предаден на судските власти за негово судење. Ни правовремената реакција на Министерството за надворешни работи на САД, кое остро им забележуваше на бугарските власти за односот кон Никола Петков како ни интервенцијата на Велика Британија, коишто истовремено укажуваа на крајностите во бугарската политика, не вродија со плод. Нив им беше одговорено дека притворањето на водачот на бугарската опозиција Никола Петков е внатрешна работа на Бугарија, па „секое мешање однадвор може само да му ја отежни положбата на Петков". Набргу дојде до забрана на опозиционите весници „Народно земјоделско знаме" и „Слободен народ".

Очигледно беше дека стратегијата во борбата против опозицијата беше креирана од ЦК на БРП (к), иако поради лекување еден период од неговата работа отсуствуваше Георги Димитров. Независно од тоа, тој секогаш ги држеше конците в раце. Тоа е видливо и од содржината на посебната седница на ЦК на БРП (к), посветена на борбата против опозицијата, каде што платформата за борбата против неа е значително проширена. Сè понагласени беа изјавите од највисоките владини функционери дека опозицијата треба да се стави надвор од законот, што значи дека треба да се забрани. Неретко слични сигнали доаѓаа и од СССР, каде што дејноста на БЗСН, и посебно на Никола Петков, беше оценувана како терористичка и реакционерна. Најчесто се сметаше дека неговата активност е инспирирана и е под диктат на Американците, а со одредена цел насоче-

на против бугарските национални интереси. Се разбира имаше искажување дека целта на САД беше враќање на фашизмот во Бугарија, што не можеше да се смета за реално, затоа што САД вложија големи напори па и жртви во борбата против него и дадоа голем придонес за неговиот пад. Сепак, станувавше збор за натамошна ескалација на студената војна, која почна да се води уште во 1945 година. Резултат на тоа беше ликвидирањето на Никола Петков во Софискиот затвор на 23 септември 1947 година. Зад овој чин, покрај бугарското, стоеше и советското раководство. Тоа значеше дефинитивна пресметка со опозиционите пројави, без оглед на тоа што Великото народно собрание еден месец претходно го усвои Законот за забрана на БЗНС - Никола Петков.

Можеби и западните сили имаа интерес од советизацијата на Бугарија бидејќи со тоа беше извршена конкретна имплементација на нивните договори за поделбата на сфери на влијанија. Во оваа смисла, сосема уверливо звучат оцените на Љубомир Огњанов, кој констатира дека во тие години (се мисли по 1945 година - б. а.) силно се наложува монополот на Комунистичката партија врз власта, што доведува до ликвидирање на политичката опозиција... ликвидирање на остатоците од таканаречената „отечественофронтовска демократија и се утврдуваат принципите на тоталитарниот систем".

За натамошниот развоен пат и воопшто за изградување на новиот државно-политички систем на Бугарија како земја којашто им припаѓаше на земјите од таканаречената "народна демократија", несомнено има формирањето на Информбирото. Како што беше договорено целта на формирањето на ИБ, во коешто членуваа по двајца претставници од секоја партија, беше координирање на активностите на овие партии и држави, односно засилување на „револуционерната преобразба" во земјите, а всушност се работеше за изнаоѓање соодветен модел за советизација на Југоисточна Европа.

Сепак, создавањето на Информбирото и очигледното наложување на новиот советски модел и во Бугарија, не им пречеше на САД да ја признаат Бугарија и со неа да воспостават дипломатски односи, иако во претходниот период повремено се

спротивставуваа на создавањето на тоталитарен еднопартиски систем. Тоа како да ја охрабри БРП (к), односно нејзиното политбиро, па презеде чекори за натамошна консолидација на своите редови. Во отсуство на Георги Димитров, беше одржана прилично контроверзната седница на ЦК на Партијата, кога беше критикувана работата на ЦК на БРП (к), а всушност неговите членови беа тие што најмногу ја критикуваа. На 14 октомври 1947 година и ЦК на БРП (к), на посебен (Тринаесетти) пленум, беше информиран за решенијата во Полска. На овие седници веќе се насети дисонантниот однос кон Трајчо Костов кој, наводно, искажуваше колеблив однос кон опозицијата како и кон соседна Југославија. Впрочем, тој во еден период, се заложи за забрзување на активностите за федерација со Југославија и приближување кон моделот на уредување во Југославија, за што подоцна ќе биде тешко обвинет. Но, причините за неговото политичко и физичко ликвидирање не беа тие.

Во глобала, и натаму продолжи стратегијата што беше присутна дотогаш, со извесни модификации во приспособувањата кон политичката линија на СКП(б), односно кон СССР. Секако, натамошната борба против опозицијата, погромот во буржоаските партии, преминот кон социјалистичкиот развој, преуредувањето на Отечествениот фронт и слично, беа најприоритетните задачи. Се интензивираа и активностите за донесување на новиот устав којшто Бугарија ја дефинираше како „Народна Република”.

Набргу по стапувањето во сила на новиот устав на НРБ, почна процесот на приспособување на државната управа според неговите одредби. Така, беше избран новиот орган, односно Президиумот на Народното собрание. И тука, про форма, влегоа претставници на повеќе партии на ОФ, а повеќето од половината (11) беа комунисти. По примањето на оставката на Министерскиот совет, на 11 декември новиот (стар) мандатор Георги Димитров ја формира новата влада. Промени во кадровската структура на БРП (к), односно нејзиното Политбиро и ЦК, на XIV пленум на БРП (к) се извршени и во оваа партија. На него беа изречени доста контрадикторни и конфузни оцени за минатото (9 септември) и за идниот развој на социјалистичка

Бугарија, со многу спротивставувања меѓу нив. Од друга страна, ОФ на својот Втор конгрес се конституира во единствена општественополитичка организација, во којашто се напуштаат коалиционите белези. На Георги Димитров му припадна уште една функција - претседател на Националниот совет на ОФ, покрај многуте претходни што ги имаше во Министерскиот совет и во БРП (к).

Бугарското политичко раководство и органите на државната власт прилично опстојно се позанимаваа и со Резолуцијата на ИБ со која беше осудена политиката на КПЈ, изгласана на 13 јули 1948 година. Во некои официјални партиски материјали, како на пр. во извештајот на Георги Димитров пред пленумот на БРП (к) посветен на ова прашање, Димитров настојуваше да се обезбеди да не биде обвинета и таа, како што се случи со КПЈ. Поради тоа, мошне „самокритички" беа изнесени „грешки" кои, всушност, не биле од таква природа како што ги прикажуваше Димитров. Некои од нив беа официјализирани во Резолуцијата од XVI пленум на ЦК на БРП (к). Основно е што во неа се глорифицираше раководната улога на СССР, што не значеше ништо друго туку беспоговорното прифаќање на Сталиновата диктатура и нејзино пренесување во Бугарија. Тоа набргу ќе стане и редовна политичка пракса во работата на БРП (к). Речиси пред секој поголем собир (конгрес) на бугарските комунисти, тие чувствуваа за потребно да се извршат консултации со Сталин.

Така, непосредно пред закажаниот Петти конгрес на БРП (к), високата партиска делегација предводена од Георги Димитров, а во чиј состав беа и секретарите Трајчо Костов и В'лко Червенков, во почетокот на декември 1948 година, водеше консултативни разговори со Сталин во врска со подготовките за конгресот. Сталин изнел тешки обвиненија против Трајчо Костов, наводно за саботирање на соработката од стопански карактер меѓу СССР и Бугарија. Тоа беше доволно за да се стесни кругот околу него и во 1949 година да биде поведен обвинителен акт и да се организира монтиран судски процес. На Петтиот конгрес на БРП (к), на крајот од декември 1948, под мотото „народна демократија" се прифатени Сталиновите ви-

зии за преодниот период од капитализам кон комунизам. Тој дури беше принуден во присуство на советската делегација, Сталиновите мисли да ги издигне на ниво на научна доктрина, изјавувајќи истовремено дека „народната демократија и советскиот режим се два облика на диктатура на пролетеријатот".

Во наредната 1949 година, продолжи претходно започнатиот процес на изградба на еднопартискиот, според многу автори, тоталитарен систем. Јакнењето на Комунистичката партија, нејзината доминантна улога, наложи „природно" сраснување со неа и на други политички партии, кои се стопија во Отечествениот фронт.

Всушност, во понатамошниот период Бугарија, со својот државен и политички систем, функционираше по моделот на СССР, односно во целост ја спроведуваше политиката на Сталин, сè до неговата смрт во 1953 година, кога се почувствуваа извесни но недоволни раздвижувања за „осамостојување". Се разбира тоа ќе има клучно значење и за односите на Југославија и Бугарија, како и за местото на Македонија и македонското национално прашање во тие односи.

Иако уште во текот на војната беа искажувани големи резерви кон сето она што се случуваше во Југославија, непосредно пред прогласувањето на Федеративна Народна Република Југославија, Георги Димитров повлече мудар потег. Тој убаво знаеше дека Тито има голема слабост кон решенијата на Второто заседание на АВНОЈ донесени во Јајце на 29 ноември 1943 година, затоа што всушност оттаму започна формалното создавање па и признавање на Титовата Југославија. Затоа непосредно пред заседанието во Белград (28 ноември 1945 година) му се обрати на Тито со посебно писмо.

Разбирливо беше, исто така, што за југословенско-бугарските односи, а во тој контекст и за македонското прашање, се расправаше и на XXVI народно собрание на Бугарија. Имено, вообичаено беше во бугарското собрание пред почетокот на редовната сесија да се ислуша „Тронното слово", во кое се профилираа основите на државната надворешна и внатрешна политика. За ова имаше потреба не само поради надворешнополитички, туку и поради внатрешнополитички причини. Во

тоа време во Бугарија сè уште дејствуваше силна опозиција, која ги изгуби привилегиите што ги уживаше за време на постоењето на Царството Бугарија. Одговорот на „Тронното слово“, што беше предмет на расправа во Собранието, беше добра прилика и за актуелниот режим да се потврдат некои негови гледања во врска со натамошната политика. Така во одговорот на „Тронното слово“, Георги Димитров не испушти да ги опсервива бугарско-југословенските односи, со посебен акцент на Македонија и на македонското прашање воопшто. Во оваа смисла тој ја нагласи улогата на отечественофронтовската влада за правилната политика за ова прашање. За таа цел тој, меѓу другото рече: „Македонското прашање (во минатото - б.а.) беше користено од странските империјалисти и нивните балкански агенти, од средините на нивните управувачки клики за да ги спротивстават Бугарите на Србите и Србите на Бугарите. Отечествениот фронт смета дека треба да се направи сè Македонија засекогаш да престане да биде јаболко на раздорот на Балканот, да стане обединувачка алка меѓу Бугарите и Србите, меѓу нова Бугарија и нова Југославија. Македонија не треба да се дели, не треба да се води борба за нејзиното завладување, туку да се почитува волјата на Македонците од кои основиот дел ја доби својата национална слобода во рамките на Федеративна Народна Република Југославија”.

Во искажаниов цитат, Георги Димитров мошне реално ја согледа позицијата на македонското прашање и односот кон него. Ова негово искажување пред највисокото законодавно тело во државата беше мошне значајно во градењето на општата политика во Бугарија за ова прашање. Меѓутоа, веќе од следниот цитат кој констатира дека „Односите меѓу отечественофронтовска Бугарија и југословенската федеративна народна република меѓу тие две соседни словенски земји се толку братски што постои голема веројатност сами да ги решиме сите прашања што ги засегаат нивните национални интереси без мешање однадвор”, видливо е дека прашањето се префрла во сферата на демагошко-политичките шпекулации. Ниту односите меѓу овие две земји во тој период беа „братски”, ниту пак националните интереси им се совпаѓаа. Всушност, се занемарувaa маке-

донските национални интереси за сметка на прикриените бугарски националистички интереси и интересите на поголемите нации што ја сочинуваа југословенската федерација. Во потсвеста на истите сѐ уште не можеше да се ‘соцвака” фактот дека Македонија е прогласена за држава, составен дел на југословенскта федерација, што беше често потенцирано и во рамките на расправите на НКОЈ и другите врвни југословенски органи за местото на Македонија во новата федерација.

Треба да се подвлече дека во времето кога се градеа официјалните ставови за македонското прашање, научната мила во НР Бугарија, особено онаа во периодот од 1944 до 1946 година, главно го осуди големобугарскиот национализам. За тоа, секако, имаше насочувачко влијание таканаречената Димитровска политичка линија. „Без целосното уништување на големобугарскиот шовинизам, таа рана во живото тело на нашата земја, не е возможно изградувањето на препородена, нова Бугарија... Неопходно е со железна метла да се исчистат авгиевите штали на мрачното подло и порозно фашистичко наследство за да се прочисти политичкиот воздух над бугарското небо” пластично се изразуваше Димитров за великобугарскиот национализам. А кога такви оцени беа искажани од првиот човек во државата и на партијата, нормално беше да се очекуваат и други искажувања, кои во тоа време на таквиот шовинизам му ја определија вистинската димензија. Се разбира, во некои од нив имаше и претерувања, што беше резултат на настојувањето да се печалат и политички поени.

Инаку, очигледно беше дека југословенско-бугарското приближување по 9 септември 1944 година беше оптоварено со многу проблеми и хипотеки. Во Бугарија не беа задоволни од составот на македонското раководство, туку истото го сметаа за просрпско. Така, уште во 1941 година, суспендирањето на секретарот на ПК на КПЈ за Македонија се сметаше за отстранување на „пробугарски настроените членови на комитетот и натрупување на србофилски настроени активисти” што беше симптоматично. Шаторов ќе остане недоволно јасен во однос на националното, македонското, но тој не беше отстранет само поради тоа. Во некои бугарски кругови, а подоцна и во трудови

на бугарски автори, се сметаше дека „КПЈ вложи големи напори за да го оттргне револуционерното комунистичко движење во Вардарска Македонија од БРП (к)", што не беше точно бидејќи тоа никогаш не беше зависно ниту пак поврзано со бугарското. Јасно беше кое од овие две антифашистички движења имаше примат. Се сметаше дека југословенските раководители го изнасилуваа создавањето на македонска нација, која според нив не постоеше зашто и создавањето на „новата федерална држава е на антибугарска национална основа".

На остра критика се подложени и првите слободни избори во Македонија од март 1945 година, кои наводно биле бојкотирани поради „антибугарската" ориентираност. Овој „аргумент", секако, беше измислен, бидејќи излегувањето на избори беше масовно. Тоа не беше резултат на некое преголемо задоволство, туку повеќе резултат на политичката клима создадена по победата, и потпомогната со силна пропаганда на единствената политичка партија. Според тоа и лозунгот „Кој нема да излезе на избори, е предавник", не се однесува на смислена подготовка на нивната антибугарска основа, како што се тврди, туку на она што веќе го споменавме.

Од друга страна и кај македонското раководство непосредно по ослободувањето имаше резерви спрема дел од македонскиот кадар, за кој се сметаше дека е наклонети кон исток. Впрочем тие и ден-денес во Бугарија се сметани како такви. Така, потпретседателот на АСНОМ, Колишевски изјавуваше дека кај дел од врвниот политички кадар во Македонија постои неразбирање на македонското прашање. Под тоа „неразбирање" треба да се сфати недоволната енергичност во борбата за македонската еманципација и стравот од евентуално инфилтрирање на пробугарски струи. Ова создаваше збунетост и дезориентација и кај некои чесни луѓе, коишто немаа ништо заедничко со она што им се припишуваше од која било страна, независно од намерата.

Во Бугарија не беше добро прифатено и отстранувањето од политичката сцена на Методија Антонов - Ченто. На Првото заседание на АСНОМ Ченто беше избран за претседател, а подоцна и за претседател на Президиумот на АСНОМ односно

на Народното собрание на Македонија. Меѓутоа, недовербата кон него беше присутна уште за време на подготовките на Првото заседание на АСНОМ, односно за време на подготовката на неговите документи во „Св. Прохор Пчињски". Познато е дека дојде до остри полемички судири и во однос на некои клучни прашања со делегатот на ЦК на КПЈ Светозар Вукмановиќ-Темпо, иако уште на почетокот го предлагаше за член на НКОЈ од Македонија.

Се разбира, за Бугарија не беа прифатливи цврстите поврзувања на Македонија со југословенската федерација. Не беа прифаќани ниту македонските раководители, односно "просрпското раководство на чело со Лазар Колишевски", како што се сметаше тогаш, а во некои трудови и сега, тука повеќе се прифаќаше кадарот што носеше белег на македонски „сепаратисти". Тоа не беше со намера на Македонија да ѝ се допушта поголема автономија, туку борбата за таква поголема автономија во југословенската федерација од страна на Бугарија беше толкувана како тенденција за потесно поврзување со неа, што не беше без основа. Во оваа смисла уште помалку беше прифаќана мисионерската улога на активисти од југословенското раководство, каков што беше на пример и Светозар Вукмановиќ - Темпо и друг кадар од север. Тој неретко беше сметан за неподобна личност во разговорите со бугарската страна во однос на македонското прашање, туку се сметаше за експонент на македонското „србизирање", експонент на „големосрпството" во Македонија.

Дел од проверенот кадар и верните борци за Македонија и македонското прашање се најдоа во извесна идеолошка конфузија во врска со својата определба за ставовите на БРП (к) и КПЈ, па оттука произлегоа и неретките осцилации меѓу нив. Така на пример, Васил Ивановски, авторот на статијата „Зошто ние Македонците сме одделна нација", меѓу другото ќе напише дека „несреќната Македонија, поставена меѓу чеканот и наковалната ќе треба да ги поднесе ударите на национализмот на југословенските раководители, но и да ја чувствува врз себе рутината на некои застарени и погрешни погледи на ЦК на БРП (к) за македонското прашање". Незадоволен и од состојбите во НР

Македонија, особено од некои методи на централизацијата на власта и односот на југословенското ракводство, во едно писмо од 1 декември 1945 година, пратено до Георги Димитров и Васил Коларов, подробно ги информира за тукашните состојби. Меѓу другото, го цитира мислењето на Ченто, кој наводно изјавувал дека „поради односот на некои одговорни личности, ние во Македонија не можеме да го довршиме нашето дело така како што замислувавме". Тој изнесува и некои податоци во однос на стандардизирањето на македонскиот литературен јазик што се одвиваше во рамките на комисиите формирани за таа цел. На крајот заклучува дека „здравиот и правилно ориентиран кадар во Македонија, многу се надева и смета на вашата врска со Советскиот Сојуз и со маршал Тито за подобрување на положбата". Тој во своето писмо искажува некое чувство на антибугарско расположение што наводно се создавало во НР Македонија, но не во смисла на толкувањето на некои автори од Р Бугарија. Имено Ивановски алудираше на градењето добрососедски односи и на самостојноста на Македонија и на македонската нација, а не на нејзиниот „бугарски дух". На пример, нема причини да не му се верува на Васил Ивановски, кој во обвинувањата на личности во југословенското врвно раководство за грешки во однос на македонското национално прашање, на прво место го става Милован Ѓилас, кој Илинденското востание го квалификувал како бугарско востание и барал тоа да не се празнува. Тој, Ѓиласа го обвинува и за тоа дека не бил задоволен од јазикот на весникот "Нова Македонија", на што наводно реагирал: "Каков е овој бугарски весник", со што всушност застапувал курс за поголемо србизирање на македонскиот јазик. Понатаму се додава дека "раководните фактори во Белград и во Скопје се плашеле од етничката (јазична и др.) блискост меѓу македонскиот и бугарскиот народ и затоа мислеле дека „колку подалеку во културен и политички однос го држат македонскиот народ, во поглед на Бугарија, толку поцврсти ќе бидат врските на нашиот народ со народите на Југославија". Тоа се смета како причина за „изопачувањето на македонскиот јазик и азбука" како и за недопуштањето на бугарски весници и литература во Македонија. Притоа се истакнува дека таквата политика може

да биде повод за „буржоаско-националистичките михајловистички и други реакционерни елементи во Македонија да создаваат расположение против бугарскиот и српскиот народ”.

Незадоволен од состојбите во Македонија во првите години по ослободувањето и присутната недоверба кон македонската емиграција во Бугарија, во јули 1946 Павел Шатев ѝ направил посета на бугарската амбасада во Белград. Притоа водел подолг разговор со лицето задолжено за овие прашања Т. Мечков. Во информацијата што Шатев им ја презентирал на бугарските претставници се наведувало дека во НР Македонија „се води борба против Бугарите и бугарофилството, на сите коишто на некој начин изразувале симпатии спрема Бугарија е гледано со лоши очи и кон нив е фрлен сомнеж дека се тие сепаратисти, михајловисти и фашисти”. Шатев, наводно изнесол и други факти за цензура на бугарската книжнина што се испорачувала во Македонија, за наводното „следење на македонските дејци”, за неправилностите во подготвувањето на македонската азбука и др. Општо земено, заклучно согледување на Шатев било дека состојбата во Вардарска Македонија се карактеризира со тоа што „формата е македонска, а содржината (на нештата - б. а.) српска”.

Но, карактеристично е што и Моша Пијаде, осведочен пријател на Македонија, кој во еден друг контекст го постави македонското прашање, не беше доследен на своите поранешни ставови, веројатно поради настојувањето да се одржи југословенско-бугарското „пријателство”. Покренувањето на ова невралгично прашање, кое секогаш можеше да предизвика опасност за тие „пријателски” односи, се сметаше за ризично. Имено, во обраќањето пред Сојузното народно собрание на тогашната ФНРЈ, Моша Пијаде направи прилично приспособлив поглед на односот на Југословенската делегација на Мировната конференција во Париз, изнесувајќи ги и причините за таквиот однос. Во неговото обраќање, објавено под наслов „За мировниот договор со Бугарија”, напоменува дека основната мисла што ја раководела Југословенската делегација за да ѝ се направат отстапки на „нова Бугарија” е таа што Бугарија станала демократска земја со израз на волјата на целиот бугарски народ. Според

Моша Пијаде, нужно било продолжување на тие процеси, како и да се прават чекори за создавање на добрососедски односи меѓу двете земји. Се разбира, тој не можеше да ги одбегне и оцените за сопствената земја, која „во своите сопствени граници ги оствари братството и единството кај своите народи на основа на националната рамноправност”. Овие ставови подоцна се покажаа нереални. Тој ги занемари, намерно или случајно, меѓународните односи и интересите на големите сили, а ги занемари и македонските национални интереси.

Моша Пијаде на индиректен начин ги презентираше југословенските планови, мотивирани од идејата за Титовото лидерство на Балканот. Тоа е видливо и од фактот што овие зборови ги изговараше пред Маршалот и со лично обраќање кон него. Само така може да се протолкува искажаната мисла: „Соработката и братството на балканските народи не е само сон со кој се занесуваа најдобрите духови на балканските народи, тоа е денеска реалност, која ги има сите услови за голем развој”.

Десеттиот пленум на ЦК на БРП (к) беше еден од настаните којшто му даде импулс на македонското прашање во југословенско-бугарските односи. Иако се одржуваше напоредно со одвивањето на Париска мировна конференција, всушност, неговото одржување беше во функција на истата. Од неа, како што споменавме, Бугарија очекуваше многу, ако ништо повеќе барем да не се случи да загуби нови територии, за што постоеше реална опасност. Но, за таквата „флексибилност” не треба да се занемари и советскиот фактор, односно ставот на СССР во однос на Македонија и македонското прашање, кој на определен начин му стави на знаење на бугарското партиско раководство дека треба да се појави со некои поконкретни активности за неговото решавање.

Имено, однесувајќи се како координатор меѓу двете земји, на 5 јуни 1946 год., покрај југословенската, во Москва беше повикана и бугарската делегација, каде што се оствариja тројни разговори. Во разговорите биле опфатени неколку прашања, за кои југословенската и советската страна веќе имале меѓусебни контакти до доаѓањето на бугарската делегација. Од тоа е видливо дека и во самите врвови на БРП (к) немаше изградено ја-

сен став, туку се испреплетуваа многу струи и се создаваше клима на одлагање и исчекување. Но веќе спомнавме дека и во југословенскиот политички врв, составен од претставници на повеќе републики чии интереси беа разновидни некаде и спротивставени, македонското прашање неретко се маргинализираше. Според бугарски извори, наводно според искажување на Едвард Кардељ, Југославија се согласила во тоа време, „од практични причини, припојувањето на Пиринска Македонија кон НР Македонија (во Југославија) да се изврши во рамките на федрацијата”. Кардељ како дискутабилно го поставил само прашањето за остварувањето на слободниот национален развој на Македонците во Пиринска Македонија и барал тоа да започне да се остварува пред да дојде до реализација на идејата за југословенско-бугарска федерација или подоцна. А остварувањето на тој слободен национален развој требаше да послужи како пробен камен за односот на бугарската страна за ова суштествено прашање за Македонците.

Избораниве документи го покажуваат разбирливиот интерес на Тито и на југословенското раководство, како и на Македонија и на нејзиното раководство, за македонското малцинство во Грција по завршувањето на Втората светска војна. Хипотеката на историското минато, која влече корени уште од времето на османското владеење, остави трајни последици во односот на Грција спрема Македонија и македонскиот народ, кои особено се почувствуваа во овој период. Имено, во овој период се одигра трагичната Граѓанска војна во Грција како надоврзување на уште потрагичната Втората светска војна. Последиците од двете војни се чувствуваат и денес, но сепак најголемиот губитник се Македонците, особено македонското малцинство во Грција и оние што ги напуштија своите огништа.

Грчкото антифашистичко движење во Втората светска војна се одвиваше во сложени и спротивставени политички услови. Тоа, во голема мера, беше резултат на нерешеното македонско нацинално прашање. Македонците од егејскиот дел на Македонија своето национално-ослободително движење го доведуваа во врска со она во вардарскиот дел од Македонија, а

тоа не беше според волјата на грчите националистички сили, кои го негираа постоењето на македонско малцинство во Грција.

Општонародниот антифашистички фронт на Грција (ЕЛАС - (Еленикос лаикос апелефтхеротикос стартос; овој акроним го означува и името Грција) бил најсилната вооружена формација во Грција во која учествувале македонски сили. Најголемата офанзива од страна на Германците била преземена против нејзината Четврта дивизија во југозападниот дел од егејскиот дел на Македонија. Во офанзивата учествувале балистички формации, единици на грчката квислиншка организација ПАО како и други квислиншки формации или вкупно околу 15.000 војници. Единиците на ЕЛАС претрпеле загуби, но тие се консолидирале и постепено нивниот број нараснал на 50.000 борци, организирани преку ЕАМ (Народноослободителен фронт), КПГ и ЕПОН (Национална сегрчка организација на младината). Во нив се нашле голем број Македонци со надеж дека ќе ги остварат своите национални цели.

Меѓународната ситуација налагала повлекување на германските сили кон север, а ЕЛАС се организирал да го попречи повлекувањето преку контрола на комуникациите во северна Грција. Во тие борбени акции имало и многу политички игри, калкулации и надмудрувања за освојување на власта, поради што неретко се создавала конфузна состојба. ЕЛАС била ставена под команда на Владата на Папандреу. Британскиот генерал Скоби на единиците, привремено, од политички причини не им дозволил влегување во Солун, туку заземање на границата кон вардарскиот дел од Македонија бидејќи биле „препознати" некакви територијални претензии кон Грција од страна на југословенското (македонското) движење.

Од спомнатите причини претседателот на тогашната влада Папандреу барал разоружување на единиците на ЕЛАС, а по неколкуте конфронтации на 12 февруари 1945 во Варкиза, близу до Атина, бил потпишан договор меѓу силите инволвирани во движењето како леви или како десни струи.

Сепак, договорот во Варкиза не ги надминал состојбите. Не го прифатиле сите учесници во борбата против окупаторот, па наместо мир станал основа за нови непријателства. Маке-

донците извлекле неповолни последици. Причина за тоа биле грчките власти, кои за да се пресметаат со македонските сили ангажирале грчки националисти, до неодамна соработници на окупаторските сили.

Во исклучително напната атмосфера, на 31 март 1946 година биле организирани првите повоени парламентарни избори. КПГ се надевала дека премиерот Софулис ќе преземе некои мерки за мирно развивање на настаните, па во почетокот најавувал дека ќе ги поддржи тие активности. Но, надежите биле изневерени. Изборите биле подготвувани во услови што не ѝ биле наклонети на левицата. Од избирачките списоци биле исклучени привржаниците на левицата, па затоа комунистичкиот печат изборите ги прогласил за фалсификат. Репресиите против опозицијата продолжиле уште пожестоко. Тие биле бојкотирани од КПГ, ЕАМ и некои левоориентирани партии поради односот на власта кон изборите. Изборите ги добил здружениот блок на десничарските партии, кој успеал да обезбеди 55,12 отсто од гласовите односно 200 места во парламентот. Владата по изборите ја составил К. Цалдарис, кој декларирал десноориентирана политичка опција. На референдумот спроведен на 1 септември 1946 година, за монархија гласале 68,3 отсто од гласачите, што му овозможило на кралот да се врати во земјата.

Во такви услови Грција се приближувала кон граѓанска војна. Според некои автори непосреден повод за граѓанската војна бил нападот на партизански одред на полициската станица во селото Литохоро, Пиерија на денот кога се одржувале изборите. Меѓутоа, неколку месеци подоцна (28 октомври 1946 г.), Демократската армија на Грција (ДАГ) објавила формирање на главен штаб, на што владината десница објавила мобилазија за составување на грчка регуларна војска. Овој датум би бил точен ако смета за почеток на Граѓанската војна во Грција.

Текот на Граѓанската војна може да се подели на две фази: од декември 1947 до јануари 1949 г. комунистите, меѓу кои најбројни биле Македонците и македонските сили, имале поголем успех, а потоа превласта ја презеле владините сили. Во јуни 1948 г., 15.000 припадници на ДАГ нападнале 50.000 владини војници на планината Грамос, на кои им нанеле тешки загуби и

веќе се претпоставувало дека комунистите ќе однесат победа. Всушност, победата на комунистите била сè понеизвесна.

Во јануари 1949 година со поставувањето на генералот Александрос Папагос за командант на владините сили, бил направен решавачкиот чекор во консолидирањето на владините сили. Папагос излегол како херој во војната против Италијанците, но откако бил заробен останал во затвор до крајот на војната. Меѓутоа, тој ја уживал силната поддршка на Американците и со неговото воено познавање успешно ги раководел владините сили. Пред сè направил ред во војската и вовел голема дисциплина и покрај политичката расцепканост и разединетост во нив.

Бидејќи САД и Велика Британија биле цврсто определени да останат во Грција, била искористена Трумановата доктрина од 1947 година и пратена опомена на сите земји што имале намера да ја признаат Привремената демократска влада во Грција.

Обемот и природата на помошта која Запад ѝ ја давал на грчката влада била несразмерна во однос на помошта што ја добивале комунистите односно партизанските сили. КПГ направила лоши процени на ситуацијата. ДАГ била отсечена од морето и не била во можност да добие потребна помош преку поморски пат, туку сувоземно преку Албанија, Југославија и Бугарија. Борците најчесто биле упатени со храна да се снабдуваат од месното население, со што се создавало и нерасположение, па и се предизвикувал нивниот гнев бидејќи морале да им ја земаат храната. За да не му забележат Американците, Сталин одбивал да ја помогне левицата. По објавувањето на Трумановата доктрина во 1947 г., таков притисок извршил и врз Албанија и врз Бугарија. Во 1948 година и појавата на Информбирото, кога Југославија била изложена на жестоки критики од страна на СССР и земјите од „народната демократија”, КПГ се определила за Сталин. Таа, покрај меѓународната ситуација, била дополнителна причина и Југославија да ги затвори границите кон југ и да ја прекине помошта. Раководителите на КПГ подоцна тоа го сметале како основна причина за поразот на ДАГ со тврдењето дека им бил забиен „нож в грб”. Некои авто-

ри сметаат дека тоа не е точно, бидејќи „работата била завршена пред да биде затворена границата". Последната акција на владините сили на планината Вичо ја покажала фанатичната храброст на борците на ДАГ. Пред побројниот непријател, помогнат од Американците и Британците, со употребата на напалм-бомби, тие биле немоќни. Како што тврди Ричард Кремтон, тие дале херојски но безнадежен отпор.

Има многу причини за поразот на ДАГ во Граѓанската војна во Грција. Тие се доста анализирани и сѐ уште се анализираат. Но, факт е дека последиците од тој пораз за Македонија и Македонците останале долготрајни. Стотина илјади Македонци биле приморани да ја напуштат својата земја и да заминат во Југославија и во други земји во Европа и подалеку. Граѓанската војна оставила трајни последици во односите меѓу Југославија и Грција и други последици кои се прекршиле преку грбот на Македонија и македонското национално малцинство во Грција.

Низ презентираните документи, на еден или на друг начин, се прекршуваат тенденциите за создавање административен систем за раководење на стопанството и на државата. Таа си ги постави инструментите за зафаќањето на средствата од процесот на производството за своите потреби. Во Македонија, на пример, Управата за државни имоти извесен период функционираше истовремено со поверенствата што ги покриваа стопанските гранки, што не беше случајно. Со тоа, освен практично, се сакаше да се постигне политички ефект за да се добие слика дека целиот имот е државен, што значи дека се пристапи кон „експлоатација на експлоататорите". Голема поддршка кон создавањето на силен државен сектор имаше создавањето на задругарството, што се покажа како најголемото промашување во функционирањето на стопанскиот систем. Македонија беше од оние републики што најдоследно се зафатија со задругарството. Основната причина треба да се бара во проценатa дека во 1944 година во Македонија 76 отсто од населението беше земјоделско. Таа формира и посебен орган Комисија за кооперативно дело со задача да ја води политиката на земјоделското задругарство. Решенијата на Политбирото на ЦК на КПЈ од 27 ноември 1947 година кога реферат за задругарството поднесе,

без сомнение, највлијателната личност во југословенското раководство Едвард Кардељ, беше јасен сигнал дека треба да се пристапи кон масовно, па и насилно задругарство и колективизација. Тоа беше форсирано како најприоритетна партиска задача во насока на замислената „револуција на селото". До крајот на 1948 година бројот на задругите во Македонија нарасна на 238, иако повеќето од нив беа нерентабилни.

Многу индикатори на конституираниот повоен општествено-економски систем со приоритет на државната сопственост и без соодветни мерки за стимулирање на економијата укажуваа дека нема да се добијат очекуваните резултати. Се бараа решенија но не и такви со кои Партијата би го загубила својот монопол во државата. Во функција на примената на „советскиот модел" беше донесувањето на петгодишните планови, главно копии на советските петтолетки. Се очекуваше со нив да се направат основните корекции на стопанскиот развој наследен од пред војната. Но бидејќи се воспостави целосна државна сопственост над средствата за производство и влезе планскиот наместо пазарниот стопански систем, се овозможи натамошна етатистичка и централистичка акумулација. Таа со политички одлуки се насочуваше главно според влијанието на кадарот што го водеше стопанството во федерацијата, во зависност од тоа на која одделна република во федерацијата ѝ припаѓаше. Тоа го отвори процесот на создавање на републички партикуларизам и политизација на економијата. Обраќајќи им се на југословенските народи при дочекот на 1947 година Тито на индиректен начин признал дека треба да се држиме за петгодишните планови за да не се случува партикуларизмот да го наруши „нераскинливото братство и единство на југословенските народи". Следеше 1948 година и конфликтот со ИБ и СССР, настан кој имаше клучна улога за натамошните состојби во југословенската федерација. Оттука, на некој начин, започнаа идеите за воведување на работничкото самоуправување како модел кој нема да биде далеку од советскиот, но да биде нешто слично со западниот модел на менаџерско раководење на стопанството. Така во 1950 година почна воведот во југословенските самоуправни илузии.

Дисциплинираното партиско членство немаше, а ниту сакаше да има друг избор освен да ја прифати идејата за работничко самоуправување. Тоа беше убедено дека заостанувањето во стопанскиот развој и стагнирањето на животниот стандард се должи на непродуктивното раководење, на отсуството на претприемништво и менаџерство, кои во овој период и подоцна добиваа негативна односно како што се нарекуваше „буржоаска" конотација. Раководните структури во Партијата но и самото нејзино многубројно членство сметаа дека „работничкото самоуправување" ќе биде ограничено на стопанството, односно на делот со производствени карактеристики. Основната поента се сведуваше на тоа дека со „предавањето" на фабриките на работниците како непосредни производители, тие ќе го зголемат своето влијание, ќе се постигне поголема мотивираност и заинтересираност за производство. Се очекуваше дека поголемото производство ќе влијае и врз развојот на самото производство во земјата па затоа за добар дел од населението таквите идеи беа прифатливи. Се јавуваа и отпори кои не можеа да бидат јавно искажани туку се сведуваа на пасивна резистенција. Дел од кадарот обвинет за поддршка на резолуцијата на ИБ против Југославија остана определен за Сталиновиот модел за цврста рака во стопанството. Нив не им се допаѓаше тоа што се правеа такви обиди само во Југославија, па не сакаа да ги поддржат таквите „проби". Други се плашеа од непознатото бидејќи проценуваа дека со воведувањето на самоуправувањето и „предавањето" на фабриките на работниците ќе настане стопанска анархија. Учесниците во војната и тие што ги поддржаа резултатите од неа, пак, се плашеа од имотна диференцијација т.е. да се спречи збогатување на тие што ќе ги преземат на управување претпријатијата и со тоа да се создаде имотна нееднаквост спротивна на прокламираното во текот на војната. Како и да е, илузијата со „самоуправувањето" тешко се пробиваше, но откако се проби, со сите свои небулози, траеше речиси половина век. Некои од презентираните документи укажуваат токму на таквите процеси.

Со задоволство сакаме да констатираме дека службите задолжени за обработка и ставањето на користење на Архивот

на Јосип Броз, навистина професионално си ја завршиле својата работа. Со нивниот професионален однос и исклучителната коректност, придонесоа нашето истражување како и обработката на документите, да бидат многу поуспешни отколку што очекувавме. Во смисла на кажаното им ја упатуваме нашата благодарност.

РЕДАКТОРОТ

## СПИСОК НА ДОКУМЕНТИ

1.
ТЕЛЕГРАМА од Јосип Броз - Тито до раководството на Србија, Црна Гора, Санџак, Војводина, Хрватска, Словенија и Македонија за организирањето на Националниот комитет за ослободување на Југославија, Босна, 5 ноември 1943 година

2.
ТЕЛЕГРАМА од Светозар Вукмановиќ - Темпо, до Јосип Броз - Тито, во која се предлага Методија Андонов - Ченто за член на НКОЈ, Македонија, 22 декември 1943 година

3.
ТЕЗИ од непознат автор за стремежите на македонскиот народ во сите негови делови за национално самоопределување, доставени до Јосип Броз - Тито, Вис, 26 мај 1944 година

4.
ЕЛАБОРАТ (РЕФЕРАТ) од Сретен Вукосавлевиќ со наслов „Македонските проблеми" до Јосип Броз и до југословенско раководство, Вис, 4 јули 1944 година

5.
ТЕЛЕГРАМА од Президиумот на АСНОМ до Јосип Броз - Тито и до Националниот комитет за ослободување на Југославија, Кумановско, 2 август 1944 година

6.
ПРОТЕСТНО ПИСМО од македонското раководство до Јосип Броз - Тито за говорите на д-р Иван Шубашиќ, Кумановско, 9 август 1944 година

7.
ПИСМО од Едвард Кардељ до Јосип Броз за некои надворешнополитички прашања од интерес и за Македонија, Словенија, 9 август 1944 година

8.
ПИСМО од Владислав Рибникар, повереник за информации во НКОЈ до Јосип Броз - Тито, за обезбедување емисии на македонски јазик во Радио „Слободна Југославија", Белград, 3 септември 1944 година

9.
ПИСМО од Поверенството за информации при НКОЈ до Јосип Броз - Тито, за уредување на јазичните прашања во Македонија, Белград, 3 септември 1944 година

10.
СПОГОДБА меѓу Националниот комитет за ослободување на Југославија и Владата на ОФ Бугарија, за воена и друга соработка, Крајова, 5 октомври 1944 година

11.
ПРЕДАВАЊЕ од Моша Пијаде пред слушателите на Вишата партиска школа „Ѓуро Ѓаковиќ" во Белград, 23 декември 1944 година

12.
СТАТИЈА за албанското гледање на соработката и заедништвото со југословенскте народи, доставена до Кабинетот на Јосип Броз - Тито, Тирана, крајот на 1944 и почетокот на 1945 година

13.
ИЗВЕШТАЈ од д-р Дарко Чернеј, началник на одделението за изградување на народната власт при Претседателството на НКОЈ од Белград од 11 јануари 1945 година, за извршената ревизија за работата на Президиумот на АСНОМ

14.
ПИСМО од Министерството за Македонија во Белград до Јосип Броз - Тито во својство на министер за одбрана и до Министерскиот совет на ДФ Југославија, од 28 март 1945 година, за непризнавањето на дипломите на Македонците издадени од бугарските образовни институции во Втората светска војна

15.
МЕМОРАНДУМ од група Албанци-бегалци од Чемерија (Северен Епир) до мисиите при Главниот штаб на албанската војска со поплаки против грчките власти, Тирана, 5 април 1945 година

16.
ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ од Амбасадата на Демократска Федеративна Југославија во Албанија до Министерството за надворешни работи и до Јосип Броз - Тито, Тирана, 12 јули 1945 година

17.
ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ од Амбасадата на ДФЈ во Тирана од јули 1945 година до Министерството за надворешни работи на ДФ Југославија и Ј. Б. - Тито за политичката ситуација во Албанија

18.
ОСТАВКАТА на Милан Грол упатена до претседателот на Владата на ДФЈ Јосип Броз - Тито, Белград, 18 август 1945 година

19.
СООПШТЕНИЕ И КОМЕНТАР од телеграфската агенција Танјуг за оставката на Милан Грол, потпретседател на Министерскиот совет на ДФЈ, Белград, 18 август 1945 година

20.
ПИСМО од Димитар Влахов до Јосип Броз - Тито за оставката на Милан Грол, Белград, 18 август 1945 година

21.
ОДГОВОР од Јосип Броз - Тито на оставката од Милан Грол на функцијата член на Владата на ДФЈ, Белград, 20 август 1945 година

22.
МЕМОРАНДУМ на Илинденската организација за создавање на федерална македонска држава, доставен до Јосип Броз - Тито, Софија, 30 август 1945 година

23.
ПИСМО од неколку македонски активисти до претседателот на Илинденската организација во Софија за актуелните настани во врска со создавањето на македонската држава, Софија, 1 септември 1945 година

24.
НАЦРТ за поделба на надлежностите меѓу федерацијата и републиките, парафирани од Јосип Броз - Тито, со кој всушност се утврдени уставните контури на државата и на републиките, Белград, 1945 година

25.
ПИШАН МАТЕРИЈАЛ за политичките партии во Македонија - дел од општата студија за политичките партии во ДФ Југославија, Белград 1945 година

26.
ИЗВЕШТАЈ за актуелната политичка и економска ситуација во Македонија, Белград, крајот на 1945 година

27.
КОНЦЕПТ НА ТЕЛЕГРАМА со инструкции за југословенските уставни промени, Белград 2 февруари 1946 година

28.
ПОЛИТИЧКА ПРОЦЕНА од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ за состојбата во Грција, за составот на привремената влада на Грција и за положбата на Македонците, Белград, крајот од 1945 година

29.
ПОЛИТИЧКА ПРОЦЕНА од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ за состојбата во Бугарија, составот на привремената влада на Бугарија и положбата на Македонците, Белград, крајот на 1945 година

30.
ИЗВЕШТАЈ од југословенскиот амбасадор во Атина Исидор Цанкар за прогонот на словенското население во Грција и прилог со процени за бројот на Македонците во неа, Атина, 18 мај 1946 година

31.
ИЗВЕШТАЈ од Амбасадата на ДФ Југославија за престојот на бугарската делегација на прославата на 2 Август - Илинден и на Првиот конгрес на НОФ на Македонија, Софија, 2 август 1946 година

32.
ПРЕГЛЕД на бројната состојба на Комунистичката партија на Македонија, Белград, 10 јуни 1946 г.

33.
ГОВОР на Димитар Влахов за пренесувањето на коските на Гоце Дечев во Македонија и нивното погребување во црквата „Свети Спас” во Скопје, 11 октомври 1946 година

34.
ДЕЛ ОД ИЗВЕШТАЈ до Кабинетот на Јосип Броз за спорните прашања на разграничувањето во ДФ Југославија, Белград, 31 октомври 1946 година

35.
ДИПЛОМАТСКА ПРОЦЕНА за политичката ситуација во Грција во летото и есента 1946 година по избувнувањето на Граѓанската војна во Грција, Атина, 31 октомври 1946 година

36.
ОПИСИ на неколку македонски и други институции во Бугарија содржани во „Картотека Бугарија” подготвувани од дипломатските служби на ФНРЈ во Софија, крајот на 1946 година

37.
ДИПЛОМАТСКА ПРОЦЕНА од Белград за странските попаганди во Грција во јуни 1947 година во екот на граѓанската војна во земјата, Атина, 29 јуни 1947 година

38.
ПРЕДЛОГ од Амбасадата на ФНРЈ во Тирана од 14 декември 1946 година за организирање на југословенската пропаганда во Албанија, Блед 30 јули 1947 година

39.
РЕЗОЛУЦИЈА на Пленумот на КПГ за Македонија и Тракија од почетокот на јули 1947 година во Солун, Атина, 8 јули 1947 година

40.
ЗАПИСНИК од седницата на делегациите на Бугарија и Југославија, Блед, 30 јули 1947 година

41.
ЈУГОСЛОВЕНСКА ВЕРЗИЈА НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија, разгледувана на Блед, 30 јули 1947 година

42.
ОДГЛАСОТ НА БЛЕДСКИОТ ДОГОВОР меѓу Југославија и Бугарија во политичките кругови и во печатот на Грција во екот на граѓанската војна во Грција, Солун, 13 август 1947 година

43.
ПИСМО од Претседателството на Владата на Народна Република Македонија за стипендирањето на студентите од Пиринска Македонија во НР Македонија, Белград, 6 септември 1947 година

44.
ДИПЛОМАТСКА ПРОЦЕНА од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ упатена до Генералштабот на Југословенската армија во врска со склучувањето на Турско-грчкиот воен сојуз во 1947 година, Белград, 6 октомври 1947 година

45.
ГОВОРОТ на претседателот Тито во Варна во врска со склучувањето на Договорот за пријателство, 25 ноември 1947 година

46.
КОМИНИКЕ од разговорите на југословенската и бугарската делегација во Евксиноград, Варна, Евксиноград, 27 ноември 1947 година

47.
ТИТОВИОТ ГОВОР на железничката станица во Белград по враќањето од посетата на Бугарија, 29 ноември 1947 година

48.
ПИСМО од потпретседателот на Владата на ФНРЈ Едвард Кардељ - Бевц до Јосип Броз за помош во решавање на спорот меѓу НР Македонија и НР Србија околу фабриката за цемент во Генерал Јанковиќ, Белград, 14 јануари 1948 година

49.
ТЕЗИ од 7 февруари 1948 година подготвени од Обласната училишна инспекција во Благоевград за изучување на македонскиот јазик во Пиринска Македонија, Гр. Џумаја, 7 февруари 1948 година

50.
ИНФОРМАЦИЈА од југословенската амбасада во Софија за некои актуелни прашања во Пиринска Македонија, доставена до Министерството за надворешни работи на ФНР Југославија, Софија, 12 април 1948 година

51.
ПИСМО од Димитар Влахов до Јосип Броз - Тито, во врска со одбележувањето на годишнината на просветителите Св. Кирил и Св. Методиј, Белград, 7 мај 1948 година

52.
ДИПЛОМАТСКА ОЦЕНА на југословенската дипломатија до МНР на ФНРЈ, за внатрешнополитичката ситуација во Бугарија, а во тој контекст и за положбата на Македонците во Бугарија, Софија, 10 јуни 1948 година

53.
ИЗВЕШТАЈ на Амбасадата на ФНРЈ за културно-уметничкиот и научниот живот во НР Бугарија и за пишувањето на бугарскиот печат за ФНР Југославија и посебно за Македонија, Софија, 10 јуни 1948 година

54.
ТЕЗИТЕ на Националниот одбор на Отечествениот фронт на НР Бугарија, од 31 август 1948 година, за Илинденското востание, разгледувани во Кабинетот на Јосип Броз - Тито, Белград, 31 јули 1948 година

55.
ГОВОР на Васил Коларов, министер за надворешни работи на Бугарија на седницата на Големото народно собрание на Бугарија, за актуелните балкански односи и недоразбрања, Софија, 4 септември 1948 година

56.
ПРЕВОД НА АПЕЛОТ на Централниот комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија, испратен до сите Македонци во Бугарија и преведен за потребите на Титовиот кабинет, Белград, 11 ноември 1948 година

57.
ИНФОРМАЦИЈА до Јосип Броз - Тито за односот на бугарската влада и партија спрема Пиринска Македонија по Резолуцијата на ИБ, Белград, ноември (крајот) 1948 година

58.
ИНФОРМАЦИЈА на Комисијата за село при Централниот комитет на КПЈ за состојбата со селските работни задруги, доставена до Јосип Броз - Тито, Белград, 16 април 1949 година

59.
ИЗВЕШТАЈ и анализа на Контролната комисија на КПЈ за казнетите поддржувачи на Информбирото во Југославија, односно во нејзините републики, вклучително и во Македонија, Белград, 10 август 1949 година

60.
ЛИЧНО ПРИДРУЖНО ПИСМО од Александар Ранковиќ - Марко до Јосип Броз - Тито, во кое му го препраќа Извештајот

на Контролната комисија на ЦК на КПЈ за дејствувањето и казнувањето на приврзаниците на Информбирот, Белград, 20 август, 1949 година

61.
ЕЛАБОРАТ за македонското национално малцинство во Грција подготвуван во југословенските политички врв, а во врска со настаните предизвикани со Граѓанската војна во Грција, Белград, 1949

62.
ГОВОР на претседателот на Владата Јосип Броз - Тито пред Президиумот на НС по повод разрешувањето на Бане Андреев од должностите во југословенската федерација, под обвинение дека се определил за Информбирото, Белград, 22 јануари, 1950

64.
ИЗВЕШТАЈ на екипата формирана од страна на ЦК на КПЈ за обиколка на партиските организации во Македодонија со согледување на разни проблеми од животот и работата на политичките и државните органи, доставен до Кабинетот на ЈБ Тито, Белград, 13 јуни, 1951

65.
ПРИЛОГ кон Извештајот на екипата формирана од страна на ЦК на КПЈ за обиколката на партиските организации во Македодонија, со согледување на финансиското работење во НР Македонија, Белград, 13 јуни 1951

66.
ИЗВОД од Информацијата за разговорот на Италијанците и западните сили за решавање на албанското прашање, април 1952

67.
ОЦЕНА на актуелната ситуација во Бугарија од страна на Државниот секретаријат за надворешни работи, Белград, 4 јуни 1953 година

68.
ПРОПАГАНДЕН МАТЕРИЈАЛ подготвуван во југословенските политички врвовисо Титова согласност и знаење, со наслов “Пет години од резолуцијата на Информбирото”, за правдање на југословенските ставови, Белград, септември 1953

69.
ДЕЛ ОД ГОВОРОТ на Јосип Броз-Тито во Истра во 1953 година, за Балканскиот пакт и односите на ФНР Југославија со Грција и Турција, Истра, 1953

## ДОКУМЕНТИ

## 1.
## ТЕЛЕГРАМА
## од Јосип Броз - Тито до раководството на Србија, Црна Гора, Санџак, Војводина, Хрватска, Словенија и Македонија за организирањето на Националниот комитет за ослободување на Југославија[1], Босна, 5 ноември 1943 година

Да се прати во Србија, Црна Гора, Санџак, Војводина, Хрватска, Словенија и Македонија.

За Словенија не постои врска.[2]

Во врска со настаните во светот и во нашата земја и со обидот на југословенската бегалска влада и на кралот на лажен начин да го искористат договорот во Москва[3] и да дојдат во земјава, потребно е најитно да се свика пленум на АВНОЈ[4] за

---

[1] Архив на претседателот на Републиката - Белград. Порано Архив на Јосип Броз - Тито. (Понатаму скратено ќе го цитираме со сегашниот назив: (АПР), КМЈ-II-5б/3

[2] Белешка на самиот документ.

[3] Состанокот на Черчил и Сталин во Москва на кој се разговарало за сферите на влијанија на Балканот бил одржан во октомври 1944 год. Овде веројатно се мисли на некоја од средбите одржани меѓу сојузниците во текот на 1943 год.

[4] Се однесува на свикувањето на Второто заседание на АВНОЈ. Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ) било политичко и општонационално претставничко тело на југословенските народи во НОВ на Југославија. Антифашистичкото собрание (веќе) на народното ослободување на Југославија, повеќе познато со кратенката АВНОЈ, било формирано на 26-27 ноември 1942 година во босанското градче Бихаќ во екот на анитифашистичката борба на југословенските народи. Иницијатор за свикување на Првото заседание на АВНОЈ бил Јосип Броз – Тито, во тоа време командант на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ и секретар на КПЈ. Неговата цел била да се создаде едно општополитичко и општонационално тело на сите југословенските народи со цел да го прејудицира идното уредување на нова Југославија. Но, тоа тогаш не го прифаќале сојузниците. На заседанието не учествувале претставници од Македонија и Словенија. За Македонија немало некое посебно значење. Второто заседание на АВНОЈ се одржало на 28-29 ноември 1943 година во босанското гратче Јајце. Иако и на ова заседание не биле присутни претставници од Македонија, тоа имало значење за неа. Со него бил раскинат континуитетот со Кралството Југославија, во која не било признато постоењето на македонскиот народ. Врз база на

донесување значајни одлуки. Бидејќи ситуацијата не дозволува ниту најмало одлагање, предлагаме уште пред пленумот да се образува привремена влада, којашто засега ќе се вика Национален комитет на народното ослободување на Југославија, а која тогаш пленумот само ќе ја потврди.[5]

---

Декларација на АВНОЈ, во која делумно биле застапени и интересите на идната македонска држава, биле донесени неколку одлуки. Со нив биле конституирани највисоките органи на државната власт и била утврдена формата на државното уредување на Федеративна Југославија како држава составена од шест републики, а пет нации. Македонија е прогласена за членка и конститутивен елемент на југословенската федерација. За потпретседатели на АВНОЈ од Македонија биле предложени Димитар Влахов и Владимир Поптомов, кој не ја прифатил функцијата. Сепак, одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, во извесна смисла, послужиле како основа за конституирањето на Македонија како посебна држава во југословенската федерација, но со ограничен суверенитет.

[5] Документот е со латинично писмо со рака напишан од Јосип Броз - Тито, но не е потпишан.

## 2.
## ТЕЛЕГРАМА
## од Светозар Вукмановиќ - Темпо, до Јосип Броз-Тито, во која се предлага Методија Андонов - Ченто за член на НКОЈ[6], Македонија, 22 декември 1943 година

До Тито[7].

---

[6] АПР, KMJ-II-4b/2.

[7] Јосип Броз - Тито (1892 - 1980), водач на Народноослободителната антифашистичка војна на Југославија (1941 - 1945), претседател на Владата на Југославија, претседател на Федеративна Југославија, почесен член на МАНУ. Роден во 1892 г. во Кумровец, Република Хрватска, а починал 1980 г. на Клиничкиот центар во Љубљана; погребан во Белград со високи државни почести. Пред Првата светска војна бил металски работник. Учествувал во Првата светска војна, кога бил заробен на фронтот во Русија. Во 1920 г. се вратил во Загреб каде што се вклучил во работничкото и комунистичкото движење; Во 1928 г. избран за член на МК на КПЈ за Загреб, а во 1934 избран за член на ПК на КПЈ за Хрватска од каде бил коoptиран за член на ЦК на КПЈ; во 1937 КИ го поставила за генерален секретар на КПЈ. Застанал против налетот на фашизмот во Европа, подготвувајќи зе за одбрана од него. Како командант на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ во летото 1941 г. организирал вооружен отпор создавајќи ја народноослободителната војска на Југославија. Победил во неколку решавачки битки против германските и други воени сили; го организирал одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ на 29 - 30 ноември 1943 кога бил избран за претседател на Националниот комитет за ослободување на Југославија (НКОЈ); се заложил за создавање на национални држави меѓу кои и за Македонија како членка и конститутивен елемент на југословенската федерација; во својство на претседател на НКОЈ во јуни 1944 г. на Вис ја примил на разговор за македонското прашање македонската делегација предводена од Методија Андонов - Ченто, претседател на ИО за свикување на АСНОМ. На 7. III. 1945 формирал привремена влада на ДФ Југославија во која, по барање на западните сојузници, привремено биле вклучени и претставници на кралската влада; со прогласувањето на ФНР Југославија на 29. XI. 1945 година, бил избран за претседател на Владата на ФНРЈ; имал забележлива улога во донесување на првиот устав на ФНРЈ, по примерот на советскиот, со кој се централизила власта во федерацијата; напоредно со премиерската, ја вршел функцијата генерален секретар на КПЈ и уште неколку други функции, централизирајќи силна моќ на личната власт создавајќи култ на својата личност. Во судирот со КПСС и Сталин во 1948 г., со помошта од западните земји, излегува како победник, но со економски и политички последици за земјата. Била употре-

Ако е некако можно, Методија Андонов - Ченто[8] да влезе во Нац[ионалниот] комитет, како претставник на Македонија.

Тоа нам многу ќе ни помогне во натамошната работа.

Темпо.[9]

## 3.
## ТЕЗИ
## од непознат автор за стремежите на македонскиот народ во сите негови делови за национално самоопределување, доставени до Јосип Броз-Тито[10], Вис[11], 26 мај 1944 година

---

бена репресијата врз неистомислениците, но сепак, во далеку поблага форма од онаа во СССР. По уставните промени во 1953 г. првпат бил избран за претседател на Републиката. Во 1961 г., по негова заслуга, во Белград се одржала првата Конференцијата на неврзаните земји, создавајќи го т.н. Движење на неврзаните земји со водечка улога на Југославија. Во периодот од шеесеттите години, па до пред неговата смрт бил трипати прогласуван за народен херој на Југославија. Во 1974 г. бил избран за претседател на СФРЈ без ограничување на мандатот. Поради неговите „заслуги за СР Македонија" бил избран за почесен член на МАНУ.

[8] Методија Андонов - Ченто (1902 - 1957), претседател на АСНОМ, на Президиумот на АСНОМ што вршел функција на влада. За време на подготовките за АСНОМ бил претседател на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Не бил комунист, а прифатил соработка во процесот на создавањето на државноста во интерес на Македонија. Се залагал за поголеми политички права и слободи и за поголема самостојност на републиките како држави во федерацијата. Од 1945 бил член на Президиумот на Народното собрание која политички била маргинализирана функција, а во 1946 г. бил отстранет и од сите политички функции и вратен во родниот град Прилеп, каде што починал. Подвлечено е во оригиналот.

[9] Светозар Вукмановиќ-Темпо (1912 - 2001) политичар и државник. Член на КПЈ од 1933. Член на ВШ на НОВ и ПОЈ. Од 1942 дејствувал политички во Македонија и на Косово и Метохија како инструктор на ЦК на КПЈ и на ВШ на НОВ. Имал активности и соработка со НОБ на Албанија. По ослободувањето началник на Политичката управа на ЈНА, член на ПБ на ЦК на КПЈ, потпретседател на СИС, претседател на ССЈ и други функции во федерацијата.

[10] АПР, КМЈ-II-4b/2

[11] Материјалот е подготвуван и му е доставен на Јосип Броз - Тито за состанокот со делегацијата од Македонија одржан во јуни 1944 година на остро-

Прилог 1[12] 26. V. 1944 год.

1. Македонскиот народ го изразува своето историско настојување (и цели)[13] за обединување на сите негови делови. Тоа е негово национално право, па поради то тоа настојување останува негово постојано барање.

2. Меѓутоа, со оглед на сегашната меѓународна ситуација, внатрешната положба кај македонскиот народ, соседните земји и степенот на развојот на оружената борба на македонскиот народ, би било прерано поставувањето на националните стремежи на македонскиот народ во форма на акциони барања, било од страна на врховните претставници на федеративна Југославија, било од страна на раководните органи на македонскиот народ. Таквото поставување во денешно време би го сопирало единството на антихитлеровскиот фронт на обединетите народи, што би ги довело во неповолна меѓународна положба Југославија во целина, а особено македонскиот народ.

3. Патот кон ослободувањето и самоопределувањето на сите делови на македонскиот народ до денеска оди преку развивањето на широко ослободително народно движење против фашистичкиот окупатор на чело со Хитлер, организирањето на решителна оружена борба против тој главен непријател на македонскиот народ. Во рамките на тоа движење и борба и македонскиот народ надвор од границите на стара Југославија[14] може[15] да го постави прашањето за национално определување и демократски права.

4. Македонскиот народ во Југославија сака развивање на народноослободителната борба на македонскиот народ против фашистичките окупатори во сите негови делови, свесен за тоа

вот Вис во Јадранското Море, каде што било разговарано за целите на борбата на македонскиот народ по ослободувањето на Македонија.

[12] Дописаното е ракописно.

[13] Дополнувањето е редакторско.

[14] Се однесува на Кралството Југославија формирано на 1 декември 1918 година, тогаш со името Кралство на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство на СХС).

[15] Подвлеченото е во оригиналот.

дека токму во таа и во таква борба стекнува право на ослободување и самоопределување на целата своја земја. Во согласност со таа желба тој ќе ги помага сите такви ослободителни движења, каде и да се појавуваат тие.[16]

## 4.
## ЕЛАБОРАТ (РЕФЕРАТ)
## од Сретен Вукосавлевиќ[17] со наслов „Македонските проблеми" до Јосип Броз и до југословенско раководство[18], Вис, 4 јули 1944 година

МАКЕДОНСКИТЕ ПРОБЛЕМИ

Геополитичкиот аспект на македонскиот проблем[19]

Балканскиот Полуостров е географски разединет, разбиен, повеќе отколку кој било друг европски полуостров. Дотолку е поважна онаа единствена долина, Моравско-вардарската, која се провлекува низ целиот полуостров. Таа е широка и долга од крајот до крајот на полуостровот, поставена точно на средината. Отворена е сосема широко од север, од кај Србите. Преминот од Моравската Долина кон Вардарската е нечувствителен дури и за пешакот. Широко отворена од југ од кај Грците. Мрежата на сите патишта што во таа долина се слеваат, е најдобра и најширока мрежа на Балканскиот Полуостров и сочинува една целина-најголемата балканска сообраќајна целина. Таа на Балканскиот Полуостров овозможува најголема размена на економски добра, претставува подлога за најголемите меѓусебни политички и културни влијанија, за најголемите и најчестите воени движења, за етничките мешања и за најголемите државно-политички творби. И, речиси сите други сообраќајни

---

[16] Документот не е потпишан.

[17] Член на Претседателството на АВНОЈ избран на Второто заседание на АВНОЈ како претставник од Србија. На 7 март 1945 година избран за министер на колонизацијата во владата на Јосип Броз-Тито, исто како претставник од Србија и во тоа својство ги презентира српските ставови за Македонија.

[18] АПР, КМЈ-II 4ђ/1.

[19] Подвлеченото е во оригиналот.

правци, по овој најголем Моравско-вардарски, не само што ја пресекуваат оваа долина, туку со еден голем дел минуваат низ неа. Двете единствено географски добри врски со Јадранското Море, со внатрешноста на Балканскиот Полуостров, во голем дел минуваат низ оваа долина. Врската од Скадар до долниот дел на Дунав, Романија, Русија. По тој правец требаше да минува железничката линија Јадранско Море - Русија, која многу ја посакуваше Русија пред Балканската војна, а во тоа помогнаа Италија, Србија и Романија. Вториот главен сообраќаен правец Валона-Битола-Тракија-Цариград отсекогаш многу ги интересираше Србија, Грција, Италија и Турција.

Оваа долина од северната страна од кај Бугарите е целосно затворена. Геополитички таа не прави никаква целина со Бугарија. Западна Бугарија има своја врска со Бело Море преку долината на Струма, која целата сочинува геополитичко единство со Бугарија. Тоа единствено Србите го разбија со заземањето на Струмица и изворите на Струма. Со тоа зачекорија во туѓо геополитичко единство и без оправдување е дека за тоа ги присилуваат некакви животни интереси. Тоа е тоа што Бугарите, со причина, мораат секогаш да го чувствуваат – дека им е направена неправда од страна на Србите.

На таа долина секогаш се одлучувала судбината на балканските народи. За еден балкански народ е поважно да има дел од таа долина отколку да има некоја друга покраина, па дури и многу поголема и многу побогата. Но, исто така е тешко и опасно да се поседува и да се чува. Северниот дел на таа долина, моравскиот дел, го имаат Србите како свој национален посед. Вардарската долина национално е поделена: јужниот дел национално целосно го освоија Грците, а околу северниот дел е југословенска Македонија.

Историското значење и рангот на секој балкански народ, сепак се определуваше според тоа колкав дел од таа долина поседува. Во целата своја историја Србите покажаа дека, по воениот или политичкиот пораз, сепак можат да го прифатат резигнираното решение многу неповолно на секоја друга страна освен на оваа. Дури и со Бугарите ги прифатија мошне неповолните решенија на граничните линии на Понишавјето и Тимок.

Истото се случи и на сите гранични линии со другите соседи. Тоа не било само еднаш, ниту во средниот век, ниту во новиот век, Србите целосно да ја заборават Босна, а со сета сила се ангажирале за Македонија. Кај Србите за ова прашање, свесно или не, секогаш постоел интерес: ако со целиот Вардарски слив владее само еден сопственик, тој не само што владее со една покраина за која Србите мислат дека е етнички и историски нивна туку тој е опасен и за другите српски покраини, оние средишните и најважните. Стремежот преку оваа долина да се добие пристап кон Белото Море, иако понекогаш бил мошне силен, сепак, за Србите бил само спореден мотив во борбите за Вардарската долина. Поради тоа, секогаш, прилично лесно се помируваа со Грците околу Македонија, кога Грците не барале повеќе освен да го поседуваат под своја власт само излезот од Вардарската Долина кон Бело Море.

Економскиот аспект на македонскиот проблем

Исто како геополитичкото единство, постои и стопанско единство на Србија и југословенска Македонија. Со Грција, со Бугарија, со бугарскиот дел од Македонија, југословенската Македонија не е во такво стопанско единство бидејќи во сите тие економии се произведуваат истите артикли. Стопанството на Србија и на цела Југославија и стопанството на Македонија се дополнуваат и се целосно комплементарни. Таа комплементарност не е создадена и плански одржувана туку постои самата од себе според објективните услови. Тие две стопанства се најпотполната складна целина што значи едната без другата нема природни услови добро да се развива.

Откако е присоединета кон Југославија, Македонија уште повеќе отколку порано почна да го произведува тоа што Југославија го троши непосредно или пак во индустријата. Македонските полиња имаат сосема поинаков изглед отколку српските. Има помалку житарки, а ливади и овоштарници нема воопшто. Градските пазарчиња со понудата нималку не наликуваат на пазарите во Србија. На нив преовладуваат колонијални производи како во воневропските земји.

За ваквото земјоделско стопанство постојат објективни услови во подлогата, климата и во обезбедената потрошувачка

во поголемиот дел во Југославија. Македонскиот селанец ја приспособил организацијата на своето домаќинство според ова производство. Мал дел од своето земјиште го сее со житарки, кои ги обработува на застарен начин. Кога на тој начин ќе си обезбеди леб за целата година или за поголемиот дел од годината, на преостанатиот дел од својот имот слободно се впушта во производство на артикли што ги имаат сите, освен на тутунот и виното, со многу варијабилни цени. Тука тој работи со неселски менталитет, мошне прогресивен, го следи флуктуирањето на цените, ги менува методите на работа. Ги менува посевите: по две-три години лоши цени на опиумот, на пример, сади рицинус или кикиритки или пак некој посев за кој порано никогаш не слушнал. Во научената и усвоената технологија на производството на овие артикли, техника често мошне фина и сложена, во ова неселско и нетрадиционално гледање на работата, има еден многу важен капитал за сè поголем развој на македонското стопанство, кое уште повеќе ќе се развива според потребите на југословенската потрошувачка. Кога македонското земјоделско стопанство не би го пљачкале оние што со малку повеќе огледи ги пљачкаа и аграрните стопанства на другите краишта, тогаш во составот на Југославија ќе се најдат услови подобри од кој било друг државен состав, во Македонија да се развие домашната индустрија за преработка на суровини од македонското стопанство.

Доколку македонското стопанство не било порано комплементарно со српското и воопшто со југословенското, кога Македонија влезе во составот на Србија, таа го приспособи и во тоа најде свој просперитет и покрај некои пљачкосувања на откупот на приносите од стопанството. Ниту во друг државен состав таа не би имала толку поволни објективни услови за пласирање на своите производи колку во составот на југословенската држава. За многу производи што се трошат во Југославија и Македонија ќе има една исклучително повластена положба како единствена покраина што може да ги лиферува. И обратно: во југословенскиот државен состав Македонија ќе може подобро отколку во кој било друг да престане да произведува

многу производи што на друго место може да се производат порентабилно.

Ова стопанско единство на Македонија со Србија и преку неа со Југославија најде израз во големите и поволните промени во структурата на македонското стопанство и во нејзиниот просперитет. Објективните услови за напредок беа толку силни што не можеа да ги попречат ниту луѓето што воспоставуваа еден многу лош политички, социјален и економски режим. Луѓето заминуваат и кога ќе им мине времето треба нешто старо нагло да умре: лесноумните и површните, однатре гнилите и како поединци и како заедница, луѓето без искрено национално чувство и без политичка смисла. И покрај сѐ, Македонија за овие триесет години стопански напредуваше многу повеќе отколку кога било, што нејзините села и нејзините градови во економскиот развој биле побрзи од која било друга покраина, тоа било поради тоа што таа, во државниот состав со Србија и со Југославија, го има најважниот објективен услов за развој на своето стопанство.

Историската свест во југословенска Македонија

Заеднички, македонски, историски, традиции нема ниту малку и никаде. Нема македонски епос, нема македонски историски приказни, нема ниту едно македонско име кое останало во народното сеќавање. Нема некој споменик на материјалната култура, градба, пишувано дело, кое Македонците го сметаат за заедничка сопственост. Нема некое место за кое се поврзани заедничките македонски историски спомени. Никаков историски настан.

Нема македонска историска традиција, освен локалната, поврзана со едно село или со неколку најблиски села. Секоја друга историска традиција е слабо развиена, но, доколку ја има, таа е само српска и заедничка со Србите. Но, таа историска традиција, не е ни одблизу така и толку важен елемент во свеста на македонскиот човек, колку што е важна во свеста на еден Србин од западните или од северните краишта.

Српската држава била последната држава што владеела со Македонија пред турското ропство. Србите се единствени, освен Грците, кои оставиле бројни споменици на материјалната

култура: манастири, цркви и градови. Православната црква во средниот век потпадна под власта на српската патријаршија. Поголемиот дел од Македонија, сè до пред почетокот на деветнаесеттиот век, постојано бил под власта на српската патријаршија. Сè друго било под власта на грчката. Католиците и во старата држава и за другото време во Турција, потпаднале под власта на „примасите на Србија" од Бара. Во сето тоа изгледа лежи и причината што целата историска традиција е српска.

Јунаците на косовскиот еп, сите јунаци од другиот српски еп, се единствените личности во македонската народна традиција. Друга нема ниту една. Во Катраница, на крајниот словенски југ во грчка Македонија, најдов дека живее целиот косовски еп. Слично е и во целата југословенска Македонија. Тука и не знаат дека тоа е српски еп и српски настан, туку за тоа се знае како за настан „христијански" и „словенски".

Според тоа каде постои историска традиција, може да се поставaт јасни граници. Може да се одбележи јасна граница од која почнува грчката историска традиција, од која албанската, па и бугарската. Меѓу југословенската Македонија и Србите таа граница ја нема. Историската традиција е иста кај македонските Словени и кај Србите. На тој факт, дека историската традиција на македонските Словени иста како и кај Србите, не може да се заснова тврдењето дека тоа население е српско. Историската традиција е само еден од елементите на националната свест. Понатаму, во Македонија тоа не е традиција, која народот ја сфаќа како српска, туку како своја.

<u>Јазичниот аспект на југословенска Македонија</u>

Македонските Словени зборуваат на дијалекти кои, во разни нијанси се премин од ресавско-призренскиот дијалект, кој бил главен српски дијалект во старо време, па до дијалектите на средна Бугарија. Сите овие дијалекти, но само главно, се слични едни на други отколку на српскиот или на бугарскиот литературен јазик. Сличноста со српските или со бугарските дијалекти не е распоредена според географската оддалеченост од Србите или од Бугарите. Во селата, на пример околу Софија, се зборува на јазик поблизок до српскиот отколку во Пирот или во Заечар. Во струмичкиот или во радовишкиот крај на југословенска

Македонија се зборува на јазик поблизок на бугарскиот отколку во ќустендилскиот крај во Бугарија.

Иако сите дијалекти во овој комплекс сочинуваат главно една целина, сепак меѓу нив има битни синтактички и граматички, акцентски и лексички разлики. За да ја илустрирам длабочината на овие разлики, ќе наведам само еден пример. Назалите (носни гласови) биле една од карактеристиките на одделните словенски јазици. Во секој од словенските јазици ова еволуирање одело по ист пат за целата област на тој јазик. Во македонските дијалекти тоа еволуирање не е еднакво за сите. Од еден ист назал во некои се создало у (рука, пут) исто како кај Русите, Србите и Хрватите. Во другите македонски дијалекти настанало а (рака, пат). Во трети се создало о (рока, пот). Во четврти како кај Полјаците, останал стариот назал (ронка, понт). Во петти еволуирало како и кај Бугарите во ъ (ръка, път). Слично е и со другите важни јазични еволуции во македонските дијалекти.

На никаков начин не може да се исконструира некоја, каква било, јазична граница на Македонците спрема Србите или спрема Бугарите. Спрема Албанците и Грците јазичната граница се совпаѓа главно со националната.

Националната определеност во Македонија

Националните борби во самата Македонија и борбите на Србите и Бугарите за Македонија не можат да се разберат поради тоа што тие се гледаат само за последните 60 - 70 години и во Македонија се гледаат одделно. Меѓутоа, тука е во прашање еден процес што почнал неколку десетини години порано и во една многу поголема област. Во таа област влегува освен Македонија уште и српското јужно Поморавје, Понишавје, јужниот дел на Тимок и западна Бугарија, близу до Искар. Словенското население на целата таа територија, која сочинува една етничка заедница, дури за последните сто години национално се определувало како Срби или Бугари. Единствено во Македонија, и тоа ниту одблизу во целата, тоа национално определување останало недовршено сè до денес. Како се остварувал тој процес, каква била механиката на националното определување на масите и истакнатите поединци од нив, за сето тоа тука не може да се зборува.

Националната определеност изгледала вака: прво, во долно Понишавје и во јужно Поморавје - Срби, истовремено во горно Понишавје и јужен Тимок - Срби, а во западна Бугарија Бугари, истовремено во долината на Струма Бугари, а во извесни пошироки области на северна и западна Македонија Срби. Во другата југословенска Македонија тој процес сè уште не е завршен и во последно време е компликуван со тоа што се појавуваат извесни стремежи за посебно, македонско национално определување. Но, тие стремежи не се појавуваат во оние области кои веќе национално се определиле.

1.

На просторот на јужен Тимок, Понишавје, јужно Поморавје и западна Бугарија, во последната третина на деветнаесеттиот век, повлечена е остра и цврста национална граница меѓу Србите и Бугарите иако во апсолутно ист етнички материјал. Покраините дефинитивно се определиле едни на Србите, едни на Бугарите. Тие национални граници ги примиле, главно, за дефинитивни и Србите и Бугарите. Меѓутоа, во минатата светска војна[20] Бугарите уште не беа целосно помирени со тоа, па бараа да присвојат за себе цели покраини западно од таа веќе утврдена линија. Со тоа против себе предизвикаа едно широко и мошне крваво востание (1917 г). По таа војна Србите, исто така, не ја почитуваа во целост таа дефинитивна граница, туку заседоа некои области од источната страна на таа линија. Народното во тие области, според своите чувства, и понатаму остана цврсто бугарско.

2.

Без каква било неволја Србите со заземањето на Струмица и областа од Бугарија отворија еден веќе затворен национален спор. Областите од историското Знеполе сосема долго време ѝ припаѓаа на српската држава, а сè до пред почетокот на дваесеттиот век беше под црковната власт на Пеќската патријаршија. Но, народот во нив за неколку десетици години на живот во бугарската држава неотповикливо ѝ се придружи на бугарската национална заедница.

[20] Се однесува на Првата светска војна 1914 - 1918 г.

3.

Во широките области на бугарска Македонија на која границата спрема бугарска Тракија не може јасно да ѝ се одбележи, исто така, несомнено, извршен е процес на целосна бугаризација на македонскиот народ. Турците и Грците ги иселиле Бугарите. Сега таа стана една покраина национално бугарски похомогена отколку покраините во самата Бугарија. Никогаш не постоела етничка граница меѓу западните бугарски покраини и оваа Македонија. Сега не постои ниту национална. Во блиското минато не постоеше ниту еден знак дека народот од оваа покраина сака да се оддели од бугарската национална заедница. Нема ниту сега. Во оваа бугарска Македонија било полесно од каде било на друго место да се поведе народноослободителна борба за слободна Македонија. Не е забележано дека тоа се случило. Од оваа покраина Бугарите создадоа база за сета работа во југословенска и во грчка Македонија. Народот во неа сега е бугарски. И кога би бил во Македонија, би останал бугарски. Ако оваа покраина се присоедини со југословенската државна заедница, Бугарите тоа би го почувствувале како делење на бугарскиот народ и тоа би било најголемата пречка на духовното помирување меѓу Србите и Бугарите. Би била несреќа и за Македонија и за Југославија како држава, но и за Бугарија, тоа да им се одземе на Бугарите.

4.

Исто така дефинитивно станаа Бугари и оние македонски Словени во областа на Струмица и во поголемиот дел на извориштата на Струма, кои ѝ припаѓаат на Југославија.

Целосно би било без основа тврдењето дека Словените од сите сега национално бугарски покраини може да станат нешто друго бидејќи веќе дефинитивно се определија како Бугари. Не може да се замисли таков процес на враќање назад со еден повисок степен на националниот развој на еден понизок степен на кој националноста не е формирана толку колку што е сега кај нив. Нема ниту еден знак, според кој би можело да се каже дека тие не сакаат да бидат во бугарската држава. Тие

станаа Бугари уште пред ослободувањето (1912 г.)[21] Во собранието на Бугарија[22] тие и сега како и за време на минатата војна ја помагале бугарската влада. Дури на 30 јуни 1944 година Радио Лондон јави дека бугарскиот министер за внатрешни работи Станишев јави дека само некои македонски пратеници престанале да ја поддржуваат Владата.

5.

Во југословенскиот дел од Македонија има добар дел од македонските Словени кои ја примиле српската национална ориентација. На ист начин и во исто време кога и Словените во бугарска Македонија бугарската. Тој факт никој не може да го оспори. Може лесно да се утврди и тоа во кои области процесот на национализирање е завршен вака. Колку Македонци ја примиле српската ориентација по 1912 година не може да се оцени дека еден поголем дел, којшто ја примил, не ја примил така искрено како оние кои ја примиле порано. Затоа тука ќе стане збор само за оние кои српската ориентација ја имаа уште пред 1912 година. Овие Срби беа Срби без резерви во поранешната комитска акција против Бугарите. За време на бугарската окупација во минатиот век останаа Срби, масовно учествувале во буните и масовно страдале од Бугарите. Такви Срби кои етнички до влакно се исто што и другите македонски Словени, компактно ги има во северниот дел на Македонија до над самото Скопје. Дури и во краиштата покрај бугарската граница. Такви се уште реоните Азот, Порече, Прилепско Поле, Охридски Дримкол, Река и во прилична мера во двата Полога. Надвор од овој голем комплекс на Срби (такви) нема во некој поголем број. Во градовите речиси секаде се малубројни, па и во градовите, освен во два-три, кои се во средината на овој српски комплекс.

Кога и тука би се прифатило дефинитивното национално определување на еден крај како завршен чин, па тој крај да се присоедини кон сопствената национална заедница таа работа

---

[21] Се однесува на Првата балканска војна кога била поразена Османската Империја и Македонија била ослободена од турската власт.

[22] Се однесува на Народното собрание на Бугарија, кој бил официјален назив за овој орган.

би изгледала сосема проста и природна. Но, и тука тоа не е, ни најмалку, едноставно. Таа македонска територија на која што народот се чувствува српски, врзана е за српската територија со лента долга малку повеќе од десет километри. Како што се оди кон југ, таа територија е сосема широка, па кај Скопје прекината, потоа пак широка, па се завршува со еден тесен клун на албанската граница западно од Охридското Езеро. Тој сосема значаен дел на Србија не може да се состави во една територијална целина и да се оддели од Македонија, но дури и некако да се направи тоа, тогаш остатокот од Македонија би бил сосема недоволен за некаква посебна единица.

6.

Во процесот на националното определување, кој за последните сто години е остваруван на оној голем земјишен комплекс, во кој што се вклучува и Македонија, најважно било националното определување меѓу Србите и Бугарите. На северниот поголем дел на тој комплекс, тоа беше и единственото. Во јужниот дел тоа не е единственото. Тука во овој главен процес се сплеткува и националното определување меѓу другите народи.

Националното определување на македонските Словени за Грци се случувало под влијанието на црквата и под другите силни влијанија на Грците како најкултурен балкански народ. За последните дваесет години Грците со насилство го завршија решавањето на проблемот на националното обележување речиси на цела грчка Македонија. Ги вселија Грците. Самиот интернационален сервис всели од Турција во Грција еден милион и триста илјади Грци. Најмногу во Македонија. Многу беа вселени и пред тоа. Словенското население било иселувано во најголемиот дел во Бугарија. Делумно и во Југославија. Турците, исламизираните Албанци, исламизираните Романци, сите биле иселени. Од повеќето краишта на грчка Македонија била создадена грчка хомогена национална област, од целата грчка Македонија била создадена покраина со апсолутно и тоа големо грчко мнозинство.

7.

Имаат доста бројна маса на исламизирани Словени во западна Македонија, па и во централна околу Скопје, Велес и во

Тиквеш, а ги има и во Албанија, во областа Голо Брдо најмногу, кои сега национално се целосно неиздиференцирани, а кои можеле да станат Албанци, а понекаде и Турци. Во областа Река народот се чувствува српски иако еден дел зборува албански.

8.

Романското[23] население во Македонија уште дефинитивно национално не се определило. Тие се чувствуваат поблиски до Србите отколку до Бугарите, но поблиску до Грците отколку до Србите. Бројот на Романците во југословенска Македонија не е толку незначаен. Постоеше еден италијански политички план, од Романците кои се потомци на старите римски населеници на дел од стариот пат "Виа Егнатиа" околу Битола и Крушево да создадат една државно-политичка формација, како уште една експозитура на Балканот. Тој план во оваа војна не се реализира само поради тоа што Италија немала можности во целост да го реализира оној дел од своите балкански планови кој би бил насочен против Бугарите.

9.

Во Македонија и сега има мошне голем број Турци. На левата страна на Вардар најмногу. Политички тие се чувствуваат многу поблиски на Србите отколку на Бугарите.

10.

Во последно време се појавува еден нов смер на националното определување кај словенското население на поголемата половина од Македонија. Тоа е настојувањето да се создаде посебна македонка националност. Кога било порано да се зборувало за македонството, тоа било само тактика пресметана на тоа да се смират противниците во Македонија. Сега има знаци дека тој стремеж е искрен кај словенското население во западниот дел на јужна и во јужниот дел на централна Македонија. Тоа што овој стремеж е нов, сам по себе не е доказ дека македонството не може да се оформи. Оние кои сега се за македонството зборуваат дека во просветната и во црковната политика на деветнаесеттиот век и во револуционерната акција на пос-

[23] Се однесува на влашкото население во Македонија, кое составувачот на документот го третира како романско.

ледната десетина на деветнаесеттиот и во првата деценија на дваесеттиот век се наоѓа основата за таквата ориентација. Тоа не е точно. До 1912 година целата просветна акција во тие краишта кои се определуваа за Срби, била обележана како српска, јасно и нескриено. Била, исто така јасно и нескриено грчка во оние краишта кои се определуваа за Грци. Била бугарска во оние краишта кои се определуваа за Бугари. Македонска не постоела никаде во целата Македонија. Во црковната организација било исто. Оние што се определувале за Срби или за Грци сите потпаѓале под Цариградската грчка патријаршија. Србите под врховната власт на таа патријаршија имале две архиерејства: скопското и велешко-дебарското. Другите македонски православни Словени потпаѓале под власта на бугарскиот егзарх. Егзархијата била бугарска и според името, и според духот и според работата. Таа била власт и по Кнежевството Бугарија. За македонските православни Словени не постоела никаква посебна македонска експозитура на егзархијата. Сите овие факти не се спорни и тука не може да постои никаква забуна. Нема ниту еден белег дека до 1912 година народот од кој било дел на Македонија во просветните и во црковните работи барал нешто да се постави на македонски национални основи. Не барал ниту по 1912 година.

Околу 1895 година[24] почнала работата на бугарската революционерна организација. Ја основале професорите на бугарската гимназија во Солун. Малку подоцна грчката и српската. За грчката и српската революционерна организација никој не тврди дека не биле национално определени како грчка или српска. За бугарската некои сега тврдат дека била „македонска”, а не бугарска. Порано, кога таа организација се гледала преку дејствувањето, немало забуна околу тоа што е таа. Сега е потребно тоа да се разјасни.

Во името на сите организации секогаш постоел и називот „македонска”. И во името на грчката организација постоел тој назив. Бугарската организација сè до 1912 година се нареку-

[24] Веројатно мисли на 1893 година кога била основана Внатрешната македонска револуционерна организација.

вала „македонско-одринска” (едренска). Ја опфаќала и едренска Таркија сè до Цариград, а тамошните Словени неспорно се Бугари. Тие Бугари никогаш немале некоја друга револуционерна организација освен оваа, македонско-одринската. Сите балкански држави имале и по една своја револуционерна експозитура во Турција. Бугарите никогаш немале во Македонија друга освен оваа македонско-одринска. Во Првата светска војна таа организација, за сметка на Бугарија и Австрија, повела борба против Србите уште пред влегувањето на Бугарија во војна. Нејзе бугарската власт ѝ дала ингеренции во окупирана Македонија и во Србија. Таа ги направи оние крвави насилства во окупираната Топлица и Јабланица, овие исти области на Србија, каде што сега се водат народноослободителните борби. Таа ги направила и оние страшни ѕверства во српските области од Македонија. Ова организација од самото нејзино создавање водела постојани борби во Македонија со Србите и со Грците. Ги водела континуирано, крваво и безобѕирно. Секој треба да признае дека ниту нејзините противници, Србите и Грците, не биле нималку подобри.

Оваа организација била секогаш најживо и најинтимно замешана во внатрешниот политички живот на Бугарија. Била во сите други периоди појака политичка сила во внатрешниот живот на Бугарија отколку која било политичка партија во Бугарија. Таа била главниот фактор во уривањето на „земјоделскиот” режим и убиството на Стамболиски[25] и во задушувањето на Септемвриското востание на „обединетиот фронт” на земјоделците и комунистите кога загинале 30.000 бугарски селани, работници и образовани луѓе. Сето тоа таа не можела да го прави ако не била бугарска.

[25] Александар Стамболиски (1879 - 1923), лидер и идеолог на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС). Поради храбрите искажувања против Фердинад и учеството на Бугарија во Првата светска војна, бил осуден на казна затвор, а во 1918 година амнестиран. Во октомври 1919 г. на избори, станал премиер на коалиционата влада, а од 21 мај 1920 до 9 јуни 1923 ја раководи земјоделската влада. Со своите мерки му се замерил на крупниот капитал. Симнат од власт со превратот од 9 јуни 1923 година.

Организацијата се фракционирала неколкупати. Главното фракционирање било она на „врховисти” и „централисти”. Врховистите биле во директна служба на дворот. Неспорно, најидејниот, најчесниот претставник на таа струја меѓу централистите, која наводно била најнезависна од бугарските влади, бил Гоце Делчев. Тоа е најсветлото име во целата оваа организација. И тој бил Бугарин. Во печатените спомени на неговиот другар и соработник, познатиот бугарски писател Јаворов (кој бил роден од Бугарија), јасно се гледа дека и за Делчев македонството било само тактика.

Според сето тоа, да се зборува за работата на ВМРО (Внатрешна македонска револуционерна организација) како за дејност на создавање на посебна Македонија и од тоа да се создава некоја македонска револуционерна традиција, целосно е неточно. Ова е во најчест случај свесно и планско искривување на фактите. Камуфлажа во корист на Бугарите.

Заклучок

Се трудев во овој реферат да ги изложам сите главни факти кое е потребно проблемите за кои станува збор поправилно да се разберат. Свесен сум за одговорноста кому му го поднесувам рефератот во какви прилики. Се трудев некој факт да не го претставам погрешно. Ако во нешто сум бил необјективен како Србин, тоа би можело да биде само без намера, па мислам дека ниту еден факт не е многу извртен. Не одбирав некои факти, а да запоставам други, туку го изложив секој кого го сметав за важен, без оглед каква светлина тој ќе фрли на овие проблеми. Секој еден факт го изделив и го маркирав малку поостро за да биде јасен, бидејќи не можев да излагам опширно, толку колку што е доволно излагањето да се вообличи во нијанси така како што во реалност постои. Морав фактите да ги издвојувам од нивниот комплекс и да ги маркирам малку преостро. Во изведувањето на заклучоци намерно не сакав да бидам толку решителен колку во изнесувањето на фактите, зашто во констатирањето на фактите, човекот, само ако сака, може лесно да се одбрани од необјективноста. Во доволна мера може и за оние без намера, несвесните. Во изведувањето на зак-

лучоци секој човек е во поголема опасност да биде субјективен отколку во изнесувањето на фактите. Поради потреба од јасност и заклучоците видливо ги издвоив едниот од другиот.

1.

Процесот на националното определување во Македонија не може, како што видовме, ниту малку да се разбере, освен во рамките на националното определување на целиот тој голем, ист етнички комплекс на територијата од која Македонија е само еден дел. Кој денеска го гледа македонскиот проблем како посебен балкански проблем, го гледа неточно. Го гледа сосема тесно и самоволно го отсечува од неговиот општ балкански склоп од кој е само еден неодвоив дел. Вистинското политичко значење на македонскиот проблем е токму во тоа, што тука не се решава само судбината на народот во Македонија - што е важно и самото по себе - туку се решава судбината на односите на главните народи на целиот Балкан. Околу Македонија сега е единствен, но за двете страни фатален, српско-бугарскиот спор. Секогаш решаван преку страшни вечни борби, решаван и со спогодби, но секогаш со краткотрајни и секогаш, апсолутно секогаш, досега нелојално заклучувани и нелојално почитувани од двете страни. Тоа е последниот остаток на српско-бугарскиот спор, завршен на главнината на спорниот територијален комплекс. На другите делови од тој територијален комплекс тој спор е веќе решен со дефинитивните национални определувања на народите за Срби или за Бугари. Со тоа решение веќе се помирија сите разумни Срби и Бугари. Се помирија на тој начин што на почетокот само резигнирано и неволно го прифатија решението. Но го прифатија.

На тој голем територијален комплекс постоеше и српско-грчки спор. До турската инвазија и тој беше решаван со тешки и речиси постојани војни. За последните сто години тој спор не бил од некакво преголемо значење. Со дадените досегашни решенија, главно се помирија и Србите и Грците.

Постоеше и денес постои и тежок бугарско-грчки спор на истата ова територија и проширен уште на Тракија и некои области на источна Румелија. Во источна Румелија спорот дефинитивно е решен во корист на Бугарите. Со решението се

помирија главно и едните и другите. Во Тракија и во грчка Македонија е решен во корист на Грците. Со решението со помирија Грците, а Бугарите не.

Заедничкото дејствување на балканските народи на заедничката иднина не е возможно додека овие големи спорови меѓу Србите, Бугарите и Грците не се решат дефинитивно така, со решението да се помират сите три главни балкански народи. Во тоа е главното значење на македонскиот спор, а не во македонскиот проблем самиот по себе. За балканската судбина денес најдобро би било македонскиот проблем да не постои никако, туку и остатокот од Македонците досега некаде да се определи. Но, да се определи дефинитивно или за Срби, или за Бугари или дури и за Грци. И тоа би било добро решение овој остаток од Македонците да се определи и поделено, но само дефинитивно: едни за Срби, едени за Бугари едни за Грци. Би било добро решение овој остаток од Македонците целиот да се определи за македонство, или пак оние кои тоа веќе го направиле дефинитивно, не се определиле ниту за Срби, ниту за Бугари туку сите за македонство. Од гледна точка на големите балкански интереси секое дефинитивно решение е добро решение. Македонците се еден етнички преоден елемент, па можеле да стануваат и Срби и Бугари. Има знаци ова население, кое досега сѐ уште не се определило национално, да стане македонско како посебна национална заедница. Но, тоа важи само за оние Македонци што досега национално не се определиле.

Сите дефинитивни национални определувања во сиот овој голем етнички комплекс, треба да се прифатат и со нив сите да се помират. Да се прифатат, па да се оди понатаму кон социјалните и политичките насоки како што ни диктира новото време. Да не се вовлекува, да не се враќа во спорно ништо од она што веќе еднаш е решено. Повторно да не се шири површината на која ќе има кошкање меѓу Србите, Бугарите и Грците. Напротив да се настојува таа површина да остане толку тесна колку што е тесна и да станува сѐ потесна. Поради тоа е потребно од југословенската Македонија да се издвои областа на Струмица и делот од изворите на Струма и да се присоединат со Бугарија. Целиот народ од тој крај се определил како бугарски. Со посе-

дувањето на овие краишта Југославија ѝ ја пресекува на бугарската држава долината на Струма, една од, во секој поглед, најважните речни долини во Бугарија. Бугарите со тоа не можат да се помират. Со тоа не значи да се прават некои вештачки државно-правни конструкции, туку значи само потчинување на она што без сомневање го налага националната и геополитичката реалност. Со таквото потчинување би се створил еден морален и политички предуслов за скорешен и дефинитивен српско-бугарски договор. Тоа значи дека сите македонските прашања, сами по себе, сепак се споредни.

2.

Македонија сега се создава под најнеповолни морални и политички услови за Србија. Се создава непосредно по озлогласениот режим за српски, насекаде лош, особено лош за Македонија. Се создава во некоја рака како негација спрема Србија. Во таквиот став има извесни не мали опасности. Таа негација е најсилна во македонските градови. Големо мнозинство на словенското население во македонските градови порано било бугарски обработено. Поради влијанието на просветната, црковната и револуционерната организација, мнозинството од македонската буржоазија уште во времето на турскиот режим се определила бугарски, дури и во оние области, во кои сите или пак мнозинството од селата биле српски определени. Антисрпското расположение на таа словенска македонска буржоазија е доста зголемено по 1912 годна. Српската буржоазија, млада и гладна, си земаше за себе преголем дел од заработката и од пленот на експлоатирањето на една покраина, богата и напредна како што е Македонија. Понатаму, во Македонија повеќе отколку во која било друга југословенска покраина, целото политичко и културно водство е само од градовите. Режимот не дозволил услови да се школуваат селските деца. Особено не од српски определените краишта, кои се планински, се позафрлени и посиромашки од другите. Образованите луѓе од Македонија биле повеќе запоставени отколку образованите луѓе од која било друга покраина. Иако тоа не било по вина на цела Србија, сепак се има таков впечаток. Оваа околност доста влијае на ориентацијата на македонското водство. Затоа таа ориенатција била

остро антисрпска. Но тоа не е вистинскиот израз на расположението на широките народни маси, особено на селските. При создавањето на рамките на Македонија, правнополитички и територијално, таа ориентација треба да се доведе на онаа мера која би била вистинскиот израз на народното расположение.

3.

Процесот на националното определување и националното ограничување на големиот земјишен комплекс од Јужна Морава во Србија па до Бело Море, досега се одвивал во насока на национално определување за Срби, Бугари или Грци и националното разграничување меѓу тие три народи. Тоа е факт. Сега во југословенска Македонија во поголемата половина на таа област, се јавува стремеж народот да се определи за Македонија. Тој стремеж постои. Колку тој стремеж кај народните маси е широк и длабок, треба да се испита. Од сегашното однесување на југословенска Македонија тое не може да се процени. Треба да ѝ се дадат услови непречено да се искаже. Условите однапред не можат да се определат теоретски ниту по аналогија со другите федерални покраини. Посебноста на Македонија, но и сите посебности во Македонија треба да добијат можност да се искажат и да се развиваат. Тоа не значи да се форсира националниот развој во кој било правец, по секоја цена, само поради тоа да не се попречува. Тоа би била директива која одговара на реалноста. И да се заштити Македонија од неправедната економска експлоатација од страна на другите покраини.

4.

Геополитичкото единство на Македонија и Србија (освен областа во долината на Струмица) е една значајна реалност. Од природата условено стопанско единство на југословенска Македонија и на Србија е втората реалност. Третата реалност е сентименталната. Турците Македонија ја одзедоа од Србите, а е ослободена од турското ропство со српска крв. Таму биле главите центри на старата српска држава, таму се најважните споменици на старата српска култура. Четвртата реалност е фактот што во југословенска Македонија, иако во помалата половина, живее население кое во националните борби се определи-

ло како српско и за кое Србија има чувство на национална солидарност. Понатаму, во Србија живеат голем број доселени Македонци, а во Македонија Срби од Србија. Од самото Скопје Бугарите сега[26] отселиле 30.000 Срби. Поради тоа Србите се почувствителни на македонскиот проблем отколку на кој било друг. Едно решение на македонското прашање, кое Србија го смета за неповолно, ќе биде главна пречка на целата наша политика во Србија и главна поддршка на српската реакција. Во Србија се чувствува дека само тука се решава балканската судбина на српскиот народ и на неговиот ранг меѓу народите на Балканот. Балканските интереси се главните интереси на српската национална заедница, а за нив се решава само тука.

И кога Србите не би биле сосема во право, мора да се смета на овие нивни чувства како на еден реален факт. Ако македонските прашања се решат така да ја навредуваат или загрозуваат Србија, решенијата не можат да бидат стабилни и поради тоа ќе има големи неприлики и во Македонија и во Србија. Поради тоа Србија е една страна чие вистинско расположение треба да се прими на знаење и да се уважи при решавањето на македонските проблеми. Слични, но нешто помали неприлики ќе има и со Бугарите ако областите во долината на Струмица останат во југословенска Македонија и ако делови од бугарска Македонија се присоединат кон Македонија. Во сите тие обасти сосема начисто живеат Бугари. И тие Бугари од Бугарија не би можеле да имаат поинакви стремежи освен од таа, од цела Македонија, да создадат бугарска Македонија или пак бугарските делови да ги издвојат и да ги присоединат кон Бугарија.

Не може ниту да се замисли грчка Македонија да се присоедини кон Македонија. Грците нема да го допуштат тоа, а кога тоа би се направило со сила, ќе работат секогаш и со сите средства таквата Македонија да ја растурат. Треба да се знае дека Грците се најнационален балкански народ. Ако тоа се случи тоа би значело да се има постојан тежок судир со грчкиот народ. Таква Македонија никогаш не би можела да опстои без

[26] Веројатно мисли во текот на Втората светска војна 1941 - 1944 година кога било под власт на Бугарија.

општо угнетување на Грците. А нив, пред сѐ, ги има многу за да може да бидат угнетени толку колку што е потребно со сила да се задржат во една таква државна формација. Би биле помогнати и од Грција. За Југославија тоа би значело дека ќе мора секогаш со сила да одржува една таква Македонија. Би значело непомирлив и постојан судир со Грција. Во тој судир Грција никогаш не би била сама… Впрочем, Грците уште сега, на почетокот, би можеле да најдат помош од страна за да го спречат создавањето на една таква комбинација. За жал тука едно веќе готово решение на македонското прашање мора да се прифати како дефинитивно. Грчка Македонија ќе остане во Грција.

4 јули 1944 г.

Сретен Вукосављевиќ (с.р.)

## 5.
## ТЕЛЕГРАМА
## од Президиумот на АСНОМ до Јосип Броз - Тито и до Националниот комитет за ослободување на Југославија[27], Кумановско, 2 август 1944 година

На Илинден 2 август се одржа Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчински“.

Од 125 избрани народни претставници беа присутни 95 претставници.[28]

---

[27] АПР, KMJ-II-5-b/7.

[28] Во нашите научни истражувања (в. д-р Новица Велјановски, „АСНОМ - државотворни димензии”, Матица македонска, Скопје, 1994, с. 232), констатиравме дека по завршувањето на изборните активности, всушност, биле избрани 115 делегати и почнале активностите за нивното илегално упатување на слободната територија, каде што било планирано одржувањето на заседанието. Сите избрани делегати немале можност да стигнат и да присуствуваат на заседанието, туку ополномоштиле други делегати. Бројот на тие што пристигнале и зеле учество во работата бил над 60, додека другите, од разни причини не стигнале навреме или не стигнале воопшто. Во бројот на присутните се сметани и припадници на воените единици кои го обезбедувале Заседанието од кои еден дел се вклучиле во работата на истото. Така бројот на избраните делегате и бројот на присутните содржан во телеграмата, најверојатно е грешка во пренесувањето на телеграмата. Ова е веројатно бидејќи

Изборите за народни претставници на АСНОМ се извршени во Охридската, Прилепската, Тиквешката, Битолската, Кичевската, Струшката, Дебарската, Кумановската, Кривопаланечката и Прешевската околија.[29] Од другите околии дојдоа претставници на разни политички групи и претставници на одделни народноослободителни одбори.

На заседанието на АСНОМ е конституирано врховно законодавно и извршно тело на првата македонска федерална држава во демократска и федеративна Југославија.

Во Претседателството на АСНОМ се избрани: претседател Методија Ченто, трговец од Прилеп. Потпретседатели: Панко Брашнаров - учител од Велес и Мане Чучков - директор од Штип. Секретари: Љупчо Арсов - банкарски службеник од Штип и д-р Владо Полежина - правник од Кичево. Членови: Венко Марковски - писател од Скопје, Страхил Гигов - работник од Велес, Михајло Апостолски - генерал-мајор на народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија од Штип, Кирил Петрушев - работник од Скопје, Богоја Фотев - земјоделец од Битолска околија, Хасан Камбер - земјоделец од Тиквеш, Генадие Лешков - земјоделец од Брод, Лазар Соколов - инженер на економски науки од Куманово, Јован Ѓоргов - свештеник од Тиквеш, Петар Пирузе - адвокат од Охрид, Ќемал Аголи - студент на право од Дебар, Епаминонда Попандонов - професор од Струмица, Ацо Петровски - шивач од Скопје, Вера Ацева - работничка од Прилеп, Младен Георгиев - земјоделец од Челопек кај Куманово и Лилјана Чаловска - студент од Битола.

---

речиси сите имиња кои се предавани преку радиограмата се погрешно пренесени.

[29] Прешевската околија тогаш била во составот на Република Македонија.

## 6.
## ПРОТЕСТНО ПИСМО
## од македонското раководство до Јосип Броз - Тито за говорите на д-р Иван Шубашиќ[30], Кумановско, 9 август 1944 година

До претседателот на Националниот комитет за ослободување на Југославија маршалот Јосип Броз - Тито

Д-р Иван Шубашиќ[31] во својот говор од 9. VIII. о.г. ги спомнува само Србите, Хрватите и Словенците обраќајќи им се на народите на Југославија и говорејќи за народоослободителната борба.

Непризнавањето на македонскиот народ и на неговата народноослободителна борба од страна на претседателот на кралската влада со која е потпишана спогодба[32] за понатамошното водење на народноослободителната борба во земјата.

Спогодбата би овозможила постигнување на единствен фронт против окупаторот, собирајќи ги во него борбрните сили на сите народи на Југославија, но со оваа постапка се постигнува спротивното. Сава Косановиќ како член на оваа влада, во едно интервју исто така ги спомнува само Србите, Хрватите и Словенците.

Праќајќи ви ги вам братските борбени поздрави, уверени во вашето мудро раководење на народноослободителната бор-

---

[30] АПР, KMJ-II-5-b/7.

[31] Д-р Иван Шубашиќ (1892 - 1955), политичар, припадник на Хрватската селанска партија (ХСС). Бан на Хрватската бановина во периодот меѓу двете светски војни. По окупацијата на Југославија емигрирал во Англија и пред крајот на војната станал претседател на владата во бегство. По спогодбите потпишани со Јосип Броз - Тито, влегол во единствената влада формирана на 7. III. 1945 г. во која го водел ресорот за надворешни работи. Но, набргу заедно со Јурај Шутеј, поднел оставка и до смртта живеел во Загреб.

[32] Се однесува на спогодбата Тито - Шубашиќ потпишана на 16 јуни 1944 година на островот Вис.

ба, се надеваме дека ќе направите сè што е потребно за заштитата на праведните интереси на македонскиот народ.

За Президиумот на АСНОМ
Претседател Методија Ченто
Секретар Љупчо Арсов

## 7.
## ПИСМО
## од Едвард Кардељ до Јосип Броз за некои надворешнополитички прашања од интерес и за Македонија[33], Словенија, 9 август 1944 година

Драг Тито, 9. VIII. 1944 г.

Го примивме твоето писмо[34]. Се разбира дека бев весел со онаа Твоја достава за прашањето на Истра и Приморје[35]. Ми се чини дека беше и Ти задоволен, судејќи според некое писмо кое си му го пратил на Марко Шашиќ, кој исто така напомнува дека некаде ним си им рекол дека јас ќе бидам задоволен. Но, шегата настрана, ако тие се согласиле со тоа, тогаш тоа е уште поготово, што значи дека нашето влијание во странство е многу силно. Под такви услови на Словенците таму ќе им биде лесно да остварат победа.

Ти праќам некои телеграми од зад граница. Многу се интересни, макар што нивната заднина уште не ми е сосема јасна. Мислам дека тоа е потребно поради подготовката на Твојата посета,[36] за да бидеш попопустлив. Резултатите на твојот состанок со Черчил ќе го покажат тоа. Јас некои телеграми ги препишав, за секој случај, а оригиналите се кај мене.

На телеграмата за Валдес јас му одговорив на Иван. Му јавив дека Валдес може да дојде на ослободената територија.

[33] АПР, KMJ-II-5-b/7
[34] Не е точно утврдено каде се наоѓал Кардељ во овој период, но веројатно со седиштето на ГШ на НОВ и ПОЈ на Јадранот.
[35] Се однесува на познатите Титови ставови и настојувања за делови од Словенечкото Приморје што ги држеше Италија да ѝ припаднат на Словенија.
[36] Планираната средба на Тито со британскиот премиер Винстон Черчил.

Мислам дека таму и така нема некоја особена корист од него, а би можело случајно да падне.

На телеграмата за Лукачевиќ, односно за неговата понуда на партизаните да не го напаѓаат бидејќи наводно ќе се бори проив окупаторот, ништо не сакавме да решиме до Твоето доаѓање. Им напишав само кратка телеграма дека за неколку дена ќе им пратиме инструкции а за тоа време нека ја задржат курирката. Имам впечаток дека тоа не е само една група туку дека тука се работи за промена на тактиката на целата четничка банда. Лукачевиќ е доверлива личност на Дража Михајловиќ[37] и сигурно тоа не го прави без него. Бидејќи Лукачевиќ пред 15 дена дојде во земјава (тоа е потврдено и од друга страна: бил делегат на Дража на венчавката на кралот во Лондон), може да се претпостави дека тоа се заклучоци од странство и тоа можеби не само на нашите четници!

Нашите Бугари предложиле создавање на некаков бугарско-југословенски комитет за утврдување на злосторствата на бугарските воени злосторници. Бидејќи се плашевме нашите прерано да не направат некоја глупост, Марко[38] им напиша одговор. Ние бевме на мислење дека таквиот комитет не би дал никакви политички резултати, а освен тоа би ја замаглувало одговорноста на Бугарија како држава за тие злосторници и злос-

[37] Драгољуб (Дража) Михаиловиќ, познат и како Чича, генерал (Ивањица 1893 - Белград 1946 г.). Бил командант на Кралската југословенска војска (четничко движење) во татковината за време на Втората светска војна. Осуден и стрелан во 1946 г. од страна на новата власт поради воените злосторства и соработката со окупаторските власти во текот на војната.

[38] Александар Ранковиќ - Марко, бил близок соработник на Јосип Броз - Тито, кој го прифатил како помлад српски кадар (роден во 1909 г.) година. Учесник во НОБ и антифашистичкото движење кога заземал високи функции. Под негово раководство е основан Одделот за заштита на народот (ОЗНА), која со суровите репресии спрема населението стана синоним за озлогласеност и тортура по 1945 година. Од 1946 министер за внатрешни работи на Југославија. Биран и на високи партиски функции. Во 1966 година, поради различните концепции за развој на „демократијата" и на „самоуправувањето" во Југославија, особено за односот спрема албанското малцинство, дошол во личен судир со Јосип Броз и со политиката на СКЈ и бил отстранет од сите политички функции.

торства. Според нашето мислење, тие злосторници потпаѓаат пред нашите воени судови, а не пред некој антифашистички комитет. Во смисла на тоа им одговоривме.

Други новости кај нас нема. Се радуваме на новиот успех против четниците. Тој четнички пораз за нив може да биде судбински и нас може да ни ги отвори вратите во Србија. Јас се надевам дека Пеко[39] докрај ќе може да го искористи тој успех. Тоа е важно дотолку повеќе што, според некои податоци, четниците речиси сите свои сили ги повлекле во Србија против нашите сили на југ.

Во Далмација има некои чудни движења во разни правци. Повторно се зборува за евакуацијата на Сплит. Наводно таму останале сега само 300 Германци, а инаку дека некои точки им ги предале на усташите и на домобраните. Има извесни движења спрема Северна Далмација. Кај Задар има извесна концентрација на бродови. Некои вести од Сплит повторно зборуваат дека Гермнците подготвуваат напад на ВШ. Нам не ни се допаѓа Твојата намера за посета на болниците и сл. во Италија. Таму има сенешто. Ако одиш, тогаш треба да се преземат добри мерки за обезбедување.
Нестрпливо го чекам Твоето враќање и резултатите од преговорите.

Срдечно Те поздравува,
Бевц (с.р.)[40]

[39] Пеко Дапчевиќ (1913 - 1999), за време на НОБ на Југославија бил на високи воени командни функции. По војната народен пратеник, член на ЦК на СКЈ, амбасадор во Грција.

[40] Едвард Кардељ (1910 - 1979), словеначки и југословенски политичар и државник, еден од најблиските Титови соработници. Политички бил активен уште пред Втората светска војна, поради што бил затворан. Учесник во антифашистичката НО војна во Словенија. Еден од основачите на Освободилна фронта на Словенија и претседател на Извршниот одбор на ОФ. Член на АВНОЈ, потпретседател на НКОЈ, од 1945 г. потпретседател на владата на ФНРЈ. Речиси секогаш, според неговото влијание, бил втор човек во државата по Јосип Броз - Тито. Висок партиски функционер и често на една од челните позиции во партиските форуми. Еден од творците на сите уставни документи на повоена Југославија. Има напишано повеќе теоретски распра-

Поздрави го, молам, и Црни[41], Арсо[42] итн.

## 8.
## ПИСМО
## од Владислав Рибникар, повереник за информации во НКОЈ до Јосип Броз-Тито, за обезбедување емисии на македонски јазик во Радио „Слободна Југославија"[43], Белград, 3 септември 1944 година

Национален комитет за ослободување на Југославија
Повереенство за информации 3 септември 1944

Другар Маршале,

Другарите од Македонија молат да ѝ се јави на „Слободна Југославија"[44] да дава емисии и на македонски јазик. За нив тоа е од голема важност. Знам дека за тоа се расправаше уште додека тука беа Ченто и други, но тогаш се утврди дека таму нема никој што знае да зборува на македонски јазик.

Сега тие на Вис[45] го доведоа спикерот и сакаат тој да се префрли до „Слободна Југославија". Тоа е другарот Илија Џувалековски, кој што по занимање е музичар и пејач.[46]

---

ви, особено за социјализмот и неговото уредување, за трудот и неговата организација, кои подоцна праксата во многу нешта ги демантира.

[41] Сретен Жујовиќ - Црни (1899 - 1976), службеник и политички работник. Член на КПЈ од 1924 г. Од 1933 - 1935 г. на патриско школување во СССР. Од 1940 г. член на ПБ на ЦК НА КПЈ. За време на НОБ командант на ГШ на Србија, член на ВШ, член на АВНОЈ. Во 1948 година министер за финансии, но поради неговата определба за прифаќање на Резолуцијата на Информбирото, разрешен од сите функции и осуден на пет години затвор.

[42] Се однесува на генералот Арсо Јовановиќ, отстранет подоцна поради неговата поврзаност со резолуцијата на ИБ во 1948 година.

[43] АПР, KMJ-I-1.

[44] Сеоднесува на Радиото „Слободна Југославија" кое своите емисии ги емитувало од Лондон.

[45] Тогаш таму било седиштето на НКОЈ и на Главниот штаб на НОВ и ПОЈ.

Ако сте согласни со тоа овој другар да оди, Ве молам да наредите да им се соопшти на Русите, кои треба да го префрлат со авион. Тој би можел да замине веднаш заедно со д-р Сремац, кој веројатно уште чека во Бари за тргнување.

Исто така треба да ѝ се јави на „Слободна Југославија" дека другарот Џувалековски ќе дојде како спикер за македонските емисии.

Смрт на фашизмот - слобода на народот.

Владислав Рибникар (с.р.)[47]

## 9.
## ПИСМО
### од Поверенството за информации при НКОЈ до Јосип Броз - Тито, за уредување на јазичните прашања во Македонија[48], Белград, 3 септември 1944 година

Национален комитет за ослободување на Југославија
Поверенство за информации 3 септември 1944 г.

Другар Маршале,

Има неколку предлози во врска со Македонија.

1. И другарите Македонци и другарите од Претседателството на АВНОЈ се на мислење дека би било добро Димитар Влахов[49] да дојде вама. Ако чичо Јанко[50] се враќа наскоро, може ли да го повика и него?

---

[46] Илија Џувалековски на македонската јавност и беше познт како актер кој оствари неколку забележителни улоги како драмски и филмски актер во македонски и југословенски филмови.

[47] Владислав Рибникар (1871, Трстеник), новинар и политичар, основач на весникот „Политика" во јануари 1904 година и негов долгогодишен уредник. Бил избран за повереник за информации во Националниот комитет за ослободување на Југославија.

[48] АПР, KMJ-II-5b/8.

[49] Димитар Влахов (1878 - 1953), политички деец и публицист. Бил еден од основачите на Народната федеративна партија во Турција (по Хуриетот) и пратеник од Македонија во Турскиот парламент. Учествувал во создавањето на ВМРО (Обединета) во 1925 и бил уредник на списанието „Македонско дело" во Виена како и на „Балканска федерација" подоцна. По ослободува-

2. На Македонците им е многу потребно што побргу да печатат една граматика (и буквар) на македонски јазик. Тоа тие најдобро може да го направат во Москва, каде што би им помогнал и Державин.[51] Тие предлагаат за таа цел да се пратат во Москва двајца филолози – Венко Марковски[52] и уште еден, кого ќе го определи Претседателството на АСНОМ.

3. Македонците сметаат дека е потребно уште сега да подготват еден меморандум за мировната конференција за правата на македонскиот народ. И за тој меморандум најмногу материјал има во Москва. Предлагам за таа работа да се прати во Москва еден Македонец.

4. За да се запознаат со основната линија на нашата стопанска политика, а од друга страна да му помогнеме на Националниот комитет со барањата и прашањата на Македонија, предлагаат нам да ни пратат тројца стручњаци (за финансии, стопанство и социјална политика).

---

њето бил претседател на НОФ на Македонија, а потоа и член на Президиумот на ФНРЈ. Напишал неколку научно-публицистички трудови поврзани со Македонија и македонското национално прашање.

[50] Се однесува на Моша Пијаде (1890 - 1957), политичар, новинар и сликар.

[51] Президиумот на АСНОМ во почетокот на септември 1944 година донел заклучок да се поканат руските филолози Бернштајн и Державин од Москва со цел да помогнат во подготвувањето на македонската азбука. Но, тие не допатувале во Македонија поради тогашните воени услови. Бернштајн на 12 септември 1944 г. испратил писмо со "Неколку забелешки за македонскиот литературен јазик" (В. Зборник на документи АСНОМ, т. VI, Државен архив на Р. Македонија, Скопје, 2001, с. 219 - 221) и тие сугестии се користени во работата на Комисијата за утврдување на македонската азбука и правопис. Державин не се вклучил во тие активности во смисла на содржината на писмово од Поверенството за информации на НКОЈ.

[52] Се однесува на македонскиот писател Венко Марковски (1915 - 1988), поет, драмски писател учесник во НОБ. Член на ГШ на НОВ и ПОМ, делегат на АВНОЈ, делегат на АСНОМ. Работел во Комисијата за кодификација на македонскиот литературен јазик и не се согласувал со некои предлози. Студирал словенска филологија на Софискиот универзитет. По војната заземал функции во областа на културата. Напишал неколку значајни литературни дела на македонски јазик. Во 1966 емигрирал во НР Бугарија.

5. Треба ли да се повика и повереникот за земјоделство Мане Чучков?[53]

Во случај да се согласувате со овие предлози, јас подготвив телеграма за Претседателството на АСНОМ. Избришете го тоа со кое не се согласувате.

Смрт на фашизмот – слобода на народот.

Владислав Рибникар (с.р.)

## 10.
## СПОГОДБА
### меѓу Националниот комитет за ослободување на Југославија и Владата на ОФ Бугарија, за воена и друга соработка, Крајова, 5 октомври 1944 година

На 5 октомври 1944 год.[54] е одржан состанок меѓу претседателот на Националниот комитет за ослободување на Југославија, маршалот на Југославија Јосип Броз - Тито и делегатите на бугарската влада на Отечествениот фронт на чело со министерот г. Добри Терпешев[55] и Патар Тодоров. Разговорите течеа

---

[53] Мане Чучков (1901 - 1967), македонски деец, професор и публицист. Од големосрпскиот режим бил третиран како сепаратист. За време на НОБ зел активно учество, бил член на АНОК, на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и потпретседател на АСНОМ. По ослободувањето заземал повеќе политички функции, меѓу кои и министер за Македонија во федеративната влада во Белград. Во тоа својство напишал неколку прилози за македонското прашање и неговите историски аспекти објавени во белградскиот печат и на други места. Веројатно е грешка во документов бидејќи Мане Чучков не се занимавал со земјоделство, ниту пак бил повереник за земјоделство.

[54] АПР, KMJ-I-2-a-2/16.

[55] Добри Терпешев (1884 - 1967) генерал мајор. Роден во Изворско, Харманлиско. Бил член на БРСДП од 1902. Член на ЦК на БРП (к) од 1938 г. и негов организациски секретар. Во 1941 г. затворен и осуден на 7,5 години затвор. Во 1943 г. побегнал од затворот и се вклучил во ослободителното движење на Бугарија. По 9 септември 1944 г. е член на Политбирото на ЦК БКП (до 1950 г.) и унапреден во чин генерал-мајор. Ја раководел делегацијата на бугарската влада на средбата со Маршал Тито во Крајова на 5. 10. 1944 година. Бил министер без ресор во владата на Кимон Георгиев од 9. 9. 1944

во срдечен и пријателски тон и во духот на обостраното разбирање.

Постигната е согласност:

1. За воената соработка во борбата против заедничкиот непријател германскиот освојувач.

2. Дека сите прашања кои произлегуваат од соседските односи и пријателската соработка на Бугарија и Југославија ќе се решаваат во духот на братските и заедничките интереси на народите на Југославија и на бугарскиот народ.

Делегатите на Владата на Отечествениот фронт изразија подготвеност да направат сè за поправање на неправдите, кои на народите на Југославија им ги направиле реакционерните фашистички елементи на Владата на Бугарија и дека во полна мера ќе се заложат да се нормализираат односите меѓу бугарскиот народ и народите на Југославија во духот на целосна и братска солидарност.

5 октомври 1944 год.

Претседател на Национален комитет
за ослободување на Југославија,
Маршал на Југославија
Ј. Б. Тито (с.р.)
Д. Трпешев (с.р.)
Министер на бугарската влада на Отечествениот фронт

## 11.
## ПРЕДАВАЊЕ
## од Моша Пијаде пред слушателите на Вишата партиска школа „Ѓуро Ѓаковиќ“ во Белград, 23 декември 1944 година

Моша Пијаде[56]

---

до 31. 3. 1946 година. Подоцна заземал и други министерски и општествени функции во Бугарија во ресорите за стопанството и социјалата и во владите на Георги Димитров, Васил Коларов и ‘Влко Червенков.

[56] Моша Пијаде (1890 - 1957), политичар, новинар и сликар. Извесно време работел како наставник по ликовна уметност во Охрид. Пријател на Македонија и борец за остварување на македонските национални права на Париската мировна конференција 1946 година. Во НОБ од 1941 г. заземал високи

Комунистичката партија на Југославија во борбата против гробарите на Југославија
(Предавање одржано на 23 декември 1944 г.)[57]

1.

Југославија е една од оние нови држави која во средна и југоисточна Европа се создадоа на крајот од првата империјалистичка војна (1914 - 1918). Главните нации што живеат, припаѓаат на Јужните Словени и при создавањето таа ги опфати сите освен Бугарите.

На создавањето на Југославија, во краток рок, ѝ претходеа, една по друга, три војни. Првата војна којашто почна во септември 1912 година ја водеа балканските држави Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора кои создадоа сојуз против Турција која тогаш го држеше поголемиот дел од Балканскиот Полуостров населен од Јужни Словени, Албанци и Грци. Во таа војна која Турција ја собра на мал простор, на Цариград и Галиполе, кои ги обезбедува турските мореузи, од турското владеење се ослободени земји кои 600 години биле под власта на Турција и каде што уште владееја феудални односи. Но, балканските држави кои во сојуз ја победија Турција, во летото 1913 година, се степаа меѓу себе поради поделба на териториите одземени од Турците. Владејачките клики на балканските монархии покажаа дека целта не им била ослободување на Словените и Грците од турското ропство, туку проширување на својата власт, што особено се покажало во настојувањето на српските, бугарските и грчките властодршци да приграбат што поголем дел од Македонија како и фактот дека балканските држави што се сметаа за „ослободителки" уште долго ги задржаа наследените турски феудални (чифчиски) односи, шпекулирајќи со реакционерните бегови и со колонизацијата со цел однародување на Македонците. Основната на војната меѓу балканските сојузници беше

функции како во АВНОЈ 1943 г. и по ослободувањето. Од 1954 до неговата смрт 1957 год. претседател на Сојузното народно собрание. Смртта го затекна во Париз во службена посета на Франција.

[57] АПР, КМЈ-II-3-а-2/2.

борбата меѓу српските и бугарските шовинистички кругови за Македонија на чиј народ ниту една страна не му го признаваше правото на посебна национална индивидуалност. Така во таа војна, која се заврши со пораз на Турција, Македонија беше распарчена на три дела, од кои еден, најголемиот, ѝ припадна на Србија, вториот на Грција, а најмалиот на Бугарија. Со тоа Македонците од едно национално ропство минаа под три господари, кои подеднакво се трудеа да го задушат секое движење на Македонците за национална слобода. Во истата 1913 година Србија крваво ја задуши буната на Албанците, но големите сили ја спречија да ја уништи штотуку создадената млада самостојна албанска држава.

Овие војни од 1912 и 1913 година непосредно ѝ претходеа на Првата империјалистичка војна, која почна во летото 1914 год. со нападот на Австро-Унгарија на Србија. До создавањето на Југославија дојде кога од политичката карта на Европа ја снема Австроунгарската Монархија, во која два народа, германски и унгарски, кои беа во малцинство, но беа привилигирани владејачки нации, угнетуваа многу други народи, главно словенски: Полјаци, Чеси, Словаци, Украинци, Срби, Хрвати и Словенци, а покрај нив Романци и Италијанци. Значи, додека на создавањето на Југославија ѝ претходеа три војни, таа стана непосреден резултат на последната војна во која се судрија две групи на империјалистички држави за нова поделба на светот.

Со тоа што Австро-Унгарија, која беше амо една истурена позиција на Германија кон Балканот и на самиот Балкан, затоа што Австро-Унгарија го имаше под своја власт западниот дел од Балканот, ја нападна Србија за да ја уништи нејзината независност, таа војна за Србија би била одбранбена, национална војна за одбрана на независноста, па според тоа и праведна војна. Но, управувачите на Србија се врзаа за едната од завојуваните империјалистички групи и станаа нивно орудие, не само во војната туку особено на крајот од војната, каде што поради победата на таа империјалистичка група на чија страна се бореше Србија, се развија империјалистички тенденции и угнетувачки желби на белградските властодршци. Победничката Антан-

та сакаше на урнатините на Австоунгарија да создаде неколку држави, кои би биле под нејзино влијание и кои би претставувале брана против болшевизмот. Така се создадоа Полска, Чехословачка, проширена Романија и Југославија. Како нова државна творба Југославија, значи, беше резултат на победата на една империјалистичка група, а против Советска Русија и воопшто против револуционерното пролетерско движење, кое на крајот од империјалистичката војната и под влијание на Октомвриската револуција силно ја зафатило цела Европа, како победените така и победничките држави. Со други зборови Југославија, во која сега првпат се најдоа во границата на една држава неколку јужнословенски народи, не беше резултат на револуционерна народноослободителна борба на самите југословенски народи и не е создадена по пат на народна револуција, туку напротив со една империјалистичка војна.

Ваквиот начин на настанувањето на Југославија, во која буржоазијата на Србија на чело на монархијата, доби повластена положба и која белградските влсатодршци ја искористија за да поведат хегемонистичка угнетувачка политика спрема другите Јужни Словени кои влегоа во составот на Југославија, со себе доведе до тоа поранешна Југославија за ова време на своето постоење досегашната војна да биде потресувана од внатрешни судири, додека во меѓународните односи претставувала еден од столбовите на светската реакција и контрареволуција. Историјата на Југославија е полна со потврди на она што го предвидуваше Ленин уште во ноември 1912 год. за време на војната на балканските држави против Турција. Тогаш Ленин пишувал: „При целосното ослободување од спахиите и од апсолутизмот, националното ослободување и целосна слобода на самоопределувањето, беа неизбежен резултат. А спротивно, ако се задржи јаремот на спахиите и на балканските монархии над народите, ќе стане неизбежно, во оваа или во онаа мера, и националното угнетување“.[58] Поставувајќи го прашањето зошто ослободувањето на Македонија се случи со војна, а не со револуција, Ленин утврдил дека за тоа главната причина е во слабоста,

[58] Подвлекувањата се во оригиналот.

расцепканоста, неразвиеноста и мракот на селанските маси во сите балкански земји, а исто така во малобројноста на работниците, кои добро ја разбирале состојбата на работите и барале балканска федеративна (сојузна) република. Завршувајќи ја својата статија („Социјалното значење на српско-бугарските победи", „Правда" бр. 162 од 20 (7) ноември 1912), Ленин рекол: „Само со доведувањето до крај на економското и политичкото ослободување на селаните на сите балкански нации, може да се уништи секоја можност на кое било национално угнетување".

Уште во текот на ова создавање режимот во Југославија зазема непријателски однос против Унгарската советска Република и против Советска Русија. Природно е дека еден режим којшто од самото свое создавање служел за задушување на демократските движења надвор од своите граници, бил исто така реакционерен и во самата земја. Таа реакционерна и контрареволуционерна линија во внатрешната и во надворешната политика ја одржа Југославија за целото време на своето постоење, до својот крах во април 1941 г.[59]

Врзувајќи се за една империјалистичка група, која по крахот на својот противник себе си поставила главна задача задушување на социјалистичката револуција и јакнење на својата доминација во светот, создавајќи и самата со Романија, Чехословачка и Грција тесни врски со основањето на т.н. Мала антанта, Југославија влегла во кругот на основните спротивности меѓу самите империјалистички држави и социјалистичките држави на работници и селани на Советскиот Сојуз. Југославија, по желбата на владејачката српска буржоазија и дворот, а со помош на хрватската и словенечката буржоазија, стана еден од столбовите и агент на светската контрареволуција.

Ваквиот контрареволуционерен став во меѓународните односи режимот во Југославија го доведуваше во остра спротивставеност со народните маси, кои, исто како во другите земји, беа длабоко зафатени со со општите револуционерни бранови, кои кон крајот на Првата империјалистичка војна ја зафати-

[59] Се однесува на нападот од 6 април 1941 год. врз Кралството Југославија од страна на Хитлерова Германија.

ле цела Европа. Тој судир, судирот на два света, еден свет на заодот и еден што се роди со рускиот Октомври и ги исполни сите работни маси и угнетените народи во светот со надеж за ослободување од националното и социјалното угнетување, остана основната спротивност во развојот на Југославија. Една од основните спротивности на повоениот свет - судирот на капиталистичкиот и социјалистичкиот свет, на тој начин длабоко се одразуваше во внатрешниот живот на Југославија, претворувајќи се во судир на владејачката реакција и работничко-селанските маси предводени во борбата против реакцијата од страна на Комунистичката партија.

Првите години на животот на Југославија мина во остри класни судири меѓу работничката класа која се стремеше за свое ослободување и селанството кое бараше решавање на аграрното прашање, од една страна, и владејачката буржоазија од друга страна. Од тој судир кој во 1919/20 г. имаше острина на борба за власт, борба за соборување на власта на буржоазијата и за воспоставување на работничко-селанска власт, владејачката буржоазија најде излез за тоа што, од една страна беше помогната со општата офанзива на капитализмот против револуционерниот пролетеријат во целиот свет и привремената стабилизација на капитализмот, а од друга страна, поради тоа што нашата партија во тоа време уште не беше болшевизирана, што ѝ недостасуваше вистинско болшевичко раководство способно работничко-селанските маси да ги доведе до победа во борбата за власт. Во подоцнешниот развој на Југославија повторно се заостријa класните судири, особено под воено-фашистичката диктатура, која на 6 јануари 1929 година ја воведе крал Александар[60], кога на полето на борбата против внатрешната реакција остана само нашата партија, додека сите граѓански и селански партии беа пасивни спрема диктатурата.

[60] Крал Александар I Караѓорѓевиќ (1888 - 1934), на кралскиот престол од 1921 до 1934 год., кога бил убиен во атентатот извршен во Марсеј Франција од страна на Величко Георгиев, алијас Владо Черноземски. Уште како престолонаследник покажувал апсолутистички тенденции, кои ги реализарал за време на владеењето. Познат е по неговата 6-то јануарска диктура од 1929 година.

Меѓутоа, кога развојот на настаните привремено ја симна од дневен ред борбата за власт на пролетеријатот, почна да јакне и да се искажува, и да добива на острина една друга спротивност која била условена од самиот начин на настанување на Југославија, па со тоа и тесно поврзана со меѓународните односи, спротивноста меѓу хегемонистичката големосрпска реакционерна клика и угнетените народи. И покрај големата лага за „обединување" и фразите за „национално единство", националното угнетување не само што остана во Југославија, туку доби и многу поостри форми, или, како што рече другарот Тито во својата статија „Националното прашање во светлината на народно-ослободителната борба"[61], „Југославија стана најтипичната земја на националното угнетување во Европа".

Со Југославија владееше големосрпската реакционерна шовинистичка клика, која ги угнетуваше Хрватите и Словенците, Македонците и Црногорците. Сите тие народи во поранешна Југославија беа потчинети, обесправени, нерамноправни. Создадена е теорија дека Србите, Хрватите и Словенците не се три народи туку само три „племиња" на еден исти „троимен" народ, на „југословенската" нација. Таа теорија беше само маска под која се криеше настојувањето на српската буржоазија да ги србизира Хрватите и Словенците, а со примена на брутален терор или со рафинирано насилство, корупција и подмитување. Под лажната фирма на југословенското национално единство и во негово име е вршено систематско разединување на Србите, Хрватите и Словенците, Македонците и Црногорците, тука владејачката големосрпска клика воопшто не допушти ниту поставување на прашањето на нивната национална индивидуалност. Бројното албанско малцинство беше подложено на истребување, а другите национални малцинства, како и муслиманските маси, беа искористувани како орудие на режимот во борбата

[61] Оваа статија, која во периодот на владеењето на комунистичкото и социјалистичкото уредување, многу автори ја користеле за правење на „научни" анализи за развојот на националното прашање во Југославија, првпат била објавена во весникот „Пролетер" во 1942 година.

против Хрватите и другите угнетени народи и како орудие на внатрешната политичка и социјална реакција.

Секоја угнетувачка политика, која на една страна е вршена со брутално насилство врз угнетените, со режимот на жандармите и на главешините, со робијаштвото, а на друга страна со подмитувањето и со корумпирањето на реакционерните елементи и врвовите на нивните политички партии, меѓу братските народи создаваше сè поголема омраза, сè подлабок јаз и разединување, така што сиот политички живот во Југославија беше во знакот на сè посилниот отпор на угнетените народи против српската хегемонија. Ова национално угнетување, овој длабок раздор и разединување на нашите народи во поранешна Југославија, кога таа беше нападната од фашистичките освојувачи, така брзо се распадна и капитулира по војна од вкупно десет дена.

Таквиот режим од националното угнетување и обесправеност, којшто се гледаше не само во бруталното насилство туку особено во економската експлоатација на угнетените народи како и во културното потчинување, не можеше да не биде поврзан со меѓународната реакција. Бркајќи ги само своите себични интереси, кои немаа ништо заедничко со интересите на српскиот народ, во чие име е вршен, за зачувување на своите класни привилегии, таквиот режим неопходно мораше да бара поддршка кај меѓународната реакција. Од тоа нужно следуваше дека меѓународните врски на таквиот угнетувачки и реакционерен режим морале да претрпат промена во часот кога се наруши „рамнотежата" на силите создадена со Версајскиот мир, поради што српската клика во дадениот момент се откажа од врските со Англија и Франција и се ориентира спрема силите на оската. Од тоа се гледа дека таквата национално-угнетувачка политика нужно во себе содржеше национално предавство, кое најде израз во присоединувањето кон Тројниот пакт, во капитулацијата од април 1941 г., а особено во острата форма и конечно во спрегата на целокупната реакција со окупаторите во текот на Народноослободителната војна.

Создавајќи национален отпор кај угнетените народи, предизвикувајќи создавање на народноослободително движење,

големосрпските хегемонисти кај најреакционерните кругови на угнетените нации нужно го предизвикуваа сепаратистичко движење, кои исто така бараа поддршка кај најреакционерните кругови во странство, а пред сè кај германските и италијанските фашисти. На тој начин напоредно со српските шовинисти и реакционери и реакционерите и фашистите на угнетените народи, подготвуваа предавство на своите народи и предавство на Југославија, претворајќи се и едните и другите во петта колона на фашистичките освојувачи.

На оваа основна причина за априлската катастрофа на Југославија, се разбира, ѝ одат во прилог и други причини. Таквиот режим, расипан во сржта, беше сосема гнил од корупција. Предавниците и шпионите седеа во врвовите на државната управа, седеа во Генералштабот и во врвовите на војската. Таквиот режим немаше ниту волја ниту потреба од југословенската војска да направи војска способна да прифати борба за независноста на земјата зашто на таквиот режим војската му беше само орудие за политичко, социјално и национално угнетување. Таквата војска, легло на непријателската шпионажа, корупција и предавство, нужно мораше да доживее брз крах, и покрај волјата која обичните војници и народот ја покажаа за да ги бранат својата слобода и независност. Притоа треба да се има на ум дека поради националното угнетување, таа војска воопшто не можела да биде единствена во себе. Нејзиното единство, исто така, го разоруваа сепаратистите, под чиешто влијание добар дел од масите на угнетените народи беа доведени не само до рамнодушност спрема судбината на Југославија, туку и до отворено непријателство спрема заедницата со српски народ. Така тие маси за време на распадот на Југославија можеа да станат лесен плен на разбојничката политика на фашизмот, којшто го продолжи разединувањето на нашите народи, доведувајќи го до сурово и крваво меѓусебно истребување. Националното угнетување и нерамноправноста на народите во поранешна Југославија, според тоа, беа оној фактор кој на фашистичките освојувачи најмногу му ја олесни задачата за разединувањето на нашите народи, со туркање на едните спроти другите за распарчување

на Југославија со цел полесно поробување и уништување на сите нив.

Разни реакционерни и фашистички елементи кај угнетените народи свесно кај своите народи распламтуваа омраза кон целиот српски народ, припишувајќи му ги нему, како на народ, злосторствата на големосрпската хегемонистичка клика. Тоа не го правеа само франковците - денешните усташи - ниту само големобугарските агенти во Македонија, ниту италијанските агенти меѓу Албанците[62], тоа го правеа и господата од раководството на Хрватската селанска партија, зашто и тие праведната национална борба ја упатуваа не само против големосрпскиот хегемонистички режим туку и против целиот српски народ, сеејќи кај Хрватите омраза против Србите, така како што големосрпските шовинисти сееле омраза кај Србите против Хрватите. Меѓутоа, како што вели другарот Тито: „Српскиот народ не само што немаше ништо задничко со националната политика на сопствените господа, туку и тој за сите 22 години беше исто така пљачкан и подложен на жандармското самоволие како и другите народи на Југославија”.

2.

Судбината што ја стаса Југославија во април 1941 година потврди една од вистините на ленинистичката теорија, имено дека спротивните интереси меѓу владејачката нација и угнетените народи се во таква колизија, што без нивното решавање нема траен опстанок на една многунационална држава. Таа исто така ги потврди и другите Ленинови теории за националното прашање. Во епохата на империјализмот меѓу големите држави веќе нема ниту една што остана национална (како што на пр. од самото создавање беа Франција и Италија), туку сите станаа многунационални и колонијални држави, кои угнетуваа многу народи и кои развојот на империјализмот ги туркаше во војни за нова поделба на светот т.е. за поробување на нови, слаби, зависни народи или колониии. Поради тоа националното прашање на зависните народи, кое порано беше внатрешно

[62] Во оригиналот е употребен терминот Арнаути.

прашање на многунационалните држави, а стана меѓународно прашање, прашање на војни на „големите" империјалистички држави за поробување на слабите, нерамноправните народи. Од особено значење токму за Југославија и за нашата партија беше да се увиди таа врска на националното прашање со меѓународните односи.

Во критиката на погрешните ставови на Сима Марковиќ[63] за националното прашање во Југославија, другарот Сталин[64] истакнуваше дека меѓународната положба, токму за прашањето на Југославија, го сочинува најважниот фактор во решавањето на националното прашање, дека фактот за самото создавање на Југославија како резултат на борбата меѓу двете империјалистички коалиции, покажуваше дека таа не може да се издвои од онаа голема игра на силите што ја опкружуваат неа. Затоа поставеното прашање за самоопределување на угнетените народи во својата суштина значеше прашање за промена на границите на Југославија, т.е. нашата партија во тоа прашање не смеела да тргне од постоечките граници на Југославија. Секоја промена на рамнотежата меѓу големите империјалистички сили, секој нов судир или војна околу нашите граници, мораше да има видливо влијание на развојот на националното прашање во земја каква што беше Југославија, чиишто граници беа направени присилно, со меѓународен акт, и каде што на власт остана буржоазијата, која не можеше да го спречи националното угнету-

[63] Сима Марковиќ (1888 - 1939), роден во Крагуевац. Најпрво ѝ припаѓал на Радикалната, а подоцна на Социјалдемократската партија на Југославија. Под влијание на Октомвриската револуција станал член на Комунистичката партија на Југославија. На Вториот конгрес на КПЈ во Вуковар 1920 г., заедно со Филип Филиповиќ, станал прв секретар на КПЈ. Од почетокот на дваесеттите години бил ангажиран во теоретските расправи за националното прашање. Во 1929 г. бил исклучен од КПЈ. Повторно примен во 1935 година. Бил во судир со Сталин. Емигрирал и живеел и работел во Москва. Во 1938 година бил затворен со обвинение дека им припаѓал на десноориентираните терористички организации и дека соработувал со англиската разузнавачка служба. Осуден и стрелан во април 1939 година. Со одлука од јуни 1958 година на Врховниот суд на СССР бил рехабилитиран.

[64] Цитати од искажувањата на Сталин се наведени на повеќе места, но изворот не е наведен.

вање, која не се откажуваше од настојувањето да ја прошири својата територија на сметка на соседните народи, со што подготвуваше само нови воени судири и која во финансиски, економски и воен поглед им била покорна на големите империјалистички држави.

3.

Нашата партија, основана во април 1919 г., во периодот на најжестоките револуционерни судири во Европа, веднаш не ги уочи не само важноста на националното прашање, туку може да се каже дека во прво време воопшто не го поставуваше бидејќи стоеше на погрешно стојалиште, кое всушност беше стојалиште на владејачката српска буржоазија, дека тоа било решено со обединувањето на Србите, Хрватите и Словенците во една држава, а тогаш сметаше, токму како српската буржоазија, дека Србите, Хрватите и Словенците се три племиња на една иста нација. Таа го поздрави тоа „обединување” погрешно верувајќи дека со тоа решавање на националното прашање е отворено поле за „чиста” класна борба на пролетеријатот на Југославија. Со ваков погрешен став нашата Партија во тие први години не била кадарна да ги забележи и правилно да ги оцени ниту острите национални судири до кои тогаш доаѓаше во Црна Гора, Хрватска и Македонија. Со таков погрешен став, таа си го затвораше патот до работните маси на угнетените нации, особено до селанството кое ја сочинуваше главната војска на народноослободителното движење. Се создаде опасност класно свесниот пролетеријат на Југославија и неговата авангарда, нашата партија да го изолира од угнетените нации и со тоа да ја изгуби важната резерва на револуцијата, а исто така да се разбие единството меѓу пролетеријатот на Србија како пролетеријат на владејачката нација и пролетеријатот на угнетените нации. Опасноста беше дотолку поголема што нашата Партија, не само што во првите години на постоењето на Југославија прифати погрешна теорија за „национално единство” и за „единство на југословенската нација” туку доследно на тоа прифати централистичко државно уредување, со што, во целост дојде на опашката на големосрпската буржоазија. Поаѓајќи од

тоа погрешно становиште, нашата партија, не можеше тогаш да ја уочи ниту врската на националното пршање со прашањето на революцијата, ниту дека националното прашање во суштина е селанско прашање, па поради тоа не можеше правилно да оцени ниту каква револуционерна сила се наоѓа во селанството на угнетените нации и во нивните национално-ослободителни движења.

Ваквото поставување на прашањата за нашата партија беше неопходно, зашто секое поаѓање од постоечките версајски граници значело одобрување на насилството и сведување на националното прашање на уставна реформа, што беше сфаќање на оние што не ја увидуваа важноста на меѓународниот фактор при поставувањето на националното прашање во нашата земја.

Меѓутоа, одбивањето версајските граници на Југославија да се земат за појдовна точка, не значеше за нашата партија и обврска да се бори за отцепување на угнетените народи. Другарот Сталин, на кого му припаѓа заслугата што нашата партија во 1925 година конечно дојде до правилниот став за националното прашање (во статијата „Прилог за националното прашање во Југославија" пишуваше: „Најпосле, во програмата мора да има точка за национално-территоторијалната автономија за оние народи во Југославија што не сметаат за потребно да се отцепат од Југославија. Оние што мислат дека таквата комбинација не е возможна, немаат право. Под одредени услови, поради победа на советската револуција во Југославија, е целосно возможно, некои националности да не сакаат да се отцепат, токму така како што се случи кај нас во Русија. Затоа е разбирливо што во програмата мора да биде и таков случај да постои точка за автономијата, при што мора да се предвиди точка за преуредување на југословенската држава на основа на советскиот систем. Според тоа, произлегува правото на отцепување за оние националности што сакаат да се отцепат и правото на автономија за оние националности што сакаат да останат во рамките на југословенската држава".)

Го наведовме ова место во целост за да се види со колку длабоко познавање другарот Сталин завлезе во националното

прашање во Југославија и со каква суптилност ги предвидуваше можните услови за неговото решавање. Денешното братско единство на нашите народи, исковано во заедничката борба, а озаконето со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, најдобро покажува дека борбата на нашата Партија за правото на самоопределување до отцепување, не само што не му пречеше на нивното вистинско обединување туку само таа можеше да биде основата на тоа обединување и преуредување на Југославија во федеративна заедница на рамноправни народи.

За да потврдиме уште еднаш колку ленинистичката теорија правилно го постави нашето национално прашање и како точно го предвидуваше можниот развој, ќе го наведеме и овој крај на цитираната статија на другарот Сталин: „За да нема недоразбирање, мораме да додадеме дека правото на отцепување не смееме да го сфатиме како должност, како должност за отцепување. Една националност може да се послужи со тоа право така да се отцепи, но не и ако не го сака тоа; тоа е нејзина работа, која мора да се земе предвид. Некои другари правото на отцепување го претвораат во должност и бараат од Хрватите да се отцепат по секоја цена. Ова гледиште не е правилно и мора да се отфрли. Не смее да се меша правото со должноста”.

Остриината на класната борба на пролетеријатот 1919/20 година, револуционерната ситуација која тогаш доведе до големо влијание на нашата Партија во работните маси и покрај нејзините грешки, и социјалдемократското наследство на Партијата ѝ пречеа да го увиди постоењето на националното прашање во Југославија во сета негова основна важност.

Меѓутоа, кога повоениот револуционерен бран опадна, кога државниот апарат донекаде се консолидира, кога светскиот капитализам релативно се стабилизира, во внатрешниот живот на Југославија почна сѐ посилно да се развива и сѐ повидливо да избива на површина спротивноста меѓу владејачката големосрпска буржоазија и угнетените нации, со време израснувајќи во главен внатрешен проблем и изострувајќи се до државна криза. Во својот допир со работните маси, особено во Хрватска, нашата Партија сѐ повеќе наидуваше на тешкотии, кои потекнуваа од нејзиниот погрешен став за националното прашање.

Така пополека во Партијата се создаде уверување дека ставот за националното прашање треба од основа да се промени и да се доведе во согласност со револуционерниот ленинистички став. Тој процес на преминување на Партијата од стариот погрешен и опортунистички став на правилен револуционерен став, не беше лесен и траеше неколку години, зашто требаше да се совлада силен отпор на луѓето кои, свесно или несвесно, беа агенти на големосрпската угнетувачка политика во редовите на пролетеријатот.

Дискусијата за националното прашање во Партијата почна во почетокот на 1923 година, а основата за напуштањето на стариот став и за изградувањето на ставот е дадена на Третата партиска конференција во Белград 1923 година. Новиот став на Партијата беше популаризиран преку печатот и брошурата на Независната работничка партија основана на 1 јануари 1923 година. Владејачката хегемонистичка клика веднаш ја почувствува целата опасност за својот угнетувачки режим од популаризирањето на ставот на нашата Партија па веднаш по неговото објавување ја забрани и Независната работничка партија (9 јули 1924). Меѓутоа, требаше уште доста внатрешна борба во Партијата и помош на Коминтерната, а особено на другарот Сталин, додека партијата, 1925 година, пред својот Трети конгрес (одржан во мај 1926), го зазеде оној правилен став за националното прашање кој, оттогаш до денес остана став од кој таа се раководеше во својата дејност и кој доведе до денешното успешно решение на националното прашање во нашата земја. Со својот правилен став нашата Партија можеше да им се приближи на работните маси на угнетените нации и со својата долгогодишна доследна и жилава борба за правото на самоопределување до отцепување и за рамноправност на сите народи на Југославија, нашата Партија можеше кај угнетените народи, да ја придобие онаа голема доверба, која нејзе ѝ овозможи околу нејзината правилна линија да ги собере сите народи на Југославија.

На прашањето, дали во Југославија е решено националното прашање, може да се одговори само едно: да, тоа е решено и тоа е решено така на еден примерен начин, да служи како пример и надвор од границите на Југославија, па врши силно

влијание и на другите народи. Успеавме да го решиме и покрај тоа што, со својата комплицираност и со големината на раздорот создаден меѓу нашите народи, со злосторствата на антинародните режими на поранешна Југославија и фашистичките освојувачи и сепаратистите во нивна служба, изгледаше нерешливо.

Ако се прашаме, на која основа кај нас е решено националното прашање (решението на прашањето, се разбира, во себе го вклучува и целосното обезбедување на придобивките од народноослободителната борба, меѓу кои е и најзначајното, решението на националното прашање), ќе видиме дека е решено токму на оној основен принцип, за чие остварување нашата Партија активно се бореше во низа години пред војната како и во текот на оваа војна, на принципот на целосното право на самоопределување на народите, кое во себе го вклучува и правото на отцепување и создавање на независна држава или приклучување кон други народи. И токму на тој принцип нашата Партија успеа да го оствари братството и единството на сите народи во борбата против фашизмот и успеа, па ниту еден наш народ не сакаше да го употреби правото на отцепување туку сите доброволно и како рамноправни народи решија да останат обединети во заедничката држава, но уредена на федеративни принципи. Самото тоа покажува дека решението на националното прашање кај нас нужно барало промена на формата на внатрешното уредување на државата, а тоа можеше да го реализира само новата, вистинската власт.

Со ова доаѓаме до основното најзначајно прашање, за поврзаноста на националното прашање со прашањето на власта, на прашањето под кои услови во денешната епоха, епохата на империјализмот, воопшто е можно решение на националното прашање, т.е. укинувањето на националното угнетување. Во поглед на тоа однапред можеме да кажеме дека е несомнено:

Прво: дека решението на националното прашање во Југославија ја потврди ленинистичката теорија за националното прашање, кое ја раководеше нашата Партија во шеснаесетте години на нејзиното дејствување пред војната, како и годините на народноослободителната војна.

Второ: дека практичното решавање на националното прашање во Југославија се случи при нови, специфични историски услови, кои што придонесоа тоа решение да биде извршено во форма и на начин кој на ленинистичката теорија, потврдувајќи ѝ ги и придонесите на новите искуства.

Трето: дека нашата Партија, особено со нејзиното решение на националното прашање, покажа дека навистина во себе ја впи и ја совлада револуционерната теорија на марксизмот-ленинизмот, дека беше способна правилно да ги оцени новите услови создадени со војната и дека, во тие променети услови, на оригинален начин да ја примени ленинистичката теорија за националното прашање.

Во статиите во кои го критикуваше погрешниот и опортунистички став на Сима Марковиќ за националното прашање во Југославија, другарот Сталин го подвлекува становиштето, кое го застапува во низа други статии и говори за националното и колонијалното прашање во Русија и во другите земји, на националното прашање да се гледа како на дел од општото прашање на пролетерската револуција, како на дел од прашањето на диктатурата на пролетеријатот. Затоа другарот Сталин бараше во националната програма на нашата Партија да влезе тезата за советската револуција во Југославија и тезата за тоа дека не е возможно правилно да се реши националното прашање ако не се собори буржоазијата и ако не победи револуцијата. Исклучок од тоа, сметаше другарот Сталин, е можен, но во тогашната ситуација сметаше дека е сосема правилно што изгледите за некакви исклучоци се толку мали, што може да се изедначат со нула.

Сега можеме да го поставиме прашањето: дали решението на националното прашање кај нас, како што е остварено во нашата народноослободителна борба, во согласност со наведените поставки на ленинизмот?

Поставувајќи го тоа прашање мораме, поради подобро разбирање, да укажеме на тоа дека марксистичко-ленинистичката теорија никогаш не била теорија одделна од праксата и дека никогаш не создавала поставки независни од дадените историски услови и перспективите на развојот, туку секогаш

води сметка за промена на постоечките услови. Покрај тоа треба да се додаде дека вака постаеното прашање датира пред VII конгрес на Коминтерната.

Врз основа на тоа можеме да кажеме дека решението на националното прашање во Југославија под специјални услови кои ги донесоа фашистичката окупација и народноослободителната војна, ни најмалку не засега во основните ленинистички начела за решавање на националното прашање, поставени пред оваа војна во поинакви услови, туку напротив ги потврдува во нивната основа, што во некои делумни прашања веќе го утврдивме. Станува збор, значи, само за променети, за посебни услови, што се создадоа уште пред војната со настапувањето на фашистичката опасност за сите наши народи, а особено се разви и стана решавачка со претворањето на војната, коа во меѓународен поглед почна како втора империјалистичка војна, во војна на демократските мирољубиви нации против фашистичките сили, а во внатрешен поглед, т.е. за Југославија, со фактот на фашистичката окупација, во праведна народноослободителна војна.

4.

Кои се условите кои влијаеја на патот и начинот на решението на националното прашање во Југославија, на неговото решавање во рамките на народноослободителната војна, без револуција?

Тие услови, главно, се следниве:

1. Фашистичката окупација ги доведе сите наши народи подеднакво во животна опасност на ропство, грабежи и истребување. Доколку во некои делови од масите на угнетените народи порано постоела илузија дека можат своето национално ослободување да го остварат со потпирањето на помошта на фашистичките држави, таквите илузии морале бргу да се изгубат под страшниот терор на окупаторот.

2. Во таквата опасност, која на нашите народи им се закануваше и со уништување на самата нивна физича егзистенција, нашите народи започнаа, секој за себе, борба за сопственото ослободување од фашистичкиот јарем, за своја независност, за

обезбедување на своето национално опстојување. Имајќи заеднички непријател, оваа нивна борба неминовно беше насочена против истиот непријател.

3. Заедничката смртна опасност, во која со фашистичката окупација беа доведени сите наши народи, направи пред очите на сите нив да се појави на видело заедницата на нивните животни интереси. На нашите народи им стана јасно дека спасот на сите нив е само во заедничката борба, а заедничката борба неопходно претпоставуваше, условуваше и воопшто задржуваше во себе меѓусебно признавање, целосна меѓусебна рамноправност и еднаквост. На сите нив им стана јасно дека ниту еден наш народ изолиран, сам за себе, не е кадарен да се ослободи, а уште помалку да ги зачува придобивките од својата борба. Меѓусебната помош и заедништвото во борбата против заедничкиот непријател на сите нив им го налагаше како неопходен законот на успехот на нивната национална борба.

Така, до целосен израз мораа да дојдат обединителните моменти, моментите на братското зближување, кои не престануваа да постојат во стремежите на нашите народи ниту тогаш кога биле најмногу разединети од злосторничката угнетувачка политика на поранешните југословенски властодршци.

4. За тоа обединување на сите наши народи во борбата против фашистичките окупатори придонесе фактот што фашистичката окупација ја избриша разликата меѓу српскиот народ, како владејачка, и другите наши народи како угнетени нации. Дури и повеќе, поранешната владејачка нација, со фашистичката окупација, дојде во ситуација на најпрогонувана, најугнетена и од окупаторот осудена на физичко истребување. Тоа беше од пресудно значење за решителното раскинување на српскиот народ, во Србија и насекаде каде што живеат Срби, со секој српски шовинизам, со секој стремеж за угнетувањето на другите народи, кое на самиот српски народ и порано му било туѓо, тоа на српскиот народ му ја овозможи неговата важна улога во борбата за ослободување на нашите народи и за изградувањето на нивното вистинско единство и братството на заедницата на основа на целосна рамноправност.

5. Борбата за национално ослободување од туѓинскиот окупатор со својата содржина, неминовно, беше демократска борба против фашизмот и затоа неа можеа да ја поведат и да ја водат само вистински демократски сили раководени од доследна демократска народна партија.

6. Предавството, капитулацијата, бегањето од земјата или преминот во окупаторската служба на претставниците на поранешните режими и владејачките и опозиционите партии (освен исклучоците на поединци и групи), како и државниот и општинскиот апарат на поранешна Југославија направија, во времето на окупацијата, народните маси, не еднаш да бидат оставени самите на себе, препуштени на својата судбина, елеменирани од целото нивно поранешно раководство. Во најголемата неволја, која кога било во својата поранешна историја ја почувствувле, нашите народи беа доведени во ситуација сами да ја земат судбината во свои раце, ослободени од своите поранешни водачи, од сиот организиран апарат на власта кој порано управувал со нивниот живот. Тоа за нашите народи, во таа неволја, беше најсреќната околност која се разви во неочекувана сила и големина на самоиницијативноста, борбена решеност и политичка зрелост на најшироките маси на сите наши народи.

7. Со народот и во народот остана во својата целина само една, навистина народна политичка партија. Комунистичката партија која, како според својата програма и според својата политичка линија и според својата долгогодишна борба така и според својата организација и кадар, единствена беше и со можностите да биде иницијатор, организатор и раководител на народноослободителната војна, да оствари широк единствен народноослободителен фронт, собирајќи ги во него сите демократски, антифашистички елементи, без оглед на националноста, верата и политичко-партиската припадност. Со тоа на народноослободителната борба ѝ беше даден оној неопходен субјективен фактор, од чие правилно раководство зависеше успехот на народната борба, нејзиното правилно канализирање и организирање и искористување и развивање на борбената самоиницијатива на народните маси.

8. Сите сили на старата реакција, сите шовинистички - српски, хрватски или други, понизно, како Петта колона, се ставија во служба на фашистичките окупатори и го предадоа својот народ. Иако ја почнаа и ја продолжија и вршејќи го, на најкрвав начин, меѓусебното истребување на на нашите народи, сите тие му служеа на еден ист господар и мораа, по секој успех на народноослободителната борба, сè потесно да се збијат под еден заеднички бајрак, во една единствена заедничка агентура на Хитлер во стремежот да ги задржат своите пљачкашки, експлоататорски привилегии.

На тој начин, сите реакционерни сили на поранешна Југославија, српските или угнетените народи, дојдоа во остра спротивност со ослободителната борба на народните маси собрани во народноослободителното движење и ги изедначиле своите интереси со интересите на окупаторот, се слеале во единствената фаланга на фашизмот со окупаторот. Ова е главната објективна причина што на тие реакционерни сили не им појде од рака пеколниот план народноослободителната војна да ја преобразат во класна граѓанска војна, да ѝ наложат форма на борба меѓу капитализмот и комунизмот, на кое неуморно работеа со сите средства, и тоа на нашата Партија и на народноослободителното движење му овозможи пред народот да ги разобличи и да ги разбие тие планови на окупаторот и неговите слуги.

За тој обид на непријателот, другарот Тито, уште во април 1942 год., го пишуваше следново: „Постапките на непријателот, всушнот, претставуваат една обична провокација, со намера да се разгори граѓанска војна која, во денешната ситуација, целосно би ја оневозможила народноослободителната војна и би му послужила на окупаторот да ја постигне својата цел... Ние, таа граѓанска војна, не ја сакаме. Ние сакаме борба против окупаторот, ние го сакаме неговото истерување од нашата поробена земја, ние го сакаме неговото уништување".

Имајќи така пред себе не некоја противничка страна во граѓанска војна, туку обични предавници, слуги, војници, жандарми и џелати на страната на окупаторот во една народноослободителна борба-ние со едноставна борба против окупато-

рот и националното предавство, ние покрај тоа што попатно ги тепавме и предваничките реакционерни елементи кои, служејќи му на окупаторот, имаа за цел во случај на пораз на окупаторот да обезбедат враќање, во уште полошо, фашистичко издание на реакционерна и угнетувачка Југославија, враќање на политичкото, социјалното и националното угнетување.

9. Народноослободителната борба е водена во целосна ширина и народноослободителното движење имаше секогаш широко отворени врати за сите демократски и патриотски елементи желни да се борат за национално ослободување. Како што тука не можеше да постојат пречки од национална, верска или политичка разлика (се разбира, со исклучок на фашистите), така не можеше да има пречки од класни и општествени разлики. Сепак, самиот факт што реакцијата, која остана на страната на окупаторот, особено со своите раководства и врвовите како и со главните доброволни материјални помагачи кои беа финансиери на предавството, регрутирани од „повисоките", од имотните слоеви, додека народноослободителната борба и со крв и со материјалните жртви, главно лежеше на масите работници, селаните и народната интелигенција. (Во Срем и најбогатите српски селани во полна мера учествуваа во борбата). Народноослободителната власт, иако е само демократска власт, а не советска, иако е власт на целиот народ и нема никакво класно ограничување, исто така се потпира главно на работните маси, на сиромашните и средните слоеви, едноставно зашто тие слоеви се активни во ослободителната борба, што во целосна мера учествува во органите на власта што самите ја чувствуваат како своја, како власт за чие создавање и развој тие најмногу придонеле и сѐ уште најмногу придонесуваат.

10. Од друга страна народноослободителното движење се потпира надвор од земјата на општиот антихитлеровски блок на демократските мирољубиви нации, на чело со Советскиот Сојуз. Особено блиската поддршка на братскиот Советски Сојуз соодветствува на најдлабоките чувства на сите наши народи, кои покрај тоа виде истоветност на своите национални интереси со интересите на Советскиот Сојуз и имаат длабоко уверување дека блиските односи со нив се најсилната гаранција како за

конечната победа така и за зачувување на нашите демократски придобивки.

Имајќи го начелото на нашата Партија, нашите народи многу научија од народот на Советскиот Сојуз. Ако другарот Сталин во 1921 г. можеше да каже дека РСФСР е единствената земја во светот каде што успеа обидот за мирен заеднички живот и братската соработка меѓу целата низа народи и народности, можеме и ние денес со гордост да кажеме дека Југославија е втората земја во светот која успеа во тој обид, се разбира, должејќи му многу на големиот пример на Советскиот Сојуз.

Значи меѓународните околности на оваа војна му одеа на рака на нашиот успех во решавањето на националното прашање (тие околности беа општата подлога која го овозможи тоа решение) во насока на соединувањето на нашите народи во братска федеративна заедница. Се разбира дека уште се на сила и дејствуваат многу реакционерни сили во странство, надвор од фашистичките земји, кои би сакале да го вратат старото во Европа, и во нашата земја, од рацете на европските народи да го земат плодот на нивните крвави борби и да им ги предадат на остатоците од старата политичка и социјална реакција и на последните остатоци од феудализмот. Грчкиот и белгискиот пример покажуваат опасност, која ние не ја потценуваме, но таа реакција навистина ги потценува силите на новата европска демократија и може само да доживее неуспех со своето настојување да го задржи општествениот напредок во неговиот победнички од.

11. Народноослободителната борба на нашите народи, која еднаш засекогаш раскина со секаков шовинизам, која во својата земја така примерно ги зближи сите нејзини народи, мораше да изврши длабоко влијание на соседните, а особено на балканските народи, и кај нив да стекне целосна доверба. Таа вчерашните непријатели и окупатори ги претвори во пријатели. Преку своите народноослободителни движења на балканските народи, сѐ потесно се зближува и оди по насоката на најтесна соработка и братска заедница.

* * *

Ете, тоа се, главно, тие посебни услови коишто кај нас овозможиле решавање на националното прашање не во една

социјалистичка, па ниту во буржоаско-демократска револуција, туку во една демократско општонародна ослободителна војна, не со соборување на капитализмот и воспоставување на диктатурата на пролетеријатот, но со уништувањето на реакцијата и со остварувањето на една нова власт која е во рацете на народот, во рацете на широкиот единствено народно движење, предводени од страна на авангардата на пролетеријатот на сите народи на Југославија, од нашата Партија.

Така, во рамките на народноослободителната војна и не излегувајќи од нејзините рамки, под влијание на околностите и самата логика на развојот на настаните, со преминувањето на старата реакција на страната на окупаторот, напоредно ја победи и внатрешната борба меѓу демократијата и реакцијата. Така, без граѓанска војна, добиена во посебни објективни услови на народноослободителната војна против окупаторот и битка за демократија на земјата, против домашната реакција, битка, која во други „нормални" услови можеше да победи и да се добие само во политичка граѓанска војна.

Така во Југославија е укинатото национално угнетување без граѓанска војна, без внатрешна народноослободителна војна на угнетените нации против владејачката нација, туку во народноослободителна војна против туѓите окупатори, а во заедница на порано угнетените нации со порано владејачката нација.

Така во рамките на народноослободителната војна и не излегувајќи од нејзините рамки, без револуција, и не менувајќи го општественото уредување, без создавање на советска власт, од самите објективни услови и потребите на народноослободителната војна, на урнатините на старата власт, никна, се разви и се зацврсти новата, народноосободителна власт, вистински демократска, заснована на целосниот суверенитет на народот и врз принципот на единството на законодавната и извршната власт.

Така најпосле, во рамките на народноослободителната војна, и не излегувајќи од нејзините рамки, благодарение на специфичните објективни историски услови и на субјективниот фактор - ленинистичкото раководството на нашата Партија која, тие услови правилно ги сфати и и ги искористи во корист на народот - ги реши задачите кои, под други „нормални" усло-

ви, морале да бидат решавани со буржоаско-демократска или дури и со социјалистичка револуција.

23. XII. 1944 год.

## 12.
## СТАТИЈА
### за албанското гледање на соработката и заедништвото со југословенските народи, доставена до Кабинетот на Јосип Броз - Тито, Тирана, крајот на 1944 и почетокот на 1945 годин

СОСЕДНИТЕ НАРОДИ ВО БОРБАТА ЗА СЛОБОДА[65]
Југословените и Албанците

Народите на Југославија се првоборци не само на Балканот, туку од сите поробени народи на Европа во борбата против фашизмот. Во стара Југославија една реакционерна клика на „големосрби"ги подјармуваше сите други националности: Македонците, Албанците, Црногорците, Хрватите и Словенците. Овие нации чувствуваа смртна омраза спрема таа големосрпска клика, затоа што немаа никакви права туку само тешки обврски. Старата Југославија беше нагризена од внатрешната расцепканост и подјармените народи се бореа да ги отфрлат од себе чизмите на големосрпските угнетувачи.

Народноослободителната борба и партизанското движење во Југославија создадоа длабоки внатрешни промени. Заслугата за искованото единство на народите на Југославија им припаѓа на КПЈ и на нејзиниот славен водач Тито. Тоа единство е цврсто бидејќи никна од заедничката борба на народите на Југославија. Ова единство е постојано бидејќи Титовото народноослободително движење ја збриша хегемонијата од една нација на друга и им даде целосна рамноправност на сите народи, дури и правото на самоопределување до целосно отцепување. Рамноправноста на народите на Југославија и нивната заедница во

[65] АПР, KMJ-I-3b/9 (1944/1945).

еден демократски федеративен систем, не само што ја отстрани омразата, која ја имаа народите меѓу себе, туку го запре и старото сепаратистичко движење. Во тригодишната борба, која ја водат народите на Југославија, се уверија дека својот успех и напредок можат да ги постигнат само во заедница, а не поединечно и доброволно здружени во една федеративна демократска држава.

Единството на народите на Југославија е потврдено со воодушевување на Второто заседание на АВНОЈ и со создавањето на Националниот комитет. Сè што подобро имаа да дадат народите на Југославија од демократските елементи на старите партии и интелектуалната елита, од партизаните, од работниците, од селаните, од народните слоеви па до буржоаската класа, беше претставено во АВНОЈ. Националниот комитет на Југославија е составен од претставници на Србите, Хрватите, Словенците, Црногорците и Македонците, под славното водство на Тито кого борбата го издигна на степен маршал на Југославија. Именувањето на Тито за претседател на Нац(ионалниот) ком(итет) и маршал на Југославија е големо признание за огромните заслуги кои ги даде во борбата за истерување на окупаторот и за внатрешната еманципација на народите на Југославија. Големината на личноста на Тито проструи низ масите. Тој е симбол на едниството и на повик за борба.

Народна Југославија со своите борби против окупаторот, со своето гранитно единство, со својот голем творечки труд, им се наметна и на своите пријатели и непријатели. Со години го клеветеа Тито и оружената борба на народите на Југославија, не само белградските квислинзи туку и бандите на Дража Михајловиќ и големосрпската реакционерна клика, која се засолни во странство.

Бандите на Дража Михајловиќ, српскиот Зервас, богато беа снабдени со сојузничко оружје за заедно со Германците и Италијанците да удрат на Титовата војска. И требаше, како што рече Тито, да се пролеат реки од драгоцена народна крв за да биде призната вистинската состојба во Југославија. Најпосле

и Англичаните и Србите на Крал Петар II[66] го признаа гигантското дело на Титова народна Југославија и се откажаа од предавничката банда на Михајловиќ. Спогодбата Тито - Шубашиќ[67], има идно значење, подвлекува Москва, дека големосрската Југославија му припаѓа на минатото и дека иднината ѝ припаѓа на борбената народна Југославија.

Духот на народниот суверенитет и преродба е проткаен во судбината на народите на Југославија и на грчкиот народ, а владее и во малата, но херојска Албанија. Од сите балкански земји, Албанија последна ја оствари својата самостојност, една осакатена самостојност. Но, албанскиот народ не уживаше во својата слобода. Еден противнароден, неслободен режим на Зогу[68] режим кој со сила ја приграбил власта и му го продал својот народ на италијанскиот фашизам осудувајќи го на глад и исцрпеност. Режимот на Зогу го удави во крв секое напредно движење и го подготви целосното подјармување на Албанија од

---

[66] Крал на Кралството Југославија, син на Александар Караѓорѓевиќ, кој пред нападот на Југославија во 1941 година ја напушти Југославија и со бегалската влада престојуваше во Лондон. Со одлуките на АВНОЈ му беше забрането враќање во земјата.

[67] Д-р Иван Шубашиќ (1892 - 1955), политичар, припадник на ХСС. Бан на Хрватската бановина. По окупацијата на Југославија емигрирал во Англија и пред крајот на војната станал претседател на владата во бегство. По спогодбите потпишани со Јосип Броз - Тито, влегол во единствената влада формирана на 7. III. 1945 г. во која го водел ресорот за надворешни работи. Но набргу, заедно со Јурај Шутеј, поднел оставка и до смртта живеел во Загреб.

[68] Ахмед Зогу I, или Ахмед-бег Зогу (роден 1895 во Албанија, починал во 1961 г. во Сурсне, Франција) бил претседател (1925 - 1928) и крал на Албанија (1928 - 1939). По служењето во австриската војска во Првата светска војна станал лидер на Популарната партија на албанските реформисти. Вршел министерски функции во Владата (1920 - 1924) и бил избран за шеф на албанската држава - република во 1925 год. Прогласен за крал на Албанија во 1928 г. кога почна да се залага и да спроведува политика на блиска соработка со Италија. Не можел да им се спротивстави на големата контрола во финансиите и во војската која ја спроведувал Бенито Мусолини во Албанија. Во 1939 кога фашистичка Италија ја окупирала Албанија и ја направил протекторат Зогу ја напуштил Албанија и емигрирал во Франција. По Втората светска војна кога Албанија станала република со систем на социјалистичко и комунистичко уредување, не можел да се врати повеќе во земјата, иако официјално абдицирал од престолот дури во 1946 година.

страна на Италија. Така, сега фашистичка Италија воено ја завладеа Албанија, а предадениот албански народ не можеше сложно да се крене против напаѓачите. Но, Албанците, кои имаат стари традиции на светли борби за слобода, не го бараа него туку бараа водство кое би ги мотивирало и би ги организирало за да почнат борба против окупаторот. Оваа историска улога ја одигра младата Комунистичка партија на Албанија. Албанските комунисти го кренаа знамето на востанието против завојувачите во 1942 г., покренувајќи, организирајќи и обединувајќи го народот во борбата за слобода и самостојност. Првпат разните касти во Албанија, кои меѓусебно се глодаа, се обединија во заедничката борба. Исто така се збратимија муслиманите и христијаните. Жените на Албанија, кои се наоѓаа во најлоша положба од сите жени на Балканот, се бореа земајќи активно учество во борбата. Стотини борбени албански девојки се наоѓаат во првите линии на НОВ на Албанија. Грците во Албанија се борат заедно со Албанците и многу од нив го дадоа својот живот во заедничката борба. Во огинот на двегодишната тешка војна растеше НОВ со многу илјади херојски борци, кои сочинуваат сила на отпорот против напаѓачите. Врв на ослободителното движење на албанскиот народ беше создавањето на Антифашистичкиот национален совет на 24 мај. Повеќе од 200 демократски избрани луѓе зедоа учество и ја искажаа волјата на албанскиот народ: да се бори до целосната победа на страната на сојузниците. Да се бори за една народна демократска Албанија. Тесно да соработува со сите народи, во прв ред со балканските народи. Националниот совет донесе одлука да не дозволува Зогу да се врати на албанското тло. Националниот совет именува Национален комитет со претседател Енвер Хоџа, поранешен секретар на КПА, кој е главен командант на НОВ на Албанија во чин генерал.

Борбата на балканските народи за својата слобода и да станат газди во својата земја ја води реакцијата во отворена соработка со окупаторот во очајнички обиди да создаде „свет балкански сојуз" со цел да ги задуши националните движења на сопствениот народ. Во Југославија Недиќ, Михајловиќ и усташите. Во Албанија балистите и кликата на кралот Зогу. Во Грци-

ја Ралис, ЕДЕС, баталјоните за безбедност и разни предавнички организации се обидуваат на балканските народи да им ги повратат старите монархофашистички режими. Карактеристично за обидите кои ги прави балканската реакција за да дојде до спогодба заради заедничка акција е писмото на „Бали комбтар"[69], албански фашисти и народни предавници.

Во писмото од 2. V. 1944 читаме дека Албанецот Димитрис Филос, е пратен во Грција (Солун, Атина итн.) и дека "нему му е доверено потпишувањето на преговорите со грчките национални[70] партии". Во друго писмо на албанските фашисти читаме дека ќе потпише спогодба за заедничка акција Филос за балистите, Џавит Лесковица за квислиншката влада, Коста Кота за Зоговата партија и Селман Риза од Косово. Спогодбата предвидува борба против „словенската опасност". Со пропагандните средства против реакцијата се обидуваат да ја избегнат својата смрт. Но албанскиот народ со својата борба ќе издејствува целосна слобода. Иднината им припаѓа на балканските народи. Предавствата и јасните махинации од страна на реакцијата, им припаѓаат на минатото.

## 13.
## ИЗВЕШТАЈ
## од д-р Дарко Чернеј, началник на одделението за изградување на народната власт при Претседателството на НКОЈ од Белград од 11 јануари 1945 година, за извршената ревизија за работата на Президиумот на АСНОМ

Д-р Дарко Чернеј[71], началник на одделението за изградување

на народната власт[72] при Потпретседателството[73] на НКОЈ

[69] Балистичка партија, односно албанска профашистичка организација.
[70] Според смислата на реченицата веројатно треба да стои зборот „националистички".
[71] АПР, KMJ-II-5b/16.

I. Извештај за работата кај Президиумот на АСНОМ

До другарот Едвард К а р д е љ, потпретседател на Националниот комитет за ослободување на Југославија

Б е л г р а д

За досегашните забележувања и завршената работа го давам овој прв извештај.

На 8. 1. 1945 г. отпатував од Белград. Во Скопје стигнав на 9. 1. вечерта и уште истата вечер стапив во контакт со другарот Лазар Колишевски[74], на кого му го предадов придружното

[72] Дарко Чернеј (1906), Гриже, Залец, Р. Словенија, словенечки правник и дипломат. Студирал на Правниот факултет во Љубљана и во Загреб, каде што докторирал во 1930 г. Во периодот 1930 - 1943 г. работел во судството и во адвокатура во Љубљана. По создавањето на Освободилна фронта (Ослободителен фронт), како претставник на Самостојната демократска партија станал член на врховниот пленум на ОФ. Од септември 1943. до март 1944 г. бил правен референт во управната комисија за ослободената територија, а од март до есента 1944 година началник на отсекот за изградување на власта при претседателството на Словенечкиот народно-ослободителен совет (СНОС), а потоа во Националниот комитет за ослободување на Југославија (НКОЈ). Во октомври 1943 бил избран во СНОС (Врховни пленум на ОФ) и во септември 1944 во извршниот одбор на ОФ. Од март 1945 работел во Министерството за надворешни работи на Демократска Федеративна Југославија, а потоа во дипломатските служби. Бил амбасадор во Чехословачка (1945 - 1948), Шведска (1952 - 1955), Италија (1955 - 1958) и Франција (1960 - 1962). Во периодот 1963 - 1974 бил судија на Уставниот суд на СР Словенија, претседател на Сојузот на здруженијата на правниците на Југославија.

[73] Станува збор за грешка бидејќи НКОЈ немал потпретседателство. Веројатно таа грешка е свесно направена бидејќи извештајот му е испратен на потпретседателот на НКОЈ Едвард Кардељ.

[74] Лазар Колишевски (1914-2002), кој по ослободувањето ја презел функцијата секретар на КПМ, а на 16 април 1945 функцијата претседател на владата на НР Македонија. Бил претседател на Народното собрание на Македонија, член на Претседателството на СФР Југославија, а по смртта на Јосип Броз - Тито во 1980 г., неколку дена, претседател на Претседателството на СФР Југославија. Неговата политичка ориентација била за поцврсто поврзување на југословенските републики со федерацијата, односно за поцврста рака во раководењето на државните работи, потпирајќи се доста на безбедносните структури на Југославија и на СР Македонија. Меѓутоа, сепак, отворено се залагаше за афирмација на Македонија и за македонското национално прашање, но со помирлив однос кон југословенските состојби, особено кон ма-

писмо. На 10. 1. претпладне, другарот потпретседател Лазар Колишевски ме запозна со сите присутни членови на Президиумот на АСНОМ. Попладнето ја почнав работата во Поверенството за изградување на народната власт. Поверенството за изградување на народната власт било основано дури по Второто заседание на АСНОМ во декември 1944 година.[75]

На чело на Поверенството повереник е Никола Минчев,[76] стар 29 години, учител, подоцна банкарски слжбеник, роден во Кавадарци, кој веќе работел како политички работник на теренот.

Негов помошник е Томо Лазаров, стар околу 35 години, адвокат, роден во Битола, кој досега работел во ОЗНА.[77]

Заедно со повереникот и помошникот го составивме овој нацрт за организација на Поверенството:

Поверенството се дели на четири одделенија и тоа:

1. Одделение за организација на народната власт

2. Персонално одделение

3. Одделение за координација на работатата на федералните и извршните органи на народната власт и комисиите

4. Административно одделение.

I. Одделение за организација на народната власт[78]

1. Проучува и подготвува предлози за дефинитивна административна поделба на Македонија;

2. Подготвува и спроведува избори за селски, општински, околиски и окружни НО одбори;

а) Подготовки за избори во АСНОМ;

---

јоризацијата на српската политика во федерацијата. Неговите определби се содржани во книгата „Аспекти ма македонското прашање", во која се објавени неговите политички говори.

[75] Се оджало на 28 - 30 декември 1944 г. во Скопје.

[76] Никола Минчев (1915 - 1997), учесник во НОБ, комунистички активист. Член на АСНОМ, а од јануари 1945 повереник за изградба на власта. Делегат во Собранието на СФРЈ, претседател на владата на СРМ (1965 - 1968) и на Собранието на СРМ потоа. Најпосле бил генерален директор на ФЕНИ, Кавадарци, метален комбинат и индустрија за фероникел.

[77] Кратенка за Организација за заштита на народот, која подоцна се трансформирала во озлогласената УДБА (Управа за државна безбедност).

[78] Подвлекувањата се во оригиналот.

б) Подготовителна работа за избори во федеративната конституанта врз основа на прописите на централните федерални органи на народната власт;

3. Давање помош на локалните органи на народната власт, т.е. окружните, околиските, општинските и селските НО одбори:

а) давање упатства за работата;

б) одговарање на прашања на локалните органи на власта;

в) постојани инструкции за НО одбори од страна на членовите на поверенствата и одделните инструктори и

г) давање иницијативи, свикување и организирање конференции на локалните НО одбори.

II. Персонално одделение

1. Евидентирање на кадарот:

а) федералните органи на народната власт (Президиум на АСНОМ, поверенствата и комисиите при Президиумот на АСНОМ);

б) окружните НО одбори;

в) околиските извршни одбори, референти како и сите стручњаци;

2. Распределување на кадарот.

3. Давање мислење на персоналните предлози на повереницитe и комииите при Президиумот на АСНОМ.

4. Организација и раководење на постојаната федерална управно-политичка школа.

5. Организација на окружните управно-политички курсеви.

6. Давање иницијативи и свикување конференции на кадарот.

(НБ.[79] Со развојот на работите за задачите под 4, 5 и 6, подоцна ќе се формира отсек или дури и одделение за оформување на кадрови).

III. Одделение за координација на работата на федералните извршни органи на народната власт и комисиите

Грижата за отстранувањето на противречностите, неусогласеноста и судирот на надлежностите во прописите на од-

[79] Кратенката е во оригиналот и значи „наша забелешка".

делните органи на народната власт, односно комисиите потчинети на органите на народната власт опфаќа:

а) претходен преглед на сите уредби, циркуларни писма, упатства и начелни дописи на федералните извршни органи на народната власт и комисиите при Президиумот на АСНОМ на потчинетите извршни органи на народната власт;

б) давање иницијативи, примање предлози и свикување заеднички состаноци на заинтересираните федерални извршни органи и комисии.

IV. Административно одделение

Распределба на внатрешната работа меѓу одделните одделенија, грижа за брзо решавање на тековните работи, раководење на архивите и воопшто вршење на сите административни работи со органите на народната власт.

Првото одделение како началник ќе го води другарот Мита Димитријевиќ.

Второто одделение ќе го води повереникот другарот Никола Минчев.

Третото и четвртото одделение ќе ги води помошник-повереникот другарот Томо Лазаров.

## ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА

Од организациската состојба, колку што успеав да ја согледам досега, главно сум изненаден. Тука, во центарот кадарот е речиси млад, наративен, без големо искуство, но е бистар и работи со добра волја. Ми се чини дека е доста послабо на теренот, каде што има големи тешкотии поради недостаток од кадар. Важна задача на персоналното одделение при Повереноството за изградување на народната власт ќе биде кадарот кој е на располагање и кој, како што ми се чини, премногу се намножил во обласните центри, целесообразно да се рапосреди.

## ПОСЕБНИ СОГЛЕДУВАЊА

I. Административната поделба

Македонија засега е поделена на три области со центри во Скопје, Битола и Штип.

Скопската област има 14 околии.

Битолската област има 15 околии.

Штипската област има 10 околии.

Треба да се има предвид тоа што на некои градови им е даден карактер на околии. Околиите се делат на општини, кои имаат просечно по 10 села. Во огромни реони покрај албанската граница, некои општини имаат по 2 - 4 села, додека во други по 10 - 20, па дури и 20 села.

Организацијата на народната власт, со оглед на оваа административна поделба, изгледа вака:




Оваа поделба веќе самата по себе не е логична, не е целесообразна, недемократска е, непотребна и штетна особено за Македонија.

<u>Нелогичноста</u> на оваа поделба се состои во тоа што областите се центри со <u>слаб кадар</u> преоптоварен со управна работа, додека федералниот центар каде што е собран најдобриот кадар, е премногу растоварен. Добриот кадар во центарот би имал, по правило, работа само со три области, а многу послабиот кадар во обласните центри би имал работа само со 10 - 15 околии.

<u>Нецелесообразноста</u> на оваа поделба ја гледам поради фактот на големата распространетост на македонската територија и големата растуреност на населбите, <u>оддалеченоста</u> на одделените околии односно на нивните центри од <u>преголемата</u> област. (Во Битолската област на пример, оддалеченоста на околискиот центар Ростуша од Битола е околу 160 км., а на од-

делни села од Ростушката околија до Битола дури и преку 200 км. Во Скопската област најголемата оддалеченост на околискиот од обласниот центар е 100 км, во Штипската околија 120 км). Со оглед на недостатокот на добри сообраќајни врски и на неразвиената патна мрежа, оваа одаалеченост уште повеќе се чувствува.

Недомократичноста на оваа поделба ја гледам во фактот што обласните, а најпосле и федералните органи на народната власт, кои по правило комуницираат само со трите обласни НО одбори, се премногу одалечени и со тоа одделени од народот, со кој овие органи, во ваквата поделба, немаат вистински контакт.

Непотребноста на ваквата поделба се гледа во тоа што за поделбата на три големи области, нема никакви посебни географски, економски или традиционални потреби, а сообраќајните прилики, всушност, говорат против ваквата поделба.

Штетноста на оваа поделба за Македонија ја гледам во следново:

Специфичната положба на македонскиот народ, кај кој се формира националната свест, за Македонија бара таква административна поделба во сите делови од Македонија, која центрипедално ќе ги поврзе во една единица и со тоа од своја страна ќе создава материјални услови за создавање и утврдување на единствена национална свест. Сегашната административна поделба со воспоставувањето само на три големи центри, од една страна е недемократско, неопходно води во бирократизам, го одделува народот од повисоките органи на народната власт и со тоа, истовремено, разединува наместо да соединува, што од друга страна, може да стане особено кобно во перспективата на развојот на цела Македонија.

Со оглед на сето во разговорот со членовите на Поверенството за изградба на народната власт и со потпретседателот на Президиумот на АСНОМ другарот Лазар Колишевски го поставив предлогот дека треба пред сѐ да се изврши нова административна поделба на Македонија на 6 - 8 окрузи, така што шемата на организацијата на народната власт би изгледала вака:




Таквата административна поделба би била пологична зашто би ја изедначувала оптовареноста на одделните органи на народната власт и најпосле правилно би го искористила најдобриот кадар во центарот. Таквата поделба би била поцелесообразна бидејќи, најпосле, со оглед на променетите прилики и пространоста на теренот, би остварила непосреден контакт на повисоките органи на народната власт со теренот и со тоа би му ја приближила власта на народот, значи би ја демократизирала. Таквата поделба би создавала од сегашната Македонија, а евентуално од проширената Македонија[80], похомогена целина, а со тоа би користеле на создавањето и зацврстувањето на македонската национална свест. Конечно, таквата поделба би ја сообразила административната структура на Македонија со структурата на другите федерални единици на Југославија.

Како што веќе е речено, во Македонија постојат и општини кои, на пример во Словенија, ги нема. Со оглед на лошите сообраќајни врски, а особено со оглед на немањето кадар, кој би бил во состојба успешно да ја воведува во живот народната власт на теренот, а особено со оглед на исклучително големиот процент на неписмени луѓе, мислам дека за догледно време тие треба да се задржат. Тежиштето на прашањето за

[80] Асоцира на евентуалното обединување на Македонија, кое сé уште беше актуелно.

ефикасна организација на народноослободителните одбори на теренот ќе биде да се најде доволно кадар на добри и способни секретари за општинските народноослободителни одбори, а да се најдат добри и способни секретари за сите селски НО одбори, не може ниту да се помисли.

Поверенството за изградување на народната власт во најкусо време ќе изгради предлог за административната поделба на Македонија врз основа на образложените начела, кој предлог ќе му го предложат на Президиумот на АСНОМ поради донесување одлука.[81]

Паралелно со оваа работа Поверенството ќе работи на подготвувањето на избори за селски, општински, околиски и окружни НО одбори. Овие избори што побргу да се извршат.[82] Со оглед на спомнатиот голем процент на неписменост треба да се пронајде подобен начин за спроведување на тајно гласање за што решија некои фактори.

II. Президиумот на АСНОМ и поверенствата

Президиумот на АСНОМ се состои од претседател, 2 потпретседатели, 2 секретари и 28 члена. Значи, вкупно брои 33 члена. Дванаесет членови на Президиумот, повеќето млади (десетмина се од 27 до 38 години и двајца по околу 50 години) се истовремено повереници на чело на ресорите и тоа: 1. внатрешни работи, 2. индустрија и занаетчиство, 3. трговија и снабдување, 4. судство, 5. изградување на народната власт, 6. шума и руда, 7. земјоделство, 8. социјална политика, 9. народно здравје, 10. градежништво, 11. финансии и 12. просвета.

Макар што ваквата состојба, во начело е корисна, забележав два недостатока:

1. Президиумот со своите 33 члена е преширoко и гломазно тело за решавање на тековните и дневни работи. Решавањето на секојдневните ситни прашања на седниците на Президиумот, од една страна го предизвикува овој висок форум на

---

[81] Веќе во јануари 1945 година набрзина била извршена новата административна поделба, која ја наложил Дарко Чернеј во разговорите.

[82] Биле извршени во март 1945 година.

долготрајни седници да се губи во ситници, што на друга страна неминовно довело до губење во практицизмот, а со тоа до губење на смислата за пошироки погледи во крупните работи.

2. Овој факт, од друга страна, сосема природно, предизвикува паѓање во друг екстремизам: сè повеќе се отстапува од основното демократско начело за колегијално решавање на работите и сè повеќе работите се препуштаат на индувидуалното решавање од страна на одделните повереници - сè со цел да се постигне поекспедитивно решение.

За да се задржи на едната страна корисната поделба на ресори во рамките на Президиумот, а на другата, сепак, да се координира работата на одделните поверенства, да се задржи начинот на колегијалното решавање на поважните, тековните дневни проблеми и со цел за постигнување на сè поголема експедитивност во работата, во разговорот со членовите на Поверенството за изградување на народната власт и со потпретседателот на АСНОМ другарот Лазар Колишевски, ја дадов следнава сугестија:

Без какво било формално одвојување од Президиумот, сите повереници сè почесто да се повикуваат на заедничка седница, како потесно работно тело, а на тие седници, под претседателство на потпретседателот на АСНОМ Лазар Колишевски, да ги решаваат тековните работи, додека сите поважни начелни прашања и понатаму да се изнесуваат, како и досега, пред Пленумот на Президиумот[83].

НАЦРТ ЗА ИДНАТА РАБОТА

Во наредните денови имам намера детално да ја проучам организацијата на другите поверенства[84], а напоредно постојано да го помагам Поверенството за изградување на народната власт. Секако ќе го посетам тукашниот Областен НО одбор и тукашниот Градски НО одбор. Ако времето ми го допушти тоа

[83] Се однесува на целиот состав на Президиумот од 33 члена. Иако Работното тело не било замислено како орган, всушност се претворило во орган кој презел повеќе ингеренции од оние што му припаѓале на Президиумот на АСНОМ.

[84] Редакцијата не пронајде извештај од тие наоди.

и ако имам на располагање сообраќајно средство, ќе посетам уште еден или вториот областен центар во Штип, односно Битола.

Секако, за својата работа, и понатаму ќе праќам извештаи.

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

Д-р Чернеј, с.р.[85]

## 14.
## ПИСМО
## од Министерството за Македонија во Белград до Јосип Броз - Тито во својство на министер за одбрана и до Министерскиот совет на ДФ Југославија, од 28 март 1945 година, за непризнавањето на дипломите на Македонците издадени од бугарските образовни институции во Втората светска војна

Министер за Македонија[86]
на Демократска Федеративна Југославија
Бр. 27
28 март 1945, Белград
До господинот министер за народна одбрана
До претседателот на воениот совет

Господине министер, имам чест да Ви доставам забелешки, кои ги ставам на проектот на одлуката на господинот министер за просвета за НЕПРИЗНАВАЊЕ НА ДИПЛОМИТЕ, ИСПИТИТЕ И СЕМЕСТРИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ВИСОКИТЕ ШКОЛИ ЗА ВРЕМЕ НА ОКУПАЦИЈАТА.[87]

I[88]

Во првиот член, алинеја два, даден е следниов текст: „Исто така немаат важност ниту нострифицираните странски дипломи" ниту за признатите испити за време на окупацијата, однос...

[85] Извештајот до Јосип Броз - Тито е испратен во препис.

[86] АПР, KMJ-II-6b/1

[87] Буквите се зголемени во оригиналот со цел да се подвлече насловот на одлуката.

[88] Во оригиналниот документ го нема овој број. Веројатно е изоставен погрешно, што е видливо од понатамошното нумерирање во писмово.

но семестрите од школите во непријателските или од непријателите: на окупираните земји, како академски степени (доктрати итн.),[89] домашни или странски, добиени или признати за време на окупацијата.

Текстот на оваа алинеја директно ги погодува македонските интелектуалци, кои студирале, завршиле студии или докторирале на Софискиот државен универзитет. Вистина е дека Бугарија во тоа време беше непријателска земја, дека воспитниот систем беше профашистички, но вистина е и тоа дека наставно-научната програма на Универзитетот, како и во средните училишта ниту малку не се промени по 6 април 1941 година. Студентите Македонци студираа, дипломираа или докторираа паралелно со студентите Бугари, на кои денес во Отечественофронтовска Бугарија никој не им го оспорува стекнатото знаење, испитите, дипломите и докторатите.

Освен тоа спрема студентите Македонци бугарската власт не правеше апсолутно никакви исклучоци, ниту просветните власти им давале какви било бенефиции. Единствената бенефиција, ако тоа може да се нарече бенефиција, е таа што на учениците од средните училишта им е призната учебната година во која биле затекнати на 6 април, на матурантите исто така им е признат 8 клас, но мораа да го полагаат матурскиот испит според скратена програма по двомесечниот курс за време на летниот распуст, додека на студентите летниот семестар 1941 година им беше признат условно. Според тоа, во чисто научна смисла, македонските интелектуалци кои потпаѓаат под овој член, не пропуштија ништо, така што во Македонија нема ниту еден адвокат, лекар или професор што ја добил својата диплома од милост и нечесно. Од друга страна, со оглед на исклучителната политичка положба на Македонија во тоа време и сегашните наши братски односи со нова Бугарија, мислам дека би било неправедно членот на проектот на оваа одлука да ги опфати македонските интелектуалци, кои под еднакви услови, работеле и полагале испити како и бугарските студенти на кои денес во нова Бугарија никој не им ја оспорува научната подготовка.

[89] Подвлеченото е во оригиналот.

Деликатната положба на македонските интелектуалци во ниту еден случај не смееме да ја споредуваме со студентите кои доброволно оделе на студии во Унгарија, Италија или Германија, а уште помалку можеме да ги споредуваме со студентите усташи во Загреб или со љотиќевците или со недиќевците во Белград. Слободен сум да го искажам својот впечаток дека духот на оваа проект-одлука ги има предвид токму овие два последни случаи.

Поради тоа предлагам во алинеја два на првиот член да се внесе следната корекција: наместо зборовите во третиот ред „непријателски" конкретно да се каже „во Италија, Унгарија, Германија и Словачка". Исто така во претпоследниот ред зборот „странски" треба да се избрише и да се стави „во споменатите земји".

II

Во вториот член на истата проект-одлука во алинеја еден се предвидува можност за исклучок од правилото во првиот член, но само од домашните универзитети и високи школи. Сметам дека е неопходно овој исклучок да се прошири и во однос на странските универзитети, па дури и на оние во Италија, Унгарија, Геманија и Словачка. Не е исклучено да има и такви студенти овие студии, од разни причини, да ги започнале во тие земји уште пред војната и таму да ги завршиле. Затоа сметам дека алинеја еден на вториот член треба да се поправи така што третиот член треба да ја добие својата поширока примена. Корекцијата би можела да биде доколку по зборовите „семестри од" се внесе „италијанските, унгарските, германските и словачките".

III

Во член 5 треба поточно да се прецизира на кои студенти се однесува одредбата дека со четири семестри може да се продолжи понатаму. Дали на оние што се затекнати со четири семестри пред војната или на студентите кои во текот на окупацијата запишале четири семетри. Ако таа одредба се однесува на студентите што за време на окупацијата запишале и имаат веќе четири семестри, тогаш овој член е во спротивност со алинеја еден од член еден на истата проект-одлука.

Молам овие забелешки да се земат предвид на седницата на Министерскиот совет.

Министер за Македонија,
Мане Чучков, с.р.

## 15.
## МЕМОРАНДУМ
### од група Албанци-бегалци од Чамерија (Северен Епир) до мисиите при Главниот штаб на албанската војска со поплаки против грчките власти, Тирана, 5 април 1945 година

До сојузничките мисии при Врховниот штаб на албанската војска воТирана

До Југословенската мисија[90]

Ние, една група чамеријци составена од бегалци, кои побегнавме од нашиот крај Чамерија, крај што се наоѓа во внатрешноста на грчката граница, населен со албанско малцинство, на сојузничките мисии им го поднесуваме следново:

Како грчки државјани од албанска националност во Чемерија останавме на нашите огништа како чесни граѓани, почитувајќи ги секогаш државните закони и граѓанските должности и кога грчкиот народ заедно со големите сојузници им објави војна на италијанскиот и на германскиот фашизам, ние како законити државјани, го грабнавме оружјето и се боревме рамо до рамо со елинскиот народ, пролевајќи ја крвта за заеднички идеали.

Во оваа заедничка борба, за заедничка цел, ние, жителите на Чемерија дадовме цели баталјони, а меѓу нас имаше и доста загинати.

Но, со германскиот окупатор, а порано со италијанскиот, како и во секоја освоена земја - Франција, Југославија, Грција, Албанија итн. и во нашиот крај најдоа некои елементи да им служат. Ова се случи со мошне мал број луѓе од чиновништво-

[90] АПР, KMJ I-3-Ђ/13

то на Чамерија, под водството на...[91] Ваквите продадени луѓе се предавници кои ќе бидат казнети каде што го правиле делото.

Но тоа не е причина да се земе како изговор против нас кои ништо не нè раздвојува од заедничката борба и пролеаната крв со ослободителната војска на ЕЛАС[92] во Епир.

И покрај тоа шовинистичките реакционерни чети на Зервас, кога ја презедоа власта, се пуштија како диви ѕверови врз албанското малцинство во Чамерија и убија, заклаа, опљачкаа и изгореа, сакајќи на тој начин да не остават ниту еден жив чемериец во тие краишта.

Така на 28 јуни 1944 г. Зервасовите банди во гратчето Парамити (Чамерија) ги повикале сите Албанци од округот и градот наводно да им соопштат една вест која се однесувала на нив. Населението, мажи, жени и деца, бидејќи не биле виновни, ништо лошо не помислиле, туку мирно се собрале и...[93] на најкрвав начин... ги обесчестиле сите жени и девојки, на многу од нив им ги отсекле дојките, на многу други им ги отсекле ушите и усните, пуштајќи ги потоа голи да им се потсмеваат војниците ненаситени со крв. Во гратчето Паргиј го собрале албанското малцинство, го затвориле во тврдината и нивната судбина до денес не е позната.

Овој свети Бартоломеј било првото грчко масакрирање над населението од Чамерија, кое со толку хероизам се бореше за слобода и демократија ветени од страна на сојузниците, за кои се води заедничка борба.

Ова касапење беше првата црна вест која се пренесе низ цела Чамерија и даде знак на узбуна, за иселување, бидејќи шовинистичките Зервасови чети продолжија да масакрираат од

[91] Името не се чита.
[92] Грчка народноослободителна војска формирана во декември 1941 со одлука на ЕАМ (Народноослободителен фронт на Грција). ЦК на ЕЛАС бил реорганизиран во Главен воен штаб на НОД во Грција и одиграл видна улога во организирањето и раководењето на ЕЛАС. Во редовите на ЕЛАС служеле околу 6 илјади борци Македонци. Врз основа на склучениот договор во Варкиза меѓу владата на Грција и ЕАМ, со наредба од февруари 1945 ГШ на ЕЛАС извршил демобилизација.
[93] Точките означуваат нечитливи зборови.

село во село и од град во град. И ова работно население се даде во бегство како избезумен свет за да најде спас. Прогонувано педа по педа од страна на грчките шовинистички чети, не се знае колку од тоа население за време на бегањето е убиено. Не можејќи со себе да понесат ниту покуќнина, ниту стока, ниту друг најмал предмет, повеќе од 8.000 лица преминаа во внатрешноста на албанската граница. Албанија во тоа време неослободена и во борба не можела на сите бегалци да им даде никаква помош... Бегалците имале големи загуби од болести и од глад и се смета дека во текот на седум недели преку 2.000 од нив нашле смрт по патиштата на Јужна Албанија.

Камо да се завршило со ова!

Но, не било доволно. На 14 септември 1944 г. во гратчето Филат е извршено второто масакрирање и од малиот број Албанци што останале, убиени се 373 лица, повеќето жени и деца, со што грчките шовинисти се покажаа како поголеми варвари отколку порано и поголеми крвопијци отколку првиот пат. Од првиот колеж во Парамити до втората кланица во Филат, некои што сѐ уште веруваа дека во Епир има луѓе и дека крвопијците на Зервасовите шовинисти ги снема, останаа. Но, по ова јасно сфатија дека нема човечки дух во нивното тело и чемериското малцинство реши да се скрие и да најде засолниште во Албанија. Чемериските семејства што се префрлија на Крф, се фатени од зервасистите и сите мажи немилосрдно се заклани и отепани. Жените се задржани како робови и обесчестени.

Крикот на оние што ја преминуваат границата, болката на оние што страдаат и бараат правда и човечност, не може да се опише. За оние што останаа во Албанија, не може да биде полошо и покрај добрата волја на албанската влада и Министерството за социјална помош, да им се прејде на помош; тие стенкаат, умираат од студ, болести и глад. Денес го поплавија еден дел од јужна Албанија и овие денови до Драч стигнаа 120 семејства. Тие се раселуваат за да живеат, да страдаат и да умираат.

Сепак, и ова не беше доволно. Оние чемеријци што останале во близината на границата, кога виделе дека состојбата во Грција е стабилизирана и дека една демократска влада призна-

та од сојузниците почна да ја спроведува својата власт и имајќи многу усни ветувања дека нема да бидат допрени ниту повредени од никого, решиле да им стават крај на своите страдања и да се вратат на своите напуштени огништа во Чамерија, на земјата на своите предци, под напуштените кровови.

Три илјади лица, млади и стари, семејства со деца, откако се раселија, во јануари и во март 1945 г. повторно се вратија во Чамерија и во прво време, според даденото ветување, не беа вознемирувани.

Но, не минаа малку недели, кога и овие несреќници, кои само што почнаа да ги обработуваат својата земја и имотите, беа нападнати од страна на униформираните реакционерни шовинистички банди и владини жандарми, откако претходно им беше ограбена стоката и покуќнината. Се пуштија како разбеснети кучиња кон луѓето кои со многу мака успеале да се спасат дотогаш. Од овие невини и мирни 3.000 души, се спасил само мал дел и тоа неколку семејства што се нашле блиску до албанската граница.

Ова последно масакрирање на кое му нема пример во историјата, и кое може да се спореди само со германското масакрирање во Полска, ги чинеше чемеријците околу 3.000 лица, кои биле разнесени од митролези, директно од луѓето на генералот Пластирас, кој заслепен од својот болен шовинизам, не виде луѓе во муслиманите на Чамерија, туку само месо за колење и крв за пролевање. Оваа последна кланица се случи во почетокот на март 1945 г. и не е извршена само од страна на реакционерните банди на Зервас, туку и со помош и пред очите на луѓето на официјалната грчка влада на генерал Пластирас.

Населението на Чамерија денес се наоѓа во беда по патиштата на Албанија, продолжува да се мачи и да умира и не е можно повеќе да има доверба во Грците државници, без гаранција на големите сојузници, кои ја водеа и ја водат оваа гигантска борба за правата и слободата на народите. Албанците од Чамерија имаат верба само во сојузниците и се надеваат дека нивните воени мисии кои денес се наоѓаат во албанската војска, нема да го остават во заборав овој меѓународен злочин, нема да

остават да продолжи желбата на шовинистичката грчка страст за мирната крв на чамеријците.

Чамеријците никогаш не губат надеж дека сојузниците ќе ги одбранат, дека ќе ги репатрираат и дека ќе посредуваат да им се гарантира нивниот живот, право и слобода, како на сите народи што се радуваат да не бидат угнетувани или прогонети и дека по војната... варварските држави заслепени од шовинизмот.

Луѓето чамеријци не сакаат ништо повеќе за себе туку да се примени точката од Атлантската карта објавена од сојузниците и да бидеме оставени на мир на... Кој е виновен и извршил воени злосторства нека страда и нека биде казнет, но не да се прогонува и да се коле невино население, а областа Чамерија од страна на грчките шовинисти да се смета како предмет за уништување.

За да ги докажеме нашите тврдења ние чамеријците сме подготвени да предводиме една комисија определена од страна на сојузничките мисии во Албанија, кога појасно ќе се види очајната состојба на ова некогаш силно и здраво население. Вака, гледајќи ги овие костури, гледајќи ги овие сенки како се движат, тогаш ќе се разбере и ќе биде подобро илустрирана лошата судбина која нè снајде нас, бедните чамеријци. Ова неодложно интересирање го бараме од сојузните мисии и се надеваме дека тоа нема да го чекаме долго.

Кревајќи го уште еднаш нашиот глас за нашите права, молејќи ги уште еднаш сојузниците, ние Албанците на Чамерија сите наши надежи ги потпираме врз сојузниците и убедени сме дека ќе бидеме одбранети и дека ќе ни се дадат најосновните човечки права: животот и слободата.

Во името на сите бегалци на Чамерија
Една група:[94]
Тирана, 5. IV. 1945 г.

[94] Потписи од 31 лице.

## 16.
## ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ
### од Амбасадата на Демократска Федеративна Југославија во Албанија до Министерството за надворешни работи и до Јосип Броз - Тито, Тирана, 12 јули 1945 година

Амбасада на Демократска Федеративна Југославија[95]
Дов. бр. 9/45
12 јули 1945
Во Тирана
Предмет: Политички извештај 23. VII. 1945 г. - I отсек

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
- Политичко одделение -

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ПОЛИТИЧКАТА СИТУАЦИЈА

I.

Политичката ситуација во земјата

Со влегувањето на Владата во Тирана на 28 ноември 1944 г. започна нејзината пообемна работа за обнова на земјата и на ширењето и организацијата на народната власт, која дотогаш, под условите на окупација (особено на север) во некои краишта или не постоеше или не можеше нормално да работи. Дури во Тирана можеше да се сместат и да се формираат министерствата и Владата од центарот на земјата да преземе цела низа политички и стопански мерки со цел обнова и нормализација на животот.

Меѓу најкрупните мерки што ги презеде Владата, можат да се споменат: поправка на разурнатите комуникации и подигнувањето на провизорните мостови. Денес во целата земја е воспоставен нормален сообраќај. Пред овие работи, сообраќај речиси немаше зашто за време на окупацијата беа разурнати речиси сите мостови, така што врската меѓу одделните префек-

[95] AJ, f.507, f. br. IX-1-3-38-108, R-7, s. 1-11.

тури[96] и стопанските центри воопшто не постоеше; Владата изврши конфискација на сите италијански претпријатија во корист на државата, а меѓу нив и на Националната банка и организира Државна банка (ова е извршено врз основа на одлуките кои ги донесе АВНО на Албанија во Пермет на 24 мај 1944 г.); изврши конфискација на имотот на воените злосторници, со што особено беа зафатени беговските имоти, така што од огромните беговски поседи им е поделена земја на селаните. Сега Владата го проучува планот за аграрна реформа и за таа цел е формирана посебна дирекција која го проучува тоа прашање и ги врши сите подготовки за изведување на аграрната реформа. Владата презеде крупни мерки за организирање на сеидбата која во целата земја со успех е завршена, но поради сушата оваа година таа ќе потфрли.

Преземени се повеќе социјални мерки за помош на настраданите краишта од војната, особено во Јужна Албанија, со подигнување во селата провизорни куќи, парична помош, праќање извесно количество жито за ликвидирање на гладот, згрижување на воените сирачиња и сиромашните, подигање дневни престојувалишта, домови и ресторани. Особено големи напори Владата направи во сместувањето и згрижувањето на избеганите и настраданите чемеријци. Освен тоа, многу е направено за подигнувањето на амбуланти, болници и санаториуми во селата.

Со цел да се спречат шпекулациите и казнувањето на воените профитери, Владата воведе такси на воените добивки. Со таа мерка опфатен е извесен број трговци во целата земја. Собирањето на таксата за воена добивка наидува на големи тешкотии зашто трговците одбегнуваат да ја платат, па властите се приморани да ги затвораат.

Владата успеа до извесна степен да обнови некои претпријатија, како на пример индустријата за нафта, но голем број претпријатија уште не проработиле бидејќи недостасуваат средства за нивна обнова или пак нивната обнова не се исплатува поради тоа што не постојат поволни услови за извоз на сто-

[96] Бидејќи Албанија беше окупирана од Италија, административната власт беше организирана според италијанската управа.

ката. Поради тоа уште не е решен проблемот со невработеноста. И покрај сите настојувања, и поради внатрешната економска ситуација и поради надворешната положба на Албанија, стопанството уште не е нормализирано и доволно живо, се чувствува голем недостиг на индустриски производи, што особено го погодува селото.

Животните услови на широките народни слоеви се многу тешки поради невработеноста и големата скапотија. Во последно време Владата успеа да го обезбеди прашањето за леб за народот и за војската и да ги максимизира цените на лебот. Цената на златото е во пораст, така што денес односот на еден златен наполеон спрема хартиениот изнесува 1:37, за разлика од поранешниот однос 1:32, а за време на окупацијата тој однос беше 1:25. Овој скок настана поради приливот на несменетиот албански франк од Косово и Метохија. Поради тоа, Владата пред кратко време испечати пари за да се спречат тие одлевања.

Владата исто така презеде крупни чекори за сузбивање на неписменоста, отвори основни и средни училишта, организира низа стручни курсеви и ги отвори Народниот театар и Актерската школа. (Во прилог: говорот на Енвер Хоџа[97] на Вториот младински конгрес во Тирана, во кој е изнесен билансот на работата на Владата во текот на 4 месеци).

Освен тоа, Владата стои пред проблемот на сместувањето и згрижувањето на војската. Речиси сите касарни се запалени, така што денес станбеното прашање на војската е во најголем дел нерешено. Во Албанија не постои сериозна текстилна индустрија, која би можела за војската да изработува облека и обувки иако има доволно волна и кожа. Покрај тоа, и малата помош што во поглед на облека и обувки порано ја добивале од

[97] Енвер Хоџа (1908 - 1985), албански политичар и државник. Завршил Факултет за природни науки, а студирал и право во Брисел. Еден од основачите на КП на Албанија 1941 г. Во периодот 1939 - 1944 г. еден од водачите на движењето за национално ослободување. Од 1948 г. па до својата смрт бил на највисоките раководни функции во Албнија како генерален секретар на Албанската партија на трудот, претседател и други функции. Ја изолирал Албанија од светот.

сојузниците, веќе не постои. Во последно време во тој поглед видлива помош Албанците добија од Југославија. Во сите тие напори на Владата за консолидирање на внатрешните прилики, на обнова на земјата како и во нејзините настојувања во светот да го заземе местото што ѝ припаѓа, таа имаше огромна поддршка од народните маси преку политичките организации НОФ и антифашистичките организации на младината и жените како и на синдикатите. Политичкиот живот со секој ден сѐ повеќе се развива и масите, особено од село, сѐ повеќе учествуваат во политичкиот живот и се собираат околу програмата што денес ја истакнува и ја спроведува Владата. Авторитетот на Владата видливо се подигна со нејзините досегашни напори и работата, како и со авторитетот на народната власт. (Прилог: брошурата „Документи од НОБ, Одлуките на II заседание на АВНО Албанија во Берат и Законот за уредување и изградбата на народната власт").

НОФ заедно со антифашистичките организации на младината и жените направи многу за политичкото просветување на народните маси и на нивната правилна политичка организација. Особено се истакнува силното расположение и љубов на широките народни маси спрема Советскиот Сојуз и Југославија. Албанците во Југославија го гледаат својот најблизок пријател и сојузник. Оттука секој акт на Југославија спрема Албанија се прифаќа со големо воодушевување и одобрување. Признавањето на Албанската влада, праќањето на жито од Југославија во Албанија, помошта на нивната војска во вооружувањето, обека и обувки и целата низа мали манифестации како на пример доаѓањето на младински делегации од Југославија, театарски групи, фудбалски клубови и други спорстки екипи, наидува на срдечен прием и големо воодушевување. Гледајќи го расположението на широките народни маси спрема Југославија, може да се каже дека албанскиот народ стана свесен за длабоките промени што настанаа во текот на војната во нашата земја и затоа во Југославија ја гледаат својата силна поддршка за зачувување на своите придобивки и независноста и силна поддршка во своите оправдани барања пред светската јавност.

Овие врски од ден на ден, сè повеќе се продлабочуваат и јакнат бидејќи се создадоа услови за подобра соработка на економско, политичко и културно поле. Регулирањето на односите долж југословенско-албанската граница ќе придонесе овие наши односи да се зацврстат.

Ваквото расположение можеше да се развива и да јакне поради тоа што НОД на Албанија издејствува целосна победа и што со победата на НОД се уништени сите профашистички, реакционерни воени и политички организации, кои со својата програма на голема и етничка Албанија и опасност од словенството, работеле на распламтувањето на омразата меѓу албанскиот народ и народите на Југославија.

Реакционерни и профашистички
политички и воени групи и организации

Со конечното ослободување на Албанија на 29 ноември 1944 година (со ослободувањето на Скадар) се разбиени последните остатоци од реакционерните профашистички воени и политички организации кои соработувале со окупаторот: „Бали комбтар" (Национален фронт), „Легалитет" (Еднаквост) и Скадарската група „Независни националисти".

Најистакнатите шефови на „Бали комбтар" беа следниве:

1. Мидхат Фрашери, кој во 1922 до 1924 бил албански амбасадор во Атина. За време на Зогу[98], не заземал активно учество во политичкиот животот на земјата. За време на окупацијата бил еден од главните носители и организатори на „Бали комбтар".

2. Кољ Тромари, играл голема политичка улога во животот на Албанија. Бил пратеник во опозицијата заедно со Фаноли, како противник на Зогу емигрирал и се вратил во Албанија во 1930 година.

3. Бахри Омари, мошне влијателна политичка личност во Албанија. Порано бил народен пратеник. Како Зогов противник морал да емигрира. Се вратил во 1939 година. За време на германската окупација бил министер за надворешни работи.

[98] Се однесува на Ахмет Зогу, албанскиот крал.

4. Хасан Дости, правник, долго време бил член на Касацијата и Министерството за правда за време на германската окупација.

5. Тома Орологај, бил еден од главните основачи на Бали но подоцна се повлекол. Правник, адвокат, извесно време бил министер за правда.

6. Кадри Цакрани, еден од големопоседниците од јужна Албанија.

7. Леф Носи, поранешен член на намесништвото, бил министер на поштите и телеграфот во Првата албанска влада 1912 г. во Валона.

8. Јуб Казази, правник, поранешен министер на Албанската фашистичка партија.

9. Неџат Пешкопеја, професор.

10. Али Келцура, поранешен народен пратеник, како противник на Зогу емигрирал од Албанија. Се вратил во 1939 г. во земјата. За време на италијанската окупација извесно време бил интерниран.

11. Коцо Мука, за време на италијанската окупација бил квестор. По доаѓањето на Германците во Албанија бил министер за просвета.

Најистакнатите шефови на „Легалитет” (Приврзаници на Зогу) биле:

1. Мехди Фрашери, поранешен претседател на Владата за време на Зогу, претставник на Албанија во Лигата на народите. За целото време на италијанската окупација бил интерниран во Италија.

2. Абас Купи, мајор во војската на Зогу. До конференцијата во Мука 1943 г. учествувал во НОБ и бил член на Врховниот штаб на НОВ на Албанија. По конференцијата во Мука се отцепил од НОД и ја формирал партијата „Легалитети”. Соработувал со Германците. До последниот момент при штабот на Абас Купи се наоѓала Англиската воена мисија на чело со потполковникот Маклен. Во моментот на ослободувањето на Албанија заедно со Маклен се префрлил во Италија.

3. Гацо Гого, професор по фискултура. Извесно време интерниран во Италија.

4. Асим Абдураман, инженер по хемија, роднина на Муса Јука, поранишен долгогодишен министер за внатрешни работи за време на Зогу.

5. Рок Гера, поранешен министер на разни ресори за време на Зогу. По доаѓањето на Германците повторно се јавил на политичката сцена како човек на Зогу.

6. Кочо Кота, долгодишен претседател на влада за време на Зогу. За време на окупацијата водел преговори со грчките реакционерни кругови во Солун.

7. Флори Дине, потполковник, бил претседател на квислиншката влада за време на германската окупација.

8. Хусни Дема, поранешен командант на сета жандармерија за време на германската окупација. Ги предводел германските банди против НОД. За време на италијанската окупација извесно време бил интерниран во Италија.

9. Џавид Лесковику, поранешен албански генерален конзул во Скопје. За време на окупацијата водел преговори со грчките реакционерни кругови во Солун.

Истакнати шефови на групата „Независни националисти" се следните: 1. Ѓон Марку Ѓон; 2. Мустафа Круја; 3. Кољ Биба; 4. Суљ Бушати; 5. Афис Али Тарис и 6. Сука Гуракуќи.

Освен тоа постоела и групата „II Призренска лига" на чело со Бедри Пеја и жандармот Џафер Дема. Не е познато на која од овие групи ѝ припаѓа Мухамед Бајрактари, поранешен аѓутант на Зогу, кој подоцна се одметнал од Зогу. Сега живее одметнат во областа Љума и Кукс.

Освен горните политички личности, кои соработувале со окупаторот и кои биле организирани, постоеле и други истакнати личности кои не им припаѓале на овие групи, како што се: Шефќет Верлаци (најголемиот големопоседник во Албанија), за време на на окупацијата бил претседател на Владата и министер на разни ресори. Изгледа дека сега се наоѓа во Италија; Ќемал Вриони, големопоседник од Фир, поранешен министер за финансии, на судскиот процес во Тирана на 13 април 1945 г. осуден на доживотна робија; Ибрахим Бичаку, поранешен претседател на влада за време на германската окупација, исто така осуден на доживотна робија; професор Џеват Хоџа, министер

за просвета за време на германската окупација, осуден на доживотна робија на судскиот процес од 13 април 1945 г.; Тефик Морина, за време на Зогу бил виш чиновник на Министерството за надворешни работи, подоцна министер на Албанската фашистичка партија. На судскиот процес во Тирана на 13 април 1945 г. осуден на 30 години робија.

Со ослободувањето на Албанија сите овие групи се растуриле, а нивните водачи се разбегале на разни страни. Еден дел се повлекол заедно со Германците, додека поголемиот дел се префрлил во Италија. Една поголема група останала во Албанија и се предала, додека помала се разбегала во шумите и живее во илегала.

Со Германците побегнаа:

а) од „Бали комбтар 1. Леф Носи; б) од „Легалитети"; 1. Мехди Фрашери; в) од „Независните националисти" - 1. Ѓон Марка Ѓон 2. Мустафа Круја и 3. Кољ Биба и г) од „II Призренска лига" - 1. Џафер Дева.

Побегнати во Италија: а) од „Бали комбтар" - 1. Мидхат Фрашери, 2. Хасан Дости, 3. Кадри Царкани, 4. Неџат Пешкопеја, 5. Али Келцура и други со околу 150 до 200 свои луѓе. Се тврди дека Мидхат Фрашери и Али Келцура се во Казерта во Италија.

б) од „Легалитет"

1. Абаз Купи, 2. Гацо Гого. Од многу сигурни извори се тврди дека Абаз Купи со неколку свои луѓе се префрлил во Каиро.

Останале во Албанија по ослободувањето:

а) од „Бали комбтар"

1. Кољ Тромара, 2. Бахри Омари, 3. Тома Орологај, 4. Јуп Казаси (Јуп Казаси сѐ уште се крие).

б) од „Легалитет":

1. Асим Абдурахман, 2. Рог Гера, 3. Коцо Кота, 4. Фиќри Дине, 5. Хусни Дема и 6. Џевад Лесковаку. Од нив се предале: Рог Гера, Коцо Кота и Џавид Лесковику.

в) од „Независни националисти":

1. Суљо Бушати, 2. Афис Алит Салиа, 3. Јуп Гуракуќи.

г) од „Призренска лига":

1. Бедри Пеја.

Фатени: Сулко Бушати, Јуп Гуракуќи и Бедри Пеја.

На главниот судски претрес во Тирана, кој почна на 1 март, а заврши на 13 април 1945 г. се осудени:

на смрт - 17 воени злосторници и тоа: Фејзи Ализоти, Теренц Точи, Густав Мидраци, Костантин Коте, Хилми Лека, Шубцири Борши, Џафер Курашити, Беќир Валтер, Зеф Кадар, Кол Тромара, Бахри Омари, Дик Цами, Даут Царкани, Исмаил Големи, Аќиф Пермети, Таши Бишчеми.

на доживотна робија и присилна работа се осудени:

Јуп Гуракуќи, Кемал Вриони, Кочо Кота, Џавид Лесковнику, Ибрахим Бичаку, Џевад Коча, Кочо Таши, Рефет Беголи, Бајрам Пустина.

на 30 години робија се осудени:

Тефик Морина, Сократ Дод Биба, Михаил Залари, Антон Козмачи, Етем Чара, Ндоц Нарачи, Лазер Нади, Сами Кока, Сулејман Бубитејми.

Покрај тоа, тројца се осудени на 20 години, петмина по 15 години, петмина по пет години и двајца по 3 години робија.

Во прилог ви се доставува обвинението на државниот обвинител од тој процес генерал мајорот Бедри Спахи. Со разбивањето на сите овие групи и организации реакцијата во Албанија остана без организација и сега дејствува повеќе или помалку неорганизирано и помалку или повеќе локално. За сега не постои ниедна нова организација за која би се знаело.

Ц р к в и т е

а) Католичкиот клер:

Мнозинството од католичкиот клер беше и остана во опозиција спрема НО движење. За време на НОБ бил двигател на организацијата на „Независни националисти". Благодарение на неговото силно влијание на католичките маси во северна Албанија, тој дел од населението во мнозинството беше настрана од НОБ. По ослободувањето на Албанија католичкиот клер разви жива активност за организирање на востание во северна Албанија против НО движење. Во таа работа најмногу беа врзани со Марк Ѓон Марк, синот на Ѓон Марка Ѓон, кои илегално живеат во северна Албанија. По цела северна Албанија почна-

ле оружени акции на тие преостанати групи, кои почнаа да јакнат. Меѓу тие групи се истакнуваа: групата на Пренк Цали во Врмош, групата на Хасан Мустафа во Мати. Извршени се два напада на околиското место Лежа и околиското место Коплик, но ги задржале само еден ден. Реакцијата се подготвувала да го заземе Скадар. Со операциите што ги презел ВШ на НОВ на Албанија на северот против тие групи се разбиени, а на групите им се разбиени сите планови, додека групите се уништени заедно со Пренк Цал и Хасан Јусуф. Во таа пригода се заробени околу 8.000 пушки. Во таа своја работа католичкиот клер имал поддршка од странство.

Главните поглавари на католичката црква во Албанија се: Дон Гаспар Тачи, скадарски надбискуп. По него многу е влијателен Винченц Пренуши, Франевец. Овие двајца уште со неколку бискупи на северна Албанија го водат главниот збор.

Во Скадар за време на окупацијата се наоѓаше папскиот нунциј Нигрис. Минатата зима албанските власти му излегле во пресрет на неговото барање да отпатува во Рим. Пред еден месец се вратил од Рим во Тирана, но албанските власти го вратиле бидејќи допатувал без претходно одобрение.

По операциите во северна Албанија минатата зима се фатени и осудени на смрт следниве католички свештеници, кои живееја во илегалност и активно работеле на организирање на востанието против НО движење и тоа:

1. Дон Лазар Сантоја кого за време на италијанската окупација Италијаците го праќале во Египет да врши фашистичка пропаганда меѓу албанските иселеници.

2. Дон Андреа Задеја, стрелан во Скадар на 25 март 1945 г. како воен злосторник затоа што кај себе криел воени злосторници.

Пред кратко време во шумата е фатен Антон Харапи, кој за време на германската окупација бил член на квислиншкиот наместнички совет и многу влијателна личност во Католичката црква. Исто така осуден на смрт.

а) Православната црква

Поглавар на православната црква е митрополитот Кристифор Киси. Завршил теолошки факултет. Албанското насе-

ление и епископатот не се задоволни со него и изгледа дека бараат начин да го тргнат од функцијата митрополит. Како главен аргумент го наведуваат дека бил гркофил и неспособен. - Всушност, тој денес се однесува нерешително. Порано се плашеше да ни се приближи, а во Тирана беше само Југословенската воена мисија, но сега, откако се отвори Амбасадата, одржува почести односи.

Покрај него познати се: епископ Иринеј (Илија Бенушевиќ), се чувствува како Словен. Сака цврста поддршка на Албанија од Југославија. Нема верба дека Албанија ќе опстои ако не се соедини со Југославија. Не е задоволен од албанската влада зашто не ѝ дала никаква субвенција на Православната црква, која се наоѓа во многу тешка материјална положба.

Корчанскиот митрополит Агатангел Чанче и адинтерин на Ѓирокастра. Голем противник на Грците и на нивните аспирации спрема Албанија. Во својот неодамнешен говор преку радиото остро ја нападна работата на поранешниот епископ на Ѓирокастра Пантелеон Коток, кој емигрира во Грција и сега води жива активност за окупирање на северен Епир од страна на Грците.

3. Епископот бератски Висарион. Порано бил поглавар на Албанската православна црква од која должност е сменет за време на Зогу. Компромитирана и невлијателна личност. Се расфрла и си припишува себеси големи заслуги за создавањето на Автокефалната православна црква. Во судир е и со митрополитот Кристофор Кристи.

Еден дел од православното пониско свештенство земал активно учество во НОБ. По прашањето на Пантелемон Коток, Автокефална православна црква издаде коминике во кое, меѓу другото, се вели: „Предавничкиот гест на поранешниот епископ на Ѓирокастра Пантелејмон, кој иако е од албанско потекло, во Грција започна антинационална дејност против територијалниот интегритет на Албанија, со право предизвика горчлив впечаток кај нашиот народ”. Во изјавата се вели дека епископот Коток е разрешен од должноста епископ на Ѓирокастра, а на негово место за заменик е поставен Корчанскиот епископ Агатангел.

За време на последното заседавање на Светиот синод, кое е одржано пред некој ден, митрополитот Киси, на претседателот на албанската влада Енвер Хоџа, му ја упатил следнава телеграма: „За време на редовната седница на Светиот синод, во името на нашата автокефална црква и сите православни на Албанија, сметам за должност да ѝ упатам на Вашата екселенција и на нашата демократска влада, која Вие достоинствено ја претставувате, најсрдечни поздрави и Ви посакувам многу успеси во Вашето настојување да ја обновите и да ја направите земјата среќна.

Автокефалната православна црква на Албанија има длабоко уверување дека и нашите големи сојузници ќе го оценат херојскиот придонес на нашата земја во ослободителната борба на обединетите народи и дека ќе дадат силна заштита за обнова и против секое посегнување врз нашата национална земја обезбедена со големи жртви и многупати натопена со крв".

в) <u>Муслиманската заедница</u>

Шеф на муслиманската заедница е Хафиз Муса Хаки, роден од Елбасан, кој учествувал во НОБ на Албанија. Исто така и еден дел од оџите зеде активно учество во НОД.

г) <u>Бектешки ред</u>

Во Албанија се наоѓа центарот на Бектешкиот ред за целиот свет. Шеф на тој ред е Деда Садик Џафер. Голем број дервишки села зеле активно учество во НОБ. Има и припадници што загинале како борци. Баба Фаја Мартанеши учествувал во народното востание од првиот момент, станал полковник на НОБ на Албанија и потпретседател на Антифашистичкиот совет на Народното ослободување на Албанија. Исто така, како добар патриот се истакнува и Бабата на Корчанската текија, Рустен. Голем број текии Германците ги запалиле поради тоа што дервишите и бабите ја помогнале НОБ и учествувале во неа.

## II. НАДВОРЕШНАТА ПОЛОЖБА НА АЛБАНИЈА

По Второто заседание на АВНО на Албанија во Берат на 22 октомври 1944 г. на кое Националниот комитет за ослободување на Албанија е прогласен за демократска влада на Албанија, Владата на Албанија во јануари 1945 г. од Тирана им упати

ноти на владите на Англија, Советскиот Сојуз и Америка во кои се бара нејзиното признавање.

На ова барање во март 1945 г. во Парламентот дал изјава Идн и притоа меѓу другото рекол: дека состојбата во Албанија не е толку јасна за да може да се оправда признавањето на денешната администрација како влада; дека во последни време британската влада добила барања за признавање на албанската влада во Тирана. Освен тоа додал дека една Британска воена мисија наскоро ќе стигне во Албанија и ќе ја извести Британската влада.

Во врска со таквиот став на британската влада за прашањето за признавање на албанската влада, во февруари маршалот Елександер му прати писмо на Енвер Хоџа во кое предлага да упати во Албанија една специјална мисија на чело со генералот Хоџсон, кого тој лично би го пратил од својот штаб, а дополнителната британска воена мисија да се укине бидејќи таа веќе не одговара на новите услови по ослободувањето на Албанија.

Во врска со нотата на албанската влада за нејзиното признавање, министерот за надворешни работи на САД им изјавил на претставниците за печат дека Соединетите Американски Држави ќе пратат еден дипломатски претставник во Албанија поради запознавање со тамошната состојба. Тој изјави дека е упатен официјален одговор до Народноослободителниот комитет на Албанија, кој бараше да се признае од Вашингтон и додал дека Министерството за надворешни работи сака да има подетални информации за политичките услови во Албанија пред да донесе решение.

Отправникот на работите во Советската амбасада во Белград, како одговор на нотата, во април 1945 г., на претседателот на Владата на Албанија му го соопштил следново:

„Советската влада со големо внимание и симпатии е запозната со нотата на претседателот на Министерскиот совет на Албанија полковникот Енвер Хоџа, упатено до претседателот на Советот на народните комесари на СССР, советскиот маршал Ј. В. Сталин. Во ова време советската влада е подготвена во Албанија да прати советска воена мисија и се надева на

одобрување од Албанската влада, да ја прими оваа Мисија. Составот на советската Воена мисија ќе ѝ биде соопштен на албанската влада во најкратко време".

Во врска со сите тие изјави во Албанија стигна:

1. Англиската воена мисија на чело со бригадниот генерал Хоџсон на 21 март 1945 г.

2. Службеникот, дипломатски претставник на Министерството за надворешни работи на Америка Г. Јакобс со персоналот, во мај 1945 г.

3. Советската воена мисија на чело со полковникот Соколов, во јуни 1945 г.

Во врска со неповикувањето на Албанија на Конференцијата во Сан Франциско, генерал-полковникот Енвер Хоџа му упати на премиерот Черчил, на маршалот Сталин и на претседателот Рузвелт во името на Владата на Демократска Албанија барање со следнава содржина:

„Екселенцијо,

Ја изразувам желбата и волјата на албанскиот народ, во името на Демократската влада на Албанија, имам чест да ја потсетам Вашата екселенција на фактот дека никаква покана до денес не ѝ е упатена на Демократската влада на Албанија да учествува на Конференцијата во Сан Франциско. Меѓу државите што се бореа рамо до рамо со обединетите народи поради соборување на Хитлерова Германија, Албанија зазема многу важно место одговарајќи со постојана борба, која ја водеше против заедничкиот непријател и благодарение на многубројни настојувања и жртви ги круниса нејзините успеси. Со жалење констатирам дека други држави кои ништо не придонесоа во оваа војна се повикани своевремено и се подготвуваат да пратат свои претставнци во Сан Франциско. Ова е една причина повеќе којашто покажува дека учеството на Конференцијата во Сан Франциско со право и припаѓа на Демократската влада на Албанија, која е најжив израз на нашиот херојски народ, кој во секој поглед заслужува да го даде својот придонес за уредувањето на прашањата коишто се онесуваат на идниот мир на народите, така како што не ја штедеше својата крв за заедничката работа за време на борбата.

Со надеж дека ќе се издаде потребната наредба Албанија да се покани на споменатата конференција, ја молам Вашата екселенција да повели да го прими моето уверување за најголемо почитување".

Во врска со тоа барање албанската влада да биде застапена на Конференцијата во Сан Франциско, политичкиот советник на Соединетите Држави во Казерта го извести преку Американската воена мисија претседателот на албанската влада дека претседателот на Соединетите Држави го добил споменатото барање и дека во врска со тоа можел да го соопшти следново:

„Владата на Соединетите Американски Држави, за да не даде повод за некое лошо сфаќање во врска со целите на разговорот на Конференцијата во Сан Франциско, сака веднаш да разјасни дека Конференција ќе се занимава само со проблемите на меѓународната организација и нема во ниту еден случај да врши функции или да има карактер на мировна конференција, каде што би се отвориле територијални прашања, проблемите на малцинствата, оштетите и сл.

Додека се цени интересирањето на генерал Хоџа за оваа точка, Владата на Соединетите Држави сака да подвлече дека основачките држави детално и од секоја точка на гледање го претресоа прашањето пред да донесат решение покана да им се прати само на членовите на обединетите народи меѓу кои се опфатени само признатите влади и дека при донесувањето на ова решение не беше предвидено праќање покани за официјални или неофицијални набљудувачи. Министерството за надворешни работи верува дека генералот Хоџа, земајќи го предвид наведеното, јасно ќе разбере дека Министерството не може повторно да отвори дискусија за постапката со што тоа е согласно, па поради тоа не во состојба да го поддржи барањето Албанија да биде претставена на Конференцијата во Сан Франциско.

Претседателот и целиот народ на Соединетите Држави многу добро знаат на каков непоколеблив начин албанските патриоти со успех ги завршија своите неспоредливи напори против непријателската агресија и многу добро знаат дека албанскиот народ даде драгоцен придонес за победа на нашата за-

едничка цел. Поттикнати од пријателските чувства на американскиот спрема албанскиот народ Владата на Соединетите Американски Држави искрено се надева дека Албанија наскоро ќе го заземе местото кое ѝ припаѓа во заедницата на народите".

По повод отворањето на Конференцијата во Сан Франциско, претседателот на албанската влада Енвер Хоџа преку воените мисии упати нота до претседателот на Конференцијата во Сан Франциско[99] со следнава содржина:

„Во врска со отворањето на Конференцијата во Сан Франциско среќен сум во името на албанскиот народ, Демократската влада на Албанија и мое лично, да упатам најискрени желби за успех на ова високо меѓународно собрание кое отвора перспективи полни надеж за одржување и организација на мирот и за соработка меѓу народите во светот. Демократската влада на Албанија, толкувач на длабоките чувства на албанскиот народ, кој толку ги сака слободата и правдата, им се обрати на главните сили што ја свикале оваа Конференција и изрази право да биде примена на оваа важна конференција. По направените чекори од страна на албанската влада, Министерството за надворешни работи на Содинетите Држави беше љубезно да одговори дека не е во состојба да го поддржи кај силите свикувачи барањето на албанската влада, со оглед на тоа што процедурата не предвидува учество на непризнати влади на оваа конференција. Земајќи ги предвид големите и крвави жртви поднесени од страна на албанскиот народ за заедничка работа против еден немилосрден непријател, албанскиот народ беше убеден дека овие жртви ќе се земат предвид и дека нема да му се оспорува правото и тој да даде свој мал придонес на работите на мирот со земањето учество во работата на Конференцијата со другите обединети народи. И покрај тоа што одговорот даден на неговото барање да биде повикан на Конференцијата беше негативен и предизвика жалење во срцето на албанскиот народ, тој сепак се надева дека неговото барање повторно ќе се земе на раз-

[99] Конференцијата се одржала од април до јуни 1945 г. со учество на 51 земја, кога била утврдена структурата на ООН и била потпишана Повелбата на ООН.

гледување од страна на силите свикувачи со поширок дух на правичноста, не земајќи ја предвид процедурата, и се надева дека на Албанија ќе ѝ биде признато правото на учество на споменатата Конференција".

Освен овие горенаведени ноти, претседателот на албанската влада им упати ноти на Сталин, Труман и Черчил, во кои бара испорака на на албанските воени злосторници кои емигрираа во Италија и сега се наоѓаат во сојузнички раце. Во првиот дел се нагласува дека Централната државна комисија за утврдување на воените злосторства и на народните непријатели уште во февруари од меѓународната комисија бараше испорака на воените злосторници што се наоѓаат во Италија, но на ова законито право на албанскиот народ не само што не беше одговорено туку некои од нив слободно се фаворизираат да ги продолжат своите фашистички интриги против албанскиот народ и целото слободољубиво човештво.

Во телеграмата се вели: „Ваквиот однос спрема албанските воени злосторници, кои извршија толку злодела, го зачудува албанскиот народ, којшто има непоколеблива верба во големата правда за која пролеа толку крв. Прашањето што овие злосторници не им се предаваат на албанските власти на основа на Московската конференција[100], која јасно определува дека на секој воен злосторник ќе му се суди во земјата во која го направил злочинот, а љубезното држење на сојузничките власти во Италија спрема овие злосторници се неправда и во исто време навреда спрема албанскиот народ, кој поднесе толку жртви за заедничката кауза".

Досега Албанија со странство единствено имаше договор со МЛ (Воена врска) кој е склучен на 11. IV. 1945 г. Тука ги исклучувам договорите со Југославија. Договорот е предвиден најмногу за два месеца, бидејќи се предвидува заклучување на договор со УНРРА[101].

[100] Одржана во октомври 1944 година меѓу сојузниците.

[101] UNRRA (The United Nations Relief and Rehabilitation Administration). Организација на Обединетите нации за помош и рехабилитација формирана со согласност на 44 нации на 9 ноември 1943, а последниот состанок бил одржан на 31 март 1949 год. Целта на УНРРА била „да ги планира, координира, спрове-

Овие денови се водени преговори со претставници на УНРРА, но на 6 о.м. тие се прекинати од следниве причини.

1. Претставниците на УНРРА бараат во договорот наместо Демократска влада на Албанија да стои Национален комитет за ослободување на Албанија;

2. Претставниците на УНРРА изјавија дека не се во состојба да дадат бензин за пренос на материјалите и

3. Бараат во Албанија да дојдат 70 службеници на УНРРА.

Албанската влада не можеше да ги прифати овие предлози и делегатите на УНРРА отпатуваа за Неапол на 6 о.м. поради консултации.

Освен тоа, склучен е еден договор со претставниците на италијанската влада за репатријација и праќање на Италијанците што се наоѓаат во Албанија за Италија. Префрлувањето го вршат Англичани преку поморски и воздушен пат. Според изјавите на англиските офицери досега се префрлени околу 20.000 Италијанци.

Други договори со странство Албанија досега немала.

Сите барања на албанската влада (барање за признавање на Владата, учество на Конференцијата во Сан Франциско, барањето за испорака на албанските воени злосторници и др.) беа проследени или доаѓаа по бурни политички митинзи низ целата земја. Исто така, Владата на Албанија во тој поглед ја имаше силната поддршка на своите иселеници, особено од Америка. Тука пред сè се истакнуваат група Албанци околу Друштвото „Лирија", кое го води Фан Ноли. (Види: Прилози)

Односите со Грција

---

дува и аранжира мерките за помош на жртвите од војната во која било област и во која било земја-членка на Обединетите нации, преку обезбедување храна, гориво, облека, засолништа и основни потреби, медицински и други неопходни услуги". УНРРА овозможи милијарда американски долари за помош и рехабилитација на околу 8 милиони бегалци. Таа ги прекина операциите во Кампот за раселени лица во Европа во 1946. и во Азија во 1949 г., по што претана да постои. Нејзините функции беа пренесени во неколку агенции на Обединетите нации, вклучувајќи ја и Меѓународната организација за бегалци.

Со доаѓањето на грчката емигрантска влада на чело со Папандреу[102] почна кампањата против Албанија за окупирање на северен Епир. На тоа прашање се работело постојано и за време на војната. Во Солун во јули 1944 г. се водени тајни преговори меѓу грчкиот министер Левантис и поранешниот албански премиер Кочо Кота, Џавид Лесковику и новинарот Димитрија Фало (прилог: пишувањето на грчкиот весник „Врадхими" од 1. III. 1944 г.). Таа кампања секојдневно се продолжува преку грчкиот реакционерен печат и по пат на митинзите, кои во последно време се организираат по должината на самата албанско-грчка граница. Во март, во британскиот парламент еден пратеник го прашал Черчил дали Владата на Грција почнала преговори за анексија на јужна Албанија, на што Черчил одговорил дека за ова прашање ништо не се разговарало во Атина. Еден друг пратеник прашал дали Грција ќе добие територии од Албанија, а Черчил одговорил дека за прашањето на промена на границите ќе се разговара на мировната конференција.

Во кампањата за окупација на северен Епир особено се ангажирани побегнатите албански реакционери, како што се епископот Пантелеон Котоки од Ѓирокастра, д-р Кондили од Корча и други. Во печатот редовно излегуваат карти на голема Грција (Прилог: списание и весници).

Во статиите за северен Епир и на митинзите се измислуваат неверојатни работи за теророт на Албанците и Владата на Албанија врз вориоепирците, за нивното истребување и за потребата од итна окупација на Ворио Епир од страна на англиските и грчките трупи. Така во една статија во грчкиот весник

[102] Георгиос Папандреу (1888 - 1968), грчки политичар. Водач на Унијата на центарот. По завршувањето на студии на политички и економски науки во Берлин, во 1915 г. ја почнал политичката кариера. Бил министер во неколку влади, потпретседател на влада и премиер. Бил премиер и министер за надворешни работи во Владата на националното ослободување основана во мај 1944 г. Се залагал за нормализација на балканските односи. Во 1966 г. бил приморан да поднесе оставка поради државниот удар од грчките полковници. Преминал во опозиција и ја формирал партијата ПАСОК, која е една од водечките партии во грчкиот политичи живот и денес.

„Елефтерија" од 7. VI. 1945 г. се тврди дека Албанците затвориле повеќе од 2.000 Ворио Епирци. Окупацијата на северен Епир би требало да ја опфати цела јужна Албанија до реката Шкумба, каде според тврдењето на тој печат се наоѓа 95 отсто Грци (поправо тука се подразбира целиот православен албански елемент) додека северно од Шкумба, според тие тврдења, до северната граница на Албанија се наоѓаат 35 отсто Грци.

Во еден проглас упатен до Албанците се вели: „кога сите тие права на Грците ќе бидат задоволени, тогаш Албанците треба да влезат во федерација со Грција, во која би имале свој јазик и слобода на вероисповедта. Во спротивно ќе бидат уништени. Низ печатот се подвлекува дека албанската влада е само експозитура на Тито, кој всушност го води главниот збор во Албанија итн. На митинзите се донесуваат резолуции со барања за итна окупација на северен Епир од страна на англиските и грчките трупи за да го зачуваат населението на Ворио Епир[103] од истребување и присилно иселување на север. На 25 мај во едно кино во Солун е одржано собрание на кое присуствувале албанските емигранти (д-р Кондили), понатаму повеќе од воената и цивилната власт и поголем број реакционерни елементи од Солун. Во оваа пригода говореле двајца универзитетски професори. Освен нив зборувал и д-р Кондили, кој навел дека епирските територии ги зафаќаат Корча, Ѓирокастра, Пермети, Делвина, Тепелена, Валона, Подградец и други места нагласувајќи дека тие итно мора да се присоединат на својата матица Грција за да се спасат од варварството, страдањата и пљачкањата од страна на денешната влада на Енвер Хоџа. По завршувањето на говорите, собирот се упатил кон зградите на претставниците на Англија и Америка, барајќи враќање на овие земји на Грција, а англиските и американските трупи да ги окупираат овие краишта. На таа конференција поставено е барањето за присоединување на Битола и други градови кон Грција.

---

[103] Овој термин е често употребуван за северен Епир според и според грчката терминологија пишуван со големи букви, која ја задржуваме како во оригиналот. Според албанската терминологија најчесто северен Епир е нарекуван Чамерија, а населението чамерijци.

Од дезертерите од Ворио Епир Грците се обидуваат да формираат специјални единици кои би имале задача да упаднат на албанска територија, со вршење препади, саботажи, убиства и друго. По должината на албанско-грчката граница одвременавреме доаѓа до пушкарење на шпиони и курири, кои се обидуваат да се префрлат на албанска тероторија поради пренесување пропаганден материјал и поврзување со петтоколонашките елементи. Пред извесно време во Корча и во Гирокастро се провалени мали центри, кои имале задача да организираат и да префрлаат дезертери во Грција. Исто така доаѓа до повремени препади на грчки чамци во албанските води околу Санти Куранта.

Основната маса на грчкото малцинство, од кое во Албанија има најмногу до 35.000, се држи добро. Од митингот што го одржа грчкото малцинство ѝ се упатени поздрави на Демократската влада на Албанија, со израз на верност и приврзаност и осуда на ставот на грчката реакција спрема Ворио Епир. (Прилози за Грција).

Од друга страна постои прашањето на албанското малцинство во областа Чамерија во Грција. Ставот на грчката влада почнувајќи од Зервас, спрема албанските малцинства во Чамерија, уште повеќе ја заостри ситуацијата на албанско-грчката граница. Уште од јуни 1944 г. кога Зервас во гратчето Парамитли закла 100 чамеријци, вршени се најзлосторнички напади врз овој дел од населението, така што уште од 1944 г. дојде до масовно иселување на населението од Чамерија на осободената територија на Албанија. Се смета дека од Чамерија за време на теророт на Зервас побегнале околу 20.000 луѓе, мажи, жени и деца. Поради страшната сиромаштија и гладот во јужна Албанија на ослободената територија чемеријците почнале да се враќаат на своите огништа во групи, по ветувањето безбедност од грчките власти. Но, теророт продолжил, така што се случиле страшни повторни колежи и повторно иселување. Денес во Албанија се наоѓаат околу 20.000 иселени чамеријци. Теророт во Чамерија и денес продолжува. Чамеријците во Албанија имаат свој народноослободителен одбор, кој се грижи за сите бегалци. Во април упатија апел до сите сојузнички мисии во

Албанија (се доставува во прилог), а исто така упатија една телеграма на Конференцијата во Сан Франциско поради заштита (се доставува во прилог).

Однесувањето на Англиската воена мисија

Англиската воена мисија на чело со генералот Хоџсон брои вкупно 38 офицери, подофицери и војници. Со генералот Хоџсон се наоѓа поранешниот шеф на англиската воена мисија полковник Палмир, потоа мајорот Смит, мајорот Ватрус и мајорот Робинсон.

Главно сите англиски офицери се однесуваат исто и настапуваат единствено. Нивниот однос спрема Албанците се сведува на општа критика на денешната состојба во Албанија. Во приватните контакти со албанските службеници па дури и со највисоките државни функционери истакнуваат дека Владата на Албанија не е претставничка влада, дека таа е составена главно од комунисти и луѓе што се многу блиски на комунистите, дека во Албанија нема слобода бидејќи нема слобода на печатот, ниту пак слобода за организирање на политички партии и др. Генералот Хоџсон смета дека денес е најважна и наитна задача да се изврши демобилизација на војската („бидејќи мноштвото работна сила е во воската, а земјата треба да се подигнува особено со земјоделството”), нагласувајќи дека не му е јасно зошто Владата на Албанија држи толкава војска кога војната е завршена.

Сите англиски офицери ги интересира Косово. Многу ги интересира што мислат Албанците за Косово, од селанец па до претседател на собрание и на влада и на тоа испитување се упорни. Генералот Хоџсон се чуди што албанската влада до денес не даде никаква изјава за својот став спрема Косово и Метохија, поради што, според неговото мислење, основните албански маси па дури и албанските службеници не знаат во чии раце се наоѓа Косово и Метохија, ниту им е јасно како ќе го решат тоа прашање. Исто така изјави дека Косово и Метохија за Албанија е многу поважно од Северен Епир. По сето може да се суди дека Англичаните во Албанија настојуваат кај масите да го отворат прашањето за Косово и Метохија и масите да го

постават како барање така што ќе се разнишаат пријателството и односите меѓу Југославија и Албанија.

Англиските офицери заедно со генералот Хоџсон многу често изјавуваат дека се држени под строга контрола од страна на албанските власти и дека им се стеснува слободата на движење во земјата како да не се сојузници. За тоа разговараше со мене и рече дека тој такво понижување, како претставник на маршалот Александер, нема да може долго да го трпи и дека ако вака ова се продолжи тој може и да се налути. Исто така тој изјави дека во Албанија има многу повеќе политиканти отколку што се работи.

Карактеристично е што досега генералот Хоџсон само еднаш го посети Енвер Хоџа и тоа на неговото доаѓање. Дури и по својата обиколка на јужна Албанија, не изврши посета кај Енвер Хоџа. Во последно време кај Англичаните се чувствува сè поголема нервоза и се чини според сите нивни истапувања дека не им е многу дојдено до тоа како нивното однесување ќе одекне кај Албанците.

Американскиот политички претставник Е. Јакобсон

Сосема поинаков е настапот на Јакобсон. Тој е многу претпазлив што се однесува на изјавите за состојбата во Албанија и од него тоа е тешко да се слушне. Во разговорот со мене изјави дека Американците не се заинтересирани физички во Албанија каков што е случајот со Романија и дека нивниот однос со Албанија е повеќе на сентиментална основа. Исто така го смета за нормално и реално воспоставувањето односи меѓу Југославија и Албанија. Со својот однос покажува дека е многу интелигентен и културен човек, претпазлив, кој строго води сметка за промисленост на секој свој гест, изјава и односи со околината. Инаку тој е стар дипломатски службеник од кариера. Според досегашното негово однесување се гледа дека води сметка за тоа да остави што подобар впечаток кај Албанците (прилог изјава за „Башкими” од 23 јуни 1945 г.).

Основните надворешнополитички проблеми на Албанија денес се следниве:

1. Албанската влада да биде призната од страна на владите на Англија, Советскиот Сојуз и Америка и да воспостави односи со другите земји во Европа.

2. Да ѝ се признае правото на учество на сите меѓународни конференции на кои се решава прашањето на мирот и соработката на државите на Обединетите нации.

3. Да воспостави економски, трговски и културни меѓународни врски и

4. Да добие поголема поддршка од Обединетите нации за зачувување на својата независност и отстранување на провокациите и империјалистичките стремежи на Грција и на нејзината влада спрема Албанија.

Забелешка: Кон овој извештај се доставуваат наведените прилози поради негово надополнување (вкупно 25 прилози).

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

Амбасадор,
В[ељо] Стојниќ (с. р.)[104]

## 17.
## ПОЛИТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ
### од Амбасадата на ДФЈ во Тирана од јули 1945 година до Министерството за надворешни работи на ДФ Југославија и Јосип Броз - Тито за политичката ситуација во Албанија

Предмет: Преглед на политичката ситуација
во Албанија[105]

---

[104] Велимир Стојниќ, босанско-херцеговски генерал (5 април 1916 г. - ?). По националност Србин. Учесник во НОД на Југославија. По вокација учител. Во летото 1936 година ѝ се придружил на КПЈ, а во летото 1941 година и на НОД на Југославија. Во војната политички комесар, а по ослободувањето шеф на Воената мисија во Албанија и амбасадор на ДФ Југославија. Бил член на СИС, генерален секретар на Сојузот на борците од НОВ на Југославија, член на ЦК на СКЈ, член на Советот на федерацијата и др.

[105] AJ, f.507, f. br. IX-1-3-38-108, R-7, s. 12-20. На документот му недостига меморандум, тркалезен печат и потпис што е вообичаено за вакви документи. Претпоставуваме дека истиот е третиран како составен дел на претходниот.

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
-Политичко одделение-
БЕЛГРАД

I. ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ГРУПИ

Освен Демократскиот фронт на Албанија (порано Единствен народноослободителен фронт) во Албанија не постои некоја друга легална партија или политичка организација. Постојат само вооружени остатоци од поранешните профашистички партии „Бали комбтар" и „Легалитет" како и организации од вориоепирската реакција. Меѓутоа, на тие состаноци, може да се каже дека не е веќе тежиштето на собирањето на реакцијата. Имајќи ги предвид тие остатоци, кои се сведени на ситни и често незначајни и изолирани вооружени групички, мислам дека во процената на политичката ситуација во Албанија и односите на политичките сили треба, покрај Фронтот, да му се посвети повеќе внимание на настојувањето на реакцијата политички да се обедини и да се организира, со политичкото раководство како фактор што внатре во земјата би можел да му се спротивстави на Демократскиот фронт. Во споредба со политичката ситуација во Албанија неколку месеци наназад, денес ситуација е доста променета. Таа не се развива повеќе само во знакот на јакнењето и ширењето на Демократскиот фронт, туку се појавија и сериозни елементи на создавање на опозиција на која целта ѝ е не само да го спречи ширењето на Фронтот туку и да почне да се создава и да се развива внатре во самиот фронт. Поради тоа мислам дека најдобро ќе може да се осветли односот на политичките сили во земјата како и развојот на политичката ситуација во изнесувањето на положбата во којашто се наоѓа денес Демократскиот фронт на Албанија со своите сили, којшто денес во земјата, наедно, претставува најјака и најсолидна политичка организација.

<u>Демократскиот фронт на Албанија</u>

Околу Демократскиот фронт на Албанија собрано е мнозинството од албанскиот народ, што најдобро се гледа од политичкото расположение на основните народни маси, во прв

ред масите на градот и на селото. Фронтот е единствен и во него нема елементи на коалиција. Постојат извесни симптоми дека би можело да дојде до процес на издвојување и диференцијација на одделни елементи и групи внатре во фронтот. Во Фронтот се наоѓаат извесни десни и реакционерни елементи, за кои има изгледи дека ќе истапат од Фронтот и да се обидат да организираат некој вид опозиција. Засега се истакнуваат двајца такви луѓе, кои по сè изгледа дека не се осамени и тоа: а) Професорот Ѓерѓ Кокоши и б) Суад Аслани. Адвокатот Суад Аслани е проанглиски човек и неговото влијание се протега на англофилските елементи, а Ѓерѓ Кокоши е многу посериозна и влијателна личност и неговото влијание се чувствува на масите и круговите не само надвор од Фронтот туку и во Фронтот, што ќе се види од натамошното излагање.

а) Професорот Ѓерѓ Кокоши е член на Антифашистичкото собрание на Албанија и на Извршниот одбор на Демократскиот фронт. Порано бил директор на државниот интернат во Тирана како и директор на гимназија. Во 1942 година стапил во НОД и заминал в шума. На конгресот во Пермет во мај 1943 год. е избран за повереник за просвета во Националниот комитет за ослободување на Албанија. На Второто заседание на Антифашистичкото собрание во Берат во октомври 1944 год. е избран за министер на просветата на Демократската влада на Албанија. Во декември 1944 поднел оставка на својата министерска функција, наводно поради слаботo здравје, а всушност поради своето несогласување со НОД. На конгресот на Демократскиот фронт на 5 август 1945 г. беше на истата линија со Суад Аслани и гласаше против предложената листа на Земскиот одбор на Фронтот. На третото заседание на Антифашистичкото собрание на Албанија во септември 1945 г. истапи и гласаше против Законот за избори. По сфаќањата е реакционер. Околу него се собираат незадоволните и сметат на него. Зборува српски јазик. (Во прилог: материјали од Третото заседание на Антифашистичкото собрание на Албанија. Дискусијата за законот за избор на претставници на Уставотворното собрание). Влијанието на Ѓерѓ Кокоши се протега на еден дел од интелигенцијата, на извесни трговски кругови и на православното

свештенство. Исто така, поврзан е со некои постари политички личности кои се опозиционерски расположени и кои со потценување гледаат на раководството на НОД како на млади и неискусни луѓе, кои во војната имале успех, но кои во мир не можат без нив. Така на пример, Ѓерѓ Кокоши е тесно поврзан со Мираш Иванај, кој пред извесно време дојде од Турција, понатаму со владиката Иринеј и други. Токму поради тоа него го поддржуваат некои стари политичари, кои се наоѓаат во Фронтот. Изгледа дека Ѓерѓ Кокоши зборува пред онаа интелигенција која не учествуваше во НОД, била повикана или се наоѓала во државна служба за време на окупацијата. Бидејќи околу дискусијата за законот за избори тој вели дека покрај луѓето од војната треба да им се овозможи да земат учество и луѓето на мирот во изградбата на земјата. Тоа што Ѓерѓ Кокоши остана осамен на Третото заседание на собранието, а сепак го застапува своето мислење, е доказ дека тој не е сам и не е без поддршка ниту во Фронтот ниту во парламентот, ниту надвор од Фронтот.

Зошто Ѓерѓ Кокоши остана осамен на Конгресот на Фронтот и на Третото заседание на собранието кога во Фронтот и во собранието има, покрај него, уште извесен број десни и реакционерни елементи, опозициски расположени?

Се чини дека свесно и смислено им е доверено на извесен број такви луѓе да се задржат во Фронтот и во собранието, да не истапуваат отворено како опозиција и за тоа време да ги зајакнат своите позиции. Меѓутоа, Ѓерѓ Кокоши кој е познат како активист на Фронтот и на НОД од 1942 год., сепак отворено настапи како најсоодветна личност пред масите и пред јавноста да поведе опозициска кампања и со авторитетот на своето активно учество да се истакне како носител на опозицијата и да ѝ се спротивстави на политиката на Демократскиот фронт. Несомнено е дека Ѓерѓ Кокоши за ваква улога е најсоодветна личност. Од друга страна исто се знае дека само во Секретаријатот на Земскиот одбор на Фронтот се наоѓаат тројца луѓе што свесно ги чуваат своите позиции на тоа место секогаш подготвени притоа кога ќе се укаже погоден момент отворено да настапат како и Ѓерѓ Кокоши. Тие луѓе што се наоѓаат во Секретаријатот се следните: д-р Селахудин Тото, Шефкет Беја и Кољ Кука-

ли. Иако не се политички реномирани имиња, тие денес мошне смислено и систематски ја извршуваат својата мисија. Така на пример, д-р Селахудин Тото е претседател на Научниот институт и член на Друштвото за културна соработка со Југославија. За време на Балканскиот младински конгрес отиде пред институтот во Белград истовремено да воспостави врска со членовите на Српската академија на науките и уметностите. Од Белград за весникот „Башкими" ја прати својата репортажа за Југославија, а по враќањето од Белград ги напиша своите впечатоци за Југославија во една голема статија за весникот „Башкими". Како претседател на Институтот нема доверба кај луѓето што се собрани и работат во Институтот. Својата активност главно ја шири среде интелигенцијата. Шефкет Беја е експонент на трговските кругови и тесно е поврзан со својот брат кој е трговец во Драч. На важна функција е во друштвото „Импорт", кое од страна на државата е овластено да склучува договори за увоз и извоз. Кољ Куќали е сопственик на јагленокопот Краба, на движењето му пристапи поради своите деца, кои се вклучија во борбата. Во борбата загуби син и тоа е единствената врска што уште го држи во движењето.

<u>Нивната политичка линија</u>

(Впечатоци од мојот разговор со професорот Ѓерѓ Кокоши). На 17 о.м. професорот Ѓерѓ Кокоши ме посети во Амбасадата на моја покана.

Моето познанство со професорот Ѓерѓ датира уште од времето на народноослободителната борба кога тој беше повереник за просвета на Националниот комитет за ослободување на Албанија. Тогаш Ѓерѓ Кокоши со задоволство и многу често ја посетуваше југословенската воена мисија. По оставката во Владата неговиот контакт со нас ослабе.

Од овој последен разговор со него можам да заклучам дека неговата политичка линија е следната: животното прашање на Албанија е нејзиниот опстанок како национална држава. Но тој опстанок на Албанија не може да биде без признавањето на Албанија од страна на сојузниците, во прв ред од Англија и Америка. Мина една година од ослободувањето на земјата, но сè уште нема изгледи за нејзиното признавање. Професор Ко-

коши ја преувеличува опасноста од Грците и тврди дека во Англија е направен план и е решено Грција да го окупира северен Епир. Се чини дека тоа преувеличување му е потребно за да го потенцира како горливо прашање признавањето на Албанија од страна на Англичаните и Американците. Во случај на напад на Албанија од страна на Грција, Албанија е осамена. Советскиот Сојуз не би се впуштил во нова војна поради Албанија, а на Југославија ѝ се врзани рацете со Советскиот Сојуз со воен пакт. Значи: или концесија или губење на националната независност. Под концесии Ѓерѓ Кокоши подразбира слобода на печатот, подемократски изборен закон и слобода на организирање на опозицијата и политичките партии. Според него ниту „концесиите" не се гаранција дека Англичаните и Американците ќе ја признаат Албанија, но Албанците треба да направат сè што е до нив за да ја симнат од себе одговорноста во случај на напад на независноста. Деликатноста на положбата на Албанија кај сојузниците ја нагласува со тоа што Англичаните и Американците не покажуваат никаков интерес за Албанија, дури не го поставуваат ниту прашањето на концесијата како што е тоа случај со Бугарија и Романија, а истовремено, независно од Албанија коваат планови за окупирање на Ворио Епир. Според него, за Албанија би било подобро кога Англо-Американците би ја ставиле на дневен ред како Бугарија отколку да се незаинтересирани. Но затоа смета дека Албанците со „концесиите" се должни да ги заинтересираат Англо-Американците. Тој тврди дека целиот народ смета оти главната причина што сè уште не се случило признавањето е политиката на албанската влада. Поради тоа денес не се поставува прашањето на Фронтот, опозицијата или реакцијата. Признавањето е основно иако Фронтот е пречка да се дојде до тоа признавање, па тогаш мораме да се бориме и против Фронтот. Овие денови Ѓерѓ Кокоши излезе од Фронтот. Карактеристично е што неговото излегување следеше веднаш по доаѓањето на Мираш Иванај во Албанија. Карактеристично е и тоа што Ѓерѓ Кокоши е постојано во друштво со Мираш Иванај, а од друга страна истовремено тврди дека Мираш Иванај не мисли да се занимава со политика, ниту политички да се активира, а од друга страна тврди дека неговиот ав-

торитет е толку голем што цела Албанија би тргнала по него кога тој би се појавил на политичката арена. Своето излегување од фронтот го образлага со неможноста да се разбере со раководството на Фронтот. Тврди дека ниту едно негово барање не е прифатено во одборот на Фронтот и дека во такви услови не било можно заедно да се работи. Според него Владата ја загубила довербата што ја уживала порано и смета дека ќе биде успех за Владата ако на избори излезат 30 отсто гласачи. Смета дека можностите за создавање на политички партии се многу големи. За законот за аграрна реформа се изразува правилно, но истовремено тврди дека селаните нема да ја примат земјата бидејќи се плашат дека ќе се повратат беговите, бидејќи не верува во постојаноста на оваа власт. За одговорот на Тито на Шубашиќ го вели следново: „Ако е сè како што вели Тито, тогаш Тито има право“.

Од сето ова излагање се гледа дека професор Ѓерѓ Кокоши го изразува мислењето на реакционерната чаршија од една страна, трговските кругови и реакционерната интелигенција, а од друга дека е против аграрната реформа и нејзиното спроведување. Исто така, тој како основна парола ја прифатил паролата со која денес настапуваат Англичаните, т.е. прашањето на признавањето и ја прифатил како основна теза на својата политичка линија и дејствување. Ѓерѓ Кокоши не е евтин политичар туку убеден реакционер, упорен во своите назадни сфаќања. Многу е амбициозен, покрај тоа е свесен за својот авторитет поради учеството во НОБ и своето влијание, па постојат сите изгледи дека ќе преземе раководна улога во опозицијата. За него е карактеристично тоа што од една страна многу упорно се бори против политиката на Фронтот и не дозволува на себе никакво влијание од страна на Фронтот, а од друга страна исто така упорно ја бранеше политиката на реакционерната чаршија и на колебливиот дел од масите.

Нивниот став спрема Југославија

Поистакнатите експоненти на опозициски расположените луѓе пред јавноста се претставуваат како особени пријатели на Југославија, додека во својата секојдневна работа се носители на кампањата против Југославија. Во својата секојдневна

пропаганда тие истакнуваат дека потпирањето врз Југославија ја отежнува позицијата на Албанија пред сојузниците. Прашањето го поставуваат вака: Југославија е демократска земја, таа е пријател на Албанија, но придобивките и демократијата во Југославија се загрозени и Југославија како демократска земја нема да може да опстои. Таа тешка положба на Југославија пред сојузниците се аргументира со ситуацијата во Трст, со создавањето политички партии во Југославија, со создавањето опозиција со стапувањето на Грол[106], Шубашиќ и Шутеј од Владата, како и со други слични појави во Југославија, кои тие мошне будно ги следат. Поради тоа тие сметаат дека е во интерес на демократијата во Албанија таа да не се врзува судбински за Југославија, зашто ако пропадне Југославија ќе пропадне и Албанија и нејзината независност. Исто така, тие на мошне перфиден начин кај масите го отвораат прашањето на Косово и се обидуваат да го зголемат интересот на народните маси за Косово и Метохија и на Косово и Метохија гледаат слаба точка на албанската влада и НОД кај масите. Прашањето на Косово го поставуваат вака: Може да се разбере и да се помири со фактот дека Косово и Метохија не се бараат од Југославија пред мировната конференција но бараат албанската влада да се изјасни со каква програма и став излегува пред мировната конференција. Исто така го отвораат и прашањето на малцинствата во Македонија и настојуваат пред масите да претстават дека албанското малцинство во Македонија не ужива рамноправност со другите народи. За подобро да го прикријат својот антијугосло-

[106] Милан Грол, потпретседател на Владата на ДФЈ (Белград, 31 август 1876 г. – Белград, 3 декември 1952 г.) по националност Србин, литературен критичар и политичар. Студирал во Белград и во Париз. Директор на Народниот театар 1909 - 1914 и 1918 - 1924 г. Во 1919 се активирал во Демократската партија. Во 1925 избран за пратеник во Народното собрание. Во 1928 - 1929 г. министер за образование на Кралството Југославија. Во 1940 г., по смртта на Љубомир Давидовиќ, дошол на чело на Демократската партија. Член на југословенската бегалската влада во Лондон за време на Втората светска војна и министер за надворешни работи на таа влада во 1943 година. По војната се вратил во Белград и бил член на министерскиот совет до август 1945 г., кога ја поднел оставка во владата на Јосип Броз - Тито.

венски став еден дел од носителите на оваа кампања се членови на Друштвото за културна соработка со Југославија. Паролите со кои денес истапуваа таа реакција се сестрани, смислени за секоја ситуација, за да може да ги опфатат широките маси. По сè изгледа дека оваа акција е инспирирана од странство, од Англичаните и поддржана од страна на некомпромитираните елементи надвор од Фронтот, кои се наоѓаат во земјата или во странство и на кои Англичаните исто така сметаат на создавање единствен отпор против Фронтот во земјата. Меѓу тие личности најголемо внимание заслужува Мираш Иванај, кој пред кратко време пристигна од Турција во Албанија.

Мираш Иванај

Пред кратко време дојде од Турција. Во странство побегнал во 1939 г. заедно со Зогу. За време на Зогу бил министер за просвета. По враќањето во Албанија досега го посети шефот на протоколот на Министерството за надворешни работи Димитри Евангели, понатаму министерот за култура Сејфула Малешова, министерот за надворешни работи д-р Омер Нишани и на крајот бил примен кај претседателот на Министерскиот совет Енвер Хоџа. Во своите изјави на тие средби од една страна ја истакнувал несомнената заслуга на НОД за спас на татковината, како и големите заслуги на Владата за изградба на земјата. Исто така изјави дека смета дека водството на НОД со целосно право ја ужива довербата на албанскиот народ. Од друга страна истакна дека реформите кои ги спроведува албанската влада, колку и да се тие оправдани и демократски, не се примаат добро од страна на Англичаните и искажува сомнеж дека демократските придобивки ќе бидат признати од страна на сојузниците без отстапки и концесии. Досега не дал никаква писмена изјава за печатот. Од неговата резервираност, однесување и повлеченост, јавноста добива впечаток дека се повлекол од политичкиот живот. Но, од друга страна, неговата цврста врска со професорот Ѓерѓ Кокоши и истото политичко мислење говорат дека тој не е политички неактивен, туку својата политичка активност ја спроведува преку своите најблиски пријатели во прв ред со Ѓерѓ Кокоши, кој е под негово силно влијание. Мираш Иванај најпозитивно се искажува за Ќемал Бутка, со кого рабо-

тел во Лондон, а во неговата емисија на персиски јазик јави дека во Каиро формирал нова албанска влада. Такво исто мислење за Ќемал Бутка има и Ѓерѓ Кокоши. По сѐ изгледа дека Мираш Иванај одржува цврсти врски од една страна во странство со Кемал Бутка, а од друга стана во земјата со професорот Ѓерѓ Кокоши. Без сомневање тој е централна фигура меѓу опозициски расположените луѓе и по сѐ изгледа дека има добри врски и со странство и со земјата.

Треба да се напомене дека доаѓањето на Мираш Иванај во Албанија не е добро прифатено од еден мал дел опозиционери кој е собран околу неговиот близок роднина Никола Иванај, поранешен шеф на Републиканската партија. Сѐ до доаѓањето на Мираш Иванај, Никола Иванај се наоѓаше надвор од Фронтот, го осудуваше политичкото водство на Фронтот и се носеше со идејата да ја реорганизира Републиканската партија, која би била главната опозицискaта партија спрема Фронтот. Со доаѓањето на Мираш Иванај, Никола Иванај реши да му пристапи на Фронтот, на изборите да се кандидира на изборната листа на Фронтот и барем засега не се занесува со идејата за повторното активирање на Републиканската партија. Меѓу Мираш Иванај и Никола Иванај постои видлива нетрпеливост. Никола Иванај се плаши од Мираш како од појак и повлијателен, додека Мираш не само што не го поднесува Никола Иванај, туку и за ништо не го смета. Освен тоа, меѓу нив постои и фамилијарна нетрпеливост. Влијанието на Никола Иванај е слабо и зафаќа еден помал дел од опозициски расположената интелигенција, која ѝ припаѓаше на поранешната Републиканска партија.

б) С у а д   А с л а н и

Неговата група е слаба и многу поневлијателна од групата на Ѓерѓ Кокоши. Суад Аслани е многу компромитирана личност бидејќи е англиски човек и неговото влијание главно се простира на дел од интелигенцијата која е англофилски ориентирана или е во директна служба на Англичаните. Неговата група денес нема некое посебно влијание и значење, но доколку опозициското движење би се зајакнало, таа група би го зголемила своето влијание и би била поопасна. Суад Асани работи како адвокат. По ослободувањето на Албанија влезе во Фрон-

тот. Порано бил познат како противник на Зогу. По доаѓањето на Италијанците бил интерниран во Италија. Се врати во Албанија заедно со Мехди Фрашери. Има брат Фуад Аслани, кој бил во владата на Мехди Фрашери 1935 год. како министер за надворешни работи. На таа функција се наоѓал сѐ до 7 ноември 1936 год. кога владата останала во малцинство во парламентот. По доаѓањето на Италијанците е поставен за член на Државниот совет и на таа функција останал до ослободувањето на земјата. Сега е без занимање, компромитирана личност и помалку влијателна од Суад. Поврзан е со братот.

На Конгресот на Демократскиот фронт на 5 август о.г. Суад Аслани стана против предложената листа на земскиот одбор на Фронтот како и начинот на избор на Одборот. Побара да не влезе во Одборот на Фронтот и неговото место да го пополни некој што учествувал во борбата и има повеќе заслуги за Фронтот. Секако, Англичаните се обидуваат преку Суад Аслани да го начнат процесот на диференцијација во Фронтот.

Без сомнение дека процесот на диференцијација, кој се случува во Фронтот денес, преку Ѓерѓ Кокоши и Суад Аслани, иако тоа денес уште не зеде замав, ќе има влијание за колебање на еден дел од масите. Дотолку повеќе што овој процес на диференцијација се чувствува и кај младината. Пред неколку дена во Тирана е протурен првиот број на „Вести”, кој го издава организацијата на албанската националистичка младина. Тие на состанок решиле да формираат Организација на националистичката младина „Скендербег”, направиле статут на организацијата и го подготвиле текстот на заклетвата. Отпечатиле карти за собирање помош и еден манифест кој не успеале да го издадат. Оваа група е затворена. Сите младинци порано биле членови на зогуистичката партија „Легалитет”. Слабо влијание на антифашистичката младина особено е во спортските организации и средните училишта како и меѓу еден дел од студентите. Подвоеноста меѓу националистичката и антифашистичката младина е жива. Нема сомнение дека овој процес меѓу младината е тесно поврзан со развојот на општата политичка ситуација во Албанија и со процесот што започна во Фронтот.

Денес за Фронтот е карактеристично следново: Фронтот од ослободувањето видливо се зајакна и го прошири своето влијание, но истовремено од Фронтот почнуваат да се одделуваат некогашни активисти на Фронтот, како што беше професорот Ѓерѓ Кокоши. Не е исклучено да постои можност на понатамошен процес на издвојување во Фронтот.

Карактеристично за албанската реакција, која се наоѓа во земјата е следново: реакцијата е доста разбиена во вооружен поглед. Вооружените групи се сведени на минимум и не се во состојба да изведат акција. Денес реакцијата го префрли тежиштето на политичкото организирање и обединување. Додека постоеја силни и активни вооружени групи по ослободувањето, реакцијата беше политички разбиена. Нејзините најистакнати и највлијателни луѓе емигрираа по ослободувањето. И токму поради тоа реакцијата ја сведе сета своја активност на вооружени акции и го префрли своето тежиште на својата работа на вооружените сили. Поради отсуството на единствено политичко раководство, вооружените акции беа неповрзани и пребрзани, така што албанската војска можеше да ги разбие и да ги уништи. Денес тие ослабени вооружени групи иако војнички се неактивни, се активираа политички.

Се чини дека Англичаните применија тактика во однос на изборот на личности што треба да ги истакнат против НОД. Порано се обидуваа тие елементи да ги најдат меѓу емиграцијата, а денес нив ги наоѓаат во Фронтот и надвор од него а кои не се компромитирале во соработка со окупаторот. Ситуацијата беше таква што никаква комбинација во странство не би имала изгледи да може да му се спротивстави на Фронтот во земјата ако тој остане единствен и ако во земјата не би постоела некоја друга политичка сила надвор од Фронтот и против Фронтот. Карактеристично е тоа што ова собирање на реакцијата и нејзиното активирање во земјата се врши пред објавувањето на изборите за конституанта. Засега не може да се процени во која насока ќе се развива целиот овој процес, дали со цел да се формира некоја опозициска политичка партија или пак целта на овие обиди е пред изборите да се искомпликува ситуацијата во земјата, да се наруши единството на масите, да се влијае на

апстиненцијата на масите и на тој начин да се заинтересираат странските земји за ситуацијата во Албанија и да се замешаат во изборите.

Засега Англичаните на објавата на изборите и на донесувањето на изборните закони реагираа на следниов начин: генерал Хоџсон поволно се изјасни за изборниот закон, но нагласувајќи доколку стриктно биде спроведен. Исто така се интересираше кај Енвер Хоџа дали на англиските офицери ќе им се овозможи слободен пристап на изборната кампања и на самиот ден на изборите како набљудувачи за тој да можее да поднесе објективен извештај за резултатите и начинот на спроведување на изборите до Командата на Средоземјето.

Конгресот на Демократскиот фронт на Албанија одржан на 5 авуст о.г. не ги даде очекуваните резултати. Подготовките за конгресот беа мошне слаби како и самиот тек на водењето на конгресот, што се гледа од следново:

1. Конгресот не донесе статут и на тој начин Фронтот на Првиот конгрес од формална страна не е конституиран во политичка организација, кое во денешнава ситуација го отежнува неговото зацврстување. Наместо тоа е донесена многу слаба резолуција. Конгресот единствено што истакна некои нови задачи со оглед на изменетите услови по ослободувањето и во толку се разликува од Првата конференција на Фронтот одржана во Берат во октомври 1944 год. Конгресот всушност беше конференција или земско советување;

2. Конгресот не донесе разработена и јасна програма;

3. Изборите за делегати на конгресот се вршени јавно иако постоеја можности за тајно избирање на делегатите на конгресот и

4. Војската прати посебно делегати за конресот така што народот не беше во состојба да истакнува свои делегати и претставници, некои многу популарни офицери.

Конгресот траеше 5 дена иако можеше да ја заврши работата за два дена. За да се добие подобар увид во Првиот конгрес на земскиот фронт на Албанија во прилогот бр. 1 го доставуваме следниот преведен материјал од конгресот:

а) Листа на Секретаријатот, Извршниот одбор и Главниот одбор на Демократскиот фронт;

б) Говор на професорот Сејфула Малешова на Конгресот;

в) Резолуција на Конгресот;

г) Програма на Демократскиот фронт на Албанија;

д) Три говори на претседателот на Главниот одбор на фронтот за Албанија Енвер Хоџа одржани за време на траењето на Конгресот.

II. ОСТАТОЦИ ОД ВООРУЖЕНИТЕ ГРУПИ ВО АЛБАНИЈА

Денес во Албанија има околу 650 одметници. Од овој број 400 се организирани во групи, а другите живеат поединечно и тие се главно дезертери од албанската војска. Одметничките групи најмногу се задржуваат во северна Албанија, каде што влијанието на Фронтот беше најслабо не само во НОД туку и денес. Затоа на север успеаја да се одржат поистакнати функционери на тие групи како што се: Мухарем Бајрактари, Марк Ѓон Марк, Фиќири Дине, Хусни Дема и др. Исто така тие групи се задржуваат во средна Албанија, особено во префектурата Елбасан, каде што до пред кратко време се криеше поранешниот кралски наместник Леф Носи.

Во последно време претставниците на тие групи Мухарем Бајрактари, Марк Ѓон Марк, Фиќири Дине и Хусни Дема имаа неколку состаноци.

Првиот месец по ослободувањето групите се движеа во големина од 50 - 70 вооружени луѓе, често отворено и беа многу активни. Денес се движат во мали групи од 5 - 15 луѓе.

Мухарем Бајрактари порано се движеше со група која броеше околу 50 луѓе, а денес неговата група достигнува најмногу 28 луѓе. Фиќири Дине и Хусни Дема се движат во групи од 8 - 10 луѓе. Нивните движења се прилично ограничени бидејќи денес во средна и во северна Албанија постојат посебни чети на Народната одбрана, кои имаа добри успеси во чистењето на теренот. Така со заслугата на тие чети се пофаќани следниве функционери и активисти на овие групи: Патер Антон Харапи, кралски наместник, браќата Казаси, Расим Борши, Ндуе Леши, Бајрактари, сите од Скадар. Исто така затворен е поранешниот

кралски наместник Леф Носи, кој се криеше во Елбасан. Растурена е групата на Џеват Влашими и Канко Чезма. Осман Мерлика од Круја е убиен. Убиени се и: Адем Винчани од Мокра и Алуш Скендери, двајцата од групата на Хамит Матијани. Во Берат се фатени Намик Меќемеја и Аскери Арифи. Во потерата се предаде Идриз Чами. Фатен е Абдураман Имери. Исто така се предаде Халил Шеши од Пешкопеја. Во Елбасан се предаде Билбер Бичаку.

И понатаму секојдневно паѓаат во рацете на Народната обрана поединци или пак народот сам ги фаќа каков што е случајот во префектурата на Берат и Курвелеш. За да се добие подобар преглед на групите, ќе ги дадеме по префектури.

<u>Префектура С к а д а р</u>

Во околината на Скадар има околу 100 одметници. Од овој број 70 се организирани во 7 групи додека другите се движат поединечно. Најпознат водач на оваа група е капетанот Марк Ѓон Марк. Неговото влијание е најголемо во Мирдита. За време на италијанската окупација организирал милиција. Во тоа време бил министер за култура. Беше еден од најголемите експоненти на реакцијата и огорчен противник на НОД. Истовремено тој беше водач на партијата Независни националисти. Тесно е поврзан со католичкото свештенство. Особено се залагал за поврзување на косовската и на албанската реакција. Иницијатор е на состанокот на северноалбанската реакција. Одржува врски со Јуп Казази, со Пасук Биб Миракиј, со Ник Соколи и е поврзан исто така и со Мухарем Бајрактари, Фиќири Дине и Хусни Дема.

<u>Префектура К у к с</u>

Во оваа префектура има околу 150 одметници од кои 9 се организирани во групи. Најјака е групата на Мухарем Бајрактари, која брои 70 - 80 луѓе, но тој се движи со група од најмногу 28 луѓе. Другиот дел на неговата група е расцепкан во ситни групички од 7 - 12 луѓе. Мухарем Бајрактари е од село Ујмишт, околија Бицај и тој има околу 55 години. Бил полковник во војската на Зогу и еден од најистакнатите зогуисти и поборник за партијата „Легалитет” во 1924 год. Во декември 1924 година ги раководел операциите на север во Дукаѓин против антизогуис-

тите. Во 1935 г. станал аѓутант на Зогу. Многу е амбициозен и со славољубива природа. Во 1935 дошло до судир меѓу него и Зогу и тогаш се префрлил во Југославија, а потоа во Франција. Во земјата се вратил за време на италијанската окупација. Во областа Љума организирал свои чети и одвреме-навреме се судрувал со Италијанците. Не учествувал во НОД но неговите борци пријателски се однесувале спрема партизаните. Меѓутоа, Мухарем не сакал учество во Фронтот туку бил резервиран и сакал да изведува самостојни акции кога и каде што сакал тој. Според него, биле правени грешки бидејќи се правеле обиди со сила да се вовлече во Фронтот. Некои раководители на НОД почнале да го разобличуваат уште додека соработувал со партизаните. Во обидот да биде убиен од заседа се одметнал и целиот крај тргнал по Мухарем бидејќи селаните во него гледале првоборец за своите права. Подоцна почнала неговата соработка со Германците и оттогаш, најпрво поради самоодбрана, а подоцна непријателски, се бори против НОД. Сите следни обиди да се привлече во НОД останале без успех. За цело време бил во тесен контакт со Гани-бег Црноглав и со него се состанувал во областа Хас. Има врски со сите опозиционери од северна Албанија. Минатата есен имал состанок со англискиот мајор Шмит. Со англиската мисија во Албанија одржува врски преку Меди Ндреу од Љума. Од Англичаните бара помош во офицери и оружје. За подобро да се илустрира неговата врска со Англичаните во прилогот бр. 2 ги доставуваме писмата кои во август о.г. Мухарем Бајрактари им ги упатувал на Англиската мисија и лично на генералот Хоџсон.

Во последно време Мухарем Бајрактари и Марк Ѓон Марк политички се активираа. По нападите на државните установи, зборуваат за разни одржани состаноци на кои било заклучено да почнат пошироки акции.

Префектура П е ш к о п е ј а

Има околу 140 одметници, од кои 65 се организирани во групи. Најистакнати се Фиќири Дине, Хусни Дема и Сабри Маќелара. Сите тројца се бегови.

Фиќири Дине е син на Дине-бег Маќелара. Роден е во Маќелара 1897 год. Воената кариера ја почнал во првите години

од власта на Зогу со чин потпоручник. Пред окупацијата на Албанија имал чин полковник и бил на функција инспектор на целата албанска војска. Воена академија завршил во Италија. Пред Италијанците побегнал заедно со Зогу во Грција, но по неколку дена се вратил во земјата. По доаѓањето на Германците, стапил во саработка со нив и ја прифатил должноста претседател на министерскиот совет. Сега неговата група брои 5 - 6 луѓе.

Хусни Дема е човек на Зогу од 1924 год. По кариера е војник. До 1935 имал чин потполковник и вршел должност командант на целата жандармерија во Албанија. Во 1939 год. побегнал во Југославија, но набргу се вратил. Тогаш бил интерниран во Италија, но добро се поврзал со Италијанците и бил добро платен. Во 1943 год. ја добил функцијата главен командант на жандармеријата и служел како тајна врска со Гестапо. Раководел со операциите во офанзивите на југ во јули 1944 год. против албанската НОВ. Има влијание во областа Хомеш (Зерќан). Сега неговата група брои 6 - 7 луѓе.

Префектура Д р а ч

Има околу 70 одметници, од кои 60 живеат во групи. Нивната зона на активност и влијание се Круја и Мат. Во таа зона порано најголемо влијание имал мајорот Абаз Купи, водач на партијата „Легалитет".

Префектура Е л б а с а н

Има околу 45 одметници, од кои 15 се организирани во мали групички. Главен експонент на оваа група е Азиз Бичаку, кој со себе има 4 - 5 луѓе, а неговата влијателна зона е Чемерника[107].

Префектура К о р ч а

Има околу 25 одметници организирани во групи. Меѓу нив нема некои истакнати личности.

Префектура Б е р а т

Има околу 12 организирани одметници. Меѓу нив нема влијателни личности.

Префектура Г и р о к а с т р о[108]

[107] Така е во оригиналот. Веројатно треба да биде Чамерија.
[108] Во документот насекаде стои како Ѓирокастра.

Во ова префектура има 15 одметници.

Префектура В а л о н а

Има 18 одметници организирани во групи. Меѓу нив нема некои влијателни личности.

III. ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ВОРИОЕПИРСКАТА РЕАКЦИЈА

Организацијата на вориоепирците е формирана за времето на Зогу. Таа особено била активна за време на италијанско-грчката војна, а по повлекувањето на грчката војска ја продолжила својата дејност. Во оваа организација постоеле две струи, поточно организацијата се поделила на прашањето за начинот на окупацијата на Ворио Епир. Групата на деспотот на Јанина Спиродон беше на ставот дека Ворио Епир треба да се добие со плебисцит. Групата од Атина со која раководеше Силогот на Атина беше на ставот дека Ворио Епир треба да го окупира грчката војска, да се задржи под грчка воена управа 20 години и дури потоа да се спроведе плебисцит. На оваа група ѝ припаѓал и Зервас. Поради овие несогласувања бил свикан состанок на Вориоепирска организација во Јанина, на кој било заклучено дека Ворио Епир треба да се ослободи со борба.

Во 1942 година Силогот на Атина основал комитет за Ворио Епир во Тирана. Членови на комитетот биле: Спиро Дишо, Голе Толја, д-р Ѓинали, Илија Конди и Илија Мекси. По доаѓањето на еден делегат кој донел упатства, бројот на членовите на комитетот се проширил уште со следниве лица: Апостол Мало, Димитар Деспот и Гаќо Тасо. Делегатот на Силогот на Атина бил врзан само со Спиро Дисо. Тој комитет работел активно во текот на 1943 г. и неколку месеци во 1944 година. Подоцна работата му била отежната зашто врските со Атина биле многу тешки. За време на својата дејност комитетот во многу гратчиња во Албанија формирал вориоепирски комитети. Откриено е дека постоеле комитети во Тирана, Корча, Билишта, Лесковик, Пермет, Ѓирокастра, Саранда, Скадар и Химара. Во текот на НОБ членовите на комитетите се деконспирирале и активно се бореле против НОД и затоа биле приморани да емигрираат во Грција, каде што веднаш биле поставувани на раководни функции во војската. Такви се на пример Орест

Анастијадис, Јорго Зото, Лефта Гумени, Димитри Маскакулос и многу други членови на разни други комитети, особено на Пермет. По ослободувањето на Албанија, искрцувањето на Англичаните во Грција и доаѓањето на владата на Папандреу, Вориоепирскиот комитет во Тирана почнал да ги обновува врските и работата со другите комитети. За претставник на тиранскиот комитет во Грција бил определен д-р Ѓинали, кој ги одржувал врските со албанскиот Вориоепирски комитет. По ослободувањето, штом се покажала поволна можност за врска со Атина, тиранскиот комитет пратил во Грција два члена со задача да го запознае тамошното раководство со ситуацијата во Албанија и да примат упатства за работа. Неколку дена по доаѓањето на овие двајца делегати отпатувал Илија Мекси да се договори за доаѓањето на Грците во Албанија.

Новите упатства беа следните:

1. Да се формираат вориоепирски комитети во Албанија и во Македонија и да се помогне нивната работа со тоа што ќе им се даде помош која доаѓа од Англо-Американците;

2. Да им се даде целосна помош на вориоепирците, кои ја преминуваат грчката граница;

3. Во Вориоепирската околија да се организираат комитети во секое место и со нив да се почне работата.

Истовремено поставена е задача да се прибираат податоци за страдањата кои ги доживеаја вориоепирците во Албанија. Врз основа на тоа е направен протест до владата во Каиро и е побарано во Атина да се признае формираниот Вориоепирски силог и во таа смисла да се интервенира кај Англо-Американците. Одговорот на владата во Каиро беше следниот: „Сојузниците прифатија да го признаат силогот и се подготвени на секаков начин да ја помогнат анексијата на Ворио Епир. Освен тоа од страна на владата во Каиро се дадени детални упатства.

Последните директиви на вориоепирските комитети во Албанија беа следниве:

1. Да се извести секој вориоепирски комитет дека во Јанина е формиран одбор на Ворио Епир за Албанија (ЕАВ.I - на грчки јазик: Епетопи аполефторе Ворио Епири). Овој одбор е

формиран од страна на Силогот во Атина со цел со грчки сили да се ослободи албанскиот дел на Ворио Епир;

2. Со оваа организација засега раководи Зервас. Сите членови се молат да вршат пропаганда во корист на оваа организација и да го подготвуваат народот за извршувањето на нејзината програма;

3. Да се популаризираат грчкиот национализам и окупацијата на албанскиот Ворио Епир од страна на грчките сили;

4. Сестрано да се саботираат мерките на албанската влада;

5. Да се популаризира заедничката акција на грчката и англо-американската војска;

Освен овие упатства издадоа и формулар за заклетва за членовите на Вориоепирската организација, кој гласи:

„Се колнам во својата чест и во Бога дека ќе бидам искрен на организацијата за помогање на ослободувањето на Ворио Епир и дека наредбите на комитетот ќе ги извршувам безрезервно".

По заклетвата, присутните се прегрнуваат и се бакнуваат и истовремено земаат знаци за распознавање, со помош на кои членовите се распознаваат без оглед на местото и округот на комитетот на кој му припаѓаат. Секој кој ќе ја изневерел или ќе ја одбиел поставената задача, се сметал за предавник и бил убиен.

Овие директиви пристигнале на крајот од 1944 год. и се потпишани од страна на претседателот на одборот д-р Лека.

Комитетите на Ворио Епир во Албанија работеле точно по овие директиви и освен поставените задачи успеале да организираат свои групи во албанската војска со цел да се предизвика масовно дезертирање, по што објавувале дека албанската војска дезертира на стотици. Албанските трговци ги поттикнувале да не плаќаат такса на воената добивка толкувајќи дека албанската војска со своите закони сака да ги ограбува трговците и дека со тоа организираат свој буџет. Трговците под влијанието на нивната пропаганда одбиле да плаќаат такса бидејќи очекувале дека анексијата на Ворио Епир од страна на грчките сили ќе се случи наскоро. Ширеле вести за анексија повикувајќи се на говорите на Папандреу и на Пластирас и тврделе дека дошле англиските тенковски бригади кои заедно со грчката и

англиската војска треба да ја нападнат и да ја окупираат Албанија. Како причина што окупацијата уште не е извршена, ги наведувале тешкотиите што им ги создава ЕАМ[109], но дека напад во секој случај и во најскоро време ќе следува. Тврделе дека Англичаните во Албанија ќе создадат некоја коалициона влада. Ширеле вести дека анексијата на Ворио Епир ја признале Англија и Либан.

Подолу ги наведуваме врските што ги имале албанските Ворио Епирци еден со друд и комитетите меѓусебно во Албанија и Грција како и имињата на лицата што одржувале врска: Тирана - Корча - Ѓирокастра - Скадар - Флорина - Костур - Јанина.

Лица: 1. Гаќо Тасо, од Лесковик; 2. Нико Јоамиди од Пермет; 3. Васил Терезиу од Корча; 4. Д-р Тома Пласа од Корча; 5. Д-р Кондили од Корча; 6. Вангел Фурари од Корча; 7. Акиле Фундо од Корча; 8. Папакрисан од Грција; 9. Економи од Пермет и 10. Васил Румби од Ѓирокастра.

Како потврда на овие врски можат да послужат запленетите документи на врската Корча - Лерин - Костур:

„ДО СИТЕ ВОЕНИ И ЦИВИЛНИ ВЛАСТИ

Костур - Лерин

Доставувачот на овој акт Папакрисани, учител, пратен е од тукашната секција на одборот за ослободување на Ворио Епир (ЕАВ.І. - кратенка на грчки јазик: Епетопи аполефторе Ворио Епири) со налог да воспостави врска со Лерин и Костур. Целта за воспоставувањето на овие врски е преку нив да се забрза решението на локалните актуелни проблеми за прашањето на нашата работа, да се овозможи што поголема помош за ослободувањето на Ворио Епир и да се воспостави соработка меѓу ЕАВ.І. и ЕАВ.VІ. (Солун).

Сите месни власти се должни да му ја дадат најголемата помош во извршувањето на оваа задача.

Комитет ЕАВ.І. во Корча

Потпис

Бр. 462 Печат: Комитет за државно ослободување - Корча"

[109] Народноослободителен фронт на Грција.

На членовите на комитетите им се давани броеви и тоа на овој начин од бројот 4.200 до 4.220, потоа од бројот 4.430 до бројот 4.440 итн. и на тој начин да изгледа дека имаат многу членови.

Комитетите на Ворио Епир за кои се знае и за кои постојат документи за членови се следниве: Комитет Тирана, Корча број 1 и број 2, Лесковик, Колоња, Пермет, Билиште, Ѓирокастра, Делвина, Саранда, Химара и Скадар. Без сомнение постојат комитети и во некои други места. Албанските власти успеаја да ја откријат организацијата со многу документи и да притворат поголем број од нејзините членови и функционери како што се: Гаќо Тасо, Танас Андреа, Фиац Филипеу, Гаќо Ханлиа, Ник Лачо, Петраќ Пеќани, Кристаќ Микорези, Христо Згуро, Сотираќ Сомо, Петраќ Фунди, Петраќ Ќано, Ставри Темели, Гаќо Стати, Лазар Дине, Ѓори Марку, Киќо Ноте, Кочо Тазе и други.

Целиот Комитет на Корча е притворен.

## 18.
## ОСТАВКАТА
## на Милан Грол упатена до претседателот на Владата на ДФЈ Јосип Броз - Тито, Белград, 18 август 1945 година

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА
МАРШАЛ ЈОСИП БРОЗ - ТИТО[110]

Господине Претседателе,

Во размената на мислења со Вас и со Вашите најблиски соработници во Владата[111] и во Претседателството на АВНОЈ,

[110] АПР, KMJ-II-5b/30

[111] Во тоа време Владата функционираше како единствена влада односно Министерски совет, како што се нарекуваше, со членови на НКОЈ и членови на Владата на д-р Иван Шубашиќ, со тоа што во нејзиниот состав се најдоа Милан Грол, кој поднесе оставка во август 1945, а потпретседател остана само Едвард Кардељ, кој беше и министер на конституантата. По оставката на И. Шубашиќ и Ј. Шутеј во октомври 1945 год., Јосип Броз - Тито ја вршеше должноста министер за надворешни работи.

повеќепати укажував на опасноста во спроведувањето на една исклучива партиска програма, која не беше во согласност со уверувањата добиени во првата размена на мислења во првото мое влегување во Владата, а повторени и потоа. Во сите тие дискусии над интересите на идеите и партијата што ја претставувам, јас ја подвлекував нецелесообразноста на тие исклучиви тенденции кои ги отежнуваат нашите внатрешни политички и економски проблеми и, самото по себе оздравување на разурнатата земја, кое за мене и денес остана решавачко.

Тоа што тука се покажа како спорно и што остана како такво беше особено прашањето на народната власт, прво неизбрана на редовен начин од народот, а потоа произволното применување, ненормирана ниту во постапката, ниту во надлежностите, и политички исклучива. Тие приговори се повторуваат и за прашањето на правосудството. Со тешките искуства во општото управно и стопанско уредување и во јавното расположение, се потврди оправданоста на жалбите за таквата состојба на работите. За смирувањето на лошите чувства и за смирувањето на земјата требаше да послужи и една вистински реализирана ефективна амнестија.

Со завршувањето на воените операции тие прашања и прашањата за политичката слобода дојдоа во прв план. И јас при размената на мислења со Вас, господине претседателе, пред месец и половина, најнапред усно ги претресов, а потоа и писмено ги повторив, со формулирањето на мислење за редот по кој единствено може да се оди во уредувањето и во дефинитивното воспоставување на новото уредување.

Состојбата каква што денес е во земјава, спогодбите Тито - Шубашиќ, на Крим[112] и Декларацијата на самата влада од месец март, поставија три задачи:

1. Формирање на Привремен парламент со проширувањето на АВНОЈ со поранешните претставници на парламентите и политичките групи како проширување на политичката основа на уредувањето.

---

[112] Се однесува на конференцијата на сојузниците на Јалта од февруари 1945 година, на која присуствувале Черчил, Рузвелт и Сталин.

2. Донесување во тој Привремен парламент политички закони кои обезбедуваат слобода на печатот, на здружувањето, собирањето, партиските организации и воопшто слободна размена на мислења во предизборниот период и слободен изборен закон.

3. Во духот на тие закони за политичките слободи неизбежна е и состојбата која обезбедува вистинска примена на тие закони, атмосфера на слобода, толерантност и спокојство, меѓусебна доверба, уредување без вонредни драконски мерки од воеността време, без исклучивоста на партиската власт од револуционерните месеци. Овозможувањето на една таква состојба во предизборниот период, претпоставува нормирање на народната власт, слободно избрана од народот. Изградување на квалификувано и објективно правосудство, кое исто како и народните одбори, има голема улога во изборната активност, организирање на редовна цивилна полиција, широко спроведување на амнестијата. Изборите воопшто не може да се замислат во состојбата каква што е денес. Сите овие три, проширувањето на АВНОЈ, политичките закони и уредувањето на слободите, меѓусебно се поврзани и не може да се решаваат едно без друго. Спогодбата за проширувањето на АВНОЈ, претпоставуваше спогодба за она што АВНОЈ треба да изгласа како закони. Требаше да се договориме за духот на тие закони и за општото уредување кое тие закони треба да ги применува во предизборниот период и на изборите. А за сето тоа да се дојде до согласност, треба да се согласиме <u>за патот по кој се оди и кон што се оди</u>.[113] Цело време јас повторував и повторувам и денес дека договор на напредните политички партии е возможен. Доколку водечката Комунистичка партија сака договор, што ќе рече дека доколку таа е решена да ѝ постави мерка на својата програма и да ја дели власта со другите политички партии, кои денес со неа ја делат само одговорноста. Без таков широк договор за програмата, вистински решенија нема. Тешкотиите кои се зголемуваат во опасни размери, денеска тоа и премногу јасно го покажуваат.

---

[113] Подвлекувањата се направени во оригиналот.

Изнесувањето на моите мислења за ситуацијата остана без одговор. За еден цел месец и половина не се случи нова размена на мислења меѓу мене и Вас, ниту пак имаше седница на Владата на која би можел да ги поставам овие прашања.

Во еден момент, изјавата на потпретседатеот Кардељ дека и тој мисли дека пред сите одлуки за АВНОЈ би требало да се постигне договор за програмата како и неговото ветување од пред неколку недели дека „за ден-два" ќе се одржи седница на Владата, ми влеа надеж дека до таков договор може да се дојде.

Наместо сето тоа, по пауза од три месеци, седницата на Владата беше закажана дури во последната недела пред самото свикување на АВНОЈ, и неколку дена пред тоа на членовите на Владата им беа доставени куп законски проекти: изборниот закон, законот за избирачките списоци, законот за казнување на злосторствата и престапите против татковината, за Уставотворното собрание, за државјанството, за воените судови, за аграрната реформа, предлогот на министерот за Конституанта за проширувањето на АВНОЈ, потоа законите за печатот, за здружувањето и собирите.

Сите тие важни и за решавањето на домашните проблеми решавачки законодавни проекти, изработувани без пошироки начелни договори, беа уфрлени наеднаш, во последен момент, пред Министерскиот совет пред свикувањето на АВНОЈ, за што проширување во Привремен парламент – за принципите и мерилата, за целото ова време, исто така не е договарано.

Во таквиот начин на работа се гледа едно рутинско гледање на основните политички прашања, речиси техничко спроведување на една политика како веќе света, неприкосновена, која исклучува секакво поинакво мислење. На еден или на друг начин тие закони ги ограничуваат или ги поништуваат граѓанските права, ги демантираат спогодбите за конечното уредување на земјата и ги оспоруваат основните начела врз чија основа тие се создадени. Така на пример, на поимот „придобивките на ослободителната борба", или она за „народната власт", произволно ѝ се проширува смислата на исклучива тенденција на една партиска програма. Улогата на Конституантата од суверено тело се сведува на работно тело, кое треба само да ги регистри-

ра свршените чинови на така сфатените придобивки на народноослободителната борба и тоа мислење повторувано од раководните луѓе, брането е и во самиот тесен комитет на министрите при претресот на законот за Конституантата. Исклучивото гледање дека на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, чии одлуки, инаку, како појдовна основа не се оспоруваат од ниту една напредна група, е консумиран народниот суверенитет, во сè се покажа фатално.

Законот за избирачките списоци, ревидиран и ублажен во тесниот комитет на министрите, од политичките права може да лиши многу илјади луѓе амнестирани за огрешувањата направени за време на метежот и заблудите за време од четирите години на окупацијата. Тој меч над главата на обвинетите политички, или оставени под сомневање, е во рацете на изборните комисии и народните одбори кои ги спроведуваат, а кои, во состојбата во која што тие се денес, неизбрани на редовен начин, не даваат гаранции за непристрасна работа. Меѓутоа, прашањето на уредувањето во кое се споведуваат изборите, поважно е од самите закони.

Таквото исклучиво сфаќање ги инспирира сите законодавни проекти и тоа покажува тенденција со механички средства да го обезбеди тоа што со усогласувањето не може. Исклучивото уредување на „народната власт”, неизбрана од народот, премолчено треба да добие санкција во политичките закони од кои се изведува надлежност на таа иста народна власт, додека од друга страна и тие политички закони треба да се изведат во духот и на начин на којшто е изведена народната власт. Органот на Комунистичката партија ги харангира активистите на Фронтот[114] дека тие треба да ги раководат работите за составување на избирачките списоци.

[114] Се однесува на масовната политичка организација основана со името Единствен народноослободителен фронт (ЕНОФ) како организација на левите антивоени и антифашистички сили пред Втората светска војна (по 1935) и ги собирал антифашистичките сили како противтежа на растечкиот нацизам и фашизам. И во Македонија (вардарскиот дел), ЕНОФ функционирал како дел од југословенското кралство. Како единствен фронт (ЕНОФ) зајакнал по окупацијата на земјата во 1941 г. и во текот на самата Народно-

Тенденцијата на масовните обвинувања, закани и ставање под сомневање и под прашање на основните права на граѓаните, доби своја илустрација во законодавниот проект за казнувањето на злосторствата и престапите против татковината, а неа ја има и во проектот на законот за државјанство. Првиот е престилизираниот проект за „казните за злосторствата против народната власт", повлечен пред месец и половина по протестот во Одборот за законодавство. Исчистен од драстичните формулации на првиот проект, со раката на истиот автор, тој остана со истата идеја. На самиот влез во политичкиот период, во периодот на средувањето и смирувањето, тој закон и понатаму го обзнанува прогонот како средство за обезбедување на уредувањето и ја поткопува вербата дека тоа обезбедување може да се реализира со усогласување и со залагање на напредните групи и мислења.

Во тој дух, во говорите на конгресот на Фронтот во печатот е нагласено дека денес главна задача е „чистењето" и „довршувањето на делото за уништувањето на фашизмот". Под знакот на фашизмот произволно внесува сè што во последните матни и несредени години не се најде на линијата на ослободителниот фронт, во земја под окупација, во логорите и во емиграција, ќе им остане заканата над главите на многу илјади, не само над главите на оние што ги крвавеле рацете туку и врз невините маси. Исполнет и понатаму со инкриминација на однесувањето под окупацијта, тој процес го обзнанува не само трајниот процес на вина, туку и трајните процеси на заблуди, предрасуди, национални конвулзии во едно стресно време, па и процесот на самите спротивни мислења.

Тој закон им беше поделен на члeновите на Законодавниот одбор веќе на крајот од јули, пред предлозите на законодавни проекти за печатот и за здружувањето, собирите и организацијата на партиите, кои дојдоа како последица. Законот за

ослободителната и антифашистичка војна 1941 - 1945 г. во Југославија. За време на војната се преименувала во Народноослободителен фронт на Југославија, по ослободувањето во Народен фронт, а од 1953 година во Социјалистички сојуз на работниот народ на Југославија (ССРНЈ).

печатот формално прокламира слобода на печатот во неговиот прв член. Меѓутоа, таму каде што самите технички услови за она што може а што не може да се претресува, останува зависен од една исклучиво партиска власт, па обезбедување на таква слобода не може да има. Што се однесува за законодавните проекти за здружување, партиите и собирите, тие се донесуваа во пресрет на самото распишување на изборите, со свои услови за илјади потписници и уверенија, без начин за известување, без гласила на партиите што се основаат (иако е одамна основана и живеела со децении), без слободното движење на граѓаните од место во место. Тој закон е со очигледна насока да ги оневозможи партиите или да ги сведе на најтесни обласни организации без влијание на развојот на мислењето во целата земја.

Политичките закони што не обезбедуваат слободна размена на мислење не соодветствуваат на слободните избори за Конституанта, ниту низ Конституантата се обезбедува поставување здрави основи на новото уредување. Тие само им даваат замав на подземните акции и на реакцијата. А низ низата на овие политички разгледувања, јас не го ни наведов оној најтешкиот и решавачки момент, којшто води кон негативни чувства на народот, т.е. економската криза.

Ниту еден од овие аргументи не е сфатен објективно, а во дискусиите во Законодавниот одбор и во Претседателството на Привременото собрание, суровиот и исклучив тон ја потврди бескомромисната тенденција на водечката група, која го исклучува поимот соработка.

Мојата, од почеток тешка положба на член на Владата, кој не учествува во создавањето на актите туку само во критиката, со ваквите политички закони стана невозможна.

Повлекувајќи се од Владата, јас сметам за должност, Вам лично господине Претседателе, да Ви оддадам признание за толку колку што наидував на разбирање и пошироко сфаќање на проблемите, наидував на разбирање најмогу кај Вас, и сакам да Ве уверам дека моето повлекување од Владата не ја доведува подготвеноста на Демократската партија, која ја претставував во Владата, под услови што таа соработка би ја правеле можна и оправдана. Бидејќи за целото ова време, соработката на на-

предните групи останува conditio sine quan non за извлекување на земјата од состобата во која се наоѓа.

Во Белград

18 август 1945 год. Милан Грол (с.р.)

## 19.
## СООПШТЕНИЕ И КОМЕНТАР
### од телеграфската агенција Танјуг за оставката на Милан Грол, потпретседател на Министерскиот совет на ДФЈ[115], Белград, 18 август 1945 година

ВО ВРСКА СО ОСТАВКАТА НА МИЛАН ГРОЛ

Од Претседателството на Владата дознаваме дека г. Милан Грол својата оставка на функцијата потпретседател на Владата на Федеративна Југосавија ја мотивира главно на следниот начин:

1. Исклучивото гледање во Владата дека во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ донесени во Јајце на 29 ноември 1943 година е консумиран народниот суверенитет, не сфаќајќи ги тие одлуки како појдовна основа во решавањето на проблемите.

2. Сите проекти на политичките закони (Законот за избирачки списоци, за Конституантата, за изборот на народни пратеници итн.) инспирирани се од духот на исклучивоста. Слободата на мислењето и согласувањето во решавањето на политичките проблеми, според Грол, не се спроведува.

3. Исклучивоста во уредувањето на „народната власт”, според г. Грол, од народот неизбрана, со тие закони ќе се санкционира, а нивната практична примена е оставена во надлежност на народната власт, на истиот начин на кој е создадена и самата народна власт.

4. Во проектите на одделните закони е покажана тенденција за масовни обвинувања, заканите и ставањето под сомневање не само на виновниците туку и на политичките противници

[115] АПР, КМЈ-II-5b/30

(Закон за казнување на злосторствата против народната власт, Законот за државјанство итн.).

Во владините кругови, меѓутоа, се смета дека споменатите причини на г. М. Грол не се засновани на вистински факти.

1. Во Владата, а и во Привременото собрание (порано АВНОЈ), никој не тврдеше дека одлуките на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце „го консумирале народниот суверенитет", туку дека ги содржат основните принципи (федерација, демократија, народни одбори) врз основа на кои треба да се гради државниот живот до дефинитивната одлука на Конституантата за конечната форма на државното уредување.

2. Новите политички закони не се „инспирирани од духот на исклучителноста", доколку г. Грол не ги смета за исклучителни извесните ограничување на истакнатите функционери на фашистичките организации, кои законите ги предвидуваат.

3. Народната власт е бирана на тајни избори со општото право на глас на сите граѓани од 18 години. Законот ја санкционира само таа бирана власт, а практично ги отфрла оние форми и органи на власта какви што се именувани одозгора и создавани по пат на присила, корупција и изигрување на народната волја, кои постоеле во Југославија пред ослободителната војна.

4. Во никакви проекти на законите не е „покажана тенденција на масовното обвинување", туку напротив, јасно обвинување на сторителите на злостортвото, шпиунажата и тероризмот од нив кои за тие злочини не се криви, што беше принцип и на досегашната народна борба во Југославија.

Најновите закони за кои станува збор и по својата содржина и по својата форма спаѓаат меѓу најдемократските закони во светот.

Сѐ на сѐ, г. Грол ја негираше важноста и основаноста на одлуките на АВНОЈ и на законите кои се донесуваат врз нивна основа.

(ТАНЈУГ)[116]

---

[116] ТАНЈУГ е кратенка за Телеграфска агенција на Југославија основана на 5 ноември 1943 г. во Јајце од страна на Моша Пијаде врз основа на решението на ЦК на КПЈ. Целта на нејзиното основање тогаш била да известува за

## 20.
## ПИСМО
## од Димитар Влахов до Јосип Броз - Тито за оставката на Милан Грол[117], Белград, 18 август 1945 година

Другар Маршале,

Другарот Кардељ вчера 18. 8. 45 г. во 23,00 соопшти дека Грол поднел оставка и дека тоа им го соопштил на поголем број странски амбасади во Белград. Кај нас во кабинетот ја нема соодветната изјава.

Другарот Вејвода од Тањуг соопшти наводно декаРојтер соопштил оти во Југославија се создала состојба слична како во Бугарија т.е. криза во Владата и дека Грол ќе биде во опозиција.

Генерал-мајорот другарот Кисељев Ве барал на 18. 8. '45. во 21,15 по телефон поради тоа што Москва (не Генералисимусот) со Вас сакала да зборува. Им соопштив дека Вие денес не сте тука и дека ќе се вратите задутре. Тој поворно се јави од Москва и мене ми кажа дека сè е во ред и сè ќе се регулира кога ќе се врати Маршалот.

Ги праќаме последните информации.

18. 8. '45 г. Димитар Влахов (с.р.)

---

Второто заседание на АВНОЈ преку информативните билтени кои биле печатени во 400 примероци. ТАНЈУГ функвционирала како агенција од општ тип и била организирана на федеративни принципи па затоа во републиките биле основани нејзини подружници. Во Македонија подружницата била основана во септември 1944 година и функционирала до осамостојувањето на Р Македонија.

[117] АПР, KMJ-II-5b/30.

**21.**
## ОДГОВОР
**од Јосип Броз - Тито на оставката од Милан Грол на функцијата член на Владата на ДФЈ[118], Белград, 20 август 1945 година**

ДО ГОСПОДИНОТ МИЛАН ГРОЛ

Господине потпретседателе,

Поради отсуството Вашата оставка ја прочитав со задоцнување. Жалам што не можам да се согласам со Вашето образложение на оставката бидејќи го сметам за премногу субјективно и на многу места не одговара на вистинската состојба на работите. Читајќи го тоа образложение јас не стекнав впечаток дека со тоа им е помогнато на интересите на нашата напатена земја; особено ако тоа се поврзе со сегашната општа кампања во странство против Демократска Федеративна Југославија.

Прифаќајќи ја Вашата оставка јас Ви се заблагодарувам на досегашната соработка. Се надевам дека со тек на време и сам ќе се уверите во неоправданоста на Вашите сомнежи и претпоставки, ќе ја сфатите оправданоста на многу мерки кои Вам не Ви се разбирливи.

Во Белград, 20 август 1945 г.

Претседател на Министерскиот совет
Јосип Броз - Тито (с.р.)

**22.**
## МЕМОРАНДУМ
**на Илинденската организација за создавање на федерална македонска држава, доставен до Јосип Броз - Тито, Софија, 30 август 1945 година**

Строго доверливо

ИЛИНДЕНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА[119]

[118] АПР, KMJ-II-5b/30

Бр.
Софија, ул. „Пирот“, бр. 5
Тел. 2-19-32

До г. министри за надворешни работи на СССР, САД, Велика Британија,
Кина
Претставници на СКК во Софија
Странските дописници во Бугарија
Г. претседател на Владата на Македонија
Г. претседател на Владата на Бугарија
Г. претседател на Владата на Југославија

МЕМОРАНДУМ

Ги преживуваме деновите во кои се завршува најголемата и најстрашната војна, каква што човештвото не доживеало до денес и се наоѓаме во предвечерјето на склучувањето на мирот, со којшто ќе се определи судбината на многу народи и земји, не за години, не за десетици години, а можеби за векови, засекогаш.

Една од земјите која во денешниот историски момент го чека уредувањето на својата положба од страна на големите демократии, е и Македонија.

Македонија, поради својата географска положба и природните богатства со векови била и сега е предмет на завојувања и присвојувања од страна на нејзините соседни држави. А таа со своите природни и географски граници, со својата стопанска структура, во рамките на нејзините територии претставува не само географска и стопанска и идеална целина туку ги има сите природни можности и право на самостојно политичко постоење. Тоа свое право Македонија го објави пред сто и повеќе години, а по формирањето на Внатрешната македонска револуционерна организација (1893)[120] таа тоа го бара од европ-

[119] АПР, КМЈ-I-Ђ/118

[120] ВМРО (Внатрешна македонска револуционерна организација), македонска политичка организација формирана на 23 октомври 1893 г. во Солун од страна на Даме Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Иван Хаџи Николов, Андон Димитров и Христо Батанџиев. Од основањето променила

ската и светската прогресивна јавност и совеста преку оружените востанија.

Најсилно и најчувствително ова право македонската јавност го покажа во светот со своето заедничко Илинденско востание во 1903 година.[121] Во таа прилика целиот свет, европската и светската прогресивна јавност нејзе ѝ го призна тоа право. По востанието, владите на големите сили презедоа иницијатива за воведување вистински реформи во Македонија и преку Мирцштегската реформска програма[122] тие интервенираа во внатрешните работи на Турција, благодарение на која Македонија закрепна финансиски и во судскиот поглед, а на состанокот на двајцата државни поглавари Едвард VII и Николај[123] во Ревал (1908) се предвидело поставување на генерал христијанин за гувернер во Македонија, кој требало да ја подигне во автономна турска привилегирана провинција. Ова било преземено и поради тоа што големите сили на Берлинскиот конгрес (1878 г.) предвидувале на Македонија да ѝ се даде автономија.

Меѓутоа, внатрешнополитичките и надворешнополитичките настани, како Младотурската револуција (1908)[124] и Балканските војни (1912 - 1913)[125], кои ја надминаа можноста на ор-

повеќе имиња (БМОРК, ТМОРО, ВМОРО и ВМРО). Подоцна во неа се вклучиле најистакнатите револуционери Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Христо Узунов, Лазар Поп Трајков и др.

[121] Најпознатото македонско востание за ослободување на Македонија од османлиската власт.

[122] Реформски проект на европските дипломатии договорен во Мирцштег, Австрија. Бил изнуден поради драматичното влошување на состојбата во Македонија по неуспехот на Илинденското востание во 1903 година. Проектот, кој главно предвидувал реорганизација на турската управа и администрација, почнал да се применува од почетокот на 1904 година, но состојбата во Македонија битно не се променила.

[123] Сеоднесува на кралот на Велика Британија Едвард VII и на рускиот цар Николај, кои се состанале во Ревал и потпишале договор.

[124] Всушност, таа била движење на турските интелектуалци и други напредни сили во војската за воведување понапреден систем на уредување на Османска Империја, што не донело значајни резултати.

[125] Војни за ослободување од турската власт на балканските земји. Првата балканска војна почнала во октомври 1912 како ослободителна за балканските сојузници, а Втората балканска војна започната на 29 јули 1913 година

ганизираното македонско движење, ја лишија Македонија од политичките плодови со силата на Букурешкиот мировен договор (1913). Нејзиното живо тело било пресечено на три дела според следниот терторијале однос: Грција присвои 32.000 км$^2$ од македонската земја, Србија 28.000 км$^2$ и Бугарија 7.000 км$^2$. По заршувањето на Првата светска војна (1918) и покрај решението во 14 точки на претседателот на САД Вилсон, делбата на Македонија од страна на блиските држави била санкционирана со Нејскиот диктат како Македонија да учествувала во војната и затоа требало да биде казнета.

Новиот режим со примената на денационализаторските методи врз напатеното месно население како и населувањето во Македонија преселници од далечни земји, присили речиси половина милион бугарско-македонско население да се пресели во Бугарија, Америка и на други места за да тагува за својата татковина повеќе од 30 години.

Наметнатите политички граници врз организмот на Македонија, колку што се неприродни толку се и неправедни. Во таквите граници населението на Македонија и во етнички поглед беше разделено и доведено во неможност меѓусебно да комуницира. Ова население беше исто така поделено и во стопански поглед, така што економски се задушуваше повеќе од 30 години, поради што спонтано почна да реагира против новите режими, барајќи обединување на сите делови во една политичка целина, во една слободна македонска држава.

Претстојниот мир ја затекна територијата на Македонија политички разделена и бидејќи ниту една влада од трите балкански држави не сакаше да го прифати барањето на македонската јавност за создавање слободна македонска држава тоа, според нашето скромно мислење, кое е истоветно со желбите на целокупната македонска бегалска јавност како и јавноста на Македонија воопшто, овие барања можеше да се реализираат

била војна меѓу самите сојузници за поделба на ослободените територии од Македонија. Во однос на Македонија и двете имале завојувачи карактер, бидејќи со Букурешкиот мировен договор од август 1913 година Македонија била поделена меѓу сојузниците Грција, Србија и Бугарија, иако од страна на сојузниците се третирани како ослободителни војни.

ако Егејска, Вардарска и Пиринска Македонија се издигнат на степен на политички единици, создавајќи потоа меѓусебен сојуз да создадат една македонска држава под мандатот на големите демократски сојузнички држави.

Федеративното уредување на македонската држава нема да биде акт насочен против слободните балкански држави, ниту насилно намалување на нивната територија, бидејќи секој дел, со добивањето на слобода, ќе биде во духовна врска со поранешната метропола. И бидејќи федеративната македонска држава ќе се создаде на сметка на трите заинтересирани сојузнички држави како оформена географска целина, таа ќе ги приближи за да живеат, со спогодување и меѓусебна соработка. Со реализацијата на ова барање, кое не е само стремеж туку и економска неопходност на Македонија, ќе настапи посакуваниот мир на Балканскиот Полуостров и на тој начин секоја балканска држава економски и духовно ќе се издигне. На тој начин идеалот на учесниците во Илинденското востание беше и остана не само да се создаде слободна македонска држава, туку од Македонија да се направи тоа што природата го определила: со своите планини, долините и полињата, со своите реки, езерата и заливите да не биде извор на балканскиот ривалитет, туку величествен парк на Балканскиот Полуостров, кој ќе се прошара уште со разновидноста на населението по националност и вера, менталитетот и работливоста, со живописната облека и со музичкото и уметничкото творештво.

Софија, 30 август 1945 г.

Претседател,[126]

Секретар,

[126] Документот е потпишан, а потписите не се читливи.

## 23.
## ПИСМО
## од неколку македонски активисти до претседателот на Илинденската организација во Софија за актуелните настани во врска со создавањето на македонската држава[127], Софија, 1 септември 1945 година

Строго доверливо [128]
Превод од бугарски

До господинот претседател на Илинденската организација - Софија

Господине претседателе,

Политичките настани се одвиваат со секавична брзина. Се наоѓаме во предвечерјето на заклучување на мир со кој ќе се определи судбината на многу народи можеби засекогаш. Положбата на Македонија во стопански и во политички поглед и сега останува иста како што била поставена со Берлинскиот и со Нејскиот договор. Против поделбата на Македонија се крена целата македонска јавност и со бунт побара од трите Македонии - Егејска, Вардарска и Пиринска, да се создаде една слободна независна македонска држава како рамноправен член на една балканска федерација.

Денес, во годините на војна, целата македонска јавност ја спречуваат да се искаже за македонското прашање поради постоечките политички граници. Поради тоа таа им предложи на Илинденците од Пиринска Македонија, кои имаат слобода да комуницираат, да се искажат пред претставниците на трите големи демократии - СССР, САД и Велика Британија - за македонското прашање, со помош на кого би придонеле за македонските работи.

Истакнувајќи ги горните мисли се осмелуваме г. Претседателе, Вам да Ви го доставиме меморандумот, кој би бил раз-

[127] АПР, КМЈ I-3-b/150
[128] Белешки напишани со ракопис.

гледан и прифатен од раководното тело и упатен до претставниците на трите демократии и кој тие од своја страна би им го пратиле на своите влади.

Софија, 1 септември 1945 г.

Со почит:
А. Лозанчев
Е. Николов
Л. Церов
Хр. Шалдев
Р. Камхи

**24.**
**НАЦРТ**
**за поделба на надлежностите меѓу федерацијата и републиките, парафирани од Јосип Броз - Тито, со кој всушност се утврдени уставните контури на државата и на републиките, Белград, 1945 година**

НАЦРТ[129]

на основните линии за поделба на
надлежностите меќу централната власт и власта на
федералните единици на федеративна Југославија

А. Увод

Прашањето на поделба на надлежностите во федерацијата е главниот лост на ова државно уредување. Од неговото правилно решавање зависи успешното функционирање на федералната машина како и правилниот живот и развој на стопанскиот и правниот сообраќај.

Пред утврдувањето на основните линии за поделбата на надлежностите во основните сектори, потребно е да се усвојат извесни општи раководни идеи за целокупниот материјал.

[129] АПР, КМЈ- II-5B/38

Прво, во нашата земја федерацијата мора да се издвои во рамките на единственото стопанско, царинско и трговско подрачје. Тоа е денес општо правило во федералните системи во светот како во Советскиот Сојуз така и во Соединетите Американски Држави, без оглед на тоа како се дошло до него. Второ, секој утврден план за поделба е подложен на промени и дополнувања. Не постои постојана и непроменлива надлежност на сојузната или на федералната власт. Под влијанието на стопанскиот развој и конкретните можности и сфаќања, работите кои беа потесни, земски, може да станат општи, сојузни и обратно. Трето, конкретното денешно решение е во извесни свои точки привремено, сѐ до донесувањето на новиот устав. Освен тоа, ова често е диктирано од воените услови, од потребата за брза обнова на нашата земја и други околности на средствата со кои реално се располага. Оттука, некои работи кои начелно влегуваат во доменот на сојузните власти, може да се препуштат во надлежност на федералните единици и обратно. Притоа треба да се има предвид дека оваа поделба не може да биде остро ограничена, дека централната власт не е определена со лимит и дека самата ќе биде приморана да решава работи што не ѝ се строго прецизирани, а федералните единици наидуваат на прашања за чие решавање се наметнуваат општи норми за целата држава и за кои се потребни средства и можности што ги надминуваат нивните. И петто, да се воспостават утврдените канали за спогодување и соработка за сите нејасни прашања меѓу централните и федералните власти. Првиот канал би се состоел во тоа што сојузната власт, преку Министерството за Конституантата, ќе упати план за распределба на надлежностите и мислење и согласност на федералните единици. Вака продискутиран и прифатен план би послужил како привремена база. Напоредно, Министерството за Конституантата би им пратило на федералните единици упатства за сите нерешени, спорни и неопфатени прашања, па така би се избегнале „двојните колосеци”, чекањето и судирот на надлежностите. Во исто време за сите начелни прашања како и за сите спорни случаи за надлежноста на федералната единица, претходно ќе им праќа свои

предлози на мислење на сојузната власт односно на Министерството за Конституантата.

Б. ПОДЕЛБА НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ ПО СЕКТОРИ
I. Надворешните работи

Надворешната политика влегува во исклучителна надлежност на сојузната власт, која се јавува како претставник на единствената држава. Само врховната сојузна државна власт ја води надворешната политика, склучува меѓународни договори, разменува дипломатски претставници со странските држави, отстапува и разменува меѓународни и меѓудржавни акти. Навистина во федерациите тоа не е секогаш случај. Со уставот на Швајцарија на кантоните им е дадено право да го регулираат пограничниот сообраќај со соседните странски држави. Во Германската Федерација, според Уставот од 1871 г. на некои сојузни единици им било признато правото да праќаат и да примаат дипломатски претставници. Во Советскиот Сојуз, врз основа на дополнувањето на Уставот од 1936 г. во чл. 18 се предвидува дека „секоја сојузна република има право да стапува во непосредни односи со странски држави, со нив да склучува договори и да врши размена на дипломатски и конзуларни претставници".

Во нашата федерација која уште е во процесот на своето државно и политичко единство, најдобро е да се утврди општото правило дека целиот сектор на надворешната политика, надворешните работи, меѓународните односи и истапувањето спрема странство е во целосна и исклучителна надлежност на сојузната власт, односно на надлежните врховни органи на државата Југославија.

II. Внатрешните работи

Четири групи работи се во доменот на оваа надлежност: народната одбрана и државната безбедност, заштитата на народот, внатрешната безбедност и општата внатрешна управа. Првите две функции се во исклучителна надлежност на сојузната власт и спаѓаат во доменот на Министерството за народна одбрана. Останува проблемот на поделбата на надлежноста во однос на прашањето на внатрешната безбедност и воопшто внат-

решната управа. Најголем дел од работите од внатрешната безбедност влегуваат во надлежност на федералните единици. Тука во прв ред се: преземање мерки за заштита на личната и имотната безбедност, одржувањето на редот и мирот во земјата, ликвидирање на арамиството, одметништвото, чергарството и на криминалот воопшто, одржувањето на мирот и безбедноста на јавните места и состаноците, работите за прашањето на здружувањето и собирите; надгледување на т.н. јавен морал; примената на прописите за носење оружје и употребата на експлозиви; регулирање на безбедноста на запрежниот, трамвјаскиот и автомобилскиот сообраќај; обезбедувањето на чувањето на шумите, парковите, полињата и јавните имоти и установи. Во втор ред доаѓат работи од т.н. истражна функција; работа и надзор над целокупната истражна служба, доколку таа доаѓа во надлежност на општата управа и нејзините органи; истражување, попречување и казнување на сите повреди на државните и локалните закони доколку тие работи не влегуваат во доменот на судството.

За овие работи сојузната власт донесува општи прописи, било да се тоа акти од врховната законодавна власт, на пр. општи одреддби (закон) за престапите, било да се акти од врховната извршна власт (централното Министерство за внатрешни работи), на пр. упатства и циркулари. Сите тие претставуваат само општи и најшироки т.н. рамковни прописи. Органите на федералните единици ги развиваат и дополнуваат според своите локални потреби, околности и услови. Освен тоа од работите од доменот на внатрешната безбедност, сојузната власт во својата надлежност има: регулирање на воздушниот сообраќај, грижа за правилната примена на меѓународните конвенции за спречување на криминалитетот и за работите околу организацијата на меѓународната служба за безбедност; статистички податоци за криминалитетот; одлуки за прашања на екстрадиција; евиденција за фалсификатите на пари и сите јавни исправи на сојузните државни власти; влијание правилно да се развива и да се усовршува научно-техничката служба на истрагата на криминалитетот како и евиденција за меѓународните и општопознатите злосторства.

Работите на општата внатрешна управа доаѓаат во надлежноста на федералните единици. Тие се занимаваат со прописите и работите околу издавањето на јавни исправи, работите на регулирањето на прашањата на т.н. личната состојба на граѓаните (раѓање, лични имиња, венчавање, умирање итн.). Но, во овие работи сојузната власт има извесна надлежност. Тука во прв ред е прашањето за државјанството. За југословенските граѓани постои единствено сојузно југословенско државјанство. Секој државјанин на една од федералните единици издава уверение за земското државјанство. Уверението за земското државјанство е основ за добивање на сојузно југословенско државјанство. Во странство и спрема странство граѓаните на Југославија се југословенски државјани. За добивање на државјанството на Југославија според раѓањето потребно е претходно да се исполнат условите за земско државјанство. И тука земското државјанство е основ за добивање на наведеното државјанство. Исклучително може да се добие југословенско државјанство по исполнувањето на условите што ги предвидува законодавството за државјанство. Општите прописи за прашањето на државјанството донесува сојузната законодавна власт. За прашањето на вселувањето и иселувањето општи прописи донесува сојузната власт со согласност на федералните единици. Меѓутоа, условите за реализацијата на овие мерки, федералната единица ги определува во своја надлежност. Што се однесува за извршувањето на законите за државјанството на федералната единица, односно органите за внатрешни работи би собирале податоци и докази и формално би можеле да издаваат свидетелства за државјанство под надзор на централните органи за внатрешни работи. Што се однесува за издавањето патни исправи - пасоши, оваа служба би се вршела според упатствата и под контрола на сојузните органи.

За извршувањето на овие работи од областа на внатрешната безбедност и внатрешната управа постојат органите на народната сила. Тие главно се нарекуваат „народна милиција”, макар што таквиот назив не е уште секаде примен. Така во Словенија е усвоен називот „народна заштита”. Политичкоправната природа на оваа народна сила е тоа дека таа е физич-

ки извршен орган на народната власт, од селските до врховната народна власт на федералните единици. Според тоа, таа помага сите органи на народната власт во своите надлежности и во законските рамки ДА овозможуваат сите органи да ги исполнуваат своите должности и права. Но, оваа народна сила пред сè е извршен орган за спроведување на народната безбедност и на внатрешната управа. Оттука милицијата е исклучиво орган на федералните единици. Со нејзиниот состав, организацијата и правилното вршење на службата се занимаваат органите на федералните единици.

Меѓутоа, тоа никако не значи дека сојузната власт е незаинтересирана и дека нема право да влијае на формирањето, карактерот и дејствувањето на оваа извршна народна сила. Сојузната законодавна власт може да донесе општи прописи за неа. Така, потребно е што побргу во целата држава да се утврди заедничкото име „народна милиција" зашто тоа име одговара на карактерот и задачите на таа установа, покрај тоа што ова име е меѓународно воведено. Треба исто така да се утврдат и општите прописи за внатрешното уредување на овие органи на извршната власт. Сојузното Министерство за внатрешни работи е должно да се занимава со прашањата на усовршувањето и ефикасното дејствување на овие служби во интерес на народот и општиот напредок на државата. Утврдените погледи тоа ги соопштува на федералните единици и настојува со својот авторитет да се усогласат со конкретната служба. Исто така сојузното Министерство за надворешни работи може да ги употреби овие органи на јавната власт не само за соработка со другите сојузни органи за безбедност и заштита на народот туку и за обезбедувањето и извршување на работите на народната безбедност и внатрешната управа во надлежност на централната управа на внатрешните работи.

III. ШКОЛСТВОТО И ПРОСВЕТАТА[130]

Но, централната власт за себе го задржува утврдувањето на основните линии и општите начела во областа на просветата. Основите на законодавството за училиштата, институтите и универзитетите ги донесува сојузното законодавно тело. Утврдувањето на основните начела на наставниот план, особено на универзитетите, е во доменот на сојузното Министерство за просвета. Освен тоа сојузната власт ќе има извесно право на надзор врз извршувањето на одлуките за просветата од нејзината надлежност. Таа, најпосле, во своја надлежност ги има и сите влијанија на усовршувањето на организацијата и работата во училиштата. Од друга страна, сојузната власт има полно право да основа високостручни школи, институти, да утврди основање на една заедничка академија на науките, да основа државни музеи, експериментални заводи и други огледни станици. Само во поглед на овие нови и идни установи, сојузната власт има целосна законодавна и извршна надлежност. Воопшто говорејќи, надлежноста на сојузната власт во доменот на просветата и просветувањето се состои во планирањето, координирањето на влијанието за одржувањето на потребниот единствен дух во нашето школство и во донесувањето на основното рамковно законодавство за школството и основните начела на просветната политика и просветниот план. Сите други функции на разработката и изведувањето на целокупната училишна настава, административните одлуки за училиштата, нивното основање, сместување, видовите и сите други работи во врска со наставата спаѓаат исклучително во доменот на федералните единици. Школството и просветата се во најцелосната смисла во надлежност на федералните единици. Тоа е правило во сите современи федерации, како во Советскиот Сојуз, така и во Америка. Така треба да биде и кај нас зашто правото на културна автономија на нашиот народ и на слободното изразување на специфичностите и националната дарба на нашите

[130] Во оригиналниот документ оваа точка не е запишана, но очигледно е изоставена по грешка, па затоа ја внесуваме за да се добие логичен редослед на материјалот.

народи најдобро наоѓа свој израз преку културата, која во добар дел се подготвува и се создава преку школството и просветата.

IV. СУДСТВОТО

Централната власт ги донесува следниве закони, кои се задолжителни за сите судови во државата, било за сојузните или за судовите на федералните единици: законот за уредување на судовите, кривичните закони, граѓански закони, процесното законодавство (кривична, граѓанска и извршна постапка), другиот законодавен ред спаѓа во надлежноста на одделни федерални единици.

Во поглед на судските функции, сојузот има во својата надлежност еден сојузен врховен суд. Доколку се покаже потреба подоцна може да се установат специјални судови, како на пр. воени судови - за судење на воените кривични дела, судови на железничкиот транспорт и слично на тоа.

Првостепената надлежност на сојузниот врховен суд се простира само на одреден мал број спорови од областа на граѓанското право и кривичните дела, кои според својот предмет или според странките за интересот на сојузот се исклучително значајни или се исклучително од општа односно сојузна природа. Така на пр. сојузниот врховен суд расправа или решава во права инстанца:

1. Од граѓанските спорови: извесни важни спорови меѓу сојузот и федералните единици; спорови за сојузното државјанство;

2. Од кривичните дела: извесни случаи на велепредавство, побуна, насилство или други кривични дела насочени против државата, кои според просторот или пак според нивните носители се од општа сојузна природа; извесни тешки кривични дела против државниот имот; кривични дела од членовите на сојузната влада, кои се однесуваат на нивните функции; кривични дела на странските дипломатски претставници.

Како второстепен, сојузниот врховен суд е надлежен: за решавањето на жалбите против одлуките на врховните земски судови; за решавање на судирите за надлежност од судовите на федералните единици.

Другите и најголеми по бројот на предметите (граѓански и кривични) спаѓаат во надлежноста на судовите на федералните единици.

Во поглед на судската управа во надлежност на сојузот спаѓаат работите на судската управа во врска сојузниот врховен суд, административната контрола над нив и неговата персонална управа; општата судска статистика; издавање на укази за амнестија што се однесуваат на целата држава како и одделните укази за амнестијата и помилувањето на граѓаните осудени од централното судство; и заклучувањето на меѓународните договори за правната помош и предавање на виновниците.

Најпосле, во поглед на извршувањето на пресудата, решението и одлуките на централното судство извршува судскиот персонал (извршител) кај судовите на федералните единици.

V. ИНДУСТРИЈАТА

а) Надлежност на сојузната власт:

Во разграничувањето на надлежноста меѓу сојузот и земјите во секторот на индустријата, мора да се тргне од основните поставки, врз кои се заснова суштината на федерализмот - државната власт да ги регулира само оние односи што по својата природа или по своето непосредно дејство се заеднички за целата државна заедница, а сите други односи да ги регулираат властите на федералните единици. Со оглед на ова начело, во надлежноста на државата на прво место спаѓа определувањето на општите линии на индустриската политика и индустриското законодавство како и утврдувањето на основното и цврсто поврзаниот план за индустријализација.

Сојузното индустриско законодавство ќе ги содржи оние прописи што треба да бидат заеднички однос како што се условите за отворање на претпријатија, условите за престанување на нивната работа итн. На второ место во надлежноста на државата спаѓаат оние функции што имаат цел да обезбедат еднообразност на постапувањето во сите федерални единици (земји) во поглед на извршувањето на основниот индустриски план и законодавство. Тука влегува функцијата на сојузната контрола врз индустриската политика и примената на индустриското за-

конодавство во одделните земји како и усогласување на индустриско-политичките мерки на одделните земји.

На третото место во надлежноста на централната власт влегува регулирањето на сите оние одлуки на индустриската дејност, кои според оваа форма или непосредното дејствување се заеднички за целата земја. Најважниот проблем од овој вид е картелното законодавство. Бидејќи картелите по својата местоположба на пазарот се творба што ја опфаќа целата државна територија, нивното дејствување треба да се регулира непосредно од страна на државата. За тие индустриски гранки непосредниот надзор односно управа им припаѓа на централните власти без оглед на тоа дали тие претпријатија се во приватна или во јавна сопственост. Во првиот случај државата ќе врши само непосреден надзор, а во вториот и непосредна управа преку редовните државни органи, или преку државната управа на народните одбори. Кои индустриски производи односно гранки ќе се сметаат од особено значење, ќе реши сојузниот министер за индустрија во договор со надлежниот земски министер на индустријата и во договор со министерот за Конституантата. Сојузната власт може да основа индустриски претпријатија под свое раководство во федералните единици.

Во надлежност на федералните единици (земјите) влегуваат во основа сите функции што исклучиво не се задржани за сојузната власт. Како на пример, во надлежност на земјите, спаѓа пред сè, извршувањето на индустриската политика на нивните територии, а во рамките на општиот индустриски односно стопански план, особено преземањето конкретни мерки за индустријализација на земјата.

<u>б) Надлежноста на федералните единици</u>

Таа ќе донесува конкретно индустриско законодавство во рамките на општото сојузно и ќе ги врши сите мерки на индустриската администрација. Една од најважните функции на земјата ќе биде надгледувањето односно управата над индустриските претпријатија кои не се во управа или под надзор на сојузната власт. И тука земјата ќе врши надзор врз приватните претпријатија, а врз национализираните и непосредната управа

било преку редовните земски органи, било преку земската управа на народните богатства.

VI. ТРГОВИЈА

а) Надлежноста на централната власт

И во овој ресор во надлежноста на централната власт влегуваат само оние функции што се од општо и неделиво значење за целата држава. Како таква на прво место треба да се смета целокупната област на надворешната трговија како што е склучувањето на меѓународните трговски договори, изработката на царинските тарифи, заклучувањето на туристичките конвенции како и надзорот на туристичката пропаганда во земјата, одржувањето на пропагандните трговски установи во странство, водењето на трговската статистика итн. Склучените меѓународни трговски договори се закони задолжителни за власта и граѓаните на целата држава. Прашање е дали врховната советска власт при склучувањето на договорите е неограничена, т.е. дали тие можат да се регулираат со предметите што не се во нејзината надлежност. Праксата на федерацијата по правило одговара потврдно.

Во поглед на внатрешната трговија во надлежноста на власта влегува само донесување на основните (рамковни) прописи за општите услови за обавување на трговските и стопански дејности (на пр.: општи услови за отворање дуќани и за нивно затворање, општите услови за формирање и организација на акционерските друштва итн.) определувањето на основните линии на внатрешната трговска политика, како и вршење контрола над внатрешната трговска политика со трговско-политички мерки на одделните земји со цел да се обезбеди единственоста на државното стопанско подрачје и еднообразноста во постапувањето во сите земји. Така, особено регулирањето на меѓуземската трговија, е во надлежност на сојузната власт.

б) Надлежноста на федералните единици

Во надлежноста на земјата влегуваат сите други функции кои државата изречно и особено не го презеде за себе: донесувањето на конкретните прописи во обединувањето на внатрешната трговија во границите на општите сојузни прописи; вр-

шење на сите основни мерки од обласа на внатрешната трговија како што се давање одобренија за отворање дуќани, регистрација на дуќаните, водење на статистика на внатрешната трговија, спроведување на внатрешната туристичка пропаганда (во рамките на целата држава).

VII. Р У Д А Р С В О Т О

а) Надлежноста на централната власт

Поделбата на надлежноста меѓу сојузната власт и земјите во рударството во основа е иста како во индустријата. И тука во надлежноста на сојузот влегува донесувањето на општите прописи на рударското законодавство како и утврдувањето на основните линии на рударскиот производен план. Сојузната власт исто така врши надзор врз примената на рударското законодавство и извршувањето на рударскот план на одделните земји. Како и во индустријата така и во рударството сојузната власт врши непосреден надзор односно управување на рудниците, кои со оглед на видот на рудата што се добива од нив, се од општо особено значење и ист е како во индустријата: решение за тоа донесува сојузниот министер за рударство во договор со надлежните земски министри и во согласност со Министерството за Конституантата.

б) Надлежноста на федералните единици

Во надлежноста на земјите влегуваат сите функции што сојузната власт не ги презела изречно за себе, а особено донесувањето на конкретните прописи за утврдување на рударството на територијата на една земја, давање концесии за искористување на рудите (но само со претходен договор со сојузниот министер за рударство), вршење на непосредната контрола на приватните рудници преку редовните земски власти, преку земските управи на народното богатство итн.

VIII. Ш У М А Р С Т В О Т О

а) Надлежноста на сојузната власт

Во надлежноста на сојузните власти во прв ред е донесувањето на основните рамковни прописи од обласа на шуското стопанство, определувањето на основните насоки на националната шумска политика и донесувањето на општите прописи за

ловот, како и врховниот надзор над спроведувањето на шумската политика во одделните земји[131]. Освен тоа, во целосна надлежност на сојузната власт доаѓаат шумските претпријатија од општо и национално значење на големите и важни шуми или шуми кои минуваат во границите на повеќе федерални единици.

б) Надлежноста на федералните единици

Сите други функции би дошле во надлежност на единиците; во прв ред донесувањето на шумското законодавство во рамките на општото државно конкретно реализирање на шумската политика, изведување на работите на пошумувањето и регулирањето на пороите, издавање дозволи за сечење на шумите. Исто така контрола, односно управување на помалку важните шумски претпријатија и на шумите.

IX. З Е М Ј О Д Е Л С Т В О

а) Надлежноста на сојузната власт

Во однос на земјоделството оваа власт ги дава општите насоки на земјоделската политика за целата држава; таа го врши склучувањето на меѓународните земјоделски ветеринарни и слични конвенции, уредувањето и вршењето здравствена контрола на растенијата и добитокот и сл. Исто така таа врши надзор над управата на национализираните стопански имоти, како што може оние што имаат општо значење да ги преземе под своја управа.

б) Надлежноста на федералните единици

Во надлежноста на единиците влегуваат сите други функции од областа на земјоделството, како што се на пример: вршењето на непосредното надгледување на земјоделството, непосредното управување одредени национализирани земјоделски стопанства преку земските управи на народните имоти, спроведувањето колонизација на територијата на својата единица, изградба на силоси и уредувањето на земскиот пазар на земјоделски производи, одржувањето огледни и нагледни имоти, организирање земјоделска настава и пропаганда итн.

[131] Низ текстот често е употребуван терминот „земји“, а се однесува на републиките што ја сочинувале федерацијата. За да биде поавтентично на тогашната терминологија го задржавме тој термин.

X. С О О Б Р А Ќ А Ј

а) Надлежноста на сојузната власт

За разлика од другите земјоделски органи, сообраќајот по својата природа во најголемиот дел е од општ карактер, т.е. заеднички за целата држава. Тоа особено важи за железничкиот, меѓународниот воздушен, поморски и речен по реките што течат низ повеќе единици, кои односно се простираат на целата сојузна територија. Но и другите видови сообраќај, во најголем број случаи, преминуваат преку територијата на повеќе земји, така што тоа бара централно регулирање од страна на државата. Според тоа во надлежност на државата спаѓа регулирањето на сообраќајот од општ карактер така и на оној сообраќај што ги преминува границите на една земја. Тоа значи дека државата најнапрво ги определува општите насоки на националната сообраќајна политика, а потоа го донесува вкупното сообраќајно законодавство во областа на железниците, воздушниот сообраќај како и на сувоземниот сообраќај на патиштата од прв ред и меѓународниот поморски сообраќај (и слободната пловидба). Под патишта од прв ред се подразбираат меѓународните патишта, како и главните државни патишта од заедничко значење за целата држава. Државата исто така го задржува регулирањето на моторниот и другиот сообраќај на таквите патишта како и секој моторен сообраќај во вид на јавен превоз на стока и патници според утврден ред на возење кој ја преминува територијата на една земја.

Под сообраќај во поширока смисла влегуваат поштата, телефонот, телеграфот и радио-службата.

За сите овие јавни служби исклучиво е надлежна централната власт.

Поштата, телефонот, телеграфот и радио-службата ги раководи централната власт. Таа го донесува и законодавството и врши администрација.

За да може да ги определиме компетенциите на сојузните и на земските власти на подрачјето на сообраќајот, мораме пред сè да разликуваме организација на самиот сообраќај од контрола на вршењето на сообраќајните прописи. Според утврдената пракса досега, најдобро е организацијата на сообраќа-

јот, особено железничкиот, да припаѓа на одделни министерства, а контролата на извршувањето на сообраќајните прописи да ја вршат органите за внатрешни работи. Што се однесува на автобускиот сообраќај, таа организација би требало да ја вршат специјални автобуски претпријатија, кои би биле под контрола на Министерството за трговија како и сите транспортни претпријатија. Кај одделенијата за внатрешни работи би постоеле сообраќајни одделенија, кои со помош на сообраќајната милиција би го регулирале сообраќајот во градовите и на патиштата. Исто така органите за внатрешни работи би ја воделе евиденцијата за автомобилите и за запрежниот добиток. Според тоа под контролата на стручните министерства што организираат железнички, речен или поморски сообраќај би потпаднало само организирањето на овој сообраќај.

Бидејќи е потребно во целата земја да се организира единствен сообраќај на системот на железници, потребно е кај земските влади да постојат посебни министерства за сообраќај. Сојузното министерство за сообраќај го организира сообраќајот во целата држава преку своите железнички дирекции, кои постојат во главните сообраќајни центри без оглед на федералната единица.

б) Надлежноста на федералните единици

Во надлежност на земјите спаѓа регулирањето на сиот сообраќај што изречно не го презела државата, а тоа значи оној сообраќај што по својата природа е од земски карактер. На пример: тука влегуваат регулирањето и контролата на поморскиот, речниот и езерскиот сообраќај, доколку не ја надминуваат границата на федералната единица: сувоземниот моторен сообраќај за пренос на стоки и патници според утврдениот возен ред доколку не се врши само во рамките на истата земја; земјите донесуваат и општи прописи за регулирање на градскиот сообраќај во градовите на нивните територии.

XI. Ф И Н А Н С И И

Уредувањето на финансиите во нашата нова држава мора да биде целосно ново и поинакво од она во стара Југославија. Досега применуваниот систем во себе носи доста остатоци од општото финансиско уредување на стара Југославија. Во рас-

пределбата на надлежностите меѓу сојузот и земјите и воопшто во финансиското уредување треба да се има предвид дека нашата држава е еден нов тип на држава и дека финансиите и финансиското уредување треба да се соодветни на нашата нова државна структура. Има два основни факти што треба да ја определат распределбата на надлежностите во финансиската област на нашата нова држава. Првиот е што новата држава се базира на единството на стопанскиот живот и на принципот на заедничкиот стопански план. Вториот е што во нашата држава скалесто е подреден системот од народни одбори, во кои е изразено начелото на учество на народот во сите активности и во работите преку претставниците на народните одбори и дека системот на народните одбори на демократски начин го обезбедува единството на државната власт.

Механизмот што на финансиски план најдобро ја изразува нашата државна организација, мора да биде буџетот. Преку организацијата на буџетот најдобро доаѓа до израз единството и планскиот карактер на нашиот стопански систем и демократскиот карактер на државната власт. Оттука, најпотребно е јасно да се утврди механизмот на буџетското право и распределбата меѓу сојузот и земјите. Правилно поставениот буџетски систем и неговото разбирање ќе доведат до правилно решавање и на другите прашања од областа на финансиите. Гледан оддолу до врвот на нашата сојузна власт, буџетскиот систем би требало да изгледа вака:

Месните приходи и расходи се опфатени со месните буџети. Месните буџети ги составуваат финансиските одделенија, ги прегледуваат извршните одбори и им ги поднесуваат на одобрување на собранијата на одборите. Секој буџет на пониската месна власт е интегрален дел на буџетот на повисоката месна власт и паѓа во контролата и одобрувањето на собранието на оној одбор кој го донесува изборниот буџет, чиј интегрален дел е тој.

Сите буџети на месните државни власти во глобални бројки преку највисокиот местен народен одбор се вклучени во буџетот на федералните единици.

Сите приходи и расходи на една федерална единица, подразбирајќи ги тука и приходите и расходите на автономните области, се вклучени во еден единствен земски буџет. Земските буџети се вклучени како составен дел на единствениот општ сојузен буџет. Преку општиот сојузниот буџет се поврзува и се усогласува финансиската политика на сојузот применувана преку сите органи на државната власт.

Буџетот на федералните единици го составува земскиот министер согласно со сојузните и земските закони и распределбата на приходите. Буџетот го одобрува земската влада, а го озаконува земското собрание односно неговото претседателство. Потоа буџетот се праќа преку сојузното Министерство за финансии за да се провери неговата согласност со основните линии на сесојузниот стопански план на сојузната влада.

Сојузната влада го одобрува така составениот нов сојузен буџет којшто ги вклучува, покрај сојузниот сектор и сите земски финансиски сектори во една целина, кое е слика на федералното обединување на нашата земја. Буџетот ја добива конечната форма преку закон што го донесува АВНОЈ односно неговото претседателство.

Врз основа на оваа буџетска организација, која претставува столб на финансиското уредување на нашата нова држава, јасно е дека сите јавни давачки кај нас по својата природа се државни. Не е во ред да се спротивставуваат сојузните давачки на земските. Постои само една техничка поделба на надлежноста во однос на приходите и таа се однесува на органите кои ги собираат. Најголемиот дел на извршниот апарат на државната власт се ноќа вклучен во земската организација односно во организацијата на нашите народни одбори. Оттука најголемиот број давачки се во надлежност на федералните единици бидејќи се собираат преку одделните органи на народните одбори. Тоа се сега постоечките приходи од: данокот за работен промет, таксата на месните трошарини, куќарини, данокот за рента, земјарината, тековниот општетвен данок и данокот на сите државни службеници без оглед на тоа дали се во служба на сојузот или на федералните единици како и од данокот на службените лица на службениот приватно-правен однос. Сојузот преку

своите органи остварува непосредни царини, акцизи и сојузни трошарини. Приходите од народните одбори му припаѓаат на сојузот додека даноците што ги плаќаат народните имоти им припаѓаат на земјите.

Врз основа на овој систем поделбата на надлежностите меѓу сојузот и земјите се врши преку буџетското обединување во сојузниот буџет и усогласувањето на буџетот со стопанскиот план. Преку сесојузниот буџет доаѓаат до израз овие две основни начела на нашето финансирање и техничката распределба на финансиските средства.

1) На сојузот му припаѓаат приходите што тој непосредно ги собира, приходите од народните имоти и квоти на земјишните приходи. Овие квоти на земските приходи се определуваат според еден клуч, кој е порано предвиден и кој ќе влијае на јакнењето на стремежот за стопанска активност и за финансиско санирање на земјите. Освен тоа, земските квоти во корист на сојузот ќе се пресметуваат според општите земски потреби и чувањето на финансиската самостојност на одделните единици.

2) На земјите им припаѓаат приходите што тие ги собираат, по редукција на одделните квоти. Исто така сојузот со поттикнувањето на стопанското јакнење на одделните пасивни земји и поради финансирањето на одделните стопански, технички и културни потреби на федералните единици, ќе им доделува преку општиот сојузен буџет финансиски средства од своите вишоци на буџетот од земјите со посилна финансиска моќ.

Превентивната и дополнителната (сметководствена и буџетска) контрола на сојузниот буџет вршат надлежните сојузни органи, а контрола на земските буџети вршат надлежните земски органи.

За исклучително сојузните и заедничките јавни давачки како и за условите за склучување јавни заеми, прописи донесува сојузното Претставништво[132]. За другите јавни давачки сојузот донесува рамковни прописи во чии граници земјите донесуваат свои премиси.

[132] Веројатно се однесува на сојузното собрание, бидејќи такво претставништво како орган не постоело.

Во надлежност на централната власт влегува законодавството за банките. Оваа власт ги управува односно врши непосредна контрола на банките што имаат значење за целата заедница (Народна банка, Државна хипотекарна банка, Поштенска штедилница, Привилегирана аграрна банка и др.). Во исклучителна надлежност на сојузната влада влегува и раководењето на паричниот и кредитниот систем и девизно-валутниот промет.

XII. Н А Р О Д Н О   З Д Р А В Ј Е

а) Надлежноста на сојузната власт

1. Рамковни и општи прописи за здравствената, санитетската и хигиенската служба;

2. Општи норми за условите за вршење на лекарската и на аптекарската служба;

3. Издавање единствена фармакопеја;

4. Прописи за организација на службата за сузбивање на заразните болести;

5. Организација на санацијата на поголеми површини и

6. Воспоставување и раководење на некои важни болници, медицински институти и школи, експериментални заводи, клиники итн.

б) Надлежноста на федералните единици

1. Раководење со јавните болници и другите здравствени установи; издавање одобренија за основање приватни болници и лечилишта и други здравствени установи и контрола на нивната работа;

2. Нормирање на условите за вршење помошна санитетска и аптекарска служба;

3. Издавање одобренија за отворање на аптеки и контрола на нив; надгледување на изработката и прометот на лекови;

4. Организација на асанација што не влегува во надлежност на сојузот;

5. Раководење односно надгледување на лековитите води, бањи и извори; издавање евентуални концесии и одобренија за испитување и

6. Сите други работи за заштитата на народното здравје.

XIII. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

а) Надлежноста на сојузната власт

Во надлежност на сојузната власт влегуваат главно следниве активности:

1. Донесување на основните начела во форма на рамковно законодавство или задолжителни упатства за работа, за заштита на работниците (право на работниците и службениците, здравствени и хигиенски услови за работа, подигање работничко-службенички домови, засолништа, станови и други работнички установи итн.); за социјалната и здравствената заштита на мајките и децата; за недоволно заштитените и напуштените деца; за оспособување на хендикепираните деца; за моралното и физичкото воспитување на младината воопшто и на работничкиот подмладок посебно;

2. Донесување на основните начела во форма на рамковни прописи за службите: на социјалното осигурување на работниците и службениците (за случај на невработеност, болест, онеспособеност, изнемоштеност, смрт); посредување во трудот; трудова инспекција и згрижување на воените инвалиди и другите жртви на војната;

3. Организирање и вршење на сите работи што имаат меѓународен карактер, како на пр. претставување во меѓународните социјални и работни организации; склучување меѓународни договори од обласна на работните односи; организацијата на иселеничката служба и одржување врска со нашите работници во странство; организација и спроведување на репатријација на нашите државјани; нормирање на условите за вработување на странците и

4. Пропишувањето на еднообразните работнички легитимации и општите рамковни прописи за членската распределба и евиденција на работната сила.

б) Надлежноста на федералните единици

Во надлежноста на федералните единици влегува конкретното законодавство и споведувањето на сите мерки за социјалните грижи, кои во општите рамки ги пропишува сојузната власт. Исто така таа ги раководи сите установи на социјалната политика кои не се под непосредната управа на сојузната власт. Така на пр., тие ги вршат следните работи:

1. Донесување законодавство и организирање на службите од области на работните односи, осигурување и помош;

2. Соработката на организирањето на задруги за заемна помош и социјално-хуманитарни установи; помош и контрола;

3. Одлуки за помош на социјално незгрижените;

4. Издавање одобренија за вработување на странски работници и домашни работници во странство;

5. Евиденција на работната сила и

6. Пропишување и издавање на еднообразни работни книшки.

XIV. Г Р А Д Е Ж Н И Ш Т В О

а) Надлежноста на сојузната власт

1. Донесување општи начела за градежништвото (норми за патишта, мостови, насипи, канали, згради, електрични и парни инсталации итн.).

2. Изградување и одржување на патиштата што ја поврзуваат државната граница или политичките и економските центри на одделни земји и сите објекти на нив (т.н. меѓународни и државни патишта).

3. Регулирање на пловноста на реките и езерата од општо значење и изградување и одржување на сите објекти на нив (вклучувајќи ги и објектите за одбрана од поплави);

4. Раководење на хидрографската, хидрометриската и метереолошката служба, на службата за водосостојбата и водените талози и објавувањето на податоците за тоа како и изработување хидрографска карта;

5. Донесување општи прописи и вршење експропријација и апропријација за подигање државни објекти;

6. Составување далечинар за сите патишта и пловни реки;

7. Изработка на планот за електрификација на земјата (хидроцентрали);

8. Изградба на пристаништа и обележување на морскиот брег и на брегот на пловните реки од општо значење и

9. Изградба на згради за установите и потребите на сојузната власт.

б) Надлежноста на федералните единици

1. Донесување детални прописи за материјалите од градежништвото.

2. Проектирање и подигање згради за установи и потреби на земските власти, регулирање и уредување на улиците, трговијата и јавните потреби;

3. Надзор врз подигањето на приватните градби;

4. Проектирање и изградба на сите патишта што не припаѓаат во надлежноста на сојузот и сите објекти на нив;

5. Регулирање на реките и на другите води доколку не се во надлежност на сојузните власти и подигање на сите објекти на нив;

6. Донесување прописи и вршење експропријација и апропријација за подигање на земските објекти;

7. Проектирање и изведување мелиорации;

8. Донесување прописи за основање и работа на водните задруги и технички и финансиски и административен надзор врз нив:

9. Проектирање и изградување односно одобрување на подигањето на градбите за снабдување со вода, зафаќање на лековитите води, за одвод и пречистување на нечистите води и канализации во населбите и

10. Извршувањето на електрификацијата на земјата и вршењето на надзорот врз електричните и парните инсталации.

XV. К О Л О Н И З А Ц И Ј А

Кај прашањето за колонизацијата треба да се разликува сојузната колонизација, којашто се врши на територијата на целата држава од земската колонизација, којашто се врши на територијата на една федерална единица. Првата колонизација, сојузната, плански ја подготвува и ги определува општите насоки и општите начела на сојузната власт. Но, овој општ план во колонизацијата се гради врз база на согласноста на властите на федералните единици, како од оние од кои се преселува населението така и од оние на чија територија се врши колонизацијата. Колонизацијата се изведува во соработка со месните органи на народните одбори на федералните единици и органите на сојузното Министерство за колонизација. Што се однесува за внатрешната колонизација, тука и планот и изведувањето лежи

во рацете на власта на федералните единици. Тоа не значи дека овој план на внатрешната колонизација не треба да биде усогласен со сојузниот план.

Во однос на аграраната реформа, поделбата на надлежности би требало да се постави вака: сојузната власт по пат на општото законодавство донеува само начела и главни насоки. Законодавството и реализацијата на главната реформа се во компетенција на федералните единици. Според нашата национална политика сè што се однесува на земјата и етнографските односи треба да се стави во компетенција на федералните единици. Во рамките на општото начело е и планот што го подготвува сојузната власт.

XVI. И Н Ф О Р М А Ц И И

Информативната служба од општо значење за државната целина како службата за известување на странските држави за нашата и нашата држава за странските, доаѓа во надлежност на сојузната власт. Таа служба сојузната власт ја изведува преку своите агенции во земјата и претставниците во странство. Но, и федералните единици можат да имаат своја служба за информации за настаните и приликите во својата единица, како што тие служби можат да ги известуваат своите граѓани за потребите и политиката на својата федерална единица. Земските органи на информативната служба не им се потчинети на органите на соодветната служба на сојузот. Тоа е служба поврзана за оној земски врховен орган што во својата надлежност ќе ја има контролата на информативните служби, а тоа се земските влади односно нивното претседателство. Но земските органи за информации соработуваат со сојузните органи со меѓусебната размена на соопштенија и учествувањето во информативните кампањи од општо значење за целата држава.

Б. З А Б Е Л Е Ш К И

1. Овој проект им се упатува на мислење во првата фаза на сите заинтересирани министерства. Од нив се бараат мислења, кои треба да се пратат во рок од 7 - 10 дена. Примените мислења треба да се проверат во Министерството за Конституантата, каде што врз основа на сето ќе се искристализира заедничкиот став на централните ресори во однос на нивната над-

лежност. Доколку не е можно да се дојде до заедничко гледиште, ќе се одржат конференции меѓу претставниците на заинтересираниот централен ресор и Министерството за Конституантата.

Вака пречистениот и утврден план во втората фаза им се праќа на земските собранија односно на земските влади на мислење и итен одговор. Доколку не може да се постигне целосна согласност меѓу сојузната власт и власта на федералните единици, кои меѓусебно свикуваат заеднички конференции во Министерството за Конституантата. Конечната одлука ја има претседателот на Министерскиот совет и министерот за Конституантата.

Вака утврдениот и потврден план за распределба на надлежностите станува задолжителна основа за сите прашања сѐ додека со Уставот конечно не се реши проблемот на надлежноста.

2. Додека планот за распределба на надлежностите не се усвои и кога ќе се усвои, треба да се имаат предвид овие основни правила на Федерацијата:

Прво, централната сојузна власт, Претседателството на АВНОЈ и Владата од една и земските собранија и земските власти од друга страна начелно се рамноправни кога се движат во доменот на своите одредени надлежности. Правната важност на законодавните и извршните акти на власта на федералните единици е од истиот ранг како и правната важност на актите на централните власти кога и доколку се во рамките на одредената автономија. Меѓу централните и земските власти не постои никаков хиерархиски однос, однос на потчинетост.

Второ, постојат низа работи кои се и сојузни и земски. За нив централната власт донесува општи прописи или општи упатства кои властите на федералните единици треба да ги разработат и да ги извршат. Тука не постои потчинетост туку соработка со право на надзор во рацете на централната власт.

Трето, во случај за истата материја да постојат два закона или два административни акти донесени од сојузните власти и земските власти, за решението на тој судир, доколку земската власт не го повлече својот закон односно акт, ќе се направи следнава постапка:

Централната власт може да ја зачува важноста на законот, односно на актот на федералните единици по правило ако со државниот закон, односно актот на извршната власт во судир со соодветниот земски закон односно акт, е посилен. Ако властите на федералните единици не се задоволуваат, може да поведат спор и тоа за актите на министерот пред Претседателството на Министерскиот совет, а за актите на Претседателството на Министерскиот совет и законите пред Претседателството на АВНОЈ. Претседателството на АВНОЈ, односно Претседателството на Министерскиот совет, донесува конечна одлука за важењето на законот односно на административните акти.

На овој начин прашањето за уставноста на законите е решено и не постои потреба од специјално уставно судство или посебна ревизија на законите во однос на уставноста кај судството.

## 25.
## ПИШАН МАТЕРИЈАЛ
### за политичките партии во Македонија - дел од општата студија за политичките партии во ДФ Југославија, Белград 1945 година[133]

По 1918 година во Македонија сите граѓански партии се пренесени или поточно наметнати од Србија. До 1930 година главно две партии се бореле за превласт: Радикалната и Демократската. Иако тие малку се разликуваа по својата програма, иако ниту за влакно не се разликуваа според својот став спрема македонскиот народ, став кој бил хегемонистички, реакционерната Демократска партија успеваше да го собере помалиот но почесен дел на граѓанството, дел кој се обидуваше со организирањето во една демократска опозициска партија го манифестираше своето незадоволство со положбата на Македонија по 1918 година.

[133] АПР, КМЈ- 4-а/5В/18

Радикалната партија во своите (македонски) врвови ги собра најкорумпираните елементи на населението, со терор зад себе го влечеше најнесвесниот дел на граѓанството и селанството, особено во културно заостанатите делови на Македонија, потоа целото турско и албанско малцинство.

Во 1918 год. пред изборите и на изборите за првпат се појави Земјоделската партија и успеа да избори еден пратенички мандат. Во тоа време во Македонија имаме едно политички организирано народно движење (МАНАПО)[134], кое по одбивањето на Мачек[135] директно да го поврзе за својата листа, за да излезе на избори беше приморано механички да се поврзе со некоја од опозициските српски партии, на кое Мачек инсистираше. Бидејќи во Македонија Земјоделската партија е најмалку позната партија, оценето е за најдобро поврзувањето да се изврши токму со таа партија. Меѓутоа, веднаш по изборите, врските почнаа да се кинат, односите станувале сѐ поладни па дури и непријателски.

Сите овие три партии зад себе не оставиле никаков впечаток. На големосрпските хегемонисти не им успеа да го разделат македонскиот народ и меѓусебно да го скараат зашто тој си-

[134] Движење на левоориентираните македонски студенти во Загреб, Белград и Скопје, кои во 1936 година истакнале своја политичка декларација како програмски документ потпишан од околу 200 студенти. На илегален состанок во Охрид на 28 август 1936 г. ги формулирале овие цели на Движењето: будење на националната свест и афирмација на јазикот; борба за ликвидирање на кралската диктатура и борба против српската хегемонија; демократизација на земјата; федеративно уредување на Југославија во која Вардарска Македонија би станала нејзина одделна федерална единица; соработка со сите политички движења во Југославија кои на македонскиот народ му го признавале правото на слободен живот, воспоставување дипломатски односи со СССР и борба против фашизмот. МАНАПО имал обележје на народен фронт и бил во непосредна врска со македонското комунистичко движење.

[135] Мачек Владимир (1879 - 1964), адвокат, политичар и публицист. Еден од авторите на Спогодбата за Хрватска по смртта на Стјепан Радиќ, лидерот на Хрватската селанска партија. Еден од потписниците на пактот со Германија на 25 март 1941 г. За време на војната живеел во НДХ, а на крајот емигрирал во САД, каде што починал.

те партии правилно ги проценил како антидемократски и антимакедонски и како туѓи на неговите национални интереси.

Од сите партии останаа само извесни личности, главно пратеници или кандидати за пратеници, кои денес, иако не се чувствуваат врзани за партиската програма на овие партии, поради своите кариеристички и теснокласни интереси би биле подготвени да се поврзат со овие партии и да ја продолжат својата работа.

Но, истовремено, поради објективност треба да се истакне дека најголемиот дел на оваа мала група на поранешни политичари ја прифаќа програмата на Народноослободителниот фронт на Македонија како единствено национално прифатлива програма и дека сите на зборови се против партиите во Македонија со кои македонскиот народ нема ништо заедничко.

Подолу ќе ги наброиме личностите што порано биле поврзани со разни големосрпски партии и за кои не е исклучено дека под извесни услови повторно би се обиделе да се поврзат со нив:

1. Радикална партија, ЈРЗ како нејзино продолжение: а) Јован Алтипармаков, б) Дочо Робе, в) Георги Дановски од Ресен, г) Лазо Хаџи Ристов од Прилеп, д) Чорбев од Охрид, ѓ) Методија Ципушев од Радовиш, е) Миќо Стојанов и д-р Фиданов од Струмица.

Сите овие луѓе на збор ја прифаќаат програмата на НОФ. Алтипармаков е член на АСНОМ, но некои од нив особено Дочо Робе, во душата се непријатели на народноослободителното движење и веројатно ќе прифатат секаква комбинација што би им ја обезбедила старата положба. Освен Алтипармаков, кој е член на АСНОМ и член на Главниот одбор на НОФ на Македонија, овие останаа надвор од движењето поради нивната непопуларност кај масите. За сега не претставуваат никаква опасност за НОФ.

2. Демократската партија: а) д-р Александар Башевиќ од Велес (србоман), б) д-р Шуменковиќ од Струшките села (србоман), в) Петар Велјановиќ од Битола, трговец, г) Глигор Ташков, трговец од Скопје. Првиот, третиот и четвртиот се членови на Главниот одбор на фронтот и АСНОМ, вториот е паси-

вен. Ниту еден од нив досега не се обиде да ја споведува пропагандата на своите поранешни партии.

3. Земјоделската партија: а) инг. Глигор Ташков од Скопје, член на АСНОМ, поранешен сенатор, сега главен член на одборот. Сите овие поранешни припадници од граѓанските партии немаат приврзаници поврзани со антимакедонска програма на нивните партии. Мнозинството од нив немаат никаков личен авторитет, поради нивната поранешна политичка дејност.

Поделеноста на македонскиот народ повеќе се изразуваше во националната ориентација на одделни категории и региони и делумно кај поколенијата. Големосрпската, а особено големобугарската пропаганда оставија длабоки траги во националната определеност на македонскиот народ. Србоманските оази (Порече) се врзуваа за старата големосрпска Југославија. Бугарофилските маси ја посакуваа бугарската окупација и своите симпатии ги врзуваа за ВМРО, раководена од најголемите реакционери. Требаше да минат 10 години напорна работа, во кои големобугарските симпатии во голем степен исчезнаа. Требаше да се почувствува бугарската фашистичка окупација, па многу заблуди врзани за ослободувањето на народните маси да се расветлат и луѓето правилно да се ориентираат во поглед на националната свест. Последното особено се однесува на источна Македонија.

Видните претставници на оваа бугарска линија биле луѓето од групата Чкатров[136] - Ѓузелов[137]. Освен тие и разни други

---

[136] Јордан Чкатров (1898 - 1946), член на ВМРО во која се вклучил по Првата светска војна. Бил член на Македонското студентско друштво „Вардар" во Софија. Во САД, по 1924 г., работел на организирање на македонските друштва, а по враќањето во Бугарија во 1928 г. бил еден од блиските соработници на И. Михајлов. По забраната на ВМРО во 1934 г. се занимавал со адвокатура. По Втората светска војна бил уапсен, осуден и ликвидиран од новата власт во Македонија.

[137] Димитар Ѓузелов (1901 - 1945) бил член на ММТРО. Завршил Филозофски факултет во Скопје, а докторирал на филозофски науки во Загреб. По откривањето на Организацијата во 1927 г. е уапсен и осуден на 20 години строг затвор. Казната ја издржувал во Ниш и во Скопје. Работел на Универзитетот во Суботица како суплент. Во 1942 - 1944 г. бугарската власт го пос-

реакционери, кои сега се во затвор (Китинчев)[138], д-р К. Робев[139] и други.

На големобугарските тенденции и заблуди им е даден сериозен удар, но би било наивно да се мисли дека тие дефинитивно се уништени и ликвидирани. Ќе биде потребна упорна воспитна работа тие да се уништат до крај.

Големосрпските тенденции и заблуди во спомнатите оази не се исчезнати. Тие оази, главно на Порече и дел од Кумановска и Кривопаланечка околија, беа единствените упоришта на Дража Михајловиќ. Во србоманскиот делови на Кумановската и Кривопаланечката околија доста е направено за правилната ориентација и тоа е конкретното политичко значење за оттргнувањето на овие маси од влијанието на Дража Михајловиќ и нивното врзување за народноослободителното движење. Во Порече, каде што макар и апсолутно пасивно, најдолго се задржа Дражиќевата група, направено е доста малку за правилната национална и политичка ориентација на овие сиромашни маси.

Од овие србомански краишта произлегоа сите повидни јавни работници: 1) д-р Александар Башевиќ, Велешко, 2) Милан Шуменковиќ, Дримкол, Струшко, 3) д-р Јаковлевиќ, Гостиварско, 4) Угрин Јоксимовиќ, од Гостивар. Ниту еден од првите тројца не беше поврзан со борбата. Д-р Јаковлевиќ е член на АСНОМ и на Президиумот, и порано имаше правилен став за националниот карактер на Македонија. Башевиќ, како што рековме е член на АНОМ и на Главниот одбор на НОФ на Македонија, но за жал сè уште не дал целосна гаранција дека не би можел да ја промени каузата.

Големосрпската реакционерна, дури и профашистичка опасност, би претставувале големиот број бегалци што ја напуштија Македонија по пропаста на Југославија и кои објективно им се ставија во служба на Германците и на Дража Михајло-

тавила за директор на Радио Скопје. Осуден и стрелан од новата власт во Македонија под обвинение за соработка со бугарската окупаторска власт.

[138] Се однесува на Спиро Китинчев, извесен период градоначалник на Скопската општина под бугарска власт во текот на Втората светска војна.

[139] Се однесува на д-р Константин Робев, извесен период градоначалник на Охридската општина под бугарска власт во текот на Втората светска војна.

виќ (Угрин Јоксимовиќ и многу од нив). Само мал дел од овие бегалци се поврза со народноослободителното движење.

Така за правилниот развој на движењето во Македонија постојат две опасности: 1) големобугарската тенденција поради длабоките корени кои големобугарската пропаганда ги остави кај македонскиот народ, 2) големосрпската тенденција е опасна не толку поради корените кај масите колку поради тоа што се кријат зад антифашистичката маска, ја поврзуваат својата надеж на поддршката на реакционерните клики во Србија и реакционерните кругови на Англија.[140]

**26.**
**ИЗВЕШТАЈ**
**за актуелната политичка и економска ситуација во Македонија, Белград, крајот на 1945 година**

Националните малцинства во Македонија[141]

Од околу милион и 200 илјади жители кои живеат во Македонија нешто помалку од 80 отсто се Македонци. Од нешто повеќе од 20 отсто од другите националности во Македонија, најмногу има Албанци[142] 120.000, Турци околу 100.000, 4 - 5.000 Власи, 3.000 Срби, а Грци воопшто нема.

Националните малцинства во Македонија уживаат целосна национална рамноправност, застапени се во сите органи на власта почнувајќи од народните одбори до Народното собрание и федералната влада, согласно со нивниот број. Ако во едно место или село живее мнозинство, да речеме Албанци, и селскиот односно месниот одбор е составен од мнозинство Албанци. Доколку во еден округ има национални малцинства, тие се застапени во окружниот одбор. Националните малцинства имаат свои пратеници во Народното собрание на Македонија и свои претставници во Владата. Во Народниот фронт, политич-

[140] Подвлеченото е во оригиналот.
[141] АПР, KMJ-II-1/19
[142] Во оригиналот е употребен терминот Арнаути.

ка организација која ги опфаќа сите вистински демократски луѓе, застапени се националните малцинства.

Националните малцинства имаат свои училишта во кои се учи на нивниот јазик, со нивни наставници. Албанците и Турците во Македонија издаваат свои весници „Бирлик"[143] и „Пламен на братството".[144]

Слободата на вероисповедта е целосно загарантирана.

Училиштата во Македонија

По ослободувањето во Македонија досега се отворени вкупно 765 училишта со 1.840 наставници и 64.000 ученици. Од тоа 10 се гимназии со 4.100 ученици. За првпат во својата историја македонскиот народ во овие училишта може да ги школува своите деца на својот јазик - македонскиот.

Малцинствата во Македонија досега имаат отворено училишта и тоа: албански училишта има 55 со 83 наставници и 4.700 ученици, турски училишта има 30 со 42 наставници и 2.100 ученици, српски училишта има 4 со 4 наставници и 200 ученици, влашки училишта има 1 со 1 наставник и 60 ученици.

Освен тоа одржани се курсеви за оспособување на наставниците бидејќи во поранешна Југославија Македонците немаа свои училишта, па ни свои наставници, како што немаа свои училишта и националните малцинства. На овие курсеви се оспособени 1.100 наставници Македонци, 310 наставници Албанци, 125 наставници Турци.

Поради големиот број неписмени и потребата за широка народна просвета, федералната влада на Македонија една петтина од своите буџетски средства ја намени за просветата.

---

[143] „Бирлик" (Единство) бил дневен весник на турското малцинство во Македонија. Првиот број се појавил на 23 декември 1944 г. во Скопје. Излегувал како орган на НОФ на Македонија, а подоцна како орган на ССРНМ. Прво излегувал како месечник, па на 15 дена, па на 10 дена и подолго време како неделник. Од 1971 секој втор ден. Донесувал политички вести и прилози од општествено-политичкиот, економскиот и проветно-културниот живот во Македонија.

[144] Дневен весник на албански јазик „Флака е влазеримит" наменет за албанската националност во Македонија. Првиот број излегол во април 1945 година во рамките на НП „Нова Македонија" како орган на НОФ на Македонија. Извесно време излегувал само со името "Флака" (Пламен).

<u>Обновата на индустријата и рударството</u>

По повлекувањето од тригодишната борба окупаторите зад себе оставиле голем пустош, особено тешко оштетувајќи ги железниците.

Од ослободувањето досега со сопствени напори и со помошта на сојузната влада, речиси во целост е воспоставена железничката мрежа, а во индустријата се поправени оштетувањата и таа сега работи за обновата на земјата, но би работела и со многу поголем капацитет кога не би ѝ недостасувале извесни суровини и резервни машински инсталации.

Главната гранка на стопанството во Македонија е земјоделството и тоа одгледување на индустриски растенија: тутун, афион, памук, свилена буба итн., за кои постојат исклучително добри услови за развој. Земјоделството во Македонија се развива во насока на интензивирање на овие индустриски растенија.

Одгледувањето на житни растенија во Македонија е на многу примитивен степен без машинска опрема, како при сеидбата така и при жетвата и вршидбата.

Сточарството е многу развиено, но за време на војната на сточарството му била направена голема штета со колењето на добитокот и негово изнесување од страна на окупаторите.

На обновата на земјата работи и се ангажира целиот народ, сите професионални, политички и други организации со цел што побргу, по завршувањето на војната, да се овозможи подобар живот.

<u>Исхраната во Македонија</u>

Поради големата суша жетвата годинава потфрли и се смета за една од најслабите во последниве 80 години. Поради тоа за нормална исхрана на населението во Македонија е потребно да се увезат најмалку 10.000 вагони житарки. Доколку ова количество не се набави, постои опасност од глад.

Проблемот на исхраната постои и кај стоката бидејќи поради големата суша не е обезбедена доволно добиточна храна. Сточарството е една од најважните стопански гранки во Македонија и поради тоа една од најитните задачи на федералната влада е да обезбеди храна за добитокот и навреме да ја дотури

во селата пред да паднат снегови, зашто тогаш сообраќајот во планинските сточарски краишта е целосно блокиран.

Прашањето на превозот

Иако поголемиот дел од железничкиот сообраќај е воспоставен, поради малиот број железнички линии во Македонија, недостатокот на вагони и локомотиви, транспортот е едно од најважните прашања од кое зависи дали исхраната на населението и добитокот на време ќе бидат обезбедени. Под претпоставка дека од Војводина или од странство би можеле да се набават потребните количества храна, постои опасност поради тешкотиите во транспортот оваа храна да не може да се достави до пасивните краишта и навреме да се подели пред настапувањето на зимата. Потребни се неколку стотини камиони, покрај железничкиот сообраќај, за да може оваа задача навреме да се изврши.

Бегалците од Егејска Македонија[145]

Пред федералната влада актуелен е проблемот на згрижување на бегалците од македонска и грчка националност од Егејска Македонија, кои сосема изгладнети, голи и боси, без никаков имот, побегнаа на нашата територија од страшниот монархофашистички терор во Грција. Нивниот број сега веќе изнесува неколку илјади, а секојдневно пристигнуваат нови бегалци. При недостигот на храна, облека и обувки и многу лошиот транспорт, нивното згрижување им задава големи грижи на федералните власти, макар што за нив досега е многу направено со напорите на селаните и работниците и другите граѓани, кои

[145] Бегалците од Егејска Македонија барале спас од воениот судир на разните политички опции во Грција по завршувањето на Втората светска војна. Судирот на тие опции им претходел на настаните, кога се претворил во крвав судир меѓу левицата и десницата и избувнувањето на Граѓанската војна во 1946 г., која траела до 1949 година. Војната се водела меѓу Грчката републиканска армија (ДАГ) и грчките владини сили. Најпознатите битки се одиграле на планините Грамос и Вичо. Војната завршила со пораз на левите сили и масовното протерување од Грција и Егејска Македонија на повеќе од 50.000 жители, главно деца и старци кои емигрирале во Југославија и другите источноевропски земји. Во Граѓанската војна животите ги дале на 20.000 жители учесници-борци и други жртви. Тој настан оставил длабоки последици кои траат долго време.

со доброволни прилози даруваа за бегалците пари, облека и храна. Селаните доброволно ги прифатија семејствата на бегалците на нивните имоти да ги задржуваат кај себе за да ги прехранат. Со доброволната иницијатива работниците жртвуваа дел од своите дневници за помош на бегалците. И покрај напорите на целиот народ, имајќи ја предвид престојната зима, проблемот на нивното згрижување е сериозен бидејќи се без потребната облека, обувки и куќен инвентар.

1. Проблемот на исхраната во Македонија

Во Македонија средниот годишен принос на житарките (пченица, 'рж, јачмен и овес) изнесува вкупно 160.750.000 кг. Овој принос го обезбедуваат 3.455.000 декари обработлива посеана површина. До овие бројки се дојде со пресметување на средниот годишен принос и средната годишна посеана површина за последните 10 години.

Меѓутоа, состојбата на годинешнава жетва е најлоша за последниве 50 години поради големата суша која не се памети. Ова година е посеано 20 отсто повеќе од предвидената површина која досега била сејана во Македонија. И покрај тоа според мислењето на стручњаците Македонија од сопствената жетва може да се прехрани само 3 - 4 мееци, вклучувајќи го и јачменот како човечка храна.

Кога од спомнатото количество од 160.750.000 кг, колку што би требало за изнесува средниот годишен принос на жетвата, ќе се одбие количеството потребно за сеидба во износ од 69.558.000 кг за идната година, за храна на населението, исключувајќи го добитокот, остануваат вкупно 91.192.000 кг.

Според сегашниот попис Македонија има 1.128.000 жители. Ако на секој жител би му обезбедиле по 500 гр леб на ден, за еден месец ни се потребни 16.920.000 кг или за една година 203.040.000 кг.

Ако од потребните количества за исхрана за една година го одбиеме количеството на жетвата што ни останува по одбивањето на семето за сеидба, произлегува дека нам ни се потребни уште 101.948.000 кг житарки, не земајќи го предвид добитокот, за кој не би останала крма.

Ова е просечна година што значи дека оваа година би ни било потребно многу повеќе за да можеме да се прехраниме.

За исхрана на добитокот е потребно де се знаат следните податоци:

1) коњи - 92.000 глави
2) магариња - 59.000
3) мазги - 5.800
4) биволи - 18.000
5) говеда - 325.000
6) ситна стока - 1.734.250.

Сметајќи го минималниот оброк од 2 кг на глава од крупниот добиток дневно ни се потребни 999.600 кг сточна храна или годишно 359.856.000 кг.

Ова прашање би можело да се комплицира и поради големиот недостиг на сено, кое ова година го немаше поради сушата.

Доколку навреме не би се обезбедила исхрана на добитокот, селанецот би бил приморан да го продава добитокот, кој инаку би пцовисал, да го продаде под предвидената цена, како што беше случај во Крива Паланка, каде што поради недостиг на храна и на превозни средства селаните го продаваат за 2,50 динари по кг жива мера, а голем дел од добитокот со шверцување се префрла во Грција и во Бугарија. Имајќи предвид дека кај нас има чисто сточарски краишта, јасно е каква загуба би произлегла од тоа. Но и за иднина ќе биде од голема штета зашто сточарството во Македонија треба што повеќе да се развива како една од главните гранки на стопанството со има услови за развој.

2. <u>Прашањето на огревот во Македонија</u>

Во Македонија има многу малку пристапни шуми од кои би можеле да го снабдиме населението со огрев, а особено Скопје.

За снабдувањето на Скопје со дрва сме ориентирани спрема Кичево, Качаник и Владичин Хан. За да можеме да се снабдиме со дрва од околината на Кичево нам ни е потребна железничката линија од тесен колосек, која оди од Скопје кон Охрид. Меѓутоа, а е целосно заземена од војската и служи ис-

клучително за нејзините потреби. Но, војската своите единици во овие краишта би можела да ги снабдува и преку пругата Скопје - Битола, која е од широк колосек, а освен тоа располага со доволен број камиони за префрлање на храна и други потреби. Цивилната власт е ориентирана само на таа железничка линија, која може да се употреби ефикасно само додека не падне поголем снег, кога таа ќе престане да работи сè до стопувањето на снегот. Доколку оваа пруга нам ни се стави на располагање, пак не би можеле во целост да ја завршиме задачата за снабдување на Скопје со огрев, туку само делумно, бидејќи оваа пруга е потребна поради снабдувањето на овие пасивни краишта со храна. Притоа, потребен ни е извесен број камиони поради превоз на дрвата до железничката линија. Напоменуваме дека и сега линијата работи со 50 отсто поголем капацитет од оној во 1941 година. Ако ни се стави на располагање оваа пруга, би можеле да го префрлиме огревниот материјал за Скопје, односно за 4 месеци 23.000 м$^3$, притоа користејќи 2.875 вагони или дневно по 20. Што се однесува за сечата и друго тоа федералната влада самата би го обезбедила и би го организирала.

Вториот сектор од каде што би можеле да довеземе еден дел од огревното дрво во износ од 20.000 м$^3$, е Качаник[146], кој е блиску до Скопје, но линијата Скопје - Качаник целосно е разурната и според досегашното напредување во работата нема изгледи таа да биде готова до зимата и да ја реализираме ова задача. Доколку линијата не би можела да биде готова, би бил потребен голем број камиони, што ние меѓутоа не ги имаме.

Во минатото со добар дел потребни дрва Скопје се снабдувало од Владичин Хан, кој сега е во федералната единица Србија. Се обративме до Владата на Србија да ни одобри сеча на 30.000 м$^3$ дрва од овој сектор, по претходно добиеното одобрение од сојузната Влада, но таа не одби со образложение дека дрвата им биле потребни за снабдување на Лесковац и Ниш. Имајќи превид дека линијата Скопје - Качаник веројатно нема да биде готова и дека од секторот Кичево, и доколку само нам ни биде ставена на располагање, ние сме речиси сигурно исклу-

---

[146] Тогаш припаѓал во Македонија.

чиво ориентирани на Владичин Хан, од каде што секогаш пред војната се снабдувавме, во чија близина линијата е од широк колосек со можности дрвата да се превезат до Скопје. Со оглед на тоа што Србија може да се снабдува со дрва и од други сектори бидејќи е побогата со шуми и има повеќе превозни средства од нас, би требало српската влада да ја промени својата одлука и да ни одобри сеча и превоз на дрвата од Владичин Хан.

Поради ориентација напоменуваме дека за потребите на Скопје се неопходни 80.000 $м^3$ дрва ако се има предвид дека секој жител на семејството за 4 зимски месеци треба да добие барем по еден метар дрва.

Проблемот за снабдување со огрев е акутен и во Велес, Куманово, Битола, Штип, Прилеп. И при снабдувањето на овие градови треба да се бориме со многу тешкотии, а особено со недостатокот на превозни средства.

3. <u>Прашањето за камионите</u>

Поради малиот број железнички линии, што и така се оштетени од окупаторот, кај нас проблемот на транспортот е многу сериозен. Од другите транспортни средства цела Македонија има само 29 камиони, од кои се употребливи само 20. Вон овој број има уште Министерството за трговија 5 и Министерството за рударство 3 камиони. Имаме и 17 аутобуси, од кои се употребливи само 10.

Кога се поставува задачата да се прехрани населението и да се снабди со огрев, од ваквата состојба на сообраќајот јасно произлегува дека кај нас и кога би имале доволно храна и огрев, многу е тешко да ги распределиме меѓу населението.

За да можеме да ги распределиме храната, огревот и друго, на Македонија треба како минимум да ѝ се доделат 300 камиони во возна состојба и тоа што побргу, пред настапувањето на зимата, за да може на пасивните планински краишта да им се изврши дотур на храна.

4. <u>Исплатата на волната, опиумот, кожата, оризот и месото</u>

По наредба на Министерството за трговија и снабдување, целосно исполнувајќи ја поставената задача, нашите власти собраа од народот околу 400.000 кг волна, која од сојузното Ми-

нистерство за трговија и снабдување на народот уште до денес не му е платена.

Исто така собрани се сите кожи од производителите и лежат во магацините, каде што постои можност да се расипат зашто нема доволно нафталин. Собраните кожи не се ниту до денес платени.

За волната и за кожите треба да се исплатат вкупно околу 60.000.000 динари.

Собрани се и 12.000 кг опиум со ветување на народот дека ќе му биде добро платено и тоа веднаш откако ќе се собере. Макар што дотогаш опиумот беше криен и шверцуван во Грција, каде што е добро платен, народот го почитуваше апелот на Владата и на Фронтот и го предаде ова значително количество опиум, меѓутоа ниту до денес опиумот на народот не му е исплатен.

Оризот што од народот го земаше војската како и месото, особено до 1 мај о.г., досега не го платила. Ако се има предвид дека оризот се произведува главно во Кочанска околија и дека тие од оризот главно живеат како и тоа дека околината на Кочани беше изгорена, тогаш јасно произлегува дека народот во овој крај нема доволно средства за живот. Ако продолжи ваквата политика на земање на производите, со одолговлекување на плаќањето и ако во најскоро време не се исплати она што е земено, постои опасност народната власт да се компромитира кај народот, па во иднина да не се одѕива на апелите на Владата своите вишоци да ги предаде на располагање во стопанството.

5. Бегалците од Егејска Македонија[147]

Досега во Македонија од Бугарија и од Грција пристигнаа 4.000 бегалци, а се очекува доаѓање на други 7.000.

Сите се многу лошо облечени, измачени и мнозинството од нив не се способни за работа, бидејќи има многу старци и деца. За нивното снабдување ние досега имавме на располагање сосема малку средства. Федералната влада даде еден милион од своите средства, ЈНОФ на Македонија од досегашните акции и од Илинденската лотарија околу 4 милиони, други доброволни

[147] Види ја фуснотата 148.

прилози околу 1 милион, а од сојузната влада досега примивме само еден милион. Предвидената сума од 30 милини која беше предложена за новиот буџет, не е одобрена од страна на Министерството за финансии, а ние од сопствените средства не сме во можност да се погрижиме за нивното ефикасно сместување и исхрана. Нивното сместување се компликува и со доаѓањето на колонистите, чиј број веројатно ќе биде половина од населението што живеело до 1941 г., што значи околу 7.000. Доделувањето на земја на бегалците од Егејска Македонија во ваквата состојба на работите не е можно, зашто и со реализирањето на аграрната реформа нема да се дојде до потребната земја за да може да ги обезбедиме со земја. Засега се привремено распоредени во одделни села како земјоделски работници, а еден дел е вработен на јавни работи. Поради слабата жетва и недостигот на јавни работи ние не можеме да ги вработиме, ниту можеме да им обезбедиме исхрана зашто и нам ни треба храна.

Доколку се променат политичките прилики во Грција и состојбата стане поподнослива, најдобро решение би било тие да се вратат во Грција на својата земја, зашто и покрај тоа што климата тешко ја поднесуваат и самите бегалци сакаат да се вратат на својата земја.

Но, до таквите евентуални можности тие треба посигурно да се згрижат отколку што се досега и тоа по можност да се додели едно село во Војводина каде што тие, по примерот на бегалците Грци, би се населиле и би ја обработувале земјата.

Освен тоа е потребно за нив да се обезбеди текстил бидејќи многу им недостасува и се речиси сосема голи.

6. <u>Изградбата на железничката линија Битола - Охрид од нормален колосек</u>

Како што вам веројатно ви е познато од телеграмите што народот на ресенскиот и битолскиот крај во последно време ѝ ги прати на федералната и на сојузната влада, на јавните собири бара изградување на пругата од нормален колосек Битола - Охрид која е од животно значење за поврзувањето на овој дел од Македонија со другите краишта на Југославија и со

Албанија[148]. Ресенската околија е една од најбогатите овоштарски околии во Југославија, располага годишно со околу 12.000 вагони првокласно овошје, кое пред војната со камиони се довезувало до првата линија, а потоа се транспортирало за Белград. Бидејќи сега немаме превозни средства, ова овошје, со исклучок ако нешто се преработи во мармалад, компот или ракија, се продава по багателни цени, а еден дел пропаѓа. Народот во овој крај од овошјето имаше добар приход, но и главно средство за издржување. Ако би постоела некоја можност да се почне изградбата на оваа линија со помош на сојузната влада, федералната влада би ги мобилизирала сите расположливи сили за да се изврши оваа задача, бидејќи народот на собирите ја искажа својата подготвеност целиот да се заложи за изградбата на оваа железничка линија.

Проблемот за правилното искористување на ова овошје би бил полесен кога во тој крај би имале една фабрика за преработка на овошје. Народот на овој крај доброволно и со сопствена иницијатива предложи, со сопствени средства, да изгради ваква фабрика, но потребните машини треба од некаде да се набават. Еден пак, давајќи пример, за оваа цел, подари 500 златници[149].

[148] Идејата за иградба на железничка линија и поврзувањето на Скопје со Охрид и со Албанија била присутна и по војната но и за време на Кралството Југославија. По завршувањето на Втората светска војна, одноносно на НОБ во Македонија 1941 - 1945, идејата била актуелизирана и со идеолошки предзнак да се поврзат со железничка линија од нормален колосек „славните" Дебарца, Охридско и Копачка, Кичевско, меѓу другото како најпознати партизански региони во таа борба. Затоа тесната линија била демонтирана со надеж и уверување дека ќе се гради нова. Истовремено била во игра и втората варијанта од Битола за Охрид преку Ресен која, веројатно, би била поизводлива поради нејзината должина. Но и двете останале само како идеи бидејќи сојузните власти го фаворизирале поврзувањето со Албанија преку Скадар и Црна Гора, која била изградена и затворена како нерентабилна по влошувањето на политичките односи меѓу Југославија и Албанија во 1948 година.

[149] Документот не е потпишан.

## 27.
## КОНЦЕПТ НА ТЕЛЕГРАМА
### со инструкции за југословенските уставни промени, Белград 2 февруари 1946 година

ЦИРКУЛАРНА ТЕЛЕГРАМА[150]

За сите претставништва

Уставотворното собрание на заедничка седница на двата Дома на 31 јануари донесе одлука за прогласување на Уставот. Со тоа Уставотворното собрание ја заврши својата работа и ја продолжи својата работа како Народно собрание на ФНРЈ. На првото вонредно заседание на Народното собрание одржано истиот ден маршал Тито на Президиумот му поднесе оставка на неговата влада. Народното собрание ја усвои оставката и на Маршалот му довери мандат за образување на нова влада. На втората заедничка седница од 1 февруари прифатена е листата на Владата, а во таа пригода претседателот на Владата маршал Тито одржа експозе, а неговите главни моменти ви ги доставуваме:

Внатрешната ситуација

I. Прашањето на обновата на нашата земја Владата го смета како најважно.

II. Земјоделскиот сектор Владата го смета како еден од најважните за целото наше стопанство. Со сите средства ќе го помага задругарството.

III. Основање на Државна контролна комисија при Сојузната влада е од огромно значење за правилно функционирање на државниот апарат.

IV. Владата ќе преземе мерки за плаќање на репарациите на нашата држава и реституција на сите предмети, каде било да се наоѓаат, во што нашата влада досега не наидуваше на потребното разбирање дури и кај некои сојузници кои ја губат од вид обврската на Италија да ни ја надомести направената штета.

Надворешната политика

[150] MSPS, F-46, pov. br.1132.

I. Сегашната влада во својата надворешна политика ќе оди по патот на старата влада. Нашата Република ги вложува сите свои сили со цел за зацврстување на светскиот мир и меѓународната соработка.

II. Нераскинлив сојуз на нашата Република со Советскиот Сојуз е еден од нашите најважни фактори на нашата независност и мирниот развој.

III. Нашите односи со Чехословачка и со Полска слични се на односите со Советскиот Сојуз.

IV. Односите со соседните Бугарија и Албанија се најдобри.

V. Во последно време, до извесна степен, се подобрија и односите со Грција.

VI. Добри се и нормални односите со Романија и за соработката во иднина постојат добри перспективи.

VII. Во односите со Унгарија дадовме докази за добри желби за одржување на добри односи со неа. Ревизионистичките и империјалистичките кругови на Унгарија поддржувани од сличните меѓународни елементи, ги нарушуваат овие односи и ѝ нанесуваат штета на Унгарија затоа што ја поткопуваат довербата спрема неа.

VIII. Владата и понатаму ќе работи на продлабочување на добрите односи со другите наши големи сојузници и другите земји.

IX. Се разгледуваат можностите за склучување на трговски договори особено со оние држави кај кои за обновата на нашата земја можеме најмногу да добиеме.

X. Владата, во согласност со интересите на сопствената земја ќе мине кон дефинитивното решавање на некои економски прашања во нашата земја, за кои некои сојузнички и неутрални земји се заинтересирани.

Нашите територијални барања

Владата ќе направи сѐ прашањето на Корушка, Словенечкото Приморје, Истра и Трст да се реши што попволно во корист на нашата земја. Во овие покраини систематски се одна-

родува нашето словеничко население. Никаква Вилсонова[151] линија која е работа на минатото за нас не постои. При решавањето на ова прашање, покрај економските, стратешките и етничките моменти, мора да се земе предвид и поимот на правичност, затоа што со тие покраини во минатата светска војна неправедно ѝ е платена цената на Италија за нејзиното влегување во војната на страната на сојузниците.

Во дискусијата по експозето на Маршалот зедоа учество пратеници од сите федерални единици кои го одобрија експозето и особено ја подвлекоа оправданоста на нашите територијални барања.

## 28.
## ПОЛИТИЧКА ПРОЦЕНА
### од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ за состојбата во Грција, за составот на привремената влада на Грција и за положбата на Македонците, Белград, крајот од 1945 година

ГРЦИЈА[152]

Внатрешната политичка ситуација на Грција се исполува во сплетот на разновидните проблеми кои неодложно бараат свое решавање, а тие главно се: прашањето за воведување на ред и мир во земјата; прашањето на образувањето на една влада која би била во состојба да го води плебисцитот, понатаму успешното решавање на економското прашање и обновата на земјата. Сите овие прашања се појавуваат како резултат и тоа, од една страна ставот на политичката организација ЕАМ[153], а

[151] Се однесува на Вудро Вилсон (1856 - 1924), претседател на САД (1913 - 1921). Под негово раководство САД зеле учество во Првата светска војна. Во 1918 година објавил четиринаесет точки за мир и мирно решавање на спорните територијални прашања. Учествувал на Парискатa мировна конференција 1919 година и создавањето на Друштвото на народите.

[152] MSPS, F-46, pov. 1554.

[153] Народноослободителен фронт на Грција. Имал видна улога во ослободителното движење во Грција. Така, Грчката народноослободителна војска (ЕЛАС) формирана во декември 1941 со одлука на ЕАМ на крајот од војна-

од друга страна ставот на монархофашистичките партии. Оваа внатрешнополитичка ситуација ја отежнува и во голема мера ја влошува присуството на англиските трупи во оваа земја.

Од многубројните политички партии по војната се создадени главно два блока и тоа: левиот на кога му пристапија сите напредни демократски партии и десницата која е составена од разни реакционерни групи со главен белег на монархофашистичка идеологија и поддршка од страна на Англичаните.

Во текот на народноослободителната борба, сите напредни политички партии се обединија во народнослободителниот фронт на ЕАМ кој го организира движењето и со него раководеше. Покрај Комунистичката партија во оваа организација се наоѓаше и Социјалистичката партија (на Пасалидис), Земјоделската партија на Гаврилидис, Демократскиот сојуз на Критикос.

ЕАМ е најмасовната политичка организација во Грција. Политичката линија на ЕАМ беше доследна и таа се состоеше во борбата против окупаторот за ослободувањето, а денес и во борбата против англиската окупација за независност, за остварувањето на народната демократија и за економската обнова. Надвор од ЕАМ се наоѓа Социјалистичката партија (Зволос), Сојузот на демократските левичари (Софијанопулос) и Групата на леви либерали (Хади Бејс). Оваа партија кога станува збор за основните проблеми на егзистенцијата на грчкиот народ е солидарна со ЕАМ.

Меѓу многубројните монархистичко-десничарски групации, кои себеси едвај може да се наречат партии, Народната (популистичка) партија на Цалдарис имала специјална улога во историјата на Грција. Таа во 1936 година го доведе назад кралот во Грција, а за време на окупацијата од нејзините редови излегоа повеќе познати колаборационисти. Тоа е партија на плуто-

та била распуштена. ЦК на ЕЛАС бил реорганизиран во Главен воен штаб на НОД во Грција и одиграл видна улога во организирањето и раководењето на ЕЛАС. Во редовите на ЕЛАС служеле околу 6 илјади борци Македонци. Врз основа на склучениот договор во Варкиза меѓу Владата на Грција и ЕАМ, и со наредба ГШ на ЕЛАС од февруари 1945 била извршена демобилизација.

кратската олигархија, партија на големите индустријалци, според еден левичарски весник, таа е родена квислиншка партија за секаков вид окупција. Таа била како порачана прво за Италијанците, Германците и Бугарите, а по ослободувањео за англиските конзервативци и лабуристи.

Покрај Народната партија на изборите излезе Националниот политички комитет образуван од групата на Венизелос, Канелопулос и Папандреу. Покрај другите монархистички партии со разни програми, се истакнува Зервасовата национална партија и политичката организација на ХИТОС чија дејност се огледа во терористичките акции.

Надворешната политичка ситуација на Грција е диригирана преку надворешната политика на Велика Британија, а во сè поддржувана од САД.

Ставот на грчката влада спрема Албанија е непријателски, покренува територијални ревандикации кон Северен Епир, со тврдењето дека со оваа земја се наоѓа во воена состојба.

Спрема Бугарија исто така истакнува барање за ревизија на границата „од стратешки причини", барајќи ја за себе Родопската област.

Владата на Грција зазема пријателски спрема Италија, кој се манифестира со воспоставувањето на дипломатските односи меѓу овие две земји.

Во последно време некои официјални претставници на грчката влада бараа да се побара исправка на границата спрема Југославија и покрај тоа што претседателот на Владата изјави дека Грција нема никакви ревандикации спрема Југославија.

Ставот на Владата спрема СССР е непријателски и е усогласен со ставот на Англија и на САД, додека широките демократски маси на народот искажуваат голема љубов спрема СССР како и спрема народите на ФНРЈ.

Составот на денешната грчка влада

1. Претседател на Министерскиот совет и министер за надворешни работи - Константин Цалдарис, популист;

2. Министер за внатрешни работи - Јанис Теотокис, популист;

3. Министер за народна одбрана - Петрос Мавромихалис, популист;

4. Министер економска координација - Стефанос Стефанопулос, популист;

5. Министер за јавни работи - Стилјанос Гонатас, либерал

6. Министер за нац. економ. - Апостолос Александрис, нема под.;

7. Министер за труд - Андреас Стратос, популист;

8. Министер за финансии - Димитриос Хелмис, популист;

9. Министер на трг. морн. - Николас Аврам, нема под.;

10. Министер за здравје - А.Каланџакос, нема под.;

11. Министер за правда - Панос Хаџи Панос, нема под.;

12. Министер за транспорт - Димитриос Пападимитриу, нема под.;

13. Министер за народна просвета- А. Папдимос, нема под.;

14. Министер за народен ред (безб.) - Спирос Теотакис, популист;

15. Министер за земјоделство - Атанасиос Папатанасис, нема под.;

16. Министер за снабдување - Димитриос Стефанопулос, нема под.;

17. Министер за социјални грижи - Георгиос Лазанис, нема под.

## 29.
## ПОЛИТИЧКА ПРОЦЕНА
### од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ за состојбата во Бугарија, составот на привремената влада на Бугарија и положбата на Македонците, Белград, крајот на 1945 година

Б У Г А Р И Ј А[154]

Денешната внатрешна ситуација во Бугарија се карактеризира со сè посилната борба на Владата и Отечествениот

[154] MSPS, F-46, pov. 1554.

фронт против фашистичките елементи во војската, која преку бугарскиот печат ја почна Земјоделскиот народен сојуз, а која ја прифати и продолжува да ја води Ком(унистичката) партија. Во органите на овие две партии - Земјоделско знаме и Работническо дело - во последно време, речиси секојдневно, се изнесуваа случаите на фашистичките злосторства, кои останаа не само неказнети за своите крвави дела, туку напротив благодарение на министерот на војската Дамјан Велчв се унапредени и денес се наоѓаат на разни одговорни функции во војската[155].

Барањето на Англичаните и на Американците на Конференцијата на министрите во Париз СССР да ги повлече своите трупи од Бугарија беше причина што предизвика решителна борба на прогресивните сили на Бугарија против овие фашистички офицери, а откривањето на фашистичката организација „Цар Крум” послужи како згоден момент. Оваа борба засега даде добри резултати. Народното собрание донесе закон за раководење и контрола на војската, според кој отсега целото раководство на армијата ќе мине кај Министерскиот совет. Според истиот закон, сите офицери кои зеле учество против партизаните како и тие коишто биле осудени од народните судови, а подоцна биле помилувани, ќе бидат отпуштени од војската. Политичките комесари со правата што ги добиваат се изедначуваат со командантите.

Преку оваа кампања Дамјан Велчев е прилично дискредитиран во јавноста бидејќи се утврдило дека тој е заштитник на фашистичките офицери. Во голема мера за ова придонесе и процесот против Дража Михајловиќ.[156]

Меѓу партиите на ОФ во последно време имаше повеќе несогласувања. Ова особено се покажа за време на процесот

[155] Дамјан Велчев (1883 - 1954), политичар и генерал. Игра важна улога во подготовките и спроведувањето на Деветтојунскиот преврат 1923 г. и превратот од 19 мај 1934 г. Во 1936 г. бил осуден на смрт за антимонархистички заговор, но пресудата била заменета. За време на ОФ Бугарија 1944 - 1946 бил министер за војска.

[156] Дража Михајловиќ (1893 - 1946), организатор на четничкото движење во Србија односно и во Југославија. Поопширно в. во други фусноти.

против Пастухов[157], кој е осуден на 5 години затвор. Во овој процес десното крило на Звено на чело со Јуруков, Велчев, Стајнов[158] и на регентот Бобошевски[159] отворено застанаа во одбрана на Пастухов затоа што сите сведочеа во негова корист. Иако опозицијата овој процес го искористи во борбатата против ОФ, процесот сепак ја постигна својата цел бидејќи опозицијата е прилично исплашена.

Овие мерки опозицијата ја принудија на попуштање, која, примајќи инструкции и други средства од политичките претставници на САД и ВБ, беше безобзирна во борбата против ОФ.

Овие и другите мерки што ги презеде ОФ власт на опозицијата јасно ѝ кажуваат дека повеќе нема да има попуштање. Ова се демонстрира и преку тоа што Владата нареди запирање на пензиите на сите отпуштени фашисти како и на семејствата што добиваа пензии поради загинувањето на некој од нивните членови во борбата против партизаните. Накратко, прогресивните сили на Бугарија се во постојан настап против реакцијата, а беа доволно силни и порано да ја ликвидираат, но меѓународните околности кои се имале предвид, тоа не го дозволуваа.

Ваквата ситуација опозицијата ја користеше за мобилизирање на своите сили. Меѓутоа според овие знаци, ваквата состојба повеќе нема да се толерира бидејќи Компартијата е во мобилна состојба.

Надворешнополитичката ситуација се покажува во знак на целосно потпирање на СССР и ФНРЈ. Меѓутоа, опозицијата

[157] Крстју Пастухов (1894 - 1949), социјалдемократ, политичар, пратеник, новинар и политики опозиционер. Осуден од ОФ власт и ликвидиран.

[158] Петко Стајнов (1890 - 1972), универзитетски професор по право и политичар. За време на Втората светска војна пратеник во опозиција против царската влада во Народно собрание на Бугарија. Извесно време министер за надворешни работи и во владата на ОФ Бугарија формирана од ОФ на 9 септември 1944 година.

[159] Цветко Бобошевски по смртта на Борис во август 1943 г. бил избран за член на Регенскиот совет, заедно со ген. Михов и Кирил Преславски брат на царот. Осуден од власта на ОФ Бугарија 1945 г.

целата своја надеж ја базира врз поддршката на САД и В. Британија.

Неодамна потпишаната спогодба во Белград, од страна на напредните бугарски сили е примена со одобрување и задоволство, иако нејзините одредби не ѝ се познати на бугарската јавност. Опозицијата пак очекуваше дека до спогодба нема да дојде поради што водеше кампања против Југославија, особено поради Цариброд[160] и Босилеград.

Спрема романскиот народ се одржува искрено пријателство.

Спрема Грција односите не се добри со оглед на ставот на монархофашистичката влада во Атина, а особено поради нејзините империјалистички претензии на бугарска територија, кои немаат никакви ниту историски, ниту географски, ниту етнографски оправдувања.

Од друга страна и Бугарија истакнува свои претензии на Западна Тракија, оправдувајќи го тоа со економски, етнографски и историски причини.

Спрема Албанија политиката на бугарската влада е пријателска и прогресивните елементи на бугарскиот народ манифестираат симпатии за Албанија и Енвер Хоџа.

Во односот спрема Италија ставот на Бугарската влада е резервиран и главно усогласен со политиката на ФНРЈ и СССР.

Спрема Унгарија бугарската влада има став согласно политиката на СССР и ФНРЈ

Во составот на Отечествениот фронт се наоѓаат уште Звено, потоа Бугарската земјоделска народна партија на чело со Обов, Социјалдемократската партија на Нејков и Радикалната партија на Костурков.

Во опозиција се наоѓаат Бугарската земјоделска народна партија на Никола Петков[161] и Социјалдемократската партија на Пастухов и Лулчев.

---

[160] Денес Димитровград во Р.Србија.

[161] Никола Петков (1893 - 1947) правник, дипломат и антифашист. Тој бил еден од основачите на БЗНС "Александар Стамболиски". Еден од основачте на ОФ на Бугарија и член на првата влада. Обвинет за контрареволуционерна дејност и осуден на смрт.

Составот на денешната бугарска влада

1. Претседател на Владата - Кимон Георгиев, Звено;

2. Министер за електриф. и прир. бог. и потпр. на Владата - Трајчо Костов, комунист;

3. Министер за земјоделство и државни имоти и потпретс. на Владата - Александар Обов, Земјоделска партија;

4. Министер за надв. работи - Георги Кулишев, Звено;

5. Министер за внатрешни работи - Антон Југов, комунист;

6. Министер за народна просвета - Стојан Костурков, радикал;

7. Министер за финансии - Иван Стефанов, комунист;

8. Министер за правда - Љубен Коларов, Земјоделска партија;

9. Министер за војска - Дамјан Велчев, Звено;

10. Министер за тргов. и снабдување - Димитар Нејков, соц. демократ;

11. Министер за градежништво - Георги Драгнев, Земјоделска партија;

12. Мин. за железници, пошти и тел. - Стефан Тончев, Земјоделска партија;

13. Министер за социјална политика - Георги Попов, социјал-демократ;

14. Министер за нар. здравје - Рачо Ангелов, комунист;

15. Министер за информ. и уметност - Димо Казасов, независен;

16. Министер на индустр. и занаетч. - Христо Лилков, Звено;

17. Претседател на врховниот совет - Добри Терпешев, комунист.

**30.**
**ИЗВЕШТАЈ**
**од југословенскиот амбасадор во Атина Исидор Цанкар за прогонот на словенското население во Грција и прилог со процени за бројот на Македонците во неа, Атина, 18 мај 1946 година**

Предмет: Прогоните на словенскиот елемент во Грција[162]
Дов. бр. 134 Атина, 18 мај 1946 г.

...Како што тука и по весниците и по приватните лица се ширеа вести за сè поголемиот прогон на словенскиот елемент во грчка Македонија, за што го известив Министерството и со своја телеграма од мај оваа година, отидов во Солун и со помош на генералниот конзулат да ја видам тамошната состојба.

Информациите што ги примив таму беа спротивни на гласовите што се ширеа во Атина. Нашиот генерален конзул ми изјави дека сега не може да се зборува за особени прогони во Македонија, како на пример минатата година и Конзулатот нема поплаки освен молби за помош од роднини на грчки државјани од словенско потекло, кои биле осудени во Солун поради колаборација со окупаторот. Наши државјани биле протерани, 5 во февруари и 3 во април оваа година, а според мислењето на нашиот генерален конзул поради тоа што за време на окупацијата го посетувале бугарскиот клуб во Солун.

Генералниот конзулат е на мислење дека има ширење на гласови за прогони во грчка Македонија со партиско-политички цели.

Генералниот конзул ми изјави дека грчките власти во последно време според неговото мислење се повнимателни и попресретливи отколку обично.

Со молба за запознавање
Исидор Цанкар с.р.
Амбасадор
СЛОВЕНИ ВО ГРЦИЈА

[162] MSPS, F-31, pov. br. 6860.

I. Бројот на населението во цела северна Грција во 1910 г. изнесуваше околу 2 милиона, од кои таа година беа околу 700.000 Словени. Од овој број на Словени до последната светска војна[163] беа околу 200.000, а по таа војна побегнаа околу 40.000: еден дел во Бугарија, а еден дел во Југославија поради теророт на грчките банди и власти. Тоа бегање се случува и денес, но во доста скромни размери и тоа главно од Костурскиот, Леринскиот и Воденскиот крај.

II. Сегашната состојба на нашето словенско население во грчка Македонија се цени на 200.000 луѓе. Според „Ризоспастис", орган на ГОГ од 13 јануари 1946 година, словенското малцинство во Македонија денес изнесува околу 180.000 луѓе од 1.700.000 колкав е бројот на жителите на Македонија. Републиканскиот весник „Елефтерија" од 23 април 1946 г. пишува дека бројот на Словено-Македонците изнесува околу 105.000, односно 1/70 од севкупното население на Грција, кое денес изнесува 7,5 милиони. Според неделниот десничарски весник „Етникос кирикс" од 21. 1. 1946 г. во Македонија има околу 120.000 Словено-Македонци. Од 200.000 Словени колку што денес има во грчка Македонија, 80 - 100.000 се многу борбени и имаат развиена словеномакедонска свест. Другиот дел од околу 100.000 не може да се каже дека не ја има таа свест, но е заплашен и во денешните околности не би имал храброст отворено да ги изрази своите словено-македонски чувства. Разликата во бројот на словенскиот елемент од 1910 г. до денес, сметајќи го нормалниот прираст и преселувањето, е елинизирана. Елинизацијата на словенскиот елемент во грчка Македонија не изгледа дека е целосна, бидејќи најголемиот дел на овој свет, иако формално се признава веќе за Грк, сè уште, помалу или повеќе го познава својот јазик, а во споменатите политички прилики, добар дел од овој свет сигурно повторно би го прифатил јазикот и чувството на своите прадедовци. Бидејќи овој елемент не е целосно и дефинитивно елинизиран, и бидејќи од друга страна доселените малоазиски Грци во овие краишта не претставува целосно свесен, сигурен и доволно отпорен елемент против туѓите негрчки влијанија, Гр-

[163] Се однесува на Втората светска војна којашто заврши во 1945 година.

ците сѐ уште се плашат за овие краишта, и тоа е основната причина за неодамнешното протерување односно прогонување на овој елемент.

II. Според една конвенција склучена по балканските војни меѓу Грција и Србија, а подоцна и Бугарија, затворени се сите малцински училишта во овие земји, така што и во северна Грција се затворени сите српски и бугарски училишта. Бидејќи школството за време на Турците било мошне слабо развиено, тоа и бројот на српските основни училишта редовно финансирани од Србија, во овие краеви изнесувал околу 11, а според непроверените податоци бројот на бугарските училишта изнесувал околу 60. Бројот на грчките училишта на подрачјето, кое по поразот на Турција ѝ припадна на Бугарија и на Србија изнесувал нешто помалку од 60 затоа што грчкото школство било тесно поврзано со тогаш семоќниот грчки патријарх, кој во сите овие краеви го служеше грчко свештенство. Грчкото школство и грчката православна црква одиграле можеби најзначајна улога за отуѓување на словенскиот елемент во северна Грција.

III. До балканските војни словенскиот елемент во северна Грција се доближуваше до Олимп и до реката Бистрица (Алиакмон), се протегнуваше до Јанина, а на одделни места достигнуваше до Јонското Море, така што отприлика се поклопуваше со тогашната јужна турска граница спрема Грција. Денес остатоци од тој словенски елемент се наоѓаат во тие краеви во неголеми оази, додека мнозинството од населенеито се наоѓа спрема југословенската граница во окрузите Костур, Воден и Лерин и се продолжува јужно од Гевгелија (Гуменџе), јужно од Дојран (Кукуш - Килкис) и понатаму покрај бугарската граница. Според „Ризоспастис" од 13 јануари 1946 година словенското малцинство во леринскиот крај изнесува 80 отсто, а во костурскиот 70 отсто.

Додека од северна Грција емигрираа околу 250.000 Словени во разни временски периоди, оттука во Турција се преселија околу 450.000 Турци. Напротив, по Балканските војни 1913 г. од Бугарија во Грција минаа 5.000 Грци, кои се населија во Кукуш (Киклис), Демирхисар (Сидрокастрон), во некои погра-

нични села и некои предградија на Солун и Катерини. Во исто време, според пишувањето на Големата грчка енциклопедија, т. 10, стр. 406 во Грција од Битола, Гевгелија и Дојран се преселиле околу 10.000 Грци кои се населиле во Лерин, Солун и во селата околу Солун. По Букурешкиот мир емигрираа во Грција од западна Тракија, која тогаш ѝ припадна на Бугарија, околу 40.000 Грци. Во исто време од Русија во Грција емигрираа околу 5000 луѓе кои се населија во централна Македонија. Во 1914 година од Турција минаа во Грција околу 100.000 луѓе и се населија во централна и источна Македонија. По руската револуција во Грција дошле околу 60.000 луѓе грчко население, населувајќи се во Македонија и Тракија. Во 1919 година според грчко-бугарската конвенција[164] за размена на малцинствата во Грција се преселиле 30.000 Грци од источна Румелија. Во Грција емигрирале околу 920.000 Грци по катастрофата во Мала Азија 1922 година. Врз основа на Лозанскиот договор од 30. I. 1923 г. за присилна размена на население меѓу Грција и Турција во Грција минале уште 150.000 Грци.

Според пописот од 1928 г. во Грција емигрирале:

| | Пред поразот во Мала Азија | По поразот во Мала Азија | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1) од Турција | 86.422 | 1.018.794 | 1.104.216 |
| 2) од Бугарија | 20.977 | 28.050 | 49.027 |
| 3) од Русија | 37.635 | 20.891 | 58.526 |
| 4) од Србија, Романија и Албанија | 6.858 | 2.222 | 10.080 |
| | 151.892 | 1.069.957 | 1.221.849 |

Бројот на населените бегалци според окрузите на Македонија и нивниот однос во промили според населението изгледа вака:

[164] Се однесува на спогодбата заклучена меѓу министрите Молов од бугарската и Кафандарис од грчката страна.

| | Број на бегалци | Во промили од населението |
|---|---|---|
| Округ Драма | 78.438 | 703.03 |
| “ Солун | 259.708 | 480.95 |
| “ Кавала | 74.692 | 626.93 |
| “ Кожани | 53.051 | 318.58 |
| “ Воден | 52.357 | 538.84 |
| “ Серез | 81.724 | 447.29 |
| “ Лерин | 19.105 | 151.96 |
| “ Халкидики | 18.928 | 292.10 |
| “ Света Гора | 250 | 51.46 |
| | 638.253 | 451.87 |

Во Македонија, каде што емигрантите се погусто населени односот на странскиот елемент спрема Грците според пописот од 1922 г. изнесуваше 48 отсто (543.000 на 1.122.000 жители), а според пописот од 1928 г. падна на 12 отсто (170.000 на 1.449.000 жители).

Покрај 200.000 Словени, во северна Грција, и тоа најмногу во Тракија, живеат уште 103.000 Турци и околу 100.000 Власи-Цинцари, кои главно живеат околу Пиндос и кои во оваа војна имаа 40 свои основни романски училишта, но и покрај тоа Италијанците не успеаја кај нив да разбудат некоја национална свест во поголем обем.

Пред грчкиот пораз во Мала Азија во Грција живееја 7 - 8.000 Ерменци. По поразот емигрираа во Грција околу 45.000. Од 1931 до 1933 се отселија во Русија околу 6000 Ерменци. Другите живеат во Атина, Солун и западна Тракија.

Според пописот од 1920 г. во Грција имало 18.000 Албанци, а според пописот од 1928 г. 20.000. Денес живеат во Џамурија (Чемерија - северен Епир - заб. на ред.) околу 30.000 од албанскиот елемент според пишувањето на грката енциклопедија т. 10.

Еврејското малцинство пред војната изнесувало преку 70.000 а сега изнесува едвај 4 - 5.000.

Карактеристично е да се напомне дека големата грчка емиграција во северна Грција не направи пресудно влијание на

елинизацијата на нашето население, туку црквата и училиштата уште пред доаѓањето на овие Грци, кои со нашето население се однесуваа прилично толерантно. Овој елемент е прилично неотпорен и во голема мера слободољубив и демократски ориентиран.

IV. Македонскиот проблем до оваа војна не се манифестираше како некој изразен автономистички стремеж, освен на мали безначајни појави. Денеска тој се демонстрира во двоен вид. Од една страна признавањето на македонската националност во нова Југославија овозможи не само слободен развој на нашата Македонија, туку тоа стана атрактивна точка за сите други Македонци, пред сè на оние во Грција. Без основа во народните маси, помогнат од бугарската десна опозиција и емиграција (која инаку отсекогаш во историјата Македонците ги сметала за Бугари) се прават обиди, со финансиска поддршка на извесни реакционерни групи од странство, а веројатно и со тајна поддршка на извесни сојузнички власти на терен во северна Грција да се воскресне македонскиот автономизам со некоја тенденција за создавање на самостојна македонска држава надвор од границите на Југославија како на тој начин би ѝ се парирало на стремежите на тукашните Македонци за обединување со Југославија и како на тој начин би се дискредитирале демократските партии на Грција кои од страна од ова наше население се неограничено поддржани. Овој автономизам нема никаква основа кај народот затоа што на народодот му е познато дека се тоа интриги на нашите непријатели.

## 31.
## ИЗВЕШТАЈ
## од Амбасадата на ДФ Југославија за престојот на бугарската делегација на прославата на 2 Август - Илинден и на Првиот конгрес на НОФ на Македонија[165], Софија, 2 август 1946 година

П р е п и с:

ПРЕСТОЈОТ НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА ОД БУГАРИЈА НА ПРОСЛАВАТА НА ИЛИНДЕН - 2 АВГУСТ 1946 ГОД.

На прославата на Илинденското востание истовремено и на Првиот конгрес на Народниот фронт на Македонија присуствуваше и една бројна делегација од Бугарија. Од нивна страна беше најавено дека ќе дојдат 186 делегати. Меѓутоа границата ја минаа 260 делегати. Имаше делегати од Пиринска Македонија и од македонската емиграција во Бугарија и делегати од Централниот комитет на Отечествениот фронт[166]. Составот на делегацијата изгледаше вака: 100 членови на Бугарската работничка партија (комунисти), 50 звенари, 40 земјоделци, 10 социјалдемократи и 60 од Илинденското братство од кои 40 приврзаници на ВМРО на Ванчо Михајлов[167], 10 Протогеровис-

---

* Грчката официјална статистика од 1905 (1928) година наведува 81.984 луѓе во Грција кои зборуваат на македонски јазик. Забелешката е во оригиналниот документ.

[165] АПР, КМЈ- 3-b/134

[166] По завршувањето на Втората светска војна и победата на Отечествениот фронт на Бугарија во 1944 година, сé уште функционираа повеќе политички партии, кои следните години беа потиснувани од страна БРП (к), а со новиот бугарски устав и укинати.

[167] Иван (Ванчо) Михајлов, роден во 1896 г. во Штип (Ново Село), а починал 1990 г. во Рим. Раководител на ВМРО. Член на ЦК на ВМРО од 1925 година. Пред тоа бил секретар и благајник, како и началник на пункт во Софија. Под поимот „независна Македонија“, за која се борел во своето дејствување подразбирал Македонија со етничко бугарско население. По превратот од 19 мај 1934 година побегнал во Турција. Во текот на Втората светска војна престојувал во НДХ на Анте Павелиќ (во Загреб). По капитулацијата на

ти[168] и 10 напредни антифашисти. Како што се гледа голем дел од делегатите беа отворено непријателски расположени спрема ФНРЈ. Имајќи го искуството на минатите делегации кои со себе пренесуваа писма од Бугарија за Македонија, со што е вршено поврзување меѓу непријателските елементи на едната и на другата земја, граничните органи им ги побараа писмата што ги носеле во Југославија. Макар што делегатите веднаш ги скриле во чорапите, чевлите и капите, писмата и парите, сепак им се одземени голем број писма. Истите писма по прегледот од страна на нашата пошта им се пратени на адресантите. Контролирајќи ја таа пошта, видовме дека во многу случаи тоа се препораки на одделни луѓе со кои тие од Бугарија го препорачуваат одделниот делегат „како наш човек на кој треба да му се излезе во пресрет". Полковникот Пецо Трајков на пример доби повеќе од 10 писма. Значи при нивното влегување во ФНРЈ, немаше никакви претреси, туку само им се побарани писма што ги носеа со себе.

Откако пристигнаа во Скопје беа распоредени во хотелите и им беше објаснето дека од НФ им биле доделени луѓе кои ќе бидат со нив за да можат подобро да се снајдат во Скопје и на прославата. Со оглед на тоа што во делегацијата имаше многу наши непријатели, организиравме будна контрола над целата делегација. Внатре во делегацијата не само што не постоеше единство, туку за целото време на престојот постоеја недоразбирања и кавги меѓу нив. Така „звенарите" негодуваа против комунистите дека дошле во Југославија и го приграбиле

Германија се засолнил во Австрија, а потоа во Италија (Рим) каде што останал до крајот на животот.

[168] Александар Протогеров (1867 - 1928). Еден од раководителите на ВМРО. Се школувал во родниот град Охрид, а потоа во Софија, каде што го завршил военото училиште. Доброволец во Српско-бугарската војна (1885), а подоцна се вклучил во македонското револуционерно движење. Учествувал во Илинденското востание, а од 1912 г. се ангажирал да ја организира македонската емиграција преку македонските братства. По убиството на Т. Александров го предводел конзервативното крило блиско до воените структури на Бугарија. Убиен во 1928 година во Софија од приврзаниците на Иван Михајлов во меѓусебните пресметки. Неговите следбеници по него дејствувале како „протогеровисти".

водството на делегацијата во свои раце. Ги повикаа своите привrзаници со резерви да ги примаат директивите на комунистите во врска со програмата за престој на делегацијата.

На 2 август, кога почна прославата, делегатите од Бугарија, не беа начисто со тоа, кој ќе настапи во име на делегацијата како говорник. Претставниците на сите групи сакаа да настапат со свои говори на говорница. Не можејќи меѓу себе да го решат тоа прашање, тие на другарот Лазар Колишевски му упатуваа на трибината белешка по белешка во кои секој одделно бараше нему да му се овозможи да зборува. Такви белешки другарот Колишевски доби дваесетина. Дваесет говорници сакаа да настапат во името на една земја, на иста делегација. Се разбира тоа беше невозможно. Тоа веднаш внатре во делегацијата предизвика лутење, препирки и меѓусебни критики. И не само тоа, туку кај нив се почувствува негодување и во однос на нашата земја.

По завршувањето на свечениот дел на Првиот конгрес на НФ на Македонија, беше приреден банкет во Домот на Армијата. На банкетот, покрај другите делегати, присуствуваа и делегатите од Бугарија. Бидејќи не можеа на свеченоста да настапат како говорници, сите што сакаа, можеа да го искористат банкетот. Прв од нив стана да зборува членот на ЦК на Бугарската работничка партија (комунисти) другарот Иван Панов. Во својот говор тој ја изнесе целата програма на Отечествениот фронт. Во ракавици тој сакаше да прикаже дека Југославија со ништо не излегла пред Бугарија, истакнувајќи дека Бугарија се наоѓа во услови на победена земја. Во излагањето тој понатаму изнесе дека тој има јасен и правилен став во однос на македонското прашање. Откако тој заврши со говорот, стана делегатот од Пиринска Македонија другарот Ангел Динев,[169] член на БРП (к) кој што остро подвлече дека не е точно дека во Бугарија има правилен и јасен став за македонското прашање.

[169] Ангел Динев, публицист по потекло Македонец од Гевгелија, кој подоцна се преселил и останал да живее и работи во НР Македонија. Во оригиналниот текст по грешка е напишан како Дилев.

По него говореа уште двајца други делегати. Се забележуваше дека сите тие беа подготвени на долга и жолчна дискусија. Нивниот начин на дискусија, а особено на двајцата членови на Бугарската работничка партија (комунисти) Панов и Динев кои имаат различни гледишта за едно прашање, предизвика чудење кај нашите присутни делегати. За да се прекине нивната дискусија (тие почнаа сите еден по друг), банкетот беше завршен.

На 3 август се случи отворена кавга меѓу раководителите на делегацијата, затоа што еден комунист го опомена „звенарот" да не бара дупла порција, туку колку што му следува. „Звенарите" за тој случај сакаа да се оправдаат пред публиката и да им ја фрлат вината на комунистите, па кренаа таква врева што околу нив пред хотелот се насобраа и граѓани. Тоа не беше единствен случај да се испокараат за тоа кој јаде повеќе, туку тоа беа речиси редовни кавги меѓу одделните делегации, главно меѓу комунистите и „звенарите". При заминувањето на делегацијата на излет во Охрид и Битола дојде до пресметка поради тоа што одделните партии не беа претставени со еднаков број излетници. Во таа прилика се случи препирка во автобусот во која едните ги туркаа другите надвор.

Политички делегацијата стоеше многу ниско што предизвика и смеа кај нашите фронтовци, а во некои случаи (на пр. нивната лакомост) и презир. Членовите на бугарската РП (к), главно зборуваа за односите меѓу КПЈ и РП (к), говорејќи дека нашата Партија има негативен став спрема нивната, како ние сме ја кренале главата поради „некои" успеси. Тоа го зборуваше еден делегат од Пиринска Македонија на прашањето на нашите другари зошто во нивната делегација не праќаат во нивната делегација работници и прости селани, туку за секоја прослава кај нас имаат и некои „патентирани" делегати меѓу кои отворени непријатели на ФНРЈ и ОФ Бугарсија. Тој одговори дека тие намерно во Југославија праќаат реакционери за да се уверат дека тука е добро. Кога нашите му одговорија дека ние воопшто не се грижиме да ја убедиме реакцијата, туку на секој чекор да ја уништуваме, тој одговори дека во Бугарија има демократија и дека опозицијата дејствува легално, додека ние во Југославија и лично напредувавме на патот кон диктатура на

пролетеријатот. Тој целосно го оправда тој нивни став во Југославија да праќаат што повеќе реакционери како би се увериле во добрата состојба во Југославија и за тоа да зборуваат во Бугарија. Тоа беше еден од „најстабилните делегати и политички добро ориентиран комунист" - како што рекоа тие. Од тоа може да се заклучи какви биле другите делегати. Во делегацијата беше и групата од 28 „Сандонисти"[170]. Тоа беа млади луѓе, синови на буржоаските фамилии од македонската емиграција во Софија. Се обидоа да растурат некои плакати со ликот на Јане Сандански и весникот „Јане Сандански". Бидејќи во тоа не успеаја, повратија неколку пакети од тие плакети и весници, кои на границата им беа одземени. За време на окупацијата сите тие биле членови на фашистички организации.

Меѓу делегацијата беше и генерал Кецкаров, припадник на Звено. Тој се интересираше за положбата на албанското малцинство кај нас, дали има балистички банди, колку и каде, каков е нашиот однос со Албанците на југословенско-албанската граница, како е на патот спрема Грција и др. Неколку делегати се интересираа за нашата индустрија и одделни фабрики, колкав е нивниот капацитет, колку работници работат, какви им се дневниците итн. Откривме двајца членови на РП (к) кои беа пратени од страна на нивната државна безбедност во Софија, да внимаваат на делегацијата, нејзиното пријавување и движење и како што еден од нив интимно се искажа „меѓу нас кажано да видиме како е тука". Неколку трговци, особено од Софија, дошле поради чисто шверцерски причини, тука да ги соберат непријавените левови кои би ги пренеле во Софија и на тој начин би заработиле. Трговецот Стоју Колев со себе ги по-

[170] Јане Сандански (1878 - 1915). Роден во с. Влахи, Благоевградско. Истакнат деец на македонското националноослободително движење. Член на ВМРО, раководител на Серскиот револуционерен округ. По смртта на Гоце Делчев се зацврстува како раководител на левицата на ВМРО. Учесник во Илинденското востание. Се спротивставувал на мешањето на бугарските владини и ројалистички кругови во македонското национално-ослободително движење во Македонија, со што станал познат како носител на санданистичкото крило во ВМРО. Убиен 1915 г. од приврзаниците на бугарскиот царски двор во близината на Роженскиот манастир, Мелничко, каде што бил погребан.

вел и сопругата, детето и ќерката со зетот. Тоа тој го “издејствувал”, како што рече самиот, преку некои од раководството на делегацијата. Тој е воен богаташ. Многу од делегатите дојдени се тука за да се најадат. Кружеа вицови меѓу нив дека е убаво да се биде делегат, но дека е поубаво и порентабилно да бидеш гостин. Во ресторанite каде што се хранеа, секогаш бараа повеќе храна и пијалак, иако и пред тоа им било определено повеќе. Многу од нив се натпреваруваа кој ќе изеде повеќе и да однесе „поголеми резерви” во Бугарија. Сето тоа им служеше за потсмев на присутните, па дури и на келнерите.

Околу 60 делегати, веднаш откако пристигнаа, се изгубија. Тие веднаш отпатуваа во внатрешноста без да се пријават никому.

Многу од постарите реакционерно расположените луѓе се поврзаа со големобугарските елементи кај нас во Македонија, како на пример со полковникот Пецо Трајков[171], Константин Терзиев (сега затворен како ВМРО-вец), Поп Ефтимов и со други.

Постојано молеа и се распрашуваа за добивање бонови за да купат нешто. Нашите власти им излегоа во пресрет и на секој делегат му одобрија да купи по еден предмет. Меѓутоа многу делегати тоа го злоупотребија и изнакупија многу работи. Каква беше нивната грабливост се гледа и од тоа што некои купуваа дури и гумени влошки за чевли, па дури и по 2 - 3 кг нафталин. Некои трговци целото време го употребија за пронаоѓање на левови кај нас кои ги купуваа по 12 - 15 лева за 1 динар. Купуваа исто така и левови во сребро и тоа повеќе го плаќаа. Бидејќи сето тоа го знаевме, ургиравме кај царинските органи да се претресат делегатите. На границата тие беа претресени од страна на шефот на пограничниот оддел и органите на царинарницата. Во таа прилика повторно беше утврде-

[171] Пецо Трајков, по потекло од егејскиот дел на Македонија, а бил полковник на НОВЈ. Присуствувал како делегат на Второто заседание на АСНОМ на крајот од 1944 година. По ослободувањето на Македонија покажувал пробугарски ставови и симпатии кон Бугарија. Подоцна се вратил во Бугарија каде што искажал отворени напади на македонскот раководство за што напишал и брошура “Национализмот на скопските раководители”.

но дека делегатите пак понеле околу 340 писма за Бугарија и дека накупувале работи кои не биле дозволени. Имаше случаи една фамилија да купи 2 мантила, пар високи и пар ниски чевли, 3 парчиња штоф и некои други ситници. На секој делегат му беше допуштено по еден предмет, а другите задржани. На ситниците воопшто не се гледаше. Им беа одземени 9 пара чевли, неколку мантили, многу штофови и др. Пронајдени се и одземени две полни капи со левови во сребро и 3.040.000 лева. Сето тоа е одземено со записник од страна на шефот на царинарницата. На претресот присуствуваше еден од органот УДБ, облечен како цивил и така патуваше со делегацијата како делегат на Народниот фронт. Тој само го гледаше претресот, без учество во самиот претрес кого го вршеа царинските органи. Сите одземени предмети дополнително се пратени преку нашата Амбасада во Софија за да им се предадат на сопствениците.

Речиси сите делегации кои досега доаѓаа од Бугарија во Македонија имаа сличен состав и слично однесување. Тие не даваа слика на една делегација што доаѓа од друга земја и која со своето однесување треба ја претставува својата земја во очите на народот, кај кого гостува. Напротив, тие речиси секогаш се компромитираа себеси и својата земја. Наместо достоинство тие гледаа што повеќе да изедат и што повеќе да понесат. Интересна е изјавата на еден од делегатите кој што учествувал при пренесувањето на коските на Гоце Делчев од Бугарија во Скопје на 11 октомври о.г. : „Бре, ова е нешто чудно што тука сè е без купон, а ние се храниме само со пиперки. Ако нас вака нè храните, ние можеме да ви донесеме уште некои коски". Во сите делегации имаше реакционерни и непријателски расположени елементи спрема ФНРЈ, кои се поврзуваа со големобугарските и ВМРО-вските елементи во Скопје и во внатрешноста на Македонија. Кога доаѓаат делегации од Бугарија, тогаш бугарофилските и ВМРО-вските елементи од внатрешноста доаѓаат во Скопје, затоа што знаат дека меѓу делегатите ќе најдат свои пријатели со кои може да се разберат, да им дадат информации, преку кои би можеле да се поврзат со своите пријатели во Бугарија. Тие особено настојуваат да ја продлабочат омразата и недовербата спрема Србите, да ја истакнат опасноста, која

сепак се заканува од Србите и српската политика во Македонија. Прашањата што им ги поставуваат на луѓето во Скопје, како на пример: „Зарем уште не го заборавивте бугарскиот?" или „Зарем зборувате српски?" итн. покажува како тие гледаат на прашањето на Македонија.

Таквиот состав на делегациите како и нивното однесување и нивната работа, ни штетат политички. Тие претставуваат извесна опасност со тоа што многу добро служат за поврзување и за одржување на контактите меѓу непријателските елементи во Бугарија и во Македонија.

## 32.
## ПРЕГЛЕД
## на бројната состојба на Комунистичката партија на Македонија, 10 јуни 1946 г., Белград

М А К Е Д О Н И Ј А[172]

Работено во 10 примероци

Според податоците за мај 1946 г. бројната состојба на членовите на Партијата[173] изнесува 10.730, додек процентот во однос на целокупниот број на населението е 0,95 т.е. на 1.000 жители доаѓаат 9 партијци.

Бројот на кандидатите изнесува 2.964, што значи дека на 7 партијци доаѓаат отприлика двајца кандидати.

Бројот на скоевците изнесува 14.047, што значи дека на 2 партијци доаѓаат околу 3 скоевци.

Социјалниот состав на членовите на Партијата е следниов: работници 1.966 (19 отсто), селани 5.958 (56 отсто), интелектуалци 1.522 (14 отсто) и други 1.284 (12 отсто).

Процентот на жените во Партијата изнесува 14 отсто (1.470).

---

[172] АПР, КМЈ-II-3-а-2/3

[173] Подвлекувањата се во оригиналот.

Националниот состав: Шиптари 3 отсто, Турци 3 отсто, Срби 1 отсто и Власи 1 отсто.

Бројот на синдикално организираните работници и службеници изнесува 41.000, додека бројот на работниците во Партијата изнесува 3.488 или 8 отсто.

Бројот на фронтовците изнесува 311.410 што според вкупниот број на на населението (околу 1.155.000) значи дека на 4 жители доаѓа по 1 фронтовец.

Според извештајот од 8 јуни о.г. во Македонија постојат 4 окружни комитети и МК на Скопје во ранг на окружен. Тие бројат обично 6 - 8 членови.

Социјалниот состав на окружните комитети е задоволителен (освен штипскиот). Вкупниот број на членови на ОК и МК Скопје изнесува 36 од кои 10 другарки. Според социјалниот состав има: 17 работници, 13 интелектуалци, 3 земјоделци и 3 поранешни ученици.

Просечиот партиски стаж за членовите на окружните комитети е 4 години и 4 месеци.

Идеолошкото ниво на членовите на комитетот не е на доволна висина, а работата на личната теоретско-идеолошката работа уште не се контролира и не се спроведува.

Околиски комитети, месни и реонски во ранг на околиски комитет има 44. Просечниот стаж на членовите на околискиот е 2 години. ОК обично бројат 6 членови. Нивниот социјален состав е (за сите околиски комитети): работници 91, селани 53, службеници, интелектуалци и ученици 94 и други 41.

Пред 5 месеци почна со именувањето на организациски секретари на околиските комитети, но тие беа вработени во производство и не можеа доволно да ѝ се посветат на организациската работа.

Организацијата на ќелиите според производниот принцип е спроведена дури сега (МК - Скопје). Бројот на членовите на Партијата во претпријатијата е многу мал и тие имаат секташки однос спрема приемот на нови членови на Партијата (на пр.: монополот во Скопје).

Во работата со кандидатите има доста очигледни слабости. Кандидатскиот стаж не е насекаде исто усвоен (некаде трае

2 - 3 месеци, а некаде 8 - 12 месеци, без разлика на социјалниот состав и други особини). Дека не им е доволно посветено внимание зборува очигледниот факт што на 2.222 членови на Партијата во Велес доаѓаат вкупно 508 кандидати или на 3.983 партијци во Битола - 686 кандидати. Исто така не се води доволно сметка за тоа од кој дел на масите треба да се зголеми кандидирањето за да се подобри социјалниот состав на Партијата.

Основната слабост на окружните комитети лежи во нивната неумешност истовремено да ја организираат, да ја контролираат и да ја координираат работата по сите сектори. Освен тоа, не се разработуваат доволно директивите на ЦК и нив не ги конкретизираат; не го контролираат извршувањето на поставените задачи и не им посветуваат доволно внимание на организациските проблеми на Партијата (ова иде оттаму што не е решено прашањето на организацискиот секретар во околиските комитети и во двата окружни). Колективната работа внатре во самите комитети исто така не е реализирана.

Добро планирање на работата и координација на одделните сектори покажа Битолскиот ОК, каде што еден член на ОК истовремено е и секретар на МК Битола, вториот е секретар на одделението за кадар, а третиот е инспектор на окружната контролна комисија.

Речиси кај сите окружни комитети (особено Штипскиот) постои навика на генерализирање на работите, не се анализира доволно работата на секоја организација од што произлегува површно гледање и решавање на одделните проблеми. Една од организациските слабости на окружните комитети е и недоволната помош на СКОЈ[174], која уште не е ликвидирана (особено во Штип). Во однос на помошта на околиските комитети, состојбата исто така е слаба. Не им се дава постојана и систематска помош, туку само одвреме-навреме и тоа само за одделни (акутни) прашања.

---

[174] Кратенка за Сојузот на комунистичката омладина на Југославија основана во текот на НОВ на Југославија која ја помагала борбата и од неа биле црпени кадрови за КПЈ. Во Македонија познат како Народноослободителен младински сојуз на Македонија (НОМСМ).

Во некои организации има појави на разводнување на Партијата до кое е дојдено на основа на фамилијарност (Неготино, Кавадарци), каде што има случаи четворица од една куќа се наоѓаат во Партијата, а кои и според најслабите критериуми за прием во Партијата не би можеле да бидат членови на Партијата. Појава на фамилијарност постои дури и кај членовите на ОК - Штип, поради што не се удира доволно по слабостите, не се контролира и не се зема на одговорност.

Работата меѓу националните малцинства е слаба, особено меѓу Албанците во Кичевска, меѓу Турците во Валандовска околија (тука има 40 отсто Турци, а нема ниту 10 партијци Турци). Истото важи и за Велес, Слична е состобата и Штипскиот округ каде што малцинството изнесува четвртина од населението. Единствено во Скопскиот округ кој до неодамна беше едн од најслабите (воопшто и во решавањето на политичките и економските проблеми), партиската организација го подобри својот национален состав продирајќи меѓу Албанците, кои тука го сочинуваат речиси половината од населението.

Прашањето за ликвидирање на неписменоста во Партијата е еден од сериозните проблеми (особено во Битолскиот округ, каде што достига до 30 отсто членови на Партијата).

Организациско-инструкторското одделение на ЦК на КП на Македонија брои 4 члена (2 работници, 2 интелектуалци). Нивниот просечен партиски стаж е 5 години.

Долго време организациско-инструкторското одделение не живееше како колективно тело, туку целата работа се сведуваше на тоа инструкторите да бидат праќани поединечно на терен таму каде што ќе се покажела потреба и останувале долго време.

Кадровското одделение на СК има 3 члена, од кои третиот е началникот на персоналното одделние на УДБ[175], а за четврт член ќе се земе началникот на персоналното одделение на Претседателството на Владата. Кадровските одделенија при окружните комитети имаат обично само 2 члена.

---

[175] Кратенка за Управа на државната безбедност, која претходно се именувала како ОЗНА (Орган за заштита на народот).

Во врска со издавањето на партиските книшки состојбата е следнава: издадени се 189 книшки и пополнети 6.245 анкетни листови.

Агитпроп на ЦК има 5 членови - сите се интелектуалци. До пред 15 дена сите тие (со исклучок на раководителите) работеле во државниот апарат така што одделнието слабо можело да ги извршува своите работи. Врските со окружниот агитпроп биле многу слаби. Честите промени на членовите на агитпроп на окружните комитети уште повеќе ја предизвикаа оваа слабост во работата.

При ЦК на КПМ беа одржани три пониски партиски курсеви со вкупно 206 слушатели. Освен тоа беше пратен извесен број другари (58) на курсеви кај ЦК на Србија и ЦК на КПЈ во Белград. Социјалниот состав на членството, кое мина низ сите овие курсеви е следниот: работници - 137, селани - 71, интелектуалци - 37 и разни - 19.

Додека одделенијата живеат и со помал или поголем успех функционираат, комисиите на ЦК на КПМ ништо не работат. Ова е последица на тоа што тие се составени главно од другарите ангажирани на одговорни функции во државниот апарат и нема ниту еден од нив кој би можел повеќе да ѝ се посвети на работата на комисиите.

Општата карактеристика на партиската организација

Гледајќи ја како целина партиската организација во Македонија може да се окарактеризира:

Организацијата е млада и со недоволно организациско и политичко искуство; претежно е составено од селанскиот елемент, но е полна со полет и пожртвуваност; низ секојдневната работа стекнува искуство и со секој ден сѐ повеќе се зацврстува како организациски така и политички. Нема некои особено нездрави појави кои би можеле да ѝ го попречат правилниот и брзиот развој. Тоа особено се гледа во нејзината единственост, којашто постои и покрај сите слабости и недостатоци.

Второ, Партијата ужива огромен авторитет кај народот, но организацијата уште не е на висината за да би можела да уочи, да опфати, правилно да ги објасни и да ги реши сите политички и организациски проблеми, туку некогаш ќе се залета, а неко-

гаш ќе застане, ад хок ќе се зафати со овој или оној проблем, а сите други (кој не се помалку важни) ќе ги запостави.

Трето, Организацијата во целина е на мошне ниско идеолошки-теоретско ниво и општо-културно ниво, прилично голем е бројот на членови на Партијата, кои се неписмени или полуписмени.

Четврто, пред организацијата се поставуваат два сериозни проблеми:

1) Организациско зацврстување, т.е. подигнување и оспособување на раководниот кадар и подобрување на социјалниот состав.

2) Најсериозно поставување пред целата организација, а особено пред партискиот актив прашањето на идеолошкото и стручното подигнување и оспособување.

За да се постигне ова се предлага:

1) Да се пополни Бирото на ЦК со уште најмалку 2 - 3 члена и да се определи уште еден орг. секретар, кој ќе биде целосно ослободен од работа во производството;

- да се пополни организациско-инструктурското одделение уште со 2 члена;

- да се ослободат секретарите на комисиите при ЦК од производството и со тоа да се оспособат комисиите за да функционираат.

2) Да се пополнат окружните комитети до 9 члена и да се реши проблемот на добри организациски секретари во 2 окружни комитети;

- да се пополнат организациско-инструкторските одделенија кај окружните комитети на 3 члена;

- да се зголеми бројот на околиските, месните и реонските раководства и да се ослободат сите орг. секретари од производна работа, како кај окружните така и кај околиските комитети.

3) Да се оформат пленуми кај окружните и околиските комитети, бидејќи се чувствува потреба како поради подобро раководење на терен така и поради обучување на кадарот.

4) Да се определи стажот на кандидатите за примањето во Партија и тоа: за работниците 6 месеци, со гаранција од 2

члена на Партијата кои имаат по една година партиски стаж; за сиромашните селани 10 месеци, со гаранција од 2 члена на Партијата кои имаат по една година партиски стаж; за средните селани и интелектуалци една и половина година, со гаранција на 2 члена на Партијата кои имаат партиски стаж две и половина години; и за богатите селани, трговци и сл. 2 години, со гаранција на 2 члена на Партијата, кои имаат партиски стаж 3 години.

5) Задолжително да се постави и да се организира идеолошко издигнување на сите членови на Партијата, а особено раководниот кадар на принципот на самоорганизација.

Ова би можеле да го реализираме ако нам ни помогне ЦК на КПЈ со извесен кадар што ние не го имаме и засега тоа не можеме да го решиме, а тоа е:

а) еден другар за втор организациски секретар на ЦК, кој би бил и член на Бирото;

б) двајца другари за организациско-инструкторското одделение при ЦК;

в) двајца организациски секретари за окружните комитети и

г) да ни се помогне во организацијата на идеолошкото подигнување на нашата партиска организација.

## 33.
## ГОВОР
### на Димитар Влахов за пренесувањето на коските на Гоце Дечев во Македонија и нивното погребување во црквата "Свети Спас" во Скопје, 1946, 11 октомври година

НЕКА БИДЕ ВЕЧНА СЛАВАТА И СПОМЕНОТ ЗА ГОЛЕМИОТ ГОЦЕ[176]

Денеска е голем празник за целиот македонски народ. Денеска се пренесуваат во слободната македонска народна република во Федеративна Народна Република Југославија пос-

[176] АПР, КМЈ-II-3-а-2/3

мртните остатоци на големиот син на Македонија, првоапостолот на македонската револуција Гоце Делчев.

Пренесувањето на посмртните останки на Гоце Делчев и чествувањето на неговата славна дејност се совпаѓа со денот кој го славиме ние Македонците, денот на нашето востание од 1941 година и се поклонуваме пред споменот на паднатите во тоа востание за слободата и равноправноста на македонскиот народ, македонските борци и херои.

Не постои друг ден во историјата на македонскиот народ по славен од денот на општонародното востание, како резултат на кое беше извојувана слободата на нашиот народ и неговата рамноправност со другите народи на Југославија. Нема пославна дата од денешниот ден на кој го чествуваме големиот спомен на незаборавниот, бесмртниот основоположник на македонското револуционерно движење, најверниот син на Македонија, кој ги остави коскиte, кој го даде својот живот пред олтарот на македонската татковина.

Гоце Делчев, големиот син на Кукуш, се бореше во текот на 10 години за Македонија да биде слободна, рамноправна со другите слободни народи на Балканот, рамноправен член на балканското семејство.

Гоце Делчев, вистинскиот син на Македонија уште од ученичката клупа, во Солунската гимназија, а потоа и во Военото училиште во Софија покажа квалитети какви што немаше друг македонски син: бистар ум, кој бргу можеше да се ориентира за потребите и стремежите на македонскиот народ, запознат со положбата на Македонија и во меѓународните односи, смел, бестрашен, секој момент готов да го жртвува својот живот за татковината, за своите другари, кои се наоѓаа во опасност, Гоце Делчев надарен со големо срце, наследени до нивото на неговата незаборавна мајка, беше и останува најголемиот син на Македонија.

Гоце Делчев не се бореше само со пушка во рака туку се појави како голем организатор и ненадминат пропагатор и агитатор како апостол на македонската и балканската револуција; тој се бореше со самопожртвуваност и себеоткажување. Непријател на турскиот феудализам и аполутизам, непосредните

угнетувачи на македонскиот народ, јасен противник на освојувачката политика на бугарскиот врховизам како и на српскиот и грчкиот шовинизам и империјализам, јасен противник на завојувачката политика на големите европски капиталистички држави, Гоце Делчев не само што се бореше применувајќи ги тие принципи против сите непријатели на Македонија, но тој успеа да ја подготви и да ја организира цела Македонија во името на тие принципи.

Особено резултати даде таа негова борба во пиринскиот крај и југоисточниот крај на Егејска Македонија, која претставува најздравата идеолошка база, нерушливата карпа врз која се разбиваат сите пеколни планови на врховизмот. Тука се формира една идеолошка фаланга, која по неговата херојска смрт ја продолжи борбата против директните и индиректните непријатели на Македонија со несмалена енергија.

Гоце Делчев, можеше да победи благодарение на своите лични квалитети насекаде во Македонија и со самопрегорни борци, херои за светата кауза на Македонија.

Изминаа 43 години од смртта на славниот син на Македонија Гоце Делчев. Спомените за него остануваат така свежи во нашето паметење како од времето на неговата дејност. Тој што имаше среќа да разговара со него, да работи со него и да дејствува под неговото раководство, под неговите укажувања, тој никогаш не можеше да го заборави, тој никогаш нема да ја заборави, до крајот на животот, величествена фигура на апостолот на македонската револуција. Гоце стаса да го раководи народното востание. Тој беше убиен како резултат на предавство од турската солдатеска на 21 април 1903 година (стар стил - 4 мај). Тој не ги доживеа борбите што се водеа по неговата смрт против непријателите на македонската слобода. Тој не беше среќен да го види реализирано делото на кое тој му се предаде со сета душа и срце. Тој не можеше да ја види слободната народната македонска република во ФНРЈ.

Но јас би сакал делото на Гоце Делчев да биде продолжено од целиот македонски народ. Велам целиот македонски народ зашто од непријателите на македонската слобода останува една незначителна група која се постави во служба на него-

вите угнетувачи и им помагаше за да ги разбие редовите на оние Македонци што се бореа за ослободувањето на македонскиот народ.

Делото на кое Гоце Делчев му ги постави темелите беше продолжено во народноослободителната борба која македонскиот народ ја водеше под раководството на еден друг јужнословенски великан - маршал Тито.

Маршал Тито беше човекот кој ја организира борбата на македонскиот народ заедно со таа на другите југословенски народи против угнетувачите, против потиснувачите на македонскиот народ и другите народи на Југославија. Во четиригодишната борба, која народите на Југославија ја водеа против окупаторите, нашиот народ имаше голем придонес.

Македонскиот народ јуначки се бореше против окупаторите Германци, Италијанци, Унгарци, Бугари и домашните слуги на окупаторите. Во таа борба нашиот народ даде скапи жртви, скапи жртви не само за делот на Македонија, кој е во Југославија туку и за другите два дела на Македонија: Егејска Македонија и Пиринска Македонија.

Благодарение на големата политичка далекувидност на воениот гениј на големиот маршал на Југославија - Тито како и благодарение на херојството на македонскиот народ и на другите народи од Југославија и на големата помош од Советскиот Сојуз и на неговата Црвена армија и нивните сојузници, се оствари делото на Гоце Делчев.

Едниот дел од Македонија е национално ослободен врз темелот на заедничката борба на народите на Југославија, следствено и на македонскиот народ, кој преку нивните претставници го поставија во босанскиот град Јајце на 29. XI. 1943 г., признавајќи му го на секој народ правото на слобода и рамноправност со другите народи во државата. Врз основа на тие принципи борбата продолжи, непријателот беше разбиен и македонскиот народ ја конституира својата државност, ја основа својата прва држава по Самуиловата, која беше основана на денот на големото народно востание Илинден - 2 август 1944 година. Така се поставија основите на македонската држава во сојузот на

народите на југословенските републики во Федеративна Народна Република Југославија.

Другите два дела на Македонија, иако нашиот народ во тие реони се бореше со голема пожртвуваност, не го добија своето национално ослободување, своето државно конституирање. Тие не се вклучени во Народна Република Македонија во ФНРЈ.

Нашите браќа од Пиринска Македонија се радуваат на слободата и рамноправноста каква што им ја гарантира Отечественофронтовска Бугарија, но тие уште немаат своја македонска државност. Нема сомнение дека тоа тие ќе го добијат кога ќе се присоединат, како што изразија авторитетни претставници на конгресот на жените, кој се одржа во јуни оваа година во Скопје, а исто така и на Првиот конгрес на Н(ародниот) фронт, кој се одржа на 2 август оваа година во Скопје.

Желбата на нашиот народ и во третиот дел од Македонија - Егејска Македонија е тој да се присоедини кон Народна Република Македонија во ФНРЈ. Тоа е желбата, несомнено, како на целиот македонски народ така и на сите народи на Југославија на сите Јужни Словени, на целото словенско слободољубиво човештво. Но, режимот кој беснее во Егејска Македонија останува голема пречка за остварувањето на идеалот за слобода и рамноправност на целиот македонски народ, за обединувањето на нашиот народ во Титова Југославија.

Еден крвав режим беснее во Грција и особено во Егејска Македонија. Грчките фашисти, монархисти и шовинисти се подготвуваат да го уништат најразбудениот дел од нашиот народ, да го ограбат, да го прогонат од Егејска Македонија. Тие се подготвуваат да имаат една Македонија без Македонци.

Во последно време тие протерувачи презедоа една бесна хајка, еден истребувачки поход против сè што е македонско. Фашистичка Грција ја претвори половината од нашата земја - Егејска Македонија ја сочинува половината од целата територија на Македонија во африканска колонија. Ние го имаме правото достоинствено да објавиме дека Грција нема апсолутно никакво право, ни етничко, ни политичко ни економско на Македонија. Грчките монархисти, шовинисти, империјалисти и фашисти, кои се подготвуваат да ја обезлуѓат од Македонците на-

шата земја Егејска Македонија и на тој начин да можат да им нанесат силен удар на нашите праведни, законски барања за обединета Македонија во рамките на ФНРЈ, жестоко се лажат дека ќе можат да ги остварат своите пеколни планови. Жестоко се лажат и нивните покровители.

Македонскиот народ, особено македонскиот народ во југозападниот дел на Егејска Македонија, кој најактивно учествуваше во народното востание од 1903 година, кој ја манифестира својата сила на отпор, пожртвувано борејќи се против непријателите на македонскиот народ и кој во таа борба даде големи жртви, таа борба ќе ја продолжи заедно со грчкиот народ, со прогресивните сили на Грција за уривање на тиранскиот режим, режим кој се потпира на оружените сили на една туѓа држава. Тој ќе продолжи да се бори за протерување на тие сили од Грција за воспоставување на една народна власт, за својата слобода и рамноправност, истовремено за обединување со своите браќа во Народна Република Македонија во ФНРЈ.

Борбата на нашиот народ во Егејска Македонија ќе се овенча со успех. Во тоа не може да има никакво сомневање. Херојските подвизи на нашите браќа и сестри таму, подвизите на Мирка Гинова[177] од Воден и нејзините шестмина другари егзекутирани од грчките фашисти и монархисти, подвизите на Софија Зигоманова, Тодор Трпчев, Крсто Кирациев и други двајца борци кои шест часа се бореа против шестотини оружени фашисти, кои ги опкружија со три обрачи и кои освен Зигоманова, ранета на 12 места, неподвижна, се самоубија за да не паднат во рацете на инквизиторите, како и секојдневните борби на целиот наш народ во тој дел на Македонија ги води против угнетувачите, се еден од најголемите докази дека нашиот народ таму ќе се ослободи од синџирите на ропството и ќе заживее слободен живот, како и ние, во македонскава народна република.

[177] Мирка Гинова (1919 - 1946), учесник во антифашистичката војна на Грција и во ослободителната борба на Македонците во егејскиот дел од Македонија.

Тој наш народ а и сите ние сме длабоко убедени дека грчкиот монархофашизам ќе биде поразен и тие наши браќа ќе бидат обединети во нашата република затоа што тоа е волјата на нашиот народ во Егејска Македонија, тоа е волјата на целиот народ во Пиринска Македонија, тоа е волјата и желбата на сите југословени и сите Јужни Словени, како и на сите наши пријатели и на оние што ни сакаат добро.

Делото на кое Гоце Делчев му ги постави основите е големо ослободително дело. Ние соборците, учесниците и следбениците на Гоце Делчев, ние чесните Македонци се бориме за успехот на Македонија и на Југославија, за обнова на нашата земја, за подигнувањето на културното ниво на нашиот народ под водството на најголемиот син на Југославија, водачот на македонскиот народ, народниот херој Тито. Ние со почит се поклонуваме пред посмртните останки на нашиот голем прво-апостол борец Гоце Делчев и пред неговиот светол спомен.

Нека живее вечно неговото име!

Нека го осветлува патот на македонскиот народ кон слободата, среќата и благосостојбата!

Димитар Влахов

## 34.
## ДЕЛ ОД ИЗВЕШТАЈ
## до Кабинетот на Јосип Броз за спорните прашања на разграничувањето во ДФ Југославија[178], Белград, 31 октомври 1946 година

…VII.[179] Како спорни прашања меѓу НР Србија и НР Македонија се поставуваат:

1) Месниот народен одбор Генерал Јанковиќ со 11 села (Генерал Јанковиќ, Сечиште, Пали-Воденица, Режанци, Горанци, Пустеник, Крвеник, Дивце, Штрмјак, Ѓурѓев Дол и Макавци, кои сега ѝ припаѓаат на Качаничката околија - НР Србија (Космет),

[178] АПР, KMJ-II-5-b/66

[179] Во претходниот текст се зборува за други спорни прашања во други републики и покраини.

би требало, според мислењето на Владата на НР Македонија да ѝ припаднат на околијата Ѓорче Петров - НР Македонија од причини што економски се поврзани со Скопје, а географски гравитираат спрема НР Македонија, од Скопје се оддалечени околу 20 км а од Приштина 70 км и што е желбата на населението од овие села да ѝ припаднат на НР Македонија.

2) Манастирот Прохор Пчински. Според тврдењето на Владата на НР Македонија поголемиот дел од земјата на овој манастир се наоѓа на територијата на НР Македонија, а помалиот дел од истото со манастирот на територијата на НР Србија, а и од општопознатите историски причини манастирот би требало да се присоедини со НР Македонија.

3) Селата Герман и Нерав. Според тврдењето на Владата на НР Македонија, по разграничувањето, прашањето на припадноста на овие села остана отворено, макар што привремено ѝ припаднаа на Кривопаланечката околија.

Владата на НР Македонија е на мислење дека село Нерав и половина на село Герман (Мала Крше, Крив Рид и Шипак), треба да се присоединат со НР Србија, а втората половина на селото Герман (Модра Глава, Средна Маала и Орашачка Маала) кон Крива Паланка, НР Македонија, поради следниве причини: а) Селото Нерав и половината од селото Герман географски се поврзани со Трговиште, а од Крива Паланка ги дели планински масив кој е непрооден за време на зимата; б) од Трговиште се оддалечени 2 - 3 часа, а од Крива Паланка 6 - 8 часа; в) економски се поврзани со Трговиште; желбата на населението е да се припојат кон Трговиште.

4) Државната шума наречена Копиљача, од која според извештајот на Министерството за шуми на НР Србија 2. 138 ха се наоѓа на територијата на Жеглиговска околија (Куманово), а 1.245 ха на територијата на Гниланска околија. Фактот што оваа шума се наоѓа и на територијата на НР Србија и на територијата на НР Македонија, предизвика судир за ова прашање меѓу едната и другата околија, зашто Гниланската околија ѝ го

оспорува на Жеглиговска околија - НР Македонија, правото на користење на оваа шума.
31 октомври 1946 г., Белград

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

## 35.
## ДИПЛОМАТСКИ ПРОЦЕНА
## за политичката ситуација во Грција во летото и есента 1946 година по избувнувањето на Граѓанската војна во Грција, Атина, 31 октомври 1946 година

Извештај за политичката ситуација во Грција во месец октомври 1946[180]

Монархофашистичката влада почна на својата кожа да ги чувствува последиците од целосниот неуспех на својата вкупна политика. Народот сè посилно ѝ ги возвраќа на Владата нејзините антинародни удари. Со терор предизвиканото народно востание во октомври ја достигна досега највисоката развојна точка. Наместо зацврстување на положбата, засилениот терор на Владата ѝ донесе народна борба со таква сила што почнува да ги тресе темелите и да ја разорува власта на народот на сè пошироки подрачја. Силината на порастот на силата на востанието повеќе не остава никаков сомнеж во резултатот: Владата и нејзината политика на крај мора да се сменат со милост или со сила. Делумните мерки нема да донесат никакво решение. Состојбата ги принуди и англиските окупатори да бараат излез од магичниот круг на својата политика во Грција. Англискиот монархофашистички режим ја преживува својата најдлабока криза.

Монархофашистичката влада во октомври 1946 од устата на претседателот Цалдарис призна дека задушувањето на вос-

[180] MSPS, F-31, dov. br. 13874. Доставено и до Управата за државна безбедност при МВР на ФНР Југославија Белград.

танието стана нејзина главна и основна задача. Влатата и генералштабот со помош на англиските окупатори направија сè што е во нивната сила за да го остварат внимателно и сестрано подготвуваниот план за задушување на востанието. Операцијата за чистење, кое повторно го презеде војската заедно со жандармеријата, завршија со целосен неуспех. Партизанското движење од тие операции излезе со нови поважни успеси, зајакнато со поголем број нови борци, опрема и со уште поцврст морал. Фактот за дебаклот на операцијата за чистење и сè посилното расплламтување на партизанската војна длабоко ја вознемирија Владата. Таа повеќе не е во состојба да ги прикрива тие факти иако се обидува да го прикрие нивниот обем. Еве преглед за постојаниот пораст на партизанските акции во текот на последните четири месеци според соопштението на самата влада, а вистинската состојба е уште понеповолна за самата влада и многу поповолна за партизаните, особено во поглед на исфрлените од стројот припадници на владините сили:

| | Јули | Август | Септември | Октомври | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на судири и партиз. напади | 45 | 111 | 163 | 229 | 548 |
| Број на села и градови во кои влегле партизан. | 50 | 63 | 182 | 308 | 603 |
| Број на убиени, ранети и заробени владини војници жандарми и бантиди | 83 | 467 | 659 | 776 | 1985 |
| Мостови и камиони | 20 | 12 | 51 | 64 | 157 |

Операцијата за чистење, која ја изврши грчката војска во октомври 1946 г. ја докажа својата совршена јаловост и целосна немоќ на режимот во борбата против партизаните.

Во Генералштабот веруваа дека до досегашниот неуспех дојде поради тоа што досегашните операции се водени без единствен генерален план разработен во сите детали. Затоа Генералштабот со помош на англиските офицери подготви генерален план за воени операции кои требале да се реализираат со употреба на тенкови, авиони, ракетни авиони, пламенофрлачи и сите модерни орудија, освен атомски бомби. Еднонствен резултат на овие нови операции беше засилувањето на партизанското движење. По овој неуспех преземен е вториот поход со 60 баталјони, но дебаклот на втората офанзива беше полош од првата.

Владиниот орган „Еликикос Ема” беше принуден да признае:

„Не успеаја досегашните операции и анархистичкото движење е сѐ поинтензивно. Има цели краишта во кои нема ниту еден државен орган и никаква државна власт”.[181]

Блиската на англосаксонците „Елефтерија” престана партизанското движење да го нарекува бандитско и сега го нарекува побуна. За истиот повод весникот вели: „Не успеаја операциите за чистење и бунтовничкото движење и тоа е сѐ посилно. Моралот опадна кај војската, а не кај герилците.

Дезеретерството во војската зазеде таков обем што предизвикува узбуна во владините кругови. Стотици војници и многу офицери непрекинато одговараат пред воените судови, кои ги судат на смрт, доживотен затвор и други тешки казни. Цели воени единици искажуваат неподготвеност да влезат во војна со своите сонародници. Ултрамонархистичката ридска бригада во почетокот на октомври беше пратена во Тесалија кај војската да ѝ „влее” повеќе доверба на Владата. Командантот на вториот армиски корпус е обвинет од командантот на една дивизија поради неактивност и недоволна грижа при воде-

[181] Подвлекувањата се во оригиналниот документ.

њето на операциите, а командантот на корпусот одговори со истите обвинувања против командантот на дивизијата.

Самата Воена лига во својот весник „Емброс” објави: „Ништо не треба да се очекува од операцијата чистење”. Нивната единствена надеж е во повторното вплеткување на британските сили во воените операции, комбинирани со големи прогонства на раководството на левицата.

АКЦИИТЕ НА ПАРТИЗАНСКИТЕ ОДРЕДИ во текот на октомври беа толку интензивни што Владата беше принудена да им нареди на истурените жандармериски станици да се повлечат во најблиските жандармериски команди. Оваа мерка е преземена поради тоа што партизаните лесно ликвидираа многу изолирани жандармериски станици.

Партизанските одреди во октомври имаа голем успех во набавката на опрема, оружје, муниција и храна за зимско војување. Најголемата партизанска операција во текот на октомври секако беше заземањето на многу јакиот воен центар на градот Науси во ноќта меѓу 1 и 2 октомври. Градот го заседоа партизанските сили од 1.300 борци. Во жестоките борби во Науси изгореа 10 куќи. Науси во рацете на партизаните беше 6 часа кога го напуштија и откако од градот извлекоа значаен плен и откако пристигна засилувањето од владините трупи.

Наспроти тврдењето дека герилците се вооружуваат во странство во Грција во последно време се истакнуваат и големите успеси на партизаните во вооружувањето со оружје од владините трупи. Најголем досега објавен плен стекнаа партизаните во градот Дескати, каде што заплениле 4.000 пушки, 700 автоматски пушки, 80 сандаци рачни бомби, 200 сандаци муниција, 1.200 мини, неколку противтенковски топови, иљади покривачи и шинели и 30 товари санитетески материјал.

МОНАРХОФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР во провинцијата сега е многу полош отколку за време на осовинската окупација. Со исклучок на неколку поголеми градови, цела Грција е претворена во боиште. Доколку е поголем неуспехот на Владата да го задуши востанието, дотолку се пожестоки ударите од страна на владините органи, војската, жандармеријата и монархофашистичките бандити врз демократското движење. Монар-

хофашистите без никаква контрола убиваат, палат, силуваат, пљачкаат, затвораат и протеруваат на пусти острови. Теророт е страшен особено во градовите на западна Македонија. Во едно село кај Кукуш жандармеријата изврши такви насилства што истиот ден заминаа в планина 180 селани. Масовните затворања се секојдневна појава. Цели каравани од жени, деца и старци пристигнуваат во Солун од каде што ги превезуваат на „островите на смртта". Овие прогони сите демократи способни за борба ги тераат в планина, а монархистите во градот.

Масовните колежи кои ги вршат монархофашистичките бандити на Пелопонез ги објаснуваат вистинските причини за сè посилната активност на прогонетите републиканци и на јужен Пелопонез. Овие колежи ги врши бандата на капетанот Кацареас, офицер на осовинските баталјони на безбедноста и капетан на сегашната грчка војска. Кацареасовата банда само во селото Вамвакос на Пелопонез закла 42 лица. Карактеристично е дека Кацареас заедно со републиканците ги убива и оние монархисти што бараат помирување и национално спогодување.

Против десничарските банди Владата не презема апсолутно ништо бидејќи ги смета за свои сојузници. Така монархофашистичкиот разбојник Сурлас, кој убува и ограбува во Тесалија, ги прима дописниците и им дава интервјуа. Како што пишува „Елефтерија" Сурлас слободно се шета по селата и одржува врска со државните власти за безбедност.

Јакнењето на партизанската војна низ цела Грција докажува дека операцијата на чистење и терор не може да има никаков успех во задушувањето на народното востание. Монархофашистите и сами ги напуштија своите големи надежи за задушување на востанието и смирување на земјата пред зимата. Така долго, додека владината политика останува непроменета, неизбежно е дека оружената борба ќе се засили. Никакви дополнителни „вонредни мерки" не можат да наметнат владин фашистички ред и мир без природна реакција од страна на народите. Сосема обратно, монархофашистичката влада секој ден без прекин ги губи последните траги на својата некогашна каква-таква поткрепа кај народот. Десничарските весници сега

отворено пишуваат за „идеолошкото распаѓање” во војската, која сѐ поочигледно не е расположена да се бори против својот народ кој е приморан на оружена самоодбрана.

## СО НОВАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВЛАДАТА ДОТУРА МАСЛО НА ОГНОТ

Цалдарисовата влада не извлече никакви заклучоци од неуспешните воени операции „чистење” и терор против народот. Напротив таа реши да преземе такви мерки што несомнено ќе придонесат за уште посилно распламтување на народното востание. Владата првобитно одлучи на својата седница од 7 октомври да изврши „локална мобилизација во пределите каде што владаее анархија”, мобилизирајќи ги приврзаниците на популистичката партија со лично повикување. Беше предвидено мобилизираните да добијат оружје без униформи и без да се потчинат на воена дисциплина со тоа што да останат во своите села и по потреба да учествуваат во операциите против герилците. Не е тешко да се предвидат последиците од ваквите мерки. Партиската мобилизација би ги натерала сите републиканци в планина, а во селата би останале само вооружените монархисти.

По повод оваа владина одлука, шефот на либералите Софулис изјави: „Само грчкиот лоштотилак би можел да ја поттикне погубната мисла за вооружување на селаните. Јасно е дека со оваа мерка ќе се намножат вооружените банди на екстремната левица, ќе се генерализира граѓанската војна и грчкиот народ ќе го подели на два табора во војна на сите против сите”.

Генералштабот не се согласи со владиниот предлог за мобилизација. Генералштабот предложи мобилизација врз основа на планот и под извесни услови. Војската би ги употребила селаните во некои операции и само во тие прилики би им било поделено оружје, кое по операциите би морале да ѝ  го вратат на војската.

Потпретседателот на Владата Гонатас на 12 октомври изјави дека Владата се откажа од вооружувањето на селаните популисти и реши мобилизацијата да ја зголеми редовната сила на војската. Мобилизацијата почна да се врши со лични покани, се разбира за сигурните обврзници. Резултатот веројатно ќе би-

де сосема ист. Со новата мобилизација владата дотура масло на огинот.

За вооружување на новите мобилизирани грчката влада ѝ се обрати на англиската влада со молба да ѝ даде поголемо количество оружје и опрема. Генералштабот реши бројната состојба на редовната војска да удвои од 80.000 на 160.000 луѓе. Ваквите информации на весникот „Елефтерија" индиректно се потврдени од службената страна. Генералштабот смета дека евентуалната помош на бандите однадвор ќе биде отежната ако граничната стража од 26.000 се зголеми на 40.000 луѓе.

Министерот на војската Мавромихалис бараше Англичаните да ја издржуваат и зголемената редовна грчка војска и тоа не само до крајот на оваа туку и на идната година. Како што е познато англиската влада се обврзала да ја издржува и да ја снабдува грчката војска од 80.000 луѓе до 31 декември 1946 г. Грчката влада единствено им ги исплатува платите на офицерите. Англичаните не покажуваат волја да преземат нови обврски за издржување на зголемената грчка војска. Во најдобар случај тие ќе се согласат да ги кредитираат тие трошоци, се разбира на сметка на грчкиот народ. Во силна притеснетост Мавромихалис побара од англосаксонците да добие кредит од 120 билиони драхми за ова зголемување на бројот на војската. Се разбира дека не се води никаква сметка како и со колкави камати грчкиот народ ќе плати за британското оружје потребно за пролевање на крвта за сметка на британскиот империјализам.

## БРИТАНЦИТЕ БАРААТ ИЗЛЕЗ ОД МАЃЕПСАНИОТ КРУГ НА СВОЈАТА ПОЛИТИКА ВО ГРЦИЈА

Операциите чистење морале да го уверат и британскиот генерал Равлингс, кој ги следеше толку внимателно што не може повеќе ништо да се очекува во тие операции од грчката војска кога таа војска се праќа во противнародна авантура. Воопшто не помага ниту постојаното „чистење" на републиканските елементи од војската. Британските воени кругови во Грција сепак веруваат дека нема друга алтернатива за одржувањето на „рамнотежата" спрема народот (особено во случај на повлекување на британските трупи) освен зголемувањето на грчката војска за натамошни 80.000 војници. Британците, како што из-

гледа, исто така биле против владиниот план за создавање на цивилна гарда на вооружани „прособрани” монархистички селани, кои би биле под контролата на грчкиот генералштаб, односно на британската воена мисија која го контролира и генералштабот. Поради тоа британско противење не беше ни усвоен првобитниот владин план. Британците имено интервенирале во декември 1944 во Грција поради распуштањето на ЕЛАС со изговор дека наводно ЕЛАС била „приватна војска”. Поради тоа британските окупатори сега повеќе сакаат да создадат силна редовна грчка војска која се разбира дека ќе им биде верна и слепо послушна.

Официјалната британска политика во Грција сега се наоѓа во мошне деликатна положба. Од една страна британската влада го чувствува сè посилниот притисок на самиот британски народ и на меѓународната јавност за повлекување на британските трупи од Грција, а од друга страна таа може јасно да замисли каква е нестабилната положба на монархофашистичкиот режим, кој ја ужива британската поддршка и постојано бара сè повеќе странски и домашни бајонети за да може да се одржи со сила на наметнатиот режим на народот.

Командантот на британските сили на среден Исток генералот сер Мајлс Кристофер Демпси дојде на 8 октомври во Грција по желбата на Бевин за да ја испита „вистинската“ ситуација во Грција во врска со следните две прашања, на кои Цалдарис го предупреди Бевин: 1) безбедноста на грчката граница на север и 2) молбата на грчката влада да се зголеми бројната состојба на редовната грчка војска. Демпси нагло отпатува во Лондон со генералот Графорд, командант на британските окупациски сили во Грција.

Неочекуваното доѓање на британскиот генерал Симпсон на 19 октомври во Грција и неговите разговори со грчкиот министер на вооружените сили и началникот на генералштабот се во тесна врска со преговорите за чувствителното прашање за новото англиско оружје за Грција и за позициите на британските империјалистички интереси на источниот Медитеран.

Овие посети на британските генерали и нивните разговори со грчките министри и со кралот Јоргос допуштаат претпос-

тавки дека британската влада подготвува нови важни одлуки во однос на Грција во прв ред во однос на новите обиди за задушувањето на востанието.

Постепените движења на британските воени сили во Грција, продолжувањето на престојот на британските поморски сили во грчките води, изјавите на англиските политичари во парламентот во однос на Грција и престојот на англиските команданти во Грција го исполнуваат грчкиот народ со немир. Народот е во страв дека грчката влада не само што нема да ја прекине катастрофалната окупација на Грција, туку дека британската интервенција ќе биде уште и зајакната и тоа на сметка на грчкиот народ. Секој ден расте бројот на оние, досега заведени Грци, кои ја сфаќаат вистинската улога на Британците во Грција. Немирот на мнозинството на грчкиот народ најде израз и во апелот на ЦК на ЕАМ до Организацијата на обединетите нации за повлекување на британските трупи и за прекин на секаква странска интервенција во грчките внатрешни работи. По повод посетата на британските команданти на Грција и нивните тајни конференции со кралот Јоргос, со грчкиот генералштаб и владата на ЕАМ издаде соопштение во кое меѓу другото се вели:

„Овие факти покажуваат дека нешто сериозно и трајно се плети на штета на Грција. Политичката коалиција на ЕАМ го смета за своја национална должност веднаш да изјави јасно дека ако овие посети и преговори имаат за цел специјални обврски на Грција и концесии, кои не се во согласност со националниот суверенитет и независноста и истовремено ако се опасни за мирот и надворешната безбедност на земјата, грчкиот народ во ниту еден случај не е расположен да ги признае".

Што било да преземат Британците повторно ќе мора да се соочат со фактот дека никаква војска не може да ги реши внатрешните проблеми на Грција, додека во земјата не биде воспоставена демократија и независност. Зголемувањето на антинародната војска, новите баталјони за безбедност или новата интервенција на англиските или американските трупи уште повеќе ќе ги тера Грците во планина, и покрај фактот што таа

војска ќе биде уште подобро и посилно снабдена со англосаксонското вооружување. Таков е магепсаниот круг со кој се заплетка британската политика во Грција. За да се извлече некако од тој маѓепсан круг британската политика сега сака да види „на власт” во Грчката коалициона влада на десницата и елементи од центарот, која би имала повеќе углед меѓу малцинството расположено да соработува со британските империјалисти.

„ВЛАДИТЕ” СИ ОДАТ, АНГЛИЧАНИТЕ ОСТАНУВААТ...

„Остроумниот” Цалдарис, балансирајќи на работ на безднатa долго се обидуваше да не ја признае својата критична положба. Пред опасноста од заминувањето барем од главната положба во Владата што му го подготвуваа неговите англиски господари, тој се криеше со приказните за својата „национална” мисија на мировната конференција во Париз и подоцна од другата страна на океанот на конференцијата на Организацијата на обединетите нации. Тој се надеваше дека развојот на настаните ќе ја ублажи или барем привремено ќе ја намали затегнатоста. Така мислеше да го зачува својот кабинет недирнат или во секој случај да се вкопа во своето „парламентарно мнозинство”. Сепак, сите перспективи се против него.

Како што изгледа, Цалдарис никако не може да сфати зошто Англичаните сега ја бараат неговата глава, односно неговото отстранување од главната и водечката позиција во Владата. Нему секако, сепак мора да му биде јасно дека кон таа цел мора да води сѐ посилен притисок којшто врз него го вршат Британците и Американците. Тие го принудија и покрај неговото големо „парламентарно мнозинство” да ги води за него толку омрзнатите преговори за коалициона влада. Амбасадорите на Британија и Америка во Атина исто така во името на своите влади му „препорачаа” да не оди на конференцијата на Обединетите нации во Њујорк, за која веќе се беше подготвил и така да ја одложи својата оставка. Цалдарис е изненаден поради овие постапки на своите гоподари затоа што и досега тој ништо друго не работеше туку ги слушаше нивните наредби. Ништо не менува во работите тоа што Цалдарис со својата клика во спроведувањето на англосаксонските директиви беше со уверување дека таквата политика допушта перспектива за блиска и

можеби непосредна трета светска војна и дека Грција ќе ја има „честа" да биде нејзината појдовна точка. Од тоа произлегуваат само провокаторските изјави на Цалдарис, слични на оние за Грција како „брана против комунизмот", кои им беа непријатни и на самите Англосаксонци, но немаа тешки последици. Инаку, политиката на Цалдарис навистина беше политика на англосаксонските империјалисти. Внатрешните борби, отсуството на секаква обнова, невработеноста и сиромаштијата на грчкиот народ, им се потребни на Англичаните за Грција да биде слаба и целосно зависна од нив и така да можат да ја задржат како своја воена база. Меѓутоа, народното востание предизвикано од таквата англиска политика не можеше да се задуши по порачка со насилни мерки и со воени операции на војската. Со својата политика на терор над грчкиот народ англиските империјалисти можеа лесно да опредалат и точно да предвидат кога и како ќе предизвикаат народно востание, но не можеа да предвидат кога и како ќе заврши востанието. Сите воени и други мерки на нивната нова политика за задушувањето на востанието претрпеа целосен крах. Положбата предизвикува голема загриженост за окупаторите. Развојот на настаните во Грција отиде многу подалеку отколку што сакаа Британците. Затоа Лондон однапред се грижи не само за својата „нова грчка владина гарнитура" со Софулис и другите, туку и за пронаоѓањето на „главниот виновник" за неуспехот на нивната политика и денешната страшна состојба во Грција, врз чија глава во случај на потреба би се урнал оправданиот гнев на народот. За таков главен виновник најподобен е Цалдарис, кој веројатно наскоро ќе замине, барем од главното и раководното место во Владата, кога за тоа Англичаните дефинитивно ќе решат. „Владите" заминуваат, а Англичаните остануваат...

## „ПАРЛАМЕНТАРНАТА ОПОЗИЦИЈА" ЦЕЛОСНО СЕ РАЗОБЛИЧИ

До својата конечна одлука за ситуацијата Англичаните му препорачаа на кралот и на Цалдарис да се обидат да постигнат барем некое привремено решение со коалиционата влада. Преговорите за коалициона влада почнати во почетокот на октомври беа прекинати поради одењето на Цалдарис и шефови-

те на парламентарните партии во Париз на крајот на мировната конференција. Што се донесува за самиот крал, тој покажа желба да дејствува многу внимателно во својот однос спрема „парламентарното мнозинство”, зашто тој сега има многу причини да ја нагласи приврзаноста спрема „уставното владеење”. Меѓутоа, Цалдарис покажа расположение остро да се бори за да не ја изгуби својата функција претседател на Владата. Тој ѝ предложи на парламентарната опозиција да влезе во Владата под услов да ја прифати владината програма. Се надеваше дека барем Софоклис Венизелос или некој друг од десничарите опозиционерски шефови ќе се согласат да го спасуваат и во исто време да бидат кукли во проширениот кабинет. Меѓутоа шефовите на парламентарните партии покажаа желба да се држат понастрана од владата на Цалдарис, од бродот што тоне.

Шефот на Либералната партија Софулис во преговорите констатира целосен дебакл на целокупната владина внатрешна и надворешна политика, нагласи дека на денешната трагична ситуација не може да ѝ се помогне со просто проширување на Владата, туку со радикални промени на политиката. Смета дека не е важно кои партии ќе влезат во Владата туку каква политика ќе примени Владата. Софулис бараше во земјата да се воведе ред и тоа божем не со сила туку со политика на „помирување”. Имено, според неговиот предлог новата влада би требало да им го гарантира животот на побунетите, да им предложи да се вратат од шумите во определен рок и да го предадат оружјето. Ако во одреден рок се предадат, да им се прости вината. „Истата постапка треба да важи и за десничарските и за левичарските банди”. Софулис како „најугледен демократ од западен тип“ категорично бараше „екстремната левица (ЕАМ) да не биде застапена во новата влада, туку само парламентарните партии”. Софулис воопшто не бараше во што покус рок да се спроведат избори без кои не може да се реши внатрешниот проблем на Грција. Значи Софулис е целосно на линијата на такво решение какво што Англичаните би можеле лесно набргу да го применат во сегашнава ситуација.

Целокупната парламентарна опозиција, заедно со Софулис, не се согласи со Цалдарис, кој во својот реферат на соста-

нокот на шефовите на парламентарните партии не наведе дека Владата ги смета „и десничарските банди како фактори на внатрешниот неред". Освен тоа опозицијата не го дели мислењето на Владата дека внатрешниот проблем може да се реши „само со динамични средства". „Истовремено опозицијата бара покрај динамичните и политички и социјални средства". Значи, покрај примената на оружјето за програмското задушување на народното востание, целата парламентарна опозиција бара уште и примена на посипување пепел во очите на народот. Таквиот став ја разобличува целата грчка парламентарна опозиција на чело со Софулис како на заколнет непријател на огромното мнозинство од народот, непријател којшто поради својата подмолност е многу поопасен од монархофашистичките бандити.

За Англичаните немаше никакви причини Цалдарис да не ја прифати ваквата програма на новата влада туку под нивниот притисок Цалдарис да ја прифати. Софулис меѓутоа, отиде и подалеку од другите „парламентарни" шефови. Тој бараше да се основа нова влада без популистите, чија политика се покажа како катастрофална за грчкиот народ. Софулис за себе го бараше претседателството на Владата. Англичаните за сега таквото решение го одложија, веројатно додека не се проучи со Лондон. Меѓутоа, владата на Цалдарис веќе продготвува закон според предлогот на Софулис за мерки за „помирување" т.е. за обид за разоружување на народните борци со помош на новата измама слична на таа од Варкиза.

Англичаните и кралот Јоргос се обидоа на 29 октомври со уште една комбинација со образување влада на широка коалиција со поранешниот регент Дамаскинос како претседател на Владата и Цалдарис и Софулис како потпретседатели со учество на сите шефови на парламентарните партии. Бевин самиот се залагаше за ова макар и како привремено решение. До овој обид дојде по острата критика на официјалната британска политика во Грција од страна на англиската работничка организација. Обидот не успеа бидејќи го одбија и Софулис и Цалдарис.

СТАВОТ НА ЕАМ СПРЕМА ПРОБЛЕМОТ НА ВЛАДАТА содржан во прогласот на ЦК на ЕАМ од 7 октомври,

според кој тоа е единствено решение што може да ја спаси Грција, е:

1) Англичаните веднаш да се повлечат од Грција за да добие земјата независност и да може да води самостојна внатрешна и надворешна политика.

2) Образување на влада на националниот спас од сите парламентарни и вонпарламентарни партии со учество на ЕАМ.

3) Распуштање на парламентот и распишување на избори за уставотворно собрание според пропорционален систем. Владата треба да ги обезбеди неопходните услови за правилни избори, кои се: а) давање општа политичка амнестија, б) демократизација на државниот апарат, в) повторно составување на избирачките списоци.

ТЕЖОК УДАР ВРЗ НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ВЛАДАТА НА ЦАЛДАРИС беше во текот на октомври потполниот и конечниот неуспех на грчката делегација на мировната конференција во Париз во поглед на грчките територијални и економски ревандикации. Тој удар е дотолку потежок што Владата и во текот на кампањата за плебисцит, па дури и непосредно пред завршувањето на конференцијата во Париз уверуваше дека има сигурни гаранции дека грчките барања ќе бидат задоволени. За жал, поради неправилниот став на ЕАМ којшто ги поддржуваше монархофашистичките империјалистички барања на јужниот дел од Албанија и на дел од Бугарија, овој удар врз монархизмот во целиот печат и изјавите од крајната десница до крајната левица е примен како големо разочарување и неправда направена на штета на грчкиот народ. Шефовите на парламентарните партии на 3 октомври во парламентот го изразија своето незадоволсто и огорченост поради „неправдите" направени на Грција и го ополномоштија претседателот на парламентот да упати протестна телеграма до Организацијата на обединетите нации и на големите сили. Меѓутоа, претседателот на парламентот им упати протести само поради отфрлањето на грчкото барање за корекција на бугарско-грчката граница веројатно поради тоа што прашањето на јужна Албанија го повлече самата грчка делегација.

ЕАМ бараше да одржи протестен митинг поради пропаѓањето на барањето на грчките империјалисти, но Владата не даде одобрение за одржување на митингот. Владата имаше подготвено свој митинг, но го забрани кога ЕАМ ги повика своите привrзаници да учествуваат на овој митинг наведувајќи во соопштението дека тоа ќе значи: а) Барање на народот да се задоволат грчките права 2) Барање да си заминат Англичаните и 3) Барање да се образува влада на националниот спас. Владата донесе забрана и за овој митинг поради страв од „запалливи" пароли.

ОДНОСИТЕ НА ГРЦИЈА СПРЕМА ЈУГОСЛАВИЈА во текот на октомври забележуваат зацврстување на промената што се случи кон крајот на септември. Имено по целосно неконтролирана секојдневна провокаторска кампања против Југославија во говорите на монархофашистичките политичари и најголемиот дел на грчкиот печат, во текот на октомври печатот и понатаму за Југославија внимателно донесуваше само службени и полуслужбени соопштенија и тоа најмногу само во неделните броеви. По повеќе од еден месец на таква пракса сега е целосно очевидно дека тој нов режим во печатот спрема Југославија е определен од страна на Владата односно Англичаните поради причините кои ги наведовме во минатомесечниот извештај. Тактиката со објавувањето на полуслужбени соопштенија, кои редовно му ги доставуваме на Министерството, има цел да не застанат обвиненијата против нас, за да можат по потреба лесно да се оживеат до поранешниот степен на секојдневни тешки провокации. Мачејќи се да го објасни својот неуспех во внатрешната политика, Владата со ваквите соопштенија исто така го одржува својот мит за оружената странска помош на партизаните во Грција како единствена поткрепа на нивниот опстанок. Колку се ништовни владините докази за таа надворешна поддршка на партизаните, докажува и изјавата на министерот за јавен ред Теотокис кој, не спомнувајќи ја Југославија рече дека „Владата знае од каде бандитите добиваат помош, но тешко е на светот да му се дадат докази. Податоците и досијата кои ги имаме за акциите на бандитите лесно може да се окарактеризираат како фалсификувани, но ние знаеме дека се автентични". Освен ваквото и слично подгревање на митот за стран-

ската помош на партизаните, во текот на октомври немаше забележливи испади против нашата земја.

ПОКРАЈ ТЕШКИТЕ ОПАСНОСТИ ШТО ГИ НОСИ СЀ ПОСИЛНОТО НАРОДНО ВОСТАНИЕ ВЛАДАТА СЕ ПЛАШИ И ОД ОПАСНОСТА ОД ГОЛЕМИ ШТРАЈКОВИ

Во економската ситуација во Грција во октомври силно порасна опасноста од нова катастрофална инфлација. Причината за ова зголемена опасност од инфлација е од една страна вистинското, сѐ поголемо зголемување на оптекот на пари, а од друга страна склоноста на приватните претпријатија по неодамнешното апсорбирање на големите кредити видливо да ги зголемат цените на стоката и така полесно да ги отпфатат заемите. Владата на трговците им отвори кредити во износ од 107 милиони долари, во голем дел во американска валута, што ја претставува речиси целата грчка залиха во странска валута. Меѓутоа, поголемиот дел увезени предмети не претставува стока за широките маси на народот, туку луксузна стока со која трговците шпекулираат и која ќе се продава подолго време. Така сега поради ова купување на луксузни крзнени капути и свилени комбинезони, Владата нема долари да купи намирници за основната прехрана на народот, бидејќи УНРРА од нова година ја прекинува работата. Овие факти веќе предизвикуваат скок на цените.

Поради укинувањето на секаква контрола на цените на животните намирници и благонаклоноста на Владата спрема приватното шпекулирање, цените на животните намирници во октомври последно се покачија на 53 отсто во однос на цените во април о.г.

За работниците и службениците се создаде неподнослива положба. Во ниту една друга земја нивото на основната плата не е толку ниско како во Грција.

Шефот на економската секција на британската мисија во Грција Никсон во својата изјава потврди дека чувствителниот пораст на цените на намирниците, постоењето на значаен дефицит и големата загриженост за драхмата. Призна дека платите се неподносливо мали, но дека не може да се зголемат, а драх-

мата да не се изложи на опасната инфлација. Владата беше многу возбудена со Никсоновата изјава и тој е сменет.

Мизерната ситуација на службениците и работниците е неодржлива до таа мера што на крајот на октомври самата десничарска организација на чиновниците презеде иницијатива за организација на штрајкот за владата да ги зголеми платите и така да ја поправи нивната положба. Сосема е извесно дека во денешнава состојба зголемувањето на платите ќе предизвика нова инфлација. Но државните службеници не гледаат никаков друг излез, тие остануваат упорни и решени во почетокот на ноември да прогласат штрајк кој би бил само опомена за Владата, по што би следел штрајк, кој би траел сѐ додека не им се задоволат барањата на штрајкувачите. Кога ќе се има предвид отсуството на секаква обнова и големиот број невработени овој штрајк на целокупниот државен апарат може да има големо значење и може да претставува сигнал за цела низа големи штрајкови. Со тешките опасности кои ѝ ги носи сѐ посилното народно востание Владата сега трепери од опасноста на големите штрајкови.

Атина, 31 октомври 1946.
Отправник на работите,
Шериф Шеховиќ, с.р.

**36.**
## ОПИСИ
**на неколку македонски и други институции во Бугарија содржани во „Картотека Бугарија" подготвувани од дипломатските служби на ФНРЈ во Софија, крајот на 1946 година**

КАРТОТЕКА БУГАРИЈА
НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА[182]

II. Македонското малцинство

Македонското малцинство брои околу 150.000 до 200.000 во Пиринска Македонија и неколку стотици илјади емигранти преселени во разни краишта на земјата.

Големобугарските шовинисти беа смртни непријатели на слободата на македонскиот народ и гледаа на Македонија како на колонија да ја подјармат, а населението да го потчинат и да го ограбат.

Под диктат и под покровителството на Фердинанд и големобугарските шовинисти се оформи нивната агентура во македонското револуционерно движење - врховизмот. Познато е предавничкото антимакедонско дејствување на врховистите, кои ја разбија внатрешната македонска револуционерна организација на Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев и др., кога ја ослободија ја предадоа и ја ставија во служба на завојувачките планови на Фердинанд и Борис и нивните дворски клики.

Тоа особено се покажа во тригодишното владеење на големобугарските шовинисти во Македонија 1941 - 1944 г. Бугарските окупатори не водеа сметка за националната посебност, обичаите и формите на духовниот живот на македонскиот народ. Напротив, тие македонскиот народ го присилуваа да ги прифати бугарскиот вкус и сфаќања, обичаите и песните на бугарскиот народ.

Ситуацијата на Македонците од Пиринска Македонија беше многу тешка за време на монархофашистичкиот режим.

---
[182] MSPS, F-20, pov. br. 43492.

Тие беа изложени на двоен грабеж и потчинетост. Од една страна на бугарските фашистички управувачи од друга страна на фашистичките банди на Иван Михајлов.[183] Бугарските монархофашистички ограбувачи на македонското население, со даноци и намети, и со многу ниските откупни цени за тутунот, а михајловистите со производни и вонредни даночни оптоварувања и контрибуции. Бугарските монархофашисти го угнетуваа и го тероризираа македонското наслеление со Законот за заштита на државата и со цела низа други репресивни мерки. Тие во Пиринска Македонија ги праќаа најкомпримитираните и фашизирани елементи како администратори и полицајци, а врховистите со масовните убиства и колежи вршеле терор врз македонското население. Најдобрите синови на македонскиот народ загинаа од предавничките куршуми на врховистичките терористи: Јане Сандански, Тодор Паница, Чудомир Кантарџиев и Чундев, Гоце Делчев и Димо Х. Димов, Христо Хролев, Симеон Кавракиров и Христо Трајков, Никола Вапцаров и П. Напетов, Никола Парапунов, Никола Калапчиев и Георги Топалов, Станке Клисурски и стотина други родољуби.

Нерамноправноста на Македонците во Пиринска Македонија се огледуваше во многу скудните материјални средства, многу помали отколку во кој било друг крај населен со Бугари. Државата не се грижеше ниту за стопанскиот развој на тој крај, ниту за подигнувањето на културното ниво на македонското население. Училишта и други културни установи тука имаше многу малку, не зборувајќи уште и за тоа дека монархофашистич-

[183] Иван (Ванчо) Михајлов, роден во 1896 г. во Штип (Ново Село), а починал 1990 г. во Рим. Раководител на ВМРО. Член на ЦК на ВМРО станал во 1925 година по убиството на Алесандар Протогеров. Пред тоа бил секретар и благајник, како и началник на пункт во Софија. Под поимот „независна Македонија“, за која се борел во своето дејствување подразбирал Македонија со етничко бугарско население. По превратот од 19 мај 1934 година побегнал во Турција. Во текот на Втората светска војна престојувал во НДХ на Анте Павелиќ (во Загреб). По капитулацијата на Германија се засолнил во Австрија, а потоа во Италија (Рим) каде што останал до крајот на животот.

киот печат го напаѓаше дури и најмалиот обид за развој на сопствената македонска култура.

Ова двојно угнетување и пљачкање на македонскиот народ од Пиринска Македонија придонесе за јакнење на нивната борба против германските агресори и нивните бугарски агенти. Во Пиринска Македонија биле организирани првите партизански одреди, кои се истакнаа со своето пожртвување и хероизам во борбата за националното ослободување.

МАКЕДОНСКИОТ НАУЧЕН ИНСТИТУТ[184]

Повеќе стотини илјади од македонската емиграција во Бугарија го формира својот Македонски научен институт[185], преку кој на „научно” поле би се спроведувала големобугарската пропаганда меѓу македонската емиграција.

На 9 септември 1944 година по реорганизацијата на сите установи на македонската емиграција, кои се откажаа од своето големобугарско дворско раководство, е реорганизиран и Македонскиот институт.

Македонскиот научен институт е една голема задужбина со многу значајни финансиски и материјални средства. Тој располага со свој огромен дом во центарот на Софија, киносала, ресторан, учествува во раководството и контролата на Македонската банка итн.

Чистката извршена во раководството на македонската емиграција на 9 септември 1944 година, така темелно не го зафати Македонскиот научен институт како другите организации на македонската емиграција (Националниот комитет на еми-

[184] MSPS, F-20, pov. br. 42327.

[185] МНИ е основан на 21 декември 1923 година од страна на претставници на македонската интелигенција. Во мај 1947 г. со договор меѓу раководителите на ЦК на КПЈ и БРП (к), МНИ бил распуштен со образложение дека неговото место е во главниот град на НР Македонија Скопје, каде што според тогашните определби се создавала македонската наука, уметност и култура и се градел македонски литературен јазик. Делови од неговата библиотека и од етнолошката збирка биле префрлени во Скопје и тие подоцна во 1948 г. му биле предадени на Институтот за национална историја. На иницијатива на ВМРО-СМКПД од Бугарија, на 3 мај 1990 г. е обновен, така што постои и денес. Го објавува списанието „Македонски преглед”.

грацијата, Братствата, Младинскиот сојуз на емиграцијата). Таму (во Институтот) најдоа засолниште многу луѓе кои се приспособија на новонастанатата ситуација, но во дното на душата му останаа верни на своето големобугарско воспитување. Тоа се Георги Кулишев, поранешен министер за надворешни работи, генералот Кецкаров, Јордан Анастасов, Ангел Томов, Ристо Калајџиев, Павел Делирадев, Димитар Томчев. Забарикадирани зад Научниот институт, тие упорно ги бранат постоечките позиции на големобугаризмот: дека Пиринска Македонија е бугарска и дека треба да остане бугарска, дека не постои македонска нација итн. И со имотот на задужбината тие располагаат така што добиваат корист за себе, своите блиски и своите истомисленици.

Орган на Македонскиот научен институт е „Македонска мисла". (В. К.)[186]

## БУГАРСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ[187]

Бугарската академија на науките и уметностите е основана со Законот од 1911 година.

Таа е создадена од Бугарското литературно друштво, кое било основано во Браила (Романија) 1869 година со цел научно да го обработува прашањето на националната историја и јазик (да направи азбука и научна граматика на бугарскиот јазик) литературната критика, народна литература итн.

Според Законот од 1911 г. таа е автономна установа со цел: да ја развива и да ја шири науката и уметноста, особено бугарскиот јазик и литературата.

Бугарската академија на науките и по законот од 1940 г. во суштина остана типично литературно друштво. Таква ја затече и на 9 септември 1944 г.

Поради нејзиниот карактер, а исто така и поради нејзиното сè поголемо слевање со државниот раководен апарат и со големобугарската државна политика, таа се најде не само над-

[186] Не откривме чие име стои зад овие иницијали.
[187] MSPS, F-20, pov. br. 42327.

вор од борбата што ја водеше бугарскиот народ против големобугарските политички реакционерни режими особено фашистичкиот режим во последните години, туку таа дури под врховното покровителство на Цар Борис, кој беше и нејзин почесен член, од својата средина ги даде најголемите фашисти-крвници, какви што беа Ал. Цанков[188] и Филов[189]. Особено во периодот на Втората светска војна еден дел од нејзините членови ги ставил своите научни работи и јавната дејност во служба на непријателот на бугарскиот народ и на туѓите интереси. Во своите историски, фолклорни, филолошки и други работи некои академици во целосна согласност со општата политика на своите „високи покровители” спроведуваа во таканаречена научна форма фашистичка или профашистичка теорија и притоа се грижеа да ја реализираат во државната пракса.

Од друга страна со оглед на задачите кои се пред неа како најголема научна установа во земјата, конкретно се ставале во служба на новото време. Академијата, освен некои исклучоци, не покажа дека им е дорасната на овие задачи и по нејзината реорганизација (1945 г.) во таа мерка како што требаше да се очекува (покрај другото, покрај старата форма на научната организација и работа во нејзините научни институти; поради поединечната работа, а не според еден општ, научно обмислен план кој го олеснува и го стимулира личното, индивидуално творештво итн.).

Сето тоа бараше што побргу да се пристапи кон нејзината реформа, да се обнови и да се активира за што подобро да им послужи на националните и на државните интереси, нејзините

---

[188] Александар Цанков (1879-1959), бугарски политичар и државник. Студирал во Софија, Минхен и Берлин. Професор по економија. Бил еден од организаторите на превратот од 9 јуни 1923 година во Бугарија. Бил премиер на Бугарија (1923-1926), претседател на Народното собрание на Бугарија (1926-1930). Емигрирал од Бугарија 1944 година.

[189] Богдан Филов (1880-1945), претседател на Владата на Царството Бугарија (1940 - 1943), прогермански ориентиран. Политички деец и државник, научник и академик. Специјализирал класична филологија, а бил професор по археологија. Претседател на БАН (1937-1944). На 1 март 1941 г. го потпишал пристапувањето кон Тројниот пакт. Во 1945 осуден и ликвидиран од Отечественофронтовската власт во Бугарија.

научни работи да се подмладат со помлади научни сили, на кој досега пристапот им беше отежнуван, а пред сè таа да се очисти од фашистичките и профашистичките елементи кои досега во неа беа толерирани, па дури и ја уживаа нејзината премолчена заштита.

II. Во декември 1946 год. Владата поднесе законодавен проект на Големото народно собрание за реорганизација на Академијата на науките и уметностите кој е прифатен на 25 јануари 1947 год.

Според Законот, БА нема веќе како досега да бите автономна и независна установа туку државна установа, навистина со своја самостојна организација, административен и работен живот, но под врховен надзор на Министерскиот совет. За таа цел државата се обврза на академијата да ѝ обезбеди материјални средства во целосна мера за да ја развие својата творечка, научна и истражувачка работа.

Со овој закон се оди на тоа Бугарската академија да се претвори во една научна установа сообразена со новото време и со цел да содејствува во развитокот на науката и уметноста во Бугарија.

По својата реорганизација 1945 г. АН имаше 4 одделенија кај кои беа образувани научни институти, секој со определени задачи: Историско-филолошко одделение со институт за историја, славистика, балкански институт, институт за археологија, историја на уметноста, за бугарски јазик и Кирило-методиевски институт; одделение за филозофија и општествени науки со институт за филозофија и педагогија, за правни науки и законодавство, за стопански науки и изучување на народното стопанство и за општествени науки; одделение за математика и природни науки со институти за математички, хемиски, геолошко-минералошки, биолошки и астрономија; и одделение за литература и уметност со институти за музички проучувања, за применета уметност, за литература и за архитектура.

Меѓутоа, според сегашниот закон се предвидени само две одделенија: филозофско-општествено и природно-математичкото одделение, кои ќе се делат во толку отсеци за колку во даден момент ќе се чувствува потреба.

Битно во овој нов закон е уште и тоа што академијата сама ќе може да основа и да ги одржува своите институти за научни истражувања, да основа научни и испитни станици за решавање важни научни, технички и културно-стопански проблеми и задачи.

Бројот на редовните членови, кој беше предвиден на 56 сега се допушта да се зголеми на 72, а на дописни членови на 80.

Со академијата управува: претседател, потпретседател, научен секретар и секретари на одделенија.

Рехабилитираните лица што дале докази дека ги промениле нивните фашистички и профашистички сфаќања може повторно да бидат примени во Академијата со решение на Советот на академијата (Чл. 8).

**37.**
## ДИПЛОМАТСКА ПРОЦЕНА
### од Белград за странските попаганди во Грција во јуни 1947 година во екот на граѓанската војна во земјата, Атина, 29 јуни 1947 година

СТРАНСКАТА ПРОПАГАНДА ВО ГРЦИЈА
ВО ЈУНИ 1947 Г.[190]

Во овој извештај ќе се обидеме накратко да ја изнесеме американската, англиската, францускатa и советската пропаганда во текот на овој месец.

I. АМЕРИКАНСКАТА ПРОПАГАНДА

Американското известувачко биро, чии канцеларии се наоѓаат на улицата „Тадиу“ бр. 29 во Атина продолжи со редовното секојдневно издавање на информативниот билтен на англиски јазик. И во текот на овој месец билтенот беше најдоброто пропагандно средство и грчкиот печат многу го користеше.

На долниот кат на Известувачкото биро се наоѓаат библиотека и читална. Во текот на овој месец на библиотеката не ѝ дојдоа нови книги и затоа беше слабо посетена.

[190] MSPS, F-40, pov. br. 412121.

Читалната беше снабдена со најновите броеви на разновидните американски списанија и илустрации и нешто подобро е посетена од библиотеката пред сѐ поради љубопитноста, особина необично развиена кај Грците. Посетителите бегло ги прелистуваа илустрациите. Овој месец Известувачкото биро во своите простории организира мала изложба на американското сликарство на дваесеттиот век. Изложени се вкупно 17 дела на 17 сликари. Оригинални дела немаше туку само репродукциии на оригиналите во бои. Репродукциите, според мислењето на грчките сликарски уметници, се убаво изработени и доста вкусно поставени. Треба да се истакне дека програмата навистина беше убаво составена. Тој е печатен на грчки јазик и содржи доста податоци за сликите чии дела се изложени. Освен животот и работата на сликарите од програмата дознаваме дека во Америка денес има 20.000 сликари и 500 сликарски училишта.

Ќе наведиими некои имиња на сликарите: Гуислер, Мери Касал, Сарџент, Г. Грос (по потекло Германец), Менхетан, Кунијоси (по потекло Јапонец), Белоус (се смета како еден од најдобрите сликари на своето време), О'Киф, А. Ден, Гранд Гуд, Луиси Бланк (нејзиното дело „Американски циркус" е од најинтересните на изложбата).

Бројот на изложените дела е многу мал и посетителот не може да формира едно мислење за американското сликарство, за правците на американското сликарство. Освен тоа, како негативна страна може да се земе тоа што на изложбата не се застапени млади сликари. Како што може да се види од програмата, сликарите чии дела се изложени се постари од 50 години.

Првпат од ослободувањето Америка во Грција го употребува сликарството во пропагандни цели. Овој нов чекор на пропагандата е многу значаен бидејќи уметниците, како што на сите им е познато, се најдобрите пратеници за запознавање на народите.

Изложбата беше прилично посетена и е интересно што ниту еден грчки сликар не ги критикуваше изложените трудови.

II. АНГЛИСКАТА ПРОПАГАНДА

Англиската известувачка служба при англиската амбасада во Атина продолжи со издавањето на секојдневниот инфор-

мативен билтен којшто доста е користен од страна на грчкиот печат. Квалитетот на билтенот и во текот на овој месец беше на високо ниво. Освен билтенот беше продолжено исто така и делењето на англискиот печат, на сите весници.

Англиско-грчкото известувачко биро на улицата „Страдиу“ бр. 41 и овој месец работеше систематски. Тоа е некој вид постојана изложба, читалница и училиште.

Од изложените фотографии во текот на овој месец се гледа индустријата на железо во Јужна Африка, сузбивањето на тропските болести, развојот на сточарството, практичната употреба на струја на село, изградбата на телефонската централа во Лондон, која има околу 4.000 службеници, производството на теписи, производството на локомотиви. Кон крајот на месецов беа изложени низа пејзажи од Англија.

Редовно се прикажуваа проекции на слики. Во текот на овој месец најинтересна беше проекцијата на слики за Индија и поради тоа на неа се задржуваме. Откако е опишана положбата на земјата и е даден краток опис на конфигурацијата на земјиштето, во слики е презентирана историјата на Индија од најстари времиња до денес. Се зборуваше и за историјата на разни племиња, за наездите во тек на вековите и за кастите во Индија. Потоа се изнесени религиозните секти. Во продолжение е дадена сликата на земјоделството и животот на село, просветните прилики порано и сега, индустријата за време на војната и денешните политички партии.

Особено е подвлечено дека Индија почнала да напредува откако Англија се заинтресирала за Индија. Нагласено е дека со англиската интервениција било постигнато административното единство и е истакнато дека Индија се подигнува благодарение на „англиската одговорност” за Индија. Убави зборови паднаа за шефот на муслиманите, кои бараат независност на муслиманскиот дел на Индија, од што може да се види дека Англија е против една обединета Индија и дека ги помага сепаратистичките стремежи. Исто така карактеристично е што ништо не е речено за старата индиска култура.

Библиотеката не е збогатена со нови книги, но затоа пак ги има сите најнови броеви на списанија и илустрации и дневни весници од најреакционерните до најнапредните.

Во текот на овој месец во просториите на англиско-грчката известувачка служба, на чие чело е Лордан Елис, се продолжени курсевите за англиски јазик и англиска и грчка стенографија. Директорот на спомнатата известувачка служба Лордан Елис секој четврток држеше кратки лесни предавања на англиски за литературните прилики во неговата земја.

Во средината на месец јуни излегоа двете списанија што ги издава оваа известитувачка служба. Од прилогот на списанието "Ekloga" ќе го наведеме најважното. Така од лондонскиот "Political Quarterly" објавен е прилогот од Алан Гранстон за тоа дали е можна една светска влада. Од ревијата "The Contemororary Review" објавен е прилогот на Салвадор де Мадагиага за проблемот на Франкова Шпанија. Потоа е даден извадок од говорот на Жданов и еден извадок од коментарот на „Правда" за улогата на писателите во новиот петгодишен план на СССР. Исто така во овој број е објавен прилогот на Алан Булок „За демократија се потребни демократи". Исто така е објавен и извадок од книгата "The Feminine Character: History of an Ideology" од Виола Клајн за жената и општеството. Исто така се објавени и 10 карикатури од разни весници (француски, англиски, руски и американски) за станбените тешкотии како и уште неколку помалку важни прилози.

„Еклога" има за цел на читателите да им даде општа слика за светот преку призмата на таканаречената демократија од западен тип.

Второто списание од Англиско-грчката известитувачка служба „Англиско-грчка ревија" од областа на поезијата донесе прилог на грчкиот писател Г. Сеферис за грчкиот поет К. П. Кафавис и за поетот Т. С. Елиот. Се споредува нивното поетско дело и се подвлекуваат сличностите. Од областа на сликарството објавен е прилогот на Џон Стигман за животот и работата на сер Џошуа Рејнолдс. Од областа на филозофијата објавен е прилогот на Гркот Татакис за маркисизмот во уметноста. Исто така се дадени и впечатоци на Стефан Спендер од првата

конференција на УНЕСКО. Од областа на литературата е објавен прилогот на Даглас Џеролд за Греам Грин и прилогот на Грког Димарас за новите допири на грчката литература со англиската. Од областа на музиката е објавен прилогот на Гркината Теодоропулу за грчкиот композитор Г. Склавос. Од областа на архитектурата објавен е прилогот на К. Н. Бирис за англичанската црква во Атина. На крајот од списанието се објавени некои критики на книги и играни театарски дела во Атина.

Во грчко-англиската лига се одржани неколку предавања за англиската литература, неколку игранки за членовите на лигата и неколку екскурзии. Оваа лига работи многу слабо, веројатно поради материјални тешкотии кои се чувствителни (немаат пари да го печатат статутот).

III. ФРАНЦУСКАТА ПРОПАГАНДА

И во текок на овој месец одделението за печат при француската амбасада во Атина беше брилјантно со својата отсутност на полето на пропагандата.

Прилично работеше Грчко-француската унија на младите. Така на 9 јуни беше одржано предавање за грчкото востание во 1821 година и Франција. Предавањето беше на грчки јазик и него го одржа Тарамбант. На 18 јуни за народната уметност зборуваше Камбазис, а на 21 јуни предавање одржа А. Спитерис на тема: „Извесни правци на сликарството по импресионизмот, неоимпресионизмот, кубизмот, неопримитивизмот". Најпосле на 28 јуни предавање одржа Г. Вудурис за обновата во Франција на основа на официјалните податоци на француското Министерство за обнова.

На 25 јуни одделот за позитивни науки организира дискусија за разни прашања.

На 4 јуни концерт на народна музика приреди Кавакопулос. Концертот успеа. Пееше разни народни песни од сите краишта на Грција. Исто така во текот на овој месец се продолжени часовите за учење и француските народни песни. Часови од народната песна се организираат секој понеделник од 8-9 часот претпладне.

Спомнатата лига организира и неколку екскурзии.

Во почетокот на јуни е завршена работата на Францускиот институт во Атина. Неговата цел е запознавање на Грција со француската култура и запознавање на Франција со новогрчката култура. Институтот длабоко верува во сродноста на грчкиот и на францускиот дух. Неговата дејност во текот на оваа школска година беше невообичаено значајна. Институтот го посетуваа 11.000 ученици. Освен редовните курсеви за изучување на францускиот јазик и на француската литература, Институтот организира низа јавни предавања за своите ученици и пријатели со литературни, филозофски и биолошки теми. Од Велигден се одржани доста интересни предавања за современото културно движење во Франција.

Институтот ја продолжи работата на запознавање на Франција со новогрчката култура според антологијата на песни на поновата грчка поезија. Во антологијата истакнато место заземаат грчките писатели Сикелианос, Соломонос, Сеферис итн. Институтот издаде аналитичен билтен на грчката библиографија во 1946 г. Сега подготвува изложба на слики која француските сликари ѝ ја подарија на Грција. Исто така, според „златната француска книга" таа ќе содржи изјави за грчкиот народ на 80 истакнати Французи.

Целата оваа дејност се должи на преданата работа на директорот на Институтот Октав Мерље и на вицедиректорот Р. Миљекс од кои првиот работи веќе 22 години во Грција а вториот околу 10 години.

Бидејќи во поранешните извештаи ништо не спомнавме за Грчко-француската лига, сега ќе кажеме неколку реда посветени на неа. Лигата е основана 1937 година, а претседател на Лигата е професорот на Универзитетот Владимиро Бенсис. Лигата брои околу 3.000 членови и нејзините простории се наоѓаат во Атина на улица Вулис бр. 22.

Целта на Лигата е развивање пријателски односи меѓу Франција и Грција, бранење на француските интереси во Грција и на моралните и материјалните права на елинизмот во Франција. Членовите на лигата се главно луѓе од атинските богати фамилии. Лигата не се одликува со некоја особена дејност. Преку зимата организира неколку предавања и концерти. Ед-

наш годишно ѝ дава ручек на француската дипломатска мисија и тоа е сѐ. Лигата има особено богата библиотека, која е отворена од 10 - 1 и од 5 - 8 часот. Книгите може и да се позајмат. Претежно им се позајмуваат на ченовите на лигата. Исто така читалницата на лигата е снабдена со сите француски списанија и дневни весници.

## IV. СОВЕТСКАТА ПРОПАГАНДА

Поради големата ограниченост на бројот на службениците, Советската амбасада не можеше да е занимава со пропаганда. Така во текот на јуни ништо не е преземено на полето на пропагандата.

Грчко-советската лига чија канцеларија се наоѓа на улицата Солонос бр. 46 ги организира следниве предавања: 1) На 6 јуни по повод 275-годишнината од раѓањето на Петар Велики, зборуваше В. Гуфас и беа читани извадоци од делото на Л. Толстој „Петар Велики"; 2) На 21 јуни се одржа говор по повод годишнината од нападот на Германците на СССР и прикажан е советски филм; 3) На 5 јуни е одржано предавање за просветата во СССР и 4) По повод 11-годишнината од смртта на М. Горки зборуваше писателот Г. Ламбринос.

Во јуни о.г. во просториите на лигата се прикажувани следниве советски филмови: „Синови", „Враќање", „Маскарада", „Силва - принцеза на Чардаш", „Аринка" и детскиот филм „Слонот и јажето". Исто така е игран и филмот „Членот на Владата".

Лигата има и претставништво на советските книги во Грција. Во јуни доби куп книги и списанија на руски и други јазици. Меѓу другите книги прими и училишни учебеници и руско-англиски речници.

На англиски јазик ги доби следниве книги: Ленин: „Материјализам и емпириокритицизам", „Државата и револуцијата", „Избор на Лениновите дела", „Историја на КПСС", „Историја на граѓанската војна"; Л. Толстој: „Севастополски раскази"; В. Гросман: „Години на војната"; В. Греков: „Културата на рускиот Киев" и други книги.

На француски јазик пристигнаа, покрај другите, и следниве книги: Биографија на Сталин, Ил. Ерембург „Падот на Париз”, „Лекции од историјата” и други.

Во кратки црти е дадена слика на пропагандата во Грција во месец јуни така како што се манифестираше преку предавањата, билтените, филмовите, изложбите итн.

Атина, 29 јуни 1947 г. Трајан Костиќ, с.р.
хон. чинов. за печат

## 38.
## ПРЕДЛОГ
## од Амбасадата на ФНРЈ во Тирана од 14 декември 1946 година за организирање на југословенската пропаганда во Албанија, Блед 30 јули 1947 година

До Министерствот за надворешни работи[191]
Политичко одделение и Регионален отсек
Врска бр. 13188

Во врска со актот под горниот број имаме чест на Министерството да му го упатиме следниов одговор:

По прашањето за засилувањето на политичката и на културната пропаганда на нова Југославија во Албанија, ние досега упативме низа сугестии и предлози како до Министретството за надворешни работи така и до поранешното Министерство за информации што може да се види и од нашиве дописи: бр. 2 од 31 јануари 1946, бр. 4 од 11. II.1946, бр. 5 од 12, II. 1946, бр. 6 од 21. II. 1946, бр. 10 од 12. III. 1946, бр. 12 од 28. III. 1946, бр. 18 од 16. IV. 1946, бр. 19 од 24. IV. 1946, бр. 20 од 30. IV. 1946, бр. 21 од 18. V. 1946, бр. 26 од 12. VIII. 1946, бр. 33 од 9. IX. 1946, бр. 33 од 30. IX. 1946, бр. 42 пд 12. XI. 1946, бр. 35 од 30. IX. 1946, бр. 42 од 12. XI. 1946. Овие дописи му се упатени на поранешното Министерство за информации и на одделението за печат на Министерството за надворешни работи.

---
[191] MSPS, F-46, pov. br. 799.

Бидејќи во својот поголем дел тие предлози и сугестии главно останаа без одговор, ви обрнуваме внимание на нив, бидејќи ќе претставуваат добро надополнување на ова писмо.

Преоѓајќи на потребите и можностите на пропагандата на нова Југославија во Албанија го наведуваме следново:

1. Потребно е што побргу да се преземе сè за да се отвори тука филијала на „Југословенска книга“. Тука се извршени оние подготовки што беше можно да се извршат: најдена е зграда за книжарница, направен е план за уредување на книжарницата и пресметано каков и колку материјал е потребен таа да се уреди. Сиот тој материјал не може да се најде во Албанија. Соопштено ѝ е телеграфски на „Југословенска книга” што поитно да прати материјал од Југославија.

2. Безусловно треба да ни се пратат одреден број од сите весници, списанија и воопшто печатени работи без оглед на струката итн. за да може радовно да ги даваме на министерствата и на други важни установи поради информирање и користење. Од особени причини повторно инсистираме на потребата за редовно снабдување на Амбасадата со публикации итн. од сите народни републики, па и публикации на албански јазик од Косово зашто и за едните и за другите тука постои голем и разбирлив интерес.

Досегашниот број на печатот, како на весници така и на други публикации, што ѝ се праќа на амбасадата е сосема недостаточен. Единствено се праќаат (иако со задоцнување и во недоволен број) „Борба” и „Политика” во малку повеќе примероци, а илустрациите, кои се најсилното средство за пропаганда, списанијата и другите ревии се праќаат по еден примерок, освен „Илустриран весник” и „Дуга” од 1 - 3 примерци, но нередовно. Меѓутоа, во Албанија е сè поголема потребата за целокупниот наш печат.

3. Сметаме дека од голема корист би било основањето на установа за печат односно за информации кај тукашниот аташе за печат. Тука мислиме на можноста и потребата за издавање на еден неделен или десетдневен билтен на наш и на албански јазик, кој би донесувал редовни говори на нашите раководители, закони и мерки на нашите влади, па значајни информации

за настаните во нашата земја или во врска со нашата земја. А со оглед на развиеноста на односите и сѐ поголемиот број наши луѓе во Албанија може да се покаже потреба за еден дневен инфоративен билтен. За таа цел би ни бил потребен извесен кредит, па една добра гештетнер машина со потребна боја, матрици и хартија.

4. Би било многу корисно кога би се презеле мерки за подобрување на радио-пропагандата, т.е. белградската емисија на албански и тиранската на наш јазик. Конкретно тоа значи да се пронајде за белградската станица спикер кој зборува албански и не со лош северен дијалект како досегашниот и некакво потесно поврзување на нашите телеграфски агенции односно на радио-станиците поради поисцрпната размена на информации за нашите земји. Можеби тука треба да се напомне неопходната потреба за Албанија што побргу да се воспостави дописништво на Танјуг, кое би требало да го води млад, вешт и културен новинар.

5. Тука дојде до големо подобрување во Друштвото за културна соработка на Албанија со Југославија со поставувањето на искрениот пријател на Југославија и познавач на Југославија другарот Нури Хута за секретар. Воопшто ситуацијата со тоа и ситуацијата создадена во Друштвото доведува до значајно проширување и активностите на тоа Друштво. Но за да ја развие уште поуспешно својата дејност, потребно е да се воспостави контакт со истото друштво “Југославија - Албанија” за културна соработка во Белград и ова тука и ова Друштво да добие од белградското што повеќе материјал, импулс и помош. Досега во таа смисла не е дадена никаква помош од страна на Друштвото “Југославија-Албанија”.

6. Би било мошне корисно да им се сугерира на сите културни, уметнички, спортски итн. установи со потребна контрола да стапат во директен контакт со соодветните установи во Албанија со цел соработка и што подобро меѓународно запознавање.

7. Потребно е, според еден уреден план, во Албанија да се упатуваат спортски екипи, уметнички изложби, хорови, филмови и филмски журнали итн. и да се поканувваат албански

спортски екипи, уметници итн. на гостување зашто тоа има широк одглас кај масите.

Пак повторуваме дека за сите овие прашања, освен за сегашниот предлог за информативна установа, при аташето за печат, пишувавме па сметаме дека нивното решавање е од најголема важност за продлабочување на односите меѓу двете земји и за меѓусебното запознавање и зближување на нашите народи. По значајните воени, политички и стопански договори, кои претставуваат цврст ‘рбетен столб во односите на овие земји, интензивирањето на културниот, просветниот, научниот и спортскиот однос значи влевање на душа во веќе изградените односи. Културната спогодба што наскоро ќе се потпише, ќе остане празна хартија ако наведените и слични предлози не бидат систематски остварени.

Смрт на фашизмот - слобода на народот.

Аташе за печат Амбасадор

Мирко Ќуковиќ, с.р. (Потписот е нечитлив.)

Мирко Ќуковиќ Јосип Ѓерѓа

**39.**

**РЕЗОЛУЦИЈА**

**на Пленумот на КПГ за Македонија и Тракија од почетокот на јули 1947 година во Солун, Атина, 8 јули 1947 година**

Атина, 8 јули 1947 г.

РЕЗОЛУЦИЈА НА ПЛЕНУМОТ НА КПГ
ЗА МАКЕДОНИЈА И ТРАКИЈА[192]

„Од 1 до 3 јули во Солун се состана пленумот на Комитетот на КПГ за обласна Македонија - Тракија. На пленумот учествуваа освен членовите на обласниот комитет, секретарите на најважните комунистички организации и други раководители на партијата кои работат на разни сектори од партиската работа. Пленумот се занимаваше со едно прашање: „Развојот на ситуацијата во северна Грција и нашата организациско-техничка подготовка”.

[192] MSPS, F-40, pov. br. 413581.

По извештајот на другарот Никос Вориоеладитис за работата во текот на годината следуваше широка дискусија за новите проблеми што се поставуваат пред нашата организација. На пленумот преовлада духот на болшевистичката самокритика и оптимизмот во поглед на сигурното оправдување на народот. Определени се низа мерки од организациско-технички карактер за спотивставување во најтешките ситуации. Донесени се потребните мерки за обезбедување директиви на разни партиски организации. Извршени се и некои организациски промени и разместувања, кои ги наложи ситуацијата. Пленумот одлучи да објави своја политичка резолуција и изгласа поздрав на затворените, протераните и гонетите народни борци.

Солун, 3. 7. 47 г. Претседателство на пленумот".

## РЕЗОЛУЦИЈА

„1. Пленумот на Обласниот комитет за Македонија и Тракија на КПГ го поздравува и без резерви ја одобрува Резолуцијата на Политбирото на Централниот комитет на КПГ од 8. 6. 47 г. како и говорот на делегацијата на на КПГ на Конгресот на Комунистичката партија на Франција во Стразбург. Ги повикува партиските организации, членовите и приврзаниците на партијата да ги преземат сите мерки што произлегуваат од овие многу важни НАЦИОНАЛНИ акти за помирувањето на народот и организациско-техничката подготовка.

Нашата политика беше, е и останува национално помирување и национално единство, обезбедувањето на демократијата, национална независност и територијалниот интегритет на земјата. Комунистите на северна Грција ќе ја реализираат оваа политика по секоја цена.

1. Ситуацијата во северна Грција, по една година на примената на фашистичкиот прогон, ја карактеризираат: а) економската катастрофа и сиромаштијата на народот. Солунското пристаниште тотално замре поради лудата антибалканска политика на монархофашистите. Индустријата и занаетчиството на Македонија и Тракија се парализирани. Трговија не постои. Аграрното производство е уништено. Невработеноста од ден на ден се зголемува.

Бегалците, кои само во Солун достигнаа бројка од 150.000, се подложени на истребување, им ги палат селата, им се уништуваат домаќинствата и принудени се да ги напуштат куќите. Оваа катастрофална слика ќе ја надополни американската власт, која се обидува да го одземе целото национално богатство на северна Грција и да создаде услови на колонијален ропски пазар за народот на северна Грција. б) Една без преседан злосторничка оргија, крвопролевање и убиства, масовни протерувања, блокади, затвори и протерување. Во текот на една година се фатени, затворени и протерани 25.000 демократски граѓани. Преку 50.000 демократски граѓани на северна Грција се прогонуваат. Пред одредите за стрелање застанаа 270. Жртви на разбојничките банди на монархофашизмот се 700 граѓани.

Масовните колежи како на Ксировриси и на Стефаниани, политичките атентати како на Зевгос, Загурдзис, графичките работници на весникот „Агонистис" и на работниците од Трумба (солунското предградие), воздухопловните офицери Кесидис, Валасиадис итн. се пресметка на едногодишната оргија на монарховашизмот. Преку 100.000 селани масовно ги напуштија своите села за да се примени супердинамичната политика на Владата „7-те џуџиња". Градовите се изолирани од провинцијата. Масовните затворања речиси по сите градови на Македонија и Тракија и по селата создадоа десетпати полоша ситуација од хитлерофашистичката окупација. в) Напоредно пораснаа гниежот и моралната криза на монархофашизмот. Предавникот Пулос е ослободен и неговите „јунаци" пак ги палат нашите села. Окружните началници во Бер и Александрополис Пентзикис и Вурвулис се протерани и затворени бидејќи се покажа дека се обични лажговци и крадци. Разбојничките бандити на МАЈ (кои во некои краишта како во Енице ги разбиваат зашто ги претераа работите) и политичките фактори на монархофашизмот наложуваат лични даноци и го ограбуваат сиромашниот свет. На сите актуелни места во северна Грција дојдоа проверени соработници на Германците и на бугарските фашисти. Политичкото пазарење, кражбата и политичката расипаност станаа закон за северна Грција. Американската власт која го даде сигналот за новото политичко гонење уште повеќе ја

продлабочува моралната криза на монархофашизмот, економскиот хаос и политички безизлезната положба. Северна Грција се наоѓа на работ на пропаста.

3. Економскиот и политичкиот напад на монархофашизмот и на американското владеење против народот на северна Грција е проследен со постојана клеветничка кампања и нечуени сплеткарења и нечесни дејства против КПГ. Нападот на животот на народот и заострувањето на граѓанската војна се случува во името на „словенската опасност", која сегогаш добива различни форми согласно со американските интереси и со англиската окупација.

„Словенската опасност" стана знаме за да е прикрие тоталното поробување на северна Грција со Американците и Англичаните и со предавството од монархофашизмот. „Словенската опасност" е претворена во најголемата АНТИНАЦИОНАЛНА теорија, која на северна Грција ѝ донесе и ќе ѝ донесе катастрофи, кои не ќе може да се поправат. Теоријата за „словенска опасност", кредо на монархофашизмот, го замре солунското пристаниште и е причина за катастрофалната граѓанска војна, гладот и сиромаштијата на северна Грција. За последните 15 дена оваа „словенска опасност" е претворена во голема ЗАГОВОР против демократскиот народ на северна Грција и КПГ. Удрија еден лажен клеветнички напад поради божемните злосторства на КПГ со бучно удирање во тапанот и политичките романи од типот на Рокамбол и на Нат Пигертон за да ја оправдаат отворената војна против народот. Во иднина треба да очекуваме и други такви завери и сплетки, со подобрена едиција, против народот на северна Грција, ЕАМ-овците и комунистите. Борбата против теоријата за „словенска опасност" и разобличувањето на антинационалната завера се неопходниот услов за да се оправдаат борбите на народот за живот, за слобода, демократија и независност.

4. Во овие тешки услови работеа нашите партиски организации и дадоа многу добри резултати. Ја реорганизираа својата работа и ја приспособија на новите должности. Организираа низа народни борби. Први беа на линијата на ЕАМ за национално помирување и народен мир. Јуначки ги отфрлија сите ан-

тинационални теории и завери. Со успех водеа многу политички кампањи, како што е битката за плебисцит, борбата за вистина, солидарност спрема затворениците и протераните, вонреден партиски прилог-влог итн.

Ја унапредија својата женска работа и воопшто ја подобрија својата функција. Го бранеа животот, честа и имотот на народот на северна Грција. Овие успеси на нашите организации ѝ се должат на решителната примена на партиската линија. Денес во северна Грција се развија сите предуслови за развојот на народната борба. Националните предавници од монархофашизмот се фалат дека нѐ истерале нас. Бргу ќе ја видат својата заблуда. Народно-демократската струја (и нејзините организации) во северна Грција е силна, борбена, единствена, со виталност и решителност и неограничени можности за развој. Народно-демократската струја ќе победи и ќе се оправда во северна Грција.

5. Напоредно се забележани низа слабости во дејноста на сите наши организации. Најважните се: а) Уште не сме ги подигале на нивото на кое што бараат условите на борбата на народот на северна Грција за помирување и нивно одржување во живот. б) Нашата организациско-техничка подготовка и покрај неспосредните успеси покажува многу слабости и празнини, кои треба бргу да се надминат. в) Уште е слаба заднината и заштитата на партијата. Монархофашизмот успеа да ни зададе извесни удари во разни градови на Македонија и Тракија зашто заднината и заштитата не влезе во ЦЕНТАРОТ на партиските должности. г) Заостануваат нашата идеолошка работа и просветувањето на народот.

6. Влошувањето на ситуацијата во северна Грција и опасностите кои произлегуваат од американското владеење, ја ставаат во прв ред како основна, најрешавачка и најитна политичко-организациска должност за нашите организации надополнување на нивните организациско-технички подготовки. Од точното решавање на оваа должност ќе зависи натамошниот од на нашите организации во северна Грција. Организациско-техничката подготовка ќе ја обезбеди функцијата на нашите организации под кои било услови. Организациската подготовка ќе ја наложи нашата политика на помирување. Организациската под-

готовка ќе го обезбеди животот на народот. Сите партиски раководства треба да преземат директни и дополнителни мерки за да ја комплетираат својата организациско-техничка подготовка во најкратко време. Основниот елемент на организациско-техничките подготовки е поставувањето на најпресудните алки на организациите на верни и предани другари со гарантирана борбена отпорност и верба во нашата партија и народ како и создавање на силен лесно подвижен технички механизам.

7. Нашите партиски организации треба да обрнат внимание и на некои други сериозни должности. Повеќе да ја развијат нивната женска дејност со применувањето на релативната одлука на Политбирото од 4. 2. 1947 г. "За женското движење во северна Грција" и препораката на Обласното биро. Да обрнат внимание на приспособувањето на организациската функција во најтешките прилики со правилната употреба на законските можности и да преземат решавачки мерки во задднината и обезбедувањето на партијата. Подобро да го организираат масовното просветување. Во прва линија треба да го стават прашањето на економската помош и тиражот на весникот "Енотита" околу кого треба да се води најсериозната политичка битка која досега ја водевме во северна Грција.

Пленумот на Обласниот комитет на КПГ за Македонија и Тракија му честита на народот на Македонија и Тракија на неговиот нескршлив демократски дух и на неговата беспрекорна борбена отпорност. Ги повикува членовите и раководителите на партијата да се подготват за уште поголеми искушенија и да се борат со фанатизам имајќи ги за светол пример хероите и мачениците на партијата, за брзо спроведување на партиската линија која на северна Грција ќе и донесе ѝ помирување и спас. Пленумот упатува апел кон народот на Македонија и Тракија бргу да го реализира неговото помирување и да ги пополни празнините што на нашата партија ѝ ги создава злосторничката

оргија на монархофашизмот. Народната победа е обезбедена. Северна Грција ќе се спаси.

Солун, 3. 7. 47 г. Претседателство на пленумот”

(“Ризоспастис”)[193], 8 јули 1947 г.

## 40.
## ЗАПИСНИК
## од седницата на делегациите на Бугарија и Југославија Блед, 30 јули 1947 година

З А П И С Н И К[194]

од заедничкиот состанок на делегациите на НР Бугарија и на Федеративна НР Југославија одржан на 30 јули 1947 на Блед

Присутни: 1) Од бугарска страна:

2) Од југословенска страна: маршалот на Југославија Јосип Броз - Тито[195], потпретседателот на Владата Едвард Кардељ, министрите Станоје Симиќ[196], Александар Ранковиќ, Милован Ѓилас[197], Борис Кидрич[198] и помошникот на министерот за надворешни работи Алеш Беблер.[199]

---

[193] Ризоспастис бил орган на КПГ.

[194] АПР, KMJ-I-2-a/17

[195] За лицата за кои тука нема фусноти со објаснувања, тие се дадени на други места.

[196] Станое Симиќ (1893 - 1970, Белград), дипломат. Завршил Правен факултет во Белград. Бил во дипломстките служба на Кралството Југославија во земјата и во странство до 1939 г. Во 1945 бил амбасадор на ДФЈ во САД. Министер за надворешни работи на ФНРЈ од 1 февруари 1946 до 31 август 1948 г. Како амбасадор на ФНРЈ во САД, во 1945 г., ја потпишал Повелбата на народите на ООН.

[197] Милован Ѓилас (1911 - 1995), близок Титов соработник уште од пред војната, но по извесни несогласувања, според Ѓилас во однос на натамошниот развој на Југославија, по 1953 се разделија. Ѓилас продолжил да објавува антијугословенски написи, кои ги печател во неколку западни земји.

[198] Борис Кидрич (1912 - 1953), словенечки револуционер, државник и политичар. Прв претседател на владата на НР Словенија формирана во Ајдовшчина во мај 1945 г. Подоцна во 1946 министер за индустрија во владата на

Почеток на работата во 18.15 часот.

Конференцијата ја отвори претседателот на Министерскиот совет на НР Бугарија Георги Димитров.[200] Тој истакна дека е среќа што ФНРЈ е во состојба да игра раководна улога меѓу другите демократски држави на Балканот. Бугарија, како и другите држави на Дунавскиот басен е заинтересирана за таквата улога на Југославија, затоа што преку јакнењето на економската, политичката и културната соработка ќе придонесе не само за процутот на Југославија туку и на другите држави во овој дел на Европа. Со оглед на положбата, значењето и улогата на Југославија, тој смета дека седницата треба да ја води маршал Тито. Потоа го замоли Маршалот да го преземе водењето на седницата.

Маршал Тито: Во името на моите другари и моето име јас му благодарам на другарот Димитров за оваа доверба, која ни ја даде и за оцената, која тука ја изнесе. Истовремено ве молам да ми дозволите во името на Владата да ѝ го искажам срдечниот поздрав на делегацијата на нашата братска Република Бугарија.

---

ФНРЈ. Се залагал за слобода на економските закони. Заземал и други политички функции.

199 Алеш Беблер (1907 - 1981), поранешен долгогодишен југословенски дипломат. Станал член на КПЈ од 1929 г. Докторирал на право. Од 1931 до1939 живеел во егзил во СССР и во Париз. Учествувал во Шпанската граѓанска војна. По ослободување во 1945 ја претставувал Југославија на многу меѓународни конференции. Од 1949 до 1952 г. претставник на Југославија во ООН. Бил заменик-секретар за надворешни работи и амбасадор во Франција и во Индонезија.

200 Георги Димитров (1882 - 1949), бугарски революционер, политичар и државник. Активно учествувал во бугарското работничко и комунистичко движење во периодот меѓу двете светски војни. По државниот преврат од 9 јуни 1923 г. се вклучил во подготовките на Септемвриското востание 1923 г. По неуспехот на востанието емигрирал. Во 1933 г. е затворен во Берлин, но по судскиот процес е ослободен. За време на Втората светска војна работел во Москва, од каде што давал насоки за антифашистичкото движење во Бугарија. Во 1945 г. се вратил во Бугарија, бил избран за претседател на владата и за генерален секретар на БКП. Дал придонес за признавањето на македонското национално малцинство во Бугарија и за македонската нација воопшто направено на Десеттиот пленум на ЦК на БКП од август 1946 г.

Навистина, ова е првпат во историјата да се одржува еден ваков состанок на јужните Словени. Со тоа нашата одговорност пред нашите народи е уште поголема за она што ние тука ќе направиме. Ние имаме цела низа прашања за кои тука треба принципиелно да разговараме. Тоа се неодложни прашања кои ги засегаат двете наши земји, кои ги засегаат народите на ФНРЈ како и народот на нова Бугарија. Тоа се прашања од огромна историска важност. Овој разговор не е обичен разговор, тој има подлабока смисла од разговорите какви што се случуваат денес меѓу одделните земји. Овој разговор нашите народи го очекувале со векови, а ние сме во таа среќна ситуација да дочекаме остварување на тој стремеж на нашите народи, практично да го реализираме она што во душата и срцата на нашите народи постоеше толку долго. Ние дочекавме да реализираме народите на нова Југославија и на нова Бугарија да можат непречено понатаму да се развиваат и сестрано меѓу себе да ги разменуваат придобивките кои ги имаат во културните, уметничките и другите области.

Уште еден важен фактор нас во дадениот момент, токму денес нѐ тера желбите на нашите народи што поскоро да ги реализираме. Тоа е нашата ситуација во светот, тоа е искуството низ кое минаа нашите земји во неодамнешното минато и опасноста, која сѐ уште ќе ги следи нашите народи ако не преземат сѐ што е потребно за да ја отстраниме. Сите нас не тера и ние тука да се договориме за натамошната наша заедничка соработка, како во економски така и во политички поглед.

Јас би сакал тука да им напомнам на дугарите дека ние треба да бидеме искрени, односно без дипломатски заобиколувања и во ракавици да си кажеме едни на други сѐ што треба да се каже. Ние треба да си кажеме како брат на брат што мислиме, зашто ако отворено се зборува, ако луѓето отворено си говорат еден на друг, многу работи полесно се решаваат, многу ситници полесно се отстрануваат, ситници кои инаку, мислам дека можат да имаат и тешки последици. Јас би сакал да кажам дека во секое семејство има некои несогласувања, секогаш има кога на нешто треба да се укаже и да се отстрани, а камоли меѓу народите кои одвоено се развивале во минатото, кои има-

ле специфични услови на развој. Во врска со тоа јас сакам да се осврнам само на блиското минато, на првата творба на версајска Југославија. Вие го знаете односот на нашите народи оттогаш. Во оваа војна меѓутоа, во оваа голема ослободителна војна се искова нашето единство, без оглед на изнесените ситници кои и не можат да ги спречат нашите народи во дефинитивното остварување на ова големо дело. Затоа јас мислам дека оваа конференција треба по своите заклучоци да биде конференција која ги удрила темелите на новите односи меѓу јужнословенските држави на Балканот. Затоа ја сметам за историска. Ние на оваа конференција имаме да претресиме неколку прашања. Ние треба принципиелно да ги утврдиме а потоа да ги дадеме да се разработуваат.

Првото прашање е Договорот за пријателство, соработка и меѓусебна помош. Тука проектите се веќе подготвени, така што мислам дека нема да има некои особени промени.

Второ е прашањето на царинската унија. Тоа прашање исто така веќе подолго време беше предмет на нашите разгледувања, кај нас и кај вас и тоа е созреано, тоа е актуелно и ние за него треба да донесеме принципиелно решение.

Трето е прашањето на железничкиот и другиот сообраќај, прашањето на нашите меѓусебни сообраќајни врски. Ако сакаме да имаме добри економски врски, мораме да имаме добар транспорт, транспорт во соодветна форма.

Четврто е прашањето на економската соработка. Тука ние треба да видиме во што нашите две земји и во каква форма, освен со трговските договори кои ги имаме, може економски да се надополнуваат, дали по меѓусебна или по меѓународна основа.

Петто е прашањето на двосопственичките имоти, на границата. Сепак, другари, границата сѐ уште постои и прашањето треба да се уреди. Јас мислам дека ова прашање може многу лесно да се реши.

Шесто е прашањето на односите со Грција и надворешната политика воопшто.

За сите овие работи ние можеме да поразговараме воопшто, принципиелно, а потоа, по нивното разработување во комисиите можеме да одржиме уште една седница.

I.

Потоа се мина на првата точка од дневниот ред.

Маршал Тито го чита предлогот на Договорот за пријателство, соработка и заемна помош меѓу Федеративна Народна Република Југославија и Народна Република Бугарија и тоа текст на српски односно на хрватски јазик.

(Види го текстот на предлогот).

Во текот на разгледувањето на повој предлог, по кратката дискусија е усвоено:

Став еден: без измени, односно со препорака стилски да се поддотера.

Став два: претседателот Димитров забележа дека во текстот на предлогот на бугарски јазик е внесен зборот „соседни", а во текстот на српски, односно хрватски јазик ставен зборот „балкански". По објаснувањето од маршал Тито е усвоено да си остане зборот „балкански".

Став три: прифатен е текстот што го предложи претседателот Димитров а кој гласи: (превод од бугарски) „... в. белешката од др Банчев..." Дискутирано е за изразот „обнова на германскиот империјализам" и решено тоа да му се остави на редакцискиот одбор.

Став четири: без измени.

Став пет: без измени.

Потоа се мина на претрес на одделните членови на предлог-договорот:

Член 1: прифатен без измени.

Член 2: исто така прифатен без измени.

Член 3: зборот „неодложно" заменет е со зборовите „без одлагање" во него и насекаде во Договорот е потребно зборовите „од страна на договорната страна" да се заменат со зборовите „високите договорни страни", а каде што може наместо нив да се внесат зборовите „двете земји", по предлог на потпретседателот Кардељ.

Член 5: усвоен е предлогот на текстот што го прочита претседателот Димитров, кој гласи (в. белешка на другарот Банчев).

Член 6: без измени.

Член 7: без измени.

Член 8: прифатен без измени, а во врска со потпишувањето е решено потпишувањето да се изврши на Блед, во врска со ратификацијата усвоен е предлогот на потпретседателот Кардељ ратификацијата да се изврши во Софија. (Текстуално: „подлежи на ратификација во Софија”).

Потоа е именувана комисија за споредување и редактирање на текстот на Договорот, во која влегоа: од бугарска страна - министерот Кимон Георгиев[201], министерот Антон Југов и министерот Стефанов; од југословенската страна потпретседателот Кардељ, министерот Симиќ и министерот Ѓилас. Истата комисја со помош на стручњакот Иван Алтанов и бугарскиот амбасадор Саве Гановски од бугарска страна и на Алеш Беблер, помошник-министерот и амбасадорот Обрад Цицмил од југословенска страна, ќе состават официјално коминике за работата и заклучоците на двете владини делегации.

II.

Втората точка од дневниот ред:

ЦАРИНСКАТА УНИЈА

Маршал Тито: Јас предлагам од двете страни да се подготви конкретен материјал и потоа за него да се зборува.

Кимон Георгиев: Смета дека уште сега треба да се преземат мерки меѓу двете држави да се укинат царинските граници и да се отвори царинско единство, но укажува на прописите на мировниот договор, кои во тој поглед би можеле да претставуваат извесни ограничувања, особено во чл. 29. Меѓутоа, министерот Стефанов смета дека чл. 29 не претставува никаква се-

[201] Кимон Георгиев (1882 - 1969), политичар и воена личност долго присутен на политичката сцена на Бугарија. Завршил воено училиште во Софија и учесник во балканските и Првата светска војна. Активен учесник во Воениот сојуз на Народниот зговор (договор), на Демократскиот зговор, на политичкиот круг “Звено” и на Отечествениот фронт. Бил непосреден учесник во подготовките и извршувањето на Деветтојунскиот преврат и превратот од 19 мај 1934 г., превратот од 9 септември 1944 г. Бил народен пратеник (1923 - 1931). Министер на железниците, поштите и телеграфите во втората влада на Демократскиот зговор (јануари 1926 - ноември 1928). Претседател на владата (мај 1934 - јануари 1935) и по 9 септември 1944 г.

риозна пречка за царинска унија со Југославија. Сепак е потребно другарите од Југославија да разгледаат и да донесат одлука во врска со тој член. Ако југословенската страна смета дека нема никакви пречки може да се определи еден кус подготвителен рок за собирање и средување на материјалот за ова прашање.

Иван Стефанов: Вели дека членовите на делегацијата се согласиле со текстот кој влегол во бугарскиот проект. Подготовката за царинска унија е една сложена работа и не се состои само во тоа да се ликвидираат царинските граници, туку и во изедначувањето на царинските тарифи. Смета дека ние уште не можеме да пристапиме кон заклучување на царинска унуја, но дека можеме да ја подготвиме. За тоа е потребна работа од шест и повеќе месеци.

Димитров (во иста смисла) смета дека веќе сега може да се утврдат извесни олеснувања.

Потпретседателот Кардељ: Јас мислам дека ова прашање многу е зависно од начинот како ќе ги усогласиме нашите стопански планови. Бидејќи ние знаеме дека ние сами за Југославија мораме во врска со стопанскиот план да го менуваме нашиот царински систем, но треба да го менуваме токму сега за да немаме тешкотии во иднина.

Потоа, на предлог на маршал Тито е оформена комисија, во која влегоа: од бугарска страна министрите Иван Стефанов и Добри Терпешев, заедно со стручњаците Петко Кунин, Б. Петровски, С. Христов, Цончев и Тарашманов, а од југословенската страна министрите Борис Кидрич и помошникот З. Мориќ.

III.

Третата точка од дневниот ред: СООБРАЌАЈОТ (железниците)

Кимон Георгиев го чита предлогот за изградување на железници меѓу Југославија и Бугарија (В. белешки на другарот Банчев).

(Дискусијата ја води Банчев)

IV.

Иван Стефанов: зборува за економските и стопанските односи и за електрификацијата. Предлага создавање на комиси-

ја за проучување на овие прашања, а потоа зборува за курсот на динарот спрема левот, па ја истакнува потребата и тоа прашање да се уреди зашто денес постојат два курса на левот спрема динарот. Еден е курсот 1 : 10 и вториот курс во однос на доларот 1 : 5 лева за динар. Предлага за прашањето на економските односи да се состави еден општ и еден посебен предлог. Изјавува дека Бугарија е подготвена на курс од 1 : 5,60 спрема динарот.

Маршал Тито предлага за тоа да решава комисија односно да го разгледа тоа и другите прашања од економско значење.

Во комисијата која беше формирана влегоа од југословенската страна Кидрич, Мориќ и Беблер, а од бугарската Терпешев, Стефанов и Трајков.

V.

Петта точка од дневниот ред:

## ПРАШАЊЕТО НА ДВОСОПСТВЕНИЧКИТЕ ИМОТИ И УПРОСТУВАЊЕ НА ФОРМАЛНОСТИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАСОШИ

Кимон Георгиев го чита предлогот на делегацијата за уредување на ова прашање (В. белешки на Банчев).

Југов го чита предлогот за истиот проблем, односно за еден негов дел.

VI.

Шестата точка од дневниот ред:

## ОДНОСОТ СПРЕМА ПОТКОМИСИЈАТА ВО ГРЦИЈА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА ВООПШТО!

Маршалот Тито ги излага потребите од страна на двете земји да се заземе ист став спрема поткомисијата[202] во Грција.

Едвар Кардељ изјавува дека до отворањето на ова прашање дојде бидејќи ние, југословенската Влада, не бевме доволно информирани за ставот на Бугарија спрема поткомисијата. Во Белград дојдоа информации дека Бугарската влада искажала подготвеност поткомисијата да дојде на бугарска територија.

---

[202] Се однесува на поткомисијата основана од Анкетната комисијата формирана од Советот за безбедност при ООН за истражување на граничните инциденти на грчко-бугарската и на грчко-југословенката страна а во врска со Граѓанската војна, која се водеше во Грција и за која беше обвинета Југославија, но и Бугарија.

Тогаш е прашано Министерството за надворешни работи на Бугарија и дојде одговор дека тоа не е точно и дека се работи за недоразбирање.

Димитров: вели дека тоа не е бугарска официјална политика и дека поткомисијата нема да се пушти во Бугарија. (В. белешки на Банчев)

Кардељ: Токму тоа е доказ дека ние треба да имаме единствен став за тоа прашање, дека е потребно да изградиме единствена линија и бргу да се спогодиме. Зашто ние дојдовме во една незгодна ситуација кога добивме известување за ставот на бугарската влада затоа што ние во свое време спрема поткомисијата заземедовме поинаков став. Тоа е едно прашање. Второто е каков став треба за се заземе во иднина. Нашиот став е: дека таа поткомисија е формирана за да ја скрие вистинската состојба во Грција и одговорноста за таа состојба со Англо-Американците и монархофашистите да ја префрли на други. Мислењето на нашата влада и денес е такво. Затоа е потребна соработка и за тоа.

Димитров: (В. белешките на Банчев).

К. Георгиев: ја чита декларацијата на бугарската страна, на која се однесува дискусијата. (В. белешките на Банчев).

Кардељ: Нам веднаш ни беше јасно, но немаше информација, договор.

Георгиев: (В. белешките на Банчев).

Димитров: (В. белешките на Банчев).

Симиќ: ние би сакале да ги усогласиме и одговорите. Дека тука нешто е објаснето, можеби нешто повеќе отколку што беше потребно со оглед на ставот што го имаме спрема поткомисијата. Треба да се усогласат и вашиот и нашиот став. Можеше и да оди тој ваш делегат но со некој порешавачки аргумент, отколку што беше тој изнесен во вашата нота.

Димитров: Правилно.

Главниот став на поткомисијата е борба против Југославија и затоа е потребно ние да учествуваме во определувањето на ставот кој Вие го заземате спрема неа, затоа е потребен договор.

Димитров: Аргументација да…

Симиќ: Ние имаме поинаков став спрема поткомисијата. Ние нив не им праќаме никаква делегација. Ние нив им праќаме телеграма. Одењето на вашиот делегат тие го претставиле не само во Грција туку и во странство како ваше признавање.

Маршал Тито: Ние постапуваме официјално. Со телеграми и со ноти. Не нема да ја пуштиме поткомисијата на нашата територија туку сакаме таа да ги истражува фактите, кои се гледаат на лице место во Грција. Ние баравме да се истражат инцидентите на нашата граница, убиството на офицерот итн. Сè додека не бидат казнети овие престапници, ние нема да ја пуштиме оваа поткомисија на нашата територија.

Димитров: Самиот факт што вие баравте да се истражи тоа што се случи кај вас, говори дека вие ја признавате поткомисијата. Кардељ: Ние не ѝ се обративме на поткомисијата туку на Советот за безбедност, а тој остана глув на нашата нота.

Георгиев: Ние исто така имавме два инцидента од страна на Грција и ние му се обративме на Советот за безбедност, но тој исто така не реагираше.

Маршал Тито - Ние со самото тоа потврдуваме дека поткомисијата не е неопходна. Дека, кога постои некаков конкретен случај на нарушувања на границата или инцидент, тоа Советот за безбедност може да го реши, но постојана комисија не е потребна. Тоа е најопасно кај нас да има постојана провокација.

Георгиев: Ние им пративме директиви на нашите делегати во Њујорк да одржуваат постојана и целосна врска со вашите делегати, како и да имаат единствен став.

Димитров: Неопходна е заедничка информација во настапувањето на едните и на другите. Ако биде донесена одлука на Советот за безбедност да се оформи еден постојан орган, јас мислам дека би било неправилно и некорисно ако ние не би зеле учество во него. Ние со земањето на учество во него ќе ја развлекуваме и ќе ја дискредитираме нивната работа.

Кардељ: Нам ни беше лесно да не ја признаеме поткомисијата затоа што таа не беше формирана од Советот за безбедност туку од Анкетната комисија во Грција. Сава Гановски: Јас предлагам декларациите кои се праќаат во Њујорк да ѝ се праќаат на амбасадата во Белград.

VII.

Седмата точка:

## ПРАШАЊЕТО НА ДУНАВСКИОТ РЕЖИМ

Маршал Тито: Што се однесува на прашањето на дунавскиот режим, јас мислам дека тоа за нас е јасно. Прашањето на дунавскиот режим е прашање на дунавските држави. Ние и тука мораме да имаме здрава позиција и согласност да не се допушти меѓународен режим на Дунав. Ако биде реализиран меѓународниот режим на Дунав, на нас ќе се врши и економски и политички притисок. Јас мислам дека ние сега имаме доста аргументи за да можеме да ја браниме нашата теза дека Дунав им припаѓа на дунавските држави. На конференцијата што ќе се одржи ние мораме да бидеме компактни. Јас мислам дека ние кај државите што ќе учествуваат на конференцијата, која ќе се одржи, ќе имаме мнозинство во однос на Англија, Америка и Франција...

Симиќ: Јас мислам дека и Австрија ќе биде на страната на западните сили. Но, и ако биде, сеедно, мнозинството ќе биде на наша страна. Тука се Советскиот Сојуз, Југославија, Бугарија, Унгарија.

Маршал Тито: По прашањето на Ѓердап ние исто така треба да имаме заеднички став затоа што тука се работи за електрификација.

Во продолжението на дискусијата истакнато е значењето на Ѓердап за електрификацијата на Србија и на Бугарија. Претседателот Димитров потоа изјави дека на состанокот со Романците беше разговарано за изградба на еден мост на Дунав меѓу Бугарија и Романија, а претседателот Тито го спомна разгледувањето на планот за градба на канал Дунав - Вардар. Маршал Тито предложи прашањето за користење на Ѓердап како извор на електрична енергија од околу 10 милијарди киловат-часови, добро да се проучи.

VIII

Осмата точка од дневниот ред:

## ПРАШАЊЕТО НА РЕПАРАЦИИТЕ

Маршал Тито: Треба да претресеме уште едно прашање, а тоа е прашањето на репарациите. Ние веќе изјавивме дека за

тоа прашање ќе издадеме една декларација за откажување и ние останувame на тоа. Ние за тоа молчевме затоа што мислевме дека тоа би можело да ни пречи во расправата за репарациите од Германија и Италија. Со Бугарија, се разбира, е сосема друга работа, со неа имаме економска, политичка и културна соработка и ние тука се откажуваме. Кај Италија, Германија и Австрија не можеме. Унгарците веќе ни плаќаат.

Димитров: Јас мислам дека е момент да се даде ваква декларација во врска со нашиот пат ваму.

Маршал Тито: Нека се стилизира ваква декларација, ние ќе ја објавиме.

Стефанов: В. Белешките на Банчев (отпр.: Јас сакам да објаснам дека тоа не се однесува на обврските што ги примивме. Остануваат уште неколку стотини милиони.

Во врска со ова прашање е решено декларацијата за откажување од репарациите во протоколот само да се назначи, а посебно да се обработи.

Димитров: Декларацијата на нашите народи ќе им објасни за што станува збор. Тоа ќе биде удар против реакцијата во Бугарија и има посебно значење.

Бидејќи уште еднаш е прегледан списокот на комисиите, седницата е завршена малку пред 21 часот.

## 41.
## ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ВЕРЗИЈА НА ДОГОВОРОТ
### за пријателство меѓу ФНР Југославија и НР Бугарија, разгледувана на Блед на крајот од јули 1947 година, Блед, 30 јули 1947 година

### ДОГОВОР ЗА ПРИЈАТЕЛСТВО, СОРАБОТКА И ЗАЕМНА ПОМОШ МЕЃУ ФНР ЈУГОСЛАВИЈА И НР БУГАРИЈА[203]

Убедени дека братското зближување и тесната соработка им соодветствува на вековните стремежи на народите на Федеративна Народна Република Југославија и на бугарскиот народ, кои во тоа гледаат цврста гаранција за својата слобода и независност, за својот сестран процут, како и за обезбедување и реализација на мирот на Балканот;

проткаени со чувството дека братската слога и меѓусебната помош на народите на Југославија и бугарскиот народ се главен услов на нивната независност и слобода и истовремено камен-темелник за изградба на пријателствата и за соработка на сите балкански народи;

поаѓајќи од искуствата на последната светска војна кога Германија нападна на словенските и другите слободољубиви народи, цврсто решени заеднички да се борат против секоја агресија насочена кон нив и со заеднички сили да им се спротивстават, како на сите обиди за обнова на германскиот империјализам така и на неговите можни сојузници, во која било форма; сакајќи да ги зацврстат своите постојни пријателски врски и свечено да ја потврдат својата непоколеблива волја во иднина заедно да ја бранат својата слобода, независноста и интегритетот и да ги уредуваат своите меѓусебни односи во духот на братството и во корист на зацврстувањето на мирот и меѓународната соработка;

Президиумот на Народното собрание на Федеративна Народна Република Југославија и Претседателството на Народ-

[203] АПР, КМЈ-I-2-а/17

на Република Бугарија решија да склучат Договор за пријателство, соработка и заемна помош, и ги именуваа своите полномошници, претседателот на Владата на Федеративна Народна Република Југославија, маршалот на Југославија, Јосип Броз-Тито, и претседателот на Владата на Народна Република Бугарија, Георги Димитров, кои по размената на своите полномоштва, најдени во исправна состојба, се согласиле за следново:

Член I

Високите договорни страни во иднина, за сите прашања кои се однесуваат на судбината на нивните народи и нивните меѓусебни односи, блиску, тесно и сестрано ќе соработуваат во корист на двете земји и во духот на братството на јужнословенските народи.

Член II

Високите договорни страни заеднички ќе ги преземаат сите потребни мерки да се зачува нивната безбедност, независност и интегритет. За таа цел ќе се советуваат за сите важни меѓународни прашања кои се однесуваат на интересите на двете земји или на интересите на мирот и меѓународната соработка и ќе настапуваат спогодбено во духот на Повелбата на Организацијата на обединетите нации.

Член III

Во случај кога некоја трета држава би нападнала некоја од високите договорни страни за да ја загрози нејзината независност, да ја окупира или да ѝ ја одземе нејзината територија, другата договорна страна без одлагање, со сите расположливи средства, ќе и даде воена и друга помош.

Член IV

Високите договорни страни се обврзуваат дека нема да склучуваат никаков сојуз ниту да земаат учество во каква било акција насочена против другата висока договорна страна.

Член V

Високите договорни страни се обврзуваат дека во интерес на нивниот сестран стопански развој ќе остваруваат најтесна соработка во сите области на економскиот живот. За таа цел таа ќе ги усогласи своите стопански планови, ќе ги преземе сите мерки за проширување на меѓусебната стокова размена до најго-

лем степен, ќе подготви реализација на царинската унија и ќе се договара за заедничките мерки кои се однесуваат на стоковата размена во странство.

Член VI

Високите договорни страни сметаат дека поради дефинитивното зацврстување на братството меѓу нивните народи неопходна е постојана културна соработка. За таа цел, владите на двете земји ќе ги преземат сите потребни мерки за обезбедување на најтесна соработка во сите области на материјалната и духовната култура и сестрано ќе ја помагаат и поттикнуваат секоја иницијатива во таа насока.

Член VII

Овој Договор со ништо не ги намалува обврските кои врз себе ги презеле Федеративна Народна Репубика Југославија и Народна Република Бугарија спрема трети држави. Високите страни договорнички ќе го извршуваат овој Договор во духот на Повелбата на Организацијата на обединетите нации и ќе ја подржуваат секоја иницијатива која оди кон тоа да се отстранат жариштата на агресијата и да се обезбеди мир во светот.

Член VIII

Овој Договор влегува во сила веднаш по потпишувањето и подлежи на ратификација. Ратификациските инструменти ќе се разменат во Софија. Како потврда за тоа дека полномошниците го потпишаа овој Договор, на него ставија и свои печати.

Договорот е направен во два примерока: на српскохрватски и на бугарски јазик. И двата текста имаат еднаква важност.

Блед, ...

## 42.
## ОДГЛАСОТ НА БЛЕДСКИОТ ДОГОВОР
### меѓу Југославија и Бугарија во политичките кругови и во печатот на Грција во екот на граѓанската војна во Грција, Солун, 13 август, 1947 година

Генерален конзулат
на Федеративна Народна Република
Југославија Солун, ден 13 август 1947.
Дов. бр. 148

Предмет: Одгласот на Бледските спогодби во
солунскиот печат.[204]
До Министерството за надворешни работи
Прво регионално одделение
Б е л г р а д

Генералниот конзулат во прилог доставува превод на некои коментари на солунскиот реакционерен печат за Бледската спогодба, за кои не е потребен никаков коментар.

Вистински бес ја зафати грчката реакција во врска со овој договор кој засекогаш ќе ја елиминира неслогата меѓу Словените на Балканот, на која многу реакционерни сили во светот, па и малата реакционерна Грција, порано ја градеа својата иднина.

Безобѕирноста со која владиниот "То Фос" ја напаѓа оваа спогодба под паролата да се одговори со "прекин на односите", очигледно ја докажува збунетоста на грчката реакција и на нејзините господари, без чиј благослов владиниот печат сигурно не би пишувал вака.

Под слоганот "одбрана на грчкиот интегритет и независност", Американците веќе 20 дена во Пиреја и во Солун довезуваат најразновиден воен материјал. Печатот, кој досега тоа не го спомнуваше, овие денови наголемо се распиша за пристигнувањето на два големи трансатлантици со воен материјал, а третиот

[204] MSPS, F-40, pov. br. 415371.

наводно е на пат. Неколку дена пред објавувањето на овие вести во печатот, во Солун пристигнаа 6 инвазиски и еден трговски брод полни со камиони, тенкови, ридски топови и коњи...

Овде преовладува уверението дека сето тоа се средства за притисок, дека меѓународната реакција ќе се послужи со грчката територија со цел да создаде интриги, евентуално уфрлување на диверзантски групи во земјите на соседните демократии, но дека пред решителноста на тие земји, сепак, конечно ќе попуштат, зашто во својата реакционерна и империјалистичка политика ќе наидат на тешкотии во сопствените земји...

Пишувањето на солунскиот владин печат
за Бледските договори

Коментари на ројалистичкиот веник “То Фос”:

1.8. 47

“**Во Белград**

Вестите кажуваат дека во Белград двајцата комунистичко-фашистички водачи донесоа важни одлуки и дека еден дел од нив ја засега Грција. Завеса на мистерија го покрива она што е договорено меѓу Тито и Димитров. Но и телеграмите во врска со тоа не даваат јасна слика за заговорот. Грција и нејзините пријатели апатично го очекуваат развојот на ситуацијата и ќе ја извршат својата должност кога ќе дојде до израз акцијата договорена во Белград”.

1.8. 47

“**Да се прекинат!**

Со своите соседи би сакале да одржуваме добри односи. Но тие ја напаѓаат нашата независност и нашата слобода и ја имаат пред очи нашата територија. Тито особено се грижи да ни пречи со своите комунистичко-словенски платеници и постојано ни се заканува.

Имал и некој пратеник во Атина. Го отповика. Сето тоа покажува дека диктаторот на Србија не сака добрососедски односи со нас. Сака да ја земе нашата куќа, па дури потоа да станеме пријатели. Бидејќи е така, најдобро што можеме да направиме е да му прекинеме со “добар ден”.

"**Против Грција"**

Словенскиот север, поттикнат од Москва, ја крева својата пета против Грција, напаѓајќи ја нашата независност. Тоа го потврдуваат официјалните извештаи за разговорите во Белград меѓу Тито и Димитров: дека тие се насочени против Грција. Би било чудно да се случува нешто спротивно на ова. Бугарија, до вчера сателит на оската и Југославија, преку Павелиќ[205] и други нему слични слуги на Германија, и со Италијанецот, кандидатот за кралски престол во Хрватска, не било можно поинаку, освен да имаат допир во своите паралелни "идеологии" кои ги менуваат секој час. И тој нивни допир има точка на состанувањето на Егејот каде што Бугарите и Југословените сакаат "да ги напојат своите коњи".

Грција ја познава, во поранешното и блиското минато, словенската опасност. Се бореше против неа и ја уништи. Постои цела илјадагодишнина на борби со Словените, со мал број прекини, и денес се наоѓаме пред нивното продолжување кое е во нова форма. Целите не се сменија макар колку и да се променија општествените системи и без разлика што крстот да го смени црвената ѕвезда. Словенството сакаше да се шири кон Елиспонт, Егеј. Сега неговите амбиции се зголемија. Стигнуваат и го преминуваат Средоземјето. Се качуваат на Африка, го допираат Атлантикот, од Нарвик до Казабланка.

Петар Велики и неговите планови (соништа) денес претставуваат[206] подноктица. Сталин ја сака цела Европа. И малку повеќе од овој стар континент. Сесловенството, да бидеме поточни, сака сè. Тоа е аждер. Но за да добие сè, нему му е потребен еден истурен аеродром. Бази. Тоа може да се најде само во Грција. Ако комунисто-словенството не ја заземе Грција, нема да се изврши големиот план на пансловенското ширење. Затоа Москва пука против Грција и за себе си го задржува правото да

---

[205] Анте Павелиќ (1889-1959), по професија адвокат. Се борел за независна Хрватска. Со помош на силите на нацистичката оска, во 1941 г. ја основал, а за време на војната управувал со Независна Држава Хрватска. Применувал нацистички терор кон Евреите и другите националности. Побегнал и живеел во Јужна Америка, а починал во Мадрид.

[206] Изоставен збор во оригиналот. Веројатно треба зборот "грчка".

ја нападне Турција кога ќе дојде време. Засега се интересира за нашата земја. Верува дека ќе успее во своите цели, подигнувајќи против нас своите сателити. Ги подигнува како што сака таа. И во Белград се потпишуваат српско-бугарски договори кои се против маченичката Грција, како и преписки зо исполнување на славокомунистичките желби. Војна на нервите. Закани. Не се возбудуваме. На договорите на нашите северни соседи, Грција ќе одговори и, заедно со неа, Обединетите нации, со тесната врска меѓу себе, а против заканите, ќе најдат начин да се спротивстават на силата која некогаш го уништи нацизмот"

**43.**

**ПИСМО**

**од Претседателството на Владата на Народна Република Македонија за стипендирањето на студентите од Пиринска Македонија во НР Македонија, Белград, 6 септември 1947 година**

Претседателство на Владата на
Народна Република Македонија
Дов. бр. 1578, 6. 9. 1947 год.[207]
Скопје

Министерството за надворешни работи
Б е л г р а д

Минатата година, во согласност со Сојузната влада, доделивме околу 200 стипендии на студенти, односно на завршени матуранти од Пиринска Македонија и на нашата емиграција во Бугарија. Во последно време примивме поголем број такви молби за доделување стипендии и во оваа учебна година.

Сметаме дека за нас би било од голема корист доколку оваа година им се овозможи на студентите од Пиринска Маке-

[207] MSPS, F-26, pov. br. 417079.

донија и на бугарската емиграција да им се доделат извесен број стипендии.

Освен тоа постои голем интерес и желба меѓу младината во Пиринска Македонија и меѓу македонската емиграција во Бугарија за запишување во нашите средни и нижи стручни училишта (како на пример: медицинското, техничкото, ветеринарското и др.). Поради тоа добивме приличен број молби за прием на младинците на школување во горните училишта. Во поглед на средниот и нижиот стручен кадар ние лошо стоиме и притоа тешко дека ќе го исполниме планот на кадрите во тие училишта поради недоволниот број новозапишани ученици досега. Сметаме дека и ним треба да им се овозможи образование кај нас, во нашите интернати, меѓу другото и поради тоа што по завршувањето на школувањето ќе останат на работа во Македонија.

Најпосле, на каналот Моноспитово кај Струмица, една бригада од 110 младинци, составена главно од Македонци од Пиринска Македонија и од емиграцијата во Бугарија, работи речиси два месеци. Тие младинци изразија желба да останат кај нас на работа како квалификувани работници - стручњаци. Во однос на нив, нашето мислење е дека би требело да ги задржиме кај нас.

За да немаме некои недоазбирања со Владата на НР Бугарија, изнесувајќи ви го горното прашање, ве молиме преку надлежен пат да ја известите Владата на Бугарија за изложеното и да даде своја согласност за да почнеме со запишувањето на тие студенти на студии, односно школување, кај нас. Ве молиме, исто така, што поскоро да не известите за резултатот на преземеното од ваша страна, бидејќи училиштата почнуваат со работа на 15 овој месец.

Ви напоменуваме дека потпретседателот на Владата на ФНРЈ за сите изложени прашања даде своја согласност.

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

Претседател на Владата на
Народна Република Македонија
/Л. Колишевски/
Лазар Колишевски (с.р.)

**44.**
## ДИПЛОМАТСКА ПРОЦЕНА
**од Министерството за надворешни работи на ФНРЈ до Генералштабот на Југословенската армија во врска со склучувањето на Турско-грчкиот воен сојуз во 1947 година, Белград, 6 октомври 1947 година**

Дов. бр.19303
Предмет: Турско-грчки воен сојуз[208] 6 октомври 1947
До Генералштабот на Југословенската армија
II Управа - I Одделение
Б Е Л Г Р А Д

Од нашата амбасада во Атина, ова Министерство ја прими следнава телеграма:

„Во бројот од 3 октомври „Елефтерос Елада" донесува:

Поновите вести, односно преговори за склучување на грчко-турскиот воен сојуз кој ќе биде насочен против трите северни соседи и претставува постојана опасност за нарушувањето на мирот на Балканот, го наведуваат следново: Надлежното владино лице денес нагласуваше дека вистинските преговори меѓу Турција и Грција, по директива на Американците, многу напредуваат. Маквеј и Чемберлен вчера повторно отпатувале во Солун каде што денес ќе имаат состанок со кралот Павле, ако тој состанок веќе не е одржан ноќта. Откако ќе дојде до дефинитивна спогодба за ова прашање, Маквеј и Чемберлен, кои дојдоа во Грција исклучително со оваа задача, веднаш ќе отпатуваат во САД за да реферираат за својата акција. Надлежното лице кое ги даде овие вести денес не сакаше да признае дека постојот територијални барања до Турција на сметка и на штета на Грција. Истата личност го даде следново објаснување за тешкотиите кои се појавија и чиј резултат беше одложувањето на конечното потпишување на сојузот, кое ќе се реализира во почетокот на идната недела. Грчката влада имаше извесни за-

[208] MSPS, F-40, pov. br. 419303

белешки во однос на начинот на кој би се претставило прашањето, т.е. дали би требало да се окарактеризира како одбранбен воен сојуз или би се објавило дека оваа спогодба се однесува на формирањето на заеднички координативен штаб како орган кој би имал за цел претресување и студирање на извесни воени теми. Истиот извор додаде дека грчката влада побарала извесни листи од воена природа кои се однесуваат на организацијата на турската војска и на нејзиното вооружување. Оваа резервираност на грчката влада, како што наводно се нагласува, е покажана бидејќи не би требало, во денешните услови, оваа спогодба да се прикаже како јасно вперена против балканските земји. Истата владина личност додава дека Турците покажале извесни резерви кои се однесуваат на наводните разјаснувања по прашањата од воена природа и немале врска со територијалните барања. Нашите позитивни вести, кои идат од сигурни извори, го нагласуваат фактот дека Турците цврсто остануваат на конкретните меѓусебни отстапки. По тој повод се наведува дека во спогодбата која ќе биде потпишана се предвидува, меѓу другото, и случајот на заедничка акција на турската и грчката владина армија кога би дошло до напад од страна на северните соседи. Спогодбата дури оди и до определувањето на точката на територијата која ќе ја заземе и покрие турската војска. Овој факт значи дека Турците не само што ќе се населат на грчка територија која, се разбира, нема лесно да ја напуштат, туку уште значи дека и Американците, кога ќе оценат дека е погоден момент за напад, со наводен упад на бандити зајакнати од Словени, ќе создадат услови да им се издаде наредба за напад на турските и грчките владини трупи против северните соседи. Во врска со забелешките на Софулис, за кои денес се пишуваше во еден весник на Софулис, надлежниот владин извор нагласуваше дека претседателот на владата не изразил никаква целосна спротивност во однос на споменатиот реферат на Американците, туку спротивно, Софулис и Пипинелис, како претставник на Цалдарис[209], преговараат за политичкиот дел на спогодбата".

---

[209] Се однесува на Константин Цалдарис, тогашен претседател на Владата на Грција.

На Министерството за надворешни работи има чест да го достави горното поради информација.

Смрт на фашизмот - слобода на народот
Помошник на началникот
на I регионално одделение
Благој Хаџи Панзов с.р.

**45.**
## ГОВОРОТ
### на претседателот Тито во Варна во врска со склучувањето на Договорот за пријателство, 25 ноември 1947 година

Драги пријатели и браќа,[210]

Дозволете, во име на делегацијата на Владата на ФНРЈ, во име на народите на Југославија и во свое име да ви се заблагодарам за овој срдечен дочек.

На својот пат низ Бугарија, до Варна, ние видовме огромно воодушевување и симпатии кон нова Југославија. Секаде каде што минавме народот даваше целосен излив на своето расположение, изјавувајќи желба братството и единството меѓу југословенските народи и бугарскиот народ да не биде само гол збор. Паролите „Братство единство", „Не сакаме граници", „Сакаме федерација" и други беа извици со кои вашите народни маси нè дочекуваа и нè испраќаа на патот. Да, братството и единството е тоа што е создадено по многу векови, што е зацврстено и што дава гаранција дека нашите две земји ќе може да се развиваат во сите насоки, за доброто на сегашните и идните поколенија.

Блиската и сестраната соработка, како во политички така и во економски поглед, беше вистинскиот резултат на нашите разговори на Блед, кога вашата делегација, на чело со големиот син на бугарскиот народ Георги Димитров, ја посети Југославија. Денес ние сме овде кај вас, слушаме извици „Граници не ни се потребни", „Сакаме федерација" и слично. Значи,

[210] АПР, КМЈ-I-1/8

јасно е. Работата не е во формалностите: ние градиме темели, а фасадата ќе ја ставиме кога ќе дојде времето. Фасада без темели не е доволна. Таа може да се урне. И цврстите темели кои ние денес ги градиме, тоа е она што ќе ја обезбеди нашата иднина, нашата голема јужнословенска заедница. И за она другото ние ќе имаме време. Ние на Блед со вашите претставници сестрано ги разгледавме односите меѓу Југославија и Бугарија и дојдовме до уверување дека не постои ништо што би можело да му пречи на таквото братство и единство, какво што ние веќе денес имаме, а треба уште и да го продлабочиме и да го прошириме. Укинувањето на царините, царинската унија и многуте други заклучоци кои се донесени таму, веќе претставуваат суштина на една заедница на нашите народи.

Ние имаме многу пријатели, како што веќе и јас и вашиот (претседател- заб.на ред.) констатиравме, но...[211] имаме и непријатели. Нашите непријатели не ни посакуваат братство и единство. Тие не сакаат Југославија и Бугарија да одат заедно по еден ист пат. Тие нам не ни сакаат добро туку секое зло, а ние, бидејќи тоа го знаеме, го правиме ова единство, т.е. брана против тоа тие да ги постигнат своите цели, повторно од Балканот да направат „буре барут”. Тоа повеќе никогаш нема да го дозволиме. Ние го одбравме својот пат; тој ќе биде тежок бидејќи ние уште имаме големи и важни задачи пред себе. Повеќе не политички, туку големи задачи. Ние имаме задача да ги изградиме нашите земји кои во минатото, под ненародните влади, како кај нас така и кај вас, беа заостанати. Народите денес, и во Југославија и во Бугарија, ја зедоа својата судбина во сопствените раце и веќе одат со брзи чекори...[212] напред, како што рече еден голем пролетерски учител. Одејќи со силни и крупни чекори напред, ние ќе ги изградиме нашите земји и ќе создадеме подобра иднина. Ќе ги направиме посилни однатре и кон надвор и ќе им овозможиме на нашите народи да живеат подобро отколку што живееле нашите предци. И токму поради тоа, на нас, следбениците на оваа голема епоха, лежи огромна одго-

[211] Испуштени збориви во оригиналот.
[212] Недостасуваат зборови во оригиналот.

ворност. Народот треба нам да ни помогне ние да го реализираме тоа што го сака народот, тоа го видовме и денес овде во Бугарија и неодамна кај нас, кога вашата делегација беше во Југославија. Тој сака да живее заедно, во братска слога, во братство и единство.

Да живее тоа братство, неразрушливото братство и единство на народите на Федеративна Народна Република Југославија и на Народна Република Бугарија!

Да живее вашиот голем водач, другарот Димитров!

Да живее нашиот голем заштитник и сојузник Советскиот Сојуз, со својот генијален Сталин на чело!

## 46.
## КОМИНИКЕ
### од разговорите на југословенската и бугарската делегација во Евксиноград, Варна, Евксиноград, 27 ноември 1947 година

### КОМИНИКЕ ЗА РЕШЕНИЈАТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА И БУГАРСКАТА ВЛАДИНА ДЕЛЕГАЦИЈА[213]

Конференцијата на делегацијата на Владата на ФНРЈ, на чело со претседателот на Министерскиот совет и министер за Народна одбрана на ФНРЈ, маршалот Јосип Броз - Тито, и делегацијата на Владата на Народна Република Бугарија, на чело со претседателот на Министерскиот совет на НРБ, Георги Димитров, на 27 ноември о.г. во Варна-Евксиноград, во врска со посетата на југословенската владина делегација на Бугарија, е завршена со потпишувањето на Договор за пријателство, соработка и заемна помош меѓу ФНРЈ и НРБ, чија содржина е утврдена на Бледската конференција во август о.г.

Овој договор, чиј текст се објавува во исто време кога и ова комонике, соодветствува на вековните стремежи на народите на Југославија и бугарскиот народ и претставува цврста гаранција на нивната слобода и независност, сестран развој и про-

[213] АПР, KMJ-I-1/8.

цут, како и обезбедување и зацврстување на мирот на Балканот. Овој Договор е целосно во духот на Повелбата на Организацијата на обединеите нации и важи дваесет години, со тоа што автоматски ќе се продолжува доколку не го откаже една од двете земји.

Обврзувајќи ги двете страни договорнички меѓу себе да се советуваат за сите важни меѓународни прашања, кои се однесуваат на двете земји или на интересите на мирот и меѓународната соработка, и едната на другата да ѝ даде воена и секаква друга помош со сите свои расположливи средства доколку некоја трета држава ја нападне едната од нив со цел да ја загрози нејзината независност, да ја окупира или да ѝ ја одземе територијата. Договорот ќе помогне за зацврстување на братството меѓу јужнословенските народи со цел за зачувување и јакнење на мирот на Балканот и ќе постави основи за изградување на пријателство и соработка на сите балкански народи. Договорот ги обврзува двете земји да обезбедат најтесна заемна соработка во сите области на материјалната и духовната култура и особено во сите области на стопанскиот живот.

Двете делегации со задоволство констатираат дека спогодбите на Блед дадоа исклучително корисни и позитивни резултати за двете земји и дека од конференцијата на Блед наваму, политичката, стопанската и културната соработка меѓу двете братски и соседни земји значајно напредуваше. Донесени се одлуки за поголемо продлабочување на таа соработка, за проширување, во што е можно поголеми размери, на заемната размена на стока, за поцелосна координација на стопанските планови, за забрзување на склучувањето на царинската унија, за помагање на секоја иницијатива која има за цел уште потесна соработка во областа на науката, уметноста и културата.

Двете делегации ја разгледаа меѓународната ситуација и особено ситуацијата на Балканот.

Констатирана е целосна еднодушност меѓу двете делегации во оцената на ситуацијата и целосна еднаквост на сфаќањата. Нова Југославија и нова Бугарија се цврсто решени да бидат активен фактор во таборот на демократските антиимперијалистички сили, против потпалувачите на нова војна и решително и

со сите сили и средства да ѝ се спротивстават на секоја провокација или агресија од која било страна.

За прашањето на таканаречената Балканска комисија, двете делегации едногласно сметаат дека истата е создадена со кршењето на Статутот на Организацијата на обединетите нации и принципот на согласност на петте големи сили, а на штета на државниот суверенитет на балканските народи и затоа не може да ѝ понудат никаква соработка, ниту да ѝ овозможат пристап на својата територија.

Констатирано е дека вревата за претстојна војна што ја креваат империјалистите има за цел да ги уплаши луѓето од слабите народи, морално-политички да ги разоружи народите и да ја спречи нивната творечка активност. Двете делегации сепак сметаат дека е потребно да ги предупредат своите...[214] политиката на јакнење и продлабочување на најсрекното пријателство со народите на големиот СССР и другите земји на народната демократија, како и со сите држави кои би биле подготвени да ја почитуваат независноста и државниот суверенитет на Југославија и на НР Бугарија.

Бидејќи новите народни режими, кои се воспоставени во двете земји, решително ги ликвидираа сите недоразбирања и спорови, кои во минатото ги раздвојувале двата соседни словенски народи и со тоа овозможувале да ги пљачкаат турските, германските и другите освојувачи и империјалисти, Договорот за пријателство, соработка и заемна помош потпишан во Евксиноград од страна на маршал Тито и Георги Димитров, отвора нова светла страница во историјата на народите на Југославија и бугарскиот народ, страница на вечно и нераскинливо пријателство, најтесна и сестрана соработка и братско единство, за обезбедување на развојот, благосостојбата и подигнување на ФНРЈ и на Народна Република Бугарија, за зацврстување на мирот и безбедноста на Балканот и со гарантирање на тесна соработка меѓу народите.

27 ноември 1947, Варна - Евксиноград

---

[214] Недостасува една реченица од текстот.

## 47.
## ТИТОВИОТ ГОВОР
### на железничката станица во Белград по враќањето од посетата на Бугарија, 29 ноември 1947 година

Говор на маршал Тито на станицата Белград[215]

29 ноември 1947 г.

Другари и другарки,

Се враќаме од братска, нова Бугарија и ви носиме многу срдечни и топли поздрави. Народот на Бугарија ги поздравува сите народи на Југославија и им испраќа свој завет дека верно ќе стои на делото кое ние го завршивме во Варна. Делото започнато на Блед, завршено е на другиот крај, во Варна. Потпишана е спогодба за пријателство, заемна помош и сестрана соработка. (Силно и долготрајно извикување: „Братство-единство"). Тој извик, другари и другарки, извикот „Братство-единство" нè следеше преку целиот пат низ Бугарија. И јас овде морам накратко да ви прераскажам колку величествени беа дочеците од страна на бугарскиот народ на сите станици, во секое село и град на Бугарија, секаде каде што минувавме. (Насобраниот народ одушевено му скандира на братскиот бугарски народ). Секаде наидовме на најтопол прием и тоа што ние го видовме ги надмина сите наши очекувања. Од границата до Софија, а потоа до Варна и од Варна до Софија, по вторпат луѓето не дочекуваа, доаѓаа ноќе по невреме на железничките станици, минувајќи десетици и десетици километри за да нè видат и да нè поздрават. Имаше случаи луѓето да одат и по стотина километри, доаѓајќи од разни оддалечени краишта, да чекале со саати и саати за да нè видат и преку нас да ги им испратат своите топли поздрави на нашите народи.

Тие изрази на симпатии на бугарскиот народ навистина го изразуваат сето она што е во срцата на нашите народи, а тоа е желбата за неразрушливо братство и единство, кое сега е остварено за да биде вечно. Ние, во името на народите на нашата земја, му дадовме ветување на народот на Бугарија дека верно

---

[215] АПР, KMJ-I-1/8.

ќе го чуваме и дека верно ќе го спроведуваме сето она за што се договоривме. (Скандирање: „Сакаме, сакаме”). Формално е завршено тоа што навистина почна одамна. И гледајќи го периодот од Блед па до денес, ние дојдовме до единствен заеднички заклучок дека веќе досегашната политика на економска соработка даде големи плодови. Што докажува тоа? Тоа докажува дека соработката меѓу нашата земја и Бугарија ќе биде од огромна корист за натамошниот развој на односите на нашите земји. (Одобрување).

Но ние, освен тоа, разговаравме и за други работи. Ние разговаравме и за зацврстувањето на мирот на Балканот. Разговаравме за тоа како да обезбедиме мирна работа, мирен труд на народите на нашите земји. И за сите тие прашања дојдовме до единствено гледање. Тоа е созреано и кај нив и кај нас, и би можело вака да се изрази: ќе ја браниме и ќе ја чуваме неприкосновеноста на нашите граници и нема повеќе никогаш и никому да му дозволиме да ги наруши тие граници, нема на никого никогаш да му дозволиме да ни го наруши тешко стекнатото братство и единство. („Така е! Братство - единство! Тито - Тито - Тито! Белград - Софија!) Ние со векови бевме разединети благодарение на противнародните режими кои владееја во Бугарија и во Југославија, и порано во Србија. Откако народот ја зеде власта и својата судбина во свои раце во нова Федеративна Народна Република Југославија и во нова Народна Република Бугарија, веднаш беа создадени сите предуслови да се тргнат сите пречки кои стоеја на патот на единството на нашите народи и нашите народи, за првпат во својата историја откако ги населуваат овие убави земји на Балканот, навистина да се зближат еден со друг. (Долготрајно одобрување и скандирање за Тито и Димитров). Тоа е голем историски чин другари. Тоа не е само еден обичен пакт, тоа не е мртва буква на хартија која ние таму ја составивме, туку живот. Тоа е она што зреело со векови и тлеело со векови во срцата на обичните луѓе, во душите на народите, додека противнародните режими и владетели правеле сè за народните стремежи да не се остварат.

Другари и другарки, ние водиме грижа за тоа извесни воено-подбуцнувачки елементи да не го нарушат мирниот тек на

нашите напори при изградбата на нашата земја. Грција, нашиот сосед, не е во тој состав на тесни пријателски односи ниту со една од балканските земји. Но Балканот не е повеќе буре со барут како што бил некогаш, бидејќи токму двете најважни и најбројни балкански држави, и тоа со словенски народи, го тргнаа тоа буре со барут затоа што се обединија во една целина. Но ние секогаш сме подготвени и ние сакаме со грчкиот народ да имаме најдобри, најтесни пријателски односи и соработка. Меѓутоа, тоа не зависи од нас и мислам дека овде можам да кажам дека тоа зависи од мнозинството на грчкиот народ до тие добри односи да дојде што поскоро. Ние го знаеме гледиштето на грчкиот народ, како што го знаеме и тоа дека противнародниот режим таму го оневозможува воспоставувањето на пријателски односи, благодарение на мешањето од страна. Но, морам да подвлечам дека и ние будно ќе внимаваме за да не нѐ повлечат и предизвикаат некакви провокации, нити да го нарушат нашиот мирен развој. И тоа е тоа, за кое ние во Бугарија се договоривме. Зошто јас тоа овде го истакнувам? Јас тоа го кажувам бидејќи ние работиме отворено. Нема никакви заткулисни спогодби кои не би ви биле познати вам и на сите пријатели, па и на нашите непријатели, доколку ги имаме. (Долготрајно одобрување).

Во длабока верба дека ова големо и нераскинливо единство и братство меѓу народите на Југославија и бугарскиот народ ќе има огромно влијание на нашиот побрз напредок во нашите земји, јас извикувам да живее, да се развива и да се продлабочува сестрано братската и тесна соработка меѓу народите на Федеративна Народна Република Југославија и Народна Република Бугарија. (Народот воодушевено и скандира на братска Бугарија и на нејзиниот творец Георги Димитров, на братството и единството).

Да живее и цвета нова Федеративна Народна Република Југославија, да живее и процветува нова Народна Република Бугарија. Договорот што го склучивме претставува гаранција за мирот на Балканот и ние со него го дадовме својот голем прилог кон зацврстувањето на мирот, и овде и во светот. Ние сакаме овие народи да одат по тој пат, т.е. да се обединуваат не

поради тоа да загрозат нечија слобода и независност, туку поради тесна соработка, поради создавање на братски односи.

Да живее Народна Република Бугарија, на чело со својот голем син Георги Димитров. (Силно скандирање за нова Бугарија и за Димитров). Да живее Федеративна Народна Република Југославија! (Да живее! Тито - Тито - Тито! Братство - единство).

Да живее големата словенска солидарност! (Да живее!)

Да живее големиот Советски Сојуз, нашиот верен соработник и заштитник! (Масата народ на плоштадот пред железничката станица воодушевено ги прифаќа извиците на маршалот и долготрајно му скандира на Советскиот Сојуз, на братството на словенските народи, на Сталин, на Тито и на Димитров).

## 48.
## ПИСМО
### од потпретседателот на Владата на ФНРЈ Едвард Кардељ-Бевц до Јосип Броз за помош во решавање на спорот меѓу НР Македонија и НР Србија околу фабриката за цемент во Генерал Јанковиќ[216], Белград, 14 јануари 1948 година

Потпретседател на Владата на ФНРЈ и
Претседател на Сојузната контролна комисија

Белград, 14. I. 1948

Другар Тито,

Меѓу Блашко[217] и Лазо Колишевски изби спор околу некоја фабрика за цемент на границата меѓу Србија и Македони-

---

[216] АПР, KMJ-II-5-b/67

[217] Д-р Благоја Нешковиќ (1907 - 19840), лекар, професор, секретар на КП на Србија и претседател на Владата на Србија. Од 1927 г. учествувал во студентското движење. Од 1931 член на КПЈ. Доброволец во интернационалните бригади во Шпанија. Потоа од 1940 на партиска работа во Србија. Од 1941 секретар на ПК на КПЈ за Србија. Од 1945 до 1948 секретар на ЦК на КПЈ за Србија и претседател на Владата на Србија. Од 1948-1952 потпретседал на владата на ФНРЈ и член на ПБ на ЦК на КПЈ. Во 1952 исклучен од КПЈ и потоа работел како лекар во Онколошкиот институт во Белград.

ја. Во врска со тоа Лазо, бараше подрачјето каде што се наоѓа таа фабрика да се приклучи кон Македонија.

За да ја испитаме ситуацијата што пообјективно, јас ја пратив Контролната комисија која, по прегледот, поднесе писмен извештај. Молам за Твое мислење.

Напоменувам дека евентуалното присоединување кон Македонија би се одгласило незгодно во Србија, а Македонците, во етнички поглед, немаат никакво право на таа територија, макар што економските причини зборуваат за присоединување.

Можеби би било најдобро таа фабрика повторно да ја прогласиме за сојузна и така да го решиме спорот околу фабриката, а со тоа би отпаднала и дискусијата околу територијата.

Кардељ (с.р.)

## 49.
## ТЕЗИ
## од 7 февруари 1948 година подготвени од Обласната училишна инспекција во Благоевград за изучување на македонскиот јазик во Пиринска Македонија, Гр. Џумаја, 7 февруари 1948 година

Циркуларно писмо за изучување на македонскиот јазик во Пиринска Македонија[218]

Обласна училишна инспекција
Бр. 365 7.II.1948 г.
Гр. Џумаја

До околиските училишни инспектори, централните директори, директорите и управителите во Горноџумајската област

„За да може полесно да се изучува македонскиот литературен јазик, како и за да се создаде тесна врска со НРМ, за да се

[218] MSPS, F-26, pov. br. 410039

запознаат со животот во неа, преку учителите кои вам ви се доверени, потребно е да се спроведат следните мерки:

1. Да се развие училишната мрежа на следниов начин: основните училишта со основните; паралелка со паралелка; организацијата „Септемвриче" со пионерката организација, индивидуално допишување на учениците.

Содржината на писмата да се контролира од самите учители, а да се упатуваат по пошта. Меѓу другото, во писмата може да се бара од учениците во НРМ и следново: слики на народните херои, слики на градови, села, од изградбата на НРМ, слики на раководителите и др. Од тие слики може да се направи училишен албум. Во писмата може да се бара и упатување на разни билки кои ги има во нивното место, за училишен хербариум. Слики да се праќаат и одовде.

2. Преку разни начини и акции меѓу учениците да се популаризираат „Пионерски весник" и „Млад борец", а за претплата на горенаведените весници (До 25.II. треба да се спроведе оваа акција. Одговорете колку во секое училиште посебно добиваат „Пионер" и „Млад борец" и уште колку е потребно да ви испраќаме. Претплатата да се реализира врз основа на натпревар меѓу паралелките). Цената на весниците е 5 лева за примерок. Во одговорот да се соопшти што сте презеле за добивање на повеќе примероци од весниците.

3. Освен сликите на Сталин и Димитров, во училиштата треба да се прикачат и сликите на Тито и на Лазар Колишевски, југословенскиот и македонскиот грб, слики на народните херои и пароли преку кои би се подигнувал творечкиот и националниот дух, како и поттикот за учење кај децата.

4. Да се практикува создавање на ѕидни весници на секои 15 дена во секоја паралелка. Издавањето на ѕидни весници ќе биде практична форма преку која може да се користи активноста на учениците за совладувањето на македонскиот литературен јазик, затоа е потребно сите ѕидни весници да излегуваат на македонски јазик. Ѕидните весници може да се издаваат и по повод на разни празници (11 октомври - Ден на востанието на македонскиот народ, 9 септември - Ден на востанието на бугарскиот народ, 29 ноември - Ден на прогласувањето на ФНРЈ, за

народните херои и др.) Во ѕидните весници може да се пишува и за училиштата и за животот на учениците во НРМ, одговори на разни прашања како на пример кој е народниот херој Карпош и др. Може да се организира и изложба на ѕидни весници меѓу паралелките (со содржината и во поглед на техничката страна) и најдобрите ѕидни весници да ги постават на видно место во градот или селото. Ѕидните весници треба да бидат поставени на видно место по училниците, за сите ученици да можат да ги читаат.

5. Театарските групи да се подготвуваат со помош на македонски учители и претставите да ги даваат на македонски јазик. За таа цел училишната библиотека да биде снабдена со театарска едночинка од најблиската читална. Таму каде што досега немало театарска група, треба да се формира според локалните услови.

6. Хоровите да подготвуваат песни на македонски јазик. Ако училиштето не располага со такви песни, наставниците по музика треба да ги научат од македонските наставници. Од нив да побараат тие да им испеат некоја песна и мелодија, а потоа да се подготвуваат во хоровите. Кога хорот излегува да пее пред народот, треба да биде избран најдобриот за училишен диригент.

7. Внатре во хоровите да се организираат и фолклорни групи, доколку не се формирани, во кои ќе се играат и македонски народни игри. За таа цел треба да се ангажираат наставници за фискултура. Да се поврзат со учителите од НРМ, кои би им ги покажувале таквите ора.

8. Фолклорните групи, хорот и театарските групи треба да одат заедно и заедно да приредуваат приредби, а исто така заедно да ги обиколуваат и селата.

9. Таму каде што во училиштето постои микрофон, редовно треба да се користат наставници од НРМ, кои задолжително би предавале на македонски јазик.

10. Во литературните и музичките приредби, кои би се приредувале пред публика и ученици, во програмата треба да се вметнат, покрај бугарските, и македонски и југословенски точки.

11. Во секое училиште каде што има радио-апарат треба да се организира активно слушање на Радио Скопје (средни бранови 241/9), а особено пионерските часови.

12. Да се организираат литературни кружоци за изучување на македонскиот јазик и историјата.

13. Училишните библиотеки да се снабдат со литература на македонски јазик.

14. Во секоја паралелка каде што постојат библиотеки треба да снабдат литература на македонски јазик (таму каде што не се формирани да се формираат, а за снабдувањето на истите, треба да се снабдат преку прилозите од забавите).

15. Да се формираат курсеви за изучување на македонскиот јазик и историја од страна на наставниците.

За исполнување на горното, централните директори треба секој 5. во месецот да поднесуваат извештај, преку околиските, до обласната училишна инспекција.

Областен училишен инспектор

Секретар

Извор: Материјали од ЦК на Македонија

## 50.
## ИНФОРМАЦИЈА
### од југословенската амбасада во Софија за некои актуелни прашања во Пиринска Македонија, доставена до Министерството за надворешни работи на ФНР Југославија, Софија, 12 април 1948 година

Стр. дов. бр. 31
Предмет: Некои актуелни прашања од
Пиринска Македонија[219]

Во последно време како основни прашања за Пиринска Македонија се истакнуваат следниве: Културно-просветното

[219] MSPS, F-26, pov. br. 410039.

влијание и работата на Македонскиот областен народен театар во Горна Џумаја; книжарниците во Горна Џумаја, Петрич и Неврокоп; положбата на нашите учители во Пиринска Македонија; состојбата во Пиринска Македонија во врска со административната реорганизација на НР Бугарија.

Македонскиот областен народен театар

На иницијатива на Владата на НР Македонија, минатата година се формираше Македонскиот областен народен театар, со седиште во Горна Џумаја. Задачата на овој театар е да го запознае народот на Пиринска Македонија со културно-просветните достигнувања на македонскиот народ во ФНРЈ. Исто така, тој требаше на народот во овој крај да му ја приближи Вардарска Македонија во културен, политички и јазичен поглед и пошироките слоеви на народот да ги запознае со македонскиот литературен јазик.

Театарот во Горна Џумаја досега даде голем број претстави низ цела Пиринска Македонија. Во таа пригода се играше драмата од животот на македонскиот народ „Печалбари" и советската драма „Некаде во Москва". Додека првата имаше огромен успех, втората не можеше да ги задоволи желбите на гледачите. Тоа доаѓа оттаму што самата композиција на драмата е тешко изводлива за тамошните прилики, но и поради тоа што од страна на народот се бара и се очекуваат драми кои зборуваат за животот во Вардарска Македонија.

Во подготовка се драмата „Длабоки корени" и Нушиќевиот „Пратеник". По подготовките на овие дела, театарската управа има намера да организира турнеја низ Пиринска Македонија, а потоа во Вардарска Македонија.

Театарот наидува на многубројни тешкотии затоа што бугарските официјални власти не сакаат да му признаат карактер на државен театар, иако на почетокот тоа беше ветено. За 1948 година државата определи буџет во износ од 2.200.000 лева, кој со оглед на потребите на театарот е многу мал. Но независно од тешкотиите, театарот продолжува да работи. Мнозинството од членовите на театарот се Македонци, а помалку Бугари. Управникот е Бугарин, а главниот режисер и чо-

век кој го држи театарот е еден од режисерите на Народниот театар од Скопје, другарот Милчин.

Книжарниците во Пиринска Македонија

Најнапред во Горна Џумаја, а потоа во Петрич и Неврокоп, се отворени македонски книжарници. Овие книжарници ги продаваат сите изданија кои излегуваат во Вардарска Македонија на македонски јазик. Претстои отворање на вакви книжарници во Свети Врач и во Разлог.

Од 29 декември минатата година до 24 јануари оваа година е реализирана „Недела на македонската книга", посветена на пропагандата на македонската книга и запишување претплатници на македонските книги и списанија. Оваа агитациска недела даде добри резултати. Освен тоа што е извршена пропаганда во корист на читањето на македонските книги и списанија, се пријавија и голем број нови претплатници. Така на пример: додека порано во Горна Џумаја, на весникот „Нова Македонија" биле претплатени вкупно 500 лица, по „Неделата на македонската книга", тој број порасна на 1.100. Ист е случајот и со детскиот весник „Пионерче", кој излегува во Скопје и кој сега има околу 2.000 претплатници.

Нашите учители во Пиринска Македонија

Денес во Пиринска Македонија се наоѓаат 93 наши учители. Тие се распоредени во градовите и селата на Пиринска Македонија и предаваат македонски јазик и македонска историја. Нив ги раководи еден наш учител, кој до укинувањето на Горноџумајската област, заземаше функција помошник на обласниот училишен инспектор на Горноџумајската област. Тој имаше свои помошници по околиите во Пиринска Македонија. Неговата задача беше да ги обиколува нашите учители, со нив да одржува потребни состаноци, да дава упатства, да ја контролира нивната работа во договор со обласниот инспектор, да доставува предлози до надлежните органи во врска со работата и положбата на нашите учители.

Овие учители со специјален закон се признати за државни службеници и распоредени во разни училишта. Во врска со рангот на училиштето во кое предаваат, односно дали во основно училиште, прогимназија или гимназија, им биле определени

и платите. Не се водело сметка за систематизацијата според која тие биле распоредени во Југославија. Тоа било така затоа тоа што Министерството за просвета на НР Македонија, заедно со списокот, не ја доставило и нивната квалификација во Македонија. На наше барање, Министерството за просвета на НР Македонија ни достави список со квалификации кои наставниците ги имале во нашата земја. Во врска со тоа побаравме од Министерството за просвета на НР Бугарија да направи класификација на нашите наставници, имајќи ги предвид рангот, степенот и платата кои наставниците ги имале во НР Македонија и во согласност со тоа да ги класифицира според бугарските прописи.

Освен тоа, го покренавме и прашањето и побаравме на нашите наставници да им се определи додаток во висина на додатокот, кој го примаат учителите, граѓани на НР Бугарија на служба во Федеративна Народна Република Југославија (Царибродска[220] и Босилградска околија). Тој додаток изнесува 1.500 динари месечно за секој наставник, без оглед на неговиот ранг и платата што ја прима. На почетокот Бугарите реагираа, истакнувајќи дека на тој начин нашите учители ќе дојдат во привилегирана положба во однос на бугарските учители. На крајот сепак прифатија и сега тој предмет се наоѓа во Министерскиот совет за конечна одлука, бидејќи со тоа се согласија и министерот за финансии и министерот за просвета. Министерството за финансии даде согласност потребната сума во износ од 11 милиони лева да се земе од резервниот државен фонд, бидејќи таа сума не е предвидена со редовниот државен буџет.

Во врска со реорганизацијата на државната администрација, во смисла на новиот бугарски Устав, со донесувањето на Законот за народните совети (одбори), укината е и установата Областен училишен инспектор, според тоа и неговиот помошник. Интервениравме кај надлежните на другарот Митко Илиев, досегашен помошник на Областниот училишен инспектор да му се даде друга функција која ќе ги задржи сите права што тој досега ги имаше. Ветено е дека ќе биде задоволена нашата молба.

[220] Се однесува на денешниот град Димитровград во Р Србија.

Во врска со погоре истакнатите проблеми, и овој пат ја истакнуваме актуелната потреба на Амбасадата на ФНРЈ во Софија за назначување на советник за култура и на негов помошник, кои би ја помагале и би ја координирале работата на нашите другари во Пиринска Македонија, се разбира покрај извршувањето на многу други работи во самата амбасада во однос на културните прашања.

Реорганизацијата на бугарската администрација во Пиринска Македонија

Во согласност со Уставот, овие денови се врши реорганизација на целата бугарска државна управа и администрација. Во врска со таа реорганизација, за нас е најважно да се подвлече каков е ставот на бугарските официјални кругови по прашањето на идната положба на Пиринска Македонија во НР Бугарија. Горноџумајската област со која досега главно била опфатена цела Пиринска Македонија, со стапувањето во сила на Законот за народните совети (одбори), како и на другите административни области, престана да постои.

Во фазата на подготовките за реорганизација, најкомпетентните бугарски официјални кругови истакнуваа дека за Пиринска Македонија во новиот закон ќе се предвиди специјален третман. Имено, се истакнуваше дека со тој закон ќе се формира автономна Пиринска област, со што ќе се истакне посебниот национален карактер на оваа област.

Кога пред извесно време се појави овој Закон за народните совети, во него ништо посебно не беше предвидено за Пиринска Македонија, туку и таа во поглед на организацијата е изедначена со другите краеви на Бугарија.

Прашањето за „Пиринско дело”

Во Горна Џумаја излегува весникот „Пиринско дело”, неофицијален орган на Пиринска Македонија. „Пиринско дело” е најголемиот и најомилениот весник во Пиринска Македонија, весник кој главно е под влијание на нашите луѓе и кој пишува во духот на националното просветување на населението во Пиринска Македонија. Една страница од „Пиринско дело” беше печатена на македонски јазик и беше посветена на проблемите од политичката, економската и културната изградба на НР Ма-

кедонија и на ФНРЈ воопшто. „Пиринско дело" донекаде имаше карактер на весник на македонското малцинство во Пиринска Македонија.

Сега, според намерите на бугарските официјални кругови, „Пиринско дело" треба да го премести своето седиште од Горна Џумаја во Софија. Постои основано верување дека со префрлувањето на весникот тој треба да се оддалечи од центарот на неговата дејност - Пиринска Македонија и овде, во Софија, да му се даде карактер на еден обичен Отечественофронтовски весник кој треба да се занимава со општи проблеми. Овие комбинации предизвикаа непријатен впечаток во Пиринска Македонија.

12 април 1948 год. Софија

По наредба на амбасадорот на ФНРЈ во Софија

Советник,
Благој Хаџи Панзов (с.р.)[221]

[221] Благој Хаџипанзов (1911, Велес). Бил припадник на студентското и комунистичкото движење. Студирал право во Белград каде активно учествувал во студентското друштво „Вардар" и во МАНАПО. Учесник во НОБ од 1941 г. Во 1941 бил затворен и одведен во логорот во Меѓуречје. Во 1943 бил член на АНОК. Во 1944 делегат на Првото заседание на АСНОМ. По војната извесно време работел во органите на Президиумот на АСНОМ. Поради прифаќање на Резолуцијата на Информбирото против Југославија во 1948 г., осуден и испратен во логорот на островот Голи Оток. Емигрирал и починал како емигрант во Софија.

**51.**
**ПИСМО**
**од Димитар Влахов до Јосип Броз - Тито, во врска со одбележувањето на годишнината на просветителите Св. Кирил и Св. Методиј[222], Белград, 7 мај 1948 година**

Другар Маршале,

На 24 мај кај нас и посебно во Македонија, како и воопшто во другите словенски земји, се прославува празникот на словенските просветители Кирил и Методиј. Прославата на тој ден во минатото играше голема улога во преродбата на националната свест на нашите браќа Македонци за нивното обединување и за јакнењето на нивната борба за национални, културни и политички права.

Тој празник беше еден од најголемите празници на македонскиот народ. Во градовите, а особено меѓу интелигенцијата, тој заземаше највисоко место. Тој беше вистински народен празник. Тој ден се собираше целото население од градовите и од селата и беа организирани црковни служби, чествување, игри, веселби итн. Особено активно учество на тој празник земаше училишната младина, затоа што денот на Кирил и Методиј се сметаше главно како ден на словенската култура и просвета. Тој ден е една од главните пројави на традицијата на македонскиот народ. Денот на Кирил и Методиј се прославува уште од моментот кога македонскиот народ почна да ја води својата борба за културно, национално, политичко и социјално-економско ослободување , т.е. од пред еден век и половина.

Во Бугарија овој празник се прославуваше свечено. Тоа беше организирано од власта. Особена свеченост на овој празник му била давана за време на фашистичката власт.

По ослободувањето на Бугарија од фашистичкото угнетување на 9 септември 1944 год., новата отечествено-фронтовска власт продолжи да го прославува денот на Кирил и Методиј. Во Бугарија тој ден е неработен, празничен и на тој ден се

---

222 АПР, KMJ-II-4-b/6

организираат големи свечености. Се држат говори, обично од наставниците, се организираат излети, се подготвуваат свечености, веселби, насекаде се зборува за работата на Кирил и Методиј, дека тие се словенски просветители, дека ја создале "старобугарската" писменост и на тој начин се поддржува големобугарштината.

Но, Кирил и Методиј писменоста му ја дале на целото словенство. Бидејќи Кирил и Методија се од Солун, македонските Словени земаат најживо учество меѓу Словените на прославувањето на делото на Кирил и Методиј, како и делото на Климент Охридски, еден од учениците на Кирил и Методиј. Во Бугарија, на прославувањето на денот на Кирил и Методиј му се даваше карактер на бугарски празник, со што, се разбира, ѝ се дотураше вода на воденицата на големобугарштината.

Минатата година на една седница на Сесловенскиот комитет за Југославија присуствуваа и претставници на братските словенски земји: Советскиот Сојуз, Полска, Чехословачка, Бугарија. Јас укажав на настојувањето на бугарските националисти и фашисти да го присвојат делото на Кирил и Методиј и да му дадат големобугарски печат. Истакнав дека тоа е општословенско дело и би требало на тој празник да му се даде неговиот вистински карактер, имено како празник на словенската култура, словенска солидарност, словенско единство, додавајќи притоа дека земја во која тој ден најмногу се празнува со децении е Македонија. На оваа аргументација никој од присутните не искажа поинакво мислење и премолчено прифатија на тој празник да му се даде општословенски карактер, празник на словенската солидарност.

Засега, ние во Македонија не го прославуваме тој празник. Јас имав можност да ги слушнам одгласите, не многу поволни за нас, од старите прогресивни луѓе кои ефективно учествувале во прославувањето на денот на Кирил и Методиј.

Сметам дека тој ден треба да се празнува како празник на словенската солидарност и братство.

Мислам дека ќе биде најдобро ако денот на Кирил и Методиј кај нас, во ФНРЈ, се објави за ден на словенската солидарност, ако сите училишта и сите културни установи го прославу-

ваат тој ден како ден на нашата култура и просвета. Не е потребно тој да биде неработен, празничен ден, како што е тоа во Бугарија, ние немаме потреба од многу празници затоа што нам ни престои важна и зголемена работа, а би можеле тој ден да го одбележиме во нашиот печат со прилози, белешки и др., да се даваат приредби, да се организираат академии, да се говори за работата на Кирил и Методиј и за словенската солидарност во училиштата, со еден збор да биде празник на народната просвета, на словенската солидарност и, на прво место, празник на солидарноста меѓу народите на Југославија.

Посебно за Македонија тој ден треба да биде најсвечено поставен, да добие значење какво што имаше во времето кога ние Македонците се боревме против ропството на Фенерот[223] и турските паши и султани за своето ослободување. И во Македонија тој ден исто така може да биде присутен и пожелно е да биде присутен. На таа свеченост треба да учествуваат не само учениците и работниците на културно поле, туку би требало да учествуваат и нашите народни избраници на чело со нашата влада, со нашите народни претставници.

Ние треба да се стремиме кон тоа, од рацете на бугарските јавни работници и бугарската власт да го земеме она што нам, Македонците, ни припаѓа и кои својата судбина нераскинливо и целосно ја поврзавме со другите народи на Југославија. Истовремено со тоа, треба да го манифестираме и нашето македонско единство, нашето единство не само со нашите браќа од Пиринска и Егејска Македонија, туку и со нашите браќа бегалци и емигранти кои живеат во Бугарија и на други места во Европа и со оние кои живеат во други земји: Америка, Австралија и др.

Нам ни е потребно да настојуваме да го подигнеме на соодветна висина и да го оцртаме вистинскиот лик и на другите словенски просветители кои се родиле во Македонија и чии заслуги за народното дело се искористуваат за целите на големобугарштината.

---

[223] Се однесува на пропагандите што ги врешела Грчката патријаршија.

Потребно е, исто така, да ја одбележиме и годишнината од смртта на Климент Охридски, ученик на Кирил и Методиј, еден од големите македонско-словенски просветители, кој во почетокот на X век имал школа во Охрид во која учеле 3.500 ученици и од кои многу станале учители, свештеници, ѓакони, псалмопејачи, преведувачи на религиозни книги и др. Да споменам дека Софискиот универзитет, како и редица друштва во Бугарија, го носат името на Климент Охридски.

Јас Ве молам, другар Маршале, да најдете време и да ја разгледате оваа моја сугестија. Убеден сум дека во врска со оваа моја сугестија ќе донесете решение кое ќе биде од корист за сите братски народи на ФНРЈ.

7 мај 1948 година
Б е л г р а д
Со другарски поздрав,
Д. Влахов (с.р.)

## 52.
## ДИПЛОМАТСКА ОЦЕНА
### на југословенската дипломатија до МНР на ФНРЈ, за внатрешнополитичката ситуација во Бугарија, а во тој контекст и за положбата на Македонците во Бугарија, Софија, 10 јуни 1948 година

Стр. доверливо бр. 40, Софија 10 јуни 1948 година
Предмет: Извештај за внатрешната и надворешнополитичката ситуација на НР Бугарија[224]

Во периодот меѓу 10 мај и 10 јуни во внатрешната политика на НР Бугарија се истакнува како значајно: се продолжи борбата на раководството на Отечествениот фронт за натамошно зацврстување на организацијата ОФ; попуштањето на работната дисциплина кај бугарското работништво по првомај-

[224] MSPS, F-24, pov. br. 416782.

ското натпреварување и интервенцијата на Владата тоа да се подобри, како и борбата за подобар квалитет на производството; говор на Васил Коларов[225] и новата фаза во однос на слевањето на БРСДП[226] со БРП (к)[227]; прославата на празникот Кирил и Методиј во Софија.

Борба за натамошно зацврстување на отечествено-фронтовските организации

Како што веќе ве известивме во нашите извештаи за месец април, по масовното запишување на непартиските, како и на оние кои им припаѓаа на поранешните опозициски партии, во отечествено-фронтовските организации се појавија и првите слабости во реализацијата на уписот.

Се случувало во организација на ОФ да бидат примани поединци, а во таа прилика да не се води доволно сметка за минатото на кандидатите. Партиските организации се бореа прво кандидатите да ги запишат во својата партија, па потоа во ОФ. На тој начин разни прикриени, па дури и отворени реакционери успеаја да се вовлечат во организациите на ОФ и веќе се видни првите знаци на нивното поткопување. Особено реакционерите се користеа со тоа што, било едновремено било сукцесивно, се запишуваа во ОФ и во една од партиските организации на партиите кои влегуваат во составот на ОФ, обично во БЗНЗ или НС „Звено”. На тој начин тие ја имаа заштитата на партиските организации на кои им беше до тоа да имаат што поголем број членови.

Таквата состојба доведе до конфликти и во самиот ОФ. За тоа станува збор и на состаноците на Националниот

[225] Васил Коларов (1877-1950), комунистички активист. Студирал право во Швајцарија. Народен пратеник. Работи на болшевизација на БКП, а на Првиот конгрес бил избран за секретар на ЦК на БКП. Член на ИК на Коминтерната од 1921. За време на Септемврискотo востание во 1923 ја напуштил Бугарија и останал надвор од земјата 22 години. За време на војната (1941-1944) индиректно раководи со антифашистичкиот отпор од Москва, а во 1944 се вратил во Бугарија каде што зазема високи политички и државни функции.

[226] Се однесува на Бугарската работничка социјалдемократска партија.

[227] Се однесува на Бугарската работничка партија (комунисти) која тогаш сé уште не беше преименувана во БКП.

совет на ОФ. Некои раководители од ОФ, истовремено и раководители на БЗНЗ и "Звено", пороа беа прекорени што на тој начин ѝ допуштиле на реакцијата да се вовлече во ОФ и оттаму, под заштита на функционерите на партиските организации, да прават интриги и со тоа да ја слабеат позицијата на ОФ како целина.

Поради тоа, потпретседателот на Владата, министерот за земјоделие и шумарство и секретар на Сојузот, Георги Трајков, го свика управниот совет на БЗНС. На состанокот на Управниот совет говор одржа министерот Трајков, кој веднаш на почетокот на своето излагање рече дека свикувањето на Управниот совет меѓу непријателите на БЗНС и ОФ предизвика најразлични коментари, бидејќи непријателите не престанале со шепотењето и создавањето на интриги со цел да предизвикуваат на недоверба меѓу БЗНС и другите партии во рамките на ОФ.

Понатаму Георги Трајков зборуваше за конфликтите што се случуваат меѓу привrзаниците на БЗНС и БРП(к) во разни места во внатрешноста, кога рече дека сите тие конфликти се од ситна природа, „чисто персонални" и тоа „не насекаде". Но тоа не се основни прашања кои би биле во состојба да ги одделат и да го оддалечат БЗНС од БРП(к). За основните прашања, продолжи понатаму министерот Трајков, ние се договоривме и ги здруживме напорите заради нивно решавање.

Бидејќи се прошири глас дека новата организација на ОФ, како единствена општетвено-политичка организација, всушност значи ликвидација на партиите што влегуваат во составот на ОФ, министерот Трајков се најде поттикнат да ги смири своите членови на Управниот совет, кога рече дека БЗНС не само што треба да постои, туку тој треба да се зацврсти за да може квалитетно да ги исполни своите обврски спрема ОФ. Ние како задача имаме, рече Трајков, да ги организираме селанските маси и да ги воспитуваме за верно служење на својата татковина.

На крајот, Георги Трајков самокритички се осврна на работата на БЗНЗ. Тој рече дека треба да признаеме дека сѐ уште не сме прекинале со стариот начин на работа. Сѐ уште кај нас се смета дека може да бидат членови на БЗНС сите оние што

ќе платат членарина. Нашите функционери „не се интересираат за минатото на кандидатот, за неговите идеи, и за неговите чувства". „Масовизирањето на некои наши организации долу е резултат на обидот и пропагандата на непријателот, преку нас, да се вовлече во Отечествениот фронт. Некои наши организации подлегнаа на тоа. Но по тој пат не смее да се оди. Таму каде што членството е примано набрзина веднаш треба да се изврши чистење... Сепак, другарите на некои места манифестираат сентименталност и подготвени се да им прават отстапки, честопати и на поранешните фашисти".[228]

На 26 мај оваа година, на советување се состана Извршниот комитет на Отечествениот фронт под претседателство на Георги Димитров. Пред Извршниот комитет, реферат за организациско-политичката состојба на единствените организации на ОФ поднесе главниот секретар на НС на ОФ и претседател на Комитетот за наука, уметност и култура, В'лко Червенков.[229]

Георги Кулишев, еден од секретарите на ОФ, ги изложи нацрт-директивите за реорганизација на работата на Отечествено-фронтовските партии. По дискусијата, Извршниот комитет го прими предложениот проект, истовремено прифаќајќи и извесни дополнувања што ги предложи Георги Димитров.

Најважните дополнувања, предложени од Георги Димитров се следниве:

1. Извршниот комитет на ОФ им препорачува на ОФ партиите да го прекинат приемот на нови членови во своите партии, почнувајќќи од 1 јуни до крајот на 1948 година, концентрирајќи ги своите напори на политичкото воспитание на своето членство и зацврстувајќи ги редовите на ОФ;

---

[228] Подвлечено во оригиналот.

[229] В'лко Червенков (1900-1980), бугарски комунистички деец. Во септември 1944 се вратил од СССР во Бугарија и бил избран за член на Политбирото и секретар на ЦК на БКП. Понатаму заземал високи партиски и државни функции во НР Бугарија сѐ до 1961 г. кога бил исклучен од Политбирото на БКП и од партијата и отстранет од политичкиот живот.

2. Членовите кои во иднина ќе се примаат во ОФ партиите, треба претходно да бидат членови на единствената организација на ОФ;

3. Да се зголеми будноста при приемот на нови членови на единствената организација, држејќи се точно на Уставот на ОФ;

4. Да се преземат мерки за поголемо распространување на органите на Националниот совет на Отечествениот фронт, на листата на „Отечествениот фронт". (Во оваа прилика треба да се истакне дека, на пример, весникот на НС „Звено" - „Изгрев" се печати во 141.000 примероци, додека весникот на НС ОФ „Отечествен фронт" се печат во вкупно 120.000 примероци).

Во другите точки се говори дека за надворешната политика и за внатрешната политика, како и за стопанската политика, може да зборува само раководството на ОФ но не и функционерите на одделните партии на своја рака. Понатаму е речено и тоа дека оние членови на партијата кои не ги извршуваат своите обврски спрема единствената организација не може да бидат членови на која и да било партија на ОФ.

<u>Попуштање на интензитетот и квалитетот</u>
<u>на индустриското производство</u>

Министерот за индустрија Петко Кунин им испрати на сите дирекции на државните индустриски обединувања (БИО) и на индустриските претпријатија циркуларно писмо во кое има дава знак за тревога поради фактот дека индустриското производство на Бугарија, по првомајскиот натпревар, катастрофално попушти. Во сите гранки на индустријата, без исклучок, дојде до нагло опаѓање на производството. Има такви претпријатија во кои производството за 10 дена од мај опадна за повеќе од 60 отсто. Во кружницата категорично се подвлекува дека за таквата состојба не може да се бараат причини во некакви објективни фактори. Причините се наоѓаат само во попуштањето на работната дисциплина, упорноста во работата и слично.

Главните виновници за уривањето на планот, според кружницата, се директорите на Дирекцијата на државните индустриски здруженија и директорите на државно-индустриските претпријатија. Така имаше голем број на случаи кога директорите на здруженијата и на одделните претпријатија, под влија-

ние на празничното расположение кај мнозинството работници (мнозинството работници имаат мошне слаба класна свест, затоа што истовремено се и ситни сопственици на село), омекнаа и решија, заедно со синдикалните организации, да им дозволат на работниците за неколку дена да ги напуштат претпријатијата поради велигденските празници. Имаше и такви претпријатија кои не работеа 4-5 дена.

Таа состојба најдобро ќе ни ја покажат бројките кои ги наведуваме подолу. Така, додека во индустриските претпријатија, кои секојдневно полагаат сметка, просечно во месец март биле на работа дневно по 34.000 работници, во месец април 31.400, за првите десет дена од мај тој број изнесува просечно 25.800 работници.

Таквата состојба доста го загрижи бугарското министерство за индустрија, дотолку повеќе што се приближува летото, кога, со оглед на составот на бугарското работништво, голем број од нив ги напуштаат фабриките и рудниците за да заминат на село заради обработка на своите земјоделски имоти. Освен тоа, во лето доаѓа и сезоната на одмори, така што поради сите тие моменти исполнувањето на планот ќе се доведе во прашање.

Во врска со новонастанатата ситуација, министерот за индустрија издаде строга наредба најостро да се постапува со оние кои самоволно ја напуштаат работата. Извесен број директори на претпријатијата веќе му е предаден на Јавниот обвинител за да поведе кривична постапка против нив.

Како последица на таквата катастрофална перспектива во поглед на извршувањето на двогодишниот план, Централниот совет на ОРПС (синдикатите) ги мобилизира сите свои највисоки функционери заради организирање на митинг со работниците во разни индустриски претпријатија. Во тоа време дојде до ненадејната посета на Георги Димитров на извесен број на претпријатија во јужна Бугарија. На сите овие состаноци станува збор за слабите резултати во индустриското производство по добрите успеси во првомајскиот натпревар.

Бугарскиот печат го осуди кампањскиот карактер на натпреварот. Во таа пригода е осуден и самиот начин на натпреварување, кое не се организира и не се спроведува добро и

кое, поради тоа, доведува до максимално напрегнување и трошење на работната сила, кое доведува до слабеење на работната способност на работниците, несреќи, но и до многубројни заболувања и кое, на крајот на краиштата, го слабее производството. Во таа пригода се истакнуваше дека синдикалните организации се должни да го воспитуваат работништвото во таа смисла, тие да постигнат поголемо производство со поголема работна дисциплина, со воведување на нови и посовршени методи на работа и слично.

По завршувањето на првомајскиот натпревар е констатирано дека, покрај задоволителната количина на производството, не задоволува квалитетот. Имено, првомајскиот натпревар кај работниците создаде психоза за постигнување поголемо производство. Во таа пригода се испушти вториот, поважниот елемент - квалитетот. Имаше и такви производи кои не можеше да се употребуваат поради слабиот квалитет. Така на пример, собните ќумбиња во една фабрика биле толку слабо направени што се расипувале и при првата пробна употреба, лажиците за јадење исто така. Тулите во некои тулани биле толку слабо направени што не можело нити да се транспортираат итн.

Затоа една од основните пароли на „Деветтосептемврискиот натпревар" е паролата „Да се подобри квалитетот". Во таа смисла ОРПС разви широка активност. Централното раководство на ОРПС држи предавања во поголемите индустриски места. Претседателот на ОРПС, Рајко Димитров, зборуваше во Стара Загора. Дамјанов најнапред зборуваше за попуштањето на работната дисциплина кај еден дел на бугарските работници и, како последица на тоа, слабеењето на производството. Во продолжение на своето излагање, Дамјанов рече дека оваа конференција се одржува во врска со организацијата на „Деветтосептемврискиот натпревар" и за потребата од преземање на енергични мерки за ликвидирање на направените грешки, па потоа подвлече: "Порано повеќе внимание се обрнуваше на количините, на поголемото производство, а на квалитеот не му се обрнуваше доволно внимание. Од тие причини ЦС ОРПС на директорите на претпријатијата, синдикалните организации и на работниците, како задача им ја поставува "Борбатата за квалитет"...

Прашањето за спојување на БРСДП[230] со БРП(к)[231]

Во минатомесечниот извештај истакнавме дека се работи на спојувањето на БРСДП со БРП (к). Сè до неодамна претставниците на БРП(к) не се изјаснуваа за тоа прашање. Дури на 13 мај, Васил Коларов, на комеморативната свеченост по повод годишнината од смртта на Димитар Благоев,[232] основачот на бугарското социјалистичко движење, критикувајќи ја работата на бугарските социјалдемократи во минатото, ги истакна условите под кои може да се дојде до работничко единство во Бугарија. Тој во таа пригода нагласи дека до единство може да се дојде само под услов БРСДП да го прифати учењето на Димитар Благоев, т.е. марксизмот-ленинизмот. Тоа значи дека БРСДП треба да ја прифати програмата на Бугарската работничка партија (комунисти) и во рамките на нивниот статут. Коларов понатаму ја истакна недоволно острата самокритика од страна на БРСДП за прашањето поради кое во минатото се раскина бугарското социјалистичко движење, за прашањето на сфаќањето кое преовладуваше во минатото во редовите на бугарските социјалдемократи, прашањето на соработката со буржоаските партии или, како што го нарекуваат во Бугарија, "општоделство". Понатаму бараше во целост да се разобличи предавничкиот сојуз на социјалдемократите со империјалистите за време на Првата светска војна, како и подоцна, сè до најновото време. Коларов на крајот го кажа и следново: „Таквите злосторства не смее да останат нежигосани од страна на Социјалдемократската

[230] Бугарска работничка социјалдемократска партија.
[231] Бугарска работничка партија (комунисти).
[232] Димитар Благоев (1856-1924). Роден во с. Загоричани, Костурско. Социјалист и идеен пропагатор на марксистичката идеологија во Бугарија. Се школувал во родното село и во Цариград, Одрин, Стара Загора и во Русија (Одеса и Сант Петербург). Иницијатор за свикување на илегалната конференција на бугарските социјалисти (1897). Уредник на бугарскиот марксистички весник "Работник" и автор на првата марксистичка книга во Бугарија (1891). По поразот на Илинденското востание се залагал да се формира балканска федерација и во тие рамки го гледал решавањето на македоското прашање. Починал во Софија.

партија, ако таа искрено сака да се влее во Бугарската работничка партија (комунисти)".

На 22 мај оваа година целиот бугарски печат објави соопштение за слевањето на БРСДП во БРП(к). Во тоа соопштение се вели дека Централниот комитет на БРП(к) и Централниот комитет на БРСДП едногласно го одобриле протоколот изработен од претставниците на двата комитети. Во продолжение на соопштението се вели и тоа дека двата ЦК се обврзуваат да создадат една заедничка комисија која ќе има задача да изгради и да подготви предлози во врска со вливањето.

Истовремено со соопштението, објавен е и Протоколот на заедничката комисија за слевањето. Во Протоколот се изнесуваат условите под кои доаѓа до слевање (а не обединување!) на БРСДП со БРП(к). Како услови за тоа вливање треба да бидат:

а) Целосно прифаќање на марксистичко-ленинистичкото учење и програмата и Уставот на БРП(к), како и нејзината партиска дисциплина.

б) Решителна осуда и критика на политиката на социјалдемократите во минатото како штетна за работничката класа;

в) Признавање на потребата за постојана борба против десните „социјалисти" - агенти на империјализмот.

Во протоколот понатаму се изнесува дека овластените претставници на ЦК на БРП (к) и Комитетот за обединување на БРСДП во рок од еден месец да решат кои од членовите на БРСДП не ги исполнуваат горните услови, и според тоа, не ќе може да се вклучат во составот на БРП (к).

Истата оваа Комисија е овластена да направи конкретни предлози за вклучување во раководните органи на БРП (к) на одделни претставници на БРСДП.

Од страна на БРП (к) во Комисијата влегуваат следниве лица:

1) В'лко Червенков,

2) Георги Чанков,

3) Димитар Дичев.

Од страна на Комитетот за обединување од БРСДП следниве лица:

1) Добри Бодуров,

2) Балгаранов П. и

3) Д. Јерохам.

Прославата на денот на Кирил и Методиј во Софија

Секоја година на 24 мај, во цела Бугарија, многу свечено се прославува денот на Кирил и Методиј. Денот на Кирил и Методиј во Бугарија се смета како училишен празник. Тој ден училишната младина ги манифестира своите успеси во училиштето и напорите за изградба на земјата.

Интересно е да се подвлече дека прославата на Седумдесетгодишнината од ослободувањето на Софија, која требаше да биде на 3 март, како и прославата на седумдесетгодишнината од ослободувањето на Бугарија, е одложена и споена со прославата на денот на Кирил и Методиј.

Бугарската академија на науките, заедно со Софискиот универзитет и Сојузот на научните работници, во врска со прославата на Кирил и Методиј, на 23 мај организираа свечена академија на која зборуваше и претседателот на Бугарската академија, Тодор Павлов[233]. Тој во својот говор, зборувајќи за значењето на Кирил и Методиј, го рече и следново: „Ние денес сме сведоци на една нова нација, која, сакал некој или не, е историска реалност. Таа нова млада нација денес нека ги дооформува некои од елементите. Таков е случајот со македонскиот јазик кој е прекрасен и одличен”. Павлов во продолжението на својот говор рече дека „зачетокот на тој јазик треба да се бара уште во времето на Кирил и Методиј, кои не се ниту бугарски, како што некои кај нас мислат, ниту српски, ниту само македонски - тие се словенски”. За прашањето на македонската нација, Павлов понатаму рече дека „кај нас постојат сфаќања кои не одговараат на историската вистина. Тие сметаат дека македонската нација го води своето потекло по Санстефано”.

Бугарскиот печат, во врска со денот на Кирил и Методиј, објави голем број прилози. Може да се каже, без исклучок, дека таа заземе неправилен, историски неточен став во однос на потеклото и територијата на дејствувањето на Кирил и Методиј

[233] Тодор Павлов (1890-1977), филозоф, литературен критичар, политички активист и државник, роден во Штип. Претседател на БАН (1947 - 1977).

и на нивните ученици. Така, органот на ЦК на БРП (к), „Работническо дело”, објави два прилога. Во првиот прилог, под наслов „Делото на Кирил и Методиј”, напишан од страна на еден професор од Софискиот универзитет, се зборува дека учениците на Кирил и Методиј од Моравија дошле во Бугарија каде што ја развиваат својата работа. Меѓутоа, историски е точно дека учениците на Кирил и Методиј работеле на територијата на Македонија, а дека нивните попознати ученици не биле во Бугарија. Но, бугарскиот професор на Универзитетот, автор на прилогот, се држи до сфаќањето дека Македонија е дел од Бугарија.

Во вториот прилог чиј автор е познатиот бугарски писател Стефан Каракостов, се оди по истиот пат и тезата Кирил и Методиј да се прикажат како бугарски учители, учители од „бугарски род”, кои ги „измислиле словено-бугарските букви”...

Весникот на НС на Отечествениот фронт, „Отечествен фронт”, во својот уводник ги цитира зборовите кои Георги Димитров ги изговорил на Лајпцишкиот процес. Таму се вели дека во времето “кога германскиот император Карло V зборувал на германски само со коњите, а учените луѓе пишувале на латински јазик, во „варварска” Бугарија, Кирил и Методиј ја создале и ја рашириле словено-бугарската писменост”.

Овој пасус го цитира и „Работническо дело” во својот уводник.

Еден број од бугарските весници цитира разни историчари, познати по своите големобугарски сфаќања. Органот на Радикалната партија (која е во Отечествениот фронт), „Време”, објавува еден прилог во кој се вели и следново: „Сите народи им се восхитуваат и ги слават своите творци и будители. Ние, Бугарите, имаме исклучително право да се гордееме со тоа што нашите браќа Кирил и Методиј го дале најсилното оружје - азбуката - за културно и историско зацврстување не само на нас Бугарите, туку и на сите Словени, од ладните сибирски степи до Висла, од Архангелско до Белото Море”. Во продолжение на прилогот се вели и следново: „Благодарение на Кирили Методиј, Бугарија стана првото огниште на словенската писменост и

просвета. Од тоа се гледа дека бугарскиот народ отсекогаш бил непресушен извор на духовни и морални творечки сили".

Инаку, празникот Кирил и Методиј е прославен многу свечено и со големо учество на софиската младина. На манифестациите дојде до израз големата љубов која младината ја негува кон Георги Димитров.

Особено силни и топли манифестации приредија софиските студенти, со исклучок на студентите на право и економски науки, кои беа малку послаби. Малите пионери исто така многу топло и со воодушевување минаа покрај трибините. Беше забележан голем број слики на Маршал Тито.

Надворешнополитичката ситуација во Бугарија

Најважен надворешнополитички настан во извештајниот период е потпишувањето на Договорот за пријателство, соработка и заемна помош на НР Бугарија и Република Полска.

Потпишувањето на овој Договор во Бугарија не го донесе она расположение како што беше случај со Чехословачка. Договорот со Чехословачка беше многу коментиран, како во бугарскиот печат така и во владините кругови и кај населението. Можеби за тоа придонесе и говорот на Георги Димитров, кој го одржа на 1 јуни, по враќањето од Варшава. Имено, по враќањето од Варшава, Георги Димитров одржа говор пред огромна маса од 150 илјади луѓе. Во тој свој говор, како што е познато, многу малку ги допре до надворешнополитичките проблеми, освен што двапати ги нападна американските и англиските империјалисти. Бидејќи следниот ден, т.е. 2 на јуни, беше денот на загинувањето на големиот бугарски поет и револуционер Христо Ботев, Димитров во продолжението на својот говор најголем дел од истиот им го посвети на внатрешно - политичките проблеми. Димитров во својот говор најави остро постапување со реакцијата во Бугарија, особено со онаа во Софија која постојано кова заговори против својата татковина. Тој рече дека на тие и такви софијанци ќе им бидат одземени становите и дека "тие ќе добијат други станови, такви какви што заслужуваат". Со тоа Димитров го најави тоа што во Бугарија, а особено во Софија, долго се зборува. Се мисли на иселувањето на бугарската буржоазија, која ништо не работи, туку се занимава со

ширење на алармантни вести од Софија и од поголемите градови во внатрешноста. Тие зборови на Георги Димитров создадоа вистинска паника во редовите на софиската буржоазија, која веќе почна да зборува дека владата на Георги Димитров не смее да ја преземе таа мерка против нив, бидејќи за нив се заземаат американските и англиските претставници во Софија. Се зборуваше и се истакнуваше дека тоа е слабост на Димитровата влада.

Димитров понатаму ги нападна „брборковците" кои сѐ уште може да се сретнат во бугарското општество. Ја нападна мрзеливоста и бирократијата на бугарските службеници кои одвај чекаат да ја напуштат работата поради свои лични работи.

Симптоматично е овде да се истакне дека Г. Димитров, зборувајќи за Договорот со Полска, рече и тоа дека Бугарија досега веќе склучи такви договори со СССР, Чехословачка и со други земји. Како што се гледа, Димитров не ја спомена Југославија, иако со Југославија и временски прва склучи таков договор.

На крајот од унгарската културна недела на 6 овој месец, потпретседателот на Владата, Трајчо Костов, во својот говор го нагласи и тоа дека уште во текот на овој месец ќе дојде до склучување на Договор за пријателство, соработка и заемна помош меѓу НР Бугарија и Република Унгарија.

Димитров во чест на унгарската културна делегација на 5 о.м. приреди прием во Министерскиот совет.

Посредувањето на Анкетната комисија за Балканот на ООН за воспоставување на односи меѓу Бугарија и Грција

Пред самото тргнување на бугарската владина делегација во Полска, на 26 мај оваа година, бугарската влада прими писмо од Генералниот секретар на ООН Тригве Ли, во кое тој ја пренесува содржината на писмото кое што му го упатила т.н. Анкетна комисија за Балканот. Анкетната комисија за Балканот во своето писмо ги пренесува условите на Владата на Грција за воспоставување на односи со Бугарија.

Од Министерството за надворешни работи на Бугарија, своевремено, ни е соопштено дека Владата на Бугарија нема да

одговори на овој нов предлог додека бугарската владина делегација не се врати од Полска.

Според изјавата на пом.-министерот за надворешни работи Каменов, одговорот би требало да биде таков што Бугарската влада ќе му стави на знаење на Генералниот секретар на ООН Тригве Ли дека Бугарија не ја признава т.н. Анкетна комисија за Балканот и дека доколку грчката влада сака да дава некакви предлози, нека се обрати преку Генералниот секретар на ООН.

На 8 овој месец, Бугарската влада му го упати својот одговор на Генералниот секретар на ООН Тригве Ли. Во одговорот се истакнува дека бугарската влада е готова да преговара со Владата на Грција. Исто така е нагласено дека Владата на Бугарија за тие преговори го ополномоштила својот политички претставник во Вашингтон, Меворах. Се повикува и Владата на Грција за тоа да го ополномошти својот политички претставник во Вашингтон.

Владата на Бугарија истовремено му упатила и инструкции на својот ополномоштен министер во Вашингтон. Во инструкциите, главно, се подвлекуваат оние услови кои Бугарија веќе ги изнесе во своето поранешно писмо до Тригве Ли, за што веќе известивме.

За ова Владата на Бугарија не нè извести. Бугарскиот печат споменатиот одговор уште не го публикувала. На 8 о.м. пом.-министерот за надворешни работи Сава Гановски му соопшти на претставникот на Амбасадата дека отправникот на работите на Република Швајцарија во Софија, Мартен, во име на својата влада, дал предлог Швајцарија да го преземе застапувањето на интересите на Грција во Бугарија. Гановски одговори дека преговорите со Владата на Грција се во тек и дека, според тоа, засега таквиот предлог на Владата на Швајцарија е преуранет.

По наредба на Амбасадорот,<br>
Советник,<br>
Благој Хаџи Панзов (с.р.)

## 53.
## ИЗВЕШТАЈ
## на Амбасадата на ФНРЈ за културно-уметничкиот и научниот живот во НР Бугарија и за пишувањето на бугарскиот печат за ФНР Југославија и посебно за Македонија, Софија, 10 јуни 1948 година

Амбасада на
Федеративна Народна Република Југославија
Софија
Стр. дов. бр. 40 Софија, 10 јуни 1948 год.

Предмет: Краток месечен извештај за културниот, уметничкиот и научниот живот во Бугарија[234]

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
Оддел за информации
Б е л г р а д

Пишувањето на бугарскиот печат за Југославија[235]

Во изминатиот месец бугарскиот печат не ѝ посвети доволно внимание на Југославија. Карактеристично е што бугарскиот печат не му посвети внимание на донесувањето на нашиот буџет, ниту ги објави говорите на нашите раководители, иако овие говори можеа на бугарската јавност да ѝ дадат јасна слика за нашиот стопански и културен развој (Дирекцијата за печат на МНР ги објави овие говори во посебни билтени, но тие се доверливи билтени и достапни само на ограничен број луѓе).

Меѓутоа сиот бугарски печат не се однесуваше подеднакво спрема Југославија. Тоа лесно се забележува со самото прелистување на бугарските дневни весници. Видливо е дека одделни весници донесуваат само кратки преноси на БТА, дека

[234] MSPS, F-24, pov. br. 416782.
[235] Подвлекувањата се во оригиналот.

овие извештаи ги објавуваат на споредни места, додека други весници овие извештаи или коментари ги пренесуваат под видлив наслов на истакнати места.

Овде накратко ќе го изнесиме пишувањето на одделните весници:

Дневниот весник "Отечествен фронт" го пренесе само извештајот на БТА и Танјуг. Овие извештаи се кратки и суви.

„Работническо дело", покрај овие извештаи, донесуваше и кратки прилози, но не им даваше толку видно место. Така, за усвојувањето на нашиот буџет, „Работническо дело", на 4 страница, дури на 13 мај донесе прилог под наслов "Титова Југославија во стопанско и културно издигнување", во кој само накусо се изнесени бројки од нашиот буџет. Подоцна, во бројот од 16 мај, на споредно место е објавена сосема куса белешка за културниот живот во СФРЈ. По повод Загрепскиот саем објавен е поголем прилог од Данаило Темков, во кој главно е резимирано пишувањето на нашиот печат за овој саем.

Другите бугарски весници им посветија поголемо внимание на проблемите на Југославија. Така весниците „Народ" и „Изгрев", во броевите од 4 и 5 мај, под видни наслови, на првата страница, ги објавија нашите барања спрема Австрија на Конференцијата во Лондон. Весникот „Народ" ги пренесе извештаите на Танјуг и ТААС, а весникот „Изгрев" извештаите на БТА. Весниците „Работническо дело" и „Отечествен фронт" овие вести ги дадоа кратко.

Понатаму, весникот "Народ", во три броја од 27, 28 и 29 мај, објави долга репоратажа за Југославија со наслов „По три години во Нова Југославија" од Александар Чичевски. Оваа репортажа е топло напишана. (Ја доставуваме во прилог).

Весникот „Труд" исто така објави репортажа за Југославија од Ангел Георгиев во двата броја од 28 и 29 мај, со наслов "Во братските земји", која исто така ја доставуваме во прилог.

Весникот "Изгрев" ги нотираше вестите за Југославија, па на видно место, во бројот од 18 мај, објави убав прилог за изградбата на Белград, така што може да се каже дека неговиот став спрема Југославија е попозитивен од весникот „Отечествен фронт".

Најдобро може да се воочи ставот на одделните бугарски весници спрема Југославија од изјавата на министерот за трговија Крстју Добрев за впечатоците од Загрепскиот саем. Изјавата ја објавија софиските весници од 20 мај како буквален цитат (со исклучок на „Земеделско знаме" кој објави извод). Оваа изјава единствено целосно ја објави весникот „Изгрев" така како што таа е објавена во Билтенот на Дирекцијата за печат. И додека весникот „Изгрев" ја подвлече и со големи букви ја додаде реченицата „Југославија оди по цврстиот пат кон својата индустријализација", весникот „Работническо дело" ја исфрли таа реченица. Исто така кога Добрев зборуваше за добро уредените павилјони на СССР, Чехолсовачка, Полска и Унгарија и додаде: „Но треба да подвлечам дека особено добро беа уредени павилјоните на ФНРЈ", весникот „Работническо дело" ја исфрли и таа реченица, додека весникот „Отечествен фронт" ја даде во друга форма: „Треба исто така да подвлечам", со што всушност е променета смислата на реченицата. Вториот дел од изјавата, весникот „Отечествен фронт" ја пренесе точно, додека „Работническо дело" направи уште една измена, исфрлајќи го зборот „особено", кога се зборува за силниот впечаток на нашиот павилјон.

Извештајот за пишувањето на бугарскиот печат за роденденот на Маршал Тито, Амбасадата го достави со свој акт Дов. бр. 197 од 28 мај о.г.

Унгарска културна делегација во Софија

Од 30 мај до 6 јуни о.г. во Софија е организирана Унгарска културна недела. По тој повод во Бугарија допатува унгарска културна делегација, на чело со министерот за просвета Ѓула Ортутај. Во Делегацијата беа и следниве лица: Ѓула Хајду, државен секретар, Иван Русињак, професор на Универзитетот, Јењу Цинкотски, началник на одделението за културни врски со странство на Министерството за надворешни работи, Иштван Шотер, Освалд Семерени, Јанош Сентмихајн, Бела Салај, претседател на унгарската академија на младината, и др. Со Делегацијата допатуваа писателите: Паул Сабо, Золтан Зелк, Гејза Кејпеш, оперските пеачи: Јулија Ошвад, Ендре Розлер, диригентот Андраш Короди, пијанистот Лајош Хернади, унгарскиот виолин-

ски квартет „Татрај”, сликари, новинари и една фолклорна група. Оваа делегација допатува на 29 и на станицата беше свечено дочекана (со почесна чета) од министрите: В’лко Червенков, Кирил Драмалиев, Цола Драгојчева[236], претседателот на Народното собрание Рајко Дамјанов и др.

На 30 мај претпладне свечено е отворена Унгарската недела на културата во Народниот театар, во присуство на претставникот на Президиумот, Минчо Најчев, потпретседателот на владата Трајчо Костов[237] и други министри и јавни културни работници.

Свечената академија ја отвори Фердинанд Козовски, а потоа говореа: В’лко Червенков и Ѓула Ортутај. Во своите пригодни говори го подвлекоа значењето на културната соработка и истакнаа дека никогаш во минатото унгарскиот и бугарскиот народ немале никакви спорови туку се бореле за своето национално ослободување. По свечената академија унгарските и бугарските уметници изведоа уметничка програма.

На 1 јуни во Софија е отворен Унгарски културен институт при Софискиот универзитет. Во таа пригода подолг говор

---

[236] Цола Драгојчева (1898-1993), Бела Слатина. Член на БКП од 1919. Во 1923 учествува во подготвувањето на Септемвриското востание од 1923 година. На VII пленум на ЦК на БКП (јануари 1941) била избрана за член на Политбирото на ЦК на БКП и за организациски секретар на Партијата. Минала во илегалност, но и покрај тоа била затворена и осудена на смрт. Успеала да побегне од концентрациониот логор “СВ. Никола” во Асеновградско кон крајот на 1941, но повторно била затворена и осудена. Била задолжена за врските со југословенските комунисти. По 9 септенври 1944 била главен секретар на НК на ОФ. Подоцна заземала повеќе други високи државни и партиски функции. Делегат на НС во повеќе свикувања. Одликувана со одликувањето “Херој на социјалистичкиот труд” (1963) и “Херој на НР Бугарија” (1968) и Меѓународната Ленинова награда за мир (1972). Нејзините мемоари “Повела на д’ лга” предизвикале сериозно затегнување на бугарско-југословенските односи поради фактографските интерпретации и негирањето на НОБ на југословенските народи и особено поради негирањето на македонскиот народ.

[237] Суден во Бугарија по судирот на Југославија со Информбирото во 1948 год., наводно поради “титоизам” и предавство на бугарските национални интереси.

одржа Трајчо Костов, потпретседател на Владата и претседател на Бугарско-унгарското друштво.

На 3 јуни во Министерскиот совет се изменети документите за ратификација од Културната конвенција, која е склучена на 29 октомври 1947 год. во Будимпешта меѓу Бугарија и Унгарија. Ратификационите документи ги потпишаа Васил Коларов, потпретседател на Владата и Министер за надворешни работи и унгарскиот пратеник Шафранко. При размената на овие документи присуствуваа повеќе министри.

Истиот ден во Софија е отворена Унгарска етнографска изложба, сликарска изложба и изложба за патот на унгарската демократија. На изложбата говореа министерот за просвета Кирил Драмалиев и министерот Ѓула Оргутај. Изложбата предизвика голем интерес, а посебно етнографската (везови, рачни изработки, носии, грнчарии), додека сликарската и изложбата за патот на унгарската демократија никаде уште не е нотирана во бугарскиот печат, нити пак воопшто за неа се искажа бугарската критика. Фотографиите и графиконите кои го покажуваат патот на унгарската демократија се премногу впечатливи, обемни и без посилно влијание.

На отворањето на изложбата уште присуствуваа Трајчо Костов, Червенков, Здравко Митовски и др.

Во текот на оваа културна недела се одржани и други свечености и седници како: Академија на Универзитетот, каде што говореа проф. Русињак и Семерин, вечер на унгарската музика, претстава во Операта, средба на писателите итн.

На 5 јуни претседателот на Владата Георги Димитров, во чест на унгарската делегација, приреди свечен прием во Министерскиот совет. На приемот, покрај унгарската делегација, присуствуваа и бугарски јавни работници, претставници на масовни организации и младината, повеќе министри и дипломати од земјите на народната демократија. Самиот Димитров им укажа големо внимание на членовите на унгарската делегација.

Во целина земено на унгарската културна делегација ѝ е посветено големо внимание, како од страна на бугарските раководители, така и од бугарскиот печат.

Неделата на културата е завршена на 6 овој месец со свечена Академија на која зборуваше Трајчо Костов, кој подвлече дека набргу ќе биде склучен договор за соработка, пријателство и заемна помош меѓу Бугарија и Унгарија.

Членовите на унгарската делегација се одликувани со бугарски „орден за граѓански заслуги", почнувајќи од втор степен нагоре.

По завршувањето на Унгарската недела на културата, одржана на 7, 8 и 9 јуни во Софија, со седницата на Мешовитата комисија се реализира Културната конвенција. Со седницата раководеше Карло Луканов, потпретседтел на Комитетот за наука, уметност и култура, а од бугарска страна учествуваа: генерал-лајтнат Фердинанд Козовски, потпретседател на бугарската поткомисија, проф. Евгениј Каменов, помошник-министерот за надворешни работи Петар Славински, писател, и Рајна Георгиева. Членови на Унгарската поткомисија се: Јењу Цинкотски, началник на одделението за културни врски со странство на Министерството за надворешни работи, Јанош Сентмихај, Бела Салај, Данило Сокоди - Димитров и Јоже Бодеј, директор на Унгарскиот културен институт во Софија.

Мешовитата комисија утврди план за работа од 1 јуни 1948 до 1 јуни 1949 година, прифати правилник за работа на Мешовитата комисија и прифати спогодба меѓу унгарското и бугарското радио.

Со планот се предвидуваат лекторати во двете земји, стипендии за студенти, размена на научни работници, превод на книги, издавање на две бугарски и две унгарски литературни дела, заемна посета на уметници, музичари, размена на музички дела и режисери, заклучување на спогодба за соработка во областа на филмот и радиото, тесна соработка меѓу синдикалните младински организации, како и тесна соработка на полето на на физичката култура и печатот.

<u>Реализација на Културната конвенција меѓу Бугарија и Чехословачка</u>

На 26 мај отпатуваа членовите на Бугарската поткомисија во Чехословачка, на заседанието на постојаната Мешовита комисија поради реализацијата на Културната конвенција за-

клучена меѓу Чехолсовачка и Бугарија. Во составот на Бугарската поткомисија влегуваат: како претседател, Георги Михајлов, народен пратеник и претседател на Бугарско-чехословачкото друштво, а како членови: Георги Караславов, писател и директор на Народниот театар во Софија, Никола Карабашев, началник на Одделението за високи школи на Комитетот за наука, уметност и култура, Искра Панова, началник на Одделението за културни врски со странство во истиот комитет.

Според извештаите на бугарскиот печат, заседанијата на оваа Комисија во Прага се завршени со целосен успех.

Поради реализацијата на Културната конвенција меѓу Романија и Бугарија, Бугарската поткомисија требаше уште во мај да отпатува за Романија, но нејзиното заминување е одложено.

Бугарската поткомисија за реализирање на Културната конвенција со ФНРЈ заминува за Белград на заседанија на Мешовитата комисија, кои се закажани за 25 о.м., за што Амбасадата го извести тоа министерство.

На 16 мај во Софија е одржана свечена Академија по повод стогодишнината од Француската февруарска револуција. Прославата ја организира Бугарско-француското друштво и Францускиот културен институт во Софија. За оваа прослава поканет е Жистен Годар, поранешен министер и претседател на Народниот фронт, потоа потпретседателот на Францускиот комитет за прослава на стогодишнината на Февруарската револуција. Академијата беше добро посетена од членовите на Владата, дипломатскиот кор и политичките, општествените и културните работници. На академијата говореше Ж. Годар, кој беше топло поздравен и кој се претстави како голем пријател на Бугарија. Во негова чест Претседателот на Владата даде интимна вечера. По повод оваа прослава, на иницијатива на Бугарско-француското друштво и на Францускиот културен институт „Алијанс Францез", во салата на истиот Институт е отворена изложба на документи и фотографии за Февруарската револуција. Дел од документите и фотографиите беше пренесен од Францускиот институт од Букурешт, а другиот дел од Франција. Изложбата беше отворена 10 дена и не предизвика некое особено интересирање. По повод прославата на Кирил и

Методиј, на 24 мај е отворена изложба на советски книги. Изложбата ја организира Бугарско-советското друштво. На отворањето на изложбата присуствуваа многу политички и културни работници, а истата со пригоден говор ја отвори Претседателот на комитетот, министерот В'лко Червенков. Изложбата е добро организирана и на неа се застапени најновите советски изданија. Истовремено е отворена изложба на репродукции на слики од Тетраковската галерија во Москва.

Отворање на Ромски театар

На 27 мај во Софија е отворен Ромскиот театар. Ова е вториот театар во светот, бидејќи таков ромски театар има само во Москва. Во печатот е подвлечено дека со отворањето на овој театар е преурането, како поради театарскиот ансамбл, така и поради репертоарот. Се забележува тоа што театарот е отворен со драмата „Циганска рапсодија" од Ал. Гиргинов, која со оглед на денешната бугарска стварност и односот на Владата на ОФ спрема ромското малцинство, не би смеела да се постави на репертоарот. Критиката со право истакнува дека ова е „против ромските рапсодии во ромскиот театар". На овој начин сосема лесноумно се постапи спрема просветното подигнување на Ромите. Претходно требаше да се одржи национален ромски фестивал на сите нивни уметнички колективи од земјата, на кој би се избрал најдобриот театарски ансамбл. Потоа требаше да се стапи во врска со Ромскиот театар во Москва и да се прибави репертоар на оние драми кои во Москва доживеаја голем успех.

Прославата на Стогодишнината од ослободувањето на Софија

Националниот совет реши секоја година, при прославата на празникот на словенските просветители Кирил и Методиј, да ја прославува и годишнината на ослободувањето на Софија од Турците.

На прославата на ослободувањето на Софија оваа година се повикани претставници на градовите на словенските земји и земјите на народната демократија, кои се одѕваа на поканата. На 23 мај навечер, во народниот театар е одржана свечена Академија на која присуствуваше и претседателот на Владата, Димитров, со членовите на Владата. На Академијата говореа

претставници на словенските земји и земјите од народната демократија, а потоа реферат за значењето на ослободувањето на Софија и на Бугарија од Турците, што го направи руската војска, одржа академикот Тодор Павлов. Од името на делегацијата на југословенските градови поздравен говор на Академијата одржа Рато Дугоњиќ[238], кој беше топло поздравен. Утредента, на 24 мај, во цела Бугарија е прославен училишниот празник на словенските просветители Кирил и Методиј. Во Софија покрај трибините дефилираше младината на разни училишта и на Универзитетот. На трибината се наоѓаше претседателот на Владата и членовите на Владата, дипломатскиот кор, претставници на Армијата и истакнати претставници на политичкиот, културниот и општествениот живот на Бугарија. Плоштадот и трибината беа накитени со знамиња од словенските земји од народната демократија, а над трибините беа поставени слики на раководителите на словенските земји. Забележано беше дека бугарската младина носеше голем број слики од Маршал Тито. Југословенските студенти, кои студираат во Бугарија, при минувањето со големата слика на Маршал Тито и со знамињата на сите народни републики на Југославија, беа топло поздравени.

По повод оваа прослава, бугарскиот печат многу пишуваше за значењето на Кирил и Методиј. Видни бугарски научни и просветни работници напишаа прилози. Од сите тие прилози провејува идејата дека овие просветители им ја дале азбуката и писменоста на Бугарите и дека тие и нивните ученици од Бугарија им ја пренеле писменоста на сите други словенски народи. Јасно е дека никаде не се спомна дека нивните ученици по Моравија, првата писменост ја пренеле во Македонија и дека оттаму се продолжувала од нивните ученици.

---

[238] Рато Дугониќ (1916-1987), југословенски и босанско-херцеговски политичар. Учесник во НОВ на Југославија, народен херој на Југославија. По војната заземал повеќе видни општествени функции во БиХ и во СФР Југославија. Од 1974 до 1978 година бил претседател на Претседателството на Босна и Херцеговина.

II[239]

Прославата на 100 годишнината од раѓањето и 72-годишнината од смртта на бугарскиот поет и револуционер Христо Ботев е прославена на 2 јуни во цела Бугарија. Истовремено со оваа прослава на Ботев, во целата земја е прославен споменот на паднатите борци во антифашистичката борба. На овој ден, во 12 часот, во целата земја му е оддадена почит на Ботев и на паднатите борци со едноминутно молчење. Овие прослави во сите места ги организира Сојузот на борците против фашизмот.

По повод овие прослави, на 31 мај во Народниот театар е одржана свечена Академија на која зборуваше В'лко Червенков. Тој во својот реферат подвлече дека постои жива врска меѓу делото на Христо Ботев и антифашистичката борба на бугарскиот народ. Христо Ботев и неговата херојска смрт на Вола се класичен пример како треба да се биде посветен на народот и на татковината. Тој понатаму истакна дека токму во овие времиња особено треба да се биде буден спрема надворешните и внатрешните непријатели, кои се трудат да ги поткопаат придобивките на антифашистичката борба.

На сите прослави, како во Софија така и во внатрешноста, говорниците ја подвлекоа потребата од сериозна будност, за да се зачувааат стекнатите придобивки и за да се изгради среќна татковина.

Г о с т у в а њ а

Од 19 до 31 мај во Бугарија гостуваше нашиот познат пијанист Антон Трост, кој даде неколку концерти. За неговото гостување Амбасадата му поднесе извештај на Министерството Шт. бр. 116 од 1 јуни о.г.

Во втората половина на мај во Белград гостуваше првенецот на Софиската опера, Георги Белев, а по повод премиерата на "Борис Годунов" во Белградската. По враќањето во Бугарија изјави дека е многу задоволен со приемот во Белград.

Романскиот синдикален колектив „Флакаре" од Темишвар, по гостувањето во Југославија, на 27 мај допатува во Софија. Тој е топло примен и поздравен. Во Софија даде две умет-

[239] Во оригиналот нема забележано број I.

нички приредби, а потоа мина 10 дена на гостувањата низ Бугарија. Од страна на бугарските раководители на концертот присуствуваа министрите Југов, Стефанов и претседателот на Синдикатот, Рајко Дамјанов, со членовите на Централниот одбор на синдикатот. Романскиот колектив не им остави впечаток на дисциплиниран работнички колектив на бугарските синдикални раководители. Раководителите на колективот им забележаа на Бугарите дека во Југославија биле одлично примени, па побарале и во Софија да дадат приредба во Народниот театар, иако бугарските синдикати имаат солиден театар. „Флакаре" на турнеја низ Бугарија мина 10 дена. Печатот не му посвети некое особено внимание на нивното гостување.

Гостувањето на „Абрашевиќ"

Работничкото уметничко друштво „Абрашевиќ" од Белград, на 7 јуни допатува на дванаесетдневно гостување во Софија. Овој наш работнички хор е топло поздравен. Дочекот на станицата не беше најдобро организиран, но на првиот концерт беше топло поздравен, а на првиот концерт присуствуваше и Георги Димитров, кој по концертот посака на самиот колектив да му искаже задоволство за успешната програма. Тој се поздрави со сите членови на колективот, а нашиот колектив топло го отпоздрави со импровизација на песната „Сталин - Тито - Димитров". На концертот присуствуваа уште и министерот Југов и потпретседателот на Владата, Георги Попов, претседателот на Централниот одбор на синдикатот и претседателот на Народното собрание, Рајко Дамјанов, со членовите на Централниот одбор, како и претседателот на Народниот совет на Софија, Добри Брадистилов. Од страна на нашата амбасада присуствуваше амбасадорот со целиот персонал на Амбасадата. Присуствуваше исто така и романскиот амбасадор со сопругата, членовите на албанската амбасада и членовите на Народниот фронт на Југословените во Бугарија.

На нашиот колектив му се предадени разни подароци и цвеќе од страна на голем број на бугарски уметнички колективи и работнички синдикални организации.

На вториот концерт колективот „Абрашевиќ" беше исто така топло поздравен и му беа дадени повеќе букети цвеќе од синдикалните подружници од Софија.

Колективот остави добар впечаток, како според својата уметничка програма, така и со дисциплината.

На 10 јуни „Абрашевиќ" ја продолжи турнејата по внатрешноста на Бугарија.

Според известувањата, нашиот колектив имал одличен прием и во Пловдив и во Димитровград. Дошло до спонтани манифестации кон Југославија од страна на целото население во сите места. (Во прилог се доставуваат исечоци од бугарскиот печат за гостувањето на „Абрашевиќ".

Премиерата на филмот „Славица"

На 7 јуни во Бугарија за првпат е прикажан нашиот филм „Славица". Во оваа пригода бугарската кинемографија организираше мала свеченост. (Премиерата на нашиот филм е прикажана во најдоброто софиско кино „Република"). На премиерата беа поканети претставниците на јавниот и културниот живот на Бугарија. Пред почетокот на претставата зборуваше директорот на бугарската кинематографија, Страшимир Рашев, кој го подвлече успехот на нашата филмска индустрија и ја истакна неопходната потреба за што потесна меѓусебна соработка. Тој мошне топло се изрази за овој филм и воопшто за нашите успеси на полето на филмската продукција, во техничка, продуктивна и идејна смисла.

Потоа, секретарот на Амбасадата со неколку збора ги поздрави присутните, а по него полковникот Денчо Знеполски одржа реферат за Народноослободителната борба во Југославија.

За време на прикажувањето на филмот публиката повеќепати топло ги поздрави одделните сегменти од филмот.

По прикажувањето на филмот организирана е кратка дискусија во која зедоа учество неколку лица, кои критички се осврнаа на овој наш филм. Критиката беше топла и на свое место. Главно беа ставени следниве забелешки: дека партизаните се прикажани како премногу внимателно облечени, избричени, дека во филмот не се потенцира оној страшен непријател

- Германците, Италијанците, домашните колаборационисти - како што е тоа прикажано во советските филмови, дека не се чувствува доволно улогата на Компартијата, која во Југославија имаше огромно влијание итн. Инаку, сите што зедоа учество во дискусијата подвлекоа дека филмот е многу добар, и покрај тие недостатоци, и дека бугарските филмски работници мора да се учат на нашиот пример. (Прилог исечоци од печатот што досега се појавија за филмот).

<u>Дискусија за бугарската историја</u>

Комитетот за наука уметност и култура организираше дискусија за состојбата и задачите на бугарската историја. Дискусијата на 29 март о.г. ја отвори претседаелот на Комитетот за наука, уметност и култура мининистерот В’лко Червенков, кој ја подвлече потребата правилно да се оцени досегашната бугарска историска наука и да се посочи правецот за пишување на една навистина научна бугарска историја.

По Червенков, многу опширен реферат за состојбата и задачите на бугарската историја одржа Туше Влахов, асистент на Универзитетот.

Во првиот дел на рефератот тој се осврна на бугарската буржоаска историографија, наведувајќи дека бугарските буржоаски историчари: Златарски, Наков, Мутавџиев, Станев, Пастухов и Орманџиев собрале доста научен материјал од бугарското минато. Меѓутоа, тие се задоволија со барањето за пронаоѓање на историски извори и изнесување на голи факти. Не навлегувајќи во историската стварност и со искривување на фактите, толкувајќи ги така како што ѝ беше потребно на владејачката буржоазија и монархија, тие се трудеа да ја скршат борбената свест на бугарскиот демократски народ и да ја смалат неговата љубов спрема рускиот и другите словенски народи. Тие го труеја бугарскиот народ со големобугарски шовинизам и ја оправдуваа воената политика на бугарската буржоазија.

Во вториот дел на рефератот Влахов укажа на придонесот кој на бугарската историска наука ѝ го дадоа прогресивните писатели на социјалистичкото движење: Д. Благоев, Бакалов, академик Тодор Павлов и проф. Михајло Димитров. Тие во

проучувањето на историјата го применија методот на историскиот материјализам.

Овој реферат предизвика голем интерес меѓу бугарските научни и културни работници, така што дискусијата за овој реферат продолжи повеќе од два месеца. Поради малата сала на Бугарската академија на науките дискусијата мораше да да биде преместена во големата сала на Универзитетот.

Самиот факт што Комитетот го постави на дискусија ова прашање и дека за истото се појави вака големо интересирање, покажува дека замислата била добра и дека порано никаде толку сериозно овој проблем не бил поставен на дискусија.

Комитетот не обрна доволно внимание на подготовките на дискусиите, поради што таа го изгуби своето значење кое што требаше да го има, имено, од историјата да се отстранат сите оние реакционерни големобугарски и шовинистички ставови.

Ниту во рефератот ниту во текот на дискусијата не е постави како основно и како централно прашање - македонското прашање. Тоа беше допирано површно или се преминуваше преку него. Дури и во рефератот, кој навистина е реферат на Комитетот, Самоиловата држава се третира како дел од Западното царство.

Навистина, во рефератот и во текот на дискусијата како битно е истакнато дека во изучувањето на историјата може да се оди единствено по патот на методот на историскиот материјализам. Меѓутоа, ниту во рефератот ниту во текот на дискусијата практично не се определија патот и насоката во која треба да се систематизира бугарската историја, како треба да се исчисти од фалсификатите, што треба да се исфрли од учебниците по историја. Со други зборови само се теоретизираше, а не се поставени практични задачи. Дури и во теоријата се одеше површински, не суштински, како што е изнесено погоре.

Во дискусијата зедоа учество: а) буржоаските историчари кои беа нападнати во рефератот, а кои и денес стојат на своите поранешни ставови, на пример, Орманџиев. Тие се обидоа да ги бранат своите ставови; б) поранешни буржоаски историчари кои сега се членови на БРП (к) и кои се трудат да им се

приближат на марксистите и на марксистичкото толкување на историјата, како Брумов, Гандев и др. и в) историчарите марксисти Жак Натан, Панајот Топалов, Пантелеј Зарев, Кирил Драмалиев, Евгени Каменов и др... Кирил Драмалиев, министер за просвета, го критикуваше големобугарскиот шовинизам во областа на грандоманијата и расизмот, ги нападна поранешните буржоаски историчари поради искривувањето на бугарската историја. Меѓутоа, за македонското прашање не се изјасни, туку молчешкум мина преку него.

Што се однесува на македонското прашање и на македонската историја, ова прашање во текот на дискусијата површно е допрено или се минуваше преку него. Васил Ивановски[240] го постави прашањето за одвојување на македонската од бугарската историја, укажа на потребата за давање помош за изучување и собирање материјали и историски извори за македонската историја. Тој подвлече дека Самоиловата држава треба да се смета како македонска држава, а не држава на Западното бугарско царство. Меѓутоа, Ивановски се спушти во теорија и воопшто не ја допре историјата на Пиринска Македонија. Тој, воопшто, не ја земаше како основа историјата на целокупна Македонија, туку говореше единствено за историјата на Вардарска Македонија.

Овие излагања на Ивановски минаа речиси незабележано. Се очекуваше дека по ова прашање ќе се изјасни и Тодор Павлов, кој беше присутен во текот на дискусијата. Меѓутоа, ниту тој, ниту Сава Гановски, ниту пак уште неколку професори не зедоа учество во дискусијата, иако во тоа време беа присутни.

Дискусијата е исцрпена, и на последниот состанок, кој треба да биде овие денови, завршен збор ќе даде В’лко Червенков, кој исто така беше присутен во текот на целата дискусија.

[240] Васил Ивановски извесно време живеел во Р. Македонија, а по судирот со Информбирото повторно се вратил и живеел во НР Бугарија до крајот на животот. Има напишано книга со наслов „Зошто ние Македонците сме посебна нација?”.

Според ставот на Коларов, искажан во еден разговор со нашиот амбасадор, Червенков во заклучното резиме ќе даде општи упатства, нема да зазема конкретни и дефинитивни ставови за одделните прашања затоа што, наводно, сите извори не се солидно проучени според принципите на дијалектичиот метод. И токму поради тоа, на бугарските историчари ќе им биде наложена задача да го совладаат дијалектичкиот метод на изучувањето на историјата.

Секретар на Амбасадата,
М. Вујачиќ (с.р.)

## 54.
## ТЕЗИТЕ
### на Националниот одбор на Отечествениот фронт на НР Бугарија, од 31 август 1948 година, за Илинденското востание, разгледувани во Кабинетот на Јосип Броз - Тито[241], Белград, 31 јули 1948 година

Тези на Националниот одбор на единствената општествено-политичка организација Отечествениот фронт

ЗА МАКЕДОНСКОТО ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ

Целиот печат[242] од 31. VII. 48, во врска со претстојната прослава на Илинденското востание, ги објави следниве тези на Националниот одбор на Отечествениот фронт:

1. Пред 45 години, на 2 август (20 јули по старо) избувна големото македонско востание, познато под името Илинденско востание. Ова востание претставува една славна епопеја на ре-

[241] АПР, KMJ-I-3-b/150
[242] Се однесува на печатот на НР Бугарија по заладувањето на односите со ФНР Југославија како резултат на конфликтот со Информбирото. Тезите преземени од бугарскиот печат за потребите на Кабинетот на Јосип Броз - Тито се преведени на српски јазик. Преводот е направен од текстот на српски јазик.

волуционерната борба на македонскиот народ и неговиот несопирлив стремеж за слобода и независност.

Илинденското востание претставуваше најмасовна оружена акција и ја достигна кулминациската точка на револуционерните напори на македонскиот народ да го отфрли гнасното ропство на султаните и пашите и да извојува слобода.

2. Македонскиот народ стенкаше под двојно ропство: политичка обесправеност, на која ѝ се придружи самоволието на гнилата турска администрација, зголема со грабежите и ѕверствата на турските башибозуци и разбојнички банди, истовремено носејќи го тешкиот јарем на феудалното ропство на турските паши и бегови кои владееја со поголемиот и најважниот дел на земјата во Македонија.

Ова ропство ја сочинуваше токму онаа национална и социјално-политичка база на која се засноваше масовното незадоволство и огорченост на македонскиот народ и се создаде херојското македонско национално - ослободително револуционерно движење.

3. Во Солун, 10 години пред Илинденското востание, во 1893 година, поставени се организациските основи на македонското револуционерно ослободително движење. Беше создадена илегалната Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација со свој централен комитет. Во уставот на револуционерната организација е означена целта за која, со оружје во рака, ќе се бори организацијата и македонскиот народ, означена е целта за извојување на автономија на Македонија.

На чело на револуционерната организација застанаа големи револуционери демократи Гоце Делчев, Даме Груев, Пере Тошев, Ѓорче Петров, а малку подоцна и големиот водач на македонските селани, Јане Сандански.

Македонската револуционерна организација успеа во текот на 10 години да отвори густа мрежа на илегални организации во градовите и селата и да формира десетина чети кои влегоа во постојан судир со султанскиот аскер.

Благодарение на нејзината организациска цврстина и железна дисциплина, својата огромна активност и смелост и во борбата против тиранијата на султанската власт, а за заштита

на народните интереси, Внатрешната македонска револуционерна организација постигна исклучително голем авторитет меѓу населението во Македонија, претворајќи се, фактички, во држава во државата.

Организацијата на Гоце Делчев и на Јане Сандански е наречена „внатрешна”, за разлика од таканаречената „врховистичка организација”, чиј центар беше во Софија, а не внатре во Македонија. Меѓутоа, принципиелната политичка разлика меѓу овие две организации се состоеше во следното: додека внатрешната организација водеше борба поаѓајќи од позициите на интересите на поробенеиот македонски народ, поставувајќи си го како политичка задача извојувањето на автономија, т.е. независност на Македонија, врховистичката организација си постави за цел во Македонија да упатува чети со намера да го попречуваат, да го разбиваат револуционерното дело на внатрешната организација и да ја спроведуваат завојувачка политика на големобугарската буржоазија и монархизмот за присоединување на Македонија кон Бугарија.

Внатрешната македонска револуционерна организација на тој начин беше принудена да троши многу сили и енергија, водејќи борба на два фронта: против турската тиранија и против агентите и спроведувачите на завојувачката политика на династиите и на бугарската клика во Софија, Белград и Атина.

4. Додека бугарската буржоазија и монархизмот гледаа на Македонија како на предмет за освојување, а на македонското револуционерно движење како на објект на нивните освојувачки цели, народните маси и напредното движење во Бугарија на македонското ослободително движење гледаа со најголеми симпатии, укажувајќи му најголема и сесрдна и помош. Бугарскиот народ им покажа братско гостопримство на сите Македонци кои беа протерани од страна на тиранскиот режим. Никаде нема толку масовна македонска емиграција како што е во нашата земја. Сите големи водачи, почнувајќи од Гоце Делчев и Даме Груев, заклучо со Јане Сандански и десетици и дестици други, ги оформија своите напредни и револуционерни погледи, израснаа и се воспитуваа на традициите на бугарското револуционерно ослободително движење и беа неразделно поврзани

со бугарските народни и социјалистички кругови. Македонските револуционерни водачи и работници, во политички и морален поглед, беа продукт на напредните социјалистички тенденции во Бугарија. Бугарскиот народ и напредните сили најнесебично жртвуваа материјални средства и му ја даваа секоја можна морална помош на македонското ослободително движење. Тешко е човек да си ги замисли епопејските борби на македонскиот народ без моралната и материјалната помош на трудбениците од Бугарија, каде што македонските револуционери создадоа своја втора база и од каде што црпеа духовно и материјално оружје и средства за својата револуционерна борба во Македонија.

Може храбро да се каже дека македонското ослободително движење, од автономистот Гоце Делчев до федералистот Јане Сандански, историски е неразделно поврзано со напредното и со социјалистичкото движење во Бугарија.

5. Илинденското востание избувна без посебни подготовки. Авторитетните дејци на Внатрешната македонска револуционерна организација сметаа дека објавувањето на востанието е предвремено поради тоа што востанието не било организирано, ниту технички ниту политички подготвено. Меѓутоа, кога востанието стана неизбежно, сите македонски дејци, големи и мали, застанаа во првите борбени редови на својот народ. Востанието изби во разни размери и форми речиси во цела Македонија, а подоцна и во областа на Одрин (18 - 19 август), каде што беше познато под името Преображенско востание[243].

Востанието доби особено големи размери во Битолскиот вилает, каде што била организирана историската Крушевска република во градот Крушево, под раководството на големиот револуционер - социјалистот Никола Карев. Во овие области востанието зафати градови и села. Востана целиот народ, мажи, жени и деца, без оглед на националноста. Имаше случаи на востанието да му пристапуваат одделни делови од турското

[243] Затоа во бугарската историографија најчесто се споменува како Илинденско-преображенско востание, поврзано со верскиот празник Св. Преображение од 19 август.

население. Македонските револуционери останаа верни на заветот на Гоце Делчев: „Јас не ги мразам османлиите, јас се борам против османската тиранија како систем на владеење", повикувајќи го и турското население да ја помогне праведната борба на востаниците кои се борат за доброто на целиот народ во Македонија, без оглед на верата и националноста.

Во историјата на македонскиот народ ќе останат светлите денови на Илинден полни со славно херојство. Востаниците имаа 239 судири во кои им нанесоа тежок пораз на султанските орди. Од темел се затресе гнилата империја на султаните и пашите. Стотици и илјадници македонски синови херојски ги положија своите животи во оваа славна епопеја, во борбата против тиранијата, а за слободата на својата татковина.

Меѓутоа, силите на народот кој востана беа мали. Непријателот со големи сили и нечуена суровост го задуши востанието. Убиени, зверски заклани или живи изгорени биле 4.694 мажи, жени и деца. Преку 200 села биле запалени, додека 70.000 луѓе останале без покрив, а 30.000 бегалци најдоа засолниште во Бугарија.

По делбите на Македонија во 1913 година на три дела, борбата на македонскиот народ требаше да ја промени својата форма и карактер. Задачата на оваа борба беше во разни делови на Македонија да се обединат силите на македонскиот народ со силите на соодветни земји за победа на демократијата, затоа што само победата на вистинската народна демократија можеше да го обезбеди неговиот слободен развој.

Македонскиот народ во Вардарска Македонија, заедно со југословенските народи, поведе херојска борба и по победата над фашизмот ја извојува својата слободна држава - Народна Република Македонија во рамките на ФНРЈ.

Во Пиринска Македонија македонскиот народ, заедно со бугарскиот народ, водеше тешка борба против бугарските и македонските фашисти, против цанковистите[244],

[244] Александар Цанков (1879-1959) бугарски политичар и државник. Студирал во Софија, Минхен и Берлин. Професор по економија. Бил еден од организаторите на превратот од 9 јуни 1923 година во Бугарија. Бил

борисовците[245], филовистите[246] и сите други профашистички творби, новите врховисти и иванмихајловци, кои исто така го истребуваа македонскиот народ. По цена на големи жртви, македонскиот народ во Пиринска Македонија, под раководство на БРП (к) и Отечествениот фронт, на 9 септември, заедно со бугарскиот народ издејствува слобода.

Денес во Егејска Македонија, македонскиот народ, заедно со грчкиот, се бори за слободна демократска Грција.

7. Револуционерните демократски завети на Илинденското востание и борците за македонската слобода, Гоце Делчев и Јане Сандански, преведени на денешниот политички јазик, значат следново: борба за создавање на југословенска заедница во соработка со бугарскиот и со југословенските народи, борба за јакнењето на фронтот на демократијата и на социјализмот на чело со Советскиот Сојуз.

Раководителите од Скопје, заедно со белградските, за жал, ги предадоа сите револуционерни завети. Тие прекинаа со револуционерните и демократски традиции на Илинденското востание и традициите на големите македонски водачи, Гоце Делчев и Јане Сандански.

Наоѓајќи се под влијание на раководителите на КПЈ, кои го предадоа и демократскиот социјализам и застанаа на непријателски антисоветски позиции[247], скопските македонски раководители целосно ја прифатија нивната тесноградна националистичка политика и поведоа злосторничка антибугарска кампања, со која сакаат меѓу македонскиот и бугарскиот народ да ископаат јаз и на тој начин да го осуетат создавањето на југо-

---

премиер на Бугарија (1923 - 1926), претседател на Народното собрание на Бугарија (1926 - 1930). Емигрирал од Бугарија 1944 година.

[245] Се однесува на Цар Борис III (1894 - 1943), цар на Бугарија (1918 - 1943).

[246] Богдан Филов 1883-1945), претседател на владата на Царството Бугарија, прогермански ориентиран. Политички и државен деец, научник, академик. Специјализирал класична филологија и бил професор по археологија. Бил претседател на БАН (1937 - 1944). Од февруари 1940 до септември 1943, претседател на владата. На 1.III.1941 г. го потпишал пристапувањето кон Тројниот пакт. Во 1945 осуден и ликвидиран.

[247] Се однесува на политичкиот судир и појавата на Информбирото. Види објаснувања понатаму.

словенското братство и единство. Со сите средства го саботираат остварувањето на јужнословенска федерација, скопските македонски раководители своите напори ги сконцентрираа, по секоја цена, да стават рака на пиринскиот крај, не водејќи сметка за желбата и интересите на населението во овој крај.

Тргнувајќи по тој пат на предавство на јужнословенското братство, предавството на фронтот на демократијата и социјализмот, југословенските и скопските раководители, сакаат македонскиот народ да го оттргнат од големото словенско семејство и другите демократски народи, да го изолираат од нашиот ослободител и големиот покровител Советскиот Сојуз и на тој начин да го направат лесен плен за англо-американските империјалисти.

8. Македонскиот народ решително го отфрла тесноградиот национализам на сегашните белградски и скопски раководители и најенергично го осудува нивното предавство на каузата на демократијата и социјализмот, и доследно и решително ќе оди по патот на револуционерниот завет на славното Илинденско востание, по патот на заветот на големите апостоли на македонската револуција, Гоце Делчев и Јане Сандански, и на плејадата други македонски активисти, по патот на заедничката борба на македонскиот народ со бугарскиот и со другите југословенски народи, како и со сите демократски народи, за конечната победа на антиимперијалистичкиот фронт, за победа на фронтот на демократијата и на социјализмот. Македонскиот народ цврсто и решително ќе застане во редовите на демократскиот и социјалистичкиот фронт, на чие чело се наоѓа Советскиот Сојуз и големиот водач на советскиот народ и на сето напредно човештво - Сталин.

Да живее славното Илинденско востание!

Да живее братството и единството меѓу југословенските народи!

Да живее Народна Република Бугарија и нејзиниот водач и учител, другарот Георги Димитров![248]

---

[248] Георги Димитров (1882-1949), бугарски револуционер, политичар и државник. Активно учествувал во бугарското работничко и комунистичко

Да живее непобедливиот фронт на демократијата и социјализмот на чело со големиот Советски Сојуз"

Белград, 6 август 1948 год. Прочитал, Ј.Б.

## 55.
## ГОВОР
### на Васил Коларов, министер за надворешни работи на Бугарија на седницата на Големото народно собрание на Бугарија, во кој ги допира актуелните балкански односи и недоразбрања, Софија, 4 септември 1948 година

Другарки и другари народни претставници,[249]

Наскоро ќе заседава Генералното собрание на Обединетите нации во Париз. Меѓу прашањата што се наоѓаат на дневниот ред на Генералното собрание, има и такви кои непосредно и живо ја засегаат Народна Репубика Бугарија.

Пред да заврши оваа вонредна седница на Големото народно собрание, Владата смета за потребно Вам да Ви се дадат некои објаснувања во врска со овие прашања, засновани на автентичните материјали со кои таа располага.

Првото прашање, кое би сакал да го допрам во моето кусо излагање, е за членството на Народна Република Бугарија во Организацијата на обединетите нации. Како што знаете договорот за мир со Бугарија, склучен во Париз и свечено потпишан на 10 февруари 1947 год., беше ратификуван од страна на

---

движење во периодот меѓу двете светски војни. По државниот преврат од 9 јуни 1923 г. се вклучил во подготовките на Септемврискиот востание од 1923 г. По неуспехот на истото, емигрирал. Во 1933 бил затворен во Берлин, но по судскиот процес бил ослободен. За време на Втората светска војна работел во Москва, од каде што давал насоки за антифашистичкото движење во Бугарија. Во 1945 г. се вратил во Бугарија, бил избран за претседател на владата и за генерален секретар на БКП. Имал влијание за признавањето на македонското национално малцинство во Бугарија и за македонската нација воопшто, на Десеттиот пленум на ЦК БКП од август 1946 г.

[249] MSPS, F-23, pov. br. 423869.

сите заинтересирани држави и конечно стапи во сила на 15 септември минатата 1947 година. Меѓутоа, оттогаш па наваму, секоја правна пречка за формалното признавање на Бугарија во Обединетите нации е отстранета. Овој договор, како што знаете, ѝ наметна на Бугарија многубројни тешки обврски од разновиден карактер, кои бугарската Влада ги исполнува совесно и доброволно.[250] Што се однесува на т.н. „сојузнички и здружени сили", кои се од другата страна на договорачите, тие со овој Договор презедоа една единствена обврска, имено, да го поддржат барањето на Бугарија да биде примена за член на Обединетите нации, а исто и барањето за приклучувањето на Бугарија на која било конвенција која е заклучена по сугестија на Организацијата на обединетите нации.

Еве, мина веќе цела година откако поддршката на барањето кое го направи Владата на Бугарија пред Организацијата на обединетите нации за приемот на Бугарија за нејзин редовен член. Има сила на една формална обврска за „сојузничките и здружените сили", која тие најсвечено ја прифатија во еден од најважните меѓународни акти. Прашањето е: како се однесуваа спрема оваа Советскиот Сојуз, Велика Британија и САД? Што се однесува до Советскиот Сојуз, советската влада не еднаш најформално ги поддржа барањата на Бугарија. Дури и Советите во Организацијата на обединетите нации не еднаш покренаа иницијатива да ги поттикнат и другите сили да го направат истото. Меѓутоа, сите напори на советската влада се разбивани систематски со упорниот отпор на владите на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија, поради што пропадна секој предлог да се реализира нивната единствена обврска спрема Бугарија, преземена со Мировниот договор. Тие големи сили немаа и немаат никаква основа за такво флагрантно непочитување на своите сопствени обврски од Договорот.

Народна Република Бугарија даде и продолжува да дава неотповикливи докази дека не е ништо помалку достојна од која било друга нација да го заземе местото во кругот на Обединетите нации.

---

[250] Подвлекувањата се во оригиналот.

Во текот на минатата година склучи договор за пријателство, соработка и заемна помош со Советскиот Сојуз, Југославија, Албанија, Романија, Чехословачка, Полска и Унгарија. Сите овие договори се засновани врз принципите на кои е изградена Организацијата на обединетите нации.

Пред уште формално да биде примена во Организацијата на обединетите нации, Бугарија свечено се обврза со овие договори во своите меѓународни односи да се раководи од Статутот на оваа организација. И нешто повеќе, бугарската Влада ја искажа својата подготвеност и со другите држави да склучи пријателски договори во духот на Статутот на на Обединетите нации, врз база на рамноправност и целосен суверенитет на Народна Република Бугарија.

Има ли многу членови Организацијата на обединетите народи, кои толку доследно ја манифестираат својата верност и предаденост на работите на мирот, пријателството меѓу народите и меѓународната солидарност, како што го прави тоа Народна Република Бугарија? - Би можел да укажам дека некои држави, кои ги се сметаат за основачи на Организацијата на обединетите нации и вршат ефективно влијание на нејзините одлуки, во пракса вршат една поткопувачка дејност и искажуваат дури и расположение таа организација да се крене во воздух, ако одбие да ги следи сугестиите на тие држави и ако не сака да се претвори во слеп инструмент на нивните империјалистички настојувања за господарење со светот.

Во текот на минатата година Бугарија го исполни и продолжи да го исполнува сето она со што е задолжена според Договорот за мир. Тоа, пред сѐ, се однесува на воените и стопанските клаузули на Договорот.

Во исто време, кога на југот од нашите граници владее воена треска и нашите соседи, со широко и јавно рекламирање на помошта на Америка, постојано се вооружуваат и се фалат со својата воена сила, Бугарија ги намали своите оружени сили до степенот предвиден со Договорот за мир и денес Бугарската влада на прво место во националната и државната активност ги истакнува задачите на стопанската активност на изградбата на

нашата Република, задачите на нејзиниот стопански и културен развој.

ВЛАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА СПРОВЕДУВА ДОСЛЕДНА ПОЛИТИКА НА МИР

За разлика од она што се случува во низа земји каде што се трпи и се јакне воената пропаганда и дивиот шовинизам, каде што поттикнувачите и потпалувачите на една нова светска војна слободно го вршат своето пеколно дело, во Бугарија воената пропаганда, сеењето на националната, расната и верската омраза се сметаат за престап казнив според законот.

Но, Народна Република Бугарија истовремено будно внимава на своите граници и ќе го одбие секој обид за нарушување на нејзината териториjaна целина. Бугарскиот народ ги памети зборовите на другарот Молотов[251] изнесени на меѓународната конференција во Париз, дека бугарскиот народ може да биде сигурен за границите на својата држава. Договорите што Бугарија ги склучи со Советскиот Сојуз и со сите земји од народната демократија, уште повеќе го зајакнаа чувството на безбедност и сигурност на бугарскиот народ, уште повеќе ја зацврстија неговата верба во среќна иднина.

Бугарската влада цврсто стои на неповредливоста на државниот суверенитет на Бугарија. Таа не ѝ допушти на ниту една земја од поранешната Контролна комисија[252] да се меша во внатрешните работи на Бугарија и енергично ги одби нивните обиди да постават контрола над еден дел од нашата јужна граница, потпирајќи се лажно на Договорот за мир.

Исто така, бугарската влада смета дека е невозможно за државниот суверенитет на Бугарија и дека е спротивно на уставот да постојат во земјата училишта за бугарските граѓани кои се управуваат и издржуваат од страна на туѓите влади, организации и центри, кои имаат свое седиште во странство. Тоа беше еден анахронизам, последен остаток од режимите на

[251] Вјачеслав Молотов, тогашен министер за надворешни работи на СССР.
[252] Се однесува на Анкетната комисија, формирана од ООН, за испитување на пограничните инциденти меѓу Грција и нејзините северни соседи во 1946 година.

капитулацијата кој ние го наследивме од поранешната османска империја и кој ние го ликвидиравме во целост со Указот на Големото народно собрание за странските училишта кај нас. Истовремено со тоа, Бугарија ја денунцира и училишната конвенција со Франција од 17. XII. 1936 год., која не е ослободена од извесни еднострани привилегии што постоеја кај стариот режим на капитулацијата. Бугарија, како една модерна суверена држава, ќе го зачува за себе исклучивото право да го организира школството и воспитниот процес на својата територија како неограничен и самостоен господар.

Бугарија е една народна република изградена врз принципите на вистински, а не на формален демократизам. Бугарската народна демократија ги гарантира најшироките права и слободи на огромното мнозинство на народот, ги обезбедува врвните интереси на нацијата, ја штити од подјармување на трудбениците, од обидите на разорната дејност, саботажа, туѓите агенти и жалните остатоци од реакцијата. Народната демократија ја води земјата во социјализам.

Ние знаеме дека капиталистичкиот монопол во Америка, Англија и др., како и нивните верни слуги, имаат поинаква претстава за демократијата. Слободата на печатот, совеста, пропагандата која тие лицемерно ја фалат, всушност не е ништо друго туку концентрирање на сите средства за духовно и политичко влијание, на сите средсства за формирање на јавното мислење, во рацете на бројно ништожничката плутократија, што ги прави примерни политичките права и слободи на широките народни маси кои им се признаваат на хартија. Но, каде е речено дека токму таа „демократија” на зборови, а не на дело, е најотворената тиранија, брутално самоволие на финансиските магнати, задолжителна за сите членки на Организацијата на обединетите нации?

Изразувајќи ја волјата на огромното мнозинство на бугарскиот народ, Народна Република Бугарија оди по патот кој е одбележан на 9 септември и не е можно ништо да ја оттргне од тој пат. Таа, меѓутоа, ја почитува слободата на другите народи, ги цени своите обврски и ги почитува нормите на меѓународното право. Но постапуваат ли така спрема неа некои големи

држави? За жал ние често наидуваме на такви акции кои не се во согласност со нормите на меѓународното право и кои се за осуда од гледна точка на меѓународното право.

Поправо, тие што го попречуваат приемот на Бугарија во Организацијата на обединетите народи, често се служат, се разбира фалсификаторски, со авторитетот на последната за да ѝ ги наметнат своите незаконити и неоправдани барања на Бугарија.

Таканаречената Балканска комисија[253], која е создадена без учество на Бугарија и нарушувајќи го нејзиниот суверенитет, поради што Бугарската влада ја откажа и ја откажува соработката со неа, поднесува реферати и формулира препораки кои ги тангираат животните интереси на нашата република. Но, Бугарија не е ниту колонија ниту се наоѓа под старателство за да се решаваат без нејзино учество прашањата кои се однесуваат на неа. Само по себе се разбира дека е под достоинството на на бугарскиот народ, како суверена нација, да зема предвид слични решенија, независно од тоа што е целта на тоа. Игнорирањето на барањето на Бугарија да биде третирана како една полноправна и рамноправна нација, го нарушува престижот на самата Организација на обединетите нации во очите на демократскиот бугарски народ и на целата демократска меѓународна јавност. Бугарската влада се надева дека барањето на Бугарија да биде примена во организацијата на Обединетите нации најспосле, според правото и справедливоста, ќе биде задоволено, што ќе ѝ овозможи, како рамноправна нација, да земе учество во третирањето на сите меѓународни прашања и посебно на прашањата кои се однесуваат на положбата на Балканот. Тоа е единствениот пат да се обезбеди и да се олесни соработката со Бугарија.

Второто прашање кое би сакал да го објаснам пред вас во светлината на настаните, тоа се нашите односи со атинската, грчката влада.

Во текот на распустот на Големото народно собрание, имав прилика, на заедничката седница на Президиумот на Голе-

[253] Види претходната фуснота.

мото народно собрание и на Владата, во текот на месец јули о.г., да го расветлам ова прашање.

Владата на Бугарија, покрај непрекинатите непријателски демонстрации и акти од страна на владата во Атина, за кои Секретаријатотот на Организацијата на обединетите нации бил редовно известуван, не ја отфрли искажаната желба од Атина за разбирање и ја прифати сугестијата на Генералното собрание на Обединетите нации, од 21 октомври минатата, година за воспоставување на добрососедски односи меѓу овие две земји. Таа предложи дипломатските претставниците на двете земји да се состанат во Вашингтон поради размена на мислење за условите и начинот на кој тоа би можело да се постигне.

Владата во Атина, меѓутоа, се покажа неискрена и одби да преговара, предлагајќи чисто и просто да се обноват дипломатските односи. Така овој прв контакт остана без резултат.

Сега Владата на Бугарија се наоѓа пред нови сугестии. Владата на Франција, со своја нота од 13 август, ја извести дека според советите на специјалната Балканска комисија, Владата на Грција е подготвена да преговара доколку Владата на Бугарија претходно ги задоволи нејзините барања формулирани во три точки.

Чудни се тие „преговори” ако се бара Владата на Бугарија претходно да даде „уверување” дека ќе ги исполни грчките услови.

Првиот од овие услови има за цел да ја претстави Бугарија како извор на нестабилност на Балканот, иако на целиот свет му е познато дека токму Владата во Атина, која ја расплamтува безобѕирната граѓанска војна и применува најсурово пресметување со демократските слоеви на грчкиот народ, ја претвори Грција во извор на сериозна нестабилност за нејзините соседи (аплауз). Владата на Бугарија е приморана да преземе сериозни мерки за обезбедувањето на својата јужна граница која речиси секојдневно е изложена на обидите за нарушување и вистинско нарушување од страна на силите на Владата во Атина.

Неодамна грчките воени одреди, кај реката Марица, навлегоа на бугарска територија, одвлекоа и подоцна варварски убија

тројца војници на бугарската погранична стража, чии трупови подоцна беа пронајдени деформирани и исфрлени од реката.

Нападот на нашата територија беше повторен на 17 август о.г. во околината на с. Чакаларово, околија Момчиловградска, од страна на грчката владина војска, составена од речиси еден пешадиски полк засилен со артилерија, при што одделни грчки единици минаа на бугарска територија. Бугарската стража им даде енергичен отпор на грчките напади. Има ранети во борбата која траеше неколку саати. Одвлечен е еден ранет бугарски војник кој се наоѓаше во бугарската погранична стража. Оваа провокација на грчката владина војска, овие отворени напади на бугарската територија се предмет на вербалната нота на Владата на Бугарија од 18 август о.г., која му е доставена на Секретаријатот на Организацијата на обединетите нации и на владите на Советскиот Сојуз, Велика Британија и Соединетите Американски Држави. Грчките провокации на границата се случија на 19 август о.г.

При постоење на ваквите факти, чудното барањето на Владата на Грција потврдува дека таа нема никаква искрена желба да работи на воспоставување на спокојството и безбедноста на Балканот, бидејќи не сака да признае дека главниот извор на неспокојството и несигурноста на Балканот се крие во самата неа, во нејзината сопствена антинародна и непријателска политика спрема соседите. Спротивно од изјавите на грчкиот министер за војна Стратос, дадени во печатот и пренесени преку радиото, преку искривување на фактите и со отворени клеветнички тврдења на адреса на Бугарија, таа сака одговорноста за пограничните конфликти од 17 и 19 август да ја префрли на Бугарија - односно од „болната на здравата глава”.

Но, чудно е и однесувањето на специјалната Балканска комисија, од страна на еден нејзин член - австралискиот претставник - отворено оценета како незаконска, која наоѓајќи се на територијата на Грција, во својот извештај, доколку е објавен во печатот, ноторно ја игнорира Организацијата на обединетите нации и за општопознатите факти отворено ја зазема страната на Владата на Грција, а против бугарскиот народ и северните соседи на Грција.

Владата на Бугарија цврсто останува на својот став за едно вистинско помирување на Балканот, искрено соработувајќи за отстранување на вистинските причини за нестабилноста што денес постои тука.

Третото прашање, за кое што би сакал да ја искористам приликава за да ви дадам некои појаснувања, тоа е држењето на турските власти во врска со бандитското одвлекување на бугарскиот авион и убиството и ранувањето на неговиот екипаж од страна на една банда на чело со бугарскиот граѓанин Михалаков.

Случајот вам ви е познат.

Владата на Бугарија благовремено, по дипломатски пат, направи чекори за предавање на престапниците согласно со меѓународните обичаи и постојната „Конвенција за предавање" од 1929 год., потпишана меѓу двете земји.

Меѓутоа, таа беше изненадена од фактот што турскиот суд одби да го стори тоа и пристапи кон судење на обвинетите, наместо да го задоволи законитото и оправданото барање на бугарските власти, што отворено му противречи на членот и смислата на Конвенцијата за предавање. Но, не е само тоа. Турскиот суд, спротивно на секое меѓународно право и во спротивност со елементарните правила на коректноста во однос на една држава со која Турција има редовни дипломатски односи, допушти процесот против неколку криминални престапници и бандити да се претвори во место за највулгарни измислици, клевети и навреди против Бугарија и Владата на Бугарија.

Барањето на Бугарија е во согласност со сите услови на Конвенцијата. На никаков начин тоа не потпаѓа во исклучоците на член 4, според кои, предавањето не е допуштено „за политичките престапи или активности кои имаат врска со нив". Обвинетите бандити не се обвинуваат за каков било политички престап, ниту за каква било активност која има врска со некој политички престап. Тие се обвинуваат за бандитски напад на екипажот на бугарскиот авион, за смислено убиство и ранување на екипажот, за изнуда и изложување на смртна опасност на патниците на авионот.

Овие вулгарни криминални престапи, кои според бугарските и турските закони повлекуваат тешки казни, се извршени

на бугарска територија од бугарски граѓани. Чудно е што турскиот суд можел таквите престапи да ги воведе во рубриката политички престапи, бидејќи бандитите не сакале повеќе да живеат во Бугарија каде што не биле прогонувани за никаков престап и каде што можеле слободно да патуваат со бугарските државни авиони, а тие лично, или нивниот багаж, да не се подложат на преглед. Фактот дали на бандитите им се допаѓало, или не, да живеат во Бугарија, не може да има никакво значење за квалификување на злосторот што го извршија, а кој, според законите на сите модерни држави, се смета за вулгарен (општоказнив) престап. Па, кога на дело нема никаков политички престап, не може да има ниту активности поврзани со политичките престапи.

Приморан сум да истакнам дека мина времето кога турските власти им ги предаваа на бугарските фашистички власти вистинските политички престапници антифашисти, кои беа прогонувани единствено поради нивното политичко убедување, поради нивната припадност на политичките партии непријателски расположени спрема тогашниот постоечки монархофашистички режим. Наброени се неколку случаи во протестната нота на Владата на Бугарија која беше објавена во печатот. Со тој двоен аршин со кој мерат турските власти и ја толкуваат Конвенцијата за предавање, јавното мислење во Бугарија склоно е да види еден отворен, недружељубив, па дури и непријателски однос спрема Народна Република Бугарија.

Нормално, заедно со тоа, се појавува и прашањето: Чуму тогаш оваа „Конвенција за предавање”, кога преку неа може да се провлечат злосторници каква што е бандата на Михалкев?

Во врска со овој инцидент, Владата на Турција не би можела да се скрие зад незаконското и самоволното решение на Истанбулскиот суд и да ги измие своите раце од одговорноста за бруталното кршење на Конвенцијата.

Придржувањето на Конвенцијата е обврска на одговорни влади и Владата на Бугарија настојува нејзиното барање за предавање на бандитите да биде задоволено (аплауз).

Владата на Турција исто така сноси одговорност за недопустливото однесување на турскиот суд. Тој допушта, а со тоа и

поттикнува неколку бандити и вулгарни убијци, под лажната маска на „бедни политички емигранти", да прават грубости и да ја валкаат со кал и помија Бугарија и Владата на Бугарија.

Владата на Бугарија и јавното мислење кај нас искрено се стреми за воспоставување на нормални добрососедски односи меѓу двете земји. Но ваквите факти, како и антибугарската кампања која беше покрената во турскиот печат пред неколку месеци и однесувањето на турските власти во врска со барањето на Владата на Бугарија за предавањето на бандитите, се доказ за отворената недружељубивост и ја поставуваат на искушение нашата добра волја.

Ова се појаснувањата кои сметав дека е потребно да ви ги дадам, во согласност со желбата на владата да бидете во тек со сите важни прашања од областа на нашите надворешни односи (долготраен аплауз).

Верно со оригиналот,
Потписот нечитлив

**56.**
## ПРЕВОД НА АПЕЛОТ
### на Централниот комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија, испратен до сите Македонци во Бугарија и преведен за потребите на Титовиот кабинет, Белград, 11 ноември 1948 година

Апел на Централниот комитет на македонските културно-просветни друштва до Македонците во Бугарија[254]

Привремениот Централен комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија[255] ѝ упати апел на македонската емиграција во Бугарија во кој, меѓу другото, се вели: Во последно време сме сведоци како извесни раководни кругови во Народна Република Македонија и некои нивни агенти меѓу македонската емиграција во Бугарија ги користат природ-

[254] АПР, КМЈ-I-3-b/150.
[255] Поттикнато од владини кругови по расколот со ИБ.

ните стремежи на разединетиот македонски народ за обединување во полза интересите на националистичката политика на денешните раководители во Белград.

На тој начин тие се обидуваат да создадат нов македонски врховизам и од македонското прашање да направат машина за создавање на голема Југославија, така како што стариот врховизам служеше за прикривање на тенденциите за создавање на голема Бугарија. Разликата меѓу новиот и стариот врховизам е само во тоа што врховизмот на ген.николаевци и кончевци преку 50 години ѝ служеше на завојувачката политика спрема Македонија на бугарскиот двор и на големата бугарска клика околу него, а новиот врховизам на Лазар Колишевски и на Димитар Влахов ѝ служи на експанзионистичката политика на денешните бугарски раковидители - титовци, кои се стремат кон создавање на големојугословенска хегемонија на Балканот.

Се поставува прашањето зошто колишевци и влаховци повторно отидоа по стариот, срамен, врховистичи националистички пат со цел за приграбување и присоединување на Македонија кон една од балканските држави, против што порано со голема решителност се бореа ВМРО на Гоце Делчев и Јане Сандански.

Секој чесен и паметен Македонец денес сфаќа дека едно вакво решение на македонското прашање не соодветствува на волјата на македонскиот народ, нити е во интерес на демократијата и прогресот на Балканот.

Своето вистинско демократско решение на македонското прашање денес единствено може да се најде во рамките на јужнословенското и балканското братство и единство, во рамките на јужнословенската федерација, во која Македонија ќе биде рамноправен член и ќе се направи првиот решавачки чекор кон натамошно национално обединување на македонскиот народ.

Колишевци и влаховци, напуштајќи ја идејата за јужнословенска федерација под сугестијата на титовците, денес ја истакнуваат паролата за присоединување на Пиринска и на Егејска Македонија кон Југославија. Меѓутоа, македонското население во пиринскиот крај решително изјавува дека не го сака

таквото присоединување. Тоа не сака присоединување кое ќе го оддели од бугарскиот народ со кој одамна се има поврзано економски, политички и културно. Тоа не сака да се потчини со насилни буржоаско-националистички методи (кои многу малку се разликуваат од методите на познатиот македонски џелат Жика Лазиќ) за остварување на омраза и подбуцнување против демократскиот бугарски народ, против Отечествениот фронт, херојската Бугарска работничка партија (комунисти). Колку е врховизмот на колишевците и влаховците реакционерен, непријателски и штетен за единството на Јужните Словени, за фронтот на демократијата и социјализмот на чело со Советскиот Сојуз, покажува радоста со која англиско-американските империјалисти ја следат секоја негова манифестација. Не постои говор ниту прилог од Колишевски и од Влахов, кој што не е цитиран од „Глас на Америка" или од големите англиско-американски империјалистички весници.

Што покажува тоа? Тоа покажува дека англо-американските империјалисти сметаат дека новиот колишевски врховизам, со сеењето на омраза меѓу Јужните Словени, издавајќи ја демократијата и социјализмот, вршејќи предавство на словенството и на нашиот заеднички ослободител и покровител, големиот Советски Сојуз, го вршат нивното реакционерно дело, им служат на интересите на нивната антисоветска и антисловенска политика.

Исто така, неслучаен е фактот што новите врховисти на Колишевски и Влахов, од ден на ден, сѐ потесно се поврзуваат со остатоците од старите врховисти и фашисти од Михајловата банда. Таквиот единствениот фронт на колишевците и влаховците со иванмихајловците, покажува само едно: дека и едните и другите и служат само на една иста работа - на меѓународната реакција; и едните и другите денес играат улога на агенти на империјалистите во македонското движење на Балканот.

По сето изнесено, ние апелираме до сите прогресивни Македонци во Бугарија, независно од тоа на која македонска групација и припаѓале во минатото (Серчани, Федералисти, ВМРО-обединета, Илинденци и др.) да дадат своја целосна поддршка и масовно да пристапат во редовите на македонските

културно-просветни друштва и најенергично да почнат да работат со цел за остварувањето на следните задачи:

Да го издигнеме културно-просветното ниво на македонската емиграција и будно да ја чуваме нејзината македонска национална свест, воспитувајќи ја во духот на братството и единството со демократскиот бугарски народ и со сите јужнословенски народи, воспитувајќи ја во духот на верноста кон словенството, на демократијата и на социјализмот, на чиј браник денес стои големиот Советски Сојуз.

Да оствариме целосно единство на прогресивната македонска емиграција, да се ставиме под заштитата на единствената организација на Отечествениот фронт, со тоа што ќе се активираме со сите свои сили за изградбата на социјализмот во Народна Република Бугарија под испробаното раководство на славната Бугарска работничка партија (комунисти) - верен и доследен борец за правата и слободата на македонскиот народ. Да го жигосаме и да го демаскираме новиот опасен врховизам на белградските и скопските раководители, кои и денес, во услови на народна демократија и социјализам, сакаат да го решат македонското прашање со стари буржоаски националистички методи, анексии, приграбување на Македонија и создавање хегемонија на Балканот, не водејќи сметка за волјата на македонскиот народ и возвишените интереси на демократијата на Балканот.

Да им помогнеме на нашите браќа во Вардарска Македонија, на најдобрите македонски синови, кои денес се изложени на страшен терор од полициските агенти на Ранковиќ[256] и Колишевски.

[256] Александар Ранковиќ - Марко, близок соработник на Јосип Броз - Тито, кој го прифати како помлад српски кадар, роден во 1909 година. Учесник во НОБ и антифашистичкото движење, кога заземал високи функции. Под негово раководство е основано Одделението за заштитан на народот (ОЗНА), која со суровите репресии спрема населението, преименувана како УДБ-а, стана синоним за озлогласеност и тортура. Од 1946 министер за внатрешни работи на Југославија. Биран и на високи партиски функции. Во 1966 година, поради различните концепции за развој на “демократијата” во Југославија, особено за односот спрема албанското малцинство, дошол во личен судир со

Напред за искрено братство и соработка со братскиот бугарски народ, под знамето на Отечествениот фронт, под раководството на херојската Бугарска работничка партија (комунисти) и нејзиниот водач и учител љубимец на македонската емиграција, Георги Димитров. Да се агитира со сите сили за остварувањето на јужнословенското братство и единство, за зацврстувањето на фронтот на демократијата и социјализмот на Балканот - гаранција за слободата, обединувањето и светлата иднина на македонскиот народ.

## 57.
## ИНФОРМАЦИЈА
**до Јосип Броз - Тито за односот на бугарската влада и партија спрема Пиринска Македонија по Резолуцијата на ИБ[257], Белград, ноември (крајот) 1948 година**

### КАКОВ БЕШЕ И КАКО СЕ РАЗВИВАШЕ ОДНОСОТ НА БУГАРСКАТА ВЛАДА И ПАРТИЈА СПРЕМА ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ПО РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ИНФОРМБИРОТО[258] ДО ДЕНЕС И ВО ШТО КОНКРЕТНО СЕ МАНИФЕСТИРАШЕ

Големобугарската уништувачка политика во однос на Пиринска Македонија воопшто, се покажа во следново:

---

Јосип Броз и со политиката на СКЈ и бил отстранет од сите политички функции.

[257] АПР, КМЈ-I-3-b/150.

[258] Политички и идеолошки судир во 1948 г. меѓу КПЈ и Јосип Броз - Тито од една страна и КПСС и Јосип Висарионович - Сталин и неколку комунистички партии од блокот од друга страна. ИБ бил основан по иницијатива на СССР во 1947 г., наводно поради меѓусебно информирање на комунистичките партии. Меѓутоа, вистинската цел била тие партии и држави да бидат раководени од еден центар. Конститутивниот состанок бил одржан во Шкралска Поремба, планинско туристичко место во западна Полска, а седиштето извесно време му било во Белград. По судирот во 1948 г. било преместено во Букурешт. Издавал заедничко гласило: “За цврст мир и за народна демократија”, кое се печатело на 12 јазици.

1. Донесе Резолуција на 16. пленум на БРП(к) со која се отфрлаат Решенијата на 10. пленум да се работи на понатамошното зацврстување на македонската свест во Пиринска Македонија. Резолуцијата го оквалификува македонскиот литературен јазик и учителите како држава во држава и, врз основа на, тоа тие се истерани од Пиринска Македонија. Резолуцијата генерално го нападна македонскиот јазик како туѓ и наметнат јазик на нашиот народ.

2. Спроведена е широка секојдневна кампања на клеветење на Народна Република Македонија, Владата на НРМ, како и ЦК на КПМ, преку печатот итн., како „скопска агентура на белградските националисти", како предавник на македонските работи. Како резултат на разурнувањето на единството на македонскиот народ и на изјаснувањето на Македонците во Бугарија против првата држава на македонскиот народ, спроведени се серија на митинзи, конференции и предавања во сите градови и села на Пиринска Македонија и меѓу македонската емиграција, од кои се пишувани резолуции против обединувањето, против НРМ, против „колишевците"[259], НОБ и македонскиот јазик. „Работническо дело" ѝ префрли на НРМ дека е вештачки создаден „удобен параван за прикривање и спроведување на националистичката политика на белградските предавници".

3. Запленет е целиот материјал од македонските книжарници. Ставена е вон закон секоја книга на македонски јазик. На „Нова Македонија" и на другиот печат им е спречено влегување во Пиринска Македонија, а „Пиринско дело" прекина да печати една страница на македонски јазик и главно е претворено во клеветник на НР Македонија, со наводно образложение дека со тоа се изразува ставот на пиринските Македонци.

4. За Илинден 1948, Националниот совет на Отечествениот фронт донесе Тези за Илинденското востание, со кои се фалсификува придонесот на БРП(к) во борбата на македонски-

---

[259] Се однесува на приврзаниците на Лазар Колишевски, кој во овој период беше секретар на ЦК КПМ. Во бугарската документација најчесто се споменува како "Кулишев". За да нема забуна, насекаде понатаму го споменуваме неговото оригинално презиме, Колишевски.

од народ и се напаѓаат „колишевците" дека ја предале идејата на илинденските борци. Затоа БРП(к) ја објави паролата „Назад кон Илинденскиот завет". За Илинден реферат одржа и Владимир Поптомов[260], чија линија е иста со овие тези, само со уште посилни пцости. Тоа е линија на шпекулирање со револуционерното минато на македонскиот народ, за традицијата од национално-ослободителното движење пред Првата светска војна да ја искористат против нашата социјалистичка денешница. Во втората половина на месец јули во 1948 година, Поптомов одржа голем говор на конференцијата во Горна Џумаја[261] („Пиринско Дело" од 26.VII.), во кое, на истата линија, ја напаѓаше НР Македонија.

5. Во јули е донесена одлука на Владата на НР Бугарија за специјалните мерки за подигнување на родопскиот, стражанскиот и пиринскиот крај, со кој овие региони три години по ослободувањето се внесуваат во стопанскиот план (Тоа особено важи за Пиринска Македонија). Во одлуката особено се обрнува внимание на бугарските муслимани, а околиите од Пиринска Македонија никаде не се третираат како делови на едно национално компактно малцинство, ниту пак Владата ги истакнува овие специјални мерки како некој израз на својата национална политика во однос, на пример, на македонското национално малцинство.

6. Во статијата „Ситнобуржоаските националисти под маската на комунизмот", „Работническо Дело" во бројот од 28 јули 1948 година, ја оправдува узурпацијата на македонската партиска организација од страна на ЦК на БРП (к) во 1941 година.

---

[260] Владимир Поптомов, бугарски политичар и државник кој заземал високи функции во органите во Пиринскиот дел на Македонија и во партиските и државните органи во НР Бугарија. Искажал колебање во однос на македонското национално прашање и признавањето на македонска нација. До 1948 имал поинаков став, кој по 1948 го променил. Поради дотогашните позитивни ставови, во 1943 год. бил предложен за потпретседател на АВНОЈ како претставник од Пиринскиот дел на Македонија, но одбил да ја преземе функцијата.

[261] Тогашното име на Благоевград.

7. На деветти октомври 1948 година Георги Чанков објави статија во „Работническо дело” за македонското прашање, во која се нафрли врз македонската нација негирајќи го македонскиот јазик, зборувајќи дека тој е туѓ, наметнат, скрпен јазик, истовремено вршејќи ревизија на Сталин дека јазикот не е битен елемент на нацијата, притоа измислувајќи постоење на некаква швајцарска нација.

8. На Петтиот конгрес на БРП (к) Димитров надолго се задржа на национализмот на „Титовата клика” во однос на македонското прашање, го нападна македонскиот јазик и ја развива својата теорија за решавање на македонското прашање во јужнословенска федерација. На истиот конгрес особено се нафрли на Владата на НР Македонија, на македонскиот јазик, а на великобугарскиот шовинизам му аплаудираше Георги Мадолев, делегат од Разлошката партиска организација. Коларов[262], при отворањето на Конгресот, го рехабилитираше Шарло[263],

[262] Васил Коларов (1877 - 1950), комунистички активист. Студирал право во Швајцарија. Народен пратеник. Работи на болшевизација на БКП, а на Првиот конгрес бил избран за секретар на нејзината ЦК. Член на ИК на Коминтерната од 1921. За време на Септемвриското востание во 1923 ја напуштил Бугарија и останал надвор 22 години. За време на војната (1941-1944) индиректно раководи со антифашистичкиот отпор од Москва, а во 1944 се вратил во Бугарија.

[263] Методија Шаторов - Шарло (1897, Прилеп - 1944, Пазарџик, Милеви Скали, Р. Бугарија), бил комунистички деец и член на ВМРО (Об). Член на ЦК на БКП(к) и на ЦК на КПЈ, извесно време секретар на ПК на КПМ. Пред крајот на Првата светска војна емигрирал во Бугарија, а во 1920 г. бил примен во БКП каде учествувал во Септемвриското востание (1923 г.). По задушувањето на востанието бил секретар на Првиот софиски реонски комитет и член на Окружниот софиски комитет. Во ВМРО(Об.) се вклучил од 1925 г. и од 1928 бил член на нејзиното раководство за Пиринска Македонија. Од 1930 година работел во Коминтерната во Москва. Во 1939 година се вратил во Македонија и во 1940 станал политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Во политичките пресметки во редовите на КПМ во 1941 г. и во врска со почетокот на востанието, бил обвинет дека го спречува неговиот почеток, па бил исклучен од ЦК НА КПЈ и во октомври 1941 се вратил во Бугарија, каде што во 1942 станал секретар на Окружниот комитет на БРП (к) во Софија. Во Пазарџик во 1943 командувал со Третата востаничка оперативна зона, а во септември 1944 загинал во неразјаснети околности, во судир со државните и полициските сили на бугарската власт. Од страна на македонските партиски и

ставајќи го во редот на загинатите раководители и херои на БРП(к).

9. Во решенијата на Националниот совет на ОФ, кои се публикувани во бр. 31 од 1949 година на „Работническо дело" (во февруари), донесени врз основа на одлуките на Петтиот конгрес на БКП, а во кои се говори за целокупната политика на Отечествениот фронт и за неговите наредни стопански, политички и културни задачи, воопшто не се спомнува постоењето на толку големо компактно национално малцинство какво што е македонското во Пиринска Македонија, ниту пак за националната политика на БКП и ОФ во однос на македонското малцинство. Истовремено се истакнува дека треба да им се посвети посебно внимание на бугарските муслимани и тоа во Разлошкиот крај (кој се наоѓа во Пиринска Македонија). Ова не е чудно кога се знае дека ниту Уставот на НР Бугарија не го споменува постоењето на македонското национално малцинство во Бугарија и неговите права.

10. По повод денот на смртта на Гоце Делчев (4 мај) во „Пиринско дело" се печатени теми, а исто така и по повод 37-годишнината од смртта на Сандански целиот бугарски печат пишуваше (а зборувано е и на предавањата) за предавството на делото на Делчев и на Сандански, како и тоа дека тие од Бугарија ќе им укажат целосна поддршка на „револуционерните сили" во Македонија за да ја симнат „Титовата клика и колишевците" од власта. Тука бугарската линија покажа и извесен „развој": НРМ како држава на македонскиот народ сега некако се признава, за разлика од ставот од првите денови на Информ-кампањата, само се кажува дека „колишевците" ја узурпирале и дека немаат право да зборуваат во името на македонскиот народ. Во првите денови на јули оваа година се појави статијата на некој си Дино Ќосев во „Пиринско дело", во која се признава македонската нација како утврден историски факт, меѓутоа таа заобиколно се негира затоа што ѝ се порекнува нејзината исто-

државни структури долго време беше тертиран како предавник на македонската кауза, но во последните години, и особено по осамостојувањето на Р. Македонија, за него има извесна историографска рехабилитација.

рија и се тврди дека нејзиното формирање почнало од ставот на Коминтерна за македонското прашање од 1934 година. Изгледа дека политиката на директно негирање на НРМ и на македонската нација сосема крахираше меѓу пиринските Македонци и емиграцијата, па се мина на оваа порафинирана линија.

11. Во бројот 5 на „Политичкиот билтен на Министерството за надворешни работи" од оваа година, во прилогот „Ликот на скопските раководители" највулгарно е нападнат македонскиот јазик, повторена е приказната на Димитров за „шовинистичкото" менување на презимињата од „-ов" на „-ски" и нанесени им се вулгарни навреди на раководителите на КПМ.

12. Во издание на Дирекцијата за информации излезе од печат брошурата на ноторниот шпиун и главорез Пеце Трајков[264] за „Национализмот на скопските раководители", во која се повторуваат сите досега изнесени големобугарски теории и обвинувања на бугарските информбировци на сметка на ЦК на КПМ, дополнети со нови измислици, па дури вулгарни карактеристики за некои наши раководители. За другарот Лазар Колишевски се тврди дека бил стипендист на Жика Лазиќ, што е чекор понатаму од нивните поранешни тврдења дека е српски воспитаник.

13. На 14 февруари органот на синдикатот „Труд" донесе уводна статија во врска со претстојниот конгрес на НОФ на Егејска Македонија, во која се зборува за решавањето на македонското прашање како балканско прашање (за што пишуваше другарот Пијаде). Во весникот „За траен мир", Владимир Поптомов во статијата „Политички провокатори" (месец јули) подметнува дека ние сме ја измислиле балканската федерација и независна Македонија за да ја разбиеме ослободителната брба на грчкиот народ.

14. Бугарските информбировци ја развиваат линијата дека заветот на Делчев и на Илинден е дека македонскиот ни-

---

[264] Пеце Трајков, кој потекнува од Егејскиот дел на Македонија, бил полковник на ЈНА. По судирот со Инфрормбирото емигрирал во Бугарија каде што напишал неколку материјали против раководството во Македонија. Еден од пообемните е спомнатиот "Национализмот на скопските раководители".

когаш не живеел одделен од бугарскиот народ и со таквиот аргумент се борат против стремежите на пиринските Македонци за присоединување кон НР Македонија. Од друга страна, тие работат на всадување на недоверба спрема српскиот народ, на разбивање на нашето братство и единство, зборувајќи им на пиринските Македонци, а и на нашите, дека јазикот им е „србизиран", дека во НРМ преку белградскиот и загребскиот печат и литература „се шири српското влијание со цел да се искорени бугарското влијание", дека под фирмата на македонската историја всушност се изучува српската и бугарската историја итн. (На „Пиринско дело" му е доделена главно оваа задача). Како ова влијаеше меѓу тамошните Македонци се гледа и од тоа што им го зборуваат на нашите луѓе двосопствениците, кои доаѓаат оттаму на наша теротирија: „Вие сте сега Срби и одите заедно со Англичаните против Советскиот Сојуз". Нашите двосопственици не одат преку границата бидејќи ги малтретираат и се плашат од затворање.

15. Кон крајот на месецот мај и во јуни оваа година, за македонската емиграција, пред сè во Софија, се одржани серија предавања од обласга на македонската историја и македонското национално прашање во кои се фалсификува нашата историја, се клеветат КПЈ и КПМ. Предавањата ги држат Крсто Стојчев, Христо Калајџиев и други[265].

16. За стопанската политика да се види книгата на Лазар Мојсов.[266]

[265] Двајцата биле македонски активисти од пиринскиот дел на Македонија до спорот со ИБ.

[266]Лазар Мојсов (1920-2011) роден во Неготино, Р. Македонија. Припадник на студентското и на комунистичкото движење. Учесник во НОВ од 1943, публицист и дипломат. Во студентското движење се вклучил пред Втората светска војна на Универзитетот во Белград каде што студирал право. Во мај 1943 г. стапил во одредот "Добри Даскалов", потоа во баталјонот „Страшо Пинџур" и во Втората македонска ударна бригада. Бил делегат на Првото заседание на АСНОМ. Кон крајот на војната раководел со АГИТПРОП на Македонија, а вршел и повеќе други државни функции. Во повеќе свикувања бил републички и сојузен пратеник. Бил амбасадор на СФРЈ во СССР, Австрија и во Обединетите нации. Бил претседавач на Генералното собрание на ООН, заменик на Сојузниот секретар за надворешни работи и Сoју-

# 58.
# ИНФОРМАЦИЈА
## на Комисијата за село при Централниот комитет на КПЈ за состојбата со селските работни задруги, доставена до Јосип Броз - Тито, Белград, 16 април 1949 година

Централен комите на КПЈ[267]
Комисија за село

КРАТКИ ИНФОРМАЦИИ (Бр. 3)

Појавата на осипување на некои работни задруги

Во последно време дојде до извесни појави на осипување на одделни работни задруги. Овие појави најмногу ги има во Војводина, но ги има и во другите републики (Хрватска, Македонија). Причините за ваквите појави се главно грешките направени при основањето на работните задруги (притисок врз селаните за влегување во задругите и примањето на богатите селани кои биле непријателски расположени спрема народната власт и работните задруги, како и бавното организациско оформување на задружното стопанство, воведување на бригадно-групен систем и евиденции на работењето, спроведувањето на правилата по прашањето за внесување на земјата, стоката и инвентарот, сточната храна, семето и проценета на истите). Освен тоа, треба да се истакне слабата и недоволната политичка работа со селаните задругари од страна на партиските организации и недоволната будност спрема непријателот кој што се вовлече во задругите.

Војводина

---

зен секретар за надворешни работи на СФР Југославија и претседател на Претседателството на СФР Југославија и на ПЦК СКЈ. Од деведесеттите години, по распадот на СФР Југославија и конституирањето на новите држави, не учествувал во јавниот и политичкиот живот. До својата смрт живеел во Белград. На редакцијата не и е позната таква книга. Мојсов се занимавал повеќе со политички и историски теми меѓу кои и проблемот на македонското национално малцинство во Грција и во Бугарија.

[267] АПР, КМЈ-II-3-а-2/19

Во Земунската околија, каде што досега во работните задруги влегоа преку 90 проценти од селаните, ваквата состојба е во повеќе села: Карловиќ, Купиново, Бољевци, Ашања, Добановци, Угриновци.

Во Карловиќ, во задруга со 221 домаќинство (од вкупно 334 во селото), мнозинството задругари не излегуваат на работа. Од 120 запреги во задругата, излегувале најмногу 60. Задругарите во поголемиот дел самоволно си ги зеле своите коњи и коли, па подоцна со некои убедувања, а и со помош на полицијата, ги вратиле (досега не ги вратиле од нив само 25, главно средноимотни). Има уште 400 к.ј. неизорана и нешто повеќе непосеана земја, а за коњите немаат сено ниту пченка, туку ги хранат со слама и пченкарица. На некои насилно им е земено сеното за исхрана на добитокот. Овде мнозинството селани во задругите се богати, а надвор од задругите останаа главно средноимотните (околу 90).

Партиската организација не беше будна па дозволи во управата и на местото на бригадир да ѝ се вовлечат непријатели. Од 7 членови на Управниот одбор, 3 се богати селани, а од 7 бригадири исто така тројца се богати селани, додека 2 се поврзани со непријателот (само 2 бригадира се членови на Партијата).

Во Угриновци состојбата е нешто подобра главно поради тоа што партиската организација е малку подобра и поцврста (35 членови) и има посилно влијание на средните селани.

При омасовувањето на задругата, партиската организација во Угриновци се раководела од тоа да ги пристегне селата кои веќе беа 100 отсто во задруги (Деч и Шимаховци), па се пристапило со притисок. Притисокот не е вршен само на богатите туку и на средните селани (во поглед на снабдување со индустриски стоки). Некои артикли како што се шеќерот, текстилот и сл., кои дошле во мали количини, ги зеле само за задругарите. Забраната ја извршил секретарот на партиската организација и на МНО, јавно пред насобраните селани незадругари кои дошле да купат стока.

Задругата има уште околу 500 јутари неизорана и нешто повеќе непосеана земја. И овде тежината на ситуацијата е во

тоа што задругарите не излегуваат на работа, некои повремено, а некои воопшто.

Во задругата „Ѓура Јакшиќ" (село Српска Црња, околија Бегеј, Зрењанин) имаше обиди за излегување од задругата, но тоа се спречи. Од задругата се исклучени 4 домаќинства (тројца ороводачи се притворени).

Во задругата „Петти октомври" (основана на крајот од март о.г.), почна барањето на задругарите за излегување од задругите, под изговор дека тие се излажани со влегувањето во СРЗ, бидејќи „арондираната земја на некои им се враќа". Бројот на барањата за излегување од СРЗ се искачи до 180. МК на Партијата во прво време не се снајде и чекаше помош од другарите од СК. Секретарот на СК пристигнал следниот ден и на конференцијата на задругарите, по долго уверување, успеал да ја смири масата и мнозинството од домаќиствата да ги убеди и да ги врати во СРЗ, така што на 9 мај излегле на работа сите членови на СРЗ. Органите на власта ги затвориле ороводачите, 11 членови на задругата, меѓу кои и едн член на Партијата.

Освен во Земун и Зрењанин, овие појави ги има во поголема мера и во околиите: Панчево (селата: Старчево, Омољица, Здиње, Опра, Долово и Алибунар), а во нешто помала мера ги има и во сите околии на Војводина.

Во согласност со ЦК на КПС, преземени се мерки организаторите на разбивањето на задругите да се затворат, што е и направено. Постоа состојбата се поправи и сега задругарите излегуваат на работа.

Хрватска

Во Хрватска се случи растурање на две задруги и тоа: во околија Петриња (село Гвозденско) се растури задруга од 30 домаќинства. Како главна причина се наведува арондацијата, т.е. при основањето на селаните им било ветено дека ќе можат да ја групираат земјата, а кога тоа било спречено, задругата се растурила.

Во околија Госпиќ (село Орница) се распаднала задругата поради тоа што било решено веднаш по основањето на задругата да се плати правата рата за внесениот инвентар, но кога тоа не можело, задругата се растурила.

Во Славонија има одделно осипување што главно е поради слабата политичка и воспитна работа. Во Богиќевци (колија Градишка) од задругата излегле 10 домаќинства.

Македонија

Во Македонија исто така ги има овие појави. Во прашање беа 5 задруги во Светиниколска, 7 во Кратовска и 3 во Кочанска околија. До растурањето на овие задруги можело да дојде поради работата на непријателските елементи, поранешните претседатели на општини, остатоци од комитите и сл. Ова е спречено така што ЦК на Македонија директно интервенираше со испраќање на една екипа на чело со еден свој член, која им помогна на партиските организации на теренот да ја парализираат работата на непријателот и да ги зацврстат задругите.

Прашањето на снабдувањето на некои работни задруги

НР Црна Гора

Во НР Црна Гора има голем број на работни задруги во кои задругарите немаат жито до жетвата. Добар дел на задругарите, според процената на околиските комитети, не ќе можат од своите производи да ги задоволат потребите на задругарите ниту по жетвата. Колкав е бројот на задругарите кои уште сега немаат жито за своите семејства и колку задруги во текот на 1949 година не ќе можат да ги задоволат потребите на задругарите од свои производи (и во која количина), на теренот уште не се знае. Исто така има и извесен број задругари кои во перспектива немаат услови да ја развиваат својата дејност во земјоделството и сточарството за да ги обезбедат членовите на задругите со најнеопходните потреби. Во Даниловградска околија такви се задругите во селата Меѓице и Долови. Задругата во Меѓици во која влегоа 21 домаќинство има 10 ха обработлива земја, а од запрежниот добиток само еден коњ; таа нема услови да го развива сточарството. Задругата во Долови во која има 26 домаќинства со 155 членови поседува 9,8 ха ораници и ливади и 100 овци. Затоа партиските организации застанаа на неправилното становиште, тие задруги да се занимаваат со производство на вар, тули, со сечење на шума, мали пилани итн. Задругата “Темпо” во Барската околија има тулана во која е планирано во 1949 година да произведе за своите потреби 36.000

тули, а 20.000 за околиската Планска комисија, додека во околијата Колашин имаат неколку пилани на вода.

Хрватска

Во НР Хрватска во три области (Риечка, Карловачка и Загребачка) има 139 задруги со 6.833 членови домаќинства кои немаат жито до жетвата. Нив задружните совети веќе им дале извесна количина жито.

Во Риечката област 41 задруга со 2.258 члена домаќинства нема да бидат во состојба да ги задоволат потребите на задругарите ниту по собирањето на летината (околиите: Лошињ - 4 СРЗ со 194 домаќинства, Крк - со 70 членови, Раб - 3 со 154 членови, Цриквенивца - 3 со 83 члена, Лабин - 2 со 159 члена, Бузет - 6 со 170 членови, Ријека - 5 со 327 членови, Делнице - 13 со 634 члена); во Карловачка 44 работни задруги со 3.550 членови на домаќинството; во Загребачката 3-4 работни задруги.

Во областа Далмација 109 работни задруги со 2.149 домаќинства.

Табела на членовите на КП во СРЗ и надвор од нив, таму каде што СРЗ се основани

| Народна република | Во С Р З | | Бр.на член. на КП што не се во СРЗ а тие постојат | Казнети членови на КП поради невлегув. во СРЗ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Број на задругари | Бр.на членови на КП | | Казнети | Исключ. |
| Србија | 432.066 | 29.553 | 8.261 | | |
| Хрватска | 84.917 | 8.517 | 4.237 | 285 | 244 |
| Словенија | 9.920 | Не се стигнати подат. | | 5 | 2 |
| Босна и Х. | 38.837 | 3.168 | 2.432 | 32 | 58 |
| Македонија | 101.695 | 4.671 | 1.783 | 12 | 73 |
| Црна Гора | 5.374 | 683 | 77 | 3 | 30 |
| ФНРЈ | 672.807 | 46.592 | 16.790 | 337 | 407 |

За залагањето на членовите на Партијата во работата во работните задруги

Има многу често појави членовите на Партијата недоволно да се залагаат на работата во задругата, да се извлекуваат и да одбегнуваат потешки работи и потешки места во задругите како, на пример, работата кај добитокот и сл. Ова доѓа поради недоволната воспитна работа од страна на околиските партиски раководства, така што членовите на Партијата во задругата немаат правилен однос спрема работата и кај нив постои постојан стремеж да се извлечат од работата а особено од потешките работи. Така често се случува да се земат разни споредни должности како, на пример, благајник, магационер, за што може да бидат определени постарите, за работа непособни задругари. Се востановуваат некои набавувачи и други слични места кои не се потребни во задругата. Потоа одат од задругата на разни служби (за службеници, полиција, трговија или пак во индустриските претпријатија), па и ако останат на работата, не се најдобрите и најсовесните работници. Ваквото држење на членовите на КП многу лошо дејствува на непартијците во задругите, поради што слабеат работниот елан и дисциплината, што во крајна линија чувствително се одразува на производството. Овој проблем постоеше од основањето на првите работни задруги, па сè до денес, а особено се манифестираше кај колонистичките задруги. Меѓутоа, сега овој проблем е многу актуелен и кај новоосновани задруги.

Белград, 23. IV. 1949 година.

Печат на Комисијата

## 59.
## ИЗВЕШТАЈ
## и анализа на Контролната комисија на КПЈ, од август 1949 година, за казнетите поддржувачи на Информбирото во Југославија, односно во нејзините републики, вклучително и во Македонија, Белград, 10 август 1949 година

ИЗВЕШТАЈ НА КОНТРОЛНАТА КОМИСИЈА НА КПЈ ЗА ИСКЛУЧЕНИТЕ И КАЗНЕТИТЕ ЧЛЕНОВИ НА КПЈ КОИ ИСТАПИЛЕ НА ЛИНИЈАТА НА КОНТРАРЕВОЛУЦИОНЕРНАТА РЕЗОЛУЦИЈА НА ИНФОРМБИРОТО И ЗА НИВНАТА АНТИПАРТИСКА ДЕЈНОСТ[268]

Според приложените табеларни прегледи (податоци), се гледа следното:

1. Боројот на исклучените членови на КПЈ поради антипартиско дејствување во врска со истапувањето на линија на контрареволуционерната резолуција на Информбирото[269] изнесува 4.476 или 0,91 отсто од вкупниот број на членството во КПЈ (процентот е пресметуван според бројната состојба на своето членство и исклучените, заклучно со првото тромесечие на 1949 година, кога имаше 489.215 членови на КПЈ).

2. Најголемиот процент на исклучени отпаѓа на КП на Црна Гора -1,98 отсто а најмал на КП Словенија 0,33 отсто.

[268]АПР, KMJ-II-3-a-2/21

[269] Политички и идеолошки судир во 1948 г. меѓу КПЈ и Јосип Броз - Тито, од една страна, и КПСС, Јосип Висарионович - Сталин и неколку комунистички партии од блокот, од друга страна. ИБ бил основан на иницијатива на СССР во 1947 г., наводно поради меѓусебно информирање на комунистичките партии. Меѓутоа, вистинската цел била тие партии и држави да бидат раководени од еден центар. Конститутивниот состанок бил во Шкралска Поремба, туристичко место во западна Полска, а седиштето извесно време му било во Белград, а по судирот во 1948 г. во Букурешт. Издавал заедничко гласило: “За цврст мир и за народна демократија”, кое се печатело на 12 јазици.

3. Во партиската организација на Југословенската армија процентот на исклучените членови на КПЈ изнесува 1,11 отсто итн.

4. Од исклучените членови на КПЈ со Резолуцијата[270] на Информбирото, 161 се примени пред војната, 1.334 за време на војната, а 2.889 по војната. Според овие податоци, најголемиот број на исклучени отпаѓа на оние членови на Партијата кои, пред војната и веднаш по војната, се примани без доволни проверки (во вкупниот број на исклучени, пресметани се примените на КПЈ од 1948 година).

Просечниот стаж на своето членство на Партијата изнесува 1 година и 8 месеци (сметано според организацискиот извештај од декември 1948 година).

Просечниот стаж на исклучените членови на КПЈ изнесува 6,30 години. Ова доаѓа оттаму што оние 161 член на КПЈ, примени пред војната, имаат долг партиски стаж до 20 години, па и повеќе.

Долг стаж особено имаат исклучените членови на КПЈ од подрачјето на Словенија, т.е. 4,95 години, а кај Босна и Херцеговина 4,59 год. и Црна Гора 4,40 години, најмалку кај КП на Хрватска, т.е. 3,92 год. (Кај партиските организација на врска со ЦК на КПЈ стажот на исклучените е малку поголем т.е. 5,10 год.).

Овие податоци се однесуваат на 4.384 членови на Партијата, бидејќи за 92 недостасуваат податоци.

5. Бројот на казнетите со одделни партиски казни без исклучувања, во врска со колебањата по Резолуцијата на Информбирото, изнесува 235 членови на КПЈ (во врска со овие не-

---

[270] Поради политичко и лично несогласување помеѓу КПСС и КПЈ, односно меѓу Тито и Сталин, на негова иницијатива, во јуни 1948 г. во Букурешт, комунсистичките партии на земјите од источниот блок или т.н. "народната демократија" донеле акт со наслов "Резолуција за состојбата во Југославија...". Резолуцијата содржела тешки обвинувања против Југославија и нејзиното раководство, наводно, за напуштање на комунизмот и класните интереси. Таа имала мошне негативно влијание за судбината на македонското национално прашање на Балканот.

достасуваат сите податоци поради слабата евиденција кај одделните партиски организации). Најголемиот број казнети (без исклучување) отпаѓаат на КП на Босна и Херцеговина, кои изнесуваат 97 членови, а најмалку на КП Словенија, каде што се казнети вкупно 2 члена на КПЈ. Од вкупниот број казнети т.е. од 235 членови на Партијата, најмногу отпаѓаат на интелектуалците и службениците. Понапред изнесените податоци покажуваат дека мерките на партиските организации оделе на чистење на Партијата од непријателските - антипартиски елементи (помалку се казнети со одделни партиски казни).

6. Социјалниот состав на исклучените членови на КПЈ[271]

Од вкупниот број исклучени членови на КПЈ по Резолуцијата на Информбирото, на работници отпаѓа 985 или 0,67 отсто, на селани 1.055 или 0,46 отсто, на интелектуалци и службеници 2.139 или 2,22 отсто и на други 256 или 1,33 отсто. Овие податоци покажуваат дека од исклучените, согласно Резолуцијата на Информбирото, најмногу отпаѓаат на интелектуалци и службеници. Нивниот процентуален преглед по републики изгледа вака:

Србија

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 27,87 отсто, исклучени се 2,04 отсто.

Хрватска

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 18,22 отсто, исклучени се 2,95 отсто.

Словенија

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 26,45 отсто, исклучени се 1,003 отсто.

Македонија

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 8,60 отсто, исклучени се 1,48 отсто.

Босна и Херцеговина

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници,чиј процент изнесува 12,58 отсто, исклучени се 2,52 отсто.

Црна Гора

[271] Подвлекувањата се во оригиналот.

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 12,02 отсто, исклучени се 5,41 отсто.

Југословенска Армија

Од вкупниот број на интелектуалци и службеници, чиј процент изнесува 11,32 отсто, се исклучени се 2,58 отсто.

Ова покажува голем процент на интелектуалци и службеници во Црна Гора, Хрватска и во Југословенската Армија, а најмалку во Словенија.

7. Националниот состав на исклучените членови на КПЈ покажува:

а) Во Србија релативно најголемиот процент на исклучени отпаѓа на припадниците на националните малцинства - Унгарци, Романци, Италијанци.

б) Во Хрватска релативно најголемиот број на исклучени отпаѓа на Македонци, Црногорци и Италијанци.

в) Во Црна Гора релативно најголемиот број на исклучени отпаѓа на Албанци и на Срби.

г) Процентот на исклучените во ЈА најмногу отпаѓа на Србите и Хрватите, а релативно помалку на Црногорците итн.

Земајќи ги предвид предните податоци, а врз основа на анализата која е извршена на основа на извештаите на КК на националните ЦК и при Полномоштвото на ЦК на КПЈ за ЈА за дејноста на разни антипартиски елементи на линија на Информбирото, се гледа следново:

1. Контрареволуционерната Резолуција на Информбирото поттикна и откри во редовите на КПЈ разни антипартиски елементи кои како такви се прикривале, а чие минато е: дека припаѓале на групи на разни опортунисти, фракционери, предавници пред класниот непријател на полицијата и робијата, понатаму оние кои имале прекин во нивната партиска работа поради разни грешки и паѓаат во рацете на окупаторот, меѓу кои има со неиспитано однесување, а особено за извесен број од познатите концентрациони логори. Имаше и такви кои им припаѓале на непријателските организации и на воените формации,

чие држење исто така не е доволно испитано, што најдобро го потврдуваат следниве податоци:

Од вкупниот број исклучени членови на КПЈ на линија на контрареволуционерната Резолуција на Информбирото, на членовите со сомнително и слабо минато отпаѓа: во Србија 620 или 35,51 отсто, во Хрватска 531 или 58,28 отсто, во Југословенската Армија 481 или 44,86 отсто, во Босна и Херцеговина 142 или 52,78 отсто, во Црна Гора 125 или 40,19 отсто, во Словенија 96 или 72,18 отсто, во Македонија 51 или 43,58 отсто, во партиските организации на врска со ЦК на КПЈ 22 или 59,45 отсто, што вкупно изнесува 2.068 или 46,20 отсто. Во редовите на другите информбировци има добар процент од оние членови на Партијата кои не биле дораснати за членство во Партијата, како и добар процент на разни интелектуалци кои во текот на својот живот и работа во партијата почувствувале извесно влијание од буржоаската идеологија, од малограѓанската склоност кон реакционерство и опортунизам.

2. Под влијание на смислената контрареволуционерна пропаганда на Информбирото, односно на ЦК на СКП(б) и раководствата на земјите на народната демократија, се поколебале и некои други членови на КПЈ поради нивната слаба идеолошко - политичка свест и слабиот морално - политички став, за што во еден дел придонесе и слабиот метод на некои партиски организации и комитети во објаснувањето на ставот на ЦК на КПЈ.

3. Информбировско-антипартиските елементи одеа на тоа да го разбијат единството на КПЈ и земјата, да ги одделат партиските организации и работните маси од партиското и државното раководство, како и да внесат деморализација во редовите на работните маси спрема социјалистичката изградба на ФНРЈ.

4. Во нивната антипартиска и непријателска дејност постоеја различни форми и методи, кои главно ја карактеризираат контрареволуционерната акција против КПЈ и земјата. Нивната работа главно се одвиваше низ два периода и тоа:

Првиот - по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото до Петтиот конгрес на КПЈ.

Вториот - последните месеци од 1948 година, па понатаму во 1949 година.

Во првиот период беа првите истапувања и антипартиски дејствувања на разни империјалистички елементи во редовите на членовите на КПЈ, кои отворено се солидаризираа со Резолуцијата на Информбирото, а на кои во почетокот им се придружуваа и некои збунети или, по својот карактер, колебливи членови на Партијата.

Во вториот период истапуваа, односно дејствуваа главно преостанатите прикриени разни антипартиски елементи, кои привремено беа замолчени со преземените мерки од страна на Партијата, а особено со успехот на Петтиот конгрес на КПЈ[272]. Освен нив, имаше и други кои се колебале доколку прашањата спрема контрареволуционерната акција на Информбирото, ЦК на СКП(б) и други повеќе се заоструваа. Тие за кратко време не се осудуваа јавно да истапуваат, туку својата работа ја започнале со илегални методи, што ја покажува и промената на нивната тактичка линија. Увидувајќи дека отворените истапувања не им донесуваат речиси никакви резултати, поведоа курс на останување внатре во Партијата за да дејствуваат однатре на разни начини, зборувајќи "дека се за линијата на КПЈ и за социјалистичка изградба, но дека има извесни грешки кои раководството не сака да ги признае итн."

Нивното минување на илегални методи на активност произлезе од фактот што од почетокот, а особено по Петтиот конгрес на КПЈ, целото партиско членство, односно Партијата, разви голема активност за објаснување на настанатиот спор, т.е. за усвојување на ставот на ЦК на КПЈ кој е прифатен во сите партиски организации и во широките народни маси.

Притиснати од несоборливите факти за правилноста на патот и ставовите на ЦК на КПЈ, информбировците, со учеството на известувачките служби и дипломатските претставништва на СССР и земјите на народната демократија, пристапија

[272] На Петтиот конгрес на КПЈ одржан во 1948 година, КПЈ ја добила поддршката од членството во спорот со СКП(б), Сталин и СССР. Тој конгрес и бил свикан за таа, и може да се каже, единствена цел.

кон создавање на илегални кружоци, групи, диверзанти, односно илегални организации или, како што тие истакнуваат, “болшевичка фракција во крилото на КПЈ”, правејќи обид за меѓусебно поврзување и воспоставување на врски со странство. Нивната цел беше, по претрпените неуспеси во обидот за разбивање на Партијата, да организираат саботажи, диверзии, бегства од земјата итн.

Напоредно со преминувањето на илегалните методи на активност (на информбировците), односно по преземените мерки на сериозното чистење на Партијата, т.е. по Петтиот конгрес на КПЈ, борбата на некои партиски организации не беше постојана и доволно упорна, туку се намалува и слабее, што им овозможи на одделни прикриени информбировци да ја развиваат својата разурнувачка дејност.

Во својата контрареволуционерна работа сите тие антипартиски елементи дејствуваат во различни форми и тие работат на заедничкото слушање на радиостаниците Москва, Пешта, Прага, Софија и други. Го растураат пропагандниот материјал “Нова Борба”, весникот “За цврст мир”, како и други информбировски материјали. Широките клеветнички вести, со сѐ поотворените т.е. со бесрамните напади на КПЈ. Кон сето ова, најчесто ги протураа и овие пароли: СКП(б) и Сталин се безгрешни, Русите знаат што прават и зад тоа се крие нешто повеќе, Петгодишниот план не е реален, сами не можеме да градиме социјализам, останавме осамени, што со тешката индустрија, кулаците се богатат, нема да успее колективизацијата на селото, наскоро ќе биде економска криза, работниците се оптоварени, снабдувањето е слабо, во Партијата нема демократија, се прогонуваат старите членови на Партијата, спротивставувањето на СССР - тоа е предавство на интернационализмот итн.

Напоредно со заострувањето на нивната, т.е. на информбировско - непријателската пропаганда спрема нашата земја и раководството на Партијата - тие туѓи и антипартиски елементи истовремено прават обид за создавање и поврзување на илегални групи со кои се поврзуваа и оние членови на Партијата

што го прикриваа своето несогласување со линијата на ЦК на КПЈ.

Во својата пропаганда и во илегалната работа, повремено успеваа да организираат умножување и растурање на разен илегален материјал, собирање на т.н. „црвена помош", правејќи обиди да собираат оружје за „партизанска борба" како и подготвување на други акции.

Треба да се забележи дека во изминатиот период многу партиски организации и комитети не секогаш ја поврзуваа борбата против штетната т.е. антипартиската и антидржавната дејност на информбировците со борбата за извршување на Петгодишниот стопански план, што е сериозен недостаток, со оглед на тоа што дејноста на информбировците беше пресметана за спречување на социјалистичката изградба во нашата земја.

Со иницијативата на повисоките партиски раководства, се разви голема активност на огромниот дел на партиските организации, околиските и градските комитети во разобличување и откривање на информбировците, односно на сите оние членови на Партија кои својата активност т.е. колебањето, го прикривале. Истовремено, за нивното откривање, односно за обидите за создавање на илегални организации, најмногу придонесоа органите на УДБ, поради тоа што кај еден дел од партиските организации, односно околиските и градските комитети на Партијата, им недостасуваше постојана активност и потребната будност. Едни се задоволуваа со успешното чистење на антипартиските елементи и широката и активна поддршка на масите на ставот на ЦК на КПЈ, а вторите беа нерешителни и склони кон опортунизам во однос на чистењето на Партијата.

Дејствувањето на антипартиските елементи на линија на Информбирото, помалу или повеќе, во сите републики, како и во Армијата, беше истоветно, освен во Црна Гора каде што тие направија обид да создадат оружени групи. Може да се каже дека до денес Партијата е главно исчистена од разни непријателски, колебливи и малограѓански елементи иако овде-онде може да се откријат одделни прикриени информбировци чија што задача е внатре во Партијата, на најразлични начини, да

дејствуваат со цел за натамошно спроведување на контрареволуционерната акција на Информбирото.

И покрај сестраната активност на Партијата во борбата против информбировските непријателски елементи, која се разви широко, на поединците или на групичките од тие редови им успеваше подолго да се прикријат и активно да дејствуваат, затоа што некои партиски организации, т.е. околиски и градски комитети, борбата против Информбирото во повеќето случаи ја водеа кампањски. Кај нив недостасуваше систем во работата за развивање на активноста на своето партиско членство и работните маси. За ова придонесе и колебливото однесување на одделни членови на околиските и градските комитети на Партијата, меѓу кои имаше и такви кои активно работеа на страната на непријателот против КПЈ и нашата земја, а особено во источна Србија, Црна Гора и донекаде во Хрватска итн.

Според извештајниот материјал, во прилог на овие констатации, треба да се истакне следново:

Во обидите за создавање на илегални групи и на нивното поврзување особено се истакнуваа одделни информбировци на подрачјата: Белград, Загреб, Зајечар, Сараево, Црна Гора, Далмација, Војводина и во некои единици на ЈА итн.

Како резултат на непријателската работа на антипартиските елементи на линија на Информбирото, имаше обиди да се создадат антипартиски - информбировски упоришта во следните места:

Србија

Бор, Зајечар, Кладово, Неготин, Цариброд[273], Белград, а особено на Белградскиот универзитет, некои места во Војводина, а на Космет, односно Приштина, Ѓаковица и други.

Хрватска

Загреб, особено на Универзитетот во Загреб, областа Ријека, Делнице, Дарувар, Шибеник, Книн, Сплит, Брач, Корчула и Макарска.

Босна и Херцеговина

[273] Денешен Димитровград во Р. Србија.

Сараево, Травник, Босански Брод, Билеќа, Гацко, Зеница, Рогатица и Јајце.

Црна Гора

Никшиќ, Бијело Поле, Андријевица и други.

Југословенската Армија

II и III воена област, Воздухопловството со училиштето, Училиштето на Командата на тенковските единици, во Домот на воените студенти во Загреб, како и во ЈВ морнарица. Имаше и некои други помали места т.е. без особено дејствување.

Контролните комисии на ЦК на КП на Словенија и на Македонија во своите извештаи не изнесуваат слични податоци.

Овие податоци покажуваат дека информбировско-непријателските елементи во нивното дејствување и пропаганда имале сериозни намери да ја разбијат партиската организација, правејќи обиди за што поголемо врбување на членови на Партијата. Нивната антипартиска информбировска дејност во еден период имаше извесен одраз во спомененатите места, но благодарение на енергичните мерки и активности што ги разви Партијата, тие се разобличени и оневозможени во нивната поткопувачка дејност.

Според податоците, дејноста на антипартиски - непријателски елементи на линија на Информбирото најмногу и најактивно се реализираше во Белград. На Белградската партиска организација, од вкупниот број исклучени членови на КП на Србија во согласност со Резолуцијата на Информбирото, отпаѓа малку помалку од половината. Ова иде оттаму што Белградската партиска организација во добар дел ја сочинуваат службеници од сојузните, републичките и другите установи и што во неа имаше луѓе кои порано се исклучувани од КП, како и многу со лошо минато, т.е. со проблематично однесување, бидејќи мнозинството биле од редовите на разни опортунисти и поранешни фракционери, кои по ослободувањето на земјата се вработувани во многу установи и претпријатија во Белград. За активностите на информбировците на подрачјето на Белград придонесе и тоа што во основните партиски организации и одделните реонски комитети немаше доволно активности на разобличување на информбировците, кое уште се забележува како

слабост што условува извесна можност за антипартиско и антидржавно дејствување на информбировците и нивните иницијатори. За активноста на информбировците придонесуваше и придонесува организираната антипартиска т.е. антидржавна дејност на дипломатските претставници и известувачките служби на СССР и земјите на народната демократија, зад кои не заостануваат и разни други претставници кои имаат свој удел во контрареволуционерната акција против КПЈ и ФНРЈ.

Ќе биде потребно МК на КПС за Белград, како и некои други комитети, да поведат повеќе сметка, односно уште повеќе да ги заострат сите прашања кои избија со појавата на Резолуцијата на Информбирото и поорганизирано да дејствуваат на искоренување и разобличување не само на информбировците - поединци, туку и на информбировската кампања воопшто. Треба да се напомене дека партиската организација на Белград и некои други недоволно ги користат разните материјали и документи кои секојдневно ги објавува нашиот партиски печат итн.

Оваа анализа, како и најновиот извештај на КК на националните ЦК и Полномоштвото на ЦК на КПЈ за ЈА од второто тромесечје на 1949, година покажуваат дека информбировско-антипартиските елементи, кои се исклучени од КПЈ, сè уште дејствуваат разурнувачки и поради тоа што над нив не е обезбедена потребната будност против прикриените непријатели во Партијата.

Имајќи ја предвид антипартиско-информбировската активност, која и денес се чувствува во одделни места, како и нивниот број во земјата, ќе биде потребно да се преземат политички и други мерки со цел да се спречат нивните антипартиски и антидржавни дејности кои и денес се јавуваат во: Нови Сад, Кула, Ѓаковица, Книн, околијата Дубровник, Вировитица, Дарувар, Хвар, областа Ријека и некои други места на Србија итн.

Во натамошната борба против сите антипартиско-информбировски елементи ќе биде потребно да се организира поширока партиска контрола бидејќи многумина непречено се провлекуваат и активно дејствуваат, а особено оние кои се демобилизирани или испуштени од државна служба и спрема кои не се преземаат други мерки. Забележано е дека многу од

нив го менуваат своето место на престој и настојуваат да се вработат во одделни претпријатија и установи за кои соодветните партиски организации немаат потребни податоци, т.е. доцна се известуваат.

Со организирањето на евиденцијата и анализите врз основа на прибраните податоци за информбировските елементи, ќе се има не само преглед на сите тие непријатели, туку и можност за широка партиска контрола која ќе се обезбеди со активна работа, како на сите околиски и градски т.е. обласни комитети на Партијата, така и на другите органи.

Напомена

Како што е речено понапред, овој извештај со приложените табеларни прегледи содржи податоци заклучно со првото тромесечје на 1949 година.

Извештаите за одделните месеци на II тромесечје за 1949 година, покажуваат дека бројот на разни антипартиски елементи кои истапувале на линија на Информбирото се покачува, т.е. дека во II тромесечје од 1949 година се исклучени 2.051, што вкупно изнесува (според нецелосните податоци) 6.527, а доаѓа оттаму што во II тромесечје од 1949 година се исклучени 1.941 член на КПЈ во земјава и 110 членови на КПЈ во целиот изминат период, кои биле на служба во нашите дипломатски претставништва и странски универзитети.

Значи, според овие податоци, во табеларните прегледи и во анализите не влегоа 2.051 член на КПЈ - исклучен во II тромесечје од 1949 година затоа што досега недостасуваат сите потребни податоци од сите републики за сите три месеци, т.е. заклучно со II полугодие од 1949 година, а исто трака недостасуваат и податоци за бројната состојба во КПЈ.

Од 2.051 исклучен член на КПЈ по Резолуцијата на Информбирото, добар процент отпаѓа на оние членови кои уште во 1948 година се колебаа, спрема кои партиските организации навреме не ги презеле потребните мерки, што значи дека понатамошните истапувања на линија на Информбирото во време на II тромесечје од 1949 година не е особено големо. Целокупен преглед и целосна анализа ќе се даде кога ќе се средат т.е. собе-

рат податоците за организацискиот извештај при Орг. инструкторската управа на ЦК на КПЈ.

Смрт на фашизмот - слобода на народот!

Белград, 10. VIII. 1949 година
За Централната контролна комисија на КПЈ,
Карабеговиќ Осман (с.р.)[274]

[274] Осман Карабеговиќ (1911-1996) роден во Бања Лука, Р. Босна и Херцеговина, а починал во Белград. Учесник во НОБ, општествено-политички работник и народен херој на Југославија, генерал мајор на ЈА. Во НОБ се вклучил на 25 јули 1941, со присуството на Советувањето во Орловци кај Пријëдор. Во август 1941, кога се формирал Вториот Краишки НОП одред, станал негов политички комесар. Потоа бил политички комесар на Оперативниот штаб за Босанска Краина. Бил еден од организаторите на Обласното партиско советување за Босанска Краина во 1942 г. До крајот на војната бил на повеќе должности, меѓу кои секретар на Обласниот комитет на КПЈ за Босанска Краина, член на ПК на КПЈ за БиХ и член на Главниот штаб на НОВ и ПО за Босна и Херцеговина. Учествувал на Првото и на Второто заседание на АВНОЈ и на двете заседанија на ЗАВНОБиХ. По ослободувањето вршел повеќе политички и државни функции: пратеник во Сојузното собрание (1946-1974), член на СИС, односно на Сојузната влада (1947-1956), член на ЦК на КПЈ од 1948 година, кога во пресметките со Информбирото ја вршел високата партиска функција - претседател на Контролната комисија на ЦК на КПЈ. Подоцна бил член на Претседателството на ЦК СКЈ како претставник од БиХ. Исклучен од Патријата, односно од СКЈ, во 1974 година поради “спротивставување на линијата на СКЈ”. Носител на Партизанска споменица 1941, а со орден Народен херој на Југославија бил одликуван на 23 јули 1953 година.

## 60.
## ЛИЧНО ПРИДРУЖНО ПИСМО
## од Александар Ранковиќ - Марко до Јосип Броз - Тито, во кое му го препраќа Извештајот на Контролната комисија на ЦК на КПЈ за дејствувањето и казнувањето на привrзаниците на Информбирот, Белград, 20 август 1949 година

Другар Стари,

Ти го испраќам овој извештај[275] на К.К. со табеларен преглед за бројот на исклучените членови на КПЈ по Резолуцијата на Информбирото за нивната антипартиска дејност. На овој извештај се работеше прилично долго бидејќи сметавме дека е потребно да се даде еден точен преглед и сестрана анализа на годишниот биланс на информбировштината во нашата Партија. Мислам дека другарите ја сфатија задачата и дека овој извештај е добро среден.

Во долгата борба за чистотата на нашата Партија и уништувањето на информбировските наслојки, овој извештај несомнено ќе биде од голема корист.

Со цел за подобрување на работата на К.К. на републичките ЦК, пред месец и половина е одржано советување и сега ќе може да се упати и циркуларно писмо до републичките ЦК, со детални упатства за работа на нивните К.К. На линија на работата на К.К. сè уште има слабости, особено кај околиските и градските комитети.

Овде го затекнав Ѓидо[276], а истиот ден тргнавме ваму со авион (што денес како твое спортско средство не ми се допаѓа) со Бевц[277] и Кидрич[278]. Поразговаравме за некои работи и тие

[275] АПР, KMJ-II-3-a-2/21.

[276] Милован Ѓилас (1911-1995) близок Титов соработник уште од пред војната, но по извесни несогласувања, според Ѓилас, во однос на натамошниот развој на Југославија, по 1953 се разделија. Ѓилас продолжил да објавува антијугословенски написи кои ги печател во некои западни земји.

[277] Се однесува на Едвард Кардељ (1910-1979) словеначки и југословенски политичар и државник, еден од најблиските Титови соработници. Политич-

во понеделникот отидоа за Белград. Со оглед на тоа што тие (Кардељ и Ѓидо) мораат да бидат во Америка околу 15 септември, мислам дека околу 10 истиот месец можеме да одржиме само седница на Политбирото и покрај другото да го утврдиме Пленумот за крајот на октомври зашто до тогаш би можел да се врати барем еден од нив, а Бевц мисли и двајцата. Овде е дожд и облачно, по малку и ладно и кога не би била оваа работа би било здодевно.

Срдечен поздрав,
Марко[279] (с.р.)

ки бил активен уште пред Втората светска војна, поради што бил затворан. Учесник во антифашистичката НО војна во Словенија. Еден од основачите на Освободилна фронта на Словенија и претседател на Изврშниот одбор на ОФ. Бил член на АВНОЈ, на НКОЈ, од 1945 министер на Конституантата, потпретседател на владата на ФНРЈ. Речиси секогаш, според своето влијание, бил втор човек во државата по Јосип Броз - Тито. Висок партиски функционер и често на една од челните позиции во партиските форуми. Еден од творците на сите уставни документи на повоена Југославија. Има напишано повеќе теоретски расправи, особено за социјализмот и неговото уредување, за трудот и неговата организација, за самоуправувањето и др., кои подоцна праксата во многу нешта ги демантира.

[278] Борис Кидрич (1912-1953) словенечки револуционер, државник и политичар. Прв претседател на владата на НР Словенија, формирана во Ајдовшчина во мај 1945. Подоцна, во 1946, министер за индустрија во владата на ФНРЈ. Се залагал за слобода на економските закони. Заземал и други политички функции.

[279] Александар Ранковиќ-Марко, близок соработник на Јосип Броз - Тито, кого го прифати како помлад српски кадар (роден 1909) гидина. Учесник во НОБ и антифашистичкото движење кога заземал високи функции. Под негово раководство е основано Одделението за заштитан на нардодот (ОЗНА) која со суровите репресии спрема населението стана синоним за озлогласеност и тортура. Од 1946 министер за внатрешни работи на Југолавија. Биран и на високи партиски функции. Во 1966 година, поради различните концепции за развој на “демократијата” во Југославија, особено за односот спрема албанското малцинство, дошол во личен судир со Јосип Броз и со политиката на СКЈ и бил отстранет од сите политички функции.

**61.**
**ЕЛАБОРАТ**
**за македонското национално малцинство во Грција подготвуван во југословенските политички врв, а во врска со настаните предизвикани со Граѓанската војна во Грција, Белград, 1949 година**

ЈУГОСЛОВЕНСКОТО НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО
Историски Преглед[280]

Во најстарите времиња на територијата на денешна Македонија, во источниот дел живееле Тракијци, а во западниот Илири.

За време на македонското царство, особено за време на Александар Македонски, било големо влијанието на грчкиот јазик, додека трако-илирскиот јазик се одржал во внатрешноста.

Во текот на разните напади на Македонија, од IV до VII век, трако-илирското население постепено се разединувало. Во VI и VII век големи групи Словени се населуваат во Македонија. Жителите, староседелците, се измешале со Словените и во текот на неколкуте векови се претопиле во Словени. По населувањето на Словените, доаѓаат многубројни напливи од кои најзначајна е турската, но и покрај сето тоа словенскиот елемент до денес останал доминантен во границите на Македонија со исклучок на тесен појас околу Егејското Море. И покрај сите раселувања и притисок кој е вршен над словенското население, и денес на јужните падини на планината Круса живеат луѓе кои зборуваат на дијалект кој е сосема близок на оној на кој пишувале Кирил и Методиј.

Во текот на XIX и почетокот на XX век, до 1913 година, грчките шовинисти, во својата денационализаторска политика спрема македонскиот народ се служеле, на прво место, со својата широко развиена мрежа на Грчката патријаршија - Фенер (оттука Фенериоти), потоа со многубројните терористички групи - андарти, кои со терор го заплашувале македонскиот народ и го присилувале да ѝ пристапи на грчката црква, да ги посетува

[280] MSPS, F-39, pov. br. 239.

грчките училишта и да зборува на грчки јазик. За да го сменат словенскиот карактер на Македонија, и едни и други уништувале сѐ што потсетувало на македонското минато - ракописи, пергаменти, летописи.

Андартските банди, составени од најкомромитираните елементи на грчкиот народ, биле помошни органи на Патријаршијата во нејзината денационализаторска политика. Андартите го тероризирале македонското население со години. Страшни недела направиле андартите во Македонија, особено во 1877, 1878 до 1880 и 1902 год. Убивале сѐ што се чувствувало како Македонец, ги палеле македонските села и ги силувале жените, го ограбувале народот на Егејска Македонија.

Кога е завршено ослободувањето и обединувањето на Грција во минатиот век, грчата буржоазија почна да води освојувачка политика спрема јужна Македонија со цел да ги завладее богатите територии и пазари. На почетокот на 1901 таа праќа вооружени чети кои го тероризираат македонското население. Грчките чети, заедно со Турците, вршат погром и грабеж на македонските села. Грчките терористи дејствуваат во јужниот и во југозападниот дел од Македонија.

Користејќи ги силните ослободителни настојувања на народите на Балканот, Србија, Бугарија и Грција склучуваат Балкански сојуз и по протерувањето на Турците и во 1912 ја делат меѓу себе Македонија и другите делови на европска Турција. Но, новите господари на Македонија се искарале при поделбата на пленот, поради што била објавена Втората балканска војна во 1913, која завршува со Букурешкиот мир истата година, со кој Македонија дефинитивно била поделена меѓу Србија, Бугарија и Грција.

Веднаш после војната со Бугарија во 1913 година, кога грчката војска ја окупира Егејска Македонија, Грците, покрај веќе набројаните методи, пристапиле кон систематско чистење на Егејска Македонија од Македонците и со тоа почна:

1) Систематско и масовно физичко истребување на македонското насленеие;

2) Палење на селата и градовите, ограбување и уништување на имототот;

3) Систематско протерување преку границата, заточеништво и затворање во внатрешноста на Грција и на егејските острови.

Голем број злосторства се извршени над македонското население во 1913 год. Меѓу извршените злосторства засекогаш како најсвирепи ќе останат колежите и палењето на живи луѓе. Тогаш до темел беа изгорени градовите Кукуш, Серез, Струмица, како и неколку стотици села. Грците особено се ангажираа околу поблиската и подалечната околина на Солун, сакајќи истата да ја исчистат од Македонци, со што би ги оневозможиле праведните претензии на Македонците на Солун.

Како последица на тие злосторства, само во текот на 1913 год. се смета дека побегнале надвор, најголем дел во Бугарија, околу 50. 000 луѓе.

Злосторствата на грчката солдатеска извршени за време на Втората балканска војна во Егејска Македонија, по наредба на кралот Константин, татко на сегашниот грчки крал, го привлекле вниманието на светската јавност. Беше утврдена меѓународна анкетна комисија за да ја испита состојбата на Балканот. Резултатите од работата кои ги објави Комисијата ги обвинуваат и осудуваат постапките на тогашните влади на балканските држави кон Македонците, а особено владата на крал Константин. Анкетната комисија цитира редица изводи од писмата на грчките војници за спроведувањето на страшниот терор низ македонските села. Грчката солдатеска тогаш уништила 161 село и запалила 16 000 куќи.

По Првата светска војна и мировната конференција, на која е решено Егејска Македонија пак да се присоедини кон Грција, грчките власти пак продолжија со своите стари денационализаторски маневри, особено со масовното протерување на македонското население. Веќе на самата мировна конференција во 1919 год., а на многупати повтореното барање (на нејзиниот делегат Елефтерос Венизелос[281]), истовремено со Нејскиот

[281] Елефтерос Венизелос (1864-1936), грчки политичар и државник, основач на Либералната партија. Бил министер за надворешни работи и премиер на Грција. Потписник на договорот за создавање на Балканскиот соуз против

договор за мир, бугарската држава на 27 ноември 1919 година ја потпиша таканаречената „Конвенција за доброволно иселување”, како составен дел на договорот за мир.

Од почетокот на 1920, 1921 и 1922 година тоа „доброволно” иселување беше многу слабо. Подоцна, по поразот на грчката војска во Мала Азија, тоа се зголеми исклучително многу и примената на таа конвенција ја откри скриената идеја на нејзиниот творец: да се исчисти Егејска Македонија од Словените (заедно со неа и Тракија). Тогаш ова „доброволно” иселување, согласно таа конвенција се претвори во масовно протерување кое доби застрашувачки димензии. До крајот на декември 1925 год. во Егејска Македонија беа населени 429.990 жители.

Со таквата постапка на Грците им успеа само од Зрновскиот округ во Бугарија да протераат 9.000 Македонци, а во Турција сите Македонци од исламската вера, кои ги префрлија заедно со Турците. На нивните места во 1923 год. дојдоа 10.512 бегалци од Мала Азија. Така Грците за првпат се појавија во тие области како нов етнички елемент. Не располагаме со точни статистички податоци за бројот на луѓето кои морале да ја напуштат Егејска Македонија меѓу 1922 и 1925 год. Според тврдењето на нецелосните и неизвесни статистички податоци, тој број изнесува не помалку од 80.000.

Англичанецот В. Цајлд, патувајќи низ Егејска Македонија (1928), вели дека Грците ги протеруваат не само живите Словени, кои еднаш ги нарекуваат „бугарогласни”, а втор пат „словеногласни”, туку и сите мртви Словени, чии гробови се растурени низ цела Македонија.Тие дури и во гробот не им даваат мир, ги бришат словенските натписи и на крстовите, ги вадат коските од гробовите и ги палат.

За време на диктатурата на Метаксас[282] (1936-1940), односот спрема македонското население доби уште побескрупу-

Турција во 1912 год. Во 1916 год. формирал национална влада во Солун, а во 1917 се вратил во Атина. Бил против обновувањето на грчката монархија и враќањето на кралот Константин, но не успеал во тоа.

[282] Јанис Метаксас (1871-1941), грчки генерал и политичар. Учествувал во балканските војни во 1912-1913 г. и во Првата светска војна. Како претседател на

лозни форми. Метаксасовата влада не се задоволи со мерките преземени од поранешните влади, туку презеде вистинска офанзива против сè што е македонско. Во таа прилика, од Метаксасовите органи на власта се издадени следниве наредби:

1. Во сите цркви да се избришат сите старословенски натписи;

2. Верската служба во словенските цркви не смее да се служи на старословенски јазик, туку исклучително на грчки, иако населението не знае грчки;

3. По селата и градовите каде што живеат Македонци не смее да се зборува на македонски;

4. Секој Македонец е обврзан по навршената 7 година да ги праќа своите деца во грчките основни училишта;

5. Во сите места каде што ќе се покаже потреба да се отвораат ноќни курсови за луѓе од 30 до 60 години поради учење на грчкиот јазик;

6. Да се формира една комисија од претставници на Министерството за просвета, Генералштабот и главниот гувернер во Солун, чија задача би била да ги обиколи сите села во Егејска Македонија и Тракија, да ги собере сите словенски деца од 7-14 години, здрави и способни, и да ги испрати во одделни места на стара Грција со цел да се школуваат според способностите на децата и на нивните предиспозиции, со тоа што за 10 години да не смеат да ги посетуваат своите родни места;

7. Во што покус рок, со помош на специјални комисии, да се изменат имињата на словенските населби, села и градови во Егејска Македонија и Тракија, со што би се избришале и последните спомени на словенството и на тие краишта да им се даде, макар и по вештачки пат, грчки географски и топографски белег.

8. Од 15 јули 1937 година, кога излегол декретот во Службените весници, повеќе да не смеат да се употребуваат словенските имиња на селата и градовите.

---

владата и министер на војската, во периодот меѓу двете светски војни вршел реорганизација и спровел диктатура, особено кон негрчкото население.

Неизвршувањето на првите 4 наредби повлекува прво казна од 500 драхми, а потоа казна 1.000 драхми и најпосле, како трета казна, обележување со сечење на десниот мустаќ со цел за застрашување и потсмев. Повторените случаи на неизвршување на постојните наредби се казнуваат со депортирање на островите.

Како последица на тие наредби дојде до затворање на сите македонски училишта во Егејска Македонија (пред Балканската војна во Егејска Македонија имаше 357 основни и средни училишта со 793 наставници и 19.560 ученици).

Ќе го наведеме документот од кој се гледаат настојувањата на владата на Метаксас со цел за денационализација на Македонците. Имено, командантот на 9. пограничен сектор ја известува IX-та дивизија на II-то внатрешно биро во Кожани, под бр. Е.П. 107 од 2 март 1936 год., за следново:

“Имам чест да ви соопштам дека на 28 минатиот месец, по по покана на господинот окружен управител на градот Лерин, е одржана седница во неговиот кабинет на која учествуваа: 1) сите претседатели на трговските и занаетчиските организации на градот Лерин, 2) претседателот на Леринскиот адвокатски сојуз и 3) инспекторите на средните и основните училишта, 4) директорот на овдешната гимназија и 5) командантите на 28. пешадиски полк на IX-от граничен сектор и началникот на полицијата во Лерин.

На крајот, според препораката на господинот окружен управител и другите шефови на државните служби, се донесе решение селските претседатели да свикаат собири на кои ќе се подвлече дека е потребно да се остави овој јазик и од сите да се вложат напори да се зборува само грчки јазик.

Конференцијата е завршена по ветувањата на сите тие кои присуствуваа на истата дека отсега па натаму ќе поработат на таа цел”.

За време на Метаксасовото владеење, протерувањата на Македонците добиваат невидени размери. Но, најголемата злосторничка активност е достигната на крајот од 1940 год. Тогаш се создадени специјални концентрациони логори за Македонците. Такви логори имаше во Коринт, Аргос, Пилос и во Триполис,

каде што беше логорот и за Македонците кои служеа во грчката војска. Такви логори имаше и на островите Хиос и на Крит.

Вкупниот број на интернирани во концентрационите логори и во затворите беше преку 8.200 луѓе. Во Пилос тогаш беа преку 600 Македонци. На островот Хиос преку 3.000 Македонци.

Кога во 1940 год. фашистичка Италија ја нападна Грција и кога постоеше опасност од фашистичко ропство, македонскиот народ масовно се одѕва на мобилизацијата, сфаќајќи дека фашизмот е најголемиот непријател на слободата на сите народи, па и на македонскиот.

Македонските војници во 1940 год., оставајќи ги настрана сите претрпени маки од грчките шовинисти, покажаа висока политичка свест во борбата против италијанскиот фашистички окупатор и со своето херојство ги изненадија и самите Грци. Па сепак, на грчките властодршци ништо не им пречеше, под разни изговори, сметајќи ги Македонците еднаш за “бугарофили”, а другпат за комунисти, да ги извлекуваат од војската и ги испраќаат во споменатите логори.

По окупацијата на Грција од страна на германско-италијанската војска, тој отпор уште повеќе се прошири. Македонскиот народ масовно му пристапи на грчкото народноослободителното движење и рамо до рамо со грчките борци им даде жилав и растечки отпор на фашистичките окупатори. Неколку податоци за оваа борба во областа на Лерин (Флорина), Костур (Касторија) и Воден (Едеса), ќе дадат приближна слика на отпорот против фашистичките поробувачи.

Една од многуте клевети исконструирани од монархофашистите, во моментот кога увидоа дека мораат некого да го направат одговорен за злосторствата кои ги вршат над Македонците, е следната: “... За време на војната и окупацијата огромно мнозинство на Славофоните заземаа чисто антинационален став. Германскиот, италијанскиот и бугарскиот окупатор најде во нив свои блиски привrзаници кои брзо застанаа во служба на новите господари, очекувајќи од нив да извлечат корист и повластици”.

За да покажеме колкаво е лицемерието и неоснованоста на ваквите тврдења ги наведуваме само следните факти:

Бројот на организираните членови во народноослободителното движење (ЕАМ), во понапред спомнатите области изнесува повеќе од 90.000 луѓе, што практично значи дека речиси целиот македонски народ од овој крај, заедно со Грците активно учествуваше во борбите против окупаторот. Слична ситуација имаме и во другите области на Егејска Македонија. Во текот на 1943 год. напоредно со ЕАМ и во согласност со последниот, Македонците од Егејска Македонија основаа своја сопствена национална антифашистичка организација (СНОФ - словеномакедонски народноослободителен фронт), која опфаќа огромно мнозинство од македонскиот народ од југозападниот дел на Егејска Македонија (Лерин, Воден, Костур, Калјари итн.).

Организиран во ЕАМ, а подоцна во ЕАМ и СНОФ, македонскиот народ не престана да се бори против окупаторот, менувајќи и комбинирајќи притоа разни форми на отпор, од политички штрајкови и демонстрации до масовни диверзантски акции и тешки оружени борби. Во периодот 1942-1944 година, само во пет штрајкови учествуваа повеќе од 10.000 работници. Ако се знае дека во западниот дел на Егејска Македонија постои само рудиментарна индустрија со безначаен број работници, произлегува дека секој работник учествуваше во еден или повеќе штрајкови, кои речиси без исклучкот се претвораа во политички демонстрации против окупаторот. Освен тоа, во истиот период се организирани повеќе политички демонстрации на кои зедоа учество повеќе од 250.000 луѓе од градовите и селата. На некои од овие демонстрации зедоа учество повеќе од 30.000 демонстранти (Саботско). Напоредно со штрајковите и демонстрациите беше организирана ефикасна саботажа на окупаторската политика на исцрпување, така што на окупаторот во 1944 год. му успеа да реализира одвај 5 отсто од даноците.

Уште од почетокот на окупацијата, народот од Егејска Македонија стапи во оружена борба против окупаторот, која во текот на 1943 и 1944 година се претвори во сенародна оружена борба. Веќе кон крајот на 1943 германските окупатори се одржувале само во градовите, додека селата во непосредната бли-

зина на градовите беа под контрола на народноослободителната војска (ЕЛАС). На крајот од 1943 и во текот на 1944, во борбата против окупаторот учествуваа 30.700 Македонци од оној дел на Егејска Македонија кој беше окупиран од Германците. Ако се земе предвид дека македонското население во цела Егејска Македонија не изнесуваше повеќе од 269.000 жители, јасно излегува големиот процент со кој Македонците од овие области учествуваа во народноослободителната војска. Само во времето од февруари 1943 до истерувањето на германските окупатори од Грција, водени се повеќе од 81 поголеми оружени борби и судири.

Во овие борби и во врска нив, само во три области (Воден, Костур, Лерин) убиени се 2.533 луѓе, однесени во концентрациони логори 4.150 луѓе, жени и деца, запалени 3.499 куќи и уништен или разграбен имот од 38 градови и села.

За време на борбата против окупаторот е остварено борбено единство на антифашистите Македонци и Грци од Егејска Македонија. Исто така, првпат по 23 години, во борбата против окупаторот, избришани се границите меѓу Македонците од Егејска и Вардарска Македонија. Со заедничката борба на македонските единици на Народноослободителната војска на Југославија и македонските единици на ЕЛАС, нападнати се и ослободени покрај другото и поголемите градови и железничките јазли на Лерин (Флорина, август 1944 год.) и Воден (Едеса, на 4 август 1944 год.).

Македонскиот народ од сите народи на Балканот најдолго остана во ропство, и најпосле, по оваа најкрвава војна, се надеваше дека со победа на обединетите нации над мрачните сили на наци-фашизмот ќе дојде толку сакаnата слобода, бидејќи веруваше во демократичноста на своите сојузници со кои рамо до рамо, не штедејќи ги жртвите, се бореше давајќи го на тој начин својот дел за заедничката цел-победа над непријателот, бидејќи во Атлантската повелба виде дека ќе се почитува волјата на народот, дека најпосле и тој ќе може да го каже својот збор чесно и слободно и за себе да избере начин на живот и форма на владеење каква што сака тој. Но народот на Егејска Македонија, наместо слободата доби зголемени проте-

рувања, тепања, затворање, измачување, силување, убивање, со еден збор терор каков што тој го почувствува само за време на најцрните денови на збеснатиот фашизам и нацизам.

Еве неколку документи:

Во еден од најважните органи на државниот апарат на монархофашистите, во кој се ковеа сите планови против демократскиот грчки народ и се организираше уништување на националните малцинства, Македонците и др., наидуваме на ваков документ:

Бр. 395937. Началникот на Генералштабот на грчката армија Спилитопулос, по прашањето како да се решат на внатрешните проблеми: „Најпосле, мислиме дека треба на сите отворено да им се постави дека секој кој не сака да војува или да реагира против Словените, кои го загрозуваат постоењето на грчкото племе и против нивните сојузници комунисти - не е Грк, со него ќе се постапува како со непријателот”.

Командантот на националната гарда во Полипотамос на 27. 09. 1946 ја издаде следнава прокламација: „Од денес најстрого им забранувам на сите жители од 2 до 50 години да се служат со други јазици освен со грчкиот. Особено ѝ обрнувам внимание на младината на тоа. Прекршителите на оваа наредба ќе им бидат предавани на Одборите за безбедност”.

Сведоците сослушувани од А.К., запрашани за тоа, го изјавија следново:

а) Сведокот Јоанис Николаидис: „...нема словеномакедонски училишта и не е дозволено да зборуваат на нивниот јазик”. (С/АЦ. 4/СЦ.3/7, стр. 415).

б) Сведокот Фуркиотис Георгиос: „...На жените кои доаѓаа во посета на своите мажи во затворите им ја забрануваа употребата на славо-македонскиот јазик”.

в) Сведокот полк. Николас Сиганос: “...Нема книги, весници, списанија на славомакедонски јазик, и тоа е забрането”. (С/АЦ.4/СЦ.3/11 стр. 3 и 5).

Таквата состојба во Грција се создаде по спогодбата потпишана во 1945 год. во Варкиза. Теророт на националните гардисти и хитоси и на другите банди најмногу беснееше во Егејска Македонија. Монархофашистите сакаа да го свртат вниманието

на народот од внатрешните политички проблеми на прашањето за Македонија, надевајќи се дека со подигнувањето на бранот на шовинизмот ќе ја зацврстат својата положба. Под паролата „словенска опасност" и борба против „Агентите на Тито и на Димитров", монархофашистите почнаа со масовен терор и со злосторства од сите видови.

Во оваа ситуација, без директиви и против волјата на КПГ, се создава нова антифашистичка организација на егејските Македонци - НОФ (Народноослободителен фронт). Новата организација си ги постави овие цели: заедничка борба на македонскиот и на грчкиот народ за независност и за демократија на Грција, за целосна рамноправност на Македонците и на другите малцинства со Грците. За кратко време организациите на НОФ се создадоа во секое село и град каде што живеат Македонци. НОФ опфаќаше 90 отсто од македонскиот народ во Грција. Надвор од НОФ останаа 10 отсто од Македонците од кои половината во таборот на монархофашистите, како Гркомани, а половината се гркомански расположени Македонци кои што се приврзаници на Демократското движење на Грција. Токму поради ваквото безрезервно пристапување на егејските Македонци во НОФ, англиските окупатори го преземедоа автономистичкото движење во Леринскиот округ, собирајќи ги остатоците од Калчевите фашистички банди со цел барем еден дел од егејските Македонци да ги оттргнат од НОФ. Овој потфат на Англичаните не донесе видливи резултати. Оновањето и успесите на НОФ го предизвикаа бесот на монархофашистите и уште поголем терор, но ниту КПГ и демократските сили добро не го примија овој несомнен успех на Егејските Македонци. Комунистите и демократите ги напаѓаа раководителите на НОФ како „предавници" и „автономисти", "кои ги плаќа ИС" итн. Мина доста време додека КПГ го призна НОФ за демократска антифашистичка организација во Егејска Македонија. До ова признавање на НОФ дојде благодарение на неговата правилна политичка линија, упорната борба и жртвите и големите политички успеси. Во тоа време НОФ ги издаваше своите весници: „Зора", „Победа" и „Единство".

Доколку теророт на монархофашистите се зголемуваше, отпорот на егејските Македоци станувашe сè поцврст и бараше нови форми на борба соодветни за новонастанатата ситуација. Уште во 1946 год. се создаваат првите вооружени партизански одреди од Грци и Македонци. Земајќи ги како основа тие одреди КПГ, на 28 октомври 1946 год. формира Главен штаб на ДЕС (Демократска армија на Грција - ДАГ).

Истовремено, на 13 ноември 1946 год., во договор со раководството на КПГ, се формира Главното раководство на НОФ.

Веднаш потоа, на повик на НОФ, егејските Македонци во Леринскиот, Воденскиот и Костурскиот округ дадоа 2.000 доброволци кои беа упатени во централна Грција, за таму да ја прошират дејноста на ДАГ. Оттогаш па натаму, учеството на егејските Македонци во борбата станува сè поголемо и позначајно. Народот на ослободената територија масовно и самопожртвувано ја помага ДАГ. Борбата во Грција не може да се замисли без придонесот кој го даваат егејските Македонци.

На слободната територија народот ги организира народните одбори. Отворени се првите македонски училишта. На ослободената територија се издаваат весници на македонски јазик. Меѓу нив најзначаен е весникот „Непокорен". НОФ особено внимание ѝ посвети на работата со жените. Во рамките на НОФ е создадена организацијата АФЖ, која со масовноста и со придонесот во борбата е на завидна висина.

Во мај 1947 година во Грција стигна т.н. Анкетна комисија на Советот за безбедност на ООН поради испитување на причините за војната во Грција. НОФ многу направи да се разоткријат монархофашистите пред Анкетната комисија и пред светската јавност мобилизирајќи ги во градовите и неослободените краеви сите свои организации и печатот. Во тоа време пред новиот бран на теророт на монархофашистите пребегнаа 20.000 егејски Македонци во Југославија барајќи засолништа.

Во текот на 1947 год. монархофашистите, за да ѝ ги одземат на Демократската армија изворите за мобилизација, извршија масовно преселување на населението од Егејска Македонија во градовите и јужните делови на Грција. Преселе-

ни се 700.000, главно, селани и нивни семејства. Добар дел од овој народ го сочинуваа Македонци. Насилно преселениот народ оттогаш па до денес живее во најтешки материјални услови во пренатрупаните градови. Цели области од Егејска Македонија останаа целосно опустени.

Во јануари 1948 год. е одржан Првиот конгрес на НОФ. На конгресот се изнесени значајните успеси на НОФ, покрај другото и тоа дека НОФ на Демократската армија и даде 12.000 борци.

И покрај формалното признавање на правата на Егејските Македонци на самоопределување, во февруари 1949 год. македонските борци беа масовно запоставувани, прогонувани, малтретирани, испраќани на најтешките места, не ги примаа во КПГ итн. раководители на НОФ се испраќаат во ДАГ како обични борци, во известувачката служба се само Грци итн.

И покрај сите удари однадвор и разединувањето одвнатре, и покрај неправилниот став на КПГ и секојдневните недоразбирања, НОФ до резолуцијата на ИБ успеа да ги задоволи сите потреби на демократското движење и на Демократската армија, во прв ред на мобилизацијата на нови борци, во снабдувањето на Армијата и во изградбата на големото одбранбено утврдување.

По Петтиот пленум, ЦК на КПГ презеде низа мерки за да ја заживее работата на НОФ. Формирана е македонската XI дивизија. Македонците почнаа да ги унапредуваат на раководни места во војската, донесена е одлука за создавање на партиска организација на Егејска Македонија и др.

Но сето ова што последниве месеци ЦК на КПГ го презеде спрема егејските Македонци е направено помалку поради тоа со правилен став спрема егејските Македонци да се зацврсти демократското движење и да се зајакне борбата против монархофашистите и англо-американската интервенција, а повеќе со цел егејските Македонци да се разделат од ФНРЈ, со што се сака да ѝ се зададе удар на ФНРЈ, да се отфрли раководната улога на НР Македонија во обединувањето на сите Македонци и така, во крајна линија, да им се зададе удар на егејските Македонци во нивната борба за конечното ослободување. Тоа се гле-

да и од махинациите во врска со „слободна Македонија” во рамките на „Балканска федерација”.

Борбата на народот од Вардарска Македонија во текот на војната и создавањето на НР Македонија изврши огромно влијание на егејските Македонци. Долгогодишните тешки напори и жртвите на НР Македонија и ФНРЈ на егејските Македонци им даваа поттик и сила за борба, им даваа перспектива на резултатите од таа борба за дефинитивно ослободување и обединување на сите Македонци. Можеби никогаш во нивната историја егејските Македоци не биле толку единствени во борбата во поглед на целите кои сакаа да ги остварат.

По ликвидирањето на ДАГ, кон Македонците уште повеќе е зголемен теророт. Македонците не смеат да зборуваат на својот јазик, особено во градовите каде што веднаш ги затвораат. Им се одземаат картите за снабдување (во секторот на Ардеја) и др. За време на изборите Македонците главно гласаа за Пластирас, бидејќи тој вети амнестија, но набргу се разочараа во него и сега единствената надеж им е Југославија, од која, со нормализацијата на односите, очекуваат дека ќе ги земе во заштита.

Во последно време македонското население почнува да се иселува во Австралија, Америка и др. Една од основните причини за тоа се исклучително тешките прилики, како и стравот од повторното затворање или од војна. Државата тоа го поттикнува и го организира користејќи ја ваквата положба на ова наше население. Тоа се гледа од фактот што се укинати државните такси за иселување, како и од постоењето на цела мрежа агенти (браќата Кофу во Солун и др.). Исто така, според непроверени податоци, формирана е некоја грчко-американска служба, која треба да им овозможи бесплатен превоз на оние Македонци кои не можат да го платат патот. Комисијата ја сочинуваат 12 лица. Во план имаат иселување на околу 10.000 лица. Досега само од Леринскиот округ заминале околу 4.000 Македонци, а од Костурскиот 2.000 во Америка и 2.500 во Австралија. Сето тоа јасно зборува за намерите што ги има грчката влада, со божемните „доброволни” иселувања да го ликвидира прашањето на македонското малцинство. Имотите на оние

Македонци кои се наоѓаат во Југославија и во другите земји се населени со гркомани или маџири кои ги обработуваат, додека земјата на иселениците им се дава на обработка на сиромашните селани приврзаници на власта.

Што се однесува на ставот на Грција за ова прашање, тој помалку или повеќе е идентичен, барем во праксата, кај сите партии и групи, т.е. почнувајќи од крајната левица, односно од КПГ, па до крајната десница. Разликата е само во тоа што десничарските партии стоеја доследно на тоа дека не постои прашање на Егејска Македонија, дека Егејска Македонија е стара грчка провинција спрема која „Југославија има агресивни намери”, додека КПГ често варираше во теоретското поставување на ова прашање, а всушност, во пракса, нејзината политика спрема егејските Македонци ниту за влакно не се разликуваше од политиката на другите групи и партии. Според тоа тешко е да се претпостави дека Грците би прифатиле каква било дискусија за ова прашање.

Наброените факти досега, јасно и недвосмислено говорат за тоа дека во Егејска Македонија уште од IV век живее македонски народ, дека и покрај денационализаторските погроми на грчките властодршци, тој успеа да се одржи и дека и денес е таму, иако преполовен, што и тие делумно го признаваат.

Пред војната ова прашање, така да се каже, воопшто не се поставуваше. Постои една „Спогодба за националностите” меѓу Кралството СХС и Грчката република, потпишана на 17. 8. 1926 година во Атина, меѓутоа Грците не ја ратификуваа.

Официјалните грчки кругови денес не го признаваат постоењето на македонското национално малцинство. За нив Македонците се Грци кои зборуваат словенски јазик. Тоа тие го изјавуваа кога и да беа интервјуирани за ова прашање. За нас би бил голем успех доколку би можеле да се избориме за обврската на Грција во смисла на заштита на националните малцинства и гарантирање на малцинските права, особено во денешната ситуација. Не е исклучено, можеби сепак со некои важни отстапки од наша страна, Грците да се согласат на тоа. Ова прашање впрочем е тесно поврзано со прашањето на бегалците од Егејска Македонија.

Од досега изложеното може јасно да се заклучи:

1. Дека македонскиот народ уште во текот на XIX век се наоѓаше на удар на големогрчката денационализаторска политика, која која одеше кон тоа национално да го обезличи македонскиот народ и да ја исчисти од словенското население Егејска Македонија, особено околината на Солун;

2. Дека таа денационализаторска политика на грчките властодржци кон крајот на XIX век, особено во 1913 година, прерасна во физичко истребување на македонскиот народ, кога од Егејска Македонија во Бугарија и во Америка емигрираа 50.000 Македонци;

3. Дека по грчкиот пораз во Мала Азија во 1922 год., беа принудени да ги напуштат своите домови други 80.000 Македонци, за на нивно место да дојдат околу 500.000 бегалци од разни националности од Мала Азија;

4. Дека тој терор не престана ниту по протерувањето на фашистичкиот окупатор, туку дека се продолжува од страна на грчките монархофашистички банди и покрај тоа што Македонците со своето учество многу придонесоа за протерување на непријателот;

5. Ако се сака правилно да се објасни како е дојдено до денешната етничка состојба во Егејска Македонија, потребно е да се имаат предвид сите горе наброени денационализаторски маневри на големогрчките шовнисти, како и дека при решавањето на тоа прашање треба да се тргне од состојбата пред балканската, а особено пред грчко-бугарската војна во 1913 година;

6. Во оваа пригода не треба да се заборави многубројната македонска емиграција по потекло од Егејска Македонија, која денес живее во исклучително тешки услови, главно во Бугарија, која брои околу 270 лица и која сака да се врати во своите домови. Поаѓајќи од денешната етничка состојба, решавањето на ова прашање би значело да се санкционира неправдата која му е направена на овој народ и да се направи нова неправда, би значело да се направи ново насилство над народот кој само сака да му се овозможи слободен национален живот на кој има право во духот на принципите на демократијата, а што е во целосна согласност со принципите на самоопределувањето на народите

прокламирани со Атлантската повелба и со други слични одлуки и декларации;

7. Со признавањето на нашето население (македонското) во Егејска Македонија како малцинство, ние прашањето на положбата на ова малцинство би можеле да ја решаваме со повикувањето на членовите 2, 3, и 7 од договорот од Севр за заштита на малцинствата од 10 август 1920 год.

## 62.
## ГОВОР
## на претседателот на Владата Јосип Броз - Тито пред Президиумот на НС по повод разрешувањето на Бане Андреев од должностите во југословенската федерација, под обвинение дека се определил за Информбирото[283], Белград, 22 јануари 1950 година

Говор на Претседателот Тито по повод разрешувањето на Бане Андреев[284]

---

[283] АПР, КМЈ-II-5-а-1/17

[284] Бане Андреев-Ронката (Велес, 1905-Скопје 1980), учесник во работничкото и комунистичкото движење во периодот меѓу двете светски војни, во војната и по неа. Учествувал во НОБ на Македонија, а по војната бил на разни политички и државнички функции. Почнал како активист и член на форуми на СКОЈ. Во 1929 затворен во Белград и осуден според Законот за заштита на државата на 15 години. Издржувал затворска казна во Лепоглава. Од септември 1941 до мај 1942 политички секретар на ПК на КПЈ за Македонија. Член на ЦК на КПМ од неговото формирање во 1943 година. Паднал во затвор каде останал до мај 1944 година, а во јуни 1944 станал политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ. Делегат на АСНОМ, делегат на АВНОЈ и делегат на Уставотворното собрание на Југославија. Министер за рударство во Владата на ФНР Југославија. До Петтиот конгрес на КПЈ 1949 год. бил и кандидат за ЦК на КПЈ. Поради неговата определба за политиката на Советскиот Сојуз, по резолуцијата на ИБ, како информбировец, бил исклучен од КПЈ и сменет од сите државни функции, односно сменет од функцијата министер за рударство на Владата на ФНРЈ со која раководел Ј Б Тито. Од 1950 работел на разни места како службеник во сојузни органи на федерацијата и во некои установи во НР односно СР Србија.

Јас, другари, жалам што дојде до овој случај, што дојде до тоа Бане Андреев да мора да биде разрешен од должноста министер во Владата. Андреев во минатото беше еден од вредните и дисциплинирани комунисти, кој пожртвувано се залагаше за извршувањето на директивите што ги даваше ЦК; тој беше педантен и добар партиски работник и раководител. Со другите другари тој мина низа години на робија и никогаш не се колебал ниту се поколебал. Меѓутоа, по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото почна да се колеба и да прави работи кои не беа на линија на СК. Јас го повикав кај мене. Му обрнав внимание дека она што го прави не е исправно, дека тоа не е во интерес на Партијата ниту во интерес на земјата и нејзината независност. Тогаш тој ја призна својата колебливост и даде чесен збор дека останува верен на политиката и на линијата на Партијата која ја спроведува ЦК. Но, другари, не минаа многу денови од нашиот прв разговор и од тогаш кога тој даде чесен збор, а тој почна повторно да се колеба и да скршнува од линијата на Партијата и Владата. Јас другари го повикав повторно и му предочив дека не остана на зборот. Тој и тогаш во разговорот со мене ја призна не само својата колебливост во поглед на исправноста на линијата на ЦК и ставот на Владата, туку и сите тие невнимателности при разговорите кои ги води со извесни другари, ако сакате и со поширок круг. И по објаснувањето на извесни наши ставови на линија на ЦК спрема Информбирото, повторно даде чесен збор дека тоа не само што нема повеќе да се повтори, дека такви работи нема повеќе да се случат, туку дека и тој во иднина ќе биде цврсто на линијата која ја спроведуваат ЦК и Владата и дека во тоа ќе биде дури и решителен.

Меѓутоа, другари, по кратко време Андреев пак почна да плетка, почна да скршнува од линијата на нашата Партија и како одговорен член на Владата направи такви политички грешки кои ме наведоа да му предложам на Президиумот да го усвои мојот предлог за неговото разрешување од Владата.

Другари, поради неговата лекомисленост понатаму не можеше да му се простува.

Јас сум уверен дека го разбравте мојот став кога го донесовте указот за неговото разрешување од должноста министер.

## 63.
## Анализа за движењето на партиските организации во Југославија, односно Македонија во текот на 1950 година, Белград, октомври 1950 година

### АНАЛИЗА НА ДВИЖЕЊЕТО НА ПАРТИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД 1.I. ДО 1.X.1950 ГОДИНА[285]

Од 1 јануари до 1 октомври оваа година порастот на КПЈ без ЈА изнесува 49.736 или 11,58 отсто. Над овој процент на пораст се наоѓа партиската организација во Босна и Херцеговина (15,23 отсто) и Македонија (14,37 отсто), додека кај другите организации порастот е помал. Порастот кај сите организации во овој период одеше главно рамномерно.

Порастот се случи поради приемот на нови членови, кој за целата земја изнесува 60.732 или 14,13 отсто, а исклучувањата 17.486 или 4,07 отсто, каде што се јавува разлика како резултат на неточноста на статистичките податоци.

Во однос на примањето на членови најдобро стојат партиските организации на Србија со 30.327 или 15,87 отсто, Босна и Херцеговина 8.583 или 15,86 отсто, Македонија 4.773 или 15,40 отсто, а најслабо Црна Гора 1.532 или 9,69 отсто, потоа Словенија 4.311 или 11,02 отсто.

Социјалниот состав на членството се подобри и тоа за целата земја, кај работниците за 1,84 отсто, кај селаните се влоши за 0,35 отсто, а кај службениците се влоши за 0,28 отсто. Најчувствителните промени кај работниците во однос на вкупното членство имаа организациите на Македонија (од 27,77 отсто на 34,74 отсто) и Хрватска (од 33,62 отсто на 36,80 отсто). Единствено во Словенија тој однос опадна (од 56,08 на 54,94 отсто). На 100 работници во почетокот на годината во Босна и Херцеговина доаѓаат нови 22,30 работници, во Хрватска 21,37, додека другите организации има послаб пораст.

Односот на селаните спрема вкупното членство е влошен, а тоа е најизразено во Хрватска и Словенија. Единствено

[285] АПР, КМЈ-II-3-а-2/29

во Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора тој однос се поправи. На 100 селани во почетокот на годината во Босна и Херцеговина доѓаат 23,05 селани, во Македонија 38,61, а во Хрватска и Словенија бројот опадна.

Односот на службениците спрема вкупното членство исто така ослабна од 19,64 отсто на 19,36 отсто. Во Словенија, Хрватска и Србија единствено имаме обратен случај, т.е. односот нешто се поправи. Брзиот и полесниот преглед на социјалниот и националниот состав лесно може да се уочи од табелата[286].

Начинот на казнувањето и понатаму не е променет. Сѐ уште, повеќе се прибегнува кон казните исклучување отколку кон другите казни. На пример за целата земја на 1 казнет доаѓа 1,29 исклучени. Во тоа предничи Црна Гора, чиј однос е 1:2,02, додека единствено во Словенија е 1:0,99.

Жените во Партијата се претставени со 21,43 отсто или за 0,22 послабо отколку на почетокот на годината. Во Црна Гора тој процент се намали за 6,37 отсто, а во Македонија за 0,66 отсто. Единствено подобар е односот во Босна и Херцеговина за 2,76 отсто, Хрватска 0,31 отсто и Словенија 0,14 отсто. Порастот на жените во целата земја изнесува 11,04 отсто, во Босна и Херцеговина 11,79 отсто во Хрватска 12,26 отсто, Словенија 11 отсто, а единствено во Црна Гора бројот се намали.

[286] Во материјалите не е пронајдена таква табела.

## 64.
## ИЗВЕШТАЈ
## на екипата формирана од страна на ЦК на КПЈ за обиколка на партиските организации во Макендонија со согледување на разни проблеми од животот и работата на политичките и државните органи, доставен до Кабинетот на ЈБ Тито, Белград, 13 јуни 1951 година

И З В Е Ш Т А Ј[287]
на екипата од ЦК на КПЈ за обиколката на партиската организација во Македонија од 13 до 29 јуни 1951 година[288]

Иако, гледајќи во целина, политичката состојба во Македонија е задоволителна, сепак постојат низа политички проблеми на кои треба да се укаже, а кои ја влошуваат ситуацијата и против кои треба да се бориме.

Еден од основните проблеми кој ја влошува политичката ситуација е организациски несредената и економски слабата состојба во СРЗ, поради што дојде до колебање меѓу задругарите. Ваквата состојба е мошне поволна за дејствување на непријателите од сите бои и тие тоа богато го користат.

Во некои околии (Куманово, Кочани, Тетово), политичката состојба денес е лоша и тоа главно поради грешките во раководењето и неправилното спроведување на стопанските и политичките мерки. На пример, Куманово е една од востаничките околии, масите се врзани за политиката на нашата Партија и Влада, но поради низа неправилности на месните органи на власта (определување данок, неправилна експропријација, симнување на фереџе со помош на полицијата) во градот и во околијата постои незадоволство, недоверба во органите на власта

[287] АПР, KMJ-II-3-a-2/30
[288] Извештајот е потпишан од Вида Томшич и Вељо Стојниќ. Шеф на групата Вида Томшич, род. Бернот (26 6. 1913 Љубљана - 10. 12. 1998 Љубљана), словенечка предвоена комунистка, првоборец, политичарка и народен херој на Југославија. Заземала видни функции во словенечката и во југословенската повоена политика сѐ до нејзината смрт.

и сл. Партиската организација не умеела правилно да се постави, да ги брани интересите на народните маси, јавно да истапи против неправилностите на органите на власта, да се бори против таквата работа, туку останала пасивна и му препуштила на непријателот тоа да го користи за своите цели. Во Кочанска околија, во некои планински села, кон крајот на 1950 година, имало масовно малтретирање на селаните за стапување во СРЗ (апсење, претепување, измачување, двајца селани се неправилно осудени на смрт), сето тоа многу ја влоши политичката состојба во тие места, никој до денес во оваа околија не даде никакво објаснување за таквата неправилна и штетна работа на органите на власта и на членовите на Партијата, ниту пак јавно е повикан на одговорност. Во Титов Велес имаше поголемо затворање на раководителите на ИБ, бил затворен и орг. секретар на ОК, а подоцна е утврдено дека поголемиот број биле неправилно притворени. ОК не презел никакви мерки ова да се објасни. Сите овие неправилности доста влијаат на политичката состојба и на расположението на масите. Речиси во сите околии постојат вакви или слични проблеми. Партиските организации наместо да настапуваат офанзивно и да се борат, како против грешките и неправилностите во работата на органите на власта, така и против конкретните непријатели, разобличувајќи ги на лице место, тие се пасивизирале, се изолирале од масите. Тоа му овозможи на непријателот јавно и слободно да истапува дури и против членовите на Партијата (Св. Николе), зборувајќи дека комунистите не треба да се бираат во управата на задругата.

Во првата половина на 1951 година зголемен е бројот на затворања заради ИБ, од кои доста добар број се меѓу младинците. Ова, меѓу другото, е последица на лошата политичка работа на партиската организација.

Проблемот на Егејците секако е крупен проблем кој ја отежнува политичката ситуација. На теренот уште се чувствуваат трагите на неправилниот однос спрема бегалците од Егејска Македонија. Тоа се гледа во недовербата кај масите од ова население спрема нивните мерки, особено спрема примањето на државјанство. Секако дека за ваквиот доста резервиран став

придонесува и прилично кампањската работа на спроведувањето на новата линија спрема ова население. Од друга страна голем број фамилии имаат свои членови во земјите на ИБ, па се во неизвесна ситуација што ќе се случи со нив ако примат државјанство.

Кај националните малцинства, особено кај Албанците, во последно време прилично е зголемено влијанието на непријателските елементи и тоа, во прв ред, на реакционерните големоалбански елементи. Зголеменото влијание на реакцијата се гледа и во сѐ поголемото влијание на оџите за зголемената религиозност (особено во Дебар). Меѓутоа, влијанието на партиската организација кај малцинствата е прилично слабо. Во политиката спрема Албанците, од една страна, се чувствува опортунизам, кај Албанците се толерира неизвршувањето на одделните стопански задачи, откупот и слично. Недоволно се работи врз влегувањето во СРЗ, кое се правда со заостанатоста (Тетово). Од друга страна, пак, постои шовинизам кој се манифестира со тоа што во албанските села има сосема малку или нема воопшто изградено (централи, канали и сл.) во однос на македонските села, што особено е карактеристично за околијата Дебар.

Екипата наиде на проблем во односите меѓу Турците и Албанците (Тетово), кој не ѝ е јасен на партиската организација и за кој постои различно сфаќање и во ОК.

Во околиите во кои има национални малцинства, политичката работа е иста како и во околиите со македонско население. Не се води доволно сметка за извесни специфичности за кои би требало да се води. На пример, во Куманово сета работа со Албанците се состои во тоа, она што е подготвено за македонското население да се преведува на албански.

Треба да се нагласи дека весникот “Флака е Велазеримит”, кој излегува во Скопје, за Албанците е прилично слаб, така што на терен нема интерес за него.

Партиските организации главно ја занемариле политичката работа со масите, особено на село. Сѐ уште се ориентирани на практичното решавање на стопанските проблеми. Еден од основните недостатоци е во тоа што не се организира поли-

тичка работа врз основа на анализите на политичката состојба, паролите, разните сфаќања и др. на теренот, во врска со многуте проблеми на соодветниот град и село. И доколку постоела политичка работа, таа повеќе била ориентирана исклучиво на толкувањето на значајните меѓународни прашања или проблеми од стопански и политички карактер од нашата земја и тоа со многу фрази и главно одозгора, од околијата. Се пропушта организирање на политичката работа на локалните проблеми и прашања, партиските организации објективно овозможија непречена дејност на разни непријатели, кои со тие прашања ги собираат масите и понекаде имаат влијание на нив. Членовите на Партијата не ја вршат онаа секојдневна агитација, не истапуваат на сите места каде што се водат дискусии, не се борат против непријателските и неправилните толкувања, туку или самите се солидаризираат и ги поддржуваат таквите сфаќања или пасивно набљудуваат што се случува околу нив. На пример во градот Куманово е прилично интензивна политичката работа, одржани се низа предавања (за СССР и Кореја, за атомската енергија, за одумирањето на државата, за разработка на референтот на другарот Ранковиќ и др.), но политичката ситуација не е задоволителна. Кај народот постои големо незадоволство поради некои постапки на органите на власта (определување данок, невработеност, неправилна експропијација и др.). Меѓутоа, партиската организација не вршела анализа за сите прашања и врз основа на тоа не организирала пошироко толкување на политиката на Владата и Одборот, ниту ги активирала на масите - бирачите да интервенираат кај органите на власта за правилно и итно решавање на тие прашања, за исправање на грешките, за казнување на виновниците итн. За време на изборите за МНО во околиите Кавадарци (селата Возарци, Криволак и др.), Св. Николе (Павлешинци, Долно Дудановци и др.) партиските организации на своите состаноци дискутирале само за чуварите на кутии, куририте и фразираа за будноста итн. но не е вршена никаква анализа за политичката состојба во селото, активностите на непријателите и формата на борбата против него. Поради тоа и не се препознаваат конкретните непријатели. И во Кочани и во Куманово, а и на други места комитетите и одбо-

рите на Фронтот се задоволни со политичката состојба, велат дека непријателот не дејствува, нема никакви политички проблеми и сл.

Во работата на органите на власта во некои околии (Кочани, Куманово, Титов Велес) се случуваа и разни неправилности - затворање, малтретирање и др., за подоцна тие неправилности да се утврдат, но никаде немаше иницијатива кај ОК јавно да истапат и критички да се осврнат на работата на органите на власта, немаше случаи некој поради тие прекршоци да се земе на одговорност. Партиските организации земале учество во овие акции, но подоцна не преземале мерки тие грешки да се поправат и да се објаснат.

<u>Работата на партиската организација</u>

Во оние околии каде што до израз дошла помасовна тенденција за истапување од СРЗ (Куманово, Кавадарци, Св. Николе, Тетово, делумно Кочани), партиската организација е во дефанзива, ја изгубила перспективата за натамошна работа и се издвоила од масите. Во некои места дури одделни партиски организации се носители на растурањето на селските работни задруги. Причините за тоа треба да се бараат во тоа што комунистите, поради својата повластена положба (затоа што се наоѓаат како претседател на задругата, книговотител, магационери, евидентичари итн.), не се решителни за средувањето на организациските прашања внатре во задругата и, второ, поради непознавањето на линијата на Партијата за социјалистичка реконструкција на селото, па оттаму и низата грешки и слабости кои се појавија во задругите, како нерешавањето на стопанските и организациските проблеми, зголемувањето на добиточниот фонд, доследно решение на куќината, исплата на инвентарот, наградување спрема трудот, правилна поделба на помошта од социјалниот фонд, благовремената исплата на авансот на задругарите, а особено запоставувањето на демократијата, довело до тешка економска состојба на задругарите, недоверба во задругата и можностите за подобар живот во неа. Во вакките сфаќања не постои разлика меѓу задругарите членови на партијата и непартијците. За потврда на горната констатација ги наведуваме селата во кои ги обиколивме каде што е таква ситу-

ацијата: во Охридска околија: селата Сливово, Белчишта, Требеништа, Трпејца, Мраморец; Кумановска околија: Матејче, Старо Нагоричане, Шупли Камен; во Кочанска околија: Оризари, Калиманци, Кочани; Во Околијата Св. Николе: Град Милано; во Кавадаречка околија: Неготино, Корешница, Мрежичко, Страгово; во Тетовска околија: Раотинце, Непроштено, Глоги; во Титовелешка околија: Долно Врановци итн.

Додека во оние околии и села во одделните околии, каде што партиската организација се зафатила со организациско средување на прашањето внатре во задругите, врз основа на напатствијата дадени од СРЗ, а во што тие имале прилично успех (поголем трудов ден, правилно решавање на куќарината и др.) партиската оргнизација има авторитет кај масите и е на линија на доброто јакнење и на вовлекувањето на масите во задругите. На пример, СРЗ на Ресенска околија, задругата во Љубојно, Д. Дупени, Евла, Г. Дупени, Сопостко, Грнчари; СРЗ во Кавадаречката околија-Манастирец, Црешево; во Дебарска -Лазарополе, Тресонче, Гари; во Кочанската - Виница, Тетово - Челопек, Теарце итн. Поради подобрата економска состојба на задругарите ситуацијата е добра во овие околии и истапувањето од задругите е ретка појава.

Важно е да се истакне дека и во партиските организации на село, постои едно опасно сфаќање дека на членот на Партијата му припаѓаат сите раководни и службенички функции и во власта и во задругата. Оттука стравот и вревата против јакнењето на демократијата која ја води Партијата, бидејќи тие сакаат да ги сочуваат своите привелигирани функции. Затоа има недостаток на демократија во власта и во селските работни задруги: нема собири на бирачи, совети на граѓани и задружни сибири итн. Комунистите сметаат дека одделните стопански и откупни мерки (укинување на разни откупи), кои власта ги спроведува во живот, одат на сметка на стимулирањето на СРЗ и нејзиното организациско јакнење, а не ја гледаат опасноста од бирократијата која ја зафатила партиската организација во нејзиниот начин на раководење и во односот спрема масите. Најизразен пример на несфаќање на местото и улогата на Партија-

та е ОК Куманово, каде што од 74 секретари на ОПО[289] 35 се наоѓаат на други должности, или како претседатели на МНО или секретари, претседатели на СРЗ, службеници во МНО, сметководители итн. Послаби од претседателот на МНО се 19 секретари, а 13 секретари на ОПО не можат да одговорат на таа должност. Состојбата е дотолку потешка што ОК не ја сфаќа својата одговорност за таквата состојба, туку целата вина им ја префрла на ОПО.

Сето ова изложено зборува дека прашањето за изградувањето на Партијата, на нејзиното место и улога на село не им се посветило доволно внимание и дека тоа претставува едно од основните прашања кои треба да се решат во Македонија. Не се решаваат основните партиски прашања, на пример кај примањето во Партија редовна е појавата во секоја околиска организација да се наидува на кандидати со стаж од преку една година, што е последица на несистематското проверување и работа на кандидатите. Ресен има преку 100 кандидати со преку 18 месеци и 103 кандидати со преку една година. Слично е и во Тетово и во Титов Велес. Понатаму, голем е и проблемот со плаќањето на партиска членарина; исто така постојат други слабости кои се гледаат во поставувањето на дневните редови, во слабата одговорност на спроведувањето на задачите, во фамилијарноста меѓу членовите на Партијата и во несамостојноста и недоволната одговорност во работата. На пример, не е редок случајот членовите на КП, поради тоа што се наоѓаат на разни функции во народната власт или особено сега во задругите, ја злоупотребуваат својата функција. Ова е карактеристично за бригадирите кои во огромно мнозинство се членови на Партијата, а кај кои се чести случаите себеси да си пишуваат повеќе работни денови, или пак на своите, што има мошне негативен одраз кај другите задругари. Не постои преориентација на партиската организација од стопански на политички прашања (на партиските состаноци се расправа за жетвата, земјоделските работи, вршењето, определување на бригадирите - сето тоа што му припаѓа на друга, партиската организација го реша-

[289] Основните партиски организации.

ва самата). Ова прашање се наложува така изострено бидејќи тоа не е појава само во една околија или пак неколку ОПО на одделни околии, туку е тоа општа појава за партиската организација на село, исклучувајќи ја донекаде Ресенска околија каде што состојбата е подобра. Околиските раководства својата работа не ја насочија доволно на организациското зацврстување на Партијата, на нејзиното идеолошко и културно издигнување, туку многу повеќе се занимаваат со стопанската проблематика. Поради тоа не е чудно што ако се прелистаат записниците од седниците на ОК и да се прегледаат дневните редови, ќе се види дека за изградувањето на Партијата и партиската работа малку се зборувало, додека пак за стопанската проблематика се дискутирало повеќе. До кој степен во тој поглед се оди нека ни послужи ОК Ресен, инаку една од најдобрите околии во Македонија, која, на пример, на една седница на пленумот, анализирајќи ја состојбата во СРЗ, донесол преку 20 одлуки од комунален карактер (дека во тоа село треба да се изгради бунар, во тоа и тоа село да е подигне пчеларник, во тоа и тоа село да се направи расадник за лози, сушилница за овошје, водни пилани, да се изврши поправка на патиштата итн.). Ваквото претресување на проблемите има за последица кочење на самостојноста и иницијативата на СНО и наметнување на своите одлуки и на СНО и на СРЗ.

Во идеолошкото подигнување на партиското членство постои шаблонизам. Идеолошката работа не беше поврзана со најактуелните прашања на денешнината, особено со стопанската проблематика. Додека се даваат теоретски програми, нашиот тековен печат, „Партиска изградба", „Борба", „Македонија", од каде што би се црпеле материјали и би се запознавале со директивите за својата секојдневна политичка работа со масите, недостасува. Не е ретко да се слушне дека членовите на Партијата одговараат дека не ги читаат горенаведените материјали под изговор или дека немаат време дека или поради скапотијата на печатот не можат да го купуваат. Околиските комитети малку постигнаа да ја отстранат инертноста која постои и го развива интересот за читање, односно за знаење. Сето тоа доведе до тоа во Партијата денес да нема борба на мислење која

треба да се води за разни прашања за да се заземе правилен став. Напротив, сѐ што доаѓа одозгора без многу размислување и усогласување со состојбата на соодветниот терен, круто се пренесува, често и погрешно, што зад себе остава лоши последици. И покрај сето тоа што е наведено за состојбата која постои во еден број околии и за работата на партиските организации, довербата на масите во државата е големо, чувството за решавање на прашањата по демократски пат продре, од народот се слушаат доста позитивна критика во однос на работата на органите на власта и управите на задругите и неправилностите многу побргу и пообјективно се дознаваат отколку во ОПО. Сето ова донекаде ги зашемети ОПО, бидејќи тие заостануваат зад масите, не може благовремено да им дадат точен и правилен одговор на прашањата што масите ги поставуваат. Оттаму и доаѓа таа врева против демократијата кај членовите на Партијата, сметајќи дека тоа ќе овозможи спроведување во живот на задачите кои се поставуваат или преку задругите или преку власта. Сите наведени констатации го потврдуваат фактот дека писмото на ЦК од 20 јуни[290] не е сфатено како основа во методите на раководењето на ОПО и дека на тоа писмо не се засновала натамошната работа во изградувањето на партиската организација (борба за осамостојување, нејзиното место и улога, не се решиле кадровските прашања, за секретари не се земени најдобрите луѓе итн.).

Во поголемиот дел на ОПО, во претпријатијата, членовите на бироата се во поголемиот дел раководни луѓе од претпријатијата и тоа директор, претседател на работничкиот совет, претседател на синдикалната подружница, персоналецот, некој технички раководител, што условува на состаноците на бироата да се претресуваат прашања кои се во врска со производството и тоа како што најдобро ѝ одговара на управата на претпријатието. Ова доста го попречува правилното развивање на членовите на Партијата во претпријатието, на пример фабриката за кожи, тутун, заводот “Тито” во Скопје итн.

[290] Не се среќава во Архивот на ЈБ Тито, поради што не ни е позната нејзината содржина.

Месните комитети кои постојат две и повеќе години (од 1949 година), ниту до денес не станаа некое партиско тело кое би можело да им даде помош на ОПО со кои раководи. Напротив, во одделни места тие стануваат пречка на ОК да дојдат директно до ОПО. Втора карактеристика на МК е тоа што тие главно се составени од луѓе според претставничка линија (претседател на МНО, претседател на работна задруга, сметководител, благајник, магационер итн.) и трета карактеристика е што тие се формирани таму каде што има и каде што нема потреба без некој одреден критериум (има случаи каде што на едно месно подрачје има две ОПО, а постои МК) или во рамките на месното подрачје да се формира комитет иако нема потреба. Затоа треба ОК да извршат анализа на составите на МК и да ги пополнат со луѓе од производството, да видат дали е неопходно да останат, а другите да ги укинат и на крајот да им помогнат во осамостојувањето.

Со децентрализацијата на државниот апарат, комитетите вратија голем број членови на Партијата на разни должности во месните подрачја на својата околија. Во нивната досегашна работа се забележува дека тие вратени комунисти честопати се носители на бирократски тенденции внатре во МНО и СРЗ. Дека се борат за функции и дека партиската организација малку направила за да го разбие тоа.

За разлика од партиските организации на село, за ОПО во градовите може да се каже дека по своето политичко и идеолошко знаење се поиздигнати, дека многу подобро ја сфатиле и примениле раководната улога на Партијата во масите и дека на тоа настојуваат да ја ориентираат својата работа. Денешната ситуација зборува дека иако има уште слабости, шаблонизми и крутости, партиската организација во фабриката или на улицата, било на производствен или на територијален принцип, се чувствува како политички фактор. Кај партиските организации на село покренувањето на сите членови на Партијата во борбата против заостанатоста и примитивизмот е далеку потешка (во екот на полската работа - албанските - муслиманските села постат, има многу појави на бигамија кои се толерираат како што се толерираат и одделните верски обреди кај бектешите

кои поправо се драстични). Партиските организации не сфатија дека во борбата против заостанатоста и предрасудите (кои особено се манифестираат кај малцинствата), треба истовремено да се ангажираат органите на народната власт со законски средства да ја водат борбата против таквата заостанатост со напоредна политичка работа. Спротивно на ова, партиските организации во посетените градови сериозно се фатиле во костец со заостанатоста и предрасудите во масите. Таа е носител на борбата на стопанско, културно и политичко поле. Во таа партиска организација има повеќе дисциплина, повеќе одговорност, повеќе учење, следење на настаните во светот и кај нас, повеќе контакт со масите и пренесување на линијата на Партијата кај масите.

На прашањето за учеството на масите во управувањето, особено на прашањето на народната власт, партиските организации недоволно се ангажирале. Партиските организации, и покрај постоењето на сите објективни можности, не ја сфатиле суштината на писмото на ЦК на КПЈ. ОК и ГК сѐ уште очекуваат сѐ одозгора, а не работат на стекнување на сопствено искуство и барањето на најдобри форми на управување од сопствената пракса. Неактивноста на партиската организација се чувствува и за прашањето на работничките совети. Тие не воделе курс за претворање на работничките совети и управните одбори во вистински раководители на претпријатијата. Во работата на советите нема борба на мислења, иако постојат различни сфаќања за одредини прашања. Оттука денес имаме формално донесување на одлуките од страна на работничките совети, што е резултат на недостатокот на една исцрпна борба на мислења внатре во советотот. Ова се основните слабости на партиските организации во градовите.

Одлуката на ЦК за враќање на одделните другари членови на ЦК за секретари на околиските комитети и други појаки партиски работници, е многу позитивна и многу ќе влијае на отстранувањето на многу слабости кои постојат во партиската организација. Макар што другарите кои се испратени за сега не можеле ништо особено да помогнат во работата на ОК, сепак нивното присуство веќе денес се чувствува на теренот. Со оваа

одлука, на економски појаките и политички позначајните околии им се вратени добри другари.

Досега пленумите на комитетите не се активирани за спроведување во живот на линијата на комитетот. Членовите на пленумот не се чувствуваат како членови на раководството, често не им е јасна линијата на партијата за одредени прашања, што сега е особено важно за состојбата на село. Во ваквата ситуација доста се пасивни. Тие се со ниско идеолошко и политичко ниво. Од страна на бирото не е посветено доволно внимание за нивно подигнување. Тие слабо се ангажираат во работата и малку од нив се потпираат во спроведувањето на политиката на ОК, со еден збор не се сфатени ниту значењето ниту улогата на пленумот, која треба да ја одигра како раководно партиско тело во околијата. Затоа се наметнува многу поголема и побрза потреба за подигнување на луѓето од пленумот, бидејќи нема друг апарат кој ќе му помогне на комитетот во спроведувањето на задачите.

Агитпроп комисиите во градовите главно се активни, додека во околиите или воопшто не работат (Св. Николе, Кавадарци, Охрид) или пак сосема малку работат. Во Охрид и во Дебар со агитпроп комисиите не раководат секретарите, туку членовите на комитетот.

За идеолошката работа

ЦК на КПМ во почетокот на оваа година донесе заклучоци за идеолошката работа кои се насочени против шаблонизмот во работата. И во тој поглед во градовите се постигнати извесни успеси (дебатни клубови, партиски кабинети).

Меѓутоа, програмите кои се изработени врз основа на овие заклучоци се високи, тешки за партиските организации на село, само програмата за кандидатите одговара на нивото на членовите на Партијата, па тие во извесна смисла значат шаблонизирање со нови содржини.

ОК не направиле речиси ништо за овие заклучоци на ЦК на КПМ да ги конкретизираат на своите услови, па програмите механички ги пренеле на приликите во својата околија.

Весникот „Нова Македонија" не ја отсликува реалната состојба на теренот. Во него главно преовладува розовото, ра-

зубавено прикажување на реалноста. Затоа е типичен примерот на репортажата „За СРЗ во Дебар”, во бројот од 29. VI, која е полна со пофалби, а задругата фактички се наоѓа во распаѓање. Слично пишуваат и за подготовките за жетвата, за воведувањето на косата наместо на српот во Св. Николе итн. Иако таму состојбата е сосема поинаква.

Треба да се истакне дека дел од печатот („Борба”, „Нова Македонија”) кој се растура во Македонија, по зголемувањето на цената нагло опадна, приближно за 70 отсто. Особено опадна тиражот на печатот на село. Така, речиси во сите села по еден примерок од „Борба” и „Нова Македонија” добива управата на задругите и тоа е сè. „Нова Македонија” е намален на три динари така што нејзиниот тираж од 12.000 примероци, на кој падна, се покачи на околу 20.000.

<u>Работата на Народниот фронт</u>

Во посетените околии Народниот фронт во целина сè уште не е самостојна и политичка организација. Тоа се гледа во тоа што ОК директно ги решаваат проблемите на Народниот фронт. Извршните одбори не се осамостојуваат доволно. Тие држат состаноци тогаш кога некој од комитетите треба да им пренесе нешто што треба да го направат. Работата на Народниот фронт главно е ориентирана на стопански проблеми и работни акции. Во летните месеци работата на Народниот фронт на село е многу слаба. Ниту околискиот одбор на Народниот фронт, ниту околискиот комитет, не настојувале во овие месеци да се пронајдат погодни форми за јакнење на политичката работа. Основните организации на Народниот фронт во селото од страна на партиските организации се запуштени и тие не настојуваат политичката работа да се развива преку основните организации на Народниот фронт, затоа во одборите на Народниот фронт во селата нема ниту еден член на Партијата.

Во посетените села, особено во оние во кои 80-90 отсто од населението е во задругите, постои проблем на односите меѓу Народниот фронт и задругите. Постои тенденција дека Народниот фронт не е потребен. Сите прашања главно се решаваат на заедничките конференции на задругарите, така што нема речиси никакви разлики меѓу собирите на бирачи, фрон-

товските конференции и конференциите на задругарите. Оттаму и работата на Фронтот, доколку ја има, главно се состои во решавањето на стопанските задачи. А писмото на ЦК на КПЈ за работата на Народниот фронт и не ни допрело до фронтовските организации.

Меѓутоа во градовите, особено во Скопје, НФ е прилично активен и од писмото на ЦК се забележува отстранување на недостатоците кои ја попречуваат работата на НФ. Во Скопје организациите на НФ живеат редовен живот. Многу од нив станаа вистински политички раководства на теренот. Но, работата на НФ во градовите сѐ уште главно е ориентирана на акции. Од друга страна, честопати се претерува во состаноците. Освен тоа, има доста шаблонизам во одржувањето на состаноците. На пример, во Куманово и во Охрид, секој четврток одборите на НФ се состануваат, а секој петок има масовни конференции.

Работата со жените

Во посетените околии, исклучувајќи го делумно Скопје, не е сфатена суштината на реорганизацијата во работата со жените. Народниот фронт не раководи со политичката работа меѓу жените, макар што во цела Македонија за тоа постои голема потреба. Работата е главно слаба и доколку ја има се спроведува круто и шаблонски. Организацијата АФЖ не се ориентирала на организација на домаќинските курсови и на слични форми кои што се погодни за собирање на жените и за нивното брзо просветување. Резултатите од работата на организациите на жените, и доколку се постигнати, тоа е главно на иницијатива на самите жени, а помалку на активноста и на раководењето на околиските односно на градските одбори. Така, на пример, Градскиот одбор на АФЖ на Скопје не се состанал веќе два месеца, а кога се дискутира за работата на другарките, од Градски не знаат за активноста и иницијативата на жените долу за разни прашања, а особено околу детските установи.

Агитацијата за симнувањето на зарот и фереџето престана со стапувањето на законот во сила. Организацијата на АФЖ ништо не направи за прашањето на натамошната работа со жените Албанки и Турчинки, кои и денес уште се криjат и не излегуваат од дома. Во Тетово има околу 60 отсто Албанци, а меѓу

жените ништо не се работи. Во Извршниот одбор има вкупно две Албанки, кои мошне ретко доаѓаат на состаноците.

<u>Народната младина</u>

Партиската организација ја запоставила работата со Народната младина (на пример во Куманово од 110 активи, членови на Партијата раководат со 37), а во Св. Николе 6 месеци ОК не се заинтересирал за работата на младината итн.) Запоставувањето на работата со младината доведе до тоа таа да не е носител на борбата на Партијата за изградба на социјализмот, селото, туку да се однесува пасивно или пак понекаде и да се спротивставува на линијата на Партијата, солидаризирајќи се со линијата на непријателот. Партиската организација не гледа во младината сила на која може да се потпре во оваа борба, затоа и таа не се ориентира на таа борба.

Доколку ја развива работата во Народната младина, тој се исцрпува само со организацијата на културниот и забавниот живот, а политичка работа нема.

<u>Народната власт</u>

Стопанските задачи кои што се поставуваат пред народните одбори од повисоките органи (сеидба, откуп, данок) се извршуваат со доста добар успех. Народните одбори му посветиле внимание на подигнувањето на училишта и на развивањето на школството воопшто. По укинувањето на обласните народни одбори и децентрализацијата на републичките ресори, околиските и месните народни одбори, во извесна мера се зајакнати со квалитетни кадри.

И покрај наведените успеси, во натамошната изградба на народната власт се случила извесна стагнација, како во содржината на работата на народните одбори, така и во начинот на кој што се извршуваат одделните задачи (во прв ред кај месните народни одбори).

Во услови на масовната колективизација која е извршена во НР Македонија, улогата и местото на народните одбори на теренот не е правилно сфатена поради нерасчистените компетенции меѓу месните народни одбори и СРЗ. Овде имаме главно три појави: а) кога на подрачјето на еден месен народен одбор нема воопшто СРЗ, б) кога еден дел е во СРЗ, а другиот надвор

од СРЗ и в) кога на подрачјето сите граѓани, или во огромно мнозинство, се во СРЗ. Месните народни одбори во селата каде што нема СРЗ повеќе се чувствуваат како власт и со доста успех ги извршуваат поставените задачи добиени од ОНО и некои локални проблеми. На пример МНО Ростуша, околија Дебар, покрај успешното решавање на сеидбата, откупот и данокот, изградил три задружни дома, училиште и сега подига мала хидроцентрала за електрификација на своето подрачје. МНО во кои целото село е во СРЗ не се чувствуваат како власт која треба да работи според законот и да ги заштитува државните интереси, па и на задругата. На пример, во Охридска околија некои задруги не ја предале волната според уредбата, иако МНО самоволно ги задолжувал со помали количини. Во подрачјата каде што има СРЗ и приватници, не се доволно расчистени компетенциите на МНО и СРЗ. Така, на пример МНО Горобинци, околија Светиниколска, главно го решава прашањето на сеидбата, откупот и данокот кај приватните домаќинства, води општа евиденција која ја бара ОНО, матичната служба и воената евиденција и се грижи за одржувањето на јавниот ред на месното подрачје. СРЗ добија разработени планови за сеидбата, откупот и данокот од ОНО, а МНО само формално издава решение. Сите комунални и локални прашања ги решава СРЗ, а МНО нема доволно авторитет и не може од СРЗ да ги добие ниту најосновните податоци кои од нив ги бара ОНО. Во селото Врановци, околија Титов Велес, казните за штетите направени на селските посеви не ги изрекува МНО туку СРЗ. Во истото село задругата на приватниците им го одзела сеното кои тие го искосиле во реонот на шумското стопанство со одобрение од МНО. Од друга страна има појави МНО да се мешаат во работите на СРЗ за кои не се надлежни или пак да се обидуваат СРЗ да ја претворат во свој орган. Така на пример претседателот на МНО Калиманци, околија Кочани, ги обиколува и ја контролира работата на бригадирите и бригадите на СРЗ. Во МНО Долно Дуданци, Светиниколска околија МНО бара од СРЗ да му се достават податоци за социјално незгрижени лица, деца без родители, слепи и сакати лица итн.

На подрачјето на МНО, каде што колективизацијата е целосно завршена, има две појави. Во поголемиот дел од подрачјата СРЗ врз себе го презеле решавањето на сите проблеми: изградба на локални објекти, угостителство, трговија, културно-просветен и општетсвен живот, здравство итн. како што е на пример во СРЗ Галичник, Лазарополе, Тресонче итн. Меѓутоа, има МНО кои овие компетенции ги задржале (како МНО Манастирец, околија Кавадарци) и успешно ги решаваат локалните прашања како што се: комуналната дејност (подигнување училишта, чешми и други локални објекти), спречување на заразни болести, пошумување, прашањето за јакнењето на СРЗ итн. Наведените примери укажуваат на потребата од правилно определување на улогите и местата на локалните органи на народната власт, како и разграничувањето на компетенциите на МНО и СРЗ.

Мнозинството од месните народни одбори не работат колективно туку целата работа главно се извршува преку претседателот или секретарот. Меѓутоа, иако ретко, има примери МНО редовно да одржуваат седници на извршниот одбор и пленумот и заеднички да ги решаваат тековните прашања. Партиските организации го запоставиле прашањето за работата на органите на власта обрнувајќи внимание на решавањето на конкретните стопански проблеми во СРЗ. Редовните состаноци на народните одбори не се одржуваат поради тоа што одборниците, членови на Партијата и членовите на СРЗ, не ги сфатиле правилно своите обврски и своите должности во улога на народни одборници. Така, на пример, МНО Горобинци, околија Св. Николе од конституирањето во март Пленумот не се состанал, додека Извршниот одбор се состанал само двапати. Во МНО Модрч, околија Дебар, во текот на оваа година Пленумот се состанал само еднаш, а Извршниот одбор не се состанувал. Во МНО Орашец, околија Куманово, Пленумот се состанал само при конституирањето по изборот во март, а Пленумот на МНО Св. Николе, седиште на околијата, во текот на оваа година се состанал само еднаш.

Малку е сработено на јакнењето на формите на демократското управување, во активното учество на масите во ре-

шавањето на локалните проблеми. Советите на граѓани постојат формално и шаблонски се оформени кај сите МНО и ОНО. Нивната улога и задачите не им се доволно јасни ниту на ОКО ниту на МНО, а ниту на партиската организација. Редок е случајот некој од советите да се состануваат редовно и да решаваат проблеми од своето подрачје. Собирите на избирачи ретко се одржуваат. Во мнозинството случи тие се претвораат во масовни конференции на граѓаните на кои се третираат прашањата на задолжувањето, сеидбата, откупот, данокот или се идентификуваат со конференциите и состаноците на задругарите на СРЗ. Поретки се примерите на одржување на собири на избирачи на кои одборниците би полагале сметка за својата работа. Во околијата Титов Велес во текот на 1951 година се одржани вкупно 12 собири на избирачи, а СНО има записници само од два. Во околијата Кавадарци одборниците на СНО одржале состаноци на граѓаните во сите села на кои целиот правилник за хигиената кој го донесе СНО и тие состаноци ги категоризираат како собири на избирачи. Во градот Скопје од 175 градски одборници во текот на оваа година вкупно 27 одржале собири на избирачи во своите изборни единици. На прашањата што избирачите ги поставувале уште во ноември 1950 година, давани се одговори на собирите кои сега се одржуваат. Во селото Косел околија Охрид одборниците свикуваат состанок на селото кога треба да се спроведе некоја задача од СНО и тоа го сметаат за собир на избирачи.

СНО не презеле практични мерки со цел за јакнење и осамостојување на МНО. Членовите на извршните одбори на СНО кампањски оделе во МНО, главно за конкретни стопански проблеми, не укажувајќи им како тие самите да ги решаваат тие прашања, како да го подобрат методот на својата работа, како да ја организираат работата на пленумот и извршниот одбор и сл. На редовните седници на МНО многу ретко се оди. На МНО не им е дадена помош во развивањето на работата на советите на граѓани и на собирите на избирачи. Членовите на пленумот на СНО на терен не се чувствуваат како членови на одборот. И покрај тоа што членовите на извршниот одбор и на пленумот на ОНО не се состануваат редовно, тие главно ги ре-

шаваат тековните стопански проблеми (откуп, сеидба, данок), додека другите прашања (школство, здравство, унапредување на земјоделството, уредување на околиските патишта, а и населби итн.), не ги ни допираат, а помошта на МНО во нивната работа и натамошниот развој е речиси целосно запоставена. Така на пример ОНО Кавадарци единствено го поставил на решавање прашањето на здравството и тоа по одлуката на пленумот на ЦК на КП за Македонија. ОНО Охрид на 5 свои седници во текот на оваа година го решавал прашањето на сеидбата. ОНО Куманово воопшто не го поставил прашањето за помош на МНО итн. Исклучок е Народниот одбор на град Скопје кој главно добро ја сфатил проблематиката.

Уредувањето на околиските центри главно насекаде е запоставено. На овој проблем народните одбори мораат да му посветат поголемо внимание.

Кај одделни околиски и градски одбори постои прилично бирократски однос спрема барањата и молбите на граѓаните. Сè уште ова прашање се решава набрзина, без доволно задлабочување или пак мошне бавно. Така, на пример, од 358 молби и жалби поднесени до ГНО Куманово во текот на оваа година, уште не се решени 152, меѓу кои има и од јануари оваа година.

Стручната подготовка на службениците на народните одбори е слаба, мнозинството има само основно училиште, што многу влијае на квалитетот на работата на одборите. Сите одбори имаат преголем број на службеници. Така, на пример, ГНО Куманово има 60 службеници без повереници и, според изјавата на претседателот, тој веднаш може да се намали за 10. Реонските одбори на град Скопје имаат по 80 службеници, а по месните одбори просечно има по 3-5 службеници, покрај 2 платени члена на извршниот одбор.

<u>Проблемите на селските работни задруги</u>

Најистакнатиот проблем на село е колебањето во работните задруги. Тој особено изострено се манифестира во околиите: Тетово, Куманово, Св. Николе, Кавадарци, Охрид, иако во споменатите три во нешто поблага форма. Слична е ситуацијата и во некои други околии како на пример Крива Паланка и Кратово. Досега само од Тетовската, Кумановската, Кривопа-

ланечката и Кратовската околија се поднесени 1.443 молби за излегување од СРЗ преку Главната дирекција за задружно земјоделство во Скопје. Во овој број не се пресметани молбите кои се поднесени до фондовите за механизација, до околиските народни одбори и задружните управи. Меѓутоа, овој број молби не е одраз на вистинското расположение за излегување од задругите кое на теренот е многу пошироко. Карактеристично е да се напомне дека поголемиот дел од молбите се повикуваат на законското право за излегување од СРЗ по истекот на тригодишниот рок предвиден во задружните правила, додека еден мал број се базира на редица други неправилности во СРЗ, а особено на присилното внесување во СРЗ, што на прво место се однесува на околијата Тетово. Во селото Раотинце, околија Тетовска има 129 домаќинства во СРЗ, од кои 105 поднесле молба за излегување, меѓу кои има 5 членови на управниот одбор, од 9 колку што го сочинуваат. Во Дебар од 118 домаќинства, колку што влегле годинава, 70 поднеле молби, а задружната управа им одобрила излегување на 38 домаќинства, мотивирајќи го тоа со неправилно внесување на тие луѓе во задруга. Меѓутоа, иако имало присилување при создавањето на СРЗ, иако самата законска форма дава можност за излегување по три години, сепак тоа не се основните елементи за ваквата состојба во задругите. Во мнозинството околии се најдени прилично добри анализи на економската состојба и развојот на СРЗ, кои главно даваат одговор за ваквата состојба во задругите. Во Дирекцијата на задругите има извесен број на анализи во врска со организациските и економските проблеми во работните задруги кои се работени во 1949 и 1950 година, како на пример анализата во СРЗ “Напредок” во селото Манастирец, околија Кавадарци; анализата на СРЗ во селото Скачковци, околија Куманово итн. Извесни проблеми, особено од областа на организацијата на работата и куќнината, истакна и групата на Комисијата за село на ЦК на КПЈ која, во втората половина на 1949 година, обиколуваше некои околии. И покрај сето тоа, ни сега не се наиде на конкретното решавање на овие проблеми во СРЗ, особено од областа на организацијата на работата, распределбата на приходот и куќнината со исклучок на Кочанска-

та и Ресенската околија, кои по прашањето на организацијата на работата и наградувањето постигнаа нешто подобри резултати. Еден од крупните недостатоци на постојните анализи е тој што во нив никаде не се теретира улогата и однесувањето на партиската организација спрема организациско-економското средување на задругите. Немаше ни посебни анализи за овие прашања. Меѓутоа, не се ретки случаите токму членовите на Партијата, а особено оние кои работеле во околиските установи, да биле носители на отпорот при правилното решавање на куќнината, организацијата на работата, а особено наградувањето, бидејќи во такви услови биле во подобра позиција од другите задругари. Во прилог на овој момент зборуваат и многу случаи на неправилно однесување на членовите на КП, кои со децентрализацијата се вратени во СРЗ. Има и такви појави еден број од членовите на КП, од опортунистички причини, за да ги “придобијат” масите, да се помират со разни неправилности кои владеат во задругите (на пр. во селото Росоман, околија Кавадарци). Кај основните партиски организации се чувствува извесна дефанзива, а во сегашната ситуација, колебање и дезориентација. Околиските комитети ја воочуваат проблематиката, но партиските организации не се ангажирани за расчистување на тие проблеми на теренот. Економските мерки кои ги презема нашата Влада за подобра стимулација на производството во СРЗ, партиските организации не ги спроведуваат во живот, а многу и не ги познаваат. Карактеристично е однесувањето на Народната младина која во оваа ситуација стои настрана од економско-политичките проблеми во СРЗ, не учествува активно за нивно решавање, а младината од повисоките раководства се ориентира исклучиво во фискултурно-забавниот живот.

Организацијата на работата

На организацијата на работата, со исклучок на Кочани, Ресен и делумно Дебар, во сите посетени околии ѝ е посветено мошне мало внимание. Во најголемиот дел од задругите бригадите постојат само на хартија, додека практично задолжување со инвентар, површина и принос не постојат; распределбата на приходот досега не е вршена врз база на сработените трудови денови, туку по членови на семејството. Ваквата состојба дове-

де до незаинтересираност на задругарите во производството на задружните ниви, а го зголеми интересот за обработка на куќнината. За тоа дека немало задолжување со инвентарот, зборува примерот на Кумановската околија каде што СРЗ во 1949 г. поседувале 2.300 запрежни коли, а во 1951 само 1.300 коли. Бригадите сè уште се гломазни, бригадирите не учествуваат во производството, освен некои исклучоци. Во текот на 1950 г. се одржани вкупно две советувања во Министерството за земјоделие за проблемот на организацијата на работата на СРЗ поради кои изостанала контролата на извршувањето на заклучоците. Во првите 6 месеци од 1951 г. не е одржано ниту едно советување во врска со овие прашања. Сега тежиштето се поставува на стопанската сметка, иако таа не може да го реши проблемот на организацијата на работата во најголемиот број на СРЗ. Поради оваа ситуација, во поглед на организацијата, мошне сериозно се поставува прашањето на наградувањето. Во СРЗ има сè уште голем број на административно-управен персонал кој прима паушални награди. На пример, СРЗ во Дебар, покрај претседателот кој има 30 трудови денови месечно, има уште 2 потпретседатели, од кои еден има 29, а другиот 26 трудови денови. Кон тоа има уште 8 луѓе (магационери, сметководители, евидентичари) кои исто така се паушално платени. Збирот на нивните трудови денови месечно изнесува 263, а задругата брои 183 домаќинства. Во Тетовска околија СРЗ "Глоѓи", на паушално наградување за месец април отпаднаа 36 отсто од вкупниот број на трудови дни, во СРЗ „Лешок" за 5 месеци од 1951 г. 24 отсто отпаднаа на паушал на оние кои не се вклучени во производството. Просекот на трудови дни во 1950 г. за луѓето кои работат во администрацијата на СРЗ „Теарце" изнесува 248, а за оние кои директно учествувале во производството годишниот просек изнесува 170 трудови дни. Во Лазарополе ситуацијата е таква што 11 луѓе кои не работат во производството имале просечно 337 трудови дни во минатата година, додека најдобриот работник во производството заработил 260 трудови дни. Во СРЗ „Старо Нагоричани", околија Куманово, претседателот прима месечно 36 трудови дена, сметководителот и помошникот на сметководителот по 30, магационерот и благајникот по 28

дена итн., така што, заедно со бригадирите, месечно паушалот во таа задруга изнесува 498 трудови дни. Годишната заработка на претседателот е 432 трудови дни, додека најдобриот работник во задругата може да заработи до 320 трудови дни, а просекот на заработените трудови дни во 1950 г. во ова задруга изнесуваше 148.

Уште еден од моментите, кој придонесува за слабата заинтересираност на задругарите за работа на задружните стопанства, е неправилната поделба на приходите која се вршеше во многу случаи по членови на семејството, а не според заработените трудови дни и тоа особено кај главните приходи житариците. Така на пример од 26 СРЗ во околијата Куманово во 1950 г. само 4 СРЗ делеле прходи според трудови дни итн.

Во евидентирањето на работното остварување имаше многу груби неправилности, почнувајќи од невоведувањето во работната книшка на остварувањето според трудот па до препуштање на тоа воведување на самите задругари, како што е случајот во СРЗ “Неготино” на Вардар. Има задругари кои за себе си запишуваат по 3,70 трудови дни дневно, додека бригадирот тоа само формално го одобрува. На еден поголем број на задругари во оваа задруга не им се воведени работните денови во книшките од 18 мај. Во Светиниколска околија, но и во другите околии табеларниот преглед на работни денови редовно заостанува за два, па и повеќе месеци.

Во некои околии, како постојан систем во организацијата на работата постои таканаречената категоризација на работната сила, поставена врз база на субјективна оцена на бригадирот или управата за работната способност на задругарите. На овој начин се овозможува видлива експлоатација, особено на женската работна сила. Со ваквиот систем, кој не води сметка за вистинскиот учинок на секој поединец, создадена е голема незаинтересираност на задругарите за поголемо остварување. Интересно е да се напомнат извесни појави на експлоатација во задругите кои се економски појаки и организациски посредени, во задругите од Мијачкиот крај, особено СРЗ “Кочо Рацин” во Лазарополе. Од вупниот чист приход во оваа задруга во износ од 24.593.000 во 1950 г. само текстилната и ќилимарската бригa-

да оствариле повеќе од 50 отсто т.е. 12.779.000 динари. Нормите, меѓутоа, во ќилимарството, во кое работи исклучително само женската работна сила, се толку високи што можното дневно остварување на најдобрата работничка и овозможува одвај 0,6-0,7 од работниот ден. Во овие задруги уште не се ликвидирани појавите на наемеништво преку кои се спроведува експлоатација која, меѓу другото, се гледа и во држењето на наемници - овчари.

Оваа година во сите околии, кај извесен број на СРЗ можеше да се забележи извесен напредок во организацијата на работата и евиденција на сработеното врз основа на што се врши распределбата на авансот. Ова подобрување се чувствува особено во обработката на земјата, делумно во градинарството, додека во сточарството во овој поглед не се напредуваше. Во сточарските бригади не постојат никакви задолжувања во производството, а задругарите кои работат во нив добиваат специјални повластици во приходи или во поголем број на трудови дни, кое кај некои задруги изнесува месечно дури и до 45 - 50 трудови дни. (Лазарополе, околија Дебар и СРЗ во градот Св. Николе).

Од сето ова може да се заклучи отсуство на еден единствен центар за систематско раководење, т.е. Советот за земјоделско стопанство, односно Главната задружна дирекција кои преку својот ниско квалитетен инструкторски апарат многу малку влијаеја на правилното решавање на овие проблеми.

Производство

Основната слабост во организацијата на производството кај СРЗ во сите обиколени околии е нејзината едностраност. Од досегашниот развој на одделните гранки се гледа отсуство на потребното форсирање на крмните растенија и градинарството според постојните можности. Така, на пример, во производствените планови за 1950/1951 г. во околија Кавадарци крмните растенија застапени се со вкупно 5,6 отсто, иако за нормалниот развој на сточарството би биле потребни најмалку 20 отсто. Зарзаватните растенија се застапени со вкупно 6,8 отсто, иако според можностите во оваа околија, би можело да биде најмалку 10 отсто. Во Светиниколската околија добиточните

крмни растенија се застапени со вкупно со 4,4 отсто од вкупната површина на ораници, додека зарзават вкупно 2,5 отсто итн. Од овие причини исхраната на добитокот е сведена главно на кабаста храна (слама, пченкарница итн.) поради што и нејзината производност како и способност за работа е сведена на најниска мера. (приличен број на СРЗ своите крави не ги користат за молзење).

Во околиите во кои постојат можности за одгледување на индустриски култури, се дава прилично силен отпор. Мора да се подвлече дека овој отпор е условен и од извесни објективни причини, од кои најважни се преголемите планови од поранешните години, слабото и нередовно извршување на обврските на државата спрема производителите, особено со натурална стимулација итн. Овој отпор, на прво место, е во однос на памукот. Најважните аргумент против сеидбата на памукот, кои можеа да се слушнат како од производителите така и во околиските комитети и одборите, е недостатокот на работната сила. Меѓутоа, фактот е следниов: во околијата Кавадарци оваа година се посеани 1.452 ха со памук, односно 2.748 ха со сите индустриски култури или 8,2 отсто од вкупната површина ораници. Сеидбата на памукот во оваа околија остварена е од половината на април до почетокот на мај. Според тоа, проретчувањето на памукот и неговото прво прашење доѓаше во времето во кое требало да се врши едно копање на индустриските култури. Меѓутоа, и проретчувањето и прашењето на памукот не е извршено во тоа време, иако другите индустриски култури, како на пример афионот, се благовремено обработени. Со прашањето и проретчувањето на памукот најмногу СРЗ започнале со задоцнување од еден месец па и повеќе, поправо во времето на жетвата и другите сезонски работи. Затоа голем дел од површините под памук останал непроретчен и неиспрашен воопшто и сега тоа го правдаат со недостатокот на работна сила која е потребна во жетвата. Истата појава е присутна и во Светиниколската околија. Кај оризот, како многу актуелно и итно се поставува прашањето на откупните цени кои сега на производителите не им даваат доволна стимулација. Засеаните, а необработените површини, видливо го смалуваат трудовиот ден.

Во поглед на развојот на сточарството, основната слабост е во тоа што и покрај постоењето на општа ориентација за зголемување на сточниот фонд во целина, недостасуваат конкретни анализи за тоа кои видови добиток и до која мера може да се одгледуваат, во кои околии и реони. На многу места постојат планови за развој на сите видови добиток, а не се водело сметка за тоа дали за вака планираниот број постојат реални можности за обезбедување со крмна база. Така, на пример, СРЗ во Ваташа, околија Кавадарци, добила планска задача оваа година да произведе живина и да оформи живинарска фарма од 4.500 парчиња. За потребите на исхраната на овој број живина, сметајќи дневно 60 грама за едно грло се потребни 9,8 вагона концентрат годишно. За исхрана на 100 парчиња свињи кои исто така ги добиле по планот за оваа година од кои 25 се матрици за приплод, се потребни најмалку 4 вагони концентрат. Оваа задруга располага и со 76 разни волови, 35 коњи, околу 700 овци итн. Вкупното производство на житарици во оваа СРЗ, по одбивањето на семето, дава за исхрана на добитокот најмногу 5 вагони. На републичкото земјоделско стопанство во Ерџелија, околија Свети Николе, се планирани, меѓу другото и изградени, објекти за 3.500 свињи и 600 грла крупен рогат добиток. Сега државното стопанство има околу 1.900 свињи и близу 400 грла крупен рогат добиток, т.е. изградениот капацитет не се користи за 1.600 свињи и кај рогатиот добиток за 200 грла. Меѓутоа, за потребите на исхраната и на сегашниот расположлив фонд неопходни се најмалку 56 вагони концентрат, додека производството на стопанството по одбивањето на семето, изнесува вкупно оклу 48 вагони и покрај тоа што ориентацијата на производството на ова стопанство е главно на житарици. Јасно е дека планираниот број добиток, за кој веќе се изградени потребните капацитети е нереален.

Кај големиот број на СРЗ во Македонија бројот на овците е смален во голма мера во однос на предвоената бројна состојба. Во голем дел од овие задруги, особено во ридските реони на Македонија - Дебар, Тетово итн., за натамошен развој на производството таму, првенствено има услови за развој на сточарството. Меѓутоа, со концентрацијата на овци од државниот

сектор на комплексот планини со најдобри пасишта - Бистра, Стогово, Шара, овозможено е зголемувањето на овчарството кај СРЗ кои за својата летна паша гравитираат кон овој планински комплекс. Капацитетите за напасување на Кајмакчалан и на Кожуф, меѓутоа, не се искористени во доволна мера затоа што државниот сектор како помалку квалитетни не ги користи. Една од карактеристиките во сточарството на сите посетени околии е постојаното и забележливото опаѓање на добиточниот фонд, особено кај крупниот добиток и живината. Така во НР Македонија во 1949 година имаше 408.877 грла рогат добиток, во 1950 година 387.085 грла а во 1951 година 377.725 грла. Кожи во 1949 г. 82.388, во 1950 година 81.048 а во 1951 година 78.977 грла. Живина во 1949 година 1.114.638 парчиња, во 1950 1.001.818 и во 1951 година 907.469 парчиња. Кај свињите и овците се покажува извесен раст од 1950 во 1951 (во 1950 имало 1.750.701 грло овци а во 1951 година 1.996.083 грла), додека сегашниот број на овци сè уште заостанува во однос на 1949 година. (Во 1949 имало 2.378.943 грла). Во околијата Охрид во 1950 година во 20 СРЗ имало 778 крави а во 1951 во 16 СРЗ кои чуваат крави имало 129 грла. Во Светиниколската околија од 144.000 грла овци, спрема пописот од 1949 во 1950 година останале вкупно околу 100.000 грла иако со откупот таа година (1950) биле опфатени сè на сè нешто повеќе од 6.000 грла. Во Кавадаречкатаоколија спрема пописот од 1948 година имало 14.900 грла говеда, 1949 година 12.400 грла, 1950 година 11.700 грла, а во 1951 година 10.800 грла.

Во однос на развојот на овоштарството и лозарството, во НР Македонија постои правилна ориентација. Минатата година, низ расадниците и кај СРЗ, подигнати се вкупно 41 ха нови насади. Кај производителите, а особено кај СРЗ, постои голем интерес за обнова и проширување на лозјата, така што само во 1950 година била изорана и подготвена за садење нешто повеќе од 500 ха површина. Поради недостиг на потребниот саден материјал кој не бил обезбеден, останале ненасадени околу 350 ха изорана површина. Дури од оваа година се зголемува површината на овошните расадници кои за 3-4 години ќе бидат во мож-

ност да обезбедат поголеми количини на садници од сопствено производство.

За ситните гранки во сточарството, особено за пчеларството и одгледувањето на свилената буба, кунарството, постојат големи можности кои СРЗ мошне малку ги користат. Така, на пример, во СРЗ Теарце, околија Тетовска, задругата со 195 домаќинства има вкупно две кошници пчели, додека во истото место еден приватник има 70 кошници. Вкупно 31 СРЗ во цела Тетовска околија има вкупно 87 кошници, т.е. ниту три кошници на една СРЗ или 39 СРЗ од Кочанската околија има 121 кошница, т.е. три кошници на СРЗ. Меѓутоа, СРЗ во селото Тресонче во Дебарска околија во 1950 година имала само од медот приход од преку еден милион динари. Оваа СРЗ покажала добри резултати и во развивањето и на другите споредни гранки, како што се кунарството, живинарството итн.

Агротехничките мерки се спроведуваат на задружниот сектор во мошне мала мера. Задругите сè уште за обработка употребуваат дрвено рало, иако во магазините на фондовите за механизација лежи значаен број железни рала - плугови кои претходно треба да се преправат. Нити оние агротехнички мерки кои пред војната и пред создавањето на задругите биле во примена денес во СРЗ не се применуваат. Таков е случајот со орањето на стрништата по жетвата на Овче Поле, што порано беше редовна појава. Ѓубрењето на нивите е многу слабо бидејќи собраните количини на ѓубриво се доста мали, но и овие ѓубрива што се фрлаат на нивите немаат вредност, зашто во ниту една СЗР нема уредени ѓубришта. Примената на вештачки ѓубрива исто така е мала, но во однос на поранешните години е направен извесен чекор. Поради заостанатоста на земјоделскиот производител за примена на вештачкото ѓубриво нема разбирање, а таму каде што во извесен степен се успеало, поради сушата во последните две години се постигнати слаби резултати што доведе до уште поголема незаинтересираност во нивното стопанство. Односот на комунистите спрема агротехничките мерки со ништо не се разликува од другите задругари. Сите овие моменти условуваат многу ниски приноси во задругите, кои во

последните години се доста пониски од просечните предвоени приноси.

Речиси во сите ридски реони постојат значајни вишоци од неискористена работна сила. Како типичен пример за ова може да послужи Тетовската околија каде што на еден задругар способен за работа отпаѓаат 0,90 ха обработлива површина. Според постојната состојба во Тетово, на сите видови работа во земјоделството еден задругар способен за работа може годишно да заработи максимум 116 работни дена. При оваа сметка се калкулирани, на пример, на 1 ха пченица 60 потребни работни дена, за 1 ха пченка 90 работни дена итн. Во Охридска околија на еден задругар способен за работа отпаѓа 1,2 ха обработлива површина. Овој вишок на работна сила секако би можел да се смали доколку задругите би го прошириле своето производство. Од друга страна, кај СРЗ во рамничарските региони, во поголема или помала мера, во околиите се чувствува недостаток на работна сила. Причината за ваквата состојба првенствено лежи во примитивните средства за работа (срп, дрвено рало, слаби запреги итн.) кои условуваат многу ниска продуктивност на трудот, но исто така таа е условена од слабата организација на работата (невоведен бригадно-групен систем, незаинтересираност на задругарите за работа, слабата дисципина итн.). Сега околиските комитети (Кавадарци) тврдат дека овој недостаток на работна сила се јавил како последица на иселувањето на Турците во Првата светска војна. Кај извесен број на СРЗ во рамничарските реони недостатокот на работна сила се чувствува само за време на жетвата (привиден недостаток но реален вишок), додека во другите околии работната сила не е доволно искористена. Тоа особено е случај во Овче Поле и сл., каде што е застапена монокултура на житарици. Со разновидно производство и со подобра организација на работата со помош на мало зголемување на механизацијата, постојната работна сила би била сосема доволна, а потоа и рационално искористена. Проблемот на работна сила би можел донекаде да се ублажи и со отворање на сезонски детски градинки, со што би се ослободил поголем број на женска работа сила. За ова кај задругарите постои интерес, но управите на задругите за тоа не водат смет-

ка или велат дека немаат простории (Кочани), иако тоа прашање би можело да се реши. Советот за земјоделство, како и Главната задружна дирекција во Скопје, во соработка со Министерството за труд на републиката, би морале на прашањето на работната сила, особено во ридските региони, да посветат поголемо внимание, бидејќи во овие задруги постојат големи резерви на вишок на работна сила која би можела да се повлече во другите стопански гранки.

Карактеристично е за најголемиот број СРЗ, со проблемите на управувањето и производството најчесто да се занимава ограничен број луѓе, главно од управата или самиот претседател, додека задружните колективи како целина, а често и управните одбори како целина, не учествуваат во решавањето на проблемите. Обично се добива одговор „тоа го знае управата".

Во поголемиот број посетени СРЗ проблемот на социјалниот фонд не е решен. И таму каде што тој постои е одвоен сосема мал дел од приходот на задругата, така што социјално необезбедените, во најголемиот број задруги останувале без минимални средства за живот. Има доста тешки случаи вдовица со голем број мали деца кои од социјалниот фонд не добивале ништо. Во истата положба се наоѓал голем број старци. Во Кумановска околија, од 24 СРЗ само 4 формирале социјален фонд, а пак на пример, во селото Џумајлија, околија Светиниколска, оставени се преку 80.000 динари за социјалниот фонд, а во Првото полугодие е дадено околу 3.000 динари, иако во задругата има социјално загрозени лица. Во СРЗ во кои постои социјален фонд, голем проблем во однос на социјалното необезбедените претставува фактот што тие во текот на годината не добиле никаков аванс.

Еден од најголемите проблеми на СРЗ е покуќнината. При формирањето на СРЗ кај големиот број од нив постоеше тенденција да се изврши целосна колективизација на средствата за производство, не оставајќи воопшто покуќнина. Дури на крајот на 1949 и во текот на 1950 година, ставот во однос на покуќнината е променет, но во поголемиот број околии се отишло во друга крајност. При доделувањето на покуќнината на одделни домаќинства правени се многубројни грешки. Така, на

пример, кај голем број на СРЗ оставена е многу поголема покуќнина отколку што предвидуваат правилата. Во СРЗ Роганче, околија Титов Велес, една третина од целокупната обработлива земја отпаѓа на покуќнината или, во другите задруги од истата околија, има примери запуштената земја да се пробива и да се приклучува кон покуќнината. Во СРЗ „Наум Наумовски", околија Дебар, под покуќнина се наоѓаат 65 отсто ораници во однос на површината со која располага задругата (СРЗ има ораници 42 ха, а за покуќнина има 27,5 ха). Во СРЗ „Стогово" (истата околија) на ораници отпаѓа нешто преку 60 отсто. Одделни домаќинства зеле поголем број добиток за своја куќнина и од заработените трудови дни денес не можат да се прехранат. Во СРЗ во Страцин, околија Куманово, член на управниот одбор на СРЗ за куќнина има 50 грла овци. Во СРЗ во Волино, околија Охрид, задругата нема ниту една овца, а одделни задругари за своја покуќнина имаат до 20 овци (кога во 1948 година била создадена задругата, во селото немало ниту една овца). Во СРЗ "Наум Наумовски", околија Дебар, има 144 грла овци, а за куќнина 220 или кај сите СРЗ во околијата Тетово крупен рогат добиток во СРЗ има 2.220 грла, додека за куќнината има 3.000 грла. Во некои СРЗ задругарите веќе набавуваат работен добиток и инвентар со кој работат под наем на приватниците или од приватниците земаат земја под наполица (СРЗ „Лазар Килишевски", околија Свети Николе"). Во СРЗ Страцин, околија Куманово, на куќнина има 112 коњи, а во самата задруга 11 коњи. Задругарите вака големиот добиток за куќнина можеле да го чуваат и поради тоа што потребната сточна храна ја добивале од задругите без оглед на заработените трудови дни, т.е. според своите потреби. Во некои СРЗ добитокот за куќнината е чуван и хранет заедно со задружниот добиток. Во селото Ваташа, околија Кавадарци, Сливово, околија Охрид итн., постои тенденција за целосно ликвидирање на куќнината (во Ваташа се борат и преку својата партиска организација).

Во мнозинството од посетените околии СРЗ уште не почнале со исплата на внесениот инвентар. Тоа придонесува задругарите и натаму да се чувствуваат како сопственици, а има случаи некои да го бележат својот добиток и инвентарот.

(Селото Барбарево, околија Свети Николе, каде што велат „нека се знае дека тоа е мое”).

Во НР Македонија се формирани „фондови за механизација” во сите околии, од кои во 15 околии се формирани во ноември 1950 година, а 12 во текот на февруари и март и 1951 година. Карактеристично е што при основањето на „фондовите за механизација” кај околиските комитети имаше неправилно сфаќање на улогата и задачите на овие фондови. Како резултат на тоа, најголемиот број на фондови уште и денес располага со многу слаби и малубројни кадрови. Поголемиот број на сегашни директори на фондовите не се луѓе кои се дораснати за решавање на стопанската проблематика пред која стојат „фондовите”. На пример, директорите на фондовите во СВ. Николе, Куманово и Дебар. Покрај ова фондовите располагаат главно со по еден земјоделски стручњак, кои во најголемиот број случаи се млади и неискусни, а другиот персонал исто така не е дораснат во квалитетот. Поради тоа фондовите организациски се многу несредени.

Советите на фондот се состануваат многу ретко (во Титов Велес од формирањето во октомври 1950 год. до јуни 1951 година се состана само двапати. На закажаниот состанок во јуни од 120 члена на состанокот присуствувале само 20). Одделни фондови сѐ уште не располагаат со никаква работилница за поправка на машините и алатите (Титов Велес.) Во работилниците на фондовите поправката на машините на основа на постојните прописи е поскапа отколку во приватните работилници (СРЗ во Растиње, околија Кавадарци за поправката на еден трактор платила преку 120.000 динари за првите четири месеци). Постојното напатствие со кое се пропишани цените треба да се ревидира.

Со проблемите за организација на работата и производството во СРЗ досега, освен некои исклучоци, фондовите практично не се занимавале. Во мнозинството фондови сѐ уште не се на чисто со кои задачи тие треба да се занимаваат. Поради тоа постои опасност дека фондовите такви какви што се сега може да станат кочница за натамошниот правилен развој на СРЗ. Тие сега главно се занимаваат со комерцијалната линија и

тоа првенствено со набавката на машините, разни делови итн. Но, ниту комерцијалното работење не го развиле во целосна мера. Така, на пример, фондот за механизација во Св. Николе, и покрај тоа што располага со три камиони и околу 20 службеници во својатата трговска мрежа, воопшто нема организиран откуп на земјоделските производи кај СРЗ, која за време на жетвата не е во можност сама да го снабдува пазарот. Од тие причини во Св. Николе населението не е целосно снабдено со основните прехранбени артикли (млеко, сирење, зарзават итн.). Во последно време фондовите организирале ревизија на сметководството на СРЗ (околија Кавадарци, Св. Николе, Кочани итн.).

Треба да се напомне дека во последно време значењето и улогата на фондовите е правилно сфатена. Многу фондови добија поквалитетни кадри (околија Кавадарци, Тетово итн.).

Кон ориентацијата на СРЗ за излез на пазарот, фондовите во поголемиот број околии пристапиле со задоцнување. Првиот пишуван документ на Главната дирекција на задружното земјоделство во Скопје за отворање на задружни продавници на кои се наиде датира од 4.IV.1951 година. Од оваа причина, како и поради слабоста на самите фондови, а и едностраното производство на СРЗ во текот на април и мај, од 979 СРЗ во Македонија свои продавници отвориле само 35 СРЗ. Фондовите за механизација отвориле околу 40 свои продавници. Вкупниот досегашен промет на задружните и фондовските продавници изнесува 46.880.000 динари. Карактеристично е што во околијата Св. Николе, од 50 СРЗ свои продавници немаат ниедна, од 39 СРЗ во Кочани, продавници нема ни една, од 59 СРЗ во Кавадарци, исто така, ниедна не располага со своја продавница итн. Во врска со прашањето за излез на СРЗ на пазарот, посебно се поставува прашањето на исплатата за продадената стока. Некои фондови и банки директно го дестимулираат излегувањето на задругите на пазарот, зато што уплатите на нивните тековни сметки им се префрлаат поради старите долгови на своите сметки. Како последица на ова постои сериозна тенденција кај поголемиот број на СРЗ да се претворат во натурални стопанства т.е. целокупното производство да го апсорбираат самите задругари и на пазарот да настапуваат како приватници,

додека, од друга страна, задругарите и задругите економски се многу слаби. Упатството на главната централа на Народната банка на Македонија, со кое на одделни филијали им е наредено старите долгови на СРЗ да не им се исплатуваат тековно, туку на крајот од годината, испратено е дури во месец мај. Меѓутоа, има случаи дури и во јуни банките да се придржуваат на ова упатство (околија Дебар, Св. Николе итн.). Во околијата Кавадарци ова упатство дури во втората половина на јуни најде своја примена.

СРЗ, во голем број, не добиваат аванс за оние кои што добивале, според просекот на минатогодишните трудови денови, за кои е познато дека биле многу мали. И ова доста влијае на расположението на задругарите, затоа што во текот на целата пролет не можеле за своето семејство да ги купат ни најосновните работи.

Во однос на капиталната изградба СРЗ, со исклучок на распределбите добиени од инвестициските кредити и делумно од набавката на градежен материјал, фондовите за механизација досега не постигнале некои поголеми резултати. Организациската несреденост на фондовите оформени во 1950 година беше причината што тие не беа во состојба да влијаат на СРЗ да обезбедат градежен материјал од сопствени извори во текот на зимските месеци. Така сега се доделени кредити, кои секако дојдоа доста доцна, ги затекнаа задругите во екот на најголемите сезонски работи сосема неподготвени. Од овие причини, за постапно искористување на доделените инвестициски кредити и извршувањето на планот на капиталната изградба, кај СРЗ постојат слаби изгледи. Прашањето на капиталната изградба кај мнозинството СРЗ во обиколените околии претставува мошне акутен проблем. Поради недостатокот на поголеми објекти, добитокот и денес е сместен во мали примитивни штали што доведува до многу проблеми (отежната организација на работата, контрола на исхраната и негата на добитокот со зголемување на трошоците и др.). Покрај тоа, во досегашната изградба на објекти на фондовите, СРЗ дадоа доста слаба непосредна помош. Така во задругата во селото Челопек, Тетовска околија, изградбата на една поголема шупа за машини и инвентар била препуштена самата на себе. Бидејќи објектот е граден

без помош на стручњаци, пролетта се урнал од еден посилен ветар. Во СРЗ околија Куманово, изградени се објекти кои стојат неискористени, додека, од друга страна, не изградиле основни објекти - штали, иако крупниот рогат добиток бил сместен во приватни штали. СРЗ во селото Возарци, околија Кавадаречка, од сопствените обртни средства, уште во 1949 година изградила една штала за 60 грла крупен рогат добиток и свињарник за одгледување на 100 свињи, кои уште оваа година ја користат во еден дел бидејќи располагаат со 7 крави, 20 работни волови и со 21 маторица за приплод. Сега шталата и свињарникот имаат намера да ги преадаптираат за магацин.

Одобрените инвестициски кредити, покрај тоа што се мали, нема да може да се искористат бидејќи предоцна се одобрени, а претходни ориентации за подготвување на материјал немаше или биле незначителни.

Тешкотиите во реализацијата на одобрените кредити за СРЗ се појавија и поради тоа што, според постојните прописи, СРЗ не може да набавуваат градежен материјал, добиток и друго од приватници, како ни од земјоделски задруги туку само од државни претпријатија. Бидејќи државните претпријатија не располагаат со наведената стока во соодветна количина, со тоа практично е оневозможена целосна реализација на постојните кредити. Одобрените кредити за набавка на материјал за садење (овошен и лозов) се минимални (5-6.000.000 динари), додека за оваа цел на СРЗ им биле неопходни 80.000.000 динари.

Многу е важно да се подвлече фактот што сегашните фондови од разни претпријатија презеле голем број земјоделски машини и направи, кои веќе неколку години лежат во магацините како некурентна стока. Во магацините на фондовите лежи исто така и добра количина вештачко ѓубриво што е набавено уште во 1946 година. Ваква стока во значајни количини има во магацините на сите фондови за механизација. Според податоците кои постојат во републичкото претпријатие “Орач” во Скопје, произлегува дека во магацините лежи само следната стока: 250 прашалки, 110 сеалки за памук, 13 моторни секачи, 12 рачни секачи и 500 железни брани. Меѓутоа, само во магацинот на фондот во Кавадарци има 245 железни брани, 131 пра-

шач, 67 парчиња плугови, 26 парчиња рачни секачи, 8 преси за грозје, 60 сејачи за памук, 14 плугови за пченка, 14 тријачи и 62 вагони вештачко ѓубриво. Интересно е дека во магацинот на фондот во Дебар, меѓу другото, се наоѓа и еден селектор на електичен погон, како и 4 моторни секачи, иако истите во оваа околија не може да се употребат. Во околијата Куманово, меѓу другото, лежат и 150 сејачи за пченка, 20 парчиња плугови од УНРА[291], 8 секачки за слама и 200 тона вештачко ѓубриво. Во околијата Св. Николе лежат 200 плугови, 150 прашачи, 50 железни брани, 4 косилки, 5 тријачи, 2 селектора итн. Од ова се гледа дека претпријатието „Орач" има недоволен увид во вистинската состојба на теренот. Овој проблем треба што побргу да се реши.

Земјоделските задруги

Во некои од посетените околи, околиските сојузи на земјоделските задруги со одлуките на ОНО се ликвидирани, а јоделските задруги, без оглед на процентот на колективизацијата на селата, со истите одлуки се приклучени на СРЗ. Во околиите каде што ова не е направено околиските задржни сојузи и земјоделските задруги од општ тип постојат само формално. Нивното работење е сведено на минимум, а нивниот однос со државната трговска мрежа уште не е расчистен. Во земјоделската задруга во селото Модрич, Дебарска околија, има многу малку стока и тоа некурентна, која таа ја добила по наредба на ОНО од државното тровско претпријатие уште пред зголемувањето на цените на индустриските стоки, а за која добила пресметка еден месец подоцна по воведувањето на високите цени. На истата задруга ОНО, во ноември минатата година и наложил да прими околу 270 овци од СРЗ во Галичник затоа што таа не можела да ги прехрани во текот на зимата. Поради тоа што тие биле најслабите овци и поради неподготвеноста на задругата да ги прифати, умреле преку 80 овци. Во ова село нема СРЗ. Овој пример јасно го илустрира односот спрема земјоделските задруги од општ тип.

[291] Види фуснота бр. 101

Градските економии на Скопје и Куманово

Кон создавањето на овие економии се пристапило во 1947 и 1948 година. Градскиот и околиските одбори располагале со безначајни или никакви земјишни фондови, така што економиите се создавани врз основа на експропријацијата на земјиштето од приватниците. Во тоа време имало некои случаи поединци да се откажуваат од својата земја, но одборите од нив не земале писмен документ, така што и тие сега ја бараат својата земја. За оваа експропријација не постоела законска основа и на оние од кои е земена земјата не им се издавани никакви решенија. ГНО во Куманово на некои домаќинства во текот на 1949 и 1950 година им издавал решенија за експропријација која ја потврдило Претседателството на Владата на НР Македонија, додека ОНО Куманово и ГНО Скопје, за целото време не давале никакви решенија.

Со оваа неправилна постапка за одземање на земја биле погодени 800 домаќинства во градот Скопје, 160 домаќинства во градот Куманово и околу 320 во околијата Куманово. Ваквиот начин на одземање на земја од самиот почеток создал незадоволство кај оние кои со оваа мерка беа погодени, а во последно време тоа негодување сè повеќе се зголемува и сопствениците бараат да им се врати земјата. Во мај 1951 година во градот и околијата Куманово се формирани комисии кои имаат задача да испитаат кому, според нивното мислење, треба земјата да му се плати, а која ќе ја задржат. Комисиите се формирани со задача да ги расчистат сите спорни случаи, а во прв ред оние кои се економски загрозени, т.е. да им се врати земјата. Бидејќи народните одбори се на мислење дека економиите треба и натаму да се задржат, со тоа еден дел од домаќинствата и натаму ќе остане загрозен. Така, на пример, во градот Куманово спрема предлогот на комисијата би останале уште 30 домаќинства чија земја би ја задржале со тоа што на некои во замена да им се даде друга земја. Мнозинството од нив не сакаат да примат земја на друго место бидејќи нивната е со многу подобар квалитет и таа се наводнува, додека во околијата Куманово и натаму би ја задржале земјата околу 90 домаќинства. ГНО во Скопје во последно време почна исто така со разгледувањето на спорните

случаи со намера на оние кои лошо стојат економски да им ја вратат земјата. Според нивното мислење вакви случаи би биле малку, иако сите интересенти ја бараат земјата. За тоа најдобро зборува случајот со економијата на III реон каде што од 138 домаќинства, при што беше повикан и реонскиот одбор поради спогодување, само едно домаќинство се согласи земјата и понатаму да остане сопственост на економијата. Сличен е случајот и кај другите економии. Решенијата за екпропријација кои сега се врачувани во Скопје, заинтересираните донаќинства одбиваат да ги примат. Законските основи за задржувањето на оваа земја, како во Скопје така и во Куманово, нема, но и покрај тоа, градските одбори се на мислење дека поради снабдувањето на градот, економиите, макар и под овие услови, треба да се задржат. Факт е дека економиите се многу важен фактор за снабдувањето на градот и усогласувањето на цените на пазарот.

Економиите во Скопје оваа година покажаа доста добри резултати во производството на ран зарзават и излегувањето на пазарот. Нивниот капацитет на производство е толкав што, според планираното производство, може да ја задоволи половината од сите градски потреби. Постојат и објективни причини поради кои резултатите не се поголеми, како на пример, расцепканоста на земјиштето на 48 економии, кои до 1950 година им припаѓале на разни претпријатија и установи. Во Куманово стопанисувањето на економиите било нешто полошо, така што приносите биле помали отколку кога земјата била во рацете на приватниците. За ова особено придонела слабата организација на работата и недоволната стручна помош, за која не се бореле нити притискале партиската организација, а нити работничкиот совет.

Економијата во Куманово само во 1950 г. имала околу 2 милиони динари загуба. На оваа економија имало и расипништво и кражба и за сето тоа не се преземале енергични мерки. Ова се случувало и поради тоа што до влегувањето во сила на Уредбата за штедење од економиите со разни производи се снабдувале членовите на комитетите и одборите, што оставало многу лоша слика и влијаело на политичкото расположение на

масите во градот, а особено на оние на кои земјата им била експроприрана.

Работничките совети

Во сите поголеми претпријатија работничките совети се избрани пред стапувањето на сила на Законот за работничките совети.[292] Тие работнички совети останале во истиот состав и по донесувањето на Законот, освен што избрале и свои управни одбори. Во почетокот на оваа година извршени се повторни избори во речисисите претпријатија поради промените што настанаа со одењето на некои членови на работничките совети од претпријатијата, како и поради неправилниот состав на работничките совети (поголем број службеници отколку што е предвидено со законот). Повторните избори се покажале како корисни затоа што придонеле за организациско зацврстување, заживување и активирање, како и за подобра работа на работничките совети.

Што се однесува на работата на работничките совети, треба да се подвлече разлика која постои меѓу нив во индустриските претпријатија (каде што се доста подобри) и градежните, локалните, стопанските и трговските претпријатија (кои се доста слаби).

Во индустриските претпријатија работничките совети се главно зацврстени и нивното управување со производството, и покрај извесни слабости, доста се чувствува. Речиси без исклучок овие работнички совети поставувале на дневен ред прашања за исполнувањето на планот на производството. Членовите на работничките совети успеале подобро да ги запознаат проблемите на производството и во голема мера да ги мобилизираат работните колективи на отстранувањето на организациските слабости во процесот на производството, да го подобрат квалитетот, да ги смалат отсуствата и др. Многу поретко работничките совети претресувале проблеми од економско-финансиско-

[292] Се однесува на Основниот закон за управување со стопански претпријатија и повисокиот степен здруженија од страна на работничките колективи, донесен од СС на ФНРЈ "Службен лист на ФМРЈ" бр. 6/1951 г.

то работење на претпријатијата, па дури и кога тоа го правеле, го правеле површно и со недоволно познавање на проблематиката, отколку што било случај со производството. Поради тоа некои претпријатија западнале во големи материјални и финансиски тешкотии, а работничките совети почнале да се занимаваат со овие прашања дури откако овие тешкотии посилно се почувствуваа на нормалното работење на претпријатијата. Металскиот завод "Тито" од Скопје во текот на 1949 и 1950 година имал околу 2,7 миони динари загуби во економијата, поради што им е блокиран фондот на раководството. Истиот завод има околу 18 милиони динари вредност на незавршеното производство, потоа извесен број машини за чистење на памукот кои не одговараат и не може да се продадат, што за еден ваков колектив (околу 400 работници и службеници) е голема пречка за правилно работење. Меѓутоа, има работни колективи кои ги решавале прашањата на асортиманот и организацијата на продажбата на своите производи во зависност од побарувачката на пазарот. Добар успех во оваа насока постигна работничкиот совет на фабриката за цигари во Скопје, како и на текстилната индистрија „Кузман Јосифовски - Питу" во Скопје.

Давањето предност на проблемите на производството на сметка на другите прашања од кои зависи нормалната работа на претпријатијата, во голема мера е одраз на управната линија (главниот директор, директорот, инженерите и другите раководители на претпријатијатието), во однос на која овие прашања се заострувани и поставувани пред работничките совети. На прашањата за условите за живот на работниците, заштитата на работата и другите слични прашања кои завлегуваат во секојдневните животни интереси на работниците, работничките совети не им обрнале речиси никакво внимание. Ако некогаш е поставено на дневен ред некое од овие прашања, тоа се однесувало на пуштањето или примањето на работа на работници или службеници, наградувањето и слично. Ваквиот начин на поставувањето на работничките прашања доведе до тоа работниците да не бидат во целосна мера заинтересирани за учеството во управувањето со производството, зашто во тоа не го гледале поврзувањето на своите животни интереси со интере-

сите на претпријатието. Во извесна мера на таквата состојба кочница е и сегашниот начин на финансиското работење на претпријатието, но тоа не може да послужи како целосно оправдување, зашто не е направено ниту тоа што во овие услови може да се направи. Примерот на фабриката за цигари во Скопје, каде што целиот работен колектив се заинтересира за работа на претпријатието кога се постави прашањето дали треба да се намали производството, односно да се отпушти поголем број работници поради големите залихи на цигари кои не може да се продадат, покажа дека во претпријатието може да се решат успешно и потешки прашања. Тогаш на работничкиот совет му биле дадени многу корисни предлози во врска со продажбата на цигари, а во договор и соработка со органите кои продаваат цигари, како и поради некои измени во квалитетот и асортиманот, работничкиот совет можел оваа тешкотија да ја надмине без последици.

Состојбата на работничките совети во градежните претпријатија е многу полоша. Влијанието на работничките совети речиси не се чувствува. Точно е дека во извесна мера за тоа придонесуваат сезонските работници, кои во овие претпријатија ги има во поголем број (со договор за работа на 3 месеци). Но сите слабости не може да се правдаат со овој објективен момент, како што сакаат тоа да го прикажат раководителите на претпријатието и на партиската и на синдикалната организација. Работничкиот совет на градежните претпријатија (Хидроцентрала Маврово, Градежно претпријатие „Вардар" - Титов Велес) организациски не се средени. На градилиштето Маврово има три главни градилишта и дирекција со низа помали градежни објекти, растурени на простор од повеќе десетици километри, со еден работнички совет кој не е во можност да раководи со претпријатието; понатаму, претседателот на работничкиот совет е секретар на партискиот комитет, а не е службеник на претпријатието; истото се однесува и на претседателот на синдикалниот одбор и на раководителот на младинската организација, кои не се службеници или работници на претпријатието, а се членови на управниот одбор, односно на работничкиот совет. Речиси сите членови на управниот одбор (освен двајца) се

од дирекцијата или се раководители. Претпријатието „Вардар" Титов Велес се создало со фузија на три помали претпријатија, а градилиштата му се наоѓаат на територијата на три околии. Секое претпријатие го задржало својот работнички совет, додека работничкиот совет на новото претпријатие не е избран, така што со претпријатието всушност директорот управува сам.

Во локалните индустриски претпријатија, како и во трговските претпријатија, кои не бираат работнички совети, туку само управни одбори, уште повеќе до израз доаѓа директорот како единствен раководител кој управува со претпријатието, додека управниот одбор ја презел функцијата на работнички совет, а целиот колектив (кој всушност е работнички совет) не учествува во управувањето со претпријатието. Работата на повисоките стопански здруженија не се чувствува доволно во претпријатијата. Олеснување во работата на претпријатијата се чувствува единствено доколку нема секојдневно мешање во разни покрупни и ситни задачи, како што било тоа порано додека постоел броен службенички апарат на главните дирекции. Повисоките стопански здруженија односно главните дирекции (каде уште не се бирани работнички совети на повисоките стопански здруженија), преку своите органи (главниот директор, главните инженери и другите административно-технички лица) во извесна мера ги потценуваат работничките совети во претпријатијата, тие речиси сите работи ги завршуваат преку директорот и административно-техничкиот апарат на претпријатието (не само работите кои треба без исклучок да ги решава директорот и неговиот апарат), а многу малку преку работничкиот совет (особено ова е случај кај сите претпријатија на Градскиот народен одбор на Скопје).

Продолжувањето на ваквиот начин на работа со претпријатието би можело мошне негативно да се одрази при прифаќањето на новиот финансиски систем, кој ќе бара многу поголема активност и познавање економско-финансиското работење на претпријатието, од една страна поради пласирањето на производите на пазарот и правилното наградување на работниците, а од друга поради потребата на поголема контрола на административно-финансиското работење на претпријатието.

Кај еден дел од членовите на работничкиот совет се чувствува активност во смисла на рентабилиноста на производството, барањето на пазарот (фабрика за цигари, фабрика за кожи, фабрика за текстилни ткаенини „Кузман Јосифовски - Питу" Скопје), но оваа активност во целина не е задоволителна и не ги опфаќа сите членови на работничкиот совет, а работните колективи во многу мала мера.

Благодарение на досегашниот начин на работа на работничките совети, за дневниот ред се известуваат ден или два пред седницата или дури на самиот ден на седницата. Се разбира дека овој рок е краток за работничките совети и особено работните колективи да можат да учествуваат во подготовките за седниците. Така, всушност, дневниот ред им се наметнува на работничките совети. Во дискусиите најчесто учествуваат членовите на работничкиот совет кои се раководители во претпријатието, а многу помалку членови на работничкиот совет кои се работници, бидејќи тие малку се запознаени со прашањата на дневниот ред или често со нив се запознаваат дури во текот на самата седница.

Последицата на ваквиот начин на работа е што работниот колектив дури по одржаната седница се запознава со претресените прашања (и тоа работничките совети не го прават секогаш и сосема доволно) и со одлуките на работничкиот совет, додека од друга страна одлуките не се плод на подлабоко познавање на работите и плод на поширока дискусија. Затоа и спроведувањето на одлуките на работничките совети оди доста бавно, а бројот на нереализираните одлуки од една до друга седница на работничкиот совет постојано се зголемува.

Партиските организации, синдикалните организации во претпријатијата, директорите и раководителите на претпријатието сакаат да ги прикажат овие поголеми пропусти во работата на работничките совети како последица на културната заостанатост на работниците и младоста на на работничката класа во оваа република. Меѓутоа, многу добро забележал еден работник член на работничкиот совет во фабриката за кожи во Скопје: „Раководителите на претпријатието се подготвуваат за седница по еден месец, а работниците најмногу два дена, и јасно

е дека во дискусијата не може да учествуваат исто". Истиот тој работник на состанокот на управниот одбор на работничкиот совет рече дека во претпријатието најважен е директорот на претпријатието, зашто многу од работите ги решава сам, понатаму управниот одбор кој почесто решава некои работи, па дури потоа работничкиот совет, бидејќи се состанува најмногу еднаш месечно. На неговото мислење му се спротивставија другите членови на управниот одбор на работничкиот совет, особено оние кои се раководители на претпријатието, убедувајќи го дека тие на многуте предавања и семинари ги запознавале работниците со задачите и значењето на работничкиот совет, па се чудат што и потоа нему работите не му се јасни. По долгата и остра дискусија, овој работник рече: „Мене веќе во почетокот на дискусијата сите работи ми беа јасни, но мислев дека на членовите на управниот одбор на раководителите на претпријатието тие не им се јасни, зашто ме чуди тоа што едно зборуваат и сега и на предавањата за работнички совети, а работат токму обратно од она што го зборуваат".

Досегашната пракса на свикување на седници и работата на работничкиот совет придонесе внатре во работничкиот совет да има многу слабо развиена борба на мислења, макар што меѓу самите членови на работничкиот совет има разни мислења за ова или она прашање, што може добро да се забележи во разговорот со одделни членови на работничкиот совет или одделните работници во претпријатието. Меѓутоа, заклучоците кои ги донесува работничкиот совет не се резултат на дискусијата и борбата на мислења на одделните негови членови. Постои извесен отпор спрема некои одлуки на повисоките стопански здруженија или главни дирекции кои се гледаат во критиката и неусвојувањето на некои одлуки, како што е, на пример, случајот со работничкиот совет на Термо-електраната во Скопје, кој не го усвојува нереалниот план за производство добиен од повисокото стопанско здржение. Исто така, на советувањето што го одржавме со членовите на работничките совети на некои претпријатија во Скопје, покажана е мошне остра критика на работата на едни претпријатија од страна на други за прашањето на квалитетот, асортиманот, цената, платата на работниците итн.

Меѓутоа, внатре во еден работнички совет критиката на работата и борбата на мислења ни оддалеку не се вака остри.

Трговија и снабдување

Речиси во сите посетени градови може да се констатира дека многу мерки за регулирање на прометот на стока, донесени годинава, главно се правилно сфатени и применети и дека на секторот за промет со стока во градот се постигнати успеси. Овој напредок особено е видлив во градските претпријатија и продавниците каде што, и покрај извесни грешки, се чувствува нов комерцијален дух и залагање за зголемување на прометот.

Обезбеденото снабдување со леб, а особено со масло и со шеќер, доцни. Маснлото и шеќерот во некои градови (Тетово, Титов Велес, Куманово, Струга) на потрошувачите им се издаваат дури околу средината на месецот. За ова доцнење не се причина само објективните причини, чие што одлагање не е во можноста на локалните и републичките органи (на пример, како задоцнето пристигнување на масло од увоз), туку е констатирано дека со побрза работа и подобра организација на работата ова задоцнување би можело доста да се намали. Населението главно ги прима предвидените количини на артиклите со обезбедувањето на снабдувањето, освен со месо, кое не го имаа во доволни количини поради слабиот откуп во околиите.

На слободниот пазар цените на зарзаватот и на дугите земјоделски производи сè уште се високи ако се земе предвид дека тие се главно земјоделски околии и дека со подобра организација и довезувањето на поголеми количини стока на пазарот, цените би можеле видливо да се намалат (Охрид, Куманово).

Во градовите нема доволно ОС продавници, земјоделски задруги и СРЗ, а постојните продавници на СРЗ се многу слабо снабдени со разновидна стока, нивниот начин на работење, нивниот изглед и начинот на опслужување на потрошувачите се некултурни.

Додека се постигнати извесни успеси во градот, дотогаш прашањето на трговијата и трговската мрежа во селото не е решено. Околиските народни одбори и околиските комитети не ѝ даваат доволно помош на трговијата во село. Поверенствата

за трговија на околиските народни одбори речиси и не водат трговска политика во својата околија, туку повеќе се занимаваат со разни ситни оперативни работи кои треба да ги завршуваат самите претпријатија и задруги (Кочани, Куманово, Струга и Охрид). Поради тоа, како и поради недоволниот кадар, трговијата во село се наоѓа во несредена состојба. Таа не само што не напредува, туку се стеснува. Постои тенденцијаод страна на Главната дирекција за трговија и снабдување во Скопје и ОНО продавниците на земјоделските задруги од општ тип да се ликвидираат и да им се предадат на СРЗ, па дури и во оние села каде што само еден дел од домаќинствата влегол во СРЗ, а тоа го доведува во прашање редовното снабдување на оние домаќинства кои не се во СРЗ затоа што и околиските немаат своја развиена мрежа во селата. Почнувајќи од Главната управа за трговија и снабдување од Скопје па надолу, постои тенденција еден поголем број продавници на земјоделските задруги да се ликвидира или со разни фузионирања нивниот број да се намали. Според изјавата на поверникот за трговија на ОНО Куманово, од страна на Главната управа од Скопје е дадена сугестија да се испраќа што помалку индустриска стока на село, квотата на персоналот за трговија е толку ограничена што немаат можност за проширување и отворање на нови задружни продавници, зашто за тоа потребниот прсонал не може да добие карти за снабдување. Претседателот на Околискиот задружен совет во Куманово вели дека на едно советување во Скопје, во Главната управа за трговија било речено дека „не може да дозволат трговијата да се шири на село”. Тие мерки се правдаат со нерентабилноста на одделни задруги и недостатокот на стручен трговски кадар, додека главните причини на нерентабилноста не се претходно доволно анализирани, не е доволно проучено тоа колку помош им е дадена на задругите од општ тип од страна на околиските народни одбори и партиските организации за да го прошират своето поле на работа и да воведат нови гранки на работење (сточарство, живинарство, пчеларство, отворање на занаетчиски работилници, локална индустрија и др.) и на тој начин да излезат од зачмаеноста во која западнаа и да станат рентабилни. До каде се оди со тенденцијата за ликвидирање на

задругите од општ тип и на нивното намалување (иако Околискиот сојуз на земјоделските задруги во Куманово интервенирал бројот на задругите да не се намалува), може да послужат следниве примери: во околијата Куманово во 1948 година имаше 62 земјоделски задруги со 75 продавници, а сега има 30 со 31 продавница, плус 4-5 продавници на СРЗ и 4 - 5 продавници на околиското трговско претпријатие. Во селата на Кочанска околија порано постоеле 44 задружни продавници, а сега има 27, плус 6 продавници на околиското трговско претпријатие, и сега се води дискусија, поради нерентабилност и недостаток на кадри, тој број да се смали на 18. Во селото Дорфулија, околија Светиниколска, без да се прашаат задругарите и врз основа на писмената одлука на ОНО, задругата од општ тип била приклучена во СРЗ, иако во селото има вкупно 30 домаќинства во СРЗ, а 210 се надвор од СРЗ. Уделот на овие 210 домаќинства изнесувал преку 70.000 динари, а задругата била активна. Во селото Лопате, Кумановско, селаните биле против укинување на земјоделската задруга и изјавуваат дека, доколку е потребно, сами ќе го плаќаат службеникот на задругата, но земјоделската задруга сепак била укината.

Додека, од едната страна, се води курс кон ликвидација на задругите од општ тип или намалување на нивниот број, од друга страна, од околиските трговски претпријатија постои тенденција во селата да отвораат свои продавници. Така, на пример, околиските трговски претпријатија од Куманово и Кочани имаат по 6 продавници во селата.

Прашањето на снабдувањето на задругите претставува посебен проблем на теренот кој не е решен. Во некои околии, од страна на околиските задружни сојузи се ликвидирани претпријатијата кои дотогаш ги снабдувале задругите. Предвидените агенции при околиските задружни сојузи сѐ уште не се секаде оформени, така што задругите се упатени главно да се снабдуваат преку околиските трговски претпријатија. Притоа тие наидуваат на тешкотии, зашто околиските трговски претпријатија не се чувствуваат одговорни за снабдувањето на задругите. Не ја продаваат подобрата стока на задругарите со задовол-

ство, „зашто таа продажба не се пресметува во извршувањето на планот за промет во претпријатието".

Ако на ова му се додаде уште и фактот дека на терен уште не се решени прашањата на трошоците ни кредитите на задругите, тогаш се гледа дека прашањето за трговијата на селото, а посебно преку земјоделските задруги, треба детално да се проучи и што побргу да се реши.

Во трговската мрежа има големи количини на некурентна стока. Натрупувањето на оваа стока е последица на грешките на набавните служби кои не го познаваат доволно својот пазар во поглед на асортиманот и на количините. Многу негативна улога овде одиграле и набавувачите платени на процент, на кои главната цел им била, поради лична заработка на задругите и на претпријатијата, да им го втурнат сè она до кое може да дојдат и на кое може да заработат (примерите се наведени во извештајот за состојбата во СРЗ).

Мерките за ликвидација на овие залихи, кои се преземени во последно време од страна на Главната управа за трговија и снабдување во Скопје, се реализираат бавно и на прилично административен начин. Од друга страна, со овие мерки е само закочена иницијативата на претпријатијата стока самите да ја продадат.

На прашањето на угостителството и општествената исхрана не е посветено доволно внимание. Слаба е организацијата на работата во угостителските објекти, раководниот кадар е слаб, а персоналот недисциплиниран и самоволен. Развиена е тенденцијата за големи акумулации, цените се високи и не се гледа намера на претпријатијата да ги намалуваат, не се прилагодуваат спрема цените на пазарот во текот на месецот. Работата, чистотата и хигиената во рестораните и хотелите е на низок степен.

(Екипата работеше на терен од 14 до 30 јуни 1951 г.)
Белград, 13. VII. 1951 год.
За екипата:
Вида Томшич (с.р.)
Стајниќ Вељо (с.р.)[293]

**65.**
**ПРИЛОГ**
**кон Извештајот на екипата формирана од страна на ЦК на КПЈ за обиколката на партиските организации во Македодонија, со согледување на финансиското работење во НР Македонија, Белград, 13 јуни 1951 година**

Прилог кон извештајот од Македонија[294]
ЗА НЕКОИ ПРАШАЊА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО НР МАКЕДОНИЈА

Прегледувајќи ја работата на Повереноството за финансии во околиите Охрид, Кочани, Ресен и Куманово, како и работата на Народната банка во сите околии, а врз основа на состојбата во МНО во спомнатите околии, може да се констатира дека економската состојба, земено во целина, е доста тешка. Ваквата состојба не може да се генерализира, зашто има околии, односно МНО, кои стојат подобро. Ваквата констатација доаѓа оттаму што СРЗ во кои живее мнозинството на населението од споменатите околии уште не успеаја економски да се развијат. Некои од задругите од објективни причини (многу слаба земја, недостаток на механизација итн.), во ова не успеале додека мнозинството од СРЗ не ги постигнале потребните резултати поради внатрешните слабости на самите задруги (многу лошо стопанисување, слабата организација на работата, кражби, неправилното наградување итн.) Приходите на задругарите

[293] Не успеавме да утврдиме кој членови уште ја сочинувал екипата бидејќи се потпишани само овие двајца членови.
[294] АПР, KMJ-II-3-a-2/30

од СРЗ се доста слаби, поради што условите за живот на задругарите се многу потешки, освен условите за живот на селаните кои се надвор од задругата, а основниот извор на приходите на задругарите, во мнозинството случаи, се приходи од СРЗ.

Понатаму, вредноста на боновите, како индустриските така и земјоделските, е многу ниска, бидејќи боновите, поради недостаток на пари, се продаваат далеку под својата вредност. Оваа појава е забележана речиси во сите околии. Покрај сето тоа, голем број од задругарите не бил обезбеден со леб, така што биле приморани да ја напуштаат работата во задругите и индивидуално да заминуваат за Војводина поради набавка на жито за прехрана на своите семејства. Ова индивидуално заминување им нанесе штета, како на поединци, така и на задругите во целина, бидејќи губеа голем број на трудови дни, додека управните одбори на соодветните СРЗ можеа да се погрижат да организираат набавка на жито од Војводина.

Меѓутоа, состојбата на приватните селани е далеку подобра, така што многу влијае на појавата на тенденции за излегувањето од СРЗ (голем број молби за излегување од СРЗ, во одделни задруги 50 отсто) што особено може да се почувствува во последно време, бидејќи приватниците многу повеќе ги користат новите мерки на нашата Влада отколку СРЗ, т.е. задругарите.

Ваквата состојба многу повеќе влијае и на наплатата на данокот. Пред сè, кога зборуваме за слабата наплата на даноците, потребно е да се задржиме кај самата организација на наплатата и навремената пресметка на данокот од изминатата година, како и благовременото определување на аконтацијата за следната година. Конкретно оваа година, дефинитивната пресметка за 1950 г. и аконтацијата за 1951 година се доставени од страна на Министерството за финансии во поверенствата за финансии со доста големо задоцнување. Наместо од Министерството за финансии на НР Македонија дефинитивно ги добијат пресметките до 9 март о.г., поверенствата за финансии ги добиле дури на 25 април. Понатаму, додека поверенствата за финансии ја вршеле целата техничка работа, мина уште повеќе време. Така во Поверенството за финансии на град Охрид задол-

жувањето за 1951 г. изнесува 6.148.531 динари. Во текот на 5 месеци, додека дефинитивните пресметки не стигнале, наплатено е вкупно 1.163.318 дин., а кога дефинитивните пресметки стигнале и даночните обврзници добиле точни задолжувања, тогаш за 10 дена се наплатени 713.000 динари. Според нашето мислење и мислењето на Поверенството за финансии, ова е резултат на запознавањето на даночните обврзници со дефинитивното задолжување на конференцијата која ја одржа комисијата со даночните обврзници. За да не е сфати погрешно, овој пример се однесува само на обврзниците од градот, кои помалу или повеќе, во поранешните месеци имале исти приходи. Вториот пример. Во Кочанската околија заостатокот од 1950 година и аконтацијата за 1951 година изнесува 10.688.164 дин., а до 21 јуни се наплатени вкупно 2.979.610 динари. Одделни поверенства работеле шаблонски задолжувања, така што имаше доста оправдани забелешки и незадоволствата од страна на даночните обврзници. Конкретно, во Поверенството за финансии на градот Куманово, комисијата која требаше да подготви материјал, да го проучи и на конференцијата да даде објаснување односно образложение и податоци за приходите врз основа на кои се извршени даночните задолжувања, излезе на конференцијата неподготвена. Така неподготвени и без податоци, не можеле да се спротистават на излагањата на одделните заинтересирани граѓани, поради што даваа ветување дека ќе се извршат исправки и на поединци ќе им се намали данокот, што всушност не го направиле. Граѓаните писмено ги добија првобитните задолжувања без никакви исправки. Поради тоа испадна дека конференциите и дискусиите се речиси бескорисни и непотребни, зашто забелешките на граѓаните воопшто не се земени предвид. Уште еден пример на шаблонско пресметување: во Куманово при пресметувањето на годишниот приход на еден фотограф му предвиделе дека градот и околија имаат 37.000 избирачи, дека сите тие имаат лични карти, па дека сите морале да се сликаат кај овој фотограф за лична карта. На основа на тоа му пресметале приход од 400.000 динари годишно. Меѓутоа, по неговите жалби и изнесени докази, приходот му е намален на 175.000 динари годишно. Понатаму, во Куманово имаме приме-

ри кога даночните обврзници не биле благовремено опоменувани, така што минувале месеци, а потоа на поединци им е наложено дека за 25 дена мора да платат сума од 50.000 - 74.000 динари. Ваков неправилен начин на задолжување и наплата на данокот предизвика незадоволство кај занаетчиите, но и кај другите даночни обврзници. На овој проблем малку му е посветено внимание како од партиското раководство на околијата и градот, така и од страна на органите на власта. Со ваквата работа во Куманово е создаден политички проблем. Кога занаетчиите разбраа дека екипа на ЦК на КПЈ се наоѓа во градот, доаѓаа да се жалат, бидејќи нивните поранешни забелешки и жалби воопшто не се решавани. Секако дека и понатаму ќе постои тенденција на шпекулација на поединци, но токму поради тоа материјалот со кој комисијата треба да располага, треба да биде среден и документиран со факти за присутните граѓани од податоците навистина да бидат запознаени со приходите на одделните обврзници и уверени дека тоа е мерило за определување на данокот.

Уплатата на акумулацијата не е редовна и слабо се спроведува. Според нашето мислење, тоа доаѓа оттаму што и самите повереонства не биле енергични во однос на наплатата. Така претпријатијата биле во состојба да ги користат неуплатените средства без оглед што на тоа немаат право. Во Кочанска околија на име на акумулација за 1950 г. требало да се уплатат 6.209.000 динари, а биле наплатени вкупно 1.523.000 динари. Вакви примери се повторуваат, повеќе или помалку, во Кумановска, Охридска и Ресенска околија. Сметаме дека во иднина би требало поверениците за финансии да одржуваат поцврста врска со директорите на претпријатието и да ги натераат на извршување на обврските што претпријатијата ги имаат. Во спротивност, ваквата состојба постојано ќе се повторува. Според податоците што ги добивме, поради ваквиот начин на работа, кој ја крши финансиската дисциплина, уште никој од раководителите на претпријатијата не бил казнет.

Од членовите на управните одбори и одделни задругари, членови на СРЗ, дадени се многу забелешки дека Народната банка ги кочи во работата поради тоа што не им ги исплатува

побарувањата од 1950 г. и не им дава аванс за 1951 г. Меѓутоа, овие жалби беа неосновани, што се утврди кај Народната банка. Според податоците што ги добивме од Народната банка, банката никаде каде што имало покритие не била кочница по прашањето на исплатата. Меѓутоа, лошото е во тоа што задругите не ги имале расчистено своите работи зашто сметководствата не им биле ажурни, така што не можеше да се констатира вистинската состојба на побарувањето. Освен тоа, одделни одбори на одделни задруги немале правилен став за прашањето на финсниското работење, бидејќи на некои задругари кои имале поголема заработка им исплатувале помалку, додека на оние кои имале помали побарувања, па дури и долгови, им исплаќале повеќе. Во Старо Нагоричани 17 задругари имале побарувања од задругата од 1950 г. 152.400 динари, други 17 задругари имале долг во СРЗ од 1950 г. 265.459 динари, а добивале уште аванс од 84.755 динари, и покрај толку високиот долг од минатата година. Ваквиот начин на финансирање од страна на управните одбори на задругите е многу штетен и негативно се одразува на самите задругари кај кои се убива секаков стимул, бидејќи не им се исплатува она што го заработиле. На ваков начин се помагаат луѓето кои не излегуваат на работа и кои со таквиот свој став ѝ штетат на работата и на економското јакнење на задругата, а сепак им се дава поддршка. Од страна на партиската организација овој случај остана незабележан.

Што се однесува на состојбата со сметководството, можеме да констатираме дека во последно време нему му се посвети поголемо внимание, иако не во онаа мера во која било потребно. Некои поверенства за финансии изработиле и биланси за 1950 година и повеле упорна борба за ажурност на сметководството во 1951 година. Така во Поверенството за финансии на Кочанска околија состојбата е следна: од 88 претпријатија, 87 изработиле биланси за 1950 година кои ги прегледале и одборниците. Од овие 87 претпријатија, 3 покажале загуба (тулана и ќерамидница, претпријатието за лупење ориз и варџилницата). Денес во Кочанска околија, од вкупно 91 претпријатие, 69 се целосно ажурни, 8 се неажурни до еден месец и 14 преку еден месец. Кога ќе ја земеме предвид претходната состојбата,

направен е крупен чекор на тоа поле. Бидејќи сметководството не било ажурно, а ревизорската служба слаба, тоа овозможувало низа проневери кои се вршени во важни претпријатија и во набавно-продажните задруги. Од 48 набавно-продажни задруги, во 20 имало проневери (на пр. задругата „Младо Нагоричани" магационерот проневерил 150.000 динари и е осуден на 19 години[295], задругата „Миоково" е проневерена со 71.000 динари, а виновникот предаден на суд, Н.П. задруга е проневерена со 29.000 динари, а сторителот е казнет на 8 месеци, задругата „Страцин" е проневерена со со 60.000 динари, виновникот даден на суд и осуден на 2 години, задругата „Думановци" е проневерена со 69.000, а виновникот даден на суд, задругата „Васкинци" е проневерена со 198.000 динари и виновникот даден на суд, додека во државното претпријатие „Копиљача" благајникот проневерил 300.000 динари и е осуден на 4 години затвор). Причината за ваквите зачестени и големи проневери, покрај другото, е слабиот кадар на ревизори кои ништо не можеле да утврдат во текот на ревизијата, додека целата работа не е откриена на друга страна. Освен тоа, во Кумановска околија и членовите на судот биле корумпирани и ги штителе виновниците. Неколкумина, од проневерените пари направиле куќи, а против нив не била поведена постапка за наплата на проневерените пари со продажба на куќата, туку е констатирано дека нема од што да се изврши наплатата.

Би било потребно органите за финансии малку повеќе да се позанимаваат со прашањето за подигнување на службениот кадар, кој ќе може работата да ја извршува навистина со успех. Со малку поголемо залагање на поверенствата за финансии ова би можело да се постигне, зашто располагаат со кадар кој што може да води курсови за оспособување на нови кадри, додека досега очекувале да добијат готови стручњаци, поради што на овој проблем досега не му посветиле доволно внимание.

Како последица на слаба дистрибуција имаме големи количини на некурентна стока. Од друга страна, тоа е одраз и на слаботото стопанисување од страна на раководителите на прет-

[295] Така е во оригиналот, но веројатно е грешка и треба да биде 19 месеци.

пријатијата кои не воделе сметка колку и каква стока им набавуваат и доставуваат. Во Кумановска околија и во градот, оваа стока ја има во вредност од 32 милиони динари. Во Кочанска - 23 милиони, во Охридска - 15 милиони, во Ресенска - 17 милиони. Претпријатијата биле приморани да прават пречекорување на своите редовни кредити, а за да можат редовно да работат добивале вонредни кредити на кои плаќаат големи камати. Не може да се каже дека оваа стока, која се наоѓа по разни трговски претпријатија, воопшто не е курентна, туку таа е таква за соодветниот град или околија каде што се наоѓа. На пр. во околијата Ресен, каде што нема ниту водовод ниту канализација, има извесна количина на шолји за ВЦ од порцелан кои се бараат на сите страни каде што постои водовод и канализација. Сличен е случајот и со тешките плугови. Карактеристичен е примерот на Охрид, каде што еден набавувач купил некоја стока, а никој жив во местото не ја знаел намената на истата. Сите занаетчии се собрале, но не можеле да констатираат за што се работи а набавувачот главно ја подигнал провизијата која му припаѓала. Меѓутоа, кога претпријатијата се спротивставиле да ја земат доделената стока, едноставно им е одговарано дека за тоа нема дискусија и дека мораат да ја земат, дека таа им е доделена. Од друга страна, на секој час им доаѓаат комисии кои вршат преглед на пријавената некурентна стока, а надлежните за таа работа ништо не прават. Во Охрид доаѓаа три комисии, а се најави доаѓање и на четврта, за преглед на една иста стока.

Бидејќи Кочанска околија се занимава главно со производство на ориз и на други култури, потребно е да се реши прашањето за давање на аванс за оризот, бидејќи оризот се третира како житарица, а не како индустриска стока. Оризот стигнува дури во октомври, а не во јули како другите житарици. Поради тоа производителите остануваат без пари во времето кога најмногу им се потребни. Ова прашање треба што побргу да се реши.

**66.**
# ИЗВОД
## од Информацијата за разговорот на Италијанците и западните сили за решавање на албанското прашање, април 1952 година

АЛБАНСКОТО ПРАШАЊЕ[296]

За прашањето за ликвидација на денешниот режим во Албанија се водени преговори на конференцијата во Лисабон, а потоа продолжени во разговорите меѓу Венизелос[297] и Де Гаспери во Рим. На иницијатива на Американците во Лисабон била проучувана можноста спрема Албанија да се поведе една заедничка и координирана политика на која целта би ѝ била ликвидирање на режимот во Албанија. На разговорот учествувале Американците, Англичаните, Италијанците и Грците.[298] Разгледувани биле разни материјали од албанските емигрантски групи и била анализирана политиката на Југославија спрема Албанија.

Италијанските претставници Де Гаспери и Пескарди им ставија на знаење на другите сојузници на Атлантскиот пакт дека треба на Италија да ѝ ги признаат нејзините интереси во Албанија, кои истовремено не претставуваат опасност за независноста на Албанија, како што тоа го претставува политиката на Југославија, ниту претставуваат опасност за територијалниот интегритет, како што го претставува политиката на Грција.

Американците инсистираа на тоа докрај да се искористи слабоста на режимот на Енвер Хоџа[299] и да се постигне коорди-

[296] АПР, КМЈ-I-3-b/54

[297] Се однесува на Софоклис Венизелос (1894-1964), грчки политичар и државник. Втор син на многу попознатиот Елефтерос Венизелос. Бил премиер во април 1944, во егзил во Каиро. Премиер во периодот март-април 1950 год. и од август 1950 до ноември 1951 год. Од 21 август - 9 септеммври 1950, министер за национална одбрана. На истата функција бил и во периодот од 10 април - 10 октомври 1952 год.

[298] Во документов станува збор за учесници од понизок ранг, претставници на спомenатите земји кои не се познати како вршители на некои повисоки државни функции во своите земји.

[299] Енвер Хоџа (1908-1985), албански политичар и државник. Завршил факултет за природни науки, а студирал и право во Брисел. Еден од основачите

нација на сите сили, разните емигрантски групи, демократски и монархистички, и да се поведе една заедничка политика од страна на западните земји. Според нивната оцена, Југославија нема да може искрено да учествува во ова движење, но ќе биде принуден да не интервенира во случај на предизвикување неред и борба против сегашната влада. Италијанецот Пескарди опширно образлагаше дека денес Југославија е единствената пречка за среќен епилог на политиката за отстранување на денешниот режим и дека Југославија ќе направи сè за да го искористи за своја сметка востанието организирано од странство. Наводно Југославија веќе ги има организирано албанските воени сили кои, во даден момент, ќе бидат поддржани од Југословенската армија. Според тоа, би било потребно Англо-Американците да ја предупредат Југославија за нејзините акции кои би имале за цел присоединување на Албанија кон Југославија. Италијанците, докажуваше Де Гаспери, не одат кон тоа да ја уништат националната независност на Албанија, но тие Албанија ја сметаат како еден економски пазар и подрачје за пласирање на Италијанците (стручњаци).

Разговорите на Венизелос со Италијанците во Рим не донесоа поголеми резултати. Главната италијанска теза беше предочување на опасноста која би ѝ се заканила на Грција, доколку Албанија би останала под југословенска закрила.

Учесниците на овие разговори се согласија дека една од основните причини поради кои Енвер Хоџа се одржува на власт е заканата за албанската национална независност (нејзиното присоединување кон Југославија), односно заканата за нејзиниот територијален интегритет (присоединувањето на Северен Епир кон Грција).

Во текот на разговорите Грците покажуваа дека ја сфаќаат потребата за напуштање на барањата за Северен Епир, а

---

на КП на Албанија 1941 г. Во периодот 1939-1944 е еден од водачите на движењето за национално ослободување. Од 1948 г. па до неговата смрт бил на највисоките раководни функции во Албанија како генерален секретар на Албанската партија на трудот, претседател и други функции. Ја изолирал Албанија од светот.

исто така дека се противат на доминацијата на Италија, како и на Југославија, во Албанија.

## 67.
## ОЦЕНА
## на актуелната ситуација во Бугарија од страна на Државниот секретаријат за надворешни работи, Белград, 4 јуни 1953 година

НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕНЕШНАТА БУГАРСКА СИТУАЦИЈА[300]

Групациите во БКП[301]

Знаците на новиот курс на денешното раководство[302] на СССР се прифатени од народот во Бугарија, со надеж дека од тие први потези и во Бугарија ќе тргне на подобро. За ова прашање во БКП се наѕираат три групации: - Прва: знаците на отстапување од стариот курс, во СССР ги примаат под претпоставка дека и во Бугарија ќе се тргне по тој пат и тоа ќе овозможи повеќе слобода и подобар живот внатре и смирување во односот кон надвор. Втора: новите потези се примаат со негодување, гледајќи во тоа антисталинистички курс што може да им ги растресе нивните лични позиции. Трета: луѓе врамени со чиновничка психологија, кои сите промени ги очекуваат со сервилност и одобрување бидејќи доаѓаат одозгора. Првата група ја сочинуваат најдобрите елементи главно домашни, зрели кадрови, втората група најактивните органи на денешниот режим, посебно известувачките служби, а третата луѓето кои во БКП стапија како во владејачка партија.

[300] АПР, KMJ-I-3-b/54.
[301] Подвлекувањата се во оригиналот.
[302] Се однесува на раководство на СССР по смртта на Сталин во 1953 година.

Спротивставеностите во раководството

На оваа линија има повеќе знаци на бранување во врвот на БКП и меѓу членството. За врвот на БКП е карактеристично што Червенков[303] во последно време се обидува кон себе да ги привлече Југов[304], Чанков и други домашни кадри на штета на изразитата руска агентура која изби во прв план по 1948 година: Михајлов, Панчевски, Луканов[305] и други. Има некои знаци дека домашните кадри не ги прифаќаат овие настојувања на Червенков затоа што ја чувствуваат моќта на масите и својата моќ кај тие маси, увидуват дека Червенков во СССР губи или пак дека СССР воопшто губи, од што ќе зависи нивната натамошна ориентација. Таквата поделба и го условува изведувањето макар и на такви потези какви што се изведени во СССР, бидејќи Червенков се плаши во таа насока да направи и најмал потег, плашејќи се од натамошен неконтролиран развој. Руската група, т.н. сталинисти, се против изведување на некаков потег, а домашната група, како толкувач на желбите на масите, е за промени, затоа што на нив им дава перспектива. Секако дека денешното молчење во Бугарија не значи мир, туку прикриено бранување. Знак за политичкиот ќорсокак е и неистакнувањето на пароли за 1 мај, што е првпат во историјата на БКП.

---

[303] В'лко Червенков (1900-1980), бугарски комунистички деец. Во септември 1944 се вратил од СССР во Бугарија и бил избран за член на Политбирото и секретар на ЦК на БКП. Понатаму заземал високи партиски и државни функции во НР Бугарија сé до 1961 г. кога бил исклучен од Политбирото на БКП и од партијата и отстранет од политичкиот живот.

[304]Антон Танев (Дончо) Југов (1904-1991), бугарски комунист и државник. Претседаел на Владата на НР Бугарија (1956-1962). Роден во денешно Поликастро, Грција. По Првата светска војна неговото семејство се преселило во Пловдив. Во периодот од 1944 до 1949 министер за внатрешни работи на НР Бугарија, кога доста придонесол за сталинизација на земјата и бил поставен за премиер, поради реформите кои ги најавил СССР и Никита Сергеевич Хрушчов. Бил заменет од Тодор Живков.

[305] Се однесува на Карло Луканов 1897-1982) бугарски политичар, комунист, член на БКП, кој престојувал во егзил во СССР. Бил министер за надворешни работи (1956-1962). Политичари биле и неговиот татко Тодор Луканов, како и неговиот син Андреј Луканов, последен премиер на НР Бугарија во 1990 година.

Ситуацијата ја отежнува постојаното економско влошување. Покрај политичкиот момент, и тоа влијае што во Бугарија не е извршено никакво намалување на цените, не е дадена никаква амнестија, нити е извршена некаква реорганизација по примерот на СССР, зашто Червенков се плаши дека со поместувањето на еден камен ќе го урне целиот ѕид. Раководството чувствува конфузија во ставовите, па годинашниве околиски и окружни партиски конференции ги спроведе многу порано, со сугестија да се разгледуваат исклучително внатрешните економски прашања. За да се одбегне пренесувањето на дискусиите на надворешнополитички терен, членови на ЦК не се делегирани на тие конференции, како што беше случај порано.

Односот спрема СССР

Во суштина не е променет. Првомајската парада во Софија беше копија на парадата во Москва. Од централниот печат речиси ја снема поранешната секојдневна рубрика „Од Советскиот Сојуз", а паролата „Бугарија не може без Советскиот Сојуз" и пролата „Бугарија не може без СССР како без сонце и воздух" и разни постојано повторувани пароли за неопходно учење од искуството на СССР. Меѓутоа, во печатот, макар што не така паролашки, речиси редовно се подвлекува тезата за потребата за најблиска соработка на СССР и на Бугарија.

Карактеристично е што повеќе отколку порано ѝ се дава национална боја на изградбата на социјализмот. Исто така сè до последните денови во печатот ги снема славопојките и ветувањата на Червенков. Но, можеби поради гласовите за немилоста во која наводно паднал Червенков, кон крајот на мај, Червенков повторно изречно е истакнуван како раководител на Бугарија, додека претставниците на СССР, при јавните манифестации, сè повеќе се појавуваат на истото ниво со другите дипломати, додека порано советскиот претставник редовно стоеше на почесното место меѓу членовите на бугарската влада.

Бугарија - Југославија

Иако погласно отколку порано во народот се слуша желбата за промена на однсоите со ФНРЈ, од официјалната страна се направило многу малку, помалку отколку во Романија. Во

поединечни случаи има некои одобренија за движење, побрзо издавање визи за нашите службеници, мошне коректната нота во врска со доста тешките инциденти на границата и посилното ориентирање на пропагандата кон критиката на економските проблеми кај нас, кои би биле некои симптоми на подобрување, додека следењето на ДС-а, пропагандата во бројот и должината на прилозите и емисиите, останаа речиси исти, а во последниве денови и зголемени.

Бугарија-другите земји од ИБ

Во бугарскиот печат забележливо е поголемото истакнување на искуствата на другите ИБ земји, како и чувствителното јакнење на дописите од другите ИБ земји преку рубриката „Дописи од народно-демократските земји”.

Бугарија спрема Запад

Поделбата на групациите во раководството го условува конфузниот став по прашањето за односот спрема Запад. Во некои окрузи, па и весници, жестоко се напаѓаат западните и американските империјалисти, а во други окрузи и во Софија молчат. Претпоставуваме дека тоа е последица на ставот на раководството, кои припаѓаат на првата или на втората група на БКП. Секако дека тајното судење на поранешните слушатели на американскиот колеџ, судењето на групата на чело со службеникот од холандската амбасада, каде што паднаа смртни пресуди, како и затораењето на италијански државјанин, претставник на „Вагон-ли”, секако се израз на сталинстичката група, која е за тоа и понатаму да се следи остар курс. Значајно е што холандскиот службеник е осуден на смрт, иако Червенков и Минчев категорички им изјавуваа на Холанѓаните дека ќе биде пуштен.

Доставено[306] на другарите: Маршалот, Кардељ, Ранковиќ, Ѓилас, Пијаде, Гошњак, К. Поповиќ, Беблер, Миќуновиќ, Црнобрња, Бриле, Ѓерѓа, Маноли, Стефановиќ (Брајник).

[306] Материјалот всушност им е доставен на сите тогашни раководни личности во југословенската федерација. За некои од нив, за кои сме сметале дека е потребно, дадени се објаснувања во претходните фусноти.

**68.**
# ПРОПАГАНДЕН МАТЕРИЈАЛ
**подготвуван во југословенските политички врвови со Титова согласност и знаење, со наслов „Пет години од резолуцијата на Информбирото", за правдање на југословенските ставови, Белград, септември 1953 година**

## ПЕТ ГОДИНИ ОД РАЗОЛУЦИЈАТА НА ИНФОРМБИРОТО[307]

Кога пред пет години Комунистичката партија на Југославија решително и без колебање им се противстави на советските аспирации кон нашата земја, тогаш во светот имаше малку луѓе кои во тој конфликт гледаа една важна промена на меѓународната политичка арена, а особено малку беа тие луѓе кои во тој конфликт претчувствуваа почеток на една нова фаза во развојот на социјализмот воопшто. Меѓутоа, развојот на настаните потоа многу бргу покажа дека ние сме имале право кога го тврдевме тоа. И точно сега, кога се навршуваат пет години од издавањето на антијугословенската резолуција на Информбиро, тој факт станува особено очигледен.

Цели 30 години сите меѓународни социјалистички движења, на еден или друг начин, директно или индиректно, се развиваат под знакот на СССР, во врска со него, потпирајќи се на него. Тоа не се однесува само за комунистичките партии. Тоа се однесува и за разните други социјалистички партии и групи, кои навистина заземаа критички, а често и непријателски став спрема советскиот систем, на кој сепак, во Советскиот Сојуз

307 Како пропаганден материјал е објавен во зборникот документи *Македонският въпрос в българо-югославските отношения 1950-1967 - документален сборник, съставители Ива Бурилкова и Цочо Билярски. Държавна агенция "Архиви", София 2009, док. 27 с. 101-110.* (ЦДА, ф. 1Б, оп.24, а.е. 125, л.2, 8-25, 26). Според приредувачите на зборникот, тој материјал, како пропаганден материјал, бил "фрлен во Благоевградскиот округ" со посебен леток, кој исто така е објавен во документот 27, с. 99-100.

гледаа материјална сила на социјализмот, секогаш кога стануваше збор за заштита на демократијата и социјалистичкото движење од навлегувањето на фашистичката и другата реакција. Тоа се однесува дури и за антисталинистичките опозициски групи - било во самиот СССР и во емиграцијата (троцкисти и други) - кои дури и со големите процеси, на кои Сталин крваво се пресметува со внатрепартиската опозиција, сепак не престанаа да гледаат во постојниот советски систем некаква социјалистичка сила. Се разбира, сите големи економски и политички движења на работничките маси во светот, независно од карактерот на раководството, во лицето на Советскиот Сојуз гледаа своја директна поткрепа, или барем сила која ќе ги поддржи.

Така беше сè до крајот на Втората светска војна. Меѓутоа, по нејзиното завршување, тие односи почнаа постепено да се менуваат. Советската хегемонија се ограничи всушност само на комунистичките партии, но и тука таа веќе беше поткопана во основата. Имено, за да ја зајакне таа хегемонија, на Сталин му беше потребно да го создаде Коминформот и жестоко да се нафрли врз југословенските комунисти, кога му се спротивставија. Променетата улога при најновите настани во советскиот блок на Советскиот Сојуз, добива сè појасна физиономија, особено спрема меѓународното работничко движење.

Причините кои сè до повоениот период, директно или индиректно, го поврзуваа меѓународниот социјализам со Советскиот Сојуз, сигурно не лежат во тоа што дури во тој период советскиот систем се промени во реакционерна смисла. Сите знаеме дека почетокот на тие промени, преку кои советската социјалистичка револуција е изродена во бирократска деспотија од државно-капиталистички тип, се далеку назад во историјата на советската револуција, независно од тоа што поради специфичниот состав на објективни услови реакционерната суштина на тие процеси дури по Втората светска војна постепено им станува појасна на пошироките маси од работничкото движење. И самата традиција на Октомвриската револуција не ја претставуваше таа сила која го сврзуваше меѓународниот социјализам со Советскиот Сојуз, иако во тој однос, несомнено, таа одигра голема улога.

За разлика од многу други познати во историјата револуции, каде што внатрешните промени во развојот на револуцијата се изразуваа и во промената на раководните политички групи, советската револуција по Лениновата смрт се развиваше под знакот на растечката апсолутистичка власт на една и иста личност, т.е. на Сталин. А тој факт доста придонесе, процесот на заземањето на власта од страна на бирократската каста да може да се изврши во името на револуционерните октомвриски традиции, т.е. процесот на државно-капиталистичката дегенерација на револуцијата да се изврши под закрилата на знамето и лозунгот на Октомвриската револуција. Во тоа извртување на старите револуционерни слогани и аргументи во догми и фетиши, зад кои се спроведуваше реакционерна и антисоцијалистичка пракса, Сталин беше голем мајстор. А тоа, неспорно, во светското и меѓународното работничко движење го забави созревањето на сознанието за вистинската контрареволуционерна суштина на сталинистичките општетвени промени во Советскиот Сојуз, како и созревањето на сознанието за потребата од систематска социјалистичка борба бротив нив. Навистина не може да се каже дека меѓу европските комунисти, а и југословенските, немало критичен однос кон одделни појави во советските општествени односи. Таков однос постоеше и неговата појава не можеше да биде спречена ни по затскривањето на тие процеси зад традициите на Октомвриската револуција. Меѓутоа, империјалистичката критика на советските општетвени односи, сепак беше секогаш потчинувана на она кое се сметаше за основен интерес на меѓународниот социјализам, имено, одбраната на Советскиот Сојуз како „главна сила на меѓународниот социјализам”.

Таквата улога на Советскиот Сојуз му ја додели објективната положба во меѓународните односи, кои се развиваа врз основа на испреплетените процеси во општата криза на капитализмот. Во периодот меѓу двете војни Советскиот Сојуз беше заобиколена земја од страна на капитализмот. Навистина, тој капитализам се наоѓаше во криза од која конвулзивно и политички бурно бараше излез, но тој беше уште доста силен за да ја чува советската држава во ситуација на послаба страна. Из-

лезот од таа криза капиталистичкиот систем, природно, ја бараше во единствено возможната насока, таму каде што таа го потиснуваше несовладливиот притисок на развојните економски сили, т.е. во државно-капиталистичките форми и во растечките стремежи за нова поделба на светот. Политичкиот израз на тие процеси беше курсот кон фашистичките и другите реакционерни диктатури и кон интензивни воени подготовки. Во тој судир меѓу војната и мирот, меѓу агресивните и миројубивите земји, меѓу фашистичките и антифашистички сили, Советскиот Сојуз беше и требаше да биде, според објективната меѓународна положба, главно на страната на последните, т.е. на страната на антифашистичките и миројубиви сили. Во тоа време неговите интереси всушност уште се совпаѓаа со општите интереси на меѓународниот социјализам и прогресивните сили. Освен тоа, се разбира, и развојот на производните сили во Советскиот Сојуз во тоа време уште не ги имаше исцрпено сите можности кои му ги нудеа државно-капиталистичките односи и затоа во извесна смисла тие уште можеа да играат прогресивна улога, особено во споредба со тогашна Европа која првите чекори кон државно-капиталистичките форми ги плати со исклучително тешки политички грчеви. Таа општа положба на Советскиот Сојуз, самата по себе и независно од насоката кон која се развиваа внатрешните општествени односи во таа земја, му даваше на советскиот систем и на неговата политика во меѓународните односи пред Втората светска војна, објективно, сè уште прогресивно значење, и на тој начин успеа да ја зачува онаа раководна улога спрема социјалистичките и другите прогресивни движења во светот која, најнапред, без наложување му беше дадена од самата Октомвриска револуција, а која подоцна беше поддржана делумно од базата на октомвриските традиции и делумно со напорите на советските раководители преку Коминтерната, како и со други методи.

Таа хегемонија, природно, требаше да се претвори во реакционерен фактор во оној момент кога советските државни интереси почнаа да се судираат со заедничките интереси на напредокот на социјализмот во светот. Во извесна смиса бил сличен случајот со Наполеон Бонапарта, кој всушност уништил

многу прогресивни придобивки на француската револуција, но сепак долго се радувал на симпатиите и поддршката на демократските движења во тогашна Европа. Било потребно тогашните револуционери и демократи, преку лично искуство, да се уверат во империјалистичкиот карактер на Наполеоновата надворешна политика, како и во тоа дека таа не им служи за победа на демократијата, па за националното обединување и слобода во европските земји било потребно Наполеновите војници да почнат да стрелаат во масите крепосници кои барале земја, а и во граѓаните кои сакале национално обединување и независност, за да почнат симпатиите да се претвораат во омраза и Бетовен разочарано да ја избрише од својата „Ероика" посветата на Наполеон.

Макар што уште пред Втората светска војна во советската надворешна политика се појавуваат реакционерни и империјалистички елементи, кои по Втората светска војна стануваат доминантни, сепак во тоа време ниту внатрешната ниту надворешната сила на Советскиот Сојуз уште не беше доволна за да може империјалистичкиот хегемонизам, тој типичен производ на државно-капиталистичкиот систем на бирократска деспотија, да се појави во акутна агресивна форма. За време на Втората светска војна, и по неа, се создаде друга положба. Силата и улогата на Советскиот Сојуз во меѓународните односи значајно се зголемија и советските раководители за првпат се најдоа во рамноправна положба на зелената маса со другите големи сили за да ја решаваат судбината на светот кој штотуку излегол од војната. Во тие променети услови, по силата на природната закономерност, требаше да дојдат до израз сите оние реакционерни тенденции, произведени од заостанатите државно-капиталистички општестсвени односи во Советскиот Сојуз и да станат сѐ поагресивни, до тој степен до кој советските раководители чувствуваа дека им расте силата на меѓународната политичка сцена. Бирократскиот деспотизам во внатрешните политички односи требаше да се појави во меѓународните односи во форма на агресивен империјалистички хегемонизам.

Во надворешната политика таа тенденција се одрази во отвореното потиснување на принципите на самоопределување-

то и рамноправноста на народите во меѓународните односи и во отстапувањето од принципот на колективна безбедност. Започна борбата со другите големи сили за поделба на светот. Впрочем, Советскиот Сојуз јавно се впушти во агресивна акција за што е можно поголема империјалистичка пљачка. Заканувањето со војна стана главното советско оружје во таа борба. Студената војна се потхрануваше систематски како постојана атмосфера, која беше неопходна и најблагопријатна за таков вид политика.

На тој начин советскиот однос кон меѓународното работничко и прогресивно движење суштински се промени. Советската хегемонија, и субјективно и објективно, повеќе не служеше за засилување на тоа движење. Напротив, сѐ што можеше да одигра самостојна улога, сѐ што можеше да ја загрози апсолутната власт на советските раководители над народот, требаше да биде уништено и тоа на прво место во социјалистичкото движење. Пред сѐ, очигледно дојде до израз курсот на конечно претворање на комунистичките партии во проста агентура на советската надворешна политика и курсот на уништување на сѐ што е социјалистичко и прогресивно, а кое не ја признава власта на советската хегемонија врз себе. Беше истакнат лозунгот дека само советската армија може да ја ослободи работничката класа и на другите земји и да им донесе социјализам. На тој начин, свесно и систематски, комунистичките партии се ликвидираа како самостојна политичка сила на работничката класа и се претвораа во дел од бирократскиот механизам на советската надворешна политика. Тие треба, пред сѐ, да служат како инструмент во политиката на закани и изнуди и да подготват почва за советската хегемонија над народите.

Најагресивниот чекор во таа насока беше советската антијугословенска акција, која започна во 1948 година со писмата на ЦК СКП(б) и со резолуцијата на Информбирото. Не случајно токму против нас беше упатен Сталиновиот најотровен бес. Социјалистичката револуција во Југославија се разви од сопствените општетствени и политички услови и таа победи со сопствените сили на југословенската работничка класа и работниот народ. Затоа таа создаде самостојни револуционерни во-

дечки сили и самостојни социјалистички концепции, кои не беа нагризани од бирократизмот слично на концепциите разместени од Сталин низ Источна Европа заедно, со владите префрлени таму. Во исто време на Далечниот Исток се развиваше победоносно, со сопствени сили, уште една револуција, т.е. кинеската револуција. Во една таква околност, за Сталин уште понеопходно беше да ја порази самостојната сила на југословенската револуција и безусловно да ги потчини народите на Југославија. Таа победа требаше да го порази отпорот против советската хегемонија над другите источноевропски земји и во другите комунистички партии, а особено да биде заканувачки прст за кинеската револуција, која дури допрва се приближуваше кон својата победа.

За мнозина, а особено за нас, југословенските комунисти, кои со години по ред се уверувавме себеси дека „грешките" на советската надворешна политика се само случајни. Сталиновата антијугословенска акција фрли јасна светлина врз нивната вистинска суштина. Се покажа дека токму тоа што се сметаше за „грешка", стана вистинска содржина и основен принцип на советската надворешна политика. И покрај тоа што советскиот агресивен акт против Југославија не беше првиот сличен советски чекор, сепак, неспорно, тој е далеку најзначајниот поради тоа што, прво, појасно од секој друг акт на советската политика дотогаш укажа на суштината на реакционерните процеси во општествениот живот на Советскиот Сојуз, и второ, затоа што решителниот отпор на работничката класа и народите на Југославија покажаа дека ерата на советската хегемонија во меѓународниот социјализам се приближува кон својот крај. Ете зошто со право говоревме дека отпорот на социјалистичките сили во Југославија против советските хегемонитички претензии претставува почеток на една нова ера во развојот на меѓународниот социјализам.

Подоцнешниот развој целосно го потврди тоа наше тврдење. По изминатите пет години од започнувањето на советската антијугословенска кампања од 1948 година сите споменати тенденции во советската надворешна политика се манифестираа уште посилно.

Прво, макар што советската влада не може да го победи отпорот на југословенските комунисти, сепак од кампањата таа имаше моментална корист. Под фирмата на борба против „титоизмот" и „југословенското предавство на социјализмот", таа потполно ги потчини управувачките режими во сателитските држави. Тој процес не беше лесен. Требаше да се беси, стрела и отпорот да се задушува во крв. Беа неопходни нечесни јавни судски процеси, базирани на административни и чудовишни провокации, кои фактички пред целиот свет ја разобличија грозотијата на „идеологијата" на организаторите на тие трагични и крвави комедии, како и вистинската империјалистичка суштина на нивните политички цели, но кои посеаја незапамтен страв и ја сопнаа секоја борба против советската хегемонија. И навистина, потребно е цели нации да се стават во темницата на теророт и стравот за да се обезбеди власт над нив.

Второ, упорната советска кампања за пакт меѓу петмината, во смисла на постојана диктатура на големите над целиот свет, даде уште еден поочевиден доказ дека поделбата на сферите на влијанија и борбата за сè поголем можен грабеж во таа поделба е главната цел на советската надворешна политика. Тоа потврди дека советската надворешна политика конечно се откажала од принципите какви што се независноста и рамноправноста на народите, колективната безбедност и немешањето во внатрешните работи на независните земји.

Трето, постојаното изострување на студената војна, спречувањето на секој напор да се уреди кое и да било прашање, постоечките извори за меѓународната затегнатост, целосното отсуство на подготвеност на какви да било форми на рамноправна меѓународна соработка, искористувањето на ООН, вклучително со личните пропагандни цели за измама на светското јавно мислење, како и други слични карактеристични белези на советската надворешна политика, покажаа колку малку Сталин држел до вистинското зачувување на мирот, дури и колку се плашел од него и колку му била императивно неопходна студената војна како инструмент на империјалистичката политика.

Четврто, бруталното искористување на корејската војна за советските надворешнополитички цели, а на штета на најелементарните интереси на самиот корејски и кинески народ покажа, меѓу другото, до кој степен интересите на советската надворешна политика се судирале со интересите на потчинатите народи кои се бореа за својата слобода. И корејската војна и војната во Индокина покажуваат дека народно-ослободителните движења, директно или индиректно потчинети на советската хегемонија, неминово се претвораат во туѓо орудие во општите меѓународни спротивности, ја губат самостојната улога, натрупуваат против себе сè што им се спротивставува на советските хегемонистички претензии и на тој начин самите си нанесуваат порази, а на својот народ му причинуваат несреќи. Само оние народно-ослободителни движења кои не дозволуваат да станат играчки во кои било туѓи раце, за својата победа може да сметаат на поддршката од прогресивното човештво.

Впрочем сите тие и слични процеси се разиграа во текот на овие пет години по антијугословенската резолуција на Информбирото и тоа кратко време покажа колку било неопходно и корисно не само за опстојувањето на интересите на југословенскиот работен народ, туку и за целокупниот развој на социјализмот во светот, кога југословенските комунисти во 1948 година решително им се спротивставија на Сталиновите хегемонистички аспирации.

Но, последниве седмици во Источна Германија и во Чехословачка се раздвижија такви нови настани, кои по својата историска важност за развојот на социјализмот се, неспорно, најважната појава по југословенскиот отпор од 1948 година. Тука ги имам предвид работничките штрајкови и демонстрации, кои земаа исклучително широк замав и, поточно, добија карактер на вистинска масовна револуционерна акција на работничката класа и тоа против еден систем кој се нарекува „социјалистички” и „работнички”. Движечката сила на тие настани всушност не е националниот момент, т.е. тоа не е само протест на Германците против странскиот окупатор. Не, тука пред сè станува збор за класен протест на германскиот и чехословачкиот работник против државно-капиталистичките одно-

си наметнати од окупаторите во името на некакво си „социјалистичко месијанство”, како „социјалистички” и „работнички”, но кое тој не го признава ниту за „работнички” ниту за „социјалистички”. А, имено, во тоа се состои историското значење на тие настани.

За првпат откако постои Советскиот Сојуз, спонтано, но во свесна политичка борбена акција, се дигнаа широките работни маси против советскиот систем како таков. Имало и порано, како во Советскиот Сојуз така и во другите земји од советскиот блок, отпор од страна на пропаднатите класи, имало буни од страна на незадоволното селанство, имало борби со тесните фракционери во партијата, имало и економско незадоволство кај работничките маси против советскиот систем како таков, т.е. против системот создаден во процесот на државно-капиталистичката дегенерација на советската социјалистичка револуција, таква масовна работничка акција, исклучувајќи ја борбата на југословенската работничка класа против советскиот притисок, но сѐ до последните настани во Чехословачка и Источна Германија немало. Со други зборови, по југословенската работничка класа, сега во масовна борбена политичка акција се појави работничката класа како револуционерен социјалистички критичар на стагнантните државно-капиталистички односи во советскиот систем. А таа работничка акција всушност е единствената ефикасна и единствената вистинска социјалистичка општествена критика на државно-капиталистичкиот систем на бирократскиот деспотизам. Ниту едно движење против тој систем, кој влече назад, не може да биде успешно. Само акцијата на работничката класа и на социјалистичките сили е способна да даде резултат и да победи во таа област. Затоа работничката акција во Источна Германија и Чехословачка, без сомнение, подлабоко го растресе целиот систем на советската хегемонија отколку сѐ друго што досега се случило во земјите на советскиот блок.

Не е случајно што тие настани се одиграа токму во Германија и Чехословачка. Тоа се економски развиени земји со силна, свесна и економски доста образована работничка класа. На таквите услови им се накалемени заостанати форми на оп-

штествени односи од една заостаната земја во која револуционерниот социјалистички процес стагнирал и се изродил во својата државно-капиталистичка фаза. Тие форми дури и во самиот Советски Сојуз веќе одамна влегле во конфликт со производните сили и се претвориле во кочница на понатамошниот социјалистички развој, а особено деструктивно требало да дејствуваат кога насилно им биле наметнати на економски развиените земји. Јасно е дека тие заостанати бирократски државно-капиталистички форми за работничките маси во тие земји биле не само политички неразбирливи, особено со оглед на демократската традиција во тие земји , т.е. ги сметале за форма не само на политичко обесправување на работничката класа, туку им се покажале и политички апсурди, т.е. како такви кои што влечат назад, кои што ги уништуваат материјалните вредности на општеството, кои што го запираат развојот на производните сили. Затоа наметнувањето на советскиот систем на бирократски деспотизам во тие земји императивно требаше да предизвика далеку потешки политички последици и многу посилно да ги изостри внатрешните спротивности отколку во економски неразвиените земји. Затоа значењето на работничките акции во Источна Геманија и Чехословачка излегоа далеку од границите на тие земји. Тие акции покажаа дека целиот советски систем, дека сите негови државно-капиталистички форми и целата нивна политичка надградба, т.е. целиот систем на бирократски деспотизам почнале да преживуваат акутна внатрешна криза. Тоа е, пред сѐ, поуката од работничката борбена акција во Чехословачка и Источна Германија. Впрочем, таа акција очигледно е само предвесник на други настани кои треба да следат, побргу или побавно, во внатрешниот општестствен живот на советскиот систем.

Не се важни конкретните политички пароли истакнати од демонстрантите и работниците во штрајкот. И не е важно дали во демонстрациите учествувале и организирани политички фактори какви што биле тие. Важен е фактот што движењето ги опфатило широките работнички маси и дека тие маси започнале спонтано да прибегнуваат кон револуционерни средства на политичката акција. На тој начин тие маси манифестираа

дека ерата на советската хегемонија во меѓународното работничко движење и социјализмот е завршена и дека работничката класа може да извојува социјализам само во борбата против таа хегемонија и против сите форми на државно-капиталистичкиот деспотизам.

Ако работничката класа, од една страна, со својата борба го покажа тоа, не помалку убедливо истото тоа го докажа и советската бирократија и тоа со самиот начин на кој што ја одбрани својата хегемонија. Работничката акција е задушувана во крв и терор, кој со безобѕирноста им чини чест на сите оние класи во историјата што не можеа повеќе да се појават со ништо друг освен со димензиите на бруталноста при задушувањето на прогресивните сили. Безобзирноста и бруталноста на советскиот терор во Источна Германија, самите за себе сведочат дека меѓу фалшивата “диктатура на пролетеријатот”, постојната диктатура на советската бирократија, и вистинскиот пролетеријат има широка бездна на класна спротивност и класна омраза, која ништо повеќе не може да ја маскира. Под црвените знамиња и под знакот на српот и чеканот советските тенкови налетуваа врз голораката работничка маса. Тие берлински сцени барем симболично ги покажуваат сите оние промени кои настанаа во советските општествени односи во текот на развојот по Октомвриската револуција, а особено во текот на Втората светска војна и по неа. Во Берлин раководната бирократска класа конечно го извалка во калта црвеното знаме на Октомвриската револуција. Тоа знаме во Берлин не го бранеше советскиот војник кој стрелаше од под него во работничката маса, туку берлинската работничка класа која го симнуваше од Бранденбуршката капија. Овде тоа повеќе не беше симбол на Октомвриската револуција, туку на реакционерниот антисоцијалистички деспотизам и затоа, со право, може да го урне само работничка рака.

Се поставува прашањето зошто токму сега и како токму сега да се одиграат тие настани.

Пред сè, треба да се има предвид дека Сталиновата политика во текот на последните неколку години претрпе тешки порази. Сталин не успеа да издејствува победа во студената вој-

на, но затоа го обедини и вооружа против себе целиот свет. Неговата политика всушност беше мотор придвижник на сите оние процеси во меѓународниот живот, кои што најпосле го променија соодносот на силите во светот на советска штета. Тој не успеа да ја натера Америка на спогодба за поделба на светот, но затоа пак ги сврте против себе сите народи кои се изјаснија против империјалистичката политика и кои не сакаа да бидат ничија сфера на влијание. Сталин ја предизвика и ја загуби војната во Кореја. Политичките консеквенци од тој пораз мораше да се одразат во ослабнувањето на сите други советски меѓународни политички позиции. Тој не успеа да ја потчини Кина на своите интереи. Навистина, му успеа да ги покори сателитските влади во Источна Европа, но не успеа да ја придобие поддршката на тие народи, ниту пак на нивната работничка класа. Тој претрпе целосен пораз во антијугословенската кампања, но затоа пак го посеа црвот на сомнежот во свеста на најпреданите следбеници во меѓународното работничко движење. Ги натера комунистичките партии слепо да ги прифатат неговите пароли во корист на советските надворешнополитички интереси, но затоа пак ја поткопа нивната сила, а во низа земји ги сведе директно само на една мала незначајна политичка агентура. Насекаде во светот Сталин ги засилуваше крајно реакционерните сили и ги ликвидираше, една по една, сите оние морално-политички позиции на Советскиот Сојуз во светот, а кои му ги создаде советскиот војник, јуначки борејќи се против Хитлеровото завојување.

Впрочем, нема сомнение дека таа политика во основа беше компромитирана и разнишана уште за време на Сталин. И во внатрешниот општествен и политички живот на Советскиот Сојуз, без сомнение, посилно се манифестираа прогресивните општестсвени тенденции. Познатата систематска хајка на советскиот печат против тенденциите на поранешните стахановски комитети да се “мешаат” во управувањето на фабриките, како и последната Сталинова статија за економските проблеми на социјализмот, која исто така полемизира со безимените критичари на бирократскиот систем, покажа дека во општествениот живот на Советскиот Сојуз се случуваат појави

кои сведочат дека општетвените производни сили повеќе не ги поднесуваат оковите на државно-политичките односи и дека прогресивните текови веќе почнуваат да го поткопуваат системот на бирократскиот деспотизам. Тој отпор, се разбира, повеќе нема никаква складност со некогашниот отпор на заостанатото село и пропаднатите класи. Тоа е веќе отпор врз платформата на борба за понатамошно движење кон социјализмот. И затоа е поефикасен, а во советскиот систем изнаоѓа свои форми на дејствување и невозможно е да биде задушен. Впрочем, самиот карактер на брзината на промените во советските врвови по Сталиновата смрт говорат дека тие процеси се развиле далеку повеќе отколку што обично се претпоставувало.

Сталиновата смрт ги засили и ги забрза сите тие процеси. Во системите на апсолутна лична власт, каков што е советскиот Сталинов систем, губењето на диктаторот значи нешто далеку повеќе отколку загуба на еден влијателен човек раководител. Сталин самиот беше носител на системот и затоа неговата смрт треба да предизвика губење на рамнотежата во тој систем. Сталин не може да го замени нити една личност, не толку поради неговите лични квалитети, пред сѐ, зашто таквите системи на лична диктатура не се повторуваат во историјата. Има многу форми за понатамошен развој во Советскиот Сојуз, но нити една од нив не може да биде сталинистичка. Напротив, неговите наследници, кон кои сега се вперени сите гревови на сталинизмот и се извор на слабостите на нивната денешна позиција, навистина се приморани да се служат со името на Сталин за да го зачуваат авторитетот на власта и единството на раководниот бирократски апарат, но истовремено тие се приморани да се откажат од најнепопуларните елементи на Сталиновот систем и неговата политика за да добијат барем мала поддршка кај масите, која сега им е неопходно потребна. Не е важно колку свесно тие го прават тоа, но самиот развој на работите ги бранува во таа насока од првиот ден по смртта на Сталин. Сите знаеме дека Сталин уште не беше погребан, а неговата зграда веќе почна да се менува. Мртвиот Сталин продолжуваше да се чествува официјално, но неговото дело веќе падна под нож.

Навистина, промените во светската политика не се големи и, сами по себе, тие уште не ја менуваат положбата. Тие се позначајни како одраз на процесите кои ги предизвикаа тие промени. Тие покажуваат дека внатрешните општествени процеси во Советскиот Сојуз се развиле веќе до тој степен што новите луѓе на чело на советската држава, кои сакаат да ги зајакнат своите позиции, може да станат популарни меѓу советските маси и да ја добијат нивната поддршка само врз една антисталинова политичка платформа. Не е важно, притоа, какви се свесните намери на раководните луѓе кои денес ги движат тие промени. Започнатите процеси не може секогаш и докрај да се контролираат, што најдобро ни го покажа примерот со политичките консеквенци од промената на советската тактика во Источна Германија. Освен тоа, секој чекор на советските раководители во Советскиот Сојуз да се ослободат од најнепопуларните страни на Сталиновата грешна внатрешна и надворешна политика, со цел да ги зацврстат своите позиции, ќе го јакне притисокот одоздола врз целиот систем, ќе го разлабавува единството на бирократскиот апарат и ќе ги изостри сите внатрешни противречности. Не треба да се заборави дека власта на бирократијата е сепак слаба власт и ретко подолго го надживува нејзиниот основач. Единството на бирократијата стои исто така на мошне слаби нозе. Тоа треба бргу да се урива штом почне да се ниша авторитетот на системот и штом почне да губи верба во нејзината стабилност и моќ. Во такви услови, и едни мали промени може да ги раздвижат процесите што ќе имаат далекусежни последици. Тука е значи изворот на вриежот кој се манифестира во општествениот и политичкиот живот на советскиот блок по Сталиновата смрт.

На крајот на краиштата, ако ние, југословенските комунисти, и сите трудбеници во нашата земја, погледнеме назад кон изминатите пет години од нашата борба против советскиот притисок, можеме да бидеме задоволни и горди со резултатите. Една мала социјалистичка земја во 1948 година го кажа своето **не!** на империјалистичките барања на странските хегемонисти. Имаше, како во земјите на советскиот блок, така и надвор од него, многу луѓе кои веруваа дека во таа борба ние ќе издржи-

ме и ќе победиме. Но, ние не само што издржавме и победивме, туку откривме и нови социјалистички перспективи пред работничката класа од советскиот блок. Нешто повеќе. Додека тие кои што нè нападнаа и нè прогласија за "банкротиран режим", самите паднаа во тешка внатрешна криза и додека тие требаше да ја посеат својата земја со бесилки и процеси против чесните борци на социјализмот за да го зачуваат системот на бирократскиот деспотизам, ние останавме единствени под најтешкиот притисок и во најтешката борба успеавме да изградиме нови демократски социјалистички односи. Пред пет години бевме сами, а сега имаме пријатели на целата земјина топка. Ги имаме и во земјите на советскиот блок. Нема никакво сомневање дека демократската социјалистичка мисла, која што победи во нашата земја, еден ден ќе ожнее победа и во тие земји.

Меѓутоа, со тоа не е кажано дека системот на бирократскиот деспотизам во Советскиот Сојуз веќе почнал да се распаѓа и дека нема можности за неговото привремено стабилизирање. Тоа би биле многу опасни илузии.

Земено теоретски, има две можни насоки за непосреден натамошен развој во услови на советски систем од Сталинов тип. Првата, тоа е процесот на постепено распаѓање на бирократската каста под притисокот оддолу, преку борбата на работничката класа и прогресивните социјалистички сили воопшто, при едно постепено проникнување на демократските социјалистички тенденции во сите пори на државниот систем. Втората можност тоа се едни нови крвави расплети со социјалистичките сили и една нова привремена стабилизација на бирократскиот деспотизам, заснован на насилство и принуда. Се разбира, тој систем нема да може никогаш повеќе да ги постигне своите поранешни внатрешни сили, а секоја мерка кон зајакнување на теророт само ќе го забрза процесот на изолирањето на тој систем од сопствените работнички маси и од меѓународното работничко движење и социјализмот. Таков еден развој неминовно ќе го има за последица изострувањето на внатрешните конфликти и поголема опасност од надворешни агресии.

Впрочем, осознаените борци за социјализам немаат никаква основа да негуваат какви било илузии во однос на денеш-

ниот советски систем и денешната советска политика. Таа политика е продукт на внатрешни притивречности во таа земја. Додека постои сегашниот систем, неговите основни политички цели нема да се променат, иако ќе се промени неговата тактика со оглед на променетиот соодноc на силите на меѓународната политичка арена. Но, исто така не треба да поаѓаат од становиштето дека ништо не се променило. Како што видовме, се промени многу. Внатрешната криза на советскиот систем започна, а ерата на советската хегемонија во меѓународното социјалистичко движење главно е завршена. Како ќе се развиваат понатаму работите во земјите од советскиот блок, зависи од многу фактори. Но, во секој случај, силите на меѓународниот социјализам не треба да се откажуваат од напорите со својата политика да влијаат врз будењето и засилувањето на прогресивните социјалистички тенденции во тие земји. Освен тоа, а тоа е важно пред сè, народите во целосна степен треба да ги користат сите можности на сегашната состојба за потрајно обезбедување на мирот.

Од тие претпоставки поаѓа и нашата надворешна политика во сегашниве услови. Неодамна другарот Тито јасно ја формулираше. Никаква моментална политичка тактика на советската политика не може да не измести од позициите на независна, мирољубива, но и реалистична одбранбена политика. Ние сме свесни и особено треба да бидеме свесни за два факта, имено, прво, дека мирот не може да биде обезбеден за нас ако не е обезбеден за сите народи и, второ, дека една потрајна промена на советската надворешна политика е возможно само ако се променат внатрешните општествени и политички односи.

Следствено, постојните меѓународни противречности остануваат и ќе останат, макар и да се променат облиците и силата на нивната манифестација. Значи, немаме никаква основа да си дозволиме да ги ослабиме нашите одбранбени напори, ниту пак нашата соработка со другите држави кои работат заедно со нас на одбраната на мирот во тој дел од Европа, додека довербата во мирот не биде вратена кај сите држави.

Меѓутоа, исто така сме уверени дека не е во ред да се пропушти ништо што би го олеснило патот, со денешните

советски раководители да се проверат можностите за изнаоѓање на миролубив излез од сегашната меѓународна криза и студена војна, доколку има можности за тоа. Тоа е неопходно не само за да се прочитаат мислите со подготвеноста за дела и не само да се измери длабочината и значењето на промените во советскиот блок, туку и поради тоа што жедните луѓе за мир во светот нема да сфатат зошто не е направено сѐ што е возможно за да се расчисти положбата. Едно несомнено е точно, а тоа е: независно од тоа колку длабоки и трајни се промените во светската политика и независно од тоа какви се субјективните побуди за тие промени и како тие ќе се развиваат во иднина, ние сепак се наоѓаме на почетокот на една нова фаза од развојот на меѓународните односи која бара и ново проучување на политичките методи и облици.

Но, и во новите услови треба пред сѐ да се истакне следниот принцип: народите треба да направат сѐ за зацврстување на мирот, но не е во ред да се помират со агресијата. Затоа и сегашните напори за зачувувањето на мирот, во никој случај не треба да се засноваат на политиката за поделба на сферите на влијание, туку единствено врз политиката на обезбедување на независност и рамноправност на слободните нации. Само под тој услов може да се постигнат резултати во корист на безбедноста на сите народи од агресија.

**69.**
**ДЕЛ ОД ГОВОРОТ**
**на Јосип Броз-Тито во Истра во 1953 година, за Балканскиот пакт и односите на ФНР Југославија со Грција и Турција, Истра, 1953 година**

...[308]

„Другари и другарки, би рекол неколку збора за нашите односи со некои земји. Вие многу добро знаете дека ние со Турција и со Грција склучивме таканаречен Балкански пакт. Таа спогодба меѓу нашата земја, Грција и Турција, беше неопходна за трите земји. Истата ни беше неопходност бидејќи нашите три балкански земји сакаат да живеат слободни на својата територија, а и Грција и Турција, како и Југославија, се наоѓаа, горедолу, а и сè уште се наоѓаат во таква состојба да бидат загрозени од Исток. Овде не станува збор само за Југославија, туку за целиот Балкан. Ние ја постигнавме таа спогодба без оглед на општествените системи во одделните земји. Грција и Турција имаат капиталистички системи, а ние имаме социјалистички. Но тоа е внатрешна работа, а кога станува збор за идентични интереси, тогаш надворешните работи треба да се постават во хармонија, бидејќи не само што може, туку и треба да одат заедно, заедничките интереси треба заеднички да се бранат.

Балканскиот пакт претставува силна тврдина на мирот во тој дел на светот. Него треба да го чуваме и не треба да дозволиме кој и да било однадвор да го урива. Јас од ова место можам да кажам дека ние Југословените ќе останеме принципиелни членови на Балканскиот сојуз и ќе ги извршиме сите решенија што ќе ги донесеме заедно и дека ние нема да го слабееме тој пакт.

Но, Балканскиот пакт не им се допаѓа на некои луѓе во Советскиот Сојуз. Тие нè напаѓаат и зборуваат дека пактот е

[308] Преземено од Зборникот документи „*Македонският въпрос в българо-югославските отношения 1950-1967 - документален сборник, съставители Ива Бурилкова и Цочо Билярски, Държавна агенцияа "Архиви", София 2009, док. 27 с. 111-112.* (ЦДА, ф. 1Б, оп.24, а.е. 125, л.2, 8-25, 26).

агресивен. Смешно! Како може ние да бидеме агресори, како ние ќе ја нападнеме една земја која има двесте милиони население, која има најголема армија во светот. Ние го направивме тој пакт за полесно да се одбраниме и тој фактички претставува една реална сила во тој дел на Европа. И трите земји, и Турција, и Грција и Југославија имаат силни армии. Нашите генералштабови сега водеа разговори и по тој повод беше третирано прашањето што ќе направи една земја ако биде нападната, т.е. што ќе направат трите земји заедно, како ќе се одбранат. Слични разговори се водени без оглед на тоа што со тие земји ние немаме склучено воен пакт. Но, сепак, ние не сакаме. Најпосле не е важна формата на тој пакт, туку како нашите народи ќе го сфатат тој пакт, како да го зачуваат, како ќе постапат владите и како ќе ги одбранат заедничките интереси. Со еден збор, важното за овој пакт е тој да биде вистински еден реален пакт кој дава гаранции, а не тоа што некогаш биле пактовите кои се распаѓале на делови кога ќе дошле судирите. Значи, се лажат оние кои очекуваат дека тој пакт ќе се распадне бидејќи Советскиот Сојуз сега се стреми кон подобрување на односите со балканските држави. Во таа смисла, тој веќе нешто презеде во однос на Турција. Но, ако ние имаме добри односи, нити тогаш тој пакт нема да му пречи никому нити може некому да му пречи. Затоа, од ова место јас денес кажувам дека илузорни се различните пропагандни и злонамерни трикови што водат кон тоа да се одвратиме од спогодбата, која веќе ја склучивме. Не, ние остануваме на таа спогодба и погрешно мислат на Запад дека ние ќе отстапиме од неа затоа што сакаме нормални дипломатски односи со Русите. Нормалните односи не зависат од нас, туку од Русите, од Советскиот Сојуз и неговите сателити. Формално зависат и од нас, но тие се должни да ги нормализираат, а не ние. Ако тие мислат дека тоа ќе ја промени нашата политика спрема Запад, се лажат. Тие кои од злонамерност би го правеле тоа и кои би сакале да нè изолират од сегашните сојузници на Запад, ќе се излажат во своите сметки, а на оние коишто своите сомнежи ги засноваат врз неизвесноста, им препорачуваме малку повеќе да им веруваат на нашите народи.

Нашите народи не заслужуваат да се сомнева во нив, тие тоа го докажаа како во најновата така и во поранешната историја, со својата верност кон своите сојузници, ние не го го превртуваме капутот. Ние знаеме да си стоиме на зборот и секогаш и секому му зборувавме во очи, му кажуваме до каде можеме да одиме, а од каде понатаму не можеме. Ние сметаме дека Атлантскиот пакт не ни е неопходен. И денес кажуваме дека поради нашите специфични услови не ни е потребен и дека повеќе би ни бил штетен отколку корисен. Или, доколку таму би било нешто друго, ние кон него уште помалку би пристапиле. Но ние можеме да соработуваме. Ние кажавме дека сме на страната на оние кои се борат против агресијата, кои го чуваат мирот во светот. Ако тие се вооружуваат, немаме ништо против тоа, бидејќи се вооружуваат за чување на мирот, но никогаш нема да бидеме со оние кои би започнале некаква агресивна или превентивна војна. Ние ќе бидеме со оние кои го бранат мирот, кои се борат против агресорот. Ние сме членки на светската заедница, ние имаме свои претставници во Обединетите нации, нашите обврски и должности ние совесно ќе ги извршиме и од нас не треба да се очекува повеќе.

Можам да му кажам на Запад дека не треба да биде нервозен. Советскиот Сојуз сега прави извесни отстапки. Јас би кажал дека сето тоа не е маневар, бидејќи не може сето тоа да биде маневар, ами неопходност, зашто Советскиот Сојуз дојде во безизлезна положба. Нужно е малку да ја промени својата надворешна политика, да отстапи малку од онаа надмена „Сталинова линија”, која сакаше да го заграби целиот свет, која воопшто ниту на еден мал народ не му го признаваше правото на егзистенција, туку мислеше дека слободата на еден народ може да му ја донесе само тој, со неговите црвени бајонети. Јас верувам дека кај Советскиот Сојуз вистински постои желба некако да ги поправи своите методи во надворешната политика, малку поинаку да постапува, со еден збор да направи извесни отстапки, а подоцна, веројатно, и поголеми отстапки. Се разбира дека јас не можам да верувам дека тој ќе се откаже од целта. И тука навистина немаме никакви илузии. Но, можеби со нешто помалку ќе биде задоволен. Една голема земја, која по

Втората светска војна тргна целосно по стапките на империјализмот, тешко се откажува од својата цел. Додека тие силата ја сметаат како водечки фактор во светот, јас не верувам дека ќе се откажат од неа. А ние треба да направиме сè што е во наша можност, со сите земји, како и со Советскиот Сојуз, да воспоставиме добри односи за да немаме толку многу непријатности со сателитските земји на нашите граници какви што ги имаме денес. Ние не го мразиме тој народ. Нам ни е жал што Сталиновата политика го растури тоа што ние го градевме по 1945 година за да ги приближиме некако тие народи едни кон други и да постигнеме подобра соработка меѓу сите нас. Нам ни е жал, но јас сметам дека повеќе им е жал на мнозината од нив кои сè уште не си ги загубиле главите, кои не му веруваа на нашиот пат на сопствено управување во својата земја. Тогаш и пријателството со Советскиот Сојуз би било, навистина, реална работа".

## РЕГИСТАР НА ЛИЧНИ ИМИЊА


**А**

Абдурахман, Асим 154, 155
Аврам, Николас 253
Агатангел 158
Аголи, Ќемал 93
Александер 170
Александрис, Апостолос 253
Ализоти, Фејзи 156
Алити, Хафис Сали 155
Алтанов, Иван 329
Алтипармаков, Јован 234
Анастасов, Јордан 305
Анастијадис,Орест 188, 189
Андонов, Методија–Ченто 11, 15, 40, 42, 69, 70, 93, 95, 98
Андреа,Танас 192
Андреев, Бане-Ронката 461-462
Ангелов, Рачо 257
Апостолски, Михајло 93
Арифи, Аскери185
Арсов, Љупчо 93, 95
Аслани, Суад 173, 180, 181
Афис, Али Тарис 154
Ацева, Вера 93

**Б**

Бајрактари, Мухарем 154, 184, 185, 186
Бакалов 393
Балгаранов, П. 376
Банчев 330, 332
Башевиќ, д-р Александар 234, 236.
Беблер, Алеш 324, 329, 331, 525
Бевин 292
Беголи, Рефат 156
Беја, Бедри 156
Беја, Шефќет 174, 175
Бејс, Хади 251
Белев, Георги 390
Белоус 309
Бенсис, Владимиро 313
Бернштајн, 100
Биба, Кољ 154, 155
Биљарски, Цочо 526, 544
Бирис, Н.К. 312
Бичаку, Азиз 187
Бичаку, Дилбер 185
Бичаку, Ибрахим 154, 156
Бишчеми, Таши156
Благоев, Димитар 374, 393
Бланк, Лујси 309
Бобошевски, Цветко 255
Бодеј, Јоже 386
Бодуров, Добри 375
Божинов, Воин 20
Бонапарта, Наполеон 529-530
Борилкова, Ива 526, 544
Борис III – Цар 20, 306, 400
Борши, Расим 184
Борши, Шупцири 156
Ботев, Христо 378, 390
Брадистилов, Добри 391
Брашнаров, Панко 93
Бриле 525
Броз, Јосип–Тито 7, 10, 11, 12, 13, 14, 42, 50, 51, 67-70, 72, 92,

94, 95, 99, 101, 102, 111, 126-128, 131, 140, 148, 167, 171, 177-178, 192, 202, 208, 248, 280, 283, 324-325,329-331,333-335, 337, 340-341, 346, 348, 350-352, 354, 356, 364, 378, 383, 389, 396, 417, 424, 430-431, 443-444, 461, 465, 473, 542, 544
Брумов 395
Бубитејми, Сулејман 156
Булог ,Алан 311
Бутка, Ќемал 179, 180
Бушати, Суљ 154, 155, 156

**В**

Валдес 95
Валтери, Беќир 156
Вапцаров, Никола 303
Ватрус 169
Велјановиќ, Петар 234
Велјановски, Новица 92
Велчев, Дамјан 23, 254, 255, 257
Венизелос, Елефтерос 447, 520
Венизелос, Софоклис 252, 292, 520
Верлаци, Шефкет 154
Влахов, Димитар 68, 99, 201, 277, 283, 364, 367, 415
Влахов, Туше 393
Влашими, Џеват 185
Вилсон, Вудро 205, 250
Винчани, Адем 185
Висарион 158
Ворио, Еладитис 319
Вриони, Ќемал 154, 156
Вудурис,Г. 312
Вукмановиќ – Темпо, Светозар 11, 41, 69, 70.
Вукосављевиќ, Сретен 72, 92
Вујашиќ, М.96

**Г**

Гавридилис 251
Гандев 395
Гановски, Сава 329, 380, 395
Георгиев, Величко 107
Георгиев, Кимон 20, 28, 29, 101, 257, 329-331, 333
Георгиев, Младен 93
Георгиева, Рајна 386
Георгиос, Фуркиотис 454
Гера, Рог 154, 155
Гигов, Страхил 93
Гинова, Мирка 282
Гиргинов, Ал. 387
Гого, Гацо 153, 155
Годар, Жистен 387
Големи, Исмаил 156
Гонатас, Стилјанос 253, 290
Горки, М 314
Гошњак 525
Гранстон, Алан 311
Графорд 292
Греков, В. 314
Грин, Греам 312
Грол, Милан 13, 178, 192, 199, 200, 201, 202
Грос, Г 309
Гросман, В. 314
Груев, Даме 203, 302, 397-398
Гуд, Гранд 309
Гуислер 309

Гумени, Лефта 189
Гуракуќи, Јуб 155, 156
Гуракуќи, Сука 154
Гуракуќи, Шук 156
Гуфас, В.314

**Д**
Давидовиќ, Љубомир 178
Дамаскинос 297
Дамјанов, Рајко 384, 391
Дановски, Георги 234
Дапчевиќ, Пеко 97
Дева, Џафер 154, 155
Де Гаспери 520-521
Делирадев, Павел 305
Делчев, Гоце 86, 204,268,270,277-280, 283, 302-303, 397-402, 414, 421-422
Дема, Хусни 154, 155, 184, 185, 186, 187
Демпси, Мајлс, Кристофер 292
Ден, А. 309
Державин 100
Деспот, Димитар 188
Дилев 266
Димарас 312
Димитриевиќ, Мита 134
Димитров, Андон 203
Димитров, Георги 23, 27, 31, 32, 33, 35, 36, 37, 38, 39, 42, 101, 325, 330, 332-333, 335, 337, 340-341, 346, 348, 350, 352-354, 356, 370, 372, 377-379, 385, 388, 391, 402, 417, 420, 422
Димитров, Михајло 393
Димитров, Рајко373
Дине, Лазар 192
Дине, Фиќири 155, 184, 185, 186
Дине, Флори154
Динев, Ангел 266-267
Дичев, Димитар 375
Дишо, Спиро 188
Добрев, Крстју 383
Додбиба, Сократ 156
Дости, Хасан153, 155
Драгнев, Георги 257
Драгојчева, Цола 384
Драмалиев, Кирил 384-385,395
Дугоњиќ, Рато 389

**Ѓ**
Ѓаковиќ, Ѓуро 102
Ѓерѓа, Јосиф 318, 525
Ѓилас, Милован-Ѓидо 42, 324, 329, 443-444, 525
Ѓинали, д-р 188, 189
Ѓон, Марка Ѓон 156, 184, 185, 186
Ѓорѓов, Јован 93
Ѓузелов, Димитар 235

**Е**
Евангели, Димитар 179
Едвард ВИИ 204
Економи 191
Елександер, Генерал 160
Елиот,Т.С. 311
Елис, Лордан 311
Ерембург, Ил.315

**Ж**
Жданов 311
Живков, Тодор 523

Жујовиќ, Сретен-Црни 98

**З**
Загурдзис 320
Задеја, Андреа 157
Залари, Михаил 156
Зарев, Пантелеј 95
Зволос 251
Згуро, Христо 192
Зевгос: 320
Зелк, Золтан 383
Зервас 127, 169, 190
Зигоманова, Софија 282
Златарски 393
Знеполски, Денчо 392
Зогу, Ахмет 17, 128, 129, 152, 154, 155, 158, 179, 186, 187-188
Зото, Јорго 189

**И**
Иванај, Мираш 174, 176, 179, 180
Иванај, Никола 180
Ивановски, Васил 42, 395
Илиев, Митко 361
Имери, Абдураман 185
Иринеи (Илија Бенушевиќ) 158

**Ј**
Јаворов 86
Јакобс,Г 161
Јакобсон,Е 170
Јаковлевиќ, д-р 236
Јерохам, Д. 376
Јоамиди, Нико 191
Јовановиќ, Арсо 98
Јоксимовиќ, Угрин 236, 237
Јоргос 297
Југов, Антон 257, 329, 331, 391, 523
Јуруков 255
Јусуф, Хасан 157

**К**
Кавакопулос 312
Кавракиров, Симеон 303
Кадар, Зеф 156
Казаси, браќа 184
Казаси, Јуб 153, 155, 185
Казасов, Димо 257
Калајџиев, Ристо 305, 423
Каланџакос, А. 253
Калапчиев, Никола 303
Камбазис 312
Каменов 380
Каменов, Евгениј 386, 395
Камхи, Рафаел 208
Канелопулос 252
Кантарџиев, Чудомир 303
Карабашев, Никола 387
Карабеговиќ, Осман 442
Караѓорѓевиќ, АлександарИ 107, 127
Каракостов, Стефан 377
Караславов, Ѓеорѓи 387
Кардељ, Едвард-Бевц 5, 49, 95, 97, 131, 192, 195, 201, 324, 329-333, 354-355, 443, 444, 525
Карев, Никола 399
Касал, Мери 309
Кафавис, П.К. 311
Кафандарис 261
Кејпејш, Гејза 383

Келцура, Али 153, 155
Кецкаров 268, 305
Кидрич, Борис 324, 330-331, 443-444
Кираџиев, Крсто 282
Кирил и Метедиј 364-368, 376-378, 387-388 Кисељев 201
Киси, Митрополит 159
Китинчев, Спиро 236
Клајн, Виола 311
Климент, Охридски 367
Козмачи, Антон 156
Козовски, Фернинамд 386
Коларов, Васил 28, 42, 101
Клисурски, Станке 303
Коларов, Васил 368, 374, 385, 396, 403, 420
Кока, Сами 156
Кокоши, Ѓерѓ 173, 174, 175, 176, 177, 179, 180, 181, 182
Коларов, Љубен 257
Колев, Стоју 268
Колишевски, Лазар 16, 40, 41, 131, 136, 139, 266, 343, 355-356, 414-416, 418, 422, 495
Конди, Илија 188
Кондили, д-р 166, 167, 191
Константин-крал 447-448
Короди, Андраш 383
Косановиќ, Сава 94
Костиќ,Трајан 315
Костов,Трајчо 24, 29, 35, 36, 257, 379, 384-386
Костурков, Стојан 256, 257
Кота, Константин 156
Кота, Коста 130
Кота, Кочо 154, 155, 156, 166
Коток, Пантелемон 158
Котоки, Пантелеон 166
Коча, Џеват 156
Кремтон, Ричард 49
Криси, Кристофор 157, 158
Критикос 251
Крија, Мустафа 154, 155
Ксировриси 320
Кулишев 419
Кулишев, Георги 257, 305, 370
Кунијоси, 309
Кунин, Петко 330, 371
Купи, Абас 153, 155, 187
Курашити, Џафер 156
Куќали, Кољ 174, 175

**Л**

Лазанис, Георгиос 253
Лазаров,Томо 132, 134
Лазиќ, Жика 415, 422
Ламбринос, Г. 314
Лачо, Ник 192
Левантис 166
Лека, д-р 190
Лека, Хилми 156
Ленин 105, 106, 314
Лесковику, Џавид 130, 154, 155, 156, 166
Леши,Н'дуе 184
Лешков, Генадие 93
Ли,Тригве 379-380
Лилков, Христо 257
Лозанчев, Анастас 208
Луканов, Андреј 523
Луканов, Карло 386, 523
Луканов,Тодор 523
Лукачевиќ 96

Лулчев, Коста 27, 29, 256

**М**
Мавромихалис, Петрос 253
Магвеј 344
Мадолев, Георги 420
Маклен 153
Малешова, Сејфула 179, 184
Маљо, Апостол 188
Маноли 525
Марковиќ, Сима 112, 118
Марка, Ѓон 154, 155, 156
Марковски, Венко 93, 100
Марку, Ѓори 191
Мартанеши, Баба Фаја 159
Маскакулос, Димитри 189
Мартен 380
Матијани, Хамит 185
Маќелара, Дине-бег 186
Маќелара, Сабри 186
Маќемеја, Намик 185
Мафагиага, де Салвадор 311
Мачек, Владимир 233
Маршал Тито 38
Меворах 380
Мекси, Илија 188, 189
Менхетан 309
Мерље, Октав 313
Мерлика, Осман 185
Метаксас, Јанис 448
Мидраци, Густав 156
Микорези, Кристаќ 192
Милчин, 360
Миљекс, Р. 313
Минчев 525
Минчев, Никола 132, 134
Мираки, Биб Пасук 185
Митовски, Здравко 385
Михајлов 523
Михајлов, Георги 387
Михајлов, Иван (Ванчо)235, 264-265, 303
Михајловиќ, Драгољуб (Дража ) 96, 127, 129, 236-237, 254
Михалакев 411
Миќуновиќ 525
Мојсов, Лазар 423-424
Молов 261
Молотов, Јачеслав 406
Морина,Тефик 155, 156
Мориќ, З. 330-331
Мука, Коцо 153
Музолини, Бенито 128
Мустафа, Хасан 157
Мутавџиев 393

**Н**
Нади, Лазар 156
Најчев, Минчо 384
Наков 393
Напетов,П 303
Нарачи, Ндоц 156
Наумобски, Наум 495
Ндреу, Меди 186
Недиќ 129
Нејков 256
Нејков, Димитар 257
Нешковиќ, Благоја-Блашко 354
Нигрис 157
Николаидис, Јоани 454
Николај (руски цар) 204
Николов ,Е. 208

Никсон 300-301
Нишани, д-р Омер 179
Ноли, Фан 165
Носи, Леф 153, 155, 185
Ноте, Киќо192

**О**
Обов, Александар 256, 257
Огњанов,Љубомир 21 ,34
О'Киф 309
Омари, Бахри 152, 155, 156
Орманџиев 393, 394
Орологај,Тома 153, 155
Ортутај, Ѓула 383-385
Ошвад, Јулија 383

**П**
Павелиќ, Анте 264, 303 ,341
Павлов,Тодор 376, 389, 393, 395
Палмир 169
Паница, Тодор 303
Панов, Иван 266-267
Панова, Искра 387
Панчевски 523
Папагос, Александрос 48
Папакрисан 191
Пападимитриу, Димитриос 253
Папандреу, Георгиос 46, 166, 189, 190, 252
Папатанасис, Атанасиос 253
Парапунов, Никола 303
Пасалидис 251
Пастухов 393
Пастухов, Крстју 255, 256
Папдимос,А. 253
Пеја, Бедри 154
Пескарди 520-521
Петар, Велики 314
Петар ИИ 13, 127
Петков, Никола 25, 27, 29, 32, 33, 34, 256
Петров, Ѓорче 204, 397
Петровски, Ацо 93
Петровски, Б. 330
Петрушев, Кирил 93
Пеќани, Петраќ 192
Пешкопеја, Неџат 153, 155
Пигертон, Нат 321
Пијаде, Моша 43, 44, 100, 102, 200, 422
Пипинелис 345
Пирузев, Петар 93
Пласа, Томадр 191
Пластирас 190
Полежина, д-р Владо 93
Попандонов, Епаминонда 93
Поп Арсов, Петар 203
Поп Ефтимов 269
Попзлатев, Петар 28
Попов, Георги 257, 391
Поповиќ, Коча 525
Поптомов, Владимир 68, 419, 422
Поп Трајков, Лазар 204
Пренуши, Винченс 157
Прмети, Аќиф 156
Протогеров, Александар 264-265, 303
Пустина, Бајрам 156

**Р**
Радиќ, Стјепан 233
Ралис 129

Ранковиќ, Александар-Марко 96, 324, 416, 443-444, 525
Рашев, Страхимир 392
Рејнолдс, Џошуа 311
Рибникар, Владислав 98, 100, 101
Риза, Селман 130
Робе, Дочо 234
Робев, д-р Константин 236
Робинсон 169
Розлер, Ендре 383
Роканбол 321
Рузвелт 161, 193
Румби, Васил 191
Русињак, Иван 383, 385
Рустем, Баба 159

**С**

Сабо, Паул 383
Садик, Џафер Деда 159
Салај, Бела 383, 386
Сандански, Јане 204, 268 ,303, 397-399, 401-402, 414, 421
Сантоја, Лазар 157
Сарџент 309
Семерин 385
Семерени, Осфалд 383
Сентмихајн, Јанош 383, 386
Сеферис, Г 311, 313
Сикелијанос 313
Симиќ, Станоје 324, 329, 333-334
Симпсон 292
Скендери, Аљуш 185
Склавос,Г 312
Славински,Петар 386
Смит 169
Сокоди-Димитров, Данило 386
Соколи, Ник 185
Соколов, Лазар 93
Соколов, полковник 161
Соломонос 313
Сомо, Сотираќ 192
Софијанопулос, 251
Софулис 290, 296-297, 345
Спахиу, Бедри 156
Спендер, Стефан 311
Спитерис, А. 312
Стајнов, Петко 255
Сталин-Јосиф, Висарионович: 19, 36, 48, 67, 112, 114, 116, 118, 123, 160, 161, 164, 193, 315, 348, 354, 356, 417, 430-431, 522, 527-528, 533, 538-539
Стамболиски, Александар 85, 256
Станев 393
Стари-види Броз, Јосип-Тито 443
Стати, Гаќо 192
Стефаниани 320
Стефанов 329, 331, 335, 391
Стефанов, Иван 257, 330
Стефановиќ (Брајник) 525
Стефанопулос, Димитриос 253
Стефанопулос, Стефанос 253
Стигман, Џон 311
Стојанов, Миќо 234
Стојанов, Петко 27
Стојниќ, Велимир 171, 465, 513
Стојчев, Крсто 423
Стратос, Андреас 253
Сремац, д-р. 99

**Т**
Тазе, Кочо 192
Тасо, Гаќо 188, 191, 192
Тарамбант, 312
Тарашманов 330
Татакис 311
Татарчев, Христо 203
Тачи, Гаспар Дон 157
Таши, Кочо 156
Ташков, Глигор 234, 235
Темели, Ставри 192
Темков, Данаило 382
Теодоропулу 312
Терзиев, Константин 269
Терезиу, Васил 191
Теотакис, Спирос 253
Теотокис 299
Теотокис, Јанис 252
Терпешев, Добри 101,102, 257, 330-331
Тодоров, Петар 101
Толија, Голе 188
Толстој,Л. 314
Томов, Ангел 305
Томчев, Димитар 305
Томшич, Вида 465, 513
Тончев, Стефан 257
Топалов, Георeги 303
Топалов, Панајот 395
Тото, д-р. Селахудин 174, 175
Точи, Теренц 156
Тошев, Пере 204, 302, 397
Трајков, Георги 28, 331, 369
Трајков, Пецо 265, 269, 422
Трајков, Христо 303
Тромара, Кољ 152, 155, 156
Трост, Антон 390
Трпчев, Тодор 282
Труман 164

**Ќ**
Ќано, Петраќ 192
Ќидриќ, Борис 324
Ќосев, Дино421
Ќуковиќ, Мирко 318

**У**
Узунов,Христо 204

**Ф**
Фало, Димитрија 166
Фиданов, д-р. 234
Филипеу, Фијац 192
Филиповиќ, Филип 112
Филов, Богдан 306, 401
Филос, Димитрис 129
Фотев, Богоја 93
Фрашери, Мехди 153, 155, 180
Фрашери, Митхат 152, 155
Фунди, Петраќ 192
Фундо, Акиле 191
Фурари, Вангел 191

**Х**
Хајду, Ѓула 383
Хаки, Муса Хафис 159
Ханлија, Гаќо 192
Харапи, Антон Патер157, 184
Хасан, Камбер 93
Хаџи Димов, Димо 303
Хаџи Николов, Иван 203
Хаџи Панзов, Благој 346, 363, 380
Хаџи Панос, Панос 253
Хаџи Ристов, Лазо 234

Хелмис, Димитриос 253
Хернади, Лајош 383
Хитлер 71
Хоџа, Енвер 18, 19 ,129, 150, 159, 160, 161, 162, 163, 167, 170, 183, 184, 256, 520-521
Хоџа, Џеват 154
Хоџсон 160, 161, 170, 183, 186
Христов, С. 330
Хролев, Христо 303
Хрушчов, Сергеевич-Никита 523
Хута, Нури 317

**Ц**
Цакрани, Кадри 153, 155
Цалдарис, Константин 47, 251, 252, 285, 294-297, 345
Цали, Пренк 157
Цами, Дик 156
Цанкар, Исидор 258
Цанков, Александар 306, 400
Царкани, Даут 156
Цинкоцки, Јењу 383, 386
Ципушев, Методија 234
Цончев 330
Цоцмил, Обрад 329
Црнобрња 525
Црноглав, Гани-бег(Криезиу) 186

**Ч**
Чаловска, Лилјана 93
Чами, Идриз 185
Чанков, Георги 375, 420, 523
Чанче, Агатангел 158
Чара, Етем 156
Чезма, Канко 185
Чемберлен 344
Червенков, В’лко: 36, 101, 370, 375, 384-385, 388, 390, 393, 395, 396, 523-525
Чернеј, Дарко 130, 138, 140,
Черноземски, Владо 107
Черчил, Винстон 67, 95, 161, 164, 166, 193
Чичевски, Александар 382
Чкатров, Јордан 235
Чорбев 234
Чундев 303
Чучков, Мане 93, 100, 143

**Џ**
Џералд, Даглас 312
Џеров, Лука 208
Џувалековски, Илија 98, 99

**Ш**
Шалдев, Христо 208
Шатев, Павел 43
Шаторов, 39
Шаторов, Методија-Шарло 420
Шафранко 385
Шашиќ, Марко 95
Шеховиќ, Шериф 301
Шеху, Мехмед 18
Шеши, Халид 185
Шмит 186
Шотер, Иштван 383
Шубашиќ, д-р Иван 14, 94, 128, 177, 178, 192, 193
Шуменковиќ, д-р 234
Шуменковиќ, Милан 236
Шутеј, Јурај 94, 128, 178, 192

## РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ПОИМИ


**А**

Албанија 16-19, 48, 70, 83, 128-129, 143, 145, 148, 152, 154-156, 158 164-170, 175-181, 183-184, 187-191, 247, 249, 252, 256, 261, 298, 315-317, 405, 520-522

Австралија 366, 458

Австрија 85, 204, 264, 303, 334-335, 382, 423

Австро-Унгарија 104

Азија 165

Азот 81

Ајдовшчина 324, 444

Александрополис 320

Алибунар 426

Америка 160-161, 165, 167, 171, 175, 205, 214, 294, 309, 334, 366, 405, 407, 444, 458, 460, 538

Англија 94, 109, 128, 160, 167, 171, 175-176, 191, 237, 252, 310, 334, 407

Андриевица 439

Аргос 450

Архангелско 377

Атлантик 341

Атина 46, 152, 166, 188-190, 256, 258, 262, 285, 294, 301, 308, 312-313, 315, 318, 340, 398, 409, 448, 459

Африка 341

Ашања 425

**Б**

Балкан 38, 67, 83, 87, 104 126, 325, 327, 339, 344, 349, 352-353, 410-411, 414-417 431, 446, 544

Балкански Полуостров 72-73, 206.

Бања Лука 442

Бара 77

Барбарево 496

Бари 99

Барска околија 427

Бела Слатина 384

Белград 37, 43, 69-70, 96, 98-99, 101-102, 130-131,140,160,175,178,192,199,201-202, 208, 232-233, 237, 247-248, 250, 253, 256, 271, 275, 283, 285, 308, 324, 333, 340, 342, 344,351-352, 354, 363-364, 367,381-382, 387, 391, 398, 403, 411, 413, 417, 423-424, 429-430, 438-440, 442-445, 461, 463, 465, 513, 522, 526

Бело Море 73-74, 90, 377

Белчишта 470

Бер 320

Берат 150, 159, 173, 183, 185, 187

Берлин 306, 325, 400, 403, 537

Бијело Поле 439

Билеќа 439

Билишта 188, 192
Бистра 491
Бистрица (Алиакмон) 260
Битола 73, 83, 93, 132, 134-135, 140, 167, 234, 242, 244, 246-247, 261, 267, 273
Битолски вилает 399
Битолска област 134-135
Битолска околија 93
Битолски округ 274
Бихаќ 9, 67
Бицај 185
Благоевград 355, 419
Благоевградски округ 526
Благоевградско 268
Блед 315, 324, 336, 338, 346-347, 349, 352
Богиќевци 427
Бољевци 425
Бор 438
Босански Брод 439
Босанска Краина 442
Босилеград 256
Босилградска околија 361
Босна 67, 74
Босна и Херцеговина 10, 389, 428, 431-432, 434, 438, ,442, 463-464
Брач 438
Брисел 150
Британија 294
Браила 305
Брисел 520
Брод 93
Бугарија(НРБ) 15, 17, 19-20, 22-27, 29, 31-38, 40, 43-44, 48, 73-74, 78-79, 81-82, 84-86, 88-89, 91, 96 100-104, 141, 176, 203, 205, 235, 242, 245, 249, 252-253,256, 259-261, 264-266, 268-271, 298,302, 304, 305, 324-326, 328-339, 341, 343, 347,352-354, 359, 361-362, 364-368, 370, 374, 377-381, 385-390, 392, 396, 398-401, 403-414, 416, 420- 421, 424, 446-448, 460,522-525
Бугарија Р 42, 420
Будимпешта 385
Бузет околија 428
Букурешт 387, 430-431

**В**

Валандовска околија 274
Валона 73, 167, 188
Вамвакос 289
Вардар 83, 334, 487
Вардарска долина 73-74
Вардарски слив 74
Варкиза 46, 251, 297, 454
Варна 346, 348, 350-351
Варшава 378
Ваташа 490, 495
Вашинктон 160, 380
Велес :82, 93, 234 ,244, 273-274, 363, 461
Велика Британија 13, 18,28, 33, 48, 203-204, 207, 252, 255-256, 404, 410
Виена 99
Виница 470
Вировитица 440
Вис 69, 71-72, 94, 98
Висла 377

Вичо 49, 240
Владичин Хан 242-244
Влахи 268
Воден 259-260, 262, 451-453
Возарци 468, 499
Војводина 9, 10, 12, 67, 240, 246, 424, 426, 438, 514
Волино 495
Ворио Епир (Северен Епир) 166-168, 176, 188, 190-192
Врановци 480
Врмош 157
Вуковар 112

**Г**
Гали Поле: 103
Галичник 481, 500.
Гари 470
Гацко 439
Град Милано 470
Гвозденско 426
Г.Дупени 470
Гевгелија(Гуменце) 260-261
Генерал Јанковиќ 283, 354
Герман 284
Германија 23, 104, 106, 142, 161, 264, 303, 335-336, 341
Глоѓи 470
Гниланска околија 284
Голо Брдо 83
Голи Оток 363
Горанци 283
Горна Џумаја 355, 359, 360, 363, 419
Горно Понишавје 79
Горно Џумајска област 360
Горобинци 480-481
Госпиќ 426
Градишка околија 427
Грамос 47, 240
Гриже 130
Грнчари 470
Грција 12, 32, 45-49, 73-74, 82, 92, 97, 103-104, 106, 129, 143-144, 158,166-168, 171, 176, 187-189, 191, 205, 240, 242, 245-246, 249-452, 256, 258-264, 268, 281, 285, 288-289, 291-296, 298-299, 308-309, 312-314, 327, 331-333, 339-342, 344-345, 379-380, 401, 406, 409-410, 424, 445-447, 451, 453-456, 459,521, 523, 544-545
Грчка Македонија 92, 259

**Д**
Далечен Исток 532
Далмација 97,438
Далмација област 428
Данилоградска околија 427
Дарувар 438, 440
Д. Дупени 470
Дебар 93, 467, 476-477, 480-481 ,484-486, 490, 495-496, 498, 500
Дебарска 470
Дебарска околија 93, 488, 492, 495, 500
Дебарца 247
Делвина 167, 192
Делнице 438
Делнице околија 428
Демир Хисар(Сидрокастрон) 260

Дескати 288
Деч 425
Дивце 283
Димитровград 256, 392, 438
Добановци 425
Дојран 260-261
Долно Врановци 470
Долно Дудановци 468
Долно Дуданци 480
Долно Понишавје 79
Долови 427
Долово 426
Дорфулија 511
Драма 162
Драч 145, 175, 187
Дубровник околија 440
Дукагин 185
Дунав 73, 334
Дунавски басен 325

**Ѓ**
Ѓаковица 438, 440
Ѓердап 334
Ѓирокастра 158, 166-168, 187-188, 191-192
Ѓорче Петров 284
Ѓурѓев Дол 283

**Е**
Евла 470
Евксиноград 348, 350
Европа 9, 69, 104-106, 108, 113, 126, 165, 171, 325, 341, 366, 529-530, 542, 545
Егеј 341
Егејско Море 445
Египет 157
Едеса 451, 453
Елбасан 185, 187
Елиспонт 341
Епир 144-145
Ерџелија 490

**Ж**
Жегликовска околија(Куманово) 284-285

**З**
Загоричани 374
Загреб 69, 94, 128, 130, 233, 235, 264, 303, 438-439
Загребачка област 428
Задар 97
Зајечар 77, 438
Залец 130
Западна Бугарија 73, 79
Западна Македонија 79, 289
Западна Полска 417, 430
Западна Тракија 256, 261-262
Здиње 426
Земун 426
Земунска околија 425
Зеница 439
Зервас 168, 188, 190
Зеркан 187
Знеполе 79
Зрењанин 426
Зрновски округ 448

**И**
Ивањица 96
Изворско Харманлиско 101
Индија 310

Индонезија 325
Индокина 534
Искар 78
Источен Медитеран 292
Источна Германија 534-537, 540
Источна Европа 532, 538
Источна Македонија 235, 261
Источна Румелија 87, 261
Источна Србија 438
Истра 95, 249, 544
Италија 73, 83, 95, 97, 111, 131, 142, 154-155, 164- 165, 187, 248, 250, 252, 256, 264, 303, 335, 451, 522

**J**

Јабланица 85
Јадран 95
Јадранско Море 71, 73
Јајце 67, 196, 199-200, 280, 439
Јалта 193
Јанина 188-189, 191, 260
Јонско Море 260
Југозападна Македонија 446
Југоисточна Европа 34
Југославија, (ДФЈ, ФНРЈ, СФРЈ) 7, 8, 10, 11, 12, 13, 14, 17, 19, 21, 35, 37-38, 42, 45, 48, 51, 67-71, 74-76, 80, 82, 89, 92-94, 99, 101-103, 105-114, 116-119, 121-122, 124-125, 127-128, 131, 137, 140, 143, 148, 151-152, 164, 170-171, 175, 177-179, 186-187, 197, 200, 202-203, 210, 232-233, 238, 246-248, 250, 252-256, 259, 263-265, 267-268, 273, 277-283, 285,299-300, 302, 314, 316-317, 324-328, 330, 332, 334, 336, 338-339, 343-344, 346-350, 352-354, 356, 358-359, 362-363, 365-367, 381-384, 387,390-393, 400, 405, 414, 416, 423-424, 428, 430, 440, 442, 444, 456, 458-459,461, 463,520-522,524,526,531,544-545
Југословенска Македонија 74, 79
Јужен Тимок 79
Јужна Албанија 145, 170
Јужна Америка 341
Јужна Африка 310
Јужна Бугарија 372
Јужна Морава 90
Јужно Поморавје 78-79

**К**

Кавадаречка околија 470, 484-485, 488-491, 499
Кавадарци 132, 274, 468-469, 476,481-483, 493, 495-498
Кавала 262
Казабланка 341
Казерта 162
Каиро 189, 520
Кајмакчалан 491
Калиманци 470, 480
Каљари 452
Карловиќ 425
Карловачка област 428
Касторија 451

Катерини 260
Катраница 77
Качаник 242, 243
Качаничка околија 283
Киев 314
Кина 203
Кичево 93, 242-243
Кичевска околија 93, 274
Кичевско 247
Кладово 438
Книн 438, 440
Кожани 262, 450
Кожуф 491
Колашин околија 428
Колоња 192
Копачка 248
Копиљача 284
Коплик 157
Кореја 468, 538
Корешница 470
Коринт 450
Корушка 249
Корча 166-168, 187-188, 191-192
Корчула 438
Косел 482
Космет 9, 12, 19, 283, 438
Косово 18-19, 130, 169
Косово и Метохија 10, 70, 150, 169, 178, 316
Костур 191, 259-260, 451-453
Костурско 374
Кочани 245, 465, 468-470, 480, 485, 494, 497, 510-511, 513
Кочанска околија 427, 465, 470, 484-485 ,492, 511, 515, 517, 519
Краба 175
Крагуевац 112
Крајова 101
Кралство СХС (Кралство Југославија) 67, 71, 127, 247, 324, 459
Кратово 483
Кратовска околија 427, 484
Крвеник 283
Крив Рид 284
Крива Паланка 242, 284, 483
Кривопаланечка околија 93, 236, 483-484
Крим 193
Крит 451
Крк околија 428
Круја 187
Круса 445
Крушево 83, 399
Крф 145
Кукс 154, 185
Кукуш –Килкис 260, 278, 289, 447
Кула 440
Куманово 93, 244, 465, 467-469, 471, 478-479, 481, 483, 496, 499, 501-502, 509-511, 513, 515-516
Кумановска околија 93, 236, 470, 483-484, 486-487, 494-495, 516, 518-519
Кумановско 94, 511
Кумровец 69
Купиново 425

Курвелеш 185

**Л**
Лабин околија 428
Лазарополе 470, 481, 486-488
Лежа 157
Лепоглава 461.
Лерин 191, 259-262, 450-453
Лесковик 188, 191-192, 243
Либан 191
Литохоро 47
Лондон 10, 81, 96, 98, 178, 295, 297, 382
Лопате 511
Лошињ околија 428

**Љ**
Љубљана 69, 130, 465
Љубојно 470
Љума 154, 186

**М**
Мадрид 341
Макавци 283
Макарска 438
Македонија 9, 10, 11, 12, 15, 16, 17, 19, 37-43, 49-50, 67-70, 73-78, 80-85, 87-91, 95, 99, 102-103, 111, 113, 131-132, 136-138, 178, 189, 203-207, 232-235, 237-239, 241-242, 245-246, 259, 262-265, 270-275, 277-283, 302-303,318-320, 322-323, 342-343, 354-356, 358-359, 361,366-377, 389, 395,398-400, 414, 416, 420, 422, 424, 427-428, 430, 432, 434, 439,445-446, 448, 455, 461, 463, 464-465, 471, 477-478, 483, 490, 497-498, 513
Македонија Вардарска 29, 40, 196, 206-207, 233, 359 -360, 395, 400, 416, 458
Македонија Егејска 12, 82, 206-207, 240, 246, 258, 279-283, 366, 401, 414, 422, 446-450, 452-453, 455, 457, 459-461, 466
Македонија (НРМ) 43, 45, 281-285, 304, 357, 362-363, 400, 413, 418, 420, 423, 479, 491, 496, 501, 513-514
Македонија Пиринска 12, 29, 45, 206-207, 264, 266-267, 280-281, 283, 302-305, 342-343, 355, 358-360, 362, 366, 395, 401,414, 417-421
Македонија (РМ) 8, 93, 201, 395, 421, 423
Макелара 186
Мала Азија 261-262, 448, 460
Мала Крше 284
Манастирец 470, 481, 484
Марица 409
Марсеј 107
Мат 157, 187
Матејче 470
Меѓице 427
Меѓуречје 363
Мелничко 268
Минхен 306, 400
Мирцштег 204
Модра Глава 284

Модрич 481, 500
Мокра 185
Момчилоградска околија 410
Моноспитово 343
Моравија 377, 389
Моравско-Вардарска Долина 72
Москва 67, 100, 112, 128, 201, 325, 341, 368, 388, 403, 420, 436
Мраморец 470
Мрежичко 470

**Н**
Нарвик 341
Науси 288
Неапол 165
Неврокоп 359-360
Неготин 438
Неготино 273-274, 423, 470
Независна Држава Хрватска ( НДХ) 233, 264, 303, 341
Непроштено 470
Нерав 284
Никшиќ 439
Ниш 235, 243
Нови Сад 440
Ново Село 264, 303
НР Словенија 444
НР Србија 283, 461

**Њ**
Њујорк 333

**О**
Овче Поле 492-493
Одеса 374
Одрин 374, 399
Околија Бегеј 426
Олимп 260
Омољица 426
Опра 426
Орашачка Маала 284
Орашец 481
Оризари 470
Орловци 442
Орница 426
ОФ Бугарија 255-256, 267, 281
Охрид 93, 102, 233-234, 242, 246-247, 265, 267, 367, 476, 478, 483, 491, 495, 509-510, 513-514, 519
Охридска околија 93, 470, 480, 482, 493, 516, 519
Охридска општина 236
Охридски Дримкол 81
Охридско 247
Охридско Езеро 82

**П**
Павлешинци 468
Пазарџик, Милеви Скали 420
Пали-Воденица 283
Панчево 426
Парамитли 144-145, 168
Парги 144
Париз 43, 178, 254, 294, 296, 298, 403, 406
Пелопонез 289
Пермет 148, 167, 173, 188-189, 191-192

Петриња 426
Петрич 359-360
Пешкопеја 185-186
Пешта 436
Пилос 450-451
Пиндос 262
Пиреа 339
Пирот 77
Пловдив 392, 523
Подградец 167
Поликастро 523
Полог 81
Полска 104, 146, 249, 365, 378-380, 405
Понишавје 73, 78-79
Порече 81, 235-236
Прага 387, 436
Прешевска околија 93
Приједор 442
Прилеп 70, 93, 234, 244, 420
Прилепска околија 93
Прилепско поле 81
Приморје 95
Приштина 284, 438
Прохор Пчињски 14, 41
Пустеник 283

**Р**
Раб околија 428
Радовиш 234
Разлог 360
Раотинце 470, 484
Растиње 496
Ревал 204
Режанци 283
Река 81, 83
Република Босна и Херцеговина 442
Република Словенија 130
Република Србија 438
Ресен 234, 247, 471-472, 485, 513
Ресенска околија 247, 470, 472, 485, 516, 519
Ријека област 428, 440
Ријека околија 428, 438
Рим 157, 264, 303, 521
Роганче 495
Рогатица 439
Родопска област 252
Романија 73, 104, 106, 170, 176, 249, 261, 305, 387, 405, 524
Росоман 485
Ростуша 135, 480
Русија 69, 73, 114, 118, 261-262, 374

**С**
Саботско 452
САД(Америка) 13, 18, 28, 32-34, 48, 160, 163, 203, 205, 207, 209, 233, 235, 250, 252, 255, 256, 324, 404, 410
Санти Куранта 168
Сант Петербург 374
Сан Франциско 161-163, 165, 169
Санџак 10, 67
Сараево 439
Саранда 188, 192
Света Гора 262
Свети Врач 360

Светиниколска околија 427, 470, 480-481, 487-491, 494, 511
Св. Николе 466, 468-470, 476-477, 479, 481, 483, 488, 495-498, 500
Северен Епир 158, 166-167, 169, 176, 521
Северна Албанија 156-157, 184
Северна Грција 259-260, 262, 318-324
Северна Далмација 97
Северен Епир 252
Северна Македонија 79
Севр 461
Серез 262, 447
Сечиште 283
Скадар 73, 152, 157, 184-185, 188, 191-192, 247
Скачковци 484
Скопје 82, 91, 93, 100, 131, 134, 154, 233-235, 242- 244, 247, 265-266, 270, 272, 278, 281, 284, 304, 401, 461, 467, 474, 478,482-484, 494, 497, 501-502, 504-508, 510, 512
Скопска област 134-135
Скопска општина 236
Скопски округ 274
Славонија 427
Сливово 470, 495
Словачка 142
Словенечко приморје 95, 249
Словенија 9, 10, 14, 67, 95, 97, 137, 324, 430-434, 439, 444, 463-464
Советска Русија 105-106
Солун 46, 84, 154, 167, 191, 258, 260-262, 289, 318-319, 324, 339-340, 344, 397, 447, 449,458, 460
Сопотско 470
Софија 77, 202-203, 206-208, 235, 264-265, 268, 270, 278, 302-304, 306, 329, 338, 351-352, 358, 362-363, 368, 374, 378-379, 383-384, 386-392, 398, 400, 403, 420, 423, 436, 525
Сплит 97, 438
Србија 10, 11, 14, 17, 67, 72-77, 82, 85, 89-91, 97-98, 103-104, 113, 120, 205, 237, 243-244, 254, 260, 275, 340, 352, 354-355, 428, 432-434, 438, 440, 446, 463-464
Средна Албанија 184
Средна Маала 284
Средоземје 341
Срем 123
Српска Црња 426
СР Словенија 131, 428
СР Србија 461
СССР 18-19, 21, 26, 28, 33, 35-36, 44, 48, 50, 70, 98, 106, 123-124, 160, 171, 176, 203, 207, 209-210, 214, 233, 249, 252, 254-256, 280, 334, 348, 350, 354, 365, 378, 401-406, 410, 415-417, 423, 436, 440, 461, 468, 522-524, 526-528, 530-532, 535-536, 538-541, 544-547
Стара Загора 373-374

Старо Нагоричани 470, 517
Старчево 426
Стогово 491
Срагово 470
Стацин 495
Струга 509-510
Струма 73, 79-80, 88-90
Струмица 73, 79-80, 88, 91, 93, 234, 343, 447
Струшка околија 93
Струшки села 234
Суботица 235
Сурсне 128

**Т**
Теарце 470, 492
Темишвар 390
Тепелена 167
Тесалија 287, 289
Тетово 465, 467, 469-471, 478, 483-484, 490, 493, 495, 497, 509
Тетовска околија 470, 483-484, 486, 492-493, 498
Тиквеш 83, 93
Тиквешка околија 93
Тимок 73, 78
Тирана 126, 143, 147-148, 150, 155, 157-160, 181, 188-189, 191-192, 315
Титов Велес 466, 469, 471, 482, 496, 505-506, 509
Титовелешка околија 470, 480, 495
Топлица 85
Травник 439.
Тракија 73, 80, 85, 87, 261-262, 318-320, 322-323, 448-449
Трговиште 284
Требеништа 470
Тресонче 470, 481, 492
Триполис 450
Трпејца 470
Трст 178, 249
Трстеник 99
Трумба 320
Турција 32, 73, 82, 99, 103, 174, 179,260-261, 264, 303, 342, 344, 411-412, 448, 544-545

**У**
Угриновци 425
Унгарија 142, 249, 256, 334, 379, 385-386, 405 .
Унгарска советска Република 106

**Ф**
Фиер 154
Филат 145
Флорина 191, 451, 453
Франција 102, 107, 109, 111, 128, 131, 143, 186, 312-313, 325, 334, 407, 409

**Х**
Халкидики 262
Хас 186
Хвар 440
Химара 188, 192
Хиос 450-451
Хомеш 187

Хрватска 10, 67, 69, 113, 115, 233, 341, 424, 426, 428, 431-434, 438, 463-464

**Ц**
Цариброд 256, 438
Цари브родска околија 361
Цариград 73, 85, 103, 374
Централна Македонија 261
Црешево 470
Цриквеничка околија 428
Црна Гора 10, 67, 103, 113, 247, 427-428, 430-434, 437-439, 463-464

**Ч**
Чакаларово 410
Чамерија (Северен Епир) 143 -144, 146-147, 168, 187
Челопек 93, 470, 498
Чехословачка 104, 106, 131, 249, 365, 378-379, 386-387, 405, 534-536

**Џ**
Џамурија (Чемерија-Северен Епир) 262
Џумајлија 494

**Ш**
Шара 491
Швајцарија 210, 368, 380, 420
Шведска 131
Шибеник 438
Шимаховци 425
Шипак 284
Шкралска Поремба 417, 430
Шкумба 167
Шпанија 311, 354
Штип 93, 134, 140, 244, 273-274, 376
Штипска област 134
Штипска околија 135
Штиски округ 274
Штрмјак 283
Шупли Камен 470

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МАКЕДОНИЈА**
**ВО АРХИВОТ НА ЈОСИП БРОЗ ТИТО**
**(1943 - 1953)**

**Избор, вовед и редакција**
д-р Новица Велјановски

**Превод**
д-р Новица Велјановски

**Регистри**
Јетон Доко

**Лектура**
Маргарета Карајанова
Аполон Гилевски

**Компјутерска обработка**
Марија Мицевска
Доста Новаковска

**Печат**
Европа 92 - Кочани

**Тираж**
500

Изданието е финансиски помогнато од Министерството за култура на Република Македонија